# Ум, карактер и личност

Наслов за оригиналот:
**Mind, Character and Personality**
by Ellen G. White

Превод:
**Миле Павловиќ**
**Борче Цветковски**
**Снежана Панева**
**Жељко Бибин**
**Каролина Коларовска**

Лектура:
**Каролина Коларовска**

Корица:
**Лазар Томовски**

Форматирање:
**Сузана и Лазар Томовски**

Издава:
**Миле и Еми Павловиќ**
Првомајска 6/10, Скопје
milelizabeth@gmail.com
075-448-156
и

**МАРАНАТА**
Петар Поп Арсов 25, Скопје
02-3229-942
hacppa@gmail.com

Печати:
**„Маринг" - Скопје**

Елена Вајт

# УМ, КАРАКТЕР И ЛИЧНОСТ

*(Компилација од списите на Елена Вајт)*

**Отсек Еден**

# *Проучување на умот*

# ВАЖНОСТА НА ПРОУЧУВАЊЕТО НА УМОТ

**Најделикатна работа.** - Работата со умовите е најделикатното занимање во кое луѓето било кога биле вклучени.

**Познавање на законите што управуваат со умот и телото.** - Обврска на секоја личност, заради своја и ползата на оние со кои доаѓа во контакт е да ги запознае животните закони и совесно да им се покорува. Сите треба да се запознаат со најпрекрасниот од сите организми, човечкото тело. Треба да ги разберат функциите на различните органи и нивната меѓусебна зависност во здравото функционирање на секој од нив. Треба да го проучуваат влијанието на умот врз телото и на телото врз умот и законите според кои тие се раководат.

**Воспитување и дисциплинирање на умот.** - Без оглед на тоа кој сте... Господ ве благословил со интелектуални способности, кои можат огромно да се усовршуваат. Развивајте ги своите таленти со истрајна сериозност. Воспитувајте и дисциплинирајте го умот со проучување, запазување и размислување. Вие не можете да се сретнете со Божјиот ум додека не ја употребите сета сила. Менталните способности јакнат и се развиваат доколку работите во стравот Божји, во понизност и со сериозна молитва. Одлучноста ќе оствари чуда.

**Потенцијалот на дисциплинираниот ум.** - Мора да се практикува самодисциплина... Просечниот ум, ако е добро дисциплиниран, може да постигне многу повеќе и да изврши повозвишена работа отколку најголемите таленти и највисокообразованиот ум ако не се научил на самосовладување.

**Работата со умовите е највозвишена задача.** - Иднината на општеството ја покажуваат младите на денешницата. Во нив гледаме идни учители, законодавци и судии, водачи на народот, кои го одредуваат карактерот и судбината на нацијата. Колку е важна тогаш мисијата на оние кои треба да ги обликуваат навиките и влијанијата во животот на генерацијата што доаѓа.

Работата со умовите е најголемо дело кое било кога им било доверено на луѓето. Времето на родителите е премногу вредно за да се троши во задоволување на апетитот или во трка за богатство или мода. Бог во нивните раце им ги дал драгоцените млади, не само за да ги оспособат и да им најдат корисно место во овој живот, туку да ги подготват и за небесните дворови.

**Корисноста на учителот зависи од увежбаноста на умот.** - Корисноста на учителот не зависи толку од вистинското количество на неговото знаење, колку од целта кон која се стреми. Вистинскиот учител не се задоволува со тапи мисли, мрзливост на умот и слабо помнење. Тој постојано се стреми кон повисоки достигнувања и подобри методи. Неговиот живот е живот на постојан раст. Во работата на ваквиот учител се забележува свежина, оживувачка сила, која ги буди и инспирира неговите ученици.

**Тој ќе се бори за најголема ментална и морална висина. -** Да се познаваш себеси значи да знаеш многу. Учителот, кој правилно се проценува себеси, ќе му дозволи на Бога да го обликува и дисциплинира неговиот ум. И така тој ќе го признае изворот на својата сила... Самоспознавањето води кон понизност и доверба во Бога, но таа не го зазема местото на напорите за самоусовршување. Оној што ги сфаќа сопствените недостатоци, ќе ги вложи сите потребни напори во достигнувањето на најголемите можни стандарди на физичка, ментална и морална изврсност. Ниедна личност што се задоволува со ниски стандарди не треба да има удел во воспитувањето на младите.

**Подготовки за вечноста.** - Во сите свои обврски морате да се однесувате како земјоделецот кој се труди за земниот род. Навидум тој го фрла своето семе; но закопано во земјата, семето ‘рти. Силата на живиот Бог му дава сила и виталност, и најнапред се гледа „стебло, после клас - потоа клас полн со зрна“ (Марко 4:28). Проучувајте го овој прекрасен процес. О, колку нешта постојат за учење и за разбирање! Доколку ги усовршуваме своите умови до крајноста на своите способности ние и низ вечноста ќе продолжиме да ги проучуваме патиштата и делата Божји и ќе знаеме сè повеќе и повеќе за Него.

**Наука за христијанството и умот. -** Постои наука за христијанството, која треба да се владее - наука толку подлабока, поширока, повозвишена, од било која друга човечка наука, колку што небото е повисоко од земјата. Умот треба да се дисциплинира, образува, воспитува; затоа што луѓето треба да му служат на Бога на начин што не е во склад со вродените склоности. Честопати животното воспитување и образование мораат да се отфрлат, со цел човекот да може да стане ученик во Христовата школа. Срцето мора да се научи да биде постојано во Бога. Старите и младите треба да стекнат навики на мислење, кои ќе ги оспособат да му се спротивставаат на искушението. Тие мораат да се учат да гледаат нагоре. Начелата на Божјата Реч - принципите, кои се високи колку и самото небо и кои ја опфаќаат и вечноста - треба да се сфатат во поглед на нивното влијание на секојдневниот живот. Секое дело, секоја мисла, секој збор, треба да биде во склад со тие начела.

**Напредок само преку судир.** - Ниту една наука не може да се изедначи со онаа, која се развива во животот на проучувачот на Божјиот карактер. Оние, кои стануваат Христови следбеници, откриваат дека се обезбедени нови мотиви за акција, дека се појавуваат нови мисли и како последица на тоа мораат да резултираат и нови акции. Но тие можат да постигнат напредок само преку судир, затоа што постои непријател кој постојано се бори против нив, нудејќи искушенија што душата ја водат кон сомнеж и грев. Постојат наследни и стекнати склоности кон зло, кои мораат да се победат. Апетитот и страстите мораат да се стават под контрола на Светиот Дух. Нема да има крај на борбата сè до прагот на вечноста. Но додека мораат да се водат постојани борби, постојат исто така и драгоцени победи кои можат да се стекнат; а триумфот над своето јас и над гревот е повреден отколку што умот тоа може да го процени.

**Должност на секој христијанин е да го развива својот ум.** - Должност на секој христијанин е да стекнува навики на ред, темелност и брзина во исполнувањето на задачите. Нема никакво оправдување за спората, невешта работа од било каков вид. Кога некој е постојано зафатен, а работата никогаш не е завршена, тоа е затоа што умот и срцето не стапиле во дејство. Човекот што е спор и не работи на најдобар начин, мора да сфати дека тие грешки треба да се поправат. Тој треба да го вежба умот планирајќи како најдобро да го искористи времето остварувајќи притоа најдобри резултати. Со тактичност и систематичност, некој може да постигне исто толку за пет часа како некој друг за десет.

Некои, кои се зафатени со домашни работи, секогаш работат, не затоа што имаат толку многу работа, туку затоа што не планираат како да заштедат време. Со своите бавни и растегнати начини на работа, тие од многу малку прават многу работа. Но, секој оној што сака, може да ги победи овие раздразливи и мрзоволни навики. Таквиот во својата работа мора да има одредена цел. Проценете колку време би било потребно за да се заврши одредена работа, и потоа насочете го секој напор во извршување на работата за одредено време. Со вежбање на силите на волјата, рацете ќе станат повешти.

**Воспитување на секоја сила на умот и телото.** - Бог на секое човечко суштество му дал мозок. Тој сака тој да се употреби на Негова слава... Ние немаме вишок на умствена моќ или способност на резонирање. Ние треба да ги развиваме и вежбаме сите сили на умот и телото - човечкиот механизам што Христос го откупил - за да можеме што подобро да ги искористиме. Треба да правиме сè што можеме за да ги зајакнеме тие сили, затоа што на Бога му е мило да станеме што поделотворни соработувајќи со Него.

**Негуваниот ум, мерило за човекот.** - Никогаш не мислете дека сте научиле доволно и дека сега можете да се опуштите. Негуваниот ум е

мерило за човекот. Вашето образование треба да продолжи во текот на целиот живот; секој ден треба да учите и да го применувате стекнатото знаење.

Сличноста помеѓу необработеното поле и неувежбаниот ум е упадлива. Децата и младите во своите умови и срца веќе поседуваат семе на расипаност, подготвено да изникне и да ја донесе својата изопачена жетва; затоа се потребни најголема грижа и стремеж во развојот и снабдувањето на умот со драгоценото семе на библиската вистина.

**Стекнување на знаење и ментална култура.** - Од тоа дали правилно го користиме времето зависи нашиот успех при стекнување на знаење и ментална култура. Интелектуалниот развој не треба да биде спречен од сиромаштија, скромно потекло или неповолното опкружување... Решителноста во намерите, истрајната трудољубивост, грижливото трошење на времето - сето тоа може да му помогне на човекот да стекне знаење, да го развие интелектот и да се оспособи речиси за секоја влијателна и корисна работа.

**Разбирањето на умовите е од голема важност во работата со болните.** - Во лекувањето на болестите предизвикани од умот потребна е голема мудрост. Ранетото и болно срце, обесхрабрениот дух, бараат нежно постапување... Честопати сочувството и тактичноста претставуваат поголем благослов за болниот, отколку најстручните методи на лекување применети на студен и рамнодушен начин.

**Разбирањето на умовите и на човечката природа помагаат во делото на спасение.** - Решително зафатете се со работа за да станете токму онака корисни и успешни онолку колку што за тоа Бог ве повикал. Бидете темелни и верни во сè што преземате. Искористете ја секоја можност што ви се дава за да ги засилите своите умни способности. Проучувањето на книги поврзете го со корисна физичка работа, така што со предани заложби, со будност и со молитва да стекнете мудрост што доаѓа од небото. Така себеси ќе си обезбедите целокупно образование. Тоа поволно ќе влијае и врз вашиот карактер, ќе го засили вашето влијание врз другите умови и ќе ве оспособи да ги поведете по патот на чесноста и светоста.

Механичари, законодавци, трговци, луѓе од секаков профил и професија се образуваат за да станат мајстори во својата работа. Дали Христовите следбеници треба да бидат помалку интелигентни и додека велат дека се ангажирани во Неговата служба да не бидат во незнаење за начините и средствата кои треба да ги користат? Потфатот на освојување на вечниот живот е над секаква земна мисла. За да ги водат душите кај Христа, мора да имаат знаење за човековата природа и мора да се проучува човечкиот ум. Потребно е многу повнимателно размислување и срдечна молитва за да знаат како да им го приближат на луѓето големиот предмет на вистината.

**Облагородените сили го зголемуваат барањето за нашето служење.** - Среде недостатокот на решеноста да земат учество во работата и реформата, луѓето можат да станат стереотипни (затврднети) во погрешен начин на делување; а ако ги развиваат своите сили, тие можат да стекнат способност да вршат најдобра можна служба. Тогаш насекаде ќе ги бараат и ќе ги ценат како работници за почит.

**Ние можеме да достигнеме скоро до изврсноста на ангелите.** - Господ на човекот му дал способност за постојано усовршување и му ветил секаква можна помош за таа цел. Преку провидението на божествената благодат, ние можеме да достигнеме скоро до изврсноста на ангелите.

# ХРИСТИЈАНИНОТ И ПСИХОЛОГИЈАТА

**Бог ги одредил законите на умот.** - Оној, Кој го создал умот и му ги одредил законите, се погрижил и за неговото развивање во согласност со нив.

**Вистинските начела на психологијата во Светото Писмо.** - Вистинските начела на психологијата се наоѓаат во Светото Писмо. Човекот малку знае за својата вистинска вредност. Тој постапува во склад со својот непрепороден карактер, затоа што не гледа на Исуса како на Зачетник и Свршител на својата вера. Меѓутоа, оној кој доаѓа кај Христа, верувајќи во Него и го зема Него за свој Пример, го сфаќа значењето на зборовите: „Ним Тој им даде власт да станат синови Божји.“ ...

Оние, кои поминале низ искуството на вистинско обраќање ќе ја сфатат со оштрина својата одговорност пред Бога своето спасение да го градат со страв и трепет, како и одговорноста потполно да се очистат од губата на гревот. Таквото искуство ги наведува луѓето да се понизат и со целосна доверба да се потпираат на Бога.

**Умот посветен на Бога се развива складно.** - Бог ги зема луѓето такви какви што се и доколку сакаат да Му се предадат ги воспитува за Својата служба. Божјиот Дух, примен во душата, ги оживува сите способности. Под водството на Светиот Дух, умот што безрезервно му е посветен на Бога се развива складно и е засилен да ги разбере и исполни Божјите барања. Слабиот и неодлучен карактер се менува во цврст и постојан. Постојаното посветување воспоставува толку близок однос помеѓу Исуса и Неговите ученици што христијанинот во својот карактер станува сличен на својот Учител. Тој има појасни и пошироки погледи. Неговата проникливост е поостра, неговиот суд поурамнотежен. На тој начин е зајакнат со животодавната сила на Сонцето на праведноста и е оспособен да донесува богат род на Божја слава.

**Наука за чистиот христијански живот.** - Науката за чист, здрав, доследен христијански живот се стекнува со проучување на Божјото Слово. Тоа е најголемото образование што едно земно суштество може да го стекне. Тоа се поуки, кои учениците во нашите училишта треба да ги научат, за да можат од таму да излезат со чисти мисли и бистри умови и срца, подготвени за искачување по скалата на напредок и за практикување на христијански доблести. Токму ова е причината зошто сакаме нашите санаториуми да ги поврземе со нашите училишта. Со овие институции треба да се управува во едноставноста на евангелието дадено во Стариот и Новиот завет.

**Опкружени со атмосфера на мир.** - На сите кои се поучуваат од Бога им е потребен тивок час за заедница со нивните сопствени срца, со природата и со Бога... Секој од нас мора лично да го слушне Божјиот глас како му зборува на срцето. Кога сите други гласови ќе замолкнат, а ние чекаме пред Него во тишина, молкот на душата дава поголема јасност на Божјиот глас. Тој ни заповеда: „Бидете тивки и разберете дека Јас сум Бог.“ ... Оној кој е освежен на ваков начин ќе биде опкружен со атмосфера на светлина и мир дури и среде забрзаната толпа и напорите на животните интензивни активности. Тој ќе прими нов дар на телесна и ментална сила.

**Христовата религија делотворен лек.** - Сатаната е причинител на болестите, а Големиот Лекар се бори против неговите дела и сили. Болестите на умот преовладуваат насекаде... Неверниците се користат во најголем дел со овие несреќни случаи (каде што има семејни трауми, каење заради грев, страв од вечен пекол, и други нешта што предизвикуваат неурамнотеженост на умот) припишувајќи и го ова лудило на религијата; но тоа е тешка клевета за којашто тие ќе мораат да одговараат. Многу далеку од тоа да биде причинител на лудило, Христовата вера е еден од најделотворните лекови против истото; бидејќи таа е моќен смирувач на нервите.

**Влегување во царството на мирот.** - Кога искушенијата ќе навалат на нас, кога грижите, неизвесноста и темнината изгледа како ја опкружат вашата душа гледајте на местото каде што последен пат сте виделе светлина. Бидете спокојни во Христовата љубов и под Неговата заштитничка грижа... Стапувајќи во тесна заедница со Спасителот, ние влегуваме во царството на мирот.

**Отстранети сите претерани грижи.** - Небесниот Татко нежно бдее над сите - над луѓето кои заминуваат на својата секојдневна тешка работа и над оние што се молат; над оние кои навечер одат на починка и над оние кои наутро стануваат; над богатиот кој се гости во својата палата и над сиромавиот кој ги собира своите деца околу скромната трпеза. Нема пролеана солза којашто Бог не ја видел. Нема насмевка која Тој не ја забележал.

Кога би можеле целосно да веруваме во тоа, би се ослободиле од сите непотребни грижи. Нашиот живот не би бил толку полн со разочарувања каков што е сега; бидејќи сите свои грижи и мали и големи, би ги предале во рацете на Бога, кого не го збунува нивното мноштво ниту пак го оптоварува нивната тежина. Тогаш ние би уживале душевен мир што мнозина веќе долго не го почувствувале.

**Воспитување на душата преку дисциплина.** - Христијани, дали Христос се открива во нас? Мораме да работиме на изградба на здрави тела и силни умови, кои нема лесно да ослабнат, умови што ќе гледаат подалеку од себеси кон причината и последицата на секоја направена по-

стапка. Тогаш сме на правиот пат да ги поднесеме тешкотиите како добри војници. Ни требаат умови, кои можат да ги забележат тешкотиите и да се справуваат со нив со мудроста што доаѓа од Бога, кои ќе можат да се борат со тешки проблеми и да ги победат. Најтешкото нешто е да се распнеме себеси, да ги поднесеме тешкотиите на духовните искуства, да ја воспитуваме душата преку строга дисциплина. Тоа од почеток можеби нема да ни причини големо задоволство, но подоцна како последица на тоа ќе добиеме мир и среќа.

**Христос има моќ да закрепи и обнови.** - И додека Христос му го отвора небото на човекот, животот што тој ни го дава го отвора срцето на човекот за небото. Гревот не само што нè одвојува од Бога, туку во душата на човекот ги уништува и желбата и моќта да го запознае Него. Христова цел е да го оневозможи сето тоа влијание на злото. Тој има моќ да ги оживее и обнови способностите на душата парализирани од гревот, да ги оживее и обнови потемнетиот ум и изопачената волја. Тој ни ги отвора богатствата на вселената и благодарение на Него, добиваме способност да ги препознаеме и ползуваме.

**Под Божја или под сатанска контрола.** - Сатаната има контрола над секој ум, кој не се наоѓа одлучно под контрола на Божјиот Дух.

**Секој грев што се негува го слабее карактерот.** - Никој нека не се лаже дека гревовите кои се негуваат подолго време можат лесно да се отфрлат. Не е така! Секој грев што се негува го слабее карактерот и полека преминува во навика, оставајќи зад себе како последица телесна, ментална и морална расипаност. Вие можете да се покаете поради злото што сте го сториле, можете своите стапки да ги насочите кон вистинскиот пат, но вашиот вообличен ум и вашата блискост со злото ќе ви отежнат да ја согледате разликата меѓу доброто и злото. Низ веќе зацврстените лоши навики сатаната постојано одново ќе ве напаѓа.

**Психолошките квалификации на учителот.** - Навиките и начелата на учителот треба да се сметаат дури и од поголема важност од неговите просветни квалификации. Доколку е искрен христијанин, ќе чувствува потреба за подеднаков интерес за физичкото, менталното, моралното и духовното образование на своите ученици.

За да врши правилно влијание, тој треба да има совршена контрола над себе и срце полно со љубов кон учениците, кое ќе се гледа во Неговите погледи, зборови и дела. Тој треба да има цврстина на карактерот, и така ќе може да ги оформи умовите на своите ученици како и да ги упати во науката. Раното воспитување на младите воглавно го оформува нивниот животен карактер. Оние, кои работат со младите, треба да бидат многу грижливи во поттикнувањето на квалитетите на умот, за тие да знаат подобро како да ги насочуваат неговите сили за да бидат од најголема можна корист.

**Човекот да стане ново создание.** - Луѓето треба да станат поданици на Христовото царство. Преку божествената сила што им се дава, мора да ѝ се вратат на својата верност. Преку законите и природните ресурси Бог воспоставува небесна комуникација со човековиот духовен живот, која во своето делување е загадочна како дејството на ветрот (Јован 3:7, 8). Христос објавил: „Моето царство не е од овој свет“ (Јован 18:36). И додека го отпечатува своето влијание врз земските власти, не може да прими ни најслаб отисок од нив без расипување на божественото обличје.

Толку духовен е карактерот на Божјето дело врз човечкото срце кое го прима така што секого го прави ново создание, без притоа да се унижи или ослабне било која способност што Бог му ја дал на човекот. Тоа ја чисти секоја особина погодна за врска со божествената природа. Она што е родено од Духот е дух, а кога човекот ќе се роди одозгора, небесен мир ја напојува душата.

**Доброто го исклучува лошото.** - Родители, вие сте единствените што одлучувате дали умовите на вашите деца ќе бидат исполнети со облагородувачки мисли или со порочни чувства. Вие не можете нивните активни умови да ги задржите неангажирани, ниту пак можете да го отстраните злото. Само со влевање на исправни начела можете да ги исклучите погрешните мисли. Доколку родителите не го посеат семето на вистината во срцата на своите деца, непријателот ќе посее какол. Добрите и јасни упатства се единствена превентива против лошите друштва, кои ги расипуваат добрите манири. Вистината ќе ја штити душата од бескрајните искушенија што мора да се пресретнат.

**Мој е само еден ден.** - Ден по ден сите ние мораме да се воспитуваме, дисциплинираме и образуваме за да бидеме корисни во овој живот. Само еден ден едновремено - размислувајте за ова. Само еден ден е мој. Ќе дадам сè од себе во тој еден ден. Ќе ја употребам својата способност за зборување за да бидам на благослов на некој друг, како помошник, утешител, пример што Господ, мојот Спасител ќе го одобри. Ќе практикувам да бидам трпелив, љубезен, воздржан, за да можат во мене уште денес да се развијат христијански доблести.

Секое утро посветете се себеси - душата, телото и духот - на Бога. Воспоставете навики на посветување и доверба сè повеќе и повеќе во својот Спасител. Можете со целосна доверба да верувате дека Господ Исус ве сака и сака да пораснете до висината на Неговиот карактер. Тој сака да растете во Неговата љубов, да напредувате и јакнете во сета полнота на божествената љубов. Тогаш ќе стекнете знаење со најголема вредност за овој свет и за вечноста.

**Како може да се развие добро избалансиран ум.** - Работата е благослов. Невозможно е да уживаме во добро здравје без работа. Сите спо-

собности треба да се користат за да бидат правилно развиени, за да можат мажите и жените да имаат добро избалансирани умови.

**Знаењето и науката мораат да се оживотворат со Светиот Дух.** - Човечките таленти се искористуваат до крајни граници само кога ќе се доведат под целосна контрола на Божјиот Дух. Правилата и начелата на религијата се првите чекори во стекнувањето знаење и лежат на самиот темел на вистинското образование. Знаењето и науката мораат да се оживотворат со Божјиот Дух за да можат да послужат за најблагородните цели.

Само христијанинот може правилно да го користи знаењето. За науката целосно да се вреднува, мора да се набљудува од гледиште на религијата. Во таков случај сите би го славеле Богот на науката. Срцето што е облагородено од Божјата благодат, најдобро може да ја сфати вистинската вредност на образованието. Божјите особини, кои се гледаат во Неговите создадени дела можат да бидат ценети само кога поседуваме знаење за Создателот.

Учителите мораат да бидат запознати не само со теоријата на вистината туку мораат да поседуваат и експериментално знаење за патот на светоста за да можат да ги водат младите на изворите на вистината, кај Божјото Јагне што ги зема гревовите на светот. Знаењето е сила која води на добро кога ќе се соедини со вистинска побожност. Душата којашто се испразнила од своето јас, ќе биде облагородена. Христовото пребивање во срцето преку вера ќе нè направи мудри во Божјите очи.

**Целото битие отворено за исцелителското посредување на небото.** - Христос е изворот на животот. Она што на мнозина им треба е да имаат појасно познавање за Него; треба трпеливо и љубезно, но сепак сериозно да бидат поучени на кој начин целото битие може да биде достапно за исцелителните небесни сили. Кога сончевите зраци на Божјата љубов ќе ги осветлат темните одаи на душата, неспокојниот умор и незадоволството ќе исчезнат, а радоста и задоволството ќе му дадат виталност на умот и здравје и енергија на телото.

**Благодатите не се развиваат во еден миг.** - Драгоцените благодати на Светиот Дух не се развиваат за еден миг. Храброста, духовната сила, кротоста, верата, непоматената верба во Божјата спасителна моќ се стекнуваат преку повеќегодишно искуство. Божјите деца треба да ја запечатат својата судбина со живот исполнет со свети стремежи и непоколеблива приврзаност.

## Глава 3

# ОПАСНОСТИ ВО ПСИХОЛОГИЈАТА

**Сатаната го проучува умот.** - Илјадници години сатаната експериментирал со особините на човечкиот ум и многу добро го проучил. Со своите лукави постапки во овие последни денови тој го врзува човечкиот ум за сопствениот, исполнувајќи го со своите мисли, а тоа го прави на толку измамлив начин што оние кои го прифаќаат неговото водство не знаат дека се водени по негова волја. Големиот измамник се надева дека толку многу ќе ги збуни умовите на луѓето што тие ќе можат да го слушаат само неговиот глас.

**Сатаната - мајстор на лукавствата.** - Сатаната постојано се обидува да делува на човечките умови со своите лукавства. Тој е обдарен со извонредно развиен ум, што му го дал Бог, но тој ги обесчестил сите тие благородни способности спротивставувајќи им се и игнорирајќи ги советите на Севишниот.

**Тој настапува преправен.** - Сатанските планови и замисли ни се наметнуваат од сите страни. Ние ќе мора засекогаш да запаметиме дека тој доаѓа преправен, прикривајќи ги своите мотиви и карактерот на своите искушенија. Тој доаѓа во светлосна наметка, навидум облечен во облека на чист ангел, како ние не би забележиле дека тоа е всушност тој. Мораме да бидеме многу внимателни и претпазливо да ги разгледуваме неговите планови, за да не бидеме излажани.

**Злоупотребата на науката која што се однесува на умот.** - Во овие денови кога скептицизмот и неверството толку често се појавуваат под наметката на науката, мораме да бидеме внимателни на сите страни. Преку овие средства големиот противник мами илјадници луѓе и ги доведува во потчинетост според својата волја. Предноста што тој ја стекнува преку овие науки, науки што се занимаваат со човечкиот ум е огромна. На таков начин, како змија, незабележано се вовлекува со цел да го расипе Божјето дело.

Овој пристап на сатаната преку таквите науки е добро осмислен. Преку каналите на френологијата, психологијата и месмеризмот, тој непосредно им пристапува на луѓето на сегашната генерација и делува со онаа сила којашто е карактеристична за неговите напори кон крајот на времето на милоста. Така умовите на илјадници луѓе се отруени и водени кон неверство.

Додека се верува дека еден човечки ум на толку прекрасен начин може да влијае врз друг, сатаната, кој е спремен да ја искористи секоја предност, се вовлекува и делува на сите страни. Додека оние што им се посветиле на овие науки се воздигаат до небото поради големите и добри дела со коишто

се афирмирале, тие малку знаат каква сила на зло негуваат; а тоа е силата којашто допрва ќе работи со секакви знаци и со лажни чуда - и со секаква неправедна измама. Забележи ги влијанијата на тие науки, драг читателе, затоа што судирот помеѓу Христа и сатаната сè уште не е завршен.

Занемарувањето на молитвата ги наведува луѓето да се потпираат на сопствената сила, и ја отвора вратата на искушенијата. Во многу случаи мечта се заробува со научни истражувања, а на луѓето преку совеста им се возвеличува сопствената моќ. Науките што се занимаваат со човечкиот ум се многу воздигнати. Тие самите по себе се добри, но сатаната ги користи како моќни средства да ги измами и уништи душите. Неговите умешности се прифаќаат како да се од небото и на тој начин тој е обожуван, а тоа многу му годи. Светот, којшто претпоставува дека има корист од френологијата и животинскиот магнетизам, никогаш порано не бил толку расипан како денес. Преку таквите науки се уништува доблеста и се положуваат темелите на спиритизмот.

**Неговото дело во одвраќањето на човечкиот ум.** - Сатаната влегол и се поставил помеѓу Бога и човекот. Тој сака да го одврати човечкиот ум и фрла темна сенка преку патеките по кои одиме за да не можеме да ја сфатиме разликата помеѓу Бога и моралната темнина, расипаноста и мноштвото беззаконија кои го преплавуваат нашиот свет. Па што треба да сториме во врска со ова? Дали ќе дозволиме темнината да остане? Не.

Овде за нас постои една сила што ќе внесе небесна светлина во овој мрачен свет. Христос бил на небото и Тој ќе ја донесе светлината на небото растерувајќи ја темнината и внесувајќи ја светлината на Својата слава. Тогаш среде расипаноста, осквернувањето и развратот ќе ја видиме светлината на небото.

Ние не мораме да се предадеме заради осквернувањето на човечкиот род, и тоа постојано треба да го имаме пред очите на ум. Ние не мораме да ја набљудуваме... . Што да сториме? Која е нашата задача? Да „гледаме каква љубов ни дал Таткото“ (1. Јованово 3:1).

**Лукави инсинуации наспроти отворен, дрзок напад.** - Кога сатаната би презел дрзок и отворен напад на христијанството, тоа христијанинот веднаш ќе го доведе покрај нозете на својот Моќен Ослободител, кој единствено може да го натера непријателот во бегство. Но тој обично не постапува така. Тој е лукав и знае дека најделотворен начин за него да си ги постигне своите замисли е да му дојде на кутриот, паднат човек во облик на ангел на светлината. Така преправен тој работи на умот за да го заведе од безбедниот и правиот пат. Тој отсекогаш имал амбиции да го фалсификува Христовото дело и да ги зацврсти сопствената моќ и барања. Тој ги наведува заведените смртници, Христовите дела и чуда да ги објаснуваат врз база на научни принципи, и прави да им изгледаат како да се резултат на човечка умешност и моќ. Во многу умови тој на крај ќе успее да ја уништи вистинската вера во Христа како Месија и како Божји Син.

**Негова посебна цел се младите умови.** - Посебна задача на сатаната во овие последни денови е да ги зароби умовите на младите, да им ги расипе мислите и да ги запали нивните страсти. Сите имаат слободна волја и како такви тие мора да ги доведат своите мисли во вистински тек.

**Сатаната управува со умот што не е раководен од Светиот Дух.** - Малкумина веруваат дека човештвото потонало толку длабоко, и дека како такво е потполно расипано и толку многу спротивставено на Бога како што во суштина е. „Зашто мудрувањето на телото е непријателство против Бога, бидејќи не му се покорува на Божјиот Закон, ниту пак може“ (Римјаните 8:7).

Кога умот не е под директно влијание на Божјиот Дух, сатаната може да го оформи според своја желба. Така тој внесува страст во сите контролирачки сили на разумот. На тој начин во однос на вкусовите, погледите, предностите, симпатиите и антипатиите, во изборот на нештата и дејностите станува дијаметрално спротивен на Бога; тој не наоѓа задоволство во она што Бог го сака и го одобрува, туку ужива во оние нешта што Тој ги презира; па според тоа одржува начин на живеење кој е навредлив за Бога.

Тоа доведува до судир со оние коишто се обидуваат да одат по Божјиот пат. Тие (кои и се спротивставуваат на вистината) ќе ја нарекуваат светлината темнина, а темнината светлина; доброто ќе го нарекуваат зло, а злото добро.

**Од Адамово време па до сега.** - Сатаната бил на кормилото, управувајќи го додека ја придобил власта над сите човечки умови кои ја примиле лагата со којашто беше измамена Ева, а потоа искористена како посредник да го наведе и Адам на грев. Сатаната го задржал своето измамливо дело на човечките умови од тој ден па до денес.

**Оние што ја познаваат вистината се посебна мета.** - Сатаната тајно работи збунувајќи ги умовите на оние што ја познаваат вистината доведувајќи ги во заблудени чувства и примери кои водат во заблуда. Доколку не се покајат и обратат, оние коишто живеат поделен живот, јавно служејќи му на Господа, а истовремено правејќи и спроведувајќи сопствени планови – планови, кои го забавуваат делото за коешто Христос го положил животот за да го доврши - ќе бидат измамени од непријателот на душите.

**Сатаната ги одвраќа умовите со контраверзни предмети.** - Тој (непријателот) ужива кога умовите се свртени кон било кој предмет со којшто може да оствари поделба на чувствата или со којшто го води нашиот народ во судир.

**Еден ум господари над друг.** - Сатаната често наоѓа моќно средство на зло во силата, преку која еден човечки ум може да влијае на друг чо-

вечки ум. Ова влијание е толку заводливо што лицето кое е подложено често не е ни свесно за неговата сила. Бог ми наложи да зборувам против ова зло.

**Сила за добро, сила за зло.** - Влијанието што еден ум може да го има на друг е толку моќна сила за добро кога умот е посветен, а подеднакво може да биде моќна за зло во рацете на оние кои му се спротивставуваат на Бога. Оваа сила сатаната ја користел во влевањето на зло во умовите на ангелите и направил сето тоа да изгледа како да прави нешто добро за вселената. Како помазан херувим, Луцифер се наоѓал на многу возвишена положба; бил многу сакан од страна на небесните суштества, а неговото влијание над нив било силно. Многумина од нив ги слушале неговите предлози и му верувале на зборовите. „И настана војна на небото; Михаел со Своите ангели завојува против змевот. И змевот и неговите ангели завојуваа, но не устоија и не им се најде веќе место на небото“ (Откровение 12:7, 8)

**Не треба да се верува на умот на еден човек.** - Не треба да му се верува на умот и судот на еден човек, бидејќи во прашање се вклучени премногу големи интереси, а тој не е ослободен од човечките слабости и грешки... Не постои ниту еден човечки ум којшто е толку совршен да нема опасност негова појдовна точка да бидат погрешните побуди, гледање на нештата од погрешно гледиште.

**Сатаната бара невнимателни умови.** - Сатаната чека да го затекне умот во момент на невнимание и на тој начин да го придобие. Ние не сакаме да бидеме неупатени во неговите планови, ниту да бидеме надвладеани со неговите замисли. Тој е задоволен од начинот на кој го претставуваат како да има рогови и копита, зашто всушност тој е интелигентен; некогаш порано бил ангел на светлината.

**Злите ангели се обидуваат да ја уништат човечката волја.** - Доколку им се дозволи, злите ангели ќе ги обработуваат (освојуваат и контролираат) човечките умови сѐ додека овие веќе немаат свој ум или волја.

**Единствената сигурност во отпорот.** - Наша единствена сигурност е да не му се даде место на ѓаволот; затоа што неговите сугестии и планови секогаш имаат за цел да нѐ расипат и да нѐ одвратат од потпирањето на Бога. Тој се преобразува во ангел на светлината за да може, преку своите лукави искушенија, да ги претстави своите замисли на таков начин што нема да можеме да ги разликуваме неговите измами и колку повеќе му се предаваме, толку посилни ќе бидат неговите измами над нас. Опасно е да се полемизира или да се преговара со него; затоа што за секоја предност што му ја даваме, тој ќе бара повеќе.

Нашата единствена сигурност е во одлучното отфрлање на првото поттикнување за дрскост. Бог нам ни дал благодат, која преку Христовите заслуги ни е доволна за да му се спротивставиме на сатаната и да бидеме и повеќе од победници. Противењето е успех. „Противете му се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас.“ Противењето мора да биде одлучно и цврсто. Ние го губиме сето она што сме го стекнале ако се спротивставиме денес, а му се предадеме утре.

**Избегнување на дела направени во дрскост.** - Постојат такви луѓе, кои непромислено се ставаат во опасна ситуација и се подложуваат на искушенија, за потоа да побараат Бог да направи чудо и да ги извлече неповредени и неизвалкани. Таквите дела се дела направени во дрскост, со кои Бог не е задоволен. Кога сатаната го искушувал Спасителот на светот да се фрли од врвот на храмот, Тој одлучно го дочекал таквото искушение и го одбил. Големиот непријател навел едно Божјо ветување како гаранција за да го натера Христа да го стори тоа со сигурност, потпирајќи се на ветувањето. Исус го пречекал ова искушение со Писмото: „Пишано е, ... Не го искушувај својот Господ Бог.“ На истиот начин сатаната ги поттикнува луѓето да одат на места каде што Бог тоа не го бара, изложувајќи го Светото Писмо за да ги оправда своите сугестии.

**Вистинска вера или дрскост.** - Божјите ветувања не ни се дадени за на нив пребрзано да полагаме право, да нè заштитуваат додека непромислено се втурнуваме во опасност, кршејќи ги природните закони или занемарувајќи ја мудроста и разумот што Бог ни ги ставил на располагање. Тоа не е вистинска вера туку дрскост...

Сатаната ни нуди световни почести, богатства и животни задоволства. Тие искушенија им се прилагодени на луѓето од сите положби и класи и имаат за цел да ги оддалечат од Бога за да си служат повеќе на себе отколку на нивниот Создател. „Сето ова ќе ти го дадам на тебе“, му рекол сатаната на Христа. „Сето ова ќе ти го дадам на тебе“, му вели сатаната на човекот. „Сите овие пари, оваа земја, сета моќ, слава и богатство ќе ти ги дадам на тебе“; и човекот е маѓепсан, измамен и подмолно заведен во пропаст. Ако животот и срцето ги препуштиме на световноста, тогаш сатаната ќе биде задоволен.

**Човечките умови се контролирани или од злите или од Божјите ангели.** - Човечките умови се контролирани или од злите или од Божјите ангели. Нашите умови се предаваат под Божја контрола или под контрола на силите на темнината; и добро би било да се запрашаме каде стоиме денес - дали под испрсканото со крв знаме на Кнезот Емануел, или под црното знаме на силите на темнината.

**Само ако се предадеме.** - Сатаната не може да допре до нашиот ум или интелект доколку не му го предадеме.

**Неопходен е јасен преглед.** - Неопходен е јасен духовен вид за да ја препознаеме разликата помеѓу каколот и пченицата, помеѓу сатанската наука и науката на Словото на вистината. Христос, Големиот Лекар, дошол на нашиот свет да им даде здравје, мир и совршенство на карактерот на сите оние што ќе го примат. Неговото евангелие не се состои од надворешни методи и акти, низ кои лажната наука може да се претстави како голем благослов, а која после тоа ќе се покаже всушност како големо проклетство.

**Молитвата ќе му одолее на сатаната.** - Молитвата со вера е голема сила за еден христијанин и сигурно ќе му одолее на сатаната. Ова е причината зошто тој влева сомнеж дека молитвата не ни е потребна. Тој се гнаси од името на нашиот Застапник, Исус; и кога со сета сериозност му пристапуваме барајќи помош, сатанската војска е алармирана. Ако го занемаруваме практикувањето на молитвата, тоа добро служи за остварување на неговата цел, затоа што во таков случај многу полесно се прифаќаат неговите лажни чуда. Бидејќи не успеал да го искуша Христа, тој сега своите измамливи искушенија ги става пред човекот.

# ДУХОВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА И УМОТ

**Религијата и здравјето.** - Личната вера е од најголема важност. Јован му напишал на Гај: „Возљубен мој, ти посакувам да ти биде добро во сѐ и да бидеш здрав, како што ѝ е добро на твојата душа“ (3. Јованово 2). Телесното здравје многу зависи од здравјето на душата; затоа што и да јадете или пиете, или што друго и да правите, правете го на Божја слава. Личната вера се открива преку однесувањето, зборовите и делата. Таа поттикнува раст до крајно совршенство и полага право на Божјата пофалба: „Вие сте целосни во Него“ (Колосјаните 2:10).

**Чистата вера донесува спокојство, сталоженост и сила.** - Чистата и неизвалкана вера не е чувство, туку правење на дела на милост и љубов. Ваквата вера е неопходна за добро здравје и среќа. Таа влегува во осквернетиот храм на душата и како со стап ги изгонува грешните натрапници. Заземајќи го престолот, таа посветува сѐ со своето присуство, осветлувајќи го срцето со блескавите зраци на Сонцето на праведноста. Таа ги отвора прозорците на душата кон небото, пуштајќи ја внатре сончевата светлина на Божјата љубов. Со неа заедно доаѓаат спокојството и сталоженоста. Физичката, менталната и моралната сила се зголемува, затоа што небесната атмосфера како жива и делотворна сила ја исполнува душата. Христос се вселува внатре, надежта на славата.

**Бог е извор на животот и радоста.** - Бог е извор на животот, светлината и радоста на целата вселена. Како светлосните зраци од сонцето, како водената струја што избива од живиот извор, од Него се излеваат благослови кон сите Негови созданија. И секаде каде што има живот од Бога во срцата на луѓето, таа ќе се излева врз другите во вид на љубов и благослов.

**Сѐ прима живот од Бога.** - Сите создадени суштества живеат преку Божјата волја и сила. Тие примаат живот преку Божјиот Син. Колку и да се способни и талентирани, колку големи да се нивните способности, тие секогаш одново се исполнуваат со живот од Изворот на целокупниот живот. Тој е изворот на животот. Единствено само Оној кој има бесмртност, кој пребива во светлина и живот, можел да каже: „Имам власт да го дадам Својот живот, и пак да си го земам.“

**Сатаната го користи влијанието на умот врз ум.** - Откако сатаната бил исфрлен од небото, тој своето царство го воспоставил на овој свет и оттогаш неуморно настојува да ги одвлече човечките суштества од верноста кон Бога. Тој ја користи истата сила што ја користел на небото -

влијанието на умот врз ум. Луѓето стануваат искушители на своите браќа. Се негуваат силни, расипани сатански чувства кои вршат принудно и незапирливо влијание. Под влијание на таквите чувства, луѓето меѓусебно се поврзуваат во друштва (сојузи), во трговски унии и во тајни здруженија. Во светот владеат сили, кои Бог нема уште многу долго да ги толерира.

**Целта на сатанските проучувања е користење на силите за себични намери.** - Сатаната располага со мрежи и стапици, како оние ловечките, се подготвени да фатат некоја душа. Негова проучена цел е луѓето своите од Бога дадени таленти да ги користат за себични цели, наместо да ги потчинат за слава на Бога. Бог би сакал луѓето да бидат вклучено во дело што ќе им донесе мир и радост и ќе им пружи вечна придобивка; но сатаната сака своите напори да ги насочиме на она што не ни е од корист, на она што е поминливо.

**Престапот не донел нов распоред на силите и страстите.** - Не треба да мислиме дека од Адамовиот престап Бог им дал на човечките суштества нов поредок на сили и страсти, затоа што тогаш би изгледало дека Бог е замешан во всадувањето на грешни склоности кај човечкиот род. Христос го започнал Своето дело на обратување веднаш штом бил направен првиот престап, за да можеме преку послушноста на Божјиот закон и верата во Христа повторно да го задобиеме Божјиот лик.

**Секој мора да избере едно од двете знамиња.** - Тука се наоѓа главната точка. Тука се судруваат двете големи сили една со друга, Божјиот Кнез, Исус Христос, и кнезот на темнината, сатаната. Се случува отворен судир. Во светот постојат само две групи и секое човечко суштество ќе биде поставено под едно од двете знамиња, под знамето на кнезот на темнината или под знамето на Исуса Христа.

**Гревот го опфаќа целото битие.** - Гревот го опфаќа целото битие, а на ист начин делува и благодатта.

Застранетото срце е она што ги деградира способностите на душата. Сите што ја изучуваат науката за спасение мораат да бидат покорни ученици во Христовото училиште, за да може храмот на душата да биде место каде што ќе пребива Севишниот. Ако сакаме да учиме од Христа, душата мора да се испразни од сите свои суетни нешта, за да може Христос да го втисне Својот лик во неа.

**Крстот му го дава вистинското ниво на човечкиот ум.** - Што му го дава вистинското ниво на човечкиот ум? Тоа е Голготскиот крст. Гледајќи на Исуса, Зачетникот и Завршителот на нашата вера, сите желби за самопрослава и самовозвишување се положуваат во правта. Тогаш, додека гледаме горе, се исполнуваме со дух на самопонизност, кој ги воздигнува скромноста и понизноста на умот. Додека го набљудуваме крстот, оспо-

собени сме да ја видиме прекрасната провизија која му е обезбедена на секој верник. Бог во Христа, ... доколку правилно се согледа, ќе го израмни човечкото воздигање и гордост. Тогаш нема да има самовозвишување, туку вистинска скромност.

**Човекот е потполн во Христа.** - Христос ги донесува Своите ученици во жива заедница со Себе и со Таткото. Преку делувањето на Светиот Дух врз човечкиот ум, човекот се исполнува во Исуса Христа. Заедницата со Христа овозможува синџир на единство на еден со друг. Оваа заедница е најубедливиот доказ на светот за Христовата големина и сила и за Неговата моќ да го отстрани гревот.

**Само Бог може да го воздигне човекот до морално достоинство.** - Вредноста на човекот онака како што ја цени Бог е преку заедницата со Христа, затоа што Бог е единствениот што може да го воздигне човекот на ниво на морално достоинство преку Христовата праведност. Световната чест и световната големина имаат само онаква вредност каква што им доделил Творецот. Нивната мудрост е лудост, нивната сила слабост.

**Себичноста и нејзините плодови.** - Себичноста е темел на изопаченоста и затоа што човечките суштества ѝ се предале на нејзината сила, денес во светот можат да се видат нејзините резултати, кои се во потполна спротивност со верноста во Бога. Народи, семејства и поединци се исполнети со желба за сосредоточување кон себе. Човекот копнее да владее над своите собраќа. Одвојувајќи се во својот егоизам од Бога и од своите собраќа, тој ги следи своите нескротливи склоности. Тој делува така, како доброто на другите да зависи од нивната потчинетост на неговата превласт.

**Победата е можна.** - Преку негување на праведните начела, човекот може да се здобие со победа над злите склоности. Доколку е послушен на Божјиот закон, чувствата повеќе не се изопачуваат и искривуваат, способностите повеќе не се расипуваат и трошат напразно, искористувајќи ги на предмети кои водат далеку од Бога. Во и преку благодатта дадена од Небото, зборовите, мислите и силите можат да се исчистат; може да се оформи нов карактер, а понижувањето што доаѓа со гревот може да се надвладее.

**Колебливиот ум почеток на искушението.** - Почетокот на предавањето на искушението лежи во гревот на дозволување на умот да се колеба, да не биде доследен со твојата вера во Бога. Сатаната секогаш исчекува можност да го претстави Бога во погрешно светло и да го привлече човечкиот ум кон забранетите нешта.

Ако може, тој ќе го сосредоточи умот на световни работи. Тој ќе настојува да поттикне чувства, да предизвика страсти, да разбуди љубов

кон она што не е за ваше добро; но вие сте тие кои треба секоја емоција и копнеж да ги ставите под контрола, во мирна потчинетост на разумот и совеста. Тогаш сатаната ја губи моќта да го контролира умот.

Задачата на којашто нè повикува Христос, е задача на прогресивна победа над духовното зло во нашиот карактер. Природните склоности треба да бидат надвладеани... Мораат да се победат апетитот и страстите, а волјата мора потполно да се стави на Христова страна.

**Никој не треба да очајува заради наследените склоности.** - Сатаната е секогаш подготвен да измами и заведе. Тој ги користи сите сили да ги измами луѓето на широкиот пат на непослушноста. Тој работи на тоа да им ги помати мислите со погрешни чувства и да ги отстранува ориентирите, поставувајќи лажни натписи на патоказите што Бог ги поставил за да го означат вистинскиот пат. Затоа тие зли сили се борат за да го одбијат секој зрак на светлина од душите, за кои небесните суштества се поставени да им служат, да ги водат, чуваат и контролираат оние, кои ќе бидат наследници на спасението. Никој не треба да очајува заради наследените зли склоности, но кога Божјиот Дух ќе осведочи за грев, грешникот мора да се покори, да признае и да го остави злото. Верните стражари бдеат со цел да ги насочат душите кон вистинските патеки.

**Учесници во гревот преку дружење.** - Душата, која е доведена во заблуда од погрешните влијанија и станала учесник во гревот преку дружење со други, делувајќи спротивно на мислите и на Божјиот карактер, не треба да очајува. „Зашто таков Првосвештеник ни требаше и нам: свет, невин непорочен, одвоен од грешниците и повозвишен од небесата“ (Евреите 7:26). Христос не е само свештеник и посредник за нашите гревови, туку и жртва. Тој се принесе Себеси еднаш, за сите.

**Работата на сатаната е да обесхрабри, а на Христа да ја разбуди надежта.** - Немојте ниту за момент да ги прифатите сатанските искушенија, како да се во склад со вашиот сопствен ум. Свртете се од нив, како што тоа би го направиле и спрема самиот непријател. Работата на сатаната е да ја обесхрабри душата. Христово дело пак е да го исполни срцето со вера и надеж. Сатаната настојува да ја збуни нашата вера. Тој ни зборува дека нашите надежи се изградени на лажни претпоставки, а не на сигурното и непроменливо слово на Оној, кој не може да лаже.

**Лек за сите видови искушенија.** - Постои лек за сите видови искушенија. Ние не сме препуштени самите на себе во борбата против своето его и грешната природа на својата ограничена сила. Исус е силен помошник, поддршка којашто никогаш не изостанува... Никој не мора да падне или да се обесхрабри кога е обезбедена толку обилна поддршка за нас.

**Христовата крв единствениот лек.** - Законот на Јехова е многу опсежен. Исус ... отворено им објавил на учениците дека овој свет Божји закон може да се прекрши и во мислите, чувствата и желбите, исто како и на зборови и на дело. Срцето коешто над сè го сака Бога, нема да тежнее на било каков начин да ги ограничува Неговите правила и до најмалото можно барање, туку послушната, лојална душа радосно ќе пружа потполно духовно покорување кога законот ќе го согледа во целата негова духовна сила. Тогаш заповедите ќе се одомаќинат во душата во својата вистинска сила. Гревот ќе изгледа премногу грешен... Нема повеќе да има самоправедност, самоуважување и самопрославување. Самосигурноста ќе исчезне. Исходот на сето тоа ќе биде длабокото осведочување за гревот и одвратноста кон самите себе, и душата во безнадежното чувство на опасност ќе се фати за крвта на Божјото Јагне како за свој единствен лек.

**Пречекување на предизвикот на искушувачот.** - Сатаната ќе ви дојде велејќи ви: Ти си грешник. Но немојте да му дозволувате да го исполни вашиот ум со мисли дека поради тоа што сте грешник Бог ве отфрла. Кажете му: Да, грешник сум, и затоа ми е потребен Спасител. Потребно ми е простување на гревовите, а Христос вели дека ако му пристапам, нема да загинам. Во Своето писмо што ми го напиша читам вака: „Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секоја неправда" (1. Јованово 1:9). Ќе им верувам зборот кој Тој ми го оставил. Ќе бидам послушен на Неговите заповеди. Кога сатаната ви вели дека сте изгубени одговорете му: Да, но Исус дошол да го побара и да го спаси она што е изгубено. Колку што е поголем мојот грев, поголема е и мојата потреба за Спасител.

**Свртување на вниманието од збрките кон Божјите дела.** - Бог ги повикува Своите созданија да го свртат вниманието од збрките и неприликите околу себе и да им се воодушевуваат на Неговите дела. Небесните тела се вредни за набљудување. Бог ги создал за корист на човекот и додека ги проучуваме Неговите дела, Божјите ангели ќе бидат покрај нас, за да ни ги расветлат умовите и да нè чуваат од сатанските измами.

**Што прави вистинската религија.** - Вистинската религија го облагородува умот, го префинува вкусот, го посветува судот и од нејзиниот сопственик прави соучесник во чистотата и светоста на Небото. Таа ги приближува ангелите и сè повеќе и повеќе нè одвојува од духот и влијанието на овој свет. Таа навлегува во сите животни дела и односи и ни дава „дух на здрав разум", а резултатот на тоа е среќа и мир.

**Зголемување на интелектуалните способности.** - Како и во случајот со Даниел, во истиот оној сразмер во кој се развива духовниот карактер, растат и интелектуалните способности.

**Подобрување на физичкото здравје.** - Кога умот ќе стане интелигентен и кога волјата ќе се стави на Христова страна, ќе дојде до чудесно подобрување на физичкото здравје.

**Творењето добри дела, најдобар лек.** - Свеста за исправното постапување е најдобар лек за болното тело и ум. Посебниот Божји благослов што почива врз примателот е здравје и сила. Човекот чиј ум е мирен и задоволен во Бога е на патот кон здравје. Свеста дека Божјото око е над нас и дека Неговото уво е отворено за нашите молитви, е вистинско задоволство. Сознанието дека имаме пријател кој никогаш не разочарува, кому можеме да му ги довериме сите тајни на душата е среќа што никогаш не може да се искаже со зборови.

**Исусовата љубов ја опкружува душата со пријатна атмосфера.** - Душите на оние, кои го сакаат Исуса ќе бидат опкружени со чиста и пријатна атмосфера. Има такви, кои ја кријат својата духовна глад. Ним многу ќе им значи нежниот збор или љубезниот поздрав. Небесните дарови, кои Бог слободно и изобилно ги нуди, треба да им ги подаруваме на сите оние, кои влегуваат во сферата на нашето влијание. Така ја откриваме љубовта којашто потекнува одозгора и којашто ќе расте сè додека слободно се користи на благослов на другите. На таков начин го прославуваме Бога.

**Резултати од еден момент на непромисленост.** - Една тргната брана од совеста, попуштање на една зла навика, едно единствено занемарување на високите барања на должноста, може да биде почеток на од по патот на измамата, кој ќе ве одведе до нивото на оние, кои му служат на сатаната, додека за тоа време исповедате љубов кон Бога и Неговото дело. Момент на непромисленост, еден погрешен чекор, можат да го свртат целиот тек на вашиот живот во погрешен правец.

**Бог не прави чудо за да ја попречи жетвата.** - Господ ни праќа предупредувања, совети и укори за да имаме можност да ги исправиме своите грешки пред тие да станат дел од нашата природа. Но доколку одбиваме да се поправиме, Бог не се меша за да ги неутрализира тенденциите на нашето делување. Тој не прави чудо посеаното семе да не порасне и да донесе плодови.

Човекот кој јасно покажува дрско неверство или рамнодушна индиферентност кон божествената вистина, ќе пожнее плодови што самиот си ги посеал. Такво било искуството на многумина. Тие со рамнодушна индиферентност ги слушаат вистините, кои некогаш влијаеле врз нивните души. Тие посеале немарност, рамнодушност и отпор кон вистината; а такви се и плодовите што ги жнеат. Студенилото на мразот, цврстината на железото, непробојната, неприемчива природа на каменот - сето тоа наоѓа свој препис во карактерот на мнозина кои исповедаат христијанска вера.

Токму на таков начин Господ му го стврднал срцето на фараонот. Бог му зборувал на египетскиот цар служејќи се преку Мојсеја, давајќи му најсилни докази за божествената моќ; меѓутоа монархот тврдоглаво ја одбивал понудената светлина којашто имала за цел да го доведе до покајание. Бог не испратил натприродна сила за да му го стврдне срцето на бунтовниот цар, но кога фараонот ја одбил вистината, Светиот Дух го напуштил, а тој останал во темнина и неверие, кое сам го избрал. Со упорното отфрлање на влијанието на Светиот Дух, луѓето се отцепуваат од Бога. Тој во резерва нема некоја помоќна сила за да ги расветли нивните умови. Ниедно откривање на Неговата волја не може да ги досегне во нивното неверие.

**Да го оформиме нашето опкружување наместо тоа да нè оформи нас.** - Постојат зла, кои човекот може да ги намали, но никогаш не може да ги отстрани. Тој треба да ги надминува препреките и да го оформува опкружувањето, наместо тоа да го оформи него. Тој има доволно простор да ги развива своите таленти донесувајќи ред и хармонија од збрката. Во оваа работа тој може да добие божествена помош доколку побара. Тој во борбата со искушенијата и неволјите не им е препуштен на своите сопствени сили. Може да се надева на помош од Оној којшто е силен. Исус ги оставил царските небесни дворови и страдал и умрел во светот понижен од грев, со цел да го научи човекот како да помине низ животните проби и да ги надвладее своите искушенија. Ова е пример за нас.

**Бог сака да го обнови умот.** - Ѓубрето на сомнителните принципи и навики треба да се исчисти. Господ сака да ни го обнови умот и да ни го исполни срцето со богатствата на вистината.

**Треба промислено да се постапува со различните умови.** - Сите ние треба да го проучуваме карактерот и манирите за да знаеме како промислено да постапуваме со различните умови, за да можеме своите најдобри настојувања да ги насочиме на тоа да им помогнеме подобро да ја разберат Божјата Реч и значењето на вистинскиот христијански живот. Треба со нив да ја читаме Библијата и да им ги пренасочуваме умовите од световните работи, кон оние што се од вечен интерес. Должност на Божјите деца е да бидеме Негови мисионери и да се изедначуваме со оние на кои им е потребна помош. Ако некој потпаѓа под искушенија, неговиот случај треба внимателно да се разгледа и мудро да се води; затоа што во прашање е неговиот вечен интерес, а зборовите и постапките во работата со таквиот, можат да бидат животен мирис за живот, или смртен мирис за смрт.

**Непоколебливото начело е обележје на Исусовите ученици.** - Непоколебливо начело ќе го одбележува патот на оние кои седат покрај Исусовите нозе и учат од Него.

# ФАНАТИЧЕН УМ

**Фанатиците и фанатизмот ќе притискаат.** - Живееме во време кога буквално секаков вид на фанатизам ќе притиска за свое место помеѓу верните и неверните. Сатаната ќе дојде и лицемерно ќе зборува лаги. Ќе биде предочено сето она што тој може да го измисли за да ги измами мажите и жените.

**Како сатаната го прави тоа.** - Преку своето искуство откриваме дека доколку сатаната не може да ги држи врзани душите во студена индиферентност, тој тогаш ќе се обиде да ги турне во огнот на фанатизмот. Кога Божјиот Дух слегува меѓу Својот народ, непријателот исто така ја користи секоја можност да работи на најразлични умови и ги наведува да ги мешаат своите спефицични црти на карактерот со Божјото дело. Така, секогаш постои опасност да му се допушти на сопствениот дух да се меша со делото и да се прават неразумни чекори. Мнозина се впуштаат во свое дело, кое сами си го замислиле и кое не е поттикнато од Бога.

**Резултатот од негувањето на штетни склоности.** - Постојат некои кои не сакаат да слушаат. Долго одлучувале да го следат својот сопствен пат и својата мудрост, долго ги негувале своите наследени и стекнати штетни склоности на карактерот, така што станале слепи и не се во состојба да погледнат подалеку. Нивните начела се изопачени, се подигаат лажни стандарди, се поставуваат тестови кои не носат небесен потпис... Некои од овие порано се фалеле во Господа како народ што врши праведност и не ги заборава уредбите на својот Бог.

**Губење на здрав ментален однос.** - Оние коишто се фаќаат во сатанските стапици сè уште не стигнале до здрав ментален поглед на животот. Тие се збунети, самоважни и самодоволни. О, со каква жалост гледа Господ на нивните вообразени суетни зборови. Тие се надуени со гордост. Непријателот го следи сето тоа и самиот е изненаден колку лесно успеал да ги зароби.

**Лажна понизност.** - Многу пати меѓу оние, кои се декларираат како христијани се забележува повремена, лажна понизност. Некои, решени да се победат самите себе, се поставуваат себеси што е можно пониско; но се обидуваат да го сторат тоа користејќи ги само своите сопствени сили, а следниот бран на величење или ласкање ги носи надвор од видокругот. Тие не сакаат потполно да му се потчинат на Господа и Тој не може да работи преку нив.

Немојте да си припишувате било каква слава на себе. Не работете со поделен ум, обидувајќи се да му служите истовремено и на Бога и на себе. Држете се себеси настрана од својот видокруг. Вашите зборови нека ги доведуваат уморните и натоварените при Исуса, сочувствителниот Спасител. Работете онака, како да го гледате Него, кој ви е секогаш при рака, подготвен да ви даде сила за служба. Вашата единствена сигурност е во потполната зависност од Христа.

**Преголем излив на восхитувачки чувства.** - Некои не се задоволни од состаноците додека не доживеат впечатливи и среќни моменти. Тие работат на тоа да поттикнат чувства на возбуда. Но влијанието на таквите состаноци не е корисно. Кога ќе исчезне среќата на восхитувачките чувства, тие тонат уште подлабоко отколку што биле пред состанокот, затоа што нивната среќа не доаѓа од вистинскиот извор. Најкорисни собири за духовен напредок се оние кои ги карактеризира свеченост и длабока потреба на срцето; кога секој бара да се запознае себе и сериозно, во длабока понизност, сака да учи од Христа.

**Необични појави.** - Со ваквиот фанатизам, каков што имавме во последно време во Калифорнија, со посебно необични појави и тврдење за поседување на сила за изгонување на демони, сатаната настојува ако е можно да ги измами и избраните. Таквите личности, тврдејќи дека имаат посебна порака за нашиот народ, меѓусебно ќе се обвинуваат дека се опседнати од зол дух. Потоа по молитвата ќе објават дека демонот е истеран. Резултатот на нивното дело сведочи за тоа од каков карактер е истото. Наредено ми е да кажам дека Господ не беше во таквите необични манифестации туку дека таквите појави ќе ги заведат душите сè до нивно потполно уништување, доколку не бидат предупредени, а библиската вистина ќе биде изопачена.

**Природно воинствени.** - Некои луѓе се природно воинствени. Ним не им е грижа дали се усогласени со своите браќа или не. Сакаат да навлегуваат во судири, сакаат да се борат за свои одредени идеи; но би требало да се отргнат од ова, затоа што тоа не ги развива христијанските доблести. Работете со сета своја сила да одговорите на Христовата молитва за единство меѓу Неговите ученици, како што Тој е едно со Својот Татко. Ниедна душа не е сигурна доколку секојдневно не учи од Христа, од Неговата кротост и понизност.

Во својата работа немојте да постапувате диктаторски, не бидете строги и непријателски настроени. Проповедајте ја Христовата љубов и тоа ќе ги растопи и скроти срцата. Настојувајте да бидете со една мисла и еднаков суд со своите браќа и зборувајте исто. Разговорите за поделба што му се презентираат на вашиот ум, затоа што немаат сите исти идеи, не се Божје дело туку непријателско. Изнесувајте ја едноставната вис-

тина, она за коешто можете да се согласите. Зборувајте за единство, немојте да бидете тесногради и суетни; дозволете вашиот ум да се шири.

**Следење на сопствени стандарди.** - Многина, многина ѝ веруваат на својата сопствена праведност. Тие поставуваат стандарди за себе и не и се покоруваат на Христовата волја ниту му дозволуваат да ги облече во облеката на Неговата праведност. Тие го формираат карактерот според сопствената волја и желби. Сатаната е многу задоволен со таквата нивна вера. Тие погрешно го претставуваат совршенството на карактерот – праведноста – која е всушност Христова. Самите измамени ги мамат и другите. Нив Бог не ги прифаќа. Тие се склони да водат и други души на погрешни патеки. Тие на крајот ќе ја примат својата плата заедно со големиот измамник, сатаната.

**Реакција на фанатикот.** - Пред неколку години, човекот по име Н. од Ред Блаф, Калифорнија, дојде кај мене да ми предаде порака... Мислеше дека Бог ги заобиколил сите водечки работници и токму нему му предал порака. Се обидов да му укажам дека е во заблуда... Кога му ги изнесовме нашите ставови и му изложивме дека не е во право, на него дојде голема сила и тој испушти некаков гласен крик... Имавме многу големи проблеми со него; неговиот ум стана нестабилен и беше сместен во душевна болница.

**Како да се соочиме со фанатик.** - Бог ги повикува своите слуги да го проучуваат Неговиот ум и волја. Кога ќе ви дојдат луѓе со чудни теории, не влегувајте во судир со нив, туку потврдете им го она што веќе го знаете. „Пишано е,“ треба да биде вашето оружје. Постојат луѓе, кои ќе настојуваат да исплетат конци со своите лажни теории. Фала му на Бога што има и такви кои се поучуваат од Него и кои знаат што е вистина.

**Внимавајте на своите искази и гледишта.** - Ова е време кога мораме да бидеме многу будни и внимателно да го чуваме карактерот на делото коешто се извршува. Некои ќе настојуваат да внесат лажни теории и ќе настапуваат со лажни пораки. Сатаната ќе ги поттикне човечките умови за да создаде фанатизам во нашите редови. Видовме вакво нешто во 1908 година. Господ сака Неговиот народ внимателно да оди напред, внимавајќи при тоа на своите изрази и гледишта. Сатаната ќе користи лични специфичности и глас за да предизвика возбуда и ќе работи на човечките умови за да измами.

**Избегнување на човечки замислени мерила.** - Постојано ќе се појавуваат нови и чудни нешта за да го одведат Божјиот народ во некаков вид на лажно возбудување, верски заживувања и необични појави; но нашиот народ не треба да им се потчини на таквите човечки измислени мерила било какви и да се, зашто тие имаат за цел да создадат судири на сите линии.

**Внимавајте на таканаречената „новата,“ „прекрасна“ така наречена напредна светлина.** - Душата ми е оптоварена, зашто знам што е пред нас. Ќе навлегуваат секакви можни измами за да влијаат на оние, кои немаат секојдневна, жива врска со Бога. Сатанските ангели се мудри на зло, тие ќе креираат такви нешта што некои тоа ќе го прогласат за напредна светлина и за нешто ново и прекрасно; иако во одредена мера таа порака може да биде вистина, таа ќе биде помешана со човечки замисли и ќе учи наука на човечки заповеди. Доколку било кога постоело време кога треба да стражариме и да се молиме со сета сериозност, тоа време е сега.

Многу навидум добри нешта треба внимателно да се разгледаат и тоа со многу молитва; затоа што тоа се измамливи изуми на непријателот, со цел да ги одведе душите на патеката, којашто толку многу е блиску до вистинскиот пат, така што ќе им биде тешко да го разликуваат од лажниот. Но окото на верата може да забележи дека се одвојува од вистинската патека, иако одвај забележително. Најнапред таа патека може да изгледа сосема во ред, но по извесно време сосема забележително е дека во голема мера се одвојува од патеката којашто води кон светоста и небото. Браќа мои, ве предупредувам да ги израмнувате патеките за своите нозе, за она што е хромо да не се отклони.

**Фанатизмот тешко се гаси.** - Фанатизмот, еднаш задвижен и незадушен, тешко може да се изгаси, исто како и пожар што зафаќа зграда. Оние, кои навлегле и го поддржуваат овој фанатизам (светост на телото), многу подобро е да биле ангажирани со световна работа, затоа што со својот недоследен курс на делување го обесчестуваат Бога и го изложуваат на опасности Неговиот народ. Многу такви движења ќе се појават во времето кога Господовото дело треба да стои воздигнато, чисто, неизвалкано со празноверие и бајки. Ние треба да стражариме, да одржуваме тесна врска со Христа, за да не бидеме измамени од сатанските замисли.

**Префинети теории што го исполнуваат умот.** - Сатаната настојува на многу начини да ги заокупира со префинети теории токму оние што треба да ја проповедаат пораката, и таквите теории навидум ги прави да изгледаат толку важни, како да го исполнуваат сиот ум; и додека мислат дека зачекориле во прекрасни искуства, тие идолизираат неколку идеи, а нивното влијание станува штетно и има многу мала корист за Божјето дело.

Секој проповедник нека направи силни напори да заклучи каков е Христовиот ум. Има такви кои бираат места од Божјата Реч, а исто така и од Сведоштвата, издвојувајќи параграфи или реченици, кои можат да ги искористат во прилагодување на своите замисли, се задржуваат на нив и ги доградуваат своите ставови, но во тоа немаат Божјо водство. Сето ова му е угодно на непријателот. Ние не треба непотребно да заземаме курс, кој ќе создава разлики или причини неслога. Не треба да создаваме впечаток дека доколку не се следат нашите замисли и идеи, дека тоа е заради недостаток на разбирање на проповедниците.

Во Христовите поуки има многу предмети на чијашто основа може да зборувате, а прашањата што ниту вие ниту вашите слушатели не можете да ги разберете или објасните, подобро е да ги оставите. Дајте му место на Господа Исуса Христа да поучува; дозволете му под влијание на Својот Дух да ја отвори вратата на разбирање на прекрасниот план на спасение.

**Свртете се од негативната страна (совет на еден проповедник).** - Кога би можел да го видиш резултатот на постојаната преокупација со негативната страна, како што со години постапуваш во помала или поголема мера, би имал поголемо разбирање за зборовите на Спасителот запишани во осумнаесетото поглавје на евангелието по Матеј. Учениците дошле кај Исуса поставувајќи му прашање: „Кој е најголем во небесното царство? А Тој викна едно дете кај Себе, го постави сред нив и рече: Вистина ви велам, ако не се преобратите и станете како деца, нема да влезете во небесното царство. И затоа, секој што ќе се понизи себеси како ова дете, ќе биде поголем во небесното царство. И секој кој прима такво дете во Мое име, Мене Ме прима. А кој ќе наведе на грев едно од овие мали кои веруваат во Мене, за него поарно е да му се обеси воденички камен на вратот и да потоне во морската длабочина. Тешко му на светот од соблазни! Зашто неизбежно е соблазните да дојдат, но тешко му на оној човек, преку кого ќе дојдат соблазните!“ (Матеј 18:1-7)

Брате мој, отфрли ги сите зли мисли. Понизи го срцето пред Бога. Тогаш откако ќе ти се отворат очите, нема повеќе да стоиш на негативната страна. „Ако твојата рака или твојата нога те наведува на грев, отсечи ја и фрли ја од себе; подобро е за тебе да влезеш во животот осакатен и куц, отколку имајќи две раце или две нозе да бидеш фрлен во вечниот оган“ (Матеј 18:8). Отстрани ги штетните особини, колку и да е тоа болно за човечката природа. „И ако те наведува на грев твоето око“ - ако е толку остро да забележува за да критикува и да се спротивставува - „извади го и фрли го; подобро е за тебе да влезеш во животот со едно око, отколку имајќи две очи да бидеш фрлен во огнениот пекол“ (Стих 9).

**Верата го победува негативизмот.** - Ќе имаме успех доколку тргнеме напред со вера, решени разумно да го вршиме Божјото дело. Не смееме да си дозволиме да нè попречуваат луѓе, кои сакаат да стојат на негативната страна, покажувајќи многу малку вера. Божјото мисионерско дело ќе го изнесуваат луѓе со голема вера и тоа со сигурност ќе расте во сила и продуктивност.

**Опасност од индивидуална независност.** - Во црквата секогаш имало поединци кои се стремеле кон лична независност. Се чини дека тие не сфаќаат дека независниот дух лесно може да ги наведе луѓето премногу да се потпираат врз себе и врз сопствениот суд, наместо да ги почитуваат советите и високо да го ценат судот на своите браќа, особено оние, кои Бог ги поставил да го водат Неговиот народ. Бог на Својата цр-

ква и дал посебен авторитет и сила, кои никој нема право да ги потценува ниту да ги презира, зашто оној што постапува така, го презира Божјиот глас.

**Мир што се открива во негување на кротост.** - Душата наоѓа одмор само во негување на кротост и понизност во срцето. Христовиот мир никогаш не пребива онаму каде што владее себичноста. Душата не може да расте во благодатта кога е насочена кон себе и негува гордост. Исус ја презел на себе позицијата, којашто човекот мора да ја заземе, за да може да го прими и одржи Христовиот мир во срцето. Оние, кои му се понудиле на Христа да бидат Негови ученици, мораат секојдневно да се одрекуваат од себе, мораат да го земат крстот и да ги следат Христовите стапки. Тие мораат да одат таму каде ги води Неговиот пример.

**Доблеста на христијанската учтивост.** - Павле, иако во начело цврст како карпа, сепак секогаш внимавал на својата учтивост. Тој бил ревен за виталните точки и не бил безобзирен во поглед на милноста и должната учтивост во општествениот живот. Божјиот човек не го проголтал општествениот човек.

Некои луѓе зборуваат на непријатен и неучтив начин, кој ги навредува чувствата на другите, а потоа се оправдуваат велејќи: „Тоа е мој стил; секогаш го кажувам она што го мислам“, и така оваа своја зла црта од карактерот ја величаат како да е доблест. Нивното неучтиво однесување треба одлучно да биде укорено.

**Творецот повикува да се соочиме со секаков вид на фанатизам.** - Во 1844 година моравме да се соочиме со фанатизам од сите страни, но секогаш ми доаѓаше мислата: голем бран на возбуда е штетен за делото. Следете ги Христовите стапки. Добив порака дека мораме да се соочиме со секаков вид на фанатизам. Бев упатена да му покажам на народот дека со бранот на возбуда беше извршено необично дело. Постојат такви, кои ја користат секоја можност да внесат празноверие. На тој начин се затвораат вратите за објавување на здрава наука.

**Опасноста што се приближува.** - Како што се ближи крајот, непријателот ќе работи со сета своја сила да внесе фанатизам меѓу нас. Тој е среќен да ги види адвентистите на седмиот ден како одат во такви крајности како би биле обележани од светот како фанатици. Наредено ми е на оваа опасност да ги предупредам проповедниците и лаиците. Наша задача е да ги учиме мажите и жените да градат на вистинскиот темел, да поставаат своите стапала на она јасното „Така вели Господ.“

**Умот под контрола на еден вид на фанатизам.** - Јасно говорев во врска со опасната наука, која учи, една личност да дозволи умот да ѝ биде контролиран од друга личност. Ова е ѓаволска наука.

**Негување на непристрасен, оптимистички поглед.** - Нема причина својот поглед да го задржуваме на грешките, да се ожалостуваме и жалиме и да губиме драгоцено време и можности во оплакување на маните на другите... Зар не би му било поугодно на Бога да заземеме непристрасно гледиште и да видиме колку души му служат на Бога и им се противат на искушенијата, прославувајќи го и оддавајќи му чест со своите таленти на средства и интелект? Зар не би било подобро да ја набљудуваме прекрасната Божја сила во преобразувањето на сиротите, деградирани грешници, кои некогаш биле полни со морална валканост, а кои сега толку се преобразиле што имаат карактер сличен на Христовиот?

# ЗДРАВА НОРМАЛНОСТ

**Извор на вистинската среќа.** - Постојат личности со болна мечта, за кои религијата е тиранин што владее со нив како со железна палка. Таквите постојано се жалат на својата изопаченост и воздивнуваат над оние нешта кои тие претпоставуваат дека се зли. Во нивните срца не пребива љубовта; на лицето секогаш имаат тмурен израз. Ним им смета невината смеа кај младите или кај било кој друг. Тие секоја рекреација или забава ја сметаат за грев и мислат дека умот постојано мора да биде во рамките на строгоста и сериозноста. Ова е една крајност.

Други пак мислат дека за умот да биде здрав, секогаш мора да биде напрегнат во измислување на нови забави и разоноди. Тие се учат на зависта од возбудувања и немаат спокој без нив. Тоа не се вистински христијани. Тие одат во друга крајност.

Вистинските христијански начела пред сите отвораат извор на среќа, висина и длабочина, должина и ширина, кои се неизмерни. Христос во нас е извор на вода, која тече во вечен живот. Тој е непресушен извор и неисцрплив бунар од којшто христијанинот може да се напојува до наситка.

**Воодушевување што брзо исчезнува.** - Ние не треба да охрабруваме дух на ентузијазам, кој некое време донесува воодушевување, но набргу потоа исчезнува, оставајќи зад себе обесхрабрување и депресија. Нам ни е потребен Лебот на животот, кој доаѓа од небото за да и даде живот на душата. Проучувајте ја Божјата Реч. Не дозволувајте да ве контролираат чувствата. Сите оние што работат во Господовото лозје, мораат да научат дека чувствата не се вера. Од нас не се бара секогаш да бидеме во некаква возвишена состојба. Но потребно е да имаме цврста вера во Божјата Реч како Христово тело и крв.

**Ниту студена ортодоксност, ниту безгрижен либерализам.** - Напредокот на реформата зависи од јасното сфаќање на основните вистини. Тесно ограничената филозофија и строгата и студена ортодоксност претставуваат опасност од една, а безгрижниот либерализам од друга страна. Темел на секоја трајна реформа е Божјиот закон. Ние треба со јасни и одредени докази да ја истакнеме потребата од покорување на тој закон. Неговите прописи мораат да бидат држени во вниманието на луѓето. Тие се вечни и непроменливи како и самиот Бог.

**Потребни се добро урамнотежени умови.** - Во посланијата е кажано многу за разумната вера. Тоа нè поучува дека е неопходна внимателност. Ние не смееме во своето искуство да ги внесуваме сопствените склоности и груби карактерни црти. Тоа погрешно ќе ги претстави драгоце-

ните, возвишени и благородни начела на вистината и ќе ги одведе другите во заблуда. Исправноста во верата, подразбира многу повеќе отколку што некои сфаќаат. Тоа значи да се поправи секоја грешка што постои во нашите мисли и постапки, за да не ја расипеме Божјата Реч.

Денес постои потреба од добро урамнотежени умови, од здрави и корисни христијани. Мнозина од оние, кои се изјаснуваат дека се Христови, имаат болно искуство. Тие не можат да поднесат ништо нелагодно. Ја губат својата присебност доколку забележат дека на некој начин се омаловажени или повредени, доколку нивните браќа не биле нежни кон нив на онаков начин, како што самите мислат дека би требало да бидат. Големиот Лекар со Своето бесконечно знаење, би им го обновил нивното морално здравје; но таквиот пациент одбива да го прифати рецептот што му е понуден. Ваквите личности би можеле да ја применат Божјата Реч на кратко во својот случај, но тие не стануваат извршители на таа Реч. Набргу потоа потпаѓаат под влијанија кои им одговараат на нивните природни вкусови и со тоа го неутрализираат сето она што дотогаш го стекнале.

**Негување на сите способности.** - Доколку некои способности се користат за сметка на други, тогаш Божјата замисла не се остварува во потполност во нас, затоа што сите способности се поврзани и во голема мера зависат една од друга. Човекот не може да биде добро искористен без делување на сите тие способности, за да биде зачувана урамнотеженоста. Ако целата сила и внимание се насочат кон еден талент, додека другите мируваат, напредокот е силен само во еден правец и води во крајност, затоа што не доаѓа до облагородување на сите сили. Некои умови закржлавеле и не се соодветно урамнотежени. Сите умови не се подеднакво склопени. Среќаваме различни умови; некои се силни на извесни подрачја, а многу слаби на други. Овие толку впечатливи недостатоци, не мораат и не треба да постојат.

Ако оние што ги поседуваат, ги јакнат слабите точки во својот карактер одгледувајќи и практикувајќи ги, тие ќе станат силни.

**Да се стават сите умни сили во погон.** - Треба сите умни сили да се стават во употреба и да се развиваат, за да можат мажите и жените да имаат урамнотежени умови. Светот е полн со еднострани мажи и жени коишто станале такви, затоа што облагородувале една група од своите таленти додека другите закржлавеле заради неактивност.

Образованието на најголемиот број од младите претставува неуспех. Тие учат прекумерно, додека од друга страна го занемаруваат оној дел што се однесува на практичниот деловен живот. Мажите и жените стануваат родители без притоа да обрнат внимание на своите способности, така што нивното потомство тоне уште подлабоко на скалата на човечките недостатоци, отколку што тие самите биле. Така доаѓа до брзо деградирање на човечкиот род.

Потребата да се учи постојано, како што денес се раководи со училиштата, ги онеспособува младите за практичниот живот. Човечкиот ум бара акција. Доколку не е активен во вистинска насока, тогаш ќе биде во погрешна. За да ја зачуваме урамнотеженоста на умот, работата и учењето во училиштата треба да бидат соединети.

**Методите на усовршување достапни на сите.** - Потребни се млади, кои ќе бидат луѓе од разбирање, кои ги ценат интелектуалните способности што им ги дал Бог и кои ги негуваат со најголема грижа. Работата ги проширува ваквите способности и ако културата на срцето не се занемари, карактерот ќе биде добро урамнотежен. Средствата за усовршување им се достапни на сите. Затоа никој да не го разочара Учителот кога ќе дојде да побара плод, покажувајќи му само лисја. Одлучната намера, посветена со Христовата благодат, ќе направи чуда.

**Телото, умот и срцето под Божја контрола.** - Оној, кој вистински го сака и има страв од Бога, со единствена цел трудејќи се да ја твори Неговата волја, ќе ги стави своето тело, својот ум, своето срце, својата душа и својата сила во служба на Бога. Така било со Енох. Тој чекорел со Бога... Оние, кои одлучиле Божјата волја да ја сторат своја мораат да му служат и да му угодуваат на Бога во сè. Тогаш карактерот ќе биде складен и добро урамнотежен, доследен, полн со ведрина и искрен.

**Способностите на умот треба да управуваат со телото.** - Вистинското воспитување го опфаќа целото битие. Тоа учи како правилно да ги употребиме нашите способности. Ни овозможува да ги искористиме мозокот, коските и мускулите на телото, умот и срцето на најдобар начин. Умствените способности, како повисоки сили, треба да управуваат со царството на телото. Природните апетити и страсти треба да бидат доведени под контрола на совеста и љубовта кон духовното. Христос е главата на човештвото, Негова цел е да нè води, преку службата за Него, по возвишените и свети патеки на чистотата. Ние треба да станеме целосни во Него преку чудесното дело на Неговата благодат.

**Добро развиени умови и широки карактери.** - Божјите работници мораат да настојуваат да бидат сестрани луѓе, т.е. да имаат ширина на карактерот, да не бидат луѓе од една идеја, стереотипни во еден начин на работа, кои влегуваат во текот на застарените шеми и се неспособни да забележат и да почувствуваат дека нивните зборови и застапувањето на вистината мораат да варираат во зависност од тоа со каков тип на луѓе работат и со какви околности се среќаваат. Секој треба непрекинато да настојува правилно да го развива својот ум и да ја надвладее неурамнотеженоста во карактерот. Ова мора да биде ваш постојан предмет на проучување, ако сакате да бидете корисни и успешни работници.

**Баналните и неважни работи го закржлавуваат умот.** - Во умот на секој ученик треба да се втисне мислата дека образованието е погрешно, доколку разумот не научи да ги прифаќа вистините на божественото откровение и доколку срцето не ги прифати учењата на Христовото евангелие. Ученикот кој наместо широките начела на Божјата Реч, ги прифаќа општите замисли, и времето и вниманието ги посветува во прифаќање на баналности, тривијални работи, ќе открие дека умот закржлавува и слабее. Тој ја губи моќта за развој. Умот мора да се вежба да ги сфати важните вистини што се однесуваат на вечниот живот.

**Не треба да ги преоптоваруваме умовите со бескорисни нешта.** - Образованието, онакво какво што денес се применува во училиштата, е еднострано и затоа погрешно. Како оние што ги откупил Божјиот Син, ние сме Негова сопственост и секој од нас треба да се обучува во Христовото училиште. За нашите училишта треба да се изберат мудри учители. Учителите мораат да работат со човечките умови и пред Бога се одговорни да втиснат во нив нужност од познавањето на Христа како личен Спасител. Но никој не може правилно да ја воспитува Божјата откупена сопственост, доколку и самиот не е научен во Христовото училиште како да поучува.

Морам да ви кажам, дека според светлината што ми беше дадена, знам колку многу време и пари се потрошени на стекнувањето знаење, кое е како слама за учениците; затоа што тоа знаење не ги оспособува да им помогнат на своите другари во оформување на карактер кој ќе ги оспособи за заедница со светите и со ангелите во повозвишеното училиште. Наместо младите умови да се преоптоваруваат со многу нешта кои се неумесни и во многу случаи никогаш нема да им бидат од корист, треба да се воведе практична настава. Времето и парите се трошат во стекнување на бескорисно знаење. Умот треба внимателно и мудро да се подучува да се потпира на библиската вистина. Главна цел на образованието треба да биде стекнување на знаење за тоа како можеме да го прославиме Бога, чијашто сопственост сме и според создавањето и според откупувањето. Исходот на образованието треба да биде оспособеноста да го разбереме Божјиот глас...

Како прачките на Родната Лоза, Божјата Реч претставува единство во различностите. Во неа постои совршено, натчовечко, загадочно единство. Таа ја содржи божествената мудрост и е темел на секое вистинско образование; но односот кон оваа Книга беше рамнодушен.

Сега, како никогаш порано, треба да ја сфатиме вистинската наука на образованието. Ако пропуштиме да го разбереме тоа, никогаш нема да добиеме место во Божјото царство. „А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исус Христос, Кого си го испратил“ (Јован 17:3). Ако ова е цената за небото, зар нашето образование не треба да се насочува и води токму во овој правец?

**Поставување на железна власт над другите го обесчестува Бога.** - Бог нема да ја оправда било која замисла со чија помош човекот и во најмала мера се обидува да владее или да ги угнетува своите ближни. Штом човекот почнува да поставува железен авторитет над другите, тој го обесчестува Бога и ја доведува во опасност сопствената душа, како и душите на своите браќа.

**Неопходно е урамнотежување на различни умови.** - Тука имаме збир на разни умови, со различно образование и различна подготовка и не очекуваме дека секој ум ќе се слие во ист калап; но се поставува прашањето: дали тие гранки сме ги накалемиле на родителската Лоза? Тоа е она што го бараме и што сакаме да ги запрашаме како учителите, така и самите ученици. Сакаме да знаеме дали навистина сме накалемени на Лозата. Ако сме, можеме да имаме различни манири, различни стилови и различни изрази. Можеме да ги набљудуваме нештата од различни агли и да имаме идеи, што се однесува до Светото Писмо, кои меѓусебно се разликуваат и не се во негова спротивност, но сепак нашите идеи можат да варираат. Мојот ум може да тежнее кон правци кои ми се најсвојствени, а некој друг може да размислува и да заземе став што му одговара на неговиот карактер и да согледа многу длабок интерес таму, каде што другите не можат да го видат.

**Исоп, кедар и палма.** - Од сите Господови замисли не постои ништо поубаво од Неговиот план да им дава различни дарови и на мажите и на жените. Црквата е Негова градина, украсена со разни дрвја, растенија и цвеќе. Тој не очекува од исопот да ги достигне размерите на кедарот, ниту пак маслинката да се испружи до височините на отменатa палма. Мнозина имаат примено само ограничено верско и интелектуално воспитување, но Бог има задача за оваа група ако таа сака да работи во понизност, имајќи доверба во Него.

**Различни карактери како цвеќето.** - Од бескрајната разновидност на растенијата и цвеќето можеме да научиме важна порака. Сите цветови не се исти по форма и по боја. Некои од нив имаат исцелителски својства. Некои секогаш пријатно мирисаат. Има христијани, кои мислат дека им е должност секој друг христијанин да го направат сличен на себе. Ова е човечки, а не Божји план. Во Божјата црква има места за карактери различни како и цвеќето. Во Неговата духовна градина постојат разни облици на цвеќе.

**Моќта на умот и телото - Божји дар.** - Божјите барања мораат да се втиснат врз совеста. Мажите и жените мораат да бидат свесни за должноста на самосовладување, за потребата за чистота, слобода од секое изопачено барање и расипана навика. Тие треба да се импресионирани од фактот дека сите нивни сили и сета моќ на телото и умот се Божји дар

и дека треба да се сочуваат во најдобра можна состојба, за да бидат искористени во Неговата служба.

**Бог сака складни карактери.** - Бог ги кара луѓето, затоа што ги сака. Тој сака да бидат силни во Неговата сила, да имаат добро урамнотежени умови и складни карактери и тогаш како такви ќе бидат пример за Божјето стадо и ќе можат да го водат правилно и преку пример кон небото. Тогаш ќе изградат свет храм за Господа.

# **Отсек Два**

# *Основни односи*

# БОЛЕСТИ ШТО ЗАПОЧНУВААТ ВО УМОТ

**Премалку се размислува за причинските фактори.** - Премногу малку се размислува за причините за смртноста, болестите и дегенерацијата кои денес постојат и во најцивилизираните и најразвиени земји. Човечката раса пропаѓа.

**Девет десетини од болестите се производ на умот.** - Болестите на умот преовладуваат насекаде. Девет десетини од болестите од коишто страдаат луѓето имаат свој зачеток во умот. Можеби некој семеен проблем, како рак, ја јаде самата душа и ги слабее животните сили. Каењето за гревовите понекогаш ги поткопува телесните сили и доведува до неурамнотеженост на умот. Исто така постојат погрешни учења, како она за вечниот пекол и вечното мачење на злите, коишто, давајќи преувеличени и изопачени погледи за Божјиот карактер, предизвикуваат исти резултати врз чувствителните умови.

**Умот влијае на телото.** - Односот што постои помеѓу умот и телото е многу тесен. Кога се влијае на едното, другото сочувствува. Состојбата на умот влијае врз здравјето на целиот организам. Ако умот е слободен и среќен, што потекнува од исправните постапки и чувството на задоволство кога се усреќуваат други, тоа создава ведрина којашто се одразува на целиот организам, предизвикувајќи послободна циркулација на крвта и јакнење на целото тело. Божјиот благослов е исцелителска сила и оние коишто со задоволство работат за добробит на другите ќе забележат чудесен благослов во срцето и животот.

**Добро нахранет и здрав мозок.** - Мозокот е орган и инструмент на умот и го контролира целото тело. За останатите делови на организмот да бидат здрави, мозокот мора да биде здрав. А за да биде здрав мозокот, крвта мора да биде чиста. Ако крвта со исправни навики во јадењето и пиењето се одржува чиста, тогаш мозокот исправно се храни.

**Далекусежното влијание на мечтата.** - Имагинацијата на пациентот честопати ја предизвикува или многу ја влошува неговата болест. Мнозина кои можеле да се чувствуваат добро остануваат инвалиди за цел живот само затоа што самите се сметале за такви. Мнозина си замислуваат дека секакво лесно изложување ќе предизвика болест и злото кое го насетуваат и очекуваат обично и доаѓа. Мнозина умираат од болести кои се целосно замислени.

**Електричната сила на мозокот го оживува организмот.** - Треба да се нагласи влијанието на умот врз телото исто како и влијанието на телото врз умот. Електричната сила на мозокот, засилена со умствена активност, го оживува целиот организам и на тој начин станува скапоцена помош во спротивставувањето на болестите. Ова мора јасно да се изнесе. Силата на волјата и важноста на самоконтрола како за чувањето така и за обновувањето на здравјето; штетните, па дури и разорните последици од гневот, незадоволството, себичноста, порочноста, и од друга страна, прекрасната животна сила која се наоѓа во доброто расположение, несебичноста, благодарноста - сето тоа исто така треба да се прикаже.

**Некои се болни затоа што им недостасува сила на волјата.** - На своите патувања сретнав многу кои страдаат поради својата имагинација. Им недостасува сила на волјата за да се издигнат и да ги победат болестите на телото и умот; затоа биле држени во ропство на страдањата...

Често се случуваше да се свртам од болничките постели на тие луѓе кои самите себе се направиле инвалиди, велејќи си самата на себе: споро умирање, умирање заради мрзливост, тоа е болест која никој не може да ја излечи, освен самите тие.

**Важноста за здрав ум и здраво тело.** - Менталната и моралната сила зависи од физичкото здравје. Децата мораат да се учат да ги жртвуваат сите задоволства и попуштања кои им штетат на нивното здравје. Ако децата се научат на самооткажување и самоконтрола, ќе бидат многу посреќни отколку ако им се дозволи да им се препуштаат на своите желби за задоволство и екстраваганција во облекувањето...

На доброто здравје, бистриот ум и чистото срце не им се придава првенствена важност во семејствата. Многу родители не ги воспитуваат своите деца за корисност и должност. Тие се разгалени и склони на попустливост така што самооткажувањето им станало скоро невозможно. Тие не се поучувани дека на успешниот христијански живот му претходи развој на здрав ум во здраво тело што е од најголема важност.

**Деца кои премногу рано се изложуваат на голем притисок.** - Извесно е дека во училниците е поставен темел за разни видови на болести. Но, она што лично нè засега, најсложениот орган - мозокот, често се ранува од преголеми напори... Така, многу животи се жртвувани од амбициозните мајки. Од оние деца коишто очевидно имале доволно силен склоп за да ги преживеат таквите постапки, има многу такви кои последиците ги носат во текот на целиот свој живот. Нервната сила на мозокот толку многу ослабнува што откако ќе навлезат во позрели години невозможно им е да издржат поголем психички напор. Силата на некои од сложените органи на мозокот изгледа истрошена. Не само што физичкото и менталното здравје се загрозува со прераното испраќање на училиште, туку тие исто така се губитници и од морална гледна точка.

**Болеста понекогаш ја причинува свртеноста кон себеси.** - Мнозина физички, ментално и морално заболеле затоа што вниманието скоро постојано им било насочено кон себеси. Тие можеле да се спасат од мирувањето со здравата виталност на младите и различни умови и со немирната детска енергија.

Малкумина од нив ја сфаќаат ползата од грижата, одговорностите и искуствата кои децата ги внесуваат во семејството... Куќата без деца е пусто место. Срцата на оние кои живеат во домот се во опасност да станат себични, да го посакуваат само своето лично спокојство и да ги земаат во обѕир само сопствените желби и удобност. Тие си прибираат сочувство за себе, но многу малку им нудат на другите. Грижата и љубовта кон децата го отрга лошото од нашата природа, нè прави понежни и сочувствителни и влијае на развојот на благородните елементи од нашиот карактер.

**Депресивните чувства се штетни по здравјето.** - На сите им е должност да развиваат ведрина наместо постојано да се бават со тагата и неволјите. Мнозина на ваков начин не само што се несреќни туку на својата болна мечта ѝ го жртвуваат и здравјето и среќата. Во нивното опкружување постојат нешта кои не се прифатливи и изразот на нивните лица секогаш е тмурен и појасно од секој збор го изразува незадоволството. Таквите депресивни чувства се многу штетни по нивното здравје, затоа што го попречуваат процесот на варење на храната. Додека жалоста и загриженоста не можат да го излечат ниту најмалото зло, можат да направат голема штета; но ведрината и надежта, додека ги осветлуваат патеките на другите „се живот за оние кои ги наоѓаат и исцелување за сето нивно тело“ (Изреки 4:22).

**Во работата за болните, треба да се проучуваат умовите.** - При лекувањето на болните не смее да се занемари менталното влијание. Правилно употребено, тоа влијание претставува едно од најефективните средства за совладување на болеста.

**Болеста произведена во умот.** - Бројни болести кои му нанесуваат болка на човештвото имаат корен во умот и можат да се излекуваат единствено со обнова на умот. Има многу повеќе ментално болни луѓе отколку што ние мислиме. Болестите на срцето мнозина ги прави потиштени и предизвикуваат лошо варење на храната, затоа што менталните болести имаат парализирачко влијание на органите за варење.

**Христос исцелува.** - Постои болест на душата што никаков мелем не може да ја ублажи, ниту лек да ја исцели. Молете се за таквите и доведете ги кај Исуса Христа.

**Атмосфера која донесува здравје и ведрина.** - Родителите треба да ги опкружуваат децата пред сè со атмосфера на ведрина, учтивост и љубов. Домот во кој што пребива љубовта и каде што таа се изразува во погледите, зборовите и постапките е место во коешто ангелите уживаат да престојуваат. Родители, светлината на љубовта, ведрината и среќата секогаш нека ги исполнува вашите срца и нека нејзиното слатко влијание продира во домот. Покажувајте љубезен, трпелив дух, и така истото тоа поттикнете го кај своите деца, негувајќи ги сите оние благодети кои ќе го осветлат животот во вашиот дом. Атмосферата којашто се создава на таков начин за децата ќе биде она што воздухот и сончевата светлина се за растителниот свет, подобрувајќи го здравјето и силата на умот и телото.

# РЕЛИГИЈАТА И УМОТ

**Христовата љубов го заживува целото битие. -** Христовата љубов го проткајува целото битие со својата животворна сила и ги обновува здравјето и силата на најважните животни органи - силата на мозокот, срцето и нервите; таа ги поттикнува на работа највозвишените сили на човековото битие. Ја ослободува душата од вина и тага, од немир и грижа кои ги уништуваат животните сили. А со неа доаѓаат спокојство и сталоженост; таа во душата буди радост која не може да ја уништи ништо земско - радост во Светиот Дух, радост која донесува здравје и живот.

**Христовото дело е да ги исцели оние кои се со скршено срце. -** Божјата исцелителна сила ја проткајува целата природа. Ако дрвото е повредено, ако човечкото суштество е рането или скршило коска, природата веднаш почнува да ја зацелува повредата. Дури и пред да се појави потреба, исцелителните сили се во состојба на готовност; и штом е повреден дел од телото, сите сили се посветуваат на делото на обновување. Така е и на подрачјето на духовното. Уште пред гревот да создаде потреба од тоа, Бог се погрижил за лек. Непријателот ја ранил и повредил секоја душа која попуштила пред искушението; но, каде што е гревот, таму е и Спасителот. Христовото дело е „да ги исцели скрушените по срце, да им проповеда на заробените ослободување, ... да ги пушти на слобода напатените“ (Лука 4:18).

**Спасителовиот рецепт за умствените и духовните болести. -** Зборовите на нашиот Спасител: „Дојдете кај Мене, ... и Јас ќе ви дадам одмор“ (Матеј 11:28), претставуваат божествен рецепт за исцелување од физичките, менталните и духовните заболувања. И покрај тоа што луѓето, поради сопствените грешки, си навлекле страдања, Тој гледа кон нив со сомилост. Тие можат да најдат помош во Него. Тој ќе направи големи дела за оние кои веруваат во Него.

**Евангелието наспроти науката и литературата. -** Науката и литературата не можат да внесат светлина во замрачените човечки умови како што може славното евангелие на Божјиот Син. Единствено Божјиот Син може да го заврши големото дело на расветлување на душата. Не е чудно што Павле извикал: „Не се срамам од Христовото евангелие: затоа што претставува Божја сила за спасение на секој кој верува“ (Римјаните 1:16) Христовото евангелие станува лично обележување на оние кои веруваат и ги прави живи посланици, познати и читливи за сите луѓе. На овој начин квасецот на побожноста преминува во мноштвото. Небесните умови се способни да ги разликуваат вистинските елементи на карактерната големина и само добрината се цени како продуктивна кај Бога.

**Само евангелието може да ги исцели злата кои се проклетство за општеството.** - Единствен лек за гревовите и за жалостите на луѓето е Христос. Единствено евангелието на Неговата благодат може да го исцели злото што го мачи општеството. Неправдата на богатите кон сиромашните и омразата на сиромашните кон богатите имаат свој корен во себичноста, а себичноста може да се отстрани само со покорност на Христа. Само Тој може себичното срце полно со грев да го замени со ново срце полно со љубов. Христовите слуги нека го проповедаат евангелието, инспирирани со Духот кој дошол од небото, и нека го извршуваат делото што го извршувал Христос за благосостојба на луѓето. И тогаш ќе се покажат резултати – благослов и издигнување на човештвото какви што никогаш не можеле да се постигнат со човечка сила.

**Совршенство може да се постигне само преку хармоничен развој. -** Развојот на умот е должност која ја имаме кон себеси, кон општеството и кон Бога. Но ние никогаш не треба да измислуваме начини за развивање на интелектот по цена на моралот и духовноста. Крајно совршенство на менталните и моралните способности може да се постигнат само со хармоничен развој на тие способности.

**Божествениот квасец го менува умот. -** Во параболата жената го ставила квасецот во брашното. Тоа било неопходно за да ја задоволи потребата... Така и божествениот квасец ја врши својата работа... Умот се менува, способностите се ставаат во движење. На човекот не му се даваат нови способности, туку оние кои тој ги има се посветуваат. Совеста која дотогаш била мртва, е разбудена. Но човекот не може сам да ја изврши промената. Таа може да се изврши само со Светиот Дух...

Кога нашите умови ги контролира Божјиот Дух, ќе ја сфатиме поуката на која нè учи оваа парабола за квасецот. Оние кои ги отвораат срцата за да ја примат вистината ќе сфатат дека Божјиот Збор е најголемото средство во преобразувањето на карактерот.

**Евангелската вистина дава постојана цел. -** Секој од нас треба да има длабок увид во учењето на Божјиот Збор. Нашите умови треба да бидат подготвени да ја издржат секоја проба и да го одбијат секое искушение, било да доаѓа однадвор или одвнатре. Ние мораме да знаеме зошто веруваме како што веруваме, зошто сме на Господовата страна. Вистината мора да стражари во нашите срца, подготвена да даде знак за узбуна и да нè повика на акција против секој непријател. Силите на темнината ќе го отворат својот прикриен оган на нас, и секој кој е рамнодушен и безгрижен, кој се поврзал за своето земно богатство и кој не се грижел да ги разбере Божјите постапувања со Неговиот народ, ќе биде готова жртва. Ниедна сила освен спознавањето на вистината каква што е во Исуса никогаш не може да нè прави постојани; но со неа човек може да гони илјада, и двајца да натераат во бегство десет илјади.

**Предавајќи се себеси на Христос добиваме мир. -** Целата наша иднина почива на нашето лично дело во отворањето на нашето срце за примање на Кнезот на мирот. Нашите умови можат да најдат мир и одмор во и преку предавање на себеси на Христос, во Кого постои сила која дава резултати. Обезбедувајќи го тој мир, таа утеха, таа надеж, која Тој ја нуди на вашата душа, срцето ќе се развесели во Бога, нашиот Спасител, за големата и прекрасна надеж која ни е доделена како на личности кои го признаваат Големиот Дар. Тогаш ќе бидете толку благодарни така што ќе го фалите Бога за таа голема љубов и благодат која ја излеал врз вас.

Гледајте на својот Помошник, Исус Христос. Посакајте му добредојде и повикајте го Неговото милостиво присуство. Вашиот ум од ден на ден ќе се обновува и наша должност е да прифатиме мир и одмор, издигнувајќи се над грижите, фалејќи го Бога за тие благослови. Не подигнувајте бариери од непосакувани работи за да го задржите Исус подалеку од својата душа. Променете го својот глас; не јадикувајте; изразете пофалби за големата Христова љубов која ни ја покажал и кој сè уште ви ја покажува.

**Пребивањето во Христос ни дава поттик.** - Ако дозволиме нашите мисли сè повеќе да се занимаваат со Христос и небесниот свет, ќе најдеме силен поттик и поддршка во водењето на Господовите борби. Гордоста и љубовта кон светот ќе ја изгуби својата сила додека ја посматраме славата на подобрата земја која наскоро ќе биде наш дом. Покрај Христовата привлечност, сите земни атракции ќе изгледаат малку вредни.

**Знаењето ги засилува умот и душата.** - Нам ни е потребно знаење кое ќе ги зајакне умот и душата, кое од нас ќе направи подобри мажи и жени. Воспитанието на срцето е далеку поважно од обичното проучување на книгите. Добро е, дури и многу важно, да имаме спознанија за светот во кој живееме; Но ако ја испуштиме од предвид вечноста, ќе направиме грешка која никогаш нема да можеме да ја поправиме.

**Умствено и духовно војување**. - Нашиот напредок во моралната чистота зависи од исправното мислење и исправното делување. „Не го осквернува човекот она што влегува во устата; туку она што излегува од устата го осквернува човекот.“ „Затоа што од срцата излегуваат лоши мисли, убиства, прељуби, блудства, кражби, лажни сведочења, хулење на Бога. Ова е тоа што го осквернува човекот“ (Матеј 15:11, 19, 20)

Лошите мисли ја уништуваат душата. Божјата преобразувачка сила го менува срцето, ги префинува и прочистува мислите. Сè додека не се направат одредени напори мислите да се насочат кон Христос, благодатта не може да се открие во животот. Умот мора да се вклучи во духовното војување. Секоја мисла мора да се потчини и да се доведе во послушност на Христа. Секоја навика мора да се доведе под Божја контрола.

**Преокупација на умот, заштита од злото.** - Како заштита против злото, окупирањето на умот со она што е добро е многу поскапоцено од неброените законски и дисциплински забрани.

**Расипаната фантазија произведува темнина.** - Ако окото на умот внимава на возвишеноста на тајната на побожноста, на предноста на духовното богатство над световното, целото тело ќе биде полно со светлина. Ако фантазијата е изопачена од привлечноста на светскиот сјај и раскош, додека добивката изгледа по Божја волја, целото тело ќе биде полно со темнина. Кога умствените способности ќе се сконцентрираат на земното богатство, тие се понижуваат и омаловажуваат.

**Умот насочен кон Создателот, не кон самовоздигање.** - Кога на тоа начело (работење за Божја слава) би му се посветило поголемо внимание, какво што заслужува според својата важност, тогаш во сите начела на образованието би настанала коренита промена. Наместо да поттикнуваат горде借ливост, себична амбиција и натпреварувачки дух, учителите би се труделе да разбудат љубов кон доброто, кон вистината и внатрешната убавина – би се труделе да создадат копнеж за совршенството... Наместо да биде насочен кон земните стандарди или да биде придвижен од копнежот за самовоздигнување, која сама по себе закржлавува и омаловажува, умот ќе биде насочен кон Создателот, за да го познава Него и да биде како Него.

**Живата вода наспроти провалени кладенци.** - Исус ги познавал потребите на душата. Сјајот, богатството и честа не можат да го задоволат срцето. „Кој е жеден, нека дојде кај Мене.“ Богатите и сиромасите, возвишените и понижените, подеднакво се добредојдени. Тој ветува дека ќе го растовари обременетиот ум, дека ќе ги утеши жалосните и ќе им подари надеж на духовно обесхрабрените.

Мнозина од оние што го слушнале Исуса биле жалосни поради неисполнетите надежи, мнозина негувале тајно жалост, мнозина копнееле да ги задоволат своите неуморни желби за работите на овој свет и за пофалбата од страна на луѓето; но кога го добиле сето тоа, утврдиле дека се труделе само за да стигнат до провален кладенец на кој не можат да ја згаснат својата жед. Среде блескотните, радосни сцени, стоеле незадоволни и жалосни.

Тогаш ненадејниот извик „Кој е жеден,“ ги тргнал од нивното жалосно размислување и слушајќи ги зборовите што уследиле, во нивните души се запалила нова надеж. Светиот Дух пред нив ги изнесувал овие знаменија сè додека во нив не ја виделе понудата на непроценливиот дар на спасението.

**Неопходно е единство помеѓу божественото и човечкото.** - Духот обезбедува сила која ја крепи душата за да се бори со сите опасности – помеѓу многубројните непријатели, омразата во светот и сфаќањето на сопствените несовршености и грешки. Апсолутно е потребно единство помеѓу божествените и човечките напори, блиската врска на самиот почеток, на крајот и засекогаш со Бога, изворот на сета сила.

# УМОТ КАКО ТВРДИНА

**Престолнина на телото. -** Секој телесен орган е направен да му служи на умот. Умот е престолнина на телото.

Умот го управува целото тело. Сите наши постапки, добри или лоши, извираат од умот. Умот е тој кој му служи на Бога и нѐ соединува со небесните битија. Но многумина ќе го поминат животот без да се опаметат во однос на ковчегот кој го содржи ова богатство.

**Мозокот го контролира телото. -** Денеска има многу инвалиди кои и ќе останат такви секогаш затоа што не можат да бидат убедени дека нивното искуство не е веродостојно. Мозокот е престолнина на телото, седиште на сите нервни сили и ментални дејствувања. Нервите кои потекнуваат од мозокот го контролираат целото тело. Со помош на мозочните нерви, менталните импресии се пренесуваат на сите нерви во телото како телефонски жици и тие ги контролираат суштинските акции на секој дел од организмот. Сите органи за движење се раководат од соопштенијата кои ги примаат од мозокот.

Мозочните нерви кои одржуваат врска со целиот организам се само средство преку кое Небото може да комуницира со човекот и да влијае на неговиот внатрешен живот.

**Способностите на запазување на сатанската мета. -** Сатаната со своите искушенија доаѓа кај човекот како светлосен ангел, исто како што дошол и Христос. Тој работел на тоа да го доведе човекот во состојба на морална и физичка слабост за да може да го совлада со своите искушенија, а подоцна и да триумфира над неговото пропаѓање. И тој бил успешен во искушувањето на човекот да се оддаде на апетитот, без да мисли на последиците. Тој добро знае дека е невозможно човекот да ги исполни обврските кон Бога и своите ближни сѐ додека му слабеат способностите кои му ги дал Бог. Мозокот е престолнина на телото. Ако способностите на запазување се умртват преку неумереност од било кој вид, вечните работи не се забележуваат.

**Тиранија на навиката. -** Силата или слабоста на умот многу е поврзана со нашата корисност во овој свет како и со нашето конечно спасение. Незнаењето кое преовладува во однос на Божјиот закон во нашата физичка природа е жалосно. Неумереноста од кој и да било вид е кршење на законот на нашето битие. Малоумноста преовладува до застрашувачки размери. Гревот се гледа привлечен кога е покриен со светлината која сатаната ја фрлил преку него и тој е многу задоволен што може да го задржи христијанскиот свет во нивните секојдневни навики

под тиранско влијание, како незнабожците и дозволуваат апетитот да владее со нив.

**Чување на тврдината. -** Секој треба да ја спознае потребата за чување на моралната природа, опашани со постојана будност. Како верни стражари, тие треба да ја чуваат тврдината на душата, никогаш не помислувајќи дека можат за момент да ја намалат будноста.

**Правилно увежбаниот ум не се двоуми. -** Умот мора да се увежба низ секојдневните проби во навиките за верност, за чувството на барањата на правдата и должноста над наклонетостите и задоволствата. Умовите увежбани на тој начин нема да се двоумат помеѓу исправното и погрешното, како трска која се лула на ветер, но штом дилемите ќе се појават пред нив, веднаш ќе сфатат дека тука е вклучено морално начело и инстиктивно ќе го изберат она што е право без многу да дискутираат за работите. Тие се верни затоа што се увежбани во навиките на верност и вистина.

**Незаштитена тврдина. -** Набљудувајќи, ние се менуваме. Иако направен по Божји облик, човекот може така да го обучи својот ум така што гревот кој некогаш му бил непријатен, сега ќе му стане пријатен. Кога тој ќе престане да стражари и да се моли, тој престанува да ја чува тврдината, срцето, и се оддава на грев и беззаконие. Умот е понижен и невозможно е да се издигне од расипаноста додека е под воспитување да ги пороби моралните и интелектуалните способности и да доведува во послушност на поголемите страсти. Мора да се води постојана борба против телесниот ум; и мораме да бидеме помогнати од рафинирачкото влијание на Божјата благодат која ќе го привлече умот нагоре и ќе го привикне да размислува за чисти и свети работи.

**Извор на прашањата за живот или смрт. - „**Мислете на она што е горе, а не на што е на земјата“ (Колосјаните 3:2). Срцето е тврдината на човекот. Од него течат нештата за живот или смрт. Додека срцето не се прочисти, човекот е неспособен да има било каков дел во заедницита на светите. Зар не знае ли Истражителот на срцето кои се оние кои се задржуваат во грев, не водејќи сметка за своите души? Зар не постои сведок за најтајните работи во животот на сите нас?

Бев принудена да слушам зборови кои ги зборуваа некои мажи на жени и девојки – зборови на ласкање, зборови кои мамат и заведуваат. Сатаната ги користи сите овие начини за да ја уништи душата. Некои од вас биле и негови посредници; и ако е така, ќе се сретнете со тоа на судот. Ангелот за оваа група рекол: „Нивните срца никогаш не се предале на Бога. Христос не е во нив. Вистината не е тука. Нејзиното место е зафатено со грев, измама и лаги. На Божјиот Збор не се верувало и не се постапувало според него.“

**Опуштеност, самопопуштање, сигурност – предавници зад ѕидините.** - Израелците биле наведени на грев кога се наоѓале во благосостојба и сигурност. Заборавиле дека постојано треба да го имаат Бога пред очи, ја заборавиле молитвата и негувале дух на самоувереност. Благосостојбата и попуштањето пред страстите ја ослабиле тврдината на душата и во неа се вовлекле грешни мисли. Предавниците внатре меѓу ѕидовите ја урнале тврдината на начелата и го изложиле Израел на силата на сатаната.

Сатаната и денес се обидува на ист начин да ја упропасти душата. Долгиот процес на подготовка, за кој светот не знае, се одвива во срцето пред еден христијанин да стори отворен грев. Душата не преминува наеднаш од чистота и светост во расипаност, порок и злосторство. Потребно е извесно време суштествата, создадени според Божјиот лик, да спаднат на животинско ниво или на сатанската природа. Посматрајќи, ние се преобразуваме. Човекот кој се занимава со нечисти мисли може да падне толку ниско, што ќе му годат гревовите кои порано ги осудувал.

**Тутунот ја парализира чувствителноста. -** Тутунот, во каква форма и да се користи, се одразува на телесниот склоп. Тоа е бавен отров. Тој влијае на мозокот и ја парализира чувствителноста така што умот не може јасно да ги разликува духовните работи, а особено оние вистини кои имаат тенденција да го исправат ова штетна угодување.

Оние кои користат тутун во која и да било форма не се чисти пред Бога. Со такви штетни навики невозможно е да го прославуват Бога во своите тела и духови кои се Негови. И додека употребуваат спори и сигурни отрови кои им го уништуваат здравјето и ги понижуваат умните способности, Бог не може да ги прифати. Тој може да им биде милостив додека се оддаваат на штетната навика неупатени во штетата која им се прави, но кога тоа прашање ќе се изнесе пред нив во вистинска светлина, тогаш се виновни пред Бога ако продолжат со оваа грозна желба.

**Робови на алкохолот и дрогите. -** На сите страни сатаната настојува да ги заведе младите на патеката на пропаста; и ако еднаш му успее да ги поведе по тој пат, ги забрзува по овие настрани патеки водејќи ги од една распуштеност во друга, сè додека жртвите не ги изгубат чувствата на совест и Божјиот страв исчезне пред нивните очи. Тие се сè помалку и помалку самовоздржани. Тие стануваат зависни од употреба на вино и алкохол, цигари и опиум и преминуваат од еден степен на униженост кон друг. Тие се робови на желбите. Советите кои некогаш ги почитувале сега ги презираат. Тие заземаат надмен став и се фалат со слободата додека се слуги на расипаноста. Мислат дека се слободни додека се робови на себичноста, унижувачките желби и развратот.

**Сатански оружја. -** Оддавањето на телесните страсти војува против душата. Апостолот на најимпресивен начин им се обратил на христија-

ните: „Ве молам браќа, поради Божјата милост, подајте ги своите тела во жива жртва, света и прифатлива за Бога“ (Римјаните 12:1). Ако телото е заситено со алкохол и валканоста на тутунот, тоа не е свето и прифатливо за Бога. Сатаната знае дека тоа не може да биде, и од тие причини ги насочува своите искушенија да ги искушува луѓето во поглед на човечките желби, како би ги подредил на тие наклонетости и така работи на нивното пропаѓање.

**Одлучувачки фактор на страста и желбата.** - Доколку разумните мажи и жени ги парализираат своите морални сили преку неумереност од било кој вид, тие се, во многу од своите навики, само малку воздигнати над незнабожците. Сатаната постојано одвлекува луѓе од спасоносната светлина кон обичаите и модата, непочитувајќи го физичкото, менталното и моралното здравје. Големиот противник знае дека ако страстите и апетитот предоминираат, телесното здравје и силата на умот се жртвуваат на олтарот на самозадоволување и човекот побрзо ќе се доведе до пропаст. Ако расветлениот ум ги држи уздите, контролирајќи ги животинските афинитети и држејќи ги во потчинетост кон моралните сили, сатаната добро знае дека неговата моќ е многу мала во надвладувањето на своите искушенија.

**Што можело да биде. -** Доколку родителите од претходните генерации, со одлучна намера, го држеле телото во покорност на умот и не дозволиле разумот да попадне во ропството на животинските страсти, во овој век би постоело поинакво устројство кај земните жители.

**Одлука на умот или управување на телото.** - Секој ученик мора да ја разбере врската помеѓу едноставниот начин на живот и силниот интелект. На нас лично е да одлучиме дали со нашиот живот ќе управува умот или телото. Младите мораат, секој за себе, да одлучат како ќе го обликуваат својот живот; и не смеат да се штедат никакви напори за да се запознаат силите со кои тие се соочуваат и влијанијата кои го одредуваат карактерот и судбината.

**Да се учат луѓето. -** Претставете ја пред луѓето потребата за одбивање на искушението за попуштање на желбите. Тука многумина грешат. Објаснете колку умот и телото се блиско поврзани и претставете ги потребите за нивното одржување во најдобра состојба.

# РАЗБИРАЊЕ

**Задача која бара проникливост и прецизно распознавање. -** Најделикатна и најопасна задача која некогаш била доверена на смртниците е работата со умовите. Оние кои се ангажирани во оваа работа мораат да бидат проникливи и да имаат добро распознавање.

Вистинската независност на умот е елемент потполно различен од избрзаноста. Таквиот квалитет на независност кој води кон внимателност, молитва, пресметано мислење, не треба лесно да се покори, доколку доказите не се доволно силни дека е извесно дека грешиме. Оваа самостојност ќе го држи умот мирен и непроменлив меѓу многу заблуди кои преовладуваат, и ќе ги води оние на одговорни положби кон внимателно и сестрано разгледување на доказите и нема да се предомислува заради влијанието на другите или опкружувањата, кои формират заклучоци без разумното, темелното познавање на вкупните прилики.

**Прецизни задачи. -** Затоа што Небото го чини многу човекот, по цена на драгиот Божји Син, колку внимателно треба проповедниците, учителите и родителите да се соочуваат со душите на оние кои доаѓаат под нивно влијание. Работата со умовите е деликатна задача и треба да ѝ се пријде со страв и треперење.

Едукаторите на младите мораат да имаат совршена самоконтрола. Страшна грешка е да се разори влијанието на еден човек врз една човечка душа преку нетрпение или за да се запази достоинството и превласта, затоа што тоа може да биде начин за губење на таа душа за Христа. Умовите на младите можат така да се изопачат преку непромислено раководење така што направената штета никогаш не може да се поправи. Христовата вера мора да има владеачко влијание во воспитувањето и обучувањето на младите.

Спасителовиот пример на самоодрекување, секаква љубезност и љубов која долго трпи, претставува укор за нетрпеливите проповедници и учители. Тој ги прашува овие нагли инструктори: „Дали е ова начин на постапување со оние за кои јас го дадов Својот живот? Зар немате поголемо вреднување за бесконечната цена која ја платив за нивното откупување?“

**Потребно е трпение и мудрост. -** Проповедниците мораат да бидат внимателни и да не очекуваат премногу од оние кои сѐ уште го опипуваат својот пат во темнината на заблудата. Тие треба добро да ја извршуваат својата работа, потпирајќи се на Христа дека ќе им го подари на умовите мистериозното, оживувачко влијание на Светиот Дух, знаејќи дека без тоа нивниот труд би бил неуспешен. Тие треба да бидат трпеливи и мудри

во работата со умовите, имајќи ја на ум разновидноста на околностите кои развиле многу различни црти во карактерот на луѓето. Тие исто така треба да се чуваат нивното јас да не стекне превласт, а Христос да биде изоставен.

**Христовата љубов го пробива својот пат.** - Единствено Оној кој ги чита срцата знае како да го донесе човекот до покајание. Единствено Неговата мудрост може да ни донесе успех во придобивањето на загубените. Ако си крут и мислиш: „Јас сум посвет од тебе," – без оглед на точноста на твоите докази и вистинитоста на твоите зборови, тие никогаш нема да ги допрат срцата на луѓето. Христовата љубов, манифестирана во зборови и на дело е таа што ќе најде пристап до душата и тогаш кога со аргументи и повторување на принципите не може да се постигне ништо.

**Со сочувствителност и љубов. -** Не е секој способен да ги исправи заблудените. Тие немат мудрост правилно да постапуваат, истовремено љубејќи ја милоста. Тие не се наклонети да ја увидат неопходноста за мешањето на љубовта и нежното чувство со верните укори. Многумина се непотребно строги и не чувствуваат неопходност да го применат апостолскиот налог: „И така разликувајќи ги, едни милувајте, а други пак со страв спасувајте, истргнувајќи ги од оган" (Јуда 22, 23).

**Страствениот човек не треба да работи со умови. -** Недостатокот на цврста вера и разликувањето на светите работи треба да се сметаат за доволна причина за ускратувањето на било кого од поврзаноста со Божјото дело. Исто така, попуштањето на брзиот темперамент, остриот, заповеднички дух, откриваат дека нивниот имател не треба да се поставува на места каде ќе биде повикан да решава тешки прашања кои се однесуваат на Божјето наследство.

Страствениот човек не треба да има удел во работата со човечките умови. Не може да се има доверба во него да ги обликува работите кои се однесуваат на оние кои Христос ги откупил по бесконечна цена. Ако преземе одговорност да раководи со луѓето, тој ќе ги повреди и рани нивните души, затоа што нема истенчен пристап, нежно чувство, кои го дава Божјата благодат. Неговото сопствено срце треба да омекне, да се потчини на Светиот Дух; каменото срце не може да биде месно срце.

**Квалитети потребни за разбирање на умовите (совет на еден литературен евангелист). -** Во оваа работа постојат повеќе потешкотии отколку во некои други области, но научените поуки, стекнатиот такт и дисциплина, ќе ве оспособат за друго поле на корисност, каде можете да им служите на душите. Оние кои лошо ќе ги научат своите поуки, кои се невнимателни и сурови во пристапот со луѓето, ќе покажат ист недостаток на такт и вештина во работата со умовите кога би започнале со проповедничка служба.

**Соочување со импулсивноста, нетрпеливоста, гордоста и самовреднувањето. -** Работата со човечките умови е најделикатна работа која некогаш ѝ била доверена на смртниците и на учителите им е потребна постојана помош од Божјиот Дух за да можат правилно да ја извршуваат својата работа. Помеѓу младите кои посетуваат училишта ќе се открие голема разновидност кај карактерот и воспитувањето. Учителот ќе се сретне со импулсивност, нетрпеливост, себичност и претерано самовреднување. Некои од младите живееле во услови на самоволно ограничување и суровост, при што кај нив се развил дух на своеглавост и отворена непослушност. Со другите се постапувало како со миленици, на кои премногу попустливите родители им дозволувале да ги следат сопствените афинитети. Маните биле оправдани сè додека карактерот не се деформирал.

**Потребно е трпение, тактичност и мудрост. -** За да можат успешно да работат со овие различни умови учителите треба да искажат голема тактичност и префинетост во однесувањето, како и цврстина во управата. Често ќе се искаже непријателство, па дури и презир кон соодветните прописи. Некои ќе ја искажат својата досетливост во избегнувањето на казни, додека пак другите ќе покажуваат непромислена рамнодушност кон последиците на престапот. Сето тоа повикува на трпеливост, воздржување и мудрост од страна на оние на кои им се доверува воспитувањето на овие млади луѓе.

**Курс кој може да остави непоправливи белези и рани. -** Учителите можат да имаат достапно образование и знаење во научните области за да подучуваат, но дали е утврдено дека имаат тактичност и мудрост во работата со човечките умови? Ако учителите ја немаат Христовата љубов која пребива во нивните срца, тие не се погодни за носење на сериозни одговорности кои се положуваат врз оние кои ги воспитуваат младите. Немајќи го самите возвишеното образование, тие не знаат како да постапуваат со човечките умови. Нивните сопствени непотчинети срца се борат против контролата; и потчинувањето на променливите умови и карактерот на децата на таква дисциплина значи врз умот да се оставаат белези и рани кои никогаш нема да се отстранат.

**Потребно е најфино распознавање. -** Господ на многу начини и повеќе пати ми претставил со колкаво внимание треба да се постапува со младите – дека е потребно најфино распознавање во работата со умовите. Секој еден кој работи на воспитувањето и обуката на младите треба да живее многу блиску до Големиот Учител, да го прими Неговиот дух и начинот на работа. Мора да се дадат поуки кои ќе влијаат на нивните карактери и животното дело.

**Битноста на личниот елемент. -** Личниот елемент е од голема важност при секое вистинско подучување. Како Учител, Христос ги подучувал луѓето поединечно. Токму со личен контакт и дружење Тој ги обучил дванаесеттмината. Токму во четири очи, често пред само еден слушател, ги давал Своите најскапоцени совети. На почитуваниот рабин при ноќниот разговор на Маслинската гора, на презрената жена на Сихарскиот кладенец Тој им ги отворил Своите најбогати ризници затоа што кај тие слушатели открил приемчиво срце, отворен ум и чувствителен дух. Дури ни мноштвото кое толку често се туркало по Неговите стапки, за Христа не било нејасна маса човечки суштества. Тој му говорел директно на секој ум и се обраќал на секое срце. Ги набљудувал лицата на своите слушатели, ги забележувал блескавоста на лицето, брзите и охрабрувачки погледи кои Му говореле дека вистината допрела до душата; и како одговор на тоа, во Неговото срце ќе засвирела жица на благонаклонета радост.

**Претераната работа оневозможува да работиме за другите. -** И самите учители треба да обрнат соодветно внимание на законите на здравјето, за да ги сочуваат своите сили во најдобра состојба и да можат со пример и поука да извршуваат добро влијание врз своите ученици. Учителот, чиишто физички сили поради болест или прекумерна работа веќе започнале да опаѓаат, треба да обрне особено внимание на законите на животот. Тој треба да најде време за одмор и закрепнување и не треба да зема врз себе никакви други обврски освен оние што веќе ги има во училиштето, зашто тоа и умствено и физички толку ќе го оптовари, така што неговиот нервен систем ќе стане неурамнотежен; и во таква состојба нема да биде способен да постапува мудро и правилно ниту кон себе ниту кон своите ученици.

**Разбирање на различни потреби. -** Покажано ми е дека лекарите во нашиот институт мора да бидат мажи и жени со вера и духовност. Тие мора да имаат доверба во Бога. Има многумина кои доаѓаат во институтот кои со сопственото грешно попуштање навлекле на себе разни болести.

Оваа група не заслужува сожалување кое тие постојано го бараат. На лекарите им е тешко да посветат време и сила на оваа група, која е физички, ментално и морално понижена.

Но постои и група на луѓе, кои заради незнаењето, живееле кршејќи ги природните закони. Тие неуморно работеле и неуморно се хранеле затоа што било обичај така да прават. Некои претрпеле многу работи од различни лекари, но не им било подобро, туку неспорно полошо. Долго време биле оделени од работата, од општеството и од своите семејства; и дошле во Здравствениот Институт со некоја слаба надеж дека ќе најдат олеснување.

На оваа група ѝ е потребно сочувство. Со нив треба да се постапува со најголема нежност, и да се посвети внимание за да им се разјаснат законите на нивното битие, за со тоа што ќе престанат да ги престапуваат и со тоа што ќе владеат со себе, да ги избегнат страдањата и болеста – казната за кршење на природните закони.

**Вистината не треба да се изнесува во секое време.** - Малкумина се оние кои се движат во световно друштво и кои ги набљудуваат нештата од световна точка на гледиште, кои се подготвени да се соочат со фактите во однос на самите нив кои им се изложуваат. Вистината сепак не треба да се изнесува во секое време. Постои прикладно време и можност да се зборува кога зборовите нема да бидат навредливи. Лекарите не треба да се преоптоваруваат и нивниот нервен систем да се истоштува, затоа што ваквата состојба на телото не е погодна за смирени умови, стабилни нерви и бодар и среќен дух.

**Христос разбира.** - Оној Кој ја зел човечката природа на себе, знае како да сочувствува со луѓето кои страдаат. Христос не само што ја познава секоја душа и нејзините потреби и искушенија, туку и сите околности кои можат да го ранат и забунат духот. Неговата рака е испружена до секое Божје дете кое страда, со неизмерно сочувство и нежност. Тој им укажува најголема сомилост и сочувство на оние што најмногу страдаат. Тој е трогнат од нашите немоќи и копнее да положиме пред Неговите нозе сè што нè збунува и обременува и да го оставиме таму.

**Разбирањето донесува близок однос со Христос. -** Добрите дела се плодови кои Христос ги бара од нас – љубезни зборови, милосрдни дела, нежност за сиромашните, оние кои се во оскудација и тажните. Кога срцата сочувствуваат со срцата натоварени со обесхрабреност и жалост, кога раката дели на оние во оскудација, кога необлечените ќе се облечат, кога ќе му посакате добредојде на странецот во својот дом, ангелите доаѓаат многу блиску, и како одговор на тоа се слуша музика на Небото.

Секое дело на праведност, милост и милосрдие прави мелодија на Небото. Таткото од Својот престол ги гледа сите оние кои прават добри дела на милост и истите ги вбројува како свое најголемо богатство. „И тие ќе бидат мои, зборува Господ над војските, во оној ден кога ќе ги соберам скапоценостите“ (Малахија 3:17). Секое дело на милост кон оние во оскудација, оние кои страдаат, се гледа како да е направено на Исус. Кога помагате на сиромашните, сочувствувате со оние кои се во неволја и угнетените и им помагате на сирачињата, вие се доведувате себеси во поблизок однос со Исус.

**Христос повикува на нежност и сочувствување. -** Вистинското сочувствување помеѓу човекот и неговите ближни е знак на распознавање на оние кои го сакаат и се плашат од Бога и оние кои не мислат на Него-

виот закон. Колку е голема љубовта која Христос ја изразил со доаѓањето на овој свет жртвувајќи го Својот живот за светот кој умира! Неговата вера водела кон вршење на вистинска здравствено - мисионерска работа. Тој бил исцелувачка сила. „Милост сакам, а не жртви," рекол Тој. Ова е тест кој Големиот Зачетник на вистината го користел за распознавање на вистинската вера од лажната. Бог сака Неговите здравствени мисионери да постапуваат со нежност и сочувствување коишто Христос би ги покажал да живее на нашиот свет.

**Збир на животна среќа. -** Облагородениот ум претставува вистинско богатство; но без омекнувачко влијание на сочувството и посветената љубов не е од најголема вредност. Потребни ни се зборови и дела на нежни обѕири кон другите. Ние можеме да покажеме илјада мали вниманија во пријателски зборови и пријатни погледи, што за возврат ќе се одрази врз сите нас. Непромислените христијани со своето запоставување кон другите покажуваат дека немаат заедница со Христос. Невозможно е да се биде во заедница со Христос, а сепак да се биде нељубезен кон другите и да заборавиме на нивните права. Многумина копнеат за пријателско сочувство.

Бог на секој од нас му дал свој сопствен идентитет, кој не може да се стопи во идентитетот на некој друг; но нашите поединечни карактеристики ќе бидат помалку истакнати ако навистина сме Христови и Неговата волја е наша. Нашиот живот мора да се посвети на добрината и среќата на другите, како што бил животот на нашиот Спасител. Ние треба да бидеме несебични, секогаш да внимаваме на приликите – дури и ако тие се мали – да искажеме благодарност за благословите кои сме ги примиле од другите, очекувајќи можности за да ги развеселиме другите, да ги осветлиме и олесниме нивните жалости и бремиња преку дела исполнети со нежна добрина и мали изрази на љубов. Овие внимателни учтивости, почнувајќи од нашите семејства и пошироко, надвор од семејниот круг, ни помагаат да ја добиеме суштината на животната среќа; додека занемарувањето на тие мали нешта ни ја покажува суштината на животната горчина и тага.

# **Отсек Три**

# *Развој на умот*

Глава 11

# ПРОУЧУВАЊЕТО НА БИБЛИЈАТА И УМОТ

**Темел на сите студии. -** Божјата Реч треба да биде темел на сите студии, а зборовите на откровението, внимателно проучени, ќе го зацврстат и зајакнат како разумот така и срцето. Потребна е култивација на интелектот за да можеме да го разбереме откровението на Божјата волја за нас. Оние кои се послушни на Неговите заповеди, нема да можат тоа да го занемарат. Бог не ни ги дал нашите способности на умот да ги посветиме на евтини и површни занимања.

**Силата на начелото. -** Ако се прифатат, библиските вистини ќе ги воздигнат умот и душата. Кога Божјата реч би се вреднувала како што треба, и младите и старите би имале внатрешна чесност и цврсти принципи кои ќе им овозможат да им се спротивставаат на искушенијата.

**Единствено вистински водач. -** Блиското запознавање со Светото Писмо ја изострува моќта на запазувањето и ја утврдува душата против сатанските напади. Библијата е духовен меч кој никогаш нема да затаи во борбата против непријателот. Таа е единствениот вистински водач во сите прашања за верата и животот. Причината зошто сатаната има толку голема контрола над човечките умови и срца е тоа што тие Божјата Реч не ја направиле свој советник и сите свои патишта не ги подложиле под нејзиниот тест. Библијата ќе ни покаже која патека треба да ја следиме за да станеме наследници на славата.

**Дефинирано возвишеното образование. -** Не може да се стекне повисоко образование од она кое е дадено на првите ученици и кое ни е откриено преку Божјата Реч. Да се стекне повисоко образование значи безусловно следење на таа Реч, да се оди по Христовите стапки, да се практикуваат Неговите доблести. Тоа значи да се напушти себичноста и да се посвети животот во служба на Бога.

Возвишеното образование повикува на нешто повеќе, на нешто побоженствено од знаењето кое се стекнува од книгите. Тоа значи лично, искуствено познавање на Христа; значи ослободување од идеите, навиките и постапките кои се стекнати во училиштето на принцот на темнината, а кои се спротивни од верноста кон Бога. Тоа значи совладување на своеглавоста, гордоста, себичноста, световните амбиции и неверието. Тоа е порака за ослободување од гревот.

**Инспирација за умот. -** Во Божјата Реч умот наоѓа предмет за најдлабоко размислување, најголеми стремежи. Тука ние можеме да имаме заедница со патријарсите и пророците и да го слушаме гласот на Веч-

ниот додека разговара со луѓето. Овде можеме да го видиме Небесното Величество како се понижил за да стане наша замена и гаранција, сам да се избори со силата на темнината и да здобие победа во наша корист. Правилното размислување на такви теми како оваа не може, а да не го омекне, очисти и облагороди срцето и истовремено да го вдахне умот со нова сила и крепост.

**Таа ја открива причината за живот. -** Она што треба да не наведува да ја цениме Библијата над сите други обѕири е тоа што во неа е откриена Божјата волја за луѓето. Тука можеме да ја научиме целта на нашето создавање и начинот на кој оваа цел може да се постигне. Ние се учиме како мудро да го унапредиме сегашниот живот и како да ја осигураме иднината. Ниедна друга книга не е во состојба да ги задоволи прашањата на умот или желбите на срцето. Стекнувајќи знаење преку Божјата Реч и подарувајќи внимание на тоа знаење, луѓето можат да се издигнат од најниските длабочини на дегенерација и да станат Божји синови, другари на безгрешните ангели.

**Параболи кои влијаат на умовите и ги будат. -** Бог замислил нашите умови да бидат под влијанието на Неговите свети параболи кои ќе го пробудат и подучат умот. Тој сака природата да се спротивстави на обидите за раздвојување на науката и библиското христијанство. Тој посакува работите во природата кои ги окупираат нашите мисли да привлечат внимание и да втиснат небесна вистина врз умот.

**Библијата е без конкуренција. -** Како воспитна сила Библијата е без конкуренција. Ништо не може да им даде сила на сите способности како извонредната вистина на откровението додека ја проучуваме и прифаќаме. Умот постепено се прилагодува на предметите со кои тој се занимава. Доколку е окупиран само со површни работи, одвоен од големите и возвишени теми, ќе стане закржлавен и слаб. Ако од него никогаш не се побара да се фати во костец со тешките проблеми или да се напрегнува за да ги свати важните вистини, по некое време ќе ја изгуби моќта на растење.

**Да се прифати со едноставна вера. -** Бог посакува човекот да ги вежба своите способности на размислување, а проучувајќи ја Библијата умот ќе се зацврсти и воздигне како преку ниедна друга студија. Тоа е најдобра ментална како и духовна вежба за човечкиот ум. Сепак треба да се чуваме од воздигнување на умот кој е подреден на слабост и немоќ на човечкиот род на ниво на божеството.

За Светите записи да не ги затемниме со нашите разбирања така што и најјасните вистини да не можат да се сфатат, мораме да имаме едноставност и вера како кај мало дете, подготвени да учиме и да го молиме за помош Светиот Дух. Чувството на Божјата сила и мудрост како и на-

шите способности да ја сфатиме Неговата големина, ќе ни вдахне понизност и ние ќе ги отвориме Неговите Зборови како да влегуваме во Неговата присутност, со свето стравопочитување. Кога ѝ приоѓаме на Библијата, умот мора да го признае авторитетот посупериорен од самиот себе, а срцето и разумот мораат да се поклонат на големиот Јас Сум.

**Не треба да проучуваме ништо што ќе го замрачи Божјиот Збор. -** Исус Христос е наше духовно мерило. Тој ни го открива Таткото. На мозокот не треба да му се дава никаква храна што ќе го доведе умот во било каква заблуда или да се замрачи во однос на Зборот Божји. Никакво непромислено невнимание не смее да се покаже во однос на негувањето на почвата на срцето. Умот мора да биде подготвен да го цени Христовото дело и зборови, затоа што Тој дошол од небото да разбуди желба и да го подари лебот на животот на сите кои копнеат за духовно знаење.

**Светото Писмо го признава човечкиот морален избор. -** Кога ја истражуваме Божјата Реч, до нас се ангелите кои фрлаат блескави зраци на светлина на нејзините свети страни. Светото Писмо се обраќа кон човекот како на оној кој има моќ на избор помеѓу доброто и лошото; тоа му зборува нему преку предупредување, прекорување, преколнување, охрабрување. Умот мора да се вежба на возвишените вистини на Божјата Реч, или тој ќе слабее... Ние мораме да истражуваме за себеси и да ги учиме причините за нашата вера споредувајќи стих со стих. Земете ја Библијата и на колена молете се на Бога да ви го расветли умот.

**Најблагороден развој на умот. -** Кога Библијата би се проучувала како што треба, луѓето би биле интелектуално појаки. Предметите кои се изложени во Божјата Реч, облагородената едноставност во нејзините изрази, благородните теми кои се претставуваат до умот, развиваат способности кај човекот кои на друг начин не би се развиле. Во Библијата е отворено неограничено поле за фантазијата. Ученикот ќе излезе од размислувањето за тие големи теми, од заедницата со нејзините возвишени замисли, почист и повоздигнат во мислите и чувствата отколку да помине време во читање на некое дело од човечко потекло, а да не зборуваме за оние со безвреден карактер.

Младите умови пропуштаат да достигнат најблагороден развој кога ќе го занемарат најголемиот извор на мудроста – Речта Божја. Причината зошто имаме толку малку луѓе со толку добар ум, стабилна и цврста вредност е во недостатокот на Божјиот страв, љубовта кон Бога и заради тоа што начелата на верата не се внесени во животот онака како што би требало.

**Во потрага по нејзиното скриено богатство. -** Библијата, онаква каква што е, треба да биде наш водач. Ништо не може така да го прошири умот и да го зајакне разумот како што тоа ќе го направи проучу-

вањето на Библијата. Ниту едно друго проучување нема така да ја воздигне душата и да даде сила на способностите како што е проучувањето на живата Божја Реч. Умовите на илјадници проповедници на евангелието закржлавеле затоа што дозволиле задржување на баналности и не се вежбале во потрагата по скриеното богатство на Божјата Реч. Кога умот ќе се подреди кон проучување на Божјата Реч, разбирањето се зголемува и се развиваат способностите за разбирање на возвишените и облагородувачки вистини.

Според карактерот на работите со кои е близок, умот ќе закржлави или ќе се прошири. Ако умот не се воздигне за да се зајакнува и ако не тежи кон постојан напор и барање да ја сфати вистината споредувајќи стих со стих, очигледно е дека ќе стане ограничен и ќе ја изгуби својата финост. Ние треба да ги насочиме своите умови на задача во потрага по вистините кои не лежат на површината.

**Библијата правилно го насочува животот. -** Целата Библија е откровение на Божјата слава во Христа. Кога ќе ја примиме, кога ќе поверуваме во неа и ќе ѝ се покориме, таа е силно орудие за преобразување на карактерот. Таа е голем поттик, сила што принудува, која ги заживува физичките, менталните и духовните сили и го насочува животот во правилни текови.

Причина зошто младите, па дури и оние на зрела возраст, толку лесно се наведуваат на грев е тоа што не ја проучуваат Божјата реч и не размислуваат за неа како што би требало. Недостигот од цврста, одлучна сила на волјата, кој се огледува во животот и карактерот, е последица од запоставувањето на светите упатства дадени во Божјата Реч. Тие не го насочуваат својот ум со искрени напори кон она што ќе инспирира чисти, свети мисли и не го одвратуваат од она што е нечисто и невистинито.

**Таа ги открива правилата за свето живеење. -** Господ, во Својата голема милост, ни ги открил во Светото Писмо Неговите правила на свето живеење, Неговите заповеди и Неговите закони. Тој ни зборува да се држиме настрана од гревот; Тој ни го објаснува планот на спасение и ни го покажува патот кон Небото. Кога би се покорувале на Неговата налог „истражувајте ги писмата," никој не би бил неупатен во тие работи.

Вистински напредок на душата во доблеста и божественото знаење се постигнува по пат на план на додавање – постојано додавање на благодатите со кои Христос нè обезбедил со Својата бесконечна жртва за да го донесе тоа богатство на сите. Ние сме ограничени, но треба да имаме чувство на неограниченост.

Умот мора да се оптовари, да размислува за Бог и Неговиот чудесен план за нашето спасение. Така душата ќе се воздигне над безвредните работи и ќе се задржи на оние работи кои се вечни.

Мислата дека сме во Божјиот свет и во присуство на Големиот Создател на вселената, кој го создал човекот по сопствен облик, ќе го воздигне

умот на пошироки, поголеми полиња за размислување отколку некоја измислена приказна. Мислата дека нè набљудува Божјото око, дека Тој нè љуби и толку многу се грижи за паднатиот човек давајќи го Својот сакан Син да нè откупи за да не загинеме е голема, и кој го отвора срцето за да ги прими и да ги посматра овие големи теми, никогаш нема да се задоволи со безначајни, возбудливи предмети.

**Ново срце значи и нов ум.** - Зборовите „ќе ви дадам ново срце" значат „ќе ви дадам нов ум." Оваа промена на срцето отсекогаш е пратена со јасна концепција на христијанска должност, разбирање на вистината. Јасноста на нашето согледување на вистината ќе биде пропорционална со нашето разбирање на Божјиот Збор. Оној кој на Светото Писмо му посветува големо внимание, низ молитва, ќе стекне јасно разбирање и здрав суд, а свртувајќи се кон Бога ќе достигне и поголем степен на интелегенција.

**Не треба несериозно да се чита. -** Не сме на сигурно ако на Светото Писмо му пристапуваме со несериозно и плитко читање на неговите страници... Задржете го умот на големата задача која е поставена пред него и проучувајте со одлучно интересирање за да можете да ја сфатите божествената вистина. Оние кои вака работат ќе бидат изненадени кога ќе откријат до каде може умот да достигне.

**Вежбање на помнењето му помага на умот. -** Умот мора да се контролира и не треба да му се дозволи да талка. Треба да се вежба да пребива на Светите Списи и на благородни, возвишени теми. Делови од Писмото, дури и цело поглавје, можат да се оддадат на паметење и тоа да се повторува кога сатаната доаѓа со своите искушенија. Педесет и осмото поглавје од книгата на пророкот Исаија е многу корисна за оваа намена. Опколете ја душата со ѕид на ограничување и упатства кои се дадени преку вдахновение на Божјиот Дух.

Кога Сатаната го наведува умот да се занимава со земното и сетилното, најефикасно е да го одбиеш со она „пишано е." ... Кога тој сугерира сомнеж, за тоа дали навистина сме народ кој Бог го води и кој преку неволји и испити Тој го подготвува да опстане во оној ден, бидете спремни да ги дочекате неговите инсинуации со излагање на јасни докази од Божјата Реч дека ова е остатокот кој ги држи Божјите заповеди и Исусовата вера.

**Проучувањето на Библијата произведува добро урамнотежени умови. -** Оние кои се под обука на Светиот Дух ќе бидат способни интелегентно да ја проучуваат Речта. Кога се пристапува кон проучување со сериозна молитва за водство на Светиот Дух и со целосно предавање на срцето кое треба да се посвети низ вистината, ќе се исполни со сето она што Христос го ветил.

Резултатот на таквото библиско проучување ќе доведе до добро урамнотежени умови; затоа што физичките, менталните и моралните сили ќе бидат складно развиени. Нема да има фатеност во духовното спознавање. Разбирањето ќе биде побрзо, чувствителноста ќе биде пробудена, совеста чувствителна, афинитетите и чувствата прочистени, ќе се создаде подобра морална атмосфера и ќе се стекне нова сила за одбивање на искушенијата.

**Противотров за отровните инсинуации. -** Кога умот ќе се складира со библиска вистина, нејзините начела зафаќаат длабоки корени во душата, афинитетите и вкусовите стануваат венчани со вистина и нема желба за понижувачката, возбудлива литература која ги ослабнува моралните способности и ги разрушува способностите кои Бог ги дал на користење. Библиското знаење дава противотров за отровните инсинуации примени преку невнимателното читање.

**Заштита од празноверие. -** Кога учењето на Светото Писмо би вршело владеачко влијание во нашите животи, кога умот и срцето би се подределе на нејзината контролирачка сила, злата кои сега постојат во црквите и семејствата не би нашле место... Учењата на Божјата Реч мора да го контролира умот и срцето, за семејниот живот да може ја демонстрира силата на Божјата благодат...

Без Библија би биле збунети со лажни теории. Умот би бил подреден на тиранијата на празноверието и лагите. Поради тоа што поседуваме автентична историја за почетокот на светот, не треба да се оптоваруваме со човечките претпоставки и нереални теории.

**Таа ги подобрува способностите за резонирање. -** Ако умот се окупира со задача за проучување на Библијата поради информирање, способностите за резонирање ќе се подобрат. Кога се проучуваат Светите Списи умот се шири и станува поурамнотежен од оној кој е окупиран со стекнување на општи информации од книгите кои се користат и кои немаат никаква врска со Библијата. Ниту едно знаење не е толку цврсто, толку доследно и далекусежно како она што е стекнато со проучување на Божјата Реч. Тоа е темел на секое вистинско знаење.

Библијата е како извор. Колку повеќе го гледате тој изгледа сѐ подлабок. Големите вистини на светата историја поседуваат восхитувачка сила и убавина и далекусежни се како вечноста. Ниту една наука не е рамна на науката која го открива Божјиот карактер.

Мојсеј, кој бил научен на сета египетска мудрост, сепак рекол: „Еве, ве учев на уредбите и законите, како што ми заповеда мојот Господ Бог, да ги творите во земјата по која одите за да ја наследите. Држете ги и извршувајте ги, затоа што тоа е ваша мудрост и ваш разум пред народностите, кои кога ќе ги слушнат сите овие наредби и зборови ќе речат само овој голем народ е мудар и разумен“ (Второзаконие 4:4, 6).

**Ги обдарува способностите со сила. -** Зошто оваа книга – тоа драгоцено богатство – не се воздигнува и цени како верен пријател? Таа е наша мапа на бурното море на животот. Таа е наш водач која ни го покажува патот до вечните станови и карактерот кој мораме да го имаме за да ги населиме. Нема книга за читање која толку ќе го воздигне и зацврсти умот како што е проучувањето на Библијата. Умот тука ќе открие теми од највозвишен карактер кои ќе ги поттикне неговите способности. Не постои ништо што би подарило сила на сите наши способности како кога ќе ги доведеме во контакт со извонредната вистина на откровението. Напорот за да ги сфатиме и процениме тие големи мисли го развиваат умот. Ние можеме длабоко да копаме во рудникот на вистината и да го собереме драгоценото богатство кое ќе ни ја збогати душата. Тука можеме да се научиме на вистинскиот пат во животот како и на сигурниот пат до смртта.

**Проучувањето на Библијата го проширува умот. -** Библијата е наш водач на сигурните патеки кои водат до вечен живот. Бог ги инспирирал луѓето да го запишат она што за нас ќе претставува вистина, што ќе привлече, и што, ако се практикува, ќе му овозможи на примателот да стекне морална сила во рангот со најобразованите умови. Умовите на сите кои Божјата Реч го прават предмет на проучување ќе се прошируваат. Далеку повеќе од било кои други студии нејзиното влијание може да ја зголеми способноста на разбирање и да ја обдари секоја способност со нова сила. Таа го доведува умот во контакт со широките, благородни начела на вистината. Таа го доведува целото небо во блиска врска со човечките умови, давајќи им мудрост, знаење и разбирање.

**Библијата, откровение на Јехова. -** Низ сето ова време оваа книга стои како Јеховино откровение. На човечките суштества им се доверени божествените пророштва за да бидат Божја сила. Вистините на Божјата Реч не се само мислења, туку изрази на Највозвишениот. Оној кои тие вистини ќе ги внесе во својот живот станува во секој поглед ново создание. Но не му се дадени само нови ментални способности, туку отстранета е и темнината која преку незнаење и грев го замрачувала разбирањето.

# ТРУДОЉУБИВОСТ

**Напори и достигнувања. -** Она што здобива победа е напорното изучување, тежок труд, и истрајна трудољубивост. Не трошете ги напразно часовите, моментите. Резултатот од работата – сериозната, верната работа – ќе се види и ќе се цени. Оние кои сакаат да имаат поцврсти умови можат да ги здобијат со трудољубивост. Умот кога се користи расте во сила и ефикасност. Тој станува цврст преку напорно размислување. Оној кој најгрижливо ги користи своите ментални и физички способности ќе постигне најголеми резултати. Сите сили на суштеството се зајакнуваат преку делување.

**Стекнување на најголема можна способност.** - Вистинската цел на воспитувањето треба внимателно да се разгледа. Бог на сите им дал способност и сила, за да му ги вратат зголемени и унапредени. Сите Негови дарови кои ни се дадени треба да се искористат во најголем степен. Тој бара секој од нас да ги облагороди своите способности и да стекне најголема можна способност за корисност, за да можеме да извршуваме благородно дело за Бога и на благослов на човештвото. Секој дар кој го имаме, било тоа да е ментална способност, пари, или влијание, е од Бога, така што можеме да кажеме со Давида: „Сè доаѓа од Тебе, и од Твоето ти даваме“ (1. Летописи 29:14).

**Фините ментални квалитети не се резултат на случајот.** - Вистинскиот успех во било која работа не è последица на прилики, случаи или судбина, туку дело на Божјото провидение, награда за вера и промисленост, за доблест и истрајност. Префинетите особини на разумот и високите морални својства не се последица на случајност. Бог дава можности - успехот зависи од начинот на кој тие можности се искористуваат.

**Она што ни е потребно е ментална култура.** - Менталната култура е она што му е потребно на народот и мораме да ја имаме за да се сочиме со потребите на ова време. Сиромаштијата, скромното потекло и неповолното опкружување не мораат да ја попречат култивацијата на умот. Менталните способности мораат да се држат под контрола на волјата, а на умот да не му се допушти да талка или да се збуни со разни предмети во исто време, не бивајќи целосен во ниту еден.

Во овие студии ќе произлезат потешкотии, но не запирајте заради обесхрабрувањето. Истражувајте, проучувајте и молете се; соочете се со секоја потешкотија машки и силно; повикајте ја силата на волјата и доблеста на трпение за помош, и тогаш уште посериозно копајте додека скапоценостите на вистината не се покажат пред вас, јасни и прекрасни, и

со самото тоа подрагоцени поради потешкотиите кои му претходеле на нивното наоѓање.

Немојте постојано да се врзете за оваа една точка, насочувајќи ја на тоа целата енергија на умот и постојано да ја наметнувате врз вниманието на другите, туку земете некој друг предмет и внимателно разгледајте го. На тој начин тајна по тајна ќе се открива за вашето разбирање. Вака ќе стекнете две вредни победи. Не само што ќе стекнете корисно знаење, туку и вежбањето на умот ќе ја зголеми менталната цврстина и моќ. Клучот откриен во разрешувањето на една мистерија може исто така да отвори и други ризници на знаења, досега неоткриени.

**Закон на умот.** - Закон е за умот да се собира или шири според димензиите на работите со кои тој е близок. Менталните способности сигурно ќе станат ограничени, а волјата ќе ја изгуби способноста за длабокото сфаќање на Божјата Реч доколку силно и истрајно не се вклучат во задачата во потрага по вистината. Умот ќе се прошири само ако е активен во истражување на односот на библиските предмети, споредувајќи стих со стих, и духовно со духовно. Одете под површината; најбогатите ризници на мисли чекаат на вештиот и трудољубив ученик.

**Повикување на акција на притаените способности. -** Во обичниот живот постојат многу работници кои трпеливо го исполнуват кругот на своите секојдневни задачи, несвесни за прикриените способности кои кога би биле покренати во акција, би ги сместиле меѓу големите водачи на светот. Потребен е допир од страна на вешти раце за да ги разбуди и да ги развие овие заспани способности. Такви биле луѓето кои Исус ги поврзал со себе и им дал предност од тригодишна обука под Свој сопствен надзор. Ниту еден метод на изучување во рабинските училишта или филозофските дворови по вредност не можел да се изедначи со ова.

**Многумина можеле да бидат интелектуални џинови. -** Многумина од нашите работници можеле денес да бидат интелектуални џинови ако не се задоволиле со ниското ниво туку да биле трудољубиви и да дозволеле мислите и истражувачкиот дух да ораат подлабоко. Многу од нашите млади се во опасност да бидат површни, да пропуштат да растат до целосен развој на мажи и жени во Исус Христос. Тие сметаат дека имаат доволен степен на знаење и разбирање на предметите, и поради тоа што не сакаат да проучуваат, тие нема да ораат длабоко како би ги стекнале сите богатства со кои е возможно да се здобијат.

**Потребна е самодисциплина.** - Бог бара вежбање на менталните способности. Нив треба така да ги култивираме за да можеме, ако е неопходно, да ја изнесеме вистината пред најголемите земски сили на Божја слава. Исто така, потребна е секој ден преобразувачката Божја сила врз срцето и карактерот. Секој кој положува право да биде Божјо дете мора

да искажува самодисциплина; затоа што тоа е начин умот и волјата да се доведат во покорност на умот и Божјата волја. Одлучна дисциплина во Господовото дело ќе направи повеќе од речитоста и најбрилијантните таленти. Посветен и добро увежбан ум ќе заврши поголема работа од најобразованите умови и најголемите таленти, без самоконтрола.

**Ангелите ги чуваат резонирачките умови. -** Небесните ангели ... работат на чување на резонирачките умови и нивната моќ е поголема од моќта на силите на темнината. Постојат умови кои се занимаваат со свети работи, а не се во блиска врска со Бога и кои не го разликуваат Божјиот Дух. Доколку Неговата благодат не ги преобрази во обличјето на Христовата суштина, Неговиот Дух ќе ги напушти како што водата го напушта садот кој има процеп. Нивна единствена надеж е да го побараат Господа со целиот свој ум, срце и душа. Тогаш навистина ќе се борат за совршенство. Сатаната ќе ја украде фантазијата и приврзаноста ако му се даде прилика.

**Се бараат најпосветените амбиции. -** „Доволна ти е Мојата благодат“ (2. Коринтјаните 12:9) е уверувањето на Големиот Учител. Прифатете го вдахновението на зборовите и никогаш, никогаш не изразувајте сомнеж и неверие. Бидете енергични. Не постои половична служба во чистата и неизвалкана вера. „Сакај го Господ Бог со целото свое срце, со целата својата душа и со целиот свој ум и целата своја сила“ (Марко 12:30). Се бара најпосветена амбиција од оние кои веруваат во Божјата Реч.

**Стојте во својата од Бога дадена личност. -** Бог ни дал способност да мислиме и делуваме и да го правиме тоа промислено барајќи мудрост од Него за да станеме способни да го носиме животното бреме. Задржете ја вашата од Бога дадена личност. Не бидете сенка на некој друг. Чекајте Бог да работи во вас, со вас и преку вас.

**Расипаниот мувла на светот (совет на еден проповедник кој сакал да шпекулира). -** Вие сте човек кој не би требало да биде учител на вистината. Треба да сте далеку пред она што сте досега во искуството и познавањето на Бога. Вие треба да сте човек од разбирање, затоа што Бог ви дал интелектуални способности кои се предиспонирани за најголема култивација. Да се откажевте од своите афинитети кон шпекулирање, да работевте во спротивен правец, сега би биле способни да вршите прифатлива служба за Бога.

Ако правилно го култивиравте својот ум и ги користевте своите способности на Божја слава, би биле потполно квалификувани да ја носите пораката за предупредување на светот. Но световната мувла така го зафатил вашиот ум, така што тој останал непосветен. Вие не сте ги култивирале способностите кои би ве научиле да бидете успешен духовен ра-

ботник во Божјото дело. Вие можете да го спроведувате делото на воспитување на својот ум во исправни правци. Ако сега не се вразумите во однос на вистината, вината ќе биде целосно ваша.

**Самоуверено истапување. -** Би сакала твоите амбиции да бидат посветени амбиции така што Божјите ангели ќе можат да го вдахнат твоето срце со света ревност, водејќи те самоуверено да истапуваш напред, чинејќи те сјајна и блескава светлина. Твоите способности на запазување ќе се зголемат во сила и свежина ако целото свое битие – тело, душа и дух – ги посветиш на извршување на својата задача. Направи сè што можеш во и низ Христовата благодат, да го достигнеш високото мерило кое е поставено пред тебе. Ти можеш да бидеш совршен во секоја сфера како што е Бог совршен во Неговата. Зар Христос не објави: „Бидете совршени, како што е и вашиот Татко небесен" (Матеј 5:48)?

**Негувајте ја секоја сила.** - Тој сака постојано да растеме во светоста, среќата и полезноста. Сите имаме способности кои треба да ги сметаме за свет дар, да ги цениме како дар од Бога и правилно да ги употребиме. Тој сака младите да ги развиваат сите свои сили и да ги активираат сите свои способности. Сака тие да уживаат во сè што е корисно и вредно во овој живот, да бидат добри и да прават добро, натрупувајќи богатство на небото за идниот живот.

**Прилики достапни за секого. -** Постојат прилики и предимства достапни за сите за да ги јакнат моралните и духовните способности. Умот може да се прошири и облагороди, и треба да го насочиме кон она небесното. Нашите сили треба да се култивираат до крајност, или ќе пропуштиме да го достигнеме Божјиот стандард.

Доколку тој (умот) не достигнува до Небото, тој ќе стане лесен плен на сатанското искушение во навлекувањето во светските проекти и потфати кои немаат посебна врска со Бога. Целиот занес и посветување, безрезервна енергичност и грозничава желба се подредуваат на оваа работа, а ѓаволот набљудува и се смее на човечките напори во истрајните борби поради целта која никогаш нема да ја остварат, која секогаш им се провлекува. Но доколку е во состојба да ги задржи заведени со некоја неоснована заблуда каде што ќе ја вложат силата на мозокот, коските и мускулите на предметите кои нема никогаш да ги сфатат, тој е задоволен, затоа што силите на умот, кои припаѓаат на Бога и на кои Тој полага право, се одвратени од вистинската цел, соодветните предмети.

**Непријателот не смее да му пречи на секојдневниот напредок. -** Одлучете се да постигнете висок и свет стандард, поставете ја високо својата цел; работете со сериозна намера како што работел Даниел, сигурно и истрајно, и ништо што непријателот може да направи нема да го попречи вашиот секојдневниот напредок. Без разлика на несреќите, про-

мените, збрките, вие можете постојано да напредувате во менталната свежина и моралните способности.

Никој не мора да биде неупатен доколку сам тоа не го избере. Знаење треба постојано да се стекнува; тоа е храна за умот. Ние кои го чекаме Христовото доаѓање треба да стоиме со решеност дека не сакаме да го живееме овој живот на губитничката страна на судирот, туку во разбирањето на духовните достигнувања. Бидете Божји народ, на добитничката страна.

Знаењето е достапно до сите кои го сакаат. Бог замислил умот да биде посилен, размислувањето подлабоко, пополно, појасно. Живејте со Бога како што тоа го направил Енох; нека Тој биде наш Советник и напредокот ќе биде неминовен.

**Потпрете се на Бога и одете напред. -** Бог му дал разум на човекот и го дарувал со способности за напредок. Затоа цврсто потпрете се на Него, отфрлајќи ја површноста, забавата и секоја нечистотија. Надвладејте ги сите мани на карактерот.

И покрај тоа што постои природна склоност кон паѓачкиот курс, постои и сила која ќе се соедини со сериозните човечки напори. Неговата сила на волјата ќе има спротивна тенденција. Ако се здружат со оваа божествена помош, тој може да го одбие гласот на искушувачот. Но сатанските искушенија се усогласуваат со неговите настрани, грешни афинитети и го потикнуваат на грев. Сѐ што треба да се направи е да се следи водството на Исус Христос кој ќе му каже што да работи. Бог ве повикува од Својот небесен престол, покажувајќи ви ја круната на бесмртната слава, и ви заповеда да се борите во добра борба на верата и трпеливо да учествувате во трката. Секој момент верувајте му на Бога. Верен о Оној кој ве води напред.

**Божјата возвишена цел за Неговиот народ.** - Божјиот идеал за Неговите деца е повисок од највисоката точка до која може да достигне човечкиот ум. Побожноста – сличноста со Бога – тоа е целта што треба да се постигне. Пред ученикот се отвора пат на постојано напредување. Тој има цел која треба да ја постигне, стандард до кој треба да се издигне, кој содржи сѐ што е добро, чисто и благородно. Тој во секоја гранка на вистинското знаење ќе постигнува најголем можен успех за најкусо можно време. Неговите напори ќе бидат насочени кон целите кои се толку повисоки од себичните и минливи интереси, колку што се небесата повисоки од Земјата.

# ХРАНА ЗА УМОТ

**Мудар напредок наспроти изопаченоста. -** Бог ни дал таленти за мудро усовршување, а не за злоупотребување. Воспитувањето е само подготовка на физичките, интелектуалните и моралните сили за најдобро извршување на сите должности во животот. Несоодветното читање дава погрешно воспитување. Способноста на издржливост и силата и активноста на мозокот можат да се намалат или зголемат според начинот на кој тие се запослени.

**Здрава храна за умот. -** Чистото, здраво читање ќе биде за умот она што е здравата храна за телото. Така ќе станете силни да го одбиете искушението, да стекнете исправни навики, и да делувате по прави начела.

**Пазете ги пристапите до душата.** - Ние треба нешто да преземеме за да му се спротивставиме на искушението. Оној што не сака да стане плен на лукавствата на сатаната, мора да ги затвори сите приоди што водат кон душата. Треба да се одбегнува читање, гледање или слушање на сè она што предизвикува нечисти мисли.

На умот не смее да му се дозволи неконтролирано да талка по предметите што ќе ѝ ги наметне непријателот на душите. Апостолот Петар кажува: „Поради тоа љубезни, опашете ги бедрата на својот ум и бидете бодри... Бидејќи сте послушни деца, не постапувајте според вашите поранешни похоти, кога бевте во незнаење, туку, како што е свет Оној кој ве повика, бидете и вие свети во сиот ваш живот“ (1. Петрово 1:13-15).

А Павле зборува: „На она што е вистинито, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете“ (Филипјаните 4:8). Тоа бара сериозна молитва и непрекината будност. Постојано треба да нè поткрепува влијанието на Светиот Дух, нашите мисли да ги насочува нагоре и да ги навикнува да се задржуваат на она што е чисто и свето. Мораме ревносно да ја проучуваме Божјата реч. „Како може млад човек да живее во чистота? Така што ќе се раководи според Твоите зборови! Твоите зборови во срцето сум ги сокрил, за да не грешам против Тебе“ (Псалм 119:9, 11).

**Карактерот се открива преку изборот на она што го читаме. -** Природата на некое верско искуство го открива карактерот преку книгата која се бира за читање во моментите на одмор. За да имаат здрав ум и здрави верски начела, младите мораат да живеат во заедница со Бога преку Неговата Реч. Покажувајќи го патот на спасение низ Христос, Библијата е

наш водач во еден повозвишен, подобар живот. Таа содржи најинтересна и најпотполна историја и биографија која некогаш била напишана. Оние на кои фантазијата не им се расипала преку читање на измислици, ќе откријат дека Библијата е најинтересна од сите книги.

**Некои книги го збунуваат умот. -** Голем број на книги натрупани по земските книжарници повеќе го збунуваат умот отколку што му помагаат во разбирањето. Но сепак луѓето трошат многу пари во набавување на такви книги и поминуваат години во нивно проучување, додека им е достапна Книга која ги содржи Зборовите на Оној кој е Алфа и Омега на мудроста. Времето поминато во проучување на овие книги може подобро да се искористи во стекнување знаење за Оној чиешто вистинско познавање би значело вечен живот. Само оние кои го стекнуваат ова знаење на крајот ќе ги слушнат овие зборови: „Вие сте комплетни во Него“ (Колосјаните 2:10).

**Конфузно сфаќање. -** Кога Божјата Реч ќе се напушти поради книги кои оддалечуваат од Бога, така што ќе се поремети разбирањето поврзано за начелата на небесното царство, образованието се изопачува. Доколку ученикот нема чиста ментална храна, потполно одвоена од таканареченото високо образование, кое е помешано со невернички ставови, нема да биде во состојба вистински да го познава Бога. Само оние кои соработуваат со Небото во планот за спасението можат да знаат што значи вистинско образование во својата едноставност.

**Тиранската моќ на авторите неверници. -** Човечките умови лесно се заведуваат со сатанските лаги; и тие дела произведуваат одбојност кон размислувањето за Божјата Реч, која ако се прими и цени го осигурува примателот со вечен живот. Вие сте созданија со навики и запомнете дека исправните навики донесуваат благослови на вашиот сопствен карактер и имаат влијание на добро кај другите; а лошите навики, кога еднаш ќе се зацврстат, вршат деспотска сила и ги заробуваат умовите. Доколку никогаш не сте прочитале ни еден збор од тие книги (чии автори се неверници) денеска би биле способни далеку подобро да ја разберете Книгата која е над сите други книги, вредна за проучување и која единствено ќе даде исправни идеи во однос на вишото образование.

**Површното читање произведува болна фантазија. -** Постојат многумина помеѓу нашите млади кои Бог ги обдарил со супериорни способности. Тој им дал најдобри таленти; но нивните способности се ослабнати, нивните умови збунети и ослабени и не растат со години во благодатта и познавањето на причините за нашата вера, затоа што се задоволувале со склоности кон читање приказни. Ним им е тешко да ја контролираат склоноста кон таквото површно читање како што за пијаницата е тешко да одолее на опојниот пијалок.

Тие би можеле денеска да бидат поврзани со нашите издавачки куќи и да бидат успешни работници во водењето книги, да подготвуваат ракописи за печатење, или вршење корекции; но нивните таленти се изопачиле до ментална диспепсија и затоа не се погодни за било каква одговорна положба. Фантазијата е болна. Тие живеат нереален живот. Не се способни за практичните животни должности, и што е најжалосно, изгубиле секакво уживање во читањето на тој солиден материјал.

**Книги кои го слабеат умот. -** Љубовните и безвредните приказни, возбудливите бајки, сочинуваат уште една група на книги која е проклетство за секој читател. Авторот може да придава значење на добар морал и преку своето дело да проткајува верски чувства, но сепак во најголем број на случаи сатаната се облекол во облека на ангел за да може поефективно да излаже и заведе. Умот е под големо влијание на она со што се храни. Читателите на лекомислените, возбудливи бајки, стануваат неспособни за должностите кои се пред нив. Тие живеат нереален живот и немаат желба да го истражуваат Светото Писмо, да се хранат со небесна мана. Умот е ослабен и губи моќ за размислување за големите прашања околу должноста и судбината.

**Измислици и сензуални мисли.** - Менталната храна во која тие (читателите на измислиците) наоѓаат задоволство има штетни последици и води кон нечисти и сензуални мисли. Чувствував искрена жал за тие души кога размислував колку губат со занемарувањето на можностите да стекнат знаење за Христа, кон кого е насочена нашата надеж во вечниот живот. Колку драгоцено време изгубиле, а во кое можеле да го проучуваат Изворот на вистинската добрина.

**Умот потонува до имбецилност. -** Со години вашиот ум бил како поток кој жубори, исполнет со камења и мов, вода која бескорисно се употребува. Да биле вашите способности под контрола на вашите цели сега не би биле инвалиди. Сте се вообразиле така што морате да се оддадете на ќудливите потреби и претераното читање.

Видов како ноќна ламба гори во вашата соба додека сте задлабочени во читање на некоја заносна приказна, стимулирајќи го така веќе пренапнатиот мозок. Со ваков курс сте го намалиле својот потпирач на животот и сте го ослабнале физичкото, менталното и моралното. Нередовноста направила неред во вашиот дом, и ако продолжи, ќе предизвика вашиот ум да потоне во имбецилност. Вашата проба дадена од Бога е злоупотребена, вашето време дадено од Бога е потрошено.

**Ментална опиеност.** - Читателите на безвредни, возбудливи приказни стануваат неспособни за должностите на практичниот живот. Тие живеат во еден нереален свет. Ги набљудував децата на кои им беше допуштено да читаат такви приказни. Било да се дома или надвор, тие се неспокојни,

занесени, неспособни да разговараат за било што освен за најобичните работи. Размислувањето и разговорот за верата е целосно настран за нивните умови. Со култивација на апетит кон сензуални приказни, менталниот вкус се изопачува и умот не е задоволен доколку не се храни со оваа нездрава храна. Не можев да се сетам на посоодветно име за оние кои се оддаваат на таквото читање отколку ментални пијаници. Навиката на неумерено читање има ефект врз мозокот сличен на оној кој неумереноста во јадењето или пиењето го имаат врз телото.

**Претераното попуштање кое е грев. -** Претераната попустливост во јадењето, пиењето, спиењето или размислувањето е грев. Складното, здраво взаемно дејство на сите сили на телото и умот култивира во среќа... Силата на умот треба да се вежба на темите кои се однесуваат на вечните интереси. Тоа ќе биде водач кон здравјето на телото и умот.

**Преоптовареност на умот. -** Ученикот кој сака да ја спои двегодишната работа во една година не треба да ја спроведе во дело таа замисла. Да се преземе двојна работа за многумина значи преоптовареност на умот и запоставување на физичките вежби. Не е разумно да се претпостави дека умот може да асимилира прекумерно снабдување на ментална храна; и тоа е исто така голем грев како преоптоварување на органите за варење.

**Испитување на менталната храна. -** Најдобро е за секоја душа да истражува внимателно каква ментална храна му се сервира за јадење. Кога ќе ви дојдат оние кои живеат за да зборуваат и кои се наоружани и обучени да кажат: „поткажи и ние ќе поткажеме“, застанете и размислете дали тој разговор ќе ви биде на духовна поткрепа, дали духовно ќе делува, за во духовното општење да може да јадете од телото и да пиете од крвта на Божјиот Син. „Доаѓајќи кај Него, како на карпа жива, кој е, навистина отфрлен од луѓето, но е избран од Бога и скапоцен во Неговите очи“ (1. Петрово 2:4). Овие зборови доволно кажуваат.

Ние не треба да сме дрдорковци или сплеткари или поткажувачи; ние не треба да носиме лажно сведоштво. Бог ни забранил да учествуваме во тривијални, глупави разговори, во исмејување, задиркување, или зборување на било какви празни зборови. Ќе мораме да положиме сметка пред Бога за сè она што разговараме. Ќе бидеме изведени пред суд поради своите непромислени зборови кои не се добри ни за соговорникот ни за слушателот. Затоа да зборуваме зборови кои ќе ни служат како поука. Запомнете дека сте вредни пред Бога. Не дозволувајте евтините, глупави разговори или погрешните начела да го сочинуваат вашето христијанско искуство.

**Жена чии погледи го изопачиле срцето. -** Сестрата _______ иако поседува одлични природни квалитети е одвлечена од Бога од страна на своите неверни пријатели и роднини, кои не ја сакаат вистината и немаат

разбирање за жртвата и самоодрекувањето кое поради вистината мора да се поднесува. Сестрата _______ не ја чувствувала важноста за одвојување од светот, како што наложува Божјата заповед. Тоа што го гледале нејзините очи и слушале нејзините уши и го изопачиле срцето.

**Гласови, погледи и влијанија кои уништуваат и деморализираат. -** Постои причина за длабока загриженост од ваша страна за децата кои ги очекуваат искушенија на секој чекор. Невозможно им е да избегнат контакт со лошото друштво... Тие ќе набљудуваат случки, ќе слушаат гласови, и ќе бидат подредени на влијанија кои деморализираат, и кои, доколку не се заштитат, незабележливо но сигурно ќе го расипат срцето и ќе го изобличат карактерот.

**Некои друштва се како бавни отрови. -** Кога мојот глас би можел да допре до сите родители во целата земја, би ги предупредила да не попуштаат на желбите на своите деца во изборот на другари или друштво. Малку родители земаат во обѕир дека младите многу повеќе примаат штетни впечатоци отколку божествени импресии; поради тоа нивното друштво треба да биде најприкладно за раст во благодатта и вистината откриена во Божјата Реч и која треба да се утврди во срцата.

Ако децата се со оние чиишто разговори се однесуваат на неважни, земни предмети, нивните умови ќе дојдат до исто ниво. Ако слушаат фрлање на дамка на верските начела и потценување на нашата вера, ако лукавите примедби допрат до нивните уши, тоа ќе им ги насочи умовите и ќе им го обликува карактерот.

Ако умовите им се исполнети со приказни било вистинити или измислени, нема место за корисни информации и научни сознанија кои би требало да ги заокупираат. Каква пустош оваа љубов кон штетното читање му има направено на умот! Колку ги уништила начелата на едноставноста и вистинската побожност на кои почива еден складен карактер. Тоа е како бавен отров внесен во организмот, кој порано или подоцна ќе ги открие своите горчливи ефекти. Кога на умот во младоста ќе му се остави погрешен впечаток, втиснат е знак, не на песок туку на цврста карпа.

**Очите насочени кон Христа. -** Кога Христос ја зел човечката природа, се поврзал со човечкиот род со врска на љубовта којашто никаква сила, освен самиот човек, никогаш не ќе може да ја раскине. Сатаната постојано ќе ни ги подметнува своите стапици за да нѐ наведе да ја прекинеме таа врска - намерно да се одвоиме од Христа. Токму тука е потребно да се чуваме, да се трудиме, да се молиме ништо да не нѐ наведе да одбереме друг господар; бидејќи тоа секогаш зависи од нашата слободна волја. Но нека нашите очи секогаш бидат вперени во Христа, и Тој ќе нѐ чува. Гледајќи го Исуса, ние ќе бидеме сигурни. Ништо не може да нѐ откргне од Неговата рака. Гледајќи постојано во Него „ние се преобразуваме во истиот лик од слава во слава, како што го прави тоа Господовиот Дух“ (2. Коринтјаните 3:18).

# ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ

**Закон на послушна акција. -** Сите небесни битија се во постојана активност, а Господ Исус, со Својот практичен живот, дал пример на секој човек. Бог воспоставил на небесата закон на послушна акција. Тивко, но незабележливо, објектите на Неговото создавање ја извршуваат својата одредена работа. Океанот е во постојано движење. Пролетната трева, „која е тука денеска а утре се фрла во печка“, ја врши својата задача, облекувајќи го полето со убавина. Ветерот ги разнесува лисјата, но сепак не се гледа раката која ги допира. Сонцето, месечината и ѕвездите се корисни и славни во исполнување на својата мисија. Човечкиот ум и тело се направени по Божји облик, и тој мора да биде активен за да ја извршува својата задача и да го најде своето место. Човекот не треба да биде бескорисен. Безработноста е грев.

**Телесната машинерија мора да ја извршува својата работа. -** Проучувајте го Господовиот план во однос на Адам, кој бил создаден чист, свет и здрав. На Адам му било дадено нешто да работи. Тој ги користел органите кои Бог му ги дал. Не можел да биде невработен. Мозокот морал да работи, но не на механички начин, како проста машина. За целото време телесната машинерија ја продолжува својата работа; срцето чука, вршејќи ја својата одредена задача како парна машина, постојано терајќи ја темноцрвената струја во сите делови на телото. Акцијата се шири низ целата жива машина. Секој орган мора да ја извршува својата одредена задача. Ако се продолжи физичката неактивност, се повеќе ќе се намалува активноста на мозокот.

**Активност на отворен простор. -** На целиот организам му е потребно освежувачко влијание на активностите на отворено. Неколку часа секојдневна физичка работа ќе ја обноват телесната свежина и ќе го одморат и релаксираат умот.

Воздухот, воздухот, драгоцената добрина од небото која секој може да ја има, ќе ве благослови со освежувачко влијание доколку не му го оневозможите пристапот. Дочекајте го со добредојде, негувајте љубов кон него, а тој ќе донесе драгоцено смирување на нервите. Воздухот мора постојано да циркулира за да биде чист. Чистото влијание, свежиот воздух ќе ја поттикне здравата циркулација на крвта низ организмот. Го освежува телото и го прави силно и здраво, додека во исто време неговото влијание незабележително го чувствува умот, давајќи му мир и спокојство. Тој отвора апетит, го подобрува варењето и поттикнува здрав и сладок сон.

**Неактивноста причина за болеста. -** Неактивноста претставува значителна причина за болест. Рекреацијата ја забрзува и урамнотежува циркулацијата на крвта во организмот додека во состојба на неактивност крвта не циркулира правилно и затоа во организмот не доаѓа до размена на материите кои се толку неопходни за животот и здравјето. Во тој случај, ниту кожата не ја врши својата улога. Нечистотиите не се излачуваат како во случај на вежбање кое со забрзувањето на крвотокот ја одржува кожата здрава, а градите ги храни со изобилство на чист и свеж воздух. Таквата состојба на организмот двојно ги оптоварува органите за лачење и болеста е неизбежна последица.

**Разбирливо ускладување на активноста. -** Правилната и умерена физичка вежба, кога се користи силата, а не се злоупотребува, ќе се покаже како делотворен помошен фактор.

**Спречување на прекумерна работа на умот.** - Физичката работа нема да го спречи култивирањето на разумот. Далеку од тоа. Предностите стекнати со физичка работа ќе го урамнотежат човекот и ќе го заштитат умот од прекумерна работа. Напорот ќе падне на мускулите и ќе го заштити умот од прекумерна работа. Напорот ќе дојде на мускулите и ќе донесе олеснување на уморниот мозок. Има многу апатични, бескорисни девојки кои сметаат дека не им личи на дамите да земат учество во активна работа. Но нивните карактери се многу проѕирни за да измамат некоја разумна личност во однос на нивната вистинска безвредност...

Нема потреба за нежност, беспомошност, преоблеченост и кикотење, бидејќи тоа не ја чини една дама. Потребно е здраво тело за здрав разум. Физичкото здравје и практичното познавање на сите неопходни должности на домаќинките никогаш не треба да бидат препрека за правилно развиен интелект; и двете се многу важни за една дама.

**Без вежбање умот не може да остане во здрава состојба.** - За здравиот млад човек, напорната, сериозна работа го зајакнува мозокот, коските и мускулите; и тоа е нужна подготовка за тешката работа на лекарот. Без таквата работа умот не може да биде во добра работна состојба. Тој не може да се напрегнува за силна, брза акција која ќе даде ширина на неговите способности. Тој станува неактивен. Тие млади никогаш, никогаш нема да станат она што Бог замислил тие да бидат. Тие отстапиле многу место за неактивност така што станале како отстојана вода. Атмосферата која ги опкружува е исполнета со морална апатија.

**Менталниот напор е ограничен кога ќе се запостави работата. -** Оние кои се запослени со постојана ментална активност, било во проучување или проповедање, имаат потреба од одмор и промена. Сериозниот ученик постојано го заморува мозокот, често занемарувајќи ја фи-

зичката вежба, и како резултат на тоа телесните способности се ослабнати, а менталниот напор е ограничен. На тој начин ученикот пропушта да изврши задачи кои можеле да се завршат ако постапил мудро.

**Да се изедначи менталниот и физичкиот напор.** - Кога ќе се изедначи оптовареноста на менталните и физичките сили, ќе се освежи умот на ученикот. Ако е болен, физичката работа често му помага на организмот да се врати во нормална состојба. Кога студентите ги напуштаат универзитетите, треба да бидат со подобро здравје и да имаат подобро разбирање на законите на здравјето отколку кога влегле во него. Здравјето треба свето да се чува како и карактерот.

**Вежбањето, исцелителен агент.** - Кога немаат на што да го посветат своето внимание и време, инвалидите се концентрираат на себе и стануваат уште помрачни и пораздразливи. Така најчесто се задржуваат на тоа колку лошо се чувствуваат сè додека не дојдат до заклучок дека нивната состојба е далеку полоша отколку што навистина е; како резултат на тоа, тие стануваат потполно неспособни да направат било што.

Правилно насочената рекреација се покажала како ефикасно лековито средство во сите такви случаи. Во некои случаи таа е неопходна за оздравување. Волјата оди паралелно со работата на рацете и затоа кај таквите инвалиди треба да се разбуди волјата. Кога волјата е заспана, имагинацијата станува неприродна и организмот не е во состојба да ѝ се спротистави на болеста.

**Неактивен систем е опасен систем. -** Неактивен систем е опасен во секој поглед. Идејата дека оние кои ги преоптовариле своите ментални и физички сили, или кои се телесно и умно истоштени мораат да престанат со активностите за да се поврати здравјето, е голема заблуда. Има случаи каде целосниот одмор ја сузбива сериозната болест, но само во случај на хронични инвалиди, тоа е многу ретко неопходно.

**Неактивноста е големо проклетство за најголем број на инвалиди. -** Неактивноста е најголемо проклетство кое може да го снајде некој инвалид. Оваа вистина особено важи за оние чиишто проблеми се предизвикани или влошени со нечисти навики.

Лесната зафатеност во правец на корисната работа, додека не го истоштува умот или телото, има здраво влијание и за двете. Таа ги зајакнува мускулите, ја подобрува циркулацијата, донесува задоволство на инвалидот во сознанието дека не е целосно бескорисен во овој зафатен свет. Од почеток тој може многу малку да направи, но наскоро ќе открие дека силата му расте, а сходно со тоа ќе порасне и учинокот.

Лекарите често ги советуваат своите пациенти да појдат на прекуокеанско патување, да одат на некој минерален извор, или да посетат различни места поради промена на климата, како би го повратиле здравјето,

додека во девет од десет случаи кога би јаделе поумерено и би се фатиле за она угодно, здраво занимање, би им било подобро и би заштеделе време и пари.

**Физичката активност мора да биде систематска (совет до мајка на еден инвалид). -** Господ ви дал да завршите задача која Тој нема намера да ја изврши за вас. Вие морате да делувате од начела, во склад со природните закони, без оглед на чувствата. Почнете да работите според светлината која ви ја дал Бог. Може нема да можете сето ова да го направите одеднаш, но можете многу да направите постепено истапувајќи во вера, верувајќи дека Бог ќе биде ваш помошник, дека ќе ве зајакне.

Можете да вежбате со прошетки и исполнување на должности кои бараат лесна работа во вашето семејство и да не зависите толку многу од другите. Совеста дека можете да работите ќе ви ја зголеми силата. Кога рацете би ви биле зафатени, а мозокот помалку зафатен со планирање за другите, би ви пораснала физичката и менталната сила. Мозокот не ви е незафатен, но нема одговарачка работа од страна на другите телесни органи.

Активноста, со одлучна предност за сите вас, треба да се систематизира и да се насочува кон ослабнатите органи како истите би се зајакнале низ употреба. Лечењето со движења (масажата) е од голема предност за пациентите кои се премногу слаби за вежбање. Но за оние болни кои се потпираат на тоа, правејќи се себеси зависни, додека занемаруваат нивните мускули сами да вежбаат, е голема грешка.

**Сегашната поплава на расипаноста е резултат на злоупотреба на умот и телото.** - Поплавата на расипаноста која се разлива по нашиот свет е резултат на погрешното користење и злоупотреба на човечката машинерија. Мажите, жените и децата треба да се учат да работат со своите раце. Тогаш мозокот нема да биде преоптоварен на штета на целиот организам.

**Вработеноста на умот и телото ги спречува нечистите мисли. -** Сразмерната вработеност на умствените и телесните сили ќе ја спречат склоноста кон нечистите мисли и дела. Учителите мораат ова да го разберат. Тие треба да ги воспитуваат учениците дека чистите мисли и дела зависат од насоката по која одат нивните проучувања. Совесните дела зависат од совесното размислување. Занимавањето со земјоделски работи и различни други активности е чудесна заштита против неумереното оптоварување на мозокот. Ниту еден маж, жена или дете кои пропуштаат да ги користат способностите кои Бог им ги дал не можат да го сочуваат здравјето. Тие не можат совесно да ги држат Божјите заповеди. Тие не можат најмногу да го сакаат Бога и ближниот свој како самите себеси.

**Секојдневна физичка работа. -** Дадена ми е светлина дека кога нашите проповедници многу повеќе би работеле физичка работа, би пожнеале благослови на здравје... Она што навистина е потребно за физичкото здравје и менталната чистота е некоја физичка работа во текот на денот, така што крвта од мозокот се насочува кон другите делови од телото.

**Секој ученик треба биде физички активен. -** Секој што учи треба еден дел од денот да посвети на телесна работа. Така младите ќе навикнат да бидат вредни и ќе стекнат самоувереност, а во исто време ќе бидат сочувани од многу понижувачки навики што човекот обично ги стекнува со безделничењето. А сето тоа е во сообразност со првобитната цел на воспитувањето; со тоа што поттикнуваме кон активност, трудољубивост и чистота, доаѓаме во согласност со нашиот Создател.

Физичкото воспитување применувано во тие еврејски школи може, исто како и верското, и денеска да биде од полза. За жал, вредноста на тоа воспитување малку се цени. Меѓу душата и телото постои тесна врска и, за да постигнеме големо морално и духовно совршенство, мораме да ги почитуваме и законите на нашето физичко битие. За да се изгради силен и хармоничен карактер, мора да се вежбаат и да се развиваат како духовните така и физичките сили. Зар за младите може да има нешто поважно од проучувањето на нашиот чудесен организам и законите со чија помош можеме да го одржуваме во добро здравје?

**Физичката работа дава живот. -** Кога телото е неактивно, крвта бавно тече, а мускулите се намалуваат во големина и сила... Физичката работа, свежиот воздух и сончевата светлина – благослови кои небото изобилно ги излило врз нас - би дале живот и сила на многумина истоштени инвалиди...

Работата е благослов, а не проклетство. Грижливата работа чува многу, млади и стари, од стапиците на оној кој „бара пакос за невработени раце“. Никој нека не се срами од работа, бидејќи чесната работа облагородува. Додека рацете се зафатени со најобични задачи, умот може да биде исполнет со возвишени и свети мисли.

# ЕМОЦИОНАЛНИ ФАКТОРИ

**Послушноста кон Бога ослободува од човечките страсти и импулси. -** Послушноста кон Бога значи ослободување од ропството на гревот, ослободување од страстите и импулси. Човекот може да стане победник над себеси, ослободен од сопствените навики и страсти и од „управителите на темнината од овој век“ и од „поднебесните духови на злобата“ (Ефесјаните 6:12).

**Емоциите треба да се контролираат со помош на волјата. -** Вашиот дел е да ја ставите својата волја на Христовата страна. Кога ќе ја предадете својата волја на Неговата Тој веднаш ве присвојува и прави во вас да сакате и постапувате како што му е на Нему угодно. Вашата природа доаѓа под контрола на Неговиот Дух. Дури и вашите мисли се подредени на Него.

Ако не можете да ги контролирате своите импулси и емоции како што сакате, можете да ја контролирате својата волја, и така ќе се случи целосна промена во вашиот живот. Кога ќе ја покорите својата волја кон Христа, вашиот живот е скриен со Христа во Бога. Таа е поврзана со силата која е над сите поглаварства и власти. Вие имате сила од Бога која ве држи во Негова сила; и можен е нов живот, живот на вера.

**Емоциите го контролираат разумот и совеста. -** Моќта на вистината треба да биде доволна да нè поддржи и утеши во сите несреќи. Таа му овозможува на имателот да триумфира над неволјата кога Христовата религија ја открива својата вистинска вредност. Таа ги доведува потребите, страстите и емоциите под контрола на разумот и совеста, и ги дисциплинира мислите да течат по здрав канал. Тогаш јазикот нема да биде оставен да го обесчестува Бога со изрази на грешно јадосување.

**Творење на Божјата волја наспроти чувствата и емоциите (совет до еден млад човек). -** Не се вашите чувства, вашите емоции она што ве прави Божјо дете, туку творењето на Божјата волја. Пред вас е корисен живот ако сакате да ја чините Божјата волја. Тогаш можете да стоите во својата од Бога дадена мажевност, како пример на добри дела.

Тогаш ќе бидете во состојба да ги држите правилата на дисциплина наместо да ги кршите. Тогаш ќе можете да одржувате ред наместо да го презирате и поттикнувате на нередовност во животот преку сопствениот правец на делување.

Ви кажувам со Божји страв: знам што можете да бидете ако се ставите на Божјата страна. „Ние сме помагачи на Бога.“ Вие можете да ја извршувате својата задача за време и вечност на таков начин за да ја из-

држи пробата на судот. Ќе сакате ли да пробате? Ќе сакате ли сега одлучно да се свртите? Вие сте предмет на Христовата љубов и посредништво. Ќе сакате ли сега да се покорите на Бога и со помош на оние кои се поставени како стражари да ги чувате интересите на Неговото дело, или да ги растажите и да ги обесхрабрите?

**Неспокојот и незадоволството се отстранети (повик на еден човек на раскрсница). -** Кога ќе го примите Христос како свој личен Спасител, ќе се случат видливи промени кај вас; ќе бидете обратени и Господ Исус со Својот Свет Дух ќе биде со вас. Тогаш повеќе нема да има неспокој, немир и незадоволство кое ве следи.

Вие сакате да зборувате. Кога вашите зборови би биле такви да го прославувате Бога, не би имало грев во нив. Но вие не го сфаќате мирот, одморот и задоволството во Божјата служба. Вие сигурно не сте обратен човек кој ја твори Божјата волја, и затоа не можете да го почувствувате животодавното, окрепувачко влијание на Светиот Дух.

Кога ќе одлучите дека не можете да бидете христијани и сѐ уште да работите како што вам ви се допаѓа, кога ќе сфатите дека морате да ја покорувате својата волја на Божјата волја, тогаш можете да се поистоветувате со Христовиот повик: „Дојдете кај Мене сите кои сте уморни и натоварени, и Јас ќе ве одморам. Земете го Мојот јарем на себе и научете се од Мене; затоа што Јас сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете одмор за своите души. Затоа што јаремот мој е благ, и моето бреме е лесно“ (Матеј 11:28-30).

**Контрола на внатрешните емоции. -** Вие можете да бидете бодри ако ги доведете дури и своите мисли во подреденост со Христовата волја. Не размислувајте, туку внимателно истражувајте го своето срце и секојдневно умирајте за своето јас.

Можеби ќе се запрашате: како можам да бидам господар на сопствените постапки и да ги контролирам моите внатрешни емоции?

Многумина кои не ја признаваат Божјата љубов го контролираат својот дух во голема мера без помош од Божјата благодат. Тие негуваат самоконтрола. Ова навистина претставува укор за оние кои знаат дека можат да добијат сила и благодат од Бога, а сепак не ги манифестираат благодетите на Духот. Христос е нашиот пример. Тој бил кроток и понизен. Учете се од Него и следете го Неговиот пример. Божјиот Син бил безгрешен. Ние мораме да копнееме кон ова совршенство и да победиме како Тој што победил за да можеме да седиме со Него од Неговата десна страна.

**Емоциите се променливи како облаци. -** Но ќе чекаме ли додека не почувствуваме дека сме очистени? Не; Христос ветил дека „ако ги признаеме своите гревови, Тој е верен и праведен да ни ги опрости нашите гревови, и да нѐ прочисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1:9). Имате потврда од Бога преку Божјата реч. Не морате да очекувате чудесни емо-

ции пред да поверувате дека ве слушнал Бог; чувствата не треба да бидат наш критериум, затоа што емоциите се променливи како облаци. Морате да имате нешто цврсто за темел на својата вера. Господовиот збор е збор на безгранична сила на која можеме да се потпреме, а Тој рекол: „Барајте и ќе ви се даде". Погледнете кон Голгота. Нели рекол Исус дека е Тој е наш застапник? Нели Тој рекол ако бараме нешто во Негово име, тоа и ќе добиеме? Не смеете да зависите од сопствената добрина или добрите дела. Потпрете се на Сонцето на праведноста верувајќи дека Христос ги зел вашите гревови и ви ја препишал Својата праведност.

**Емоциите не се сигурна заштита.** - Чувствата се честопати измамливи, емоциите не се сигурна заштита; затоа што тие се променливи и подложни на надворешни прилики. Многумина се излажани при потпирањето на сензационалните впечатоци. Тестот е во следното: Што правите за Христос? Каква жртва поднесувате? Каква победа здобивате? Совладаниот дух на себичноста, спротиставеното искушение да се занемари должноста, потчинетите страсти, и волната, радосна послушност на Христовата волја се многу поголеми докази дека сте Божјо дете од нестабилната побожност и емотивната вера.

**Христијаните не треба да се потчинуваат на емоциите. -** Божјите деца не треба да се подредат на чувствата и емоциите. Кога тие се колебаат помеѓу надежта и стравот, го рануваат Христовото срце; затоа што Тој им дал непогрешливи докази за Својата љубов... Тој сака да ја извршува работата која им ја доверил; тогаш срцата ќе бидат во Негови раце како свети харфи, и од кои секој допир ќе одѕвонува со пофалби и благодарност кон Оној Кој е испратен од Бога да ги земе гревовите на светот.

**Христос дава власт над природните склоности.** - Исус дошол на овој свет и живеел според Божјите закони за човекот да може да се здобие со целосна власт над склоностите на телесната природа кои ја расипуваат и упропастуваат душата. Лекарот на душата и телото и нам ни овозможува победа над сите телесни желби кои војуваат со душата. Тој се погрижил за сè што е потребно за човекот да може да изгради совршен карактер.

**Восхитените чувства не се доказ за обратувањето.** - Сатаната ги наведува луѓето да мислат дека поради тоа што почувствувале восхитеност во своите чувства тие се обратени. Но нивното искуство не се променило. Нивните дела се исти како и пред тоа. Нивните животи не покажуваат добар род. Тие често и долго се молат и постојано се повикуваат на чувствата кои ги имале за тоа време. Но тие не живеат нов живот. Тие се измамени. Нивното искуство не оди подалеку од чувствата. Тие градат на песок, и кога ќе наидат силни ветрови, нивната куќа ќе биде збришана.

**Чувството на немир понекогаш е добро. -** Чувството на немир и копнежот за домот или осаменоста можат да бидат за ваше добро. Вашиот небесен Татко ве повикува да ве научи да најдете пријателство во Него, љубов и утеха која ќе ги задоволи сите ваши најсрдечни надежи и желби... Ваша единствена сигурност и среќа е во држењето на Христос за свој постојан советник. Вие можете да бидете среќни во Него дури и ако немате друг пријател на овој свет.

**Господ сака да ги придвижи мислите. -** Христос ги набљудува луѓето кои се толку зафатени со световните грижи и работни потфати што немаат време да се запознаат со Него. За нив небото е страно место, затоа што го изгубиле од вид. Без блискости со небесните работи, тие се заморуваат слушајќи за нив. Тие не сакаат нивните мисли да бидат попречени во врска со нивните потреби за спасение, давајќи им предност на забавите. Но Господ сака да им ги придвижи умовите, не би ли се фатиле за вечните вистини. Тој е сериозен со нив. Многу, многу скоро сите ќе го запознаат, сакајќи го тоа или не.

**Не треба да се задлабочува во самоиспитување на емоциите. -** Не е мудро да се размислува само за себе и своите емоции. Ако го правиме тоа непријателот ќе ни предочи потешкотии и искушенија кои ја ослабнуваат верата и ја уништуваат храброста. Постојаното задржување на она што нè возбудува и предизвикува излив на емоции значи препуштање и вплеткување во нешто што го збунува духот. Наместо на себе, ние треба постојано да гледаме на Христа.

## **Отсек Четири**

# *Развој на личноста*

# ПРЕНАТАЛНО ВЛИЈАНИЕ

**Важноста на пренаталните влијанија. -** Мнозина сметаат дека пренаталните влијанија не се многу важни; но небото не вели така. Пораката донесена од Господов ангел и повторена два пати на свечен начин, покажува дека таа го заслужува нашето најголемо внимание.

**Духот на задоволството влијае врз потомството. -** Секоја жена која треба да стане мајка, какво и да е нејзиното опкружување, треба постојано да поттикнува среќна, ведра, задоволна диспозиција, знаејќи дека сите нејзини напори во тој правец ќе бидат десетпати наградени како во физичката така и во моралната состојба на нејзиното потомство. И тоа не е сѐ. Со навика може да се научи на ведро размислување, и на тој начин поттикне здрава состојба на умот и така фрли бодра рефлексија од сопствената среќа на своето семејство и со оние со кои се дружи.

Нејзиното здравје во голема мера ќе се подобри. Емисијата на животот ќе добие сила, крвта нема бавно да тече, како што би се случило кога би се предала на потиштеност и лошо расположение. Нејзиното ментално и морално здравје се поткрепува со свежината на нејзиниот дух.

**Мајчинските чувства го обликуваат карактерот на нероденото дете.** - Мајчините мисли и чувства имаат силно влијание врз наследството кое таа му го пренесува на своето дете. Ако дозволи мислите да ѝ се занимаваат со сопствените чувства, ако се оддава на себичност, ако е зловолна и бара многу, карактерот на нејзиното дете ќе го потврди фактот. На тој начин многумина како бебиња примиле скоро несовладливи склоности кон злото.

Но ако мајката непоколебливо се држи до добрите принципи, ако е умерена и пожртвувана, ако е љубезна, пријатна и несебична, таа може да ги пренесе овие скапоцени карактерни црти на своето дете.

**Пренатално влијание на мирот.** - Личноста која очекува да биде мајка треба да ја држи својата душа во Божјата љубов. Нејзиниот ум мора да биде во мир; мора да се одмара во Исусовата љубов, извршувајќи ги Христовите зборови. Таа мора да запамети дека мајката е Божји помагач.

**Таткото мора да се запознае со физичките закони.** - Силата на идната мајка мора грижливо да се чува. Наместо да ги троши своите скапоцени сили на исцрпувачка работа, нејзината грижа и товар треба да бидат олеснети. Мажот и таткото на идното дете често не е доволно запознаен со физичките закони кои мора да ги разбере за доброто на своето семејство. Потонат во борбата за средства за живот, или загубен во создавањето

на богатство, притиснат со грижи и проблеми, тој врз рамениците на неговата жена, идната мајка, остава товар кој ги надминува нејзините сили во овој најкритичен период. Тоа предизвикува слабост и болест.

**Децата лишени од менталната прилагодливост.** - Ако на идната мајка ѝ се ускратени грижата и удобноста што треба да ги има, ако ѝ се допушта да се истоштува од прекумерна работа или незадоволство и мачнина, нејзиното дете ќе биде лишено од виталната сила, менталната еластичност и ведрото напредување кои треба да ги наследи. Би било далеку подобро да го направиме животот на идната мајка светол и весел, да ја заштитиме од скудност, тешка работа и депресивни грижи и да му дозволиме на детето да наследи добра телесна градба за да може да си го пробива патот низ животот со сопствени енергични напори.

**Потребите на мајката не смеат да се занемарат.** - Физичките потреби на идната мајка не смеат во никој случај да бидат запоставени. Од неа зависат два живота и треба да имаме нежно разбирање за нејзините желби и великодушно да ги исполнуваме нејзините потреби. Но во овој период, повеќе од било кога, таа треба да одбегнува, во исхраната и во сè друго, сè што може да ги ослабне физичките или менталните сили. Со заповед од самиот Бог, нејзе ѝ е наложена најсвета обврска да манифестира самоконтрола.

**Одговорноста на жената. -** Жените кои се со принцип и кои се добро упатени нема да отстапат од едноставноста во исхраната за ова време (бременоста) различно од сите други. Тие ќе земат во предвид дека уште еден живот зависи од нив и треба да бидат внимателни во сите свои навики, а посебно во исхраната.

**Недолжното потомство страда. -** Болни деца се раѓаат поради удоволувањето на апетитот од страна на родителите. Организмот не бара разновидна храна со која се занимава умот. Голема заблуда е да се мисли дека сè што е на ум мора да биде и во стомакот, и тоа христијанските жени треба да го отфрлат. Не треба да се дозволи фантазијата да ги контролира потребите на организмот. Оние кои му дозволуваат на вкусот да владее ќе платат казна за престап на законот на своето битие. И работата не се завршува тука; нивното недолжно потомство исто така ќе страда.

Немудрите советници ја советуваат мајката да ја удоволува секоја желба и импулс како нешто важно за доброто на своето потомство. Таквиот совет е погрешен и штетен. Со заповедта од самиот Бог мајката е под најсвечена обврска да покажува самоконтрола. Чиј глас ќе слушаме – гласот на божествената мудрост или гласот на човечкото празноверие?

**Трудницата мора да формира навики на самоодрекување. -** Мајката која е учител на своите деца, пред нивното породување мора да

формира навики на самоодрекување и самоконтрола; затоа што таа е онаа која им пренесува особини, сопствени силни или слаби црти на карактерот. Непријателот на душите многу повеќе го разбира ова прашање од многу родители. Тој на мајката донесува искушение, знаејќи дека ако не го одбие, преку неа ќе влијае и врз детето. Мајчината единствена надеж е во Бога. Кај него може да побегне за благодат и сила. Нема напразно да ја бара помошта. Тој ќе ја оспособи на потомството да му пренесе квалитети кои ќе им помогнат да успеат во овој живот и да стекнат вечен живот.

**Основа за исправен карактер. -** Основата за исправен карактер во идниот човек се зацврстува со навики на стриктна умереност кај мајките пред раѓањето на своето дете... Не треба неодговорно да се однесуваме кон оваа поука.

**Човештвото стенка под бремето на натрупаното зло. -** Човештвото стенка под бремето на натрупаното зло поради гревовите од претходните генерации. Но скоро и да не размислуваме или да се грижиме, што мажите и жените на денешната генерација се оддаваат на неумереност при јадењето и пиењето, и така оставаат, како наследство на следната генерација, болест, ослабен разум и извалкан морал.

**Незаситните и несветите желби се пренесуваат на младите. -** Обата родители ги пренесуваат врз своите деца како своите духовни и телесни особини, така и своите склоности и желби... Луѓето наклонети кон алкохол и тутун своите незаситни желби, својата разјарена крв и нервна раздразливост ја пренесуваат и на своите деца. Развратниците често ги оставаат своите несвети желби, па дури и одвратните болести во наследство на своето потомството. И бидејќи децата им се опираат со уште помалечка сила отколку родителите, склоноста кон опаѓање со секоја генерација е сè поголема.

По правило, секој неумерен човек кој одгледува деца ги пренесува своите склоности и зли желби на своето потомство.

**Самсоновиот пренатален живот уреден од Бога. -** Зборовите изговорени на Маноевата жена содржат вистина која денешните мајки треба добро да ја проучат. Обраќајќи се на оваа мајка, Господ им зборувал на сите загрижени и жалосни мајки на тоа време и на сите мајки во наредните генерации. Да, секоја мајка може да ја разбере својата должност. Таа може да знае дека карактерот на нејзините деца ќе зависи многу повеќе од нејзините навики пред пораѓањето и личните напори по пораѓањето отколку од надворешните предимства или неповолности.

Бог му наменил значајна задача на ветеното дете на Маноj, а за да се подготви како што треба за таа задача и тој и мајката морале да се придржуваат кон грижливо пропишаните навики... Од навиките на мајката

зависи кон што ќе биде наклонето детето: кон добро или кон зло. Таа мора да се раководи според принципите, да владее со себе и во сè да биде умерена, ако ја посакува благосостојбата на детето.

**Вклучени и таткото и мајката. -** И татковците и мајките се вклучени во оваа обврска, и тие мора исто така сериозно да бараат божествена благодат за нивното влијание да биде такво што Бог ќе може да го одобри. Прашањето на секој татко и мајка треба да биде: „Што да правиме со детето кое треба да се роди?“ Многумина спрема учинокот на пренаталното влијание лесно се однесуваат: но упатствата пратени од Небото на овие еврејски родители, и двапати повторени на најјасен и најсвечен начин, покажуваат како Создателот гледа на ова прашање.

**Сопствен родителски печат пренесен на децата**. - Родителите... со попуштање ги зајакнуваат своите животински страсти. И кога тие ќе се зацврстат, моралните и интелектуалните способности слабеат. Духовното се претвора во брутално, животинско. Децата се раѓаат со многу развиени животински склоности, добивајќи го родителскиот сопствен карактерен печат... Способноста на мозокот е ослабната, а меморијата оштетена... Гревовите на родителите ќе се покажат и на нивните деца затоа што им дале печат на сопствените страсни склоности.

**Сатаната настојува да ги понижи умовите. -** Покажано ми е дека сатаната сака да ги понижи умовите на оние кои се соединуваат во брак, како би го втиснал свое сопствено лошо обличје врз нивните деца...

Тој многу полесно може да го обликува нивното потомство отколку што можеле родителите, затоа што така може да ги контролира умовите на родителите и преку нив да втисне сопствен карактерен печат на нивните деца. Така многу деца се раѓаат со животински страсти на кои на големо им робуваат додека моралните способности им се слабо развиени.

**Разумот треба да го контролира бројот на децата. -** Оние кои го зголемуваат бројот на своите деца, ако се повикаат на разумот, а знаат дека физичката и менталната слабост ќе биде нивно наследство, се престапници на последните шест прописи на Божјиот закон... Тие учествуваат во зголемувањето на дегенерацијата на човечкиот род и придонесуваат општеството да тоне сè подлабоко, нанесувајќи им на тој начин штета на ближните. Ако Бог така се однесува кон правата на ближните, не води ли сметка за поблиските и посветите односи? Ако ни врапчето не паѓа на земјата, а Тој да не забележи, нема ли да ги земе во предвид и децата родени на овој свет, болни физички и ментално, кои во голема или мала мерка страдаат целиот свој живот? Нема ли да ги повика родителите да поднесат сметка, оние на кои им дал способност за размислување, за отфрлање на возвишените особини и робувањето на страстите, додека,

како резултат на тоа, поколенијата мораат да носат жиг на нивната физичка, ментална и морална расипаност?

**Пренесена ослабена способност**. - Мажите и жените кои се слаби и болни често во своите брачни врски негуваат себични мисли само за сопствената среќа. Тие не го разгледале внимателно тоа прашање од гледна точна на благородните, возвишени начела, размислувајќи за она што можат да очекуваат од своето потомство, туку ја слабееле способноста на телото и умот, што не го воздигнува општеството туку прави да тоне уште подлабоко.

**Болеста поминува од генерација на генерација. -** Болните мажи најчесто ја здобиваат љубовта на здравите жени, и затоа што се сакале, се чувствувале совршено слободни за брак... Доколку тоа се однесува само на оние кои така стапиле во брачен однос, гревот не би бил толку голем. Нивното потомство е осудено на страдање поради болеста која им е пренесена. Така болеста се овековечува од генерација во генерација... Тие наметнале на општеството еден ослабен род, и го дале својот дел во расипувањето на човештвото; пренесувајќи ја болеста низ наследството и на тој начин зголемувајќи ги човечките страдања.

**Разлика во годините како фактор. -** Следна причина за непотполноста на сегашната генерација во физичката сила и моралната вредност е во тоа што мажи и жени со голема разлика во годините стапуваат во брак... Во многу случаи потомството на таквите заедници, каде што има голема разлика во годините, нема добро урамнотежени умови. На нив исто така им недостасува и физичка сила. Во таквите семејства често се манифестираат различни, особени и често мачни црти на карактерот. Тие често и умираат прерано, а оние кои заоѓаат во зрела возраст, во многу случаи, се деградирани во физичка и ментална сила и во морална вредност.

Така оваа категорија на суштества дошла на свет како бреме на општеството. Нивните родители се виновни во голема мера за развојот на карактерот на своите деца, кои се пренесуваат од генерација на генерација.

**Бог нè смета одговорни за пренаталната негрижа. -** Жените не ги следеле секогаш налозите на разумот наместо на импулсот. Тие во голема мера не чувствувале одговорност која почива на нив да формираат врска која нема да втисне на нивното потомство низок степен на морал и страст за задоволување на понижувачките желби по цена на здравјето, а дури и животот. Бог на големо ги смета одговорни за физичкото здравје и моралните карактеристики кои така се пренесуваат на идните генерации...

Многумина од оваа група стапиле во брак и му оставиле на потомството во наследство дамка на сопствената физичка слабост и расипан морал. Задоволувањето на животинските страсти и сетилноста го одбележале карактерот на нивното потомство, кое се понижувало од генера-

ција во генерација, зголемувајќи ја човечката мизерија до застрашувачки степен, забрзувајќи го пропаѓањето на човештвото.

**Родителите ги обликуваат децата. -** Децата ќе бидат во голема мерка она што се нивните родители. Физичката состојба на родителите, нивните наклонетости и желби, нивните ментални и морални склоности во поголема или помала мерка се репродуцираат во нивните деца.

**Обликување на општеството и иднината. -** Колку се поблагородни целите, колку е повисок менталниот и духовниот мираз и колку се поразвиени физичките сили на родителите, толку тие подобро ќе ги опремат своите деца за живот. Негувајќи го она што е најдобро во нив, родителите влијаат на формирањето на општеството и на издигнувањето на идните генерации...

Тие ја трошат својата енергија на попуштање на апетитот и страстите и на тој начин милиони се загубени за овој и за светот што ќе дојде. Родителите не смеат да заборават дека нивните деца мораат да се сретнат со овие искушенија. Уште пред раѓањето на детето треба да започне подготовката која ќе им овозможи успешно да се борат во битката против злото.

Оваа одговорност посебно почива врз мајката. Таа, од чија крв се хранело детето и во чие тело се изградувало - во него вградува и ментални и духовни влијанија кои водат кон формирање на умот и карактерот.

**Родителите им го даваат на децата сопствениот печат на карактерот. -** Родителите им го даваат на децата сопствениот печат на карактерот; и ако некои црти не се правилно развиени кај едно дете, а друго открива различни фази на карактер кои се непријатни, кој треба да биде потрпелив, повоздржан и пољубезен од родителите? Кој треба да биде така сериозен како тие во негувањето на драгоцените благодети на карактерот кај своите деца откриени во Христос Исус?

Мајките ни половина не ги ценат своите привилегии и можности. Тие изгледа не сфаќаат дека можат во најголема смисла да бидат мисионери, Божји соработници во помагањето на децата да изградат складен карактер. Тое големо бреме на задачата која им ја дал Бог. Мајката е Божји посредник во христанизацијата на своето семејство.

**Одговорноста на родителите за пренаталното влијание. -** Првата голема цел која треба да се постигне во воспитувањето на децата е здравоста на конституцијата која во голема мера ќе го подготви патот за менталното и моралното воспитување. Физичкото и моралното здравје се тесно поврзани. Каква огромна тежина на одговорност почива на родителите кога ќе се земе во предвид дека курсот кој го следеле пред раѓањето на своите деца има многу заедничко со развојот на карактерот на децата по раѓањето.

**Што да се прави во врска со ова. -** Родителите можат на своите деца да им пренесат склоности кои ќе ја отежнат задачата на воспитување и обука на децата да бидат строго усмерени и да имаат чисти и здрави навики. Ако им се пренесат желбите за нездрава храна, надразнувачки средства и наркотици како наследство од родителите, каква страшна одговорност почива на родителите за да се спротивстават на злите склоности кои им ги дале на децата! Колку сериозно и со колкав труд треба да се внесат родителите во извршувањето на своите должности, со верба и надеж, кон несреќното потомство!

**Ден на судот за родителите. -** Кога родителите и децата ќе се сретнат при конечната пресметка – на денот на Божјиот суд – каква глетка ќе биде тоа! Илјадници деца и млади кои биле робови на желбите и унижувачките пороци, чии животи претставуваат морални урнатини, ќе стојат лице в лице со родителите што ги направиле такви какви што се. Кој, освен родителите, би можел да ја носи оваа ужасна одговорност? Дали Господ овие млади ги создал така расипани? О, не! Кој, тогаш, го извршил тоа ужасно дело? Нели врз децата се пренесени гревовите на родителите кои и самите им попуштале на изопачениот апетит и страстите? И зарем тоа лошо дело не е завршено од оние кои пропуштиле своите деца да ги воспитаат во склад со примерот што го дал Господ? Сите родители ќе мора да излезат пред Бога на испитување, тоа е сигурно, токму како што е сигурно нивното постоење.

**Потребно повеќе од човечка мудрост. -** Родителите не смеат да заборават дека нивните деца мораат да се сретнат со ... искушенија. Уште пред раѓањето на детето треба да започне подготовката која ќе им овозможи успешно да се борат во битката против злото.

**Среќни се оние чии животи го рефлектираат божественото. -** Среќни се оние родители чии животи се вистински одраз на божеството така што Божјите ветувања и заповеди кај нивното дете ќе побудат благодарност и понизност; родителите чија нежност, праведност и долготрпение му ја прикажуваат на детето Божјата љубов, правда и долготрпеливост; и кои, учејќи го детето да ги сакаат, почитуваат и слушаат, го учат да Го сакаат, почитуваат и слушаат небесниот Татко. Родителите кои ќе вградат ваков дар во своето дете, му подариле богатство поскапоцено од богатствата на сите векови – богатство кое е постојано како вечноста.

# НАСЛЕДСТВО И ОПКРУЖУВАЊЕ

**Моќта на наследството. -** Имајте ги предвид законите на наследувањето, влијанието на лошото друштво и околината, како и силата на лошите навики. Треба ли тогаш да се чудиме што мнозина се унижени поради таквите влијанија? Треба ли да се чудиме што тие така бавно одговараат на напорите вложени за нивно воздигнување?

**Децата често наследуваат склоности.** - По правило, децата ги наследуваат склоностите и стремежите на своите родители и го следат нивниот пример; така гревовите на родителите се повторуваат кај децата од поколение во поколение. Така и Хамовото непочитување и нискост се повторувале во неговото потомство донесувајќи им проклетство во текот на многу поколенија...

Од друга страна, колку богато било наградено Симовото внимание кон татка си и колкава низа истакнати свети луѓе се појавуваат во неговото потомство.

**Мајките треба да се информираат за законите на наследство. -** Во минатите генерации, доколку мајките би се информирале во однос на законите за своето битие, би разбрале дека силата на нивниот склоп, како и моралната финост и менталната способност во голема мерка би се покажале на нивните потомства. Нивното незнаење во однос на овој предмет, во кој е толку многу вклучено, претставува криминал.

**Болеста пренесена од родителите на децата.** - Откако паднал, човечкиот род од поколение во поколение покажува сѐ поголема склоност кон паѓање, а болестите – од род во род – се пренесуваат од родителите на децата. Дури и новороденчињата во лулките страдаат од неволји предизвикани од гревот на нивните родители.

Мојсеј, првиот историчар, дава сосем одреден извештај за животот на општеството и поединецот во првиот период од историјата на светот; меѓутоа, никаде не наоѓаме запис дека некое дете се родило слепо, глуво, сакато или малоумно. Не е забележан ниту еден случај на природна смрт на новороденче, на дете во период на развој или на човек во млади години... Било ретко синот да умре пред таткото, па еден таков случај се сметал за толку исклучителен што било потребно да се забележи: „И Аран умре пред таткото свој Тара.“ Патријарсите од Адама до Ное, со неколку исклучоци, живееле скоро по илјада години. Оттогаш, просечната должина на човековиот век постојано се намалувала.

Во времето на првото Христово доаѓање човештвото веќе толку се дегенерирало така што од градовите биле доведувани кај Спасителот не само стари, туку и средовечни и млади луѓе, да ги лекува од нивните болести.

**Децата мора да ги одбегнуваат лошите навики на родителите. -** Болеста никогаш не доаѓа без причина. Непочитувањето на здравствените закони ја поканува болеста и го подготвува патот за неа. Мнозина страдаат како последица на престапите на нивните родители. Иако тие не се одговорни за она што го правеле нивните родители, тоа воопшто не ја намалува нивната должност да знаат што е, а што не е престапување на здравствените закони. Тие треба да ги одбегнуваат погрешните навики на своите родители и да настојуваат да се доведат себеси во подобра положба со правилен начин на живот.

**Гревовите на претците го исполнуваат светот со болест. -** Нашите претци ни оставиле навики и страсти кои го исполнуваат светот со болести. Гревовите на родителите, преку расипаните желби, со страшна сила се пренесуваат на децата до третото и четвртото колено. Лошата исхрана на многуте генерации, глутонијата и навиките на самопопуштање на тие луѓе, ги наполниле нашите домови за сираци, нашите затвори, нашите лудници. Неумереноста во пиењето на кафе и чај, вино, пиво, рум и бренди како и употребата на тутун, опиум и други наркотици, резултирале со голема ментална и физичка дегенерација која е во постојан пораст.

**Наследена потреба за алкохол. -** За некои личности не е никако безбедно да имаат вино или ракија во домот. Тие ја наследиле желбата за алкохол која сатаната постојано им ја наметнува. Ако му попуштат на искушението, нема да сопрат, затоа што апетитот гласно бара попуштање и задоволство сè до нивна пропаст. Мозокот е парализиран и помрачен; разумот повеќе не владее, а тие се заробеници на страстите.

**Злото од употреба на тутунот преоѓа на децата.** - Употребата на тутунот направила неискажана штета меѓу децата и младите. Денешните деца и младинци се погодени од нездравите навики на минатите генерации. Наследството што овие родители им го пренесуваат на своите деца се ментална неспособност, физичка слабост, растроени нерви и неприродни желби. И децата продолжуваат со истата практика која кај нив ги зголемува веќе постоечките резултати. Токму тука се кријат голем дел од причините за физичко, ментално и морално пропаѓање кое веќе зазема алармантни размери.

**Децата наследуваат склоност. -** Децата наследуват склоност кон злото, но исто така имаат многу добри црти на карактерот. Тие треба да се јакнат и развиват, додека тенденцијата кон злото треба внимателно да се сузбие и потисне. На децата никогаш не треба да им се ласка, затоа што ласкањето е отров за нив; но родителите мораат да покажат посветен, нежен обѕир кон нив, за да ја здобијат нивната доверба и љубов.

**Прикладни зборови на пофалби. -** Секогаш кога мајката може да упати пофални зборови за добро владеење на своите деца, тоа треба и да го направи. Таа треба да ги охрабрува со зборови на одобрување и погледи на љубов. Тоа ќе биде како сончева светлина врз детското срце и ќе води кон култивација на самопочитување и самосвесност на карактерот.

**Избувливоста понекогаш се наследува. -** Некои имаат избувлив темперамент кој им е пренесен, и воспитувањето во детството не ги научило на самоконтрола. Со оваа избувлива навика, често се здружуваат зависта и љубомората.

**Сатаната користи предност над наследените слабости.** - Ние не можеме со своја сила да му се спротивставиме на бучното негодување на нашата падната природа. Низ овој канал сатаната ќе доведува искушение врз нас. Христос знаел дека непријателот ќе дојде кај секое човечко суштество да ги искористи наследните слабости и со своите лажни инсинуации да ги фати во стапица оние што немаат доверба во Бога. Со тоа што поминал низ патеката низ која мора да оди човекот, нашиот Господ ни го подготвил патот да победиме. Не е Негова волја да се најдеме во неповолна положба во судирот со сатаната... „Не бојте се“ вели Тој, „зашто јас го победив светот“ Јован 16:33).

**Обраќањето ги менува наследените склоности.** - Вистинското обраќање ги менува наследените и култивираните склоности кон злото. Божјата вера е цврст материјал, составен од безбројни конци и е проткаен со тактичност и вештина. Само мудроста која доаѓа од Бога може да го направи целосен тој материјал. Има многу платно кое на почетокот убаво изгледа, но тоа не може да ја издржи пробата. Тие се одперуваат. Боите не се постојани. Под летната топлина тие избледуваат и се губат. Таа облека не може да поднесе грубо ракување.

**Не мораме да бидеме заробеници на наследството. -** Прашањето кое треба да се разгледа гласи: имаме ли Христови особини? Изговорите се безвредни. Сите околности, сите желби и страсти, мораат да бидат слуги на богабојазливиот човек, а не да владеаат со него. Христијанинот не мора да биде заробеник на нечие наследство или култивирана навика или склоности.

**Ангелите помагаат во борбата со секој вид на склоност. -** Ангелите секогаш се присутни онаму каде се најмногу потребни. Тие се со оние кои мораат да се изборат со најтешките борби, со оние кои мораат да се борат против склоностите и наследството, чиешто опкружување е најмалку охрабрувачко.

**Верата ги чисти наследените мани. -** Оние кои со јасни разбирања за Светото Писмо го набљудуваат крстот, кои вистински веруваат во Исус, имаат сигурен темел за својата вера. Тие ја имаат онаа вера која работи низ љубовта и ја чисти душата од сите наследени и стекнати мани.

**Далекодостижни последици на опкружувањето. -** Ние живееме во атмосфера на сатанска сила. Непријателот ќе исплете мрежа на разузданост околу секоја душа која не е заклонета со Христовата благодат; но ако се чуваме од непријателот и одржуваме самоконтрола и чистота, заводничките духови нема да имаат влијание врз нас. Оние кои не прават ништо за да го охрабрат искушението имаат сила да се спротивстават кога тоа ќе наиде, но оние кои се задржуват во атмосферата на злото ќе се најдат виновни ако бидат совладани и ќе ја изгубат доследноста. Во иднина ќе се видат добри причини за предупредувањето во однос на заводничките духови. Тогаш ќе се запази силата на Христовите зборови: „Бидете затоа совршени како што е совршен вашиот Татко кој е на небото“ (Матеј 5:48).

**Лотовите ќерки пропаднале заради злото окружување.** - Лот не живеел долго во Сигор; и тука владеело беззаконие како и во Содом и стравувајќи дека и тоа гратче ќе биде разурнато, не смеел да остане тука. И навистина, не поминало долго и Сигор бил уништен, како што била Божјата намера. Потоа Лот се упатил во планините и живеел таму во пештера, лишен од сето она заради што се осмелил своето семејство да го изложи на влијанието на безбожничкиот град. Но содомското проклетство го прогонувало и таму. Грешното однесување на неговите ќерки уследило како резултат на лошото влијание на оние со кои се друже ле во тој изопачен град. Моралната расипаност во толкава мерка им се вовлекла во карактерот, што не биле во состојба да го разликуваат доброто од злото. Единствените потомци на Лот, Моавците и Амонците, биле идолопоклонички племиња, бунтовници против Бога и огорчени непријатели на Неговиот народ.

**Избегнувајте лоши друштва. -** Многу малку луѓе ја сфаќаат важноста на избегнувањето, колку тоа е можно, на сите друштва кои се непријателски настроени кон верскиот живот. Во изборот на своето опкружување многу малку од нив го земаат духовниот напредок како примарен обѕир.

Родителите со своите деца се селат во градови затоа што тие замислуваат дека таму е полесно да се живее отколку во природа. Децата, немајќи што да прават кога не се на училиште, стекнуваат улично воспитување. Од лошите друштва се стекнуваат порочни навики и навики на распуштеност. Родителите сето тоа го гледаат; но потребна е жртва за да ја исправат својата заблуда, и тие остануваат таму каде што се, сè додека сатаната не здобие потполна контрола над децата. Подобро е да се жртвува било кој световен обѕир отколку да се доведат во опасност драгоцени души кои ви се поверени.

**Да се живее во небесна атмосфера. -** Ние треба да се водиме од вистинската теологија и општа смисла. Нашите души мораат да се опкружат со небесна атмосфера. Мажите и жените мораат да внимаваат не себе; мораат постојано да стражарат, не дозволувајќи да најдат збор или дело кои би послужиле на зло. Оној кој се изјаснува како Христов следбеник мора да внимава на себе, да се држи себеси чист и неизвалкан во мисли, зборови и дела. Неговото влијание за другите мора да биде облагородувачко. Неговиот живот мора да ги одблескува блескавите зраци на Сонцето на праведноста.

**Склоностите во детството ја обликуваат судбината. -** Во најраното детство децата стануваат подложни на неморално влијание, но родителите кои се сметаат за христијани изгледа не го сфаќаат злото на сопствениот правец по кој се раководат. О, кога би можеле да сфатат дека склоностите кои децата ги стекнуваат во најраните години му даваат правец на карактерот и ја обликуваат судбината за вечен живот или за вечна смрт! Децата се подложени на морални и духовни влијанија, и оние кои мудро се подучуваат во детството можат понекогаш да грешат, но нема да заталкаат.

**Голема одговорност на родителите. -** Родителите во голема мера се одговорни за природата на карактерот на своите деца. Тие треба да копнеат по складност и симетрија. Постојат малку добро урамнотежени умови затоа што родителите се невнимателни во однос на должноста за стимулирање на слабите црти на карактерот и гушењето на лошите. Тие не земаат на ум дека се под најсвечена обврска да ги следат склоностите на секое дете, дека им е должност да ги научат децата на исправни навики и на прав начин на размислување.

**Да се започне во детството.** - Работата на родителите мора да започне во најраната возраст на детето, за тоа да може да го прими правилното влијание врз карактерот за светот да не го втисне својот жиг врз умот и срцето.

**Важноста на првите три години.** - Мајки, правилно дисциплинирајте ги децата за време на првите три години од нивниот живот. Не им дозволувајте да си создадат свои желби и копнежи. Мајката мора да биде ум за своето дете. Првите три години се време во кое треба да се насочува малечкото гранче. Мајките треба да ја разберат важноста која е прикачена за овој период. Тогаш е време кога се положуваат основите.

**Првите седум години се многу важни за формирање на карактерот.** - Премногу важност не може да биде посветена во раното воспитување на детето. Поуките кои детето ги учи за време на првите седум години на животот можат повеќе да влијаат врз формирањето на карактерот отколку сето она што детето ќе го учи во подоцнежните години.

**Првите поуки ретко се заборавaат. -** Ниту бебињата, ниту децата, или пак младите не би смееле да слушнат некој нетрпелив збор од таткото, мајката или некој друг домашен; затоа што тие примаат впечатоци многу рано во животот, и она што од нив денес ќе направат родителите, тоа тие ќе бидат утре, и следниот ден и следниот. Првите лекции кои се втиснати врз детето ретко се заборавaат...

Впечатоците коишто се направени врз срцето рано во животот се гледаат во подоцнежните години. Тие можат да се закопаат, но ретко да се избришат.

**Ран физички развој. -** Во текот на првите шест или седум години од детскиот живот особено внимание мора да му се обрне на неговото физичко воспитување, попрво отколку на интелектот. По овој период, ако физичката конституција е добра, треба да се посвети внимание и на едното и на другото. Раното детство се протега до првите шест или седум години. До крајот на овој период децата треба да се оставaт како мали јагненца да трчкаат околу куќата или дворовите, во свежина на нивниот дух, слободни од грижи и проблеми.

Родителите, посебно мајките, треба да бидат единствените учители на тие млади умови. Не треба да ги воспитуваат преку книги. Децата во суштина се желни за знаења од природата. Тие ќе поставуваат прашања за сѐ она што гледаат и слушаат, а родителите треба да ја искористат можноста да ги подучат и трпеливо да одговараат на нивните мали прашања. Тие на тој начин можат да стекнат предност над непријателот и да ги утврдат умовите на своите деца сеејќи добро семе во нивните срца, не оставајќи место да се вкорени злото. Мајчините љубезни упатства во нежните години е тоа што им е потребно на децата за обликување на карактерот.

**Посебна грижа за првото дете. -** Првото дете треба посебно да биде воспитувано со голема грижа, зошто тоа ќе влијае врз воспитувањето на останатите. Децата растат според влијанието на оние со кои се опкружени. Доколку се управувани од оние кои се бучни и немирни, тие и самите ќе станат бучни и речиси неподносливи.

**Различни животни прилики за различни деца. -** Има деца на кои им е потребна потрпелива дисциплина и пољубезни подучувања отколку на некои други деца. Тие примиле и наследиле црти на карактер кои не ветуваат добро, и поради тоа им е потребно повеќе сочувство и љубов. Со истрајна работа овие застранети деца можат да се подготват за место во делото на Господарот. Тие можеби имаат неразвиени способности, кои, кога ќе се разбудат, ќе ги оспособат да пополнат места далеку пред оние од кои многу повеќе се очекувало.

**Навиките ретко се менуваат во подоцнежниот живот. -** Она што детето го гледа и слуша впишува длабоки линии врз нежниот ум, коишто

други околности во подоцнежниот живот не можат да ги избришат. Тогаш се обликува интелигенцијата, склоностите добиваат насока и сила. Повторени дела во одредена насока стануваат навики. Тие можат да бидат модифицирани преку напорно воспитување, во подоцнежниот живот, меѓутоа ретко се проmенети.

**Исцелувачко влијание на љубезноста. -** Под влијание на кротост, љубезност и добрина, се создава атмосфера која исцелува, а не уништува.

# СИГУРНОСТ ВО ДОМОТ

**Човечката љубов треба да црпи од божествената љубов. -** Брачната заедница може да биде безбедно формирана единствено во Христа. Човечката љубов треба да ги влече своите најблиски врски од божествената. Длабока, искрена и несебична наклонетост може да има само онаму каде што владее Христос.

**Достигање на Божјиот идеал.** - Мажите и жените би можеле да го постигнат Божјиот идеал за нив кога би го земале Христа за помошник. Она што човечката мудрост не може да го направи ќе го постигне Неговата благодат за оние кои Му се предаваат себеси со љубов и доверба. Неговото провидение може да ги обедини срцата во врска која потекнува од небото. Љубовта нема да биде само размена на нежни и ласкави зборови. На небесниот разбој се ткае ткаенина која е далеку пофина и поцврста од сè што може да биде исткаено на земните разбои. Резултатот нема да биде неотпорен материјал, туку материјал кој ќе биде траен и ќе ги издржи сите испитувања. Срцата ќе бидат соединети со златните жици на љубовта која трае.

**Да се одмеруваат сите мислења во планирањето на бракот.** - Оние кои стапуваат во брак треба внимателно да го проценат секое чувство и да го набљудуваат развојот на карактерот на оној со кого мислат да ја обединат својата животна судбина. Секој чекор кон брачната заедница треба да биде обележан со скромност, едноставност, искреност и срдечна цел да се задоволи и прослави Бог. Бракот влијае на натамошниот живот во овој и во светот што ќе дојде. Искрениот христијанин нема да прави планови кои Бог не може да ги одобри.

**Вистинското единство бара долгогодишен труд.** - Малку двојки се целосно обединети пред да почне свечениот обред без оглед колку внимателно и мудро влегуваат во бракот. Вистинското единство во бракот го донесува долгогодишните понатамошни напори.

**Романтичното мечтаење се губи.** - Романсата врз која младите толку често сакаат да градат брак исчезнува кога младиот брачен пар ќе се сретне со животните потешкотии, бремиња и проблеми. Тогаш мажот и жената ќе ги запознааат карактерите на другиот на начин кој не бил можен во нивното претходно познанство. Тоа е најкритичниот период од нивната врска. Среќата и полезноста на целиот нивен иден живот зависат од заземањето правилен курс во овој период. Тие често кај другиот ќе согледаат слабости и мани на кои не се надевале; но срцата обеди-

нети во љубов ќе откријат и дотогаш незабележани доблести. Секој нека се труди да ги открива доблестите, а не маните на својот партнер. Токму нашиот став, атмосферата која се шири околу нас, честопати го одредува она што ќе ни биде откриено за другиот.

Мнозина сметаат дека покажувањето љубов е слабост и се држат резервирано, што го оттурнува другиот. Ваквиот дух ги попречува изливите на љубов и сочувство. Но, ако ги потиснуваме чувствата за друштвеност и широкоградност, тие венеат и срцето станува пусто и студено. Треба да се чуваме од оваа грешка. Љубовта не може долго да опстојува ако не се покажува. Не дозволувајте срцето на оној кој е поврзан со вас да гладува за љубезност и сочувство.

**Љубовта стимулира кон поблагородни цели.** - Секој треба да претпочита да дава љубов отколку да ја прима. Негувајте го она што е благородно во вас и не двоумете се да ги вреднувате добрите квалитети на другиот. Свеста дека сте ценети е прекрасен поттик и големо задоволство. Наклонетоста и почитта го поттикнуваат стремежот за усовршување. И љубовта се зголемува кога поттикнува благородни цели.

**Индивидуалноста не треба да ја снема.** - Ниту мажот ниту жената не би требале да ја претопат својата личност во личноста на другиот. Секој од нив има своја лична врска со Бога. Секој треба да праша за себе: „Што е правилно?“ „Што е погрешно?“ „Како најдобро да ја исполнам целта на мојот живот?“ Дозволете им на вашите најдлабоки чувства да потечат кон Оној Кој го дал Својот живот за вас. Христос нека ви биде прв и последен и најдобар во сѐ. И вашата љубов ќе станува почиста и посилна со зајакнувањето и продлабочувањето на љубовта кон Христа.

Ние имаме сопствена индивидуалност, и индивидуалноста на жената никогаш не смее да се стопи со машката. Бог е нашиот Создател. Ние сме Негови со создавањето и искупувањето. Потребно е да согледаме колку можеме да Му вратиме на Бога, бидејќи Тој ни дава разум, и сака да ги употребиме овие најдрагоцени дарови во слава на Неговото име.

**Потполната потчинетост му припаѓа само на Исус. -** Бог бара жената пред себе секогаш да ги има стравот и славата Божја. Потполната покорност му ја должи само на Господ Исус Христос, Кој ја откупил како Свое дете по бесконечната цена на Својот живот... Нејзината индивидуалност не смее да се стопи во индивидуалноста на нејзиниот сопруг, бидејќи таа е Христова купена сопственост.

**Не смее да се негува мислата дека бракот е грешка.** - Иако можеби ќе се појаваат тешкотити, неволји и обесхрабрувања, ниту мажот ниту жената не смеат да помислат дека нивната заедница е грешка или разочарување. Одлучете дека на другиот ќе му бидете сѐ што можете да бидете. Продолжете со вниманието што сте си го посветувале во раниот период.

На секој можен начин охрабрувајте се меѓусебно во водењето на животните борби. Научете да ја зголемите среќата на другиот. Меѓу вас нека владеат взаемна љубов и природна воздржаност. Тогаш бракот наместо да биде крај на љубовта, ќе биде нејзиниот вистински почеток. Топлината на вистинското пријателство, љубовта која поврзува срце со срце е предвкус на небесната радост.

**Однос контролиран од разумот. -** Оние кои го почитуваат брачниот однос како една од Божјите свети установи, раководени од Неговите свети прописи, ќе се контролираат по налог на разумот. Тие внимателно ќе го разгледаат резултатот од секоја привилегија која им ја дава брачниот однос. Таквите ќе чувствуваат дека нивните деца се скапоценост која Бог им ја доверил на чување, да преку дисциплина ја отргнат рапавата површина од нивните природи, за да може да се покаже нивниот сјај. Тие под најсвечена заклетва ќе чувствуваат потреба така да ги формираат карактерите за да можат да чинат добро во животот, да ги благословат другите со својата светлина, да го направат светот подобар со своето живеење во него, и на крајот да бидат подесни за возвишениот живот во еден подобар свет, засекогаш да светлат во Божјото и Јагнетово присуство.

**Добро организирано семејство. -** Семејството треба да биде добро организирано. Таткото и мајката треба заедно да ги разгледаат своите одговорности. Заедно треба да работат за најголемо добро на своите деца. Тие никогаш не треба во присуство на децата да ги критикуваат плановите на другиот, или да изнесуваат недоверба кон судот на другиот. Ако жената е неискусна, таа треба да се обиде да открие каде нејзината работа создава потешкотии на нејзиниот маж додека тој работи на спасението на децата. А мажот треба да ги поддржи напорите на својата жена, мудро да ја советува и храбри со љубов.

**Родителите мора да владеат со себе. -** Родителите кои сакаат успешно да владеат со своите семејства мора прво да владеат со себе. Ако сакаат во нивните семејства да бидат присутни само убави зборови, тие мораат да им овозможат на децата од нивните усни да слушаат само убави зборови. Посеаното семе ќе донесе соодветна жетва. Родителите имаат свечена, света задача во воспитувањето на децата со правила и пример. Тие имаат обврска пред Бога да му ги претставаат своите деца способни рано да го примат знаењето за тоа што значи да се биде следбеник на Исус Христос. Ако оние кои тврдат дека се библиски христијани имаат деца кои пак немаат љубов и страв Божји, во најголем број од случаите тоа е затоа што примерот на родителите не бил исправен. Посеано е лажно, лошо семе кое донело жетва само на троскот и трње.

**Љубезни зборови и насмевки за семејството. -** Не ни е само предност туку и должност да негуваме љубезност, да имаме Христов мир во

срцата, и како миротворци и Христови следбеници да го сееме драгоценото семе кое ќе произведе жетва во вечен живот. Оние кои се изјаснуваат како Христови следбеници можат да имаат добри и корисни особини но карактерите да им се многу расипани со нељубезен, раздразлив, груб и осудувачки темперамент. Мажот или жената кои негуваат сомнеж и недоверба создаваат кавга и раздор во домот. Ниту еден од нив не треба да ги чува љубезните зборови и насмевки само за странци, а во домот да изразува раздразливост, одземајќи го така мирот и задоволството.

**Треба да се избегнуваат вулгарни зборови. -** Татковци и мајки, мажи и жени, ве преколнувам, не оддавајте се на ниски мисли и вулгарен говор. Неучтивиот разговор, ниските шеги, недостатокот на човечност во семејниот живот, остава траги на вас, и ако тие често се повторуваат, стануваат ваша втора природа. Домот е премногу свето место за да се валка со вулгарност, сензуалност и осудување. Има Сведок кој објавува: „Ги знам твоите дела." Љубовта, вистината, љубезноста и издржливоста нека бидат растенија кои ќе се одгледуваат во градината на срцето.

**Никогаш не покажувајте грубост или нељубезност. -** Покажувате ли некогаш грубост, нељубезност и неучтивост во семејниот круг? Ако покажувате нељубезност во својот дом, без разлика колку и возвишена да биде вашата дејност, вие ги кршите Божјите заповеди.

**Пријателите никогаш да не се мешаат во семејниот живот (совет на едно момче). -** Кон семејниот круг треба да се однесуваме како кон свето место, симбол на Небото, огледало во кое се одразува нашиот лик. Ние можеме да имаме пријатели и познати, но тие не треба да се мешаат во семејниот живот. Потребно е да се создаде силно чувство на припадност кое дава чувство на спокој, мир и доверба.

Но твоето дружење со други жени и девојки беше извор на искушение за нив, наведувајќи ги да си дадат себе си за слобода да го пречекорат ограничувањето коешто брачниот однос им го наметнува на секој маж и жена. Ти тоа не го забележуваш, но твојата љубов кон забава и духот кој си го поттикнувал не влијаел на другите укажувајќи им на светоста на брачниот однос.

Практичниот семеен живот е голем тест за карактерот. Со нежната промисла во домот, изразувајќи трпеливост, добрина и љубов, човекот го одредува својот карактер.

**Жените копнеат за зборови на љубов. -** Многу жени копнеат за зборови на љубов и љубезност и вообичаени изрази на внимание и учтивост од страна на своите мажи кои ги избрале за животни сопатници. Колку неволји и каква плима на зло и несреќа би можело да се избегне кога мажите, а исто така и жените би продолжиле да негуваат почитување, внимание и љубезни зборови кои љубовта ја одржуваат жива и за кои чувствувале дека се неопходни во задобивањето на својот избран сопатник.

Кога мажот и жената само би продолжиле да го одгледуваат тоа внимание кое ја храни љубовта, би биле среќни во меѓусебното дружење и би имале поголемо влијание на семејството. Така тие би имале во себе мал свет на среќа и не би сакале да излегуваат во светот заради нови привлечности и објекти на љубов. Многу жени заболеле и прерано умреле поради немање зборови на охрабрување, сочувство и љубов искажани со мало внимание и со зборови.

**Мажот може да ја затвори вратата за болести. -** Мажот треба да покаже големо интересирање за своето семејство. Особено мора да биде нежен кон чувствата на слабата жена. Тој може да ја затвори вратата на многу болести. Љубезните, нежните и охрабрувачките зборови ќе се покажат поделотворни од лековите. Тие ќе му донесат поттик на потиштеното и обесхрабрено срце, а среќата и радоста што ќе се внесат во семејството со љубезни постапки и охрабрувачки зборови десетпати ќе го наплатат тој напор.

Мажот треба да запамети дека најголемиот дел од товарот за подучување на децата почива врз мајката, и дека таа има многу работа во обликувањето на нивниот ум. Ова треба да ги предизвика неговите најнежни чувства, и тој треба внимателно да ѝ го олесни товарот. Тој треба да ја охрабри да се потпре на неговата голема љубов, и да го носочи нејзиниот ум кон Небото, каде што се наоѓаат силата и мирот и конечниот одмор за уморните.

Тој не смее намуртен да влегува во својот дом, туку со своето присуство треба да внесе радост во семејството и да ја охрабри својата сопруга да се угледа на Бога и да верува во Него. Заедно можат да се повикаат на Божјите ветувања и да ги внесат Неговите богати благослови во семејството. Нељубезноста, незадоволството и гневот ја затвораат вратата на Исус. Видов дека Божјите ангели бегаат од домовите каде што има нељубезни зборови, раздразливост и кавга.

**Сопругот, глава на семејството.** - Сопругот и таткото е глава на семејството. Жената од него очекува љубов, сочувство и помош во воспитувањето на децата; и тоа треба да биде така. Децата се колку нејзини толку и негови, и тој е подеднакво заинтересиран за нивното добро. Децата од таткото очекуваат поддршка и водство; тој мора да има правилно сфаќање за животот, за влијанието на друштвото што ги опкружува, и пред се треба да се раководи од љубовта и стравот Божји и од учењето на Божјата реч, за да може своите деца да ги насочи во вистински правец.

**Жената „помошник“ на мажот.** - Бог му дал другар на Адама. Тој му обезбедил „помошник“ - помошник соодветен нему - некој кој бил прикладен за соработник и кој што можел да биде едно со него во љубовта и сочувството. Ева е создадена од реброто на Адам, што значи дека не требало да владее над него како глава, ниту пак да биде газена под неговите нозе како потчинета, туку да стои покрај него како еднаква, да биде сакана и заштитувана. Дел од човекот, коска од неговите коски, и тело од

неговото тело, таа била неговото второ јас, што укажува на блиска заедница и нежна приврзаност којашто треба да постои во овој однос.

**Како да се создаде мир во семејниот круг. -** Кога мажот поседува благородност на карактерот, чистота во срцето, возвишеност на умот, што треба да го има секој вистински христијанин, тоа ќе се покаже во брачниот однос... Тој ќе настојува да ја сочува својата жена во здравје и ведрина. Ќе настојува да зборува утешни зборови, да создава атмосфера на мир во кругот на семејството.

Мажите треба да го проучуваат Примерот и да настојуваат да дознаат што значат симболите изложени во посланието до Ефесјаните за односот кој Христос го има кон црквата. Мажот треба да биде како Спасител во своето семејство. Ќе сака ли тој да стои во својата благородност, во од Бога дадената му мажевност, секогаш настојувајќи да ја возвиши својата жена и деца? Ќе сака ли да шири околу нив атмосфера на чистина и топлина? Нема ли сесрдно да ја негува Исусовата љубов, правејќи ја трајно правило во својот дом, како што го присвојува своето право на авторитет?

**Мажот не смее да се држи до својот став по секоја цена. -** Не е доказ за машкоста кај сопругот доколку тој константно пребива на својата положба како глава на семејството. Нема да му порасне почитувањето ако го користи Светото Писмо за да го поддржи своето право на авторитет. Тој нема да стане поголем маж ако бара од жената, мајката на своите деца, да постапува според неговите планови како тие да се непогрешливи.

Господ го поставил човекот за глава на жената за да ја штити; тој е врска во семејството која ги поврзува членовите, како што Христос е глава на црквата и Спасител на тоа чудесно тело. Секој маж кој тврди дека го сака Бога нека внимателно ги проучува Божјите барања во однос на својата положба. Христовиот авторитет се покажува во мудроста, во секоја добрина и благост; така и мажите нека ја користат својата сила и ја копираат големата Глава на црквата.

**Жената треба радосно да му помага на мажот да го одржи достоинството. -** Покажано ми е дека исто така има често големи пропусти од страна на жената. Таа не вложува сериозни напори да го контролира сопствениот дух и да го усреќи домот. Често се покажува раздразливост и непотребно незадоволство од нејзина страна. Мажот доаѓа дома уморен и оптоварен од работа, и се среќава со намуртено лице наместо со ведри, охрабрувачки зборови. Тој е само човечко суштество, и неговата љубов кон жената се лади, ја губи семејната љубов, патеката му е замрачена а храброста уништена. Тој го предава своето самопочитување и она достоинство кое Бог бара од него да го одржува.

Мажот е глава на семејството, како што Христос е глава на црквата, и било кој начин на кој жената може да тежнее да го намали неговото влијание и да го спушти од таа достоинствена и одговорна положба, не

му е угоден на Бога. Должност на жената е да ги потчинува своите желби и својата волја на мажот. Нејзиното достоинство нема да се намали кога му се покорува на оној кој го избрала за свој советник и заштитник. Мажот треба да ја одржува својата положба во семејството со сета кротост, но и со одлучност.

**Човекот е друштвено суштество.** - Меѓу сите созданија што Бог ги создал на земјата, ниту едно не можело да се спореди со човекот. И рече Господ Бог: „Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него!" (Битие 2:18). Човекот не е создаден да живее во самотија, тој е друштвено суштество. Без дружење, прекрасните глетки и угодните активности во Еден не би можеле да донесат совршена среќа. Дури ни заедницата со ангелите не би можела да ја задоволи неговата желба за сочувство и дружење. Не постоел некој друг од иста природа да сака и да биде сакан.

**Хармонија во домот е можна само со Божјиот Дух. -** Ние мораме да го имаме Божјиот Дух, или никогаш нема да постигнеме хармонија во домот. Жената ако го има Христовиот Дух, внимателно ќе зборува, ќе го контролира својот дух, ќе биде кротка, па сепак нема да се чувствува како робинка туку ќе му биде другар на својот маж. Ако мажот е Божји слуга, тој нема да господари над својата жена; нема да биде самоволен и полн со барања. Ние не можеме да негуваме љубов во домот со премногу грижи; бидејќи домот, ако во него владее Господовиот Дух, е прототип на Небото.

**Најважен е внатрешниот круг. -** Сите наши способности треба да ги употребиме за Христос. Тоа е долг кој секој од нас го има кон Бога. Во обликувањето на односот со Христос, обновениот човек само се враќа на својот првобитно одреден однос со Бога. Тој е Христов претставник, и секогаш треба да стражари и да се моли. Неговите должности се насекаде околу него, блиску и далеку. Првата негова должност е онаа што ја има кон децата и најблиските роднини. Ништо не може да го оправда од занемарувањето на внатрешниот круг заради создавање на поголем надворешен.

На денот на конечната пресметка, од татковците и мајките ќе се бара одговор во врска со нивните деца. Родителите ќе бидат запрашани што направиле и што зборувале за да го осигураат спасението на душите за коишто ја презеле одговорноста со нивното донесување на овој свет. Дали ги запоставиле своите јагненца, препуштајќи им ги на грижа на странци? Татковци и мајки, им дозволувате ли на своите деца да растат во нечистотија и грев? Големите добра направени за другите не можат да го поништат долгот што го имате кон Бога да се грижите за своите деца. На прво место е духовната благосостојба на вашето семејство. Поведете ги со себе до крстот, постапувајќи со нив како оние кои за тоа мора да положат сметка.

# РОДИТЕЛСКИ ВЛИЈАНИЈА

**Под контрола на божествените правила. -** На родителите почива најсвечената обврска да ги воспитуваат своите деца во страв и Божја љубов. Во домот треба да се чува најчист морал. Мора да се учи на стриктна послушност на библиските барања. Учењето на Божјата реч, мора да го контролира умот и срцето за да може да се покаже силата на Божјата благодат во семејниот живот. Сите членови на семејството треба да бидат „накитени и украсени како столбови во храмот“ (Псалм 144:2), со помош на божествените правила и прописи.

**Родителите треба да ги разберат децата. -** Родителите не смеат да забораваат на своето детство, колку тие копнееле за сочувство и љубов и како несреќно се чувствувале кога биле укорувани и карани. Тие повторно мора да бидат млади во своите чувства и да ги спуштат своите умови на она ниво на кое ќе можат да ги разберат потребите на своите деца. Сепак, со одлучност, помешана со љубов, тие мора да бараат послушност од своите деца. Родителскиот збор мора безусловно да се почитува.

**Бог ја одредил патеката. -** Божјите ангели ги набљудуваат децата со најдлабок интерес да видат каков карактер развиваат. Кога Христос би постапувал со нас како што ние најчесто постапуваме едни со други и со своите деца, би се сопнале и би паднале во крајно обесхрабрување. Видов дека Исус ги познава нашите слабости и дека Сам го делел нашето искуство во сè освен во гревот; затоа за нас подготвил патека соодветна на нашата сила и способности, и како Јаков, лесно паралелно патувал заедно со децата додека тие можеле да издржат, за да може да нè потхранува со утехата на Своето друштво и да ни биде вечен водач. Тој не ги презира, занемарува или издвојува децата од стадото. Тој не ни заповедал да одиме и да ги напуштиме. Тој не брзал така за да не остави со нашите деца. О не; туку го израмнил патот што води во живот, дури и за децата. А од родителите се бара во Негово име, да ги водат по тесната патека. Бог ни ја одредил патеката според силата и способноста на децата.

**Раздразливоста треба да се сузбие. -** Родители, кога ќе се почувствувате раздразливи, немојте да правите толку голем грев како што е труење на целото семејство со оваа опасна иритираност. Во таквите прилики поставете двојна стража над себе и решете во своето срце дека нема да изговарате навреди со своите усни, и дека ќе зборувате само убави, весели зборови. Кажете си себе си: „Нема да ја расипувам среќата на своите деца со зборови на нетрпеливост.“ Така контролирајќи се себе

си вие ќе зајакнете. Вашиот нервен систем нема да биде толку чувствителен. Ќе бидете зајакнати со вистински прописи. Свеста дека верно ја исполнивте својата должност ќе ве зајакне. Божјите ангели ќе се радуваат на вашите напори и ќе ви помогнат.

Кога чувствувате нетрпеливост, премногу често мислите дека причината е во вашите деца, и ги карате и кога не го заслужуваат тоа. Друг пат може да се случи да го направат токму тоа истото, но тогаш ќе биде прифатливо и во ред. Децата знаат, ги регистрираат и ги чувствуваат сите неправилности, и тие не се секогаш исти. Понекогаш се донекаде подготвени да се сретнат со променливото однесување, а во друга прилика се нервозни и раздразливи, и не можат да поднесат укор...

Некои родители се со нервозен темперамент, и кога се преморени со работа или оптоварени со грижи, тие не ја чуваат мирната состојба на умот, туку се однесуваат кон оние на кои треба да им бидат најдраги на светот со раздразливост и недостаток на подносливост, што не му е угодно на Бога и навлекува темнина врз семејството. Децата, во нивните неволји, треба често да се утешат со нежно сочувство. Взаемната љубезност и трпеливост ќе го направат домот рај и ќе ги привлечат светите ангели во семејниот круг.

**Парализирани умови на родителите. -** Ние имаме некои сознанија за начинот на кој работи сатаната и колку е успешен во тоа. Од она што ми е покажано, тој ги парализирал умовите на родителите. Тие се бавни да се посомневаат дека нивните сопствени деца можат да бидат во криво и грешни. Некои од овие деца се изјаснуваат како христијани, а родителите спијат, не плашејќи се од опасноста, додека умовите и телата на нивните деца пропаѓаат.

Некои родители дури и не се грижат дали децата се со нив додека овие се во Божјиот дом. Младите девојки посетуваат собири и може и да седат со своите родители, но најчесто се во позадина на месните цркви. Тие имаат навика да се изговараат да го напуштат домот. Момчињата ова го разбираат и излегуваат пред или по девојките, и тогаш, кога состанокот ќе заврши, ги испраќаат до дома. Родителите овде не постапуваат мудро. Па сепак, по изговорот за прошетка, момчињата и девојките се собираат по панаѓурите или некои други осамени места, и таму си играат и добро се забавуваат, без искусното око над себе кое би ги предупредило.

**Исхраната и родителското влијание. -** Кога родителите би живееле здраво, задоволувајќи се со едноставна исхрана, би биле спречени многу трошоци. Таткото нема да мора да работи повеќе отколку што може за да ги задоволи потребите на своето семејство. Едноставниот начин на исхрана нема да влијае на претераното возбудување на нервниот систем и животинските страсти, што предизвикува мрзливост и раздразливост. Кога би земал само едноставна храна, неговата глава би била бистра, нервите постојани, желудникот во здрава состојба, и со еден таков чист

организам нема да го изгуби апетитот, така што сегашната генерација би била во многу подобра состојба отколку што е.

Но дури и сега, во овој доцен период, нешто би можело да се направи за да се подобри нашата состојба. Неопходна е умереност во сите нешта. Умерениот татко нема да се жали ако нема голем избор на масата. Здравиот начин на живот ќе ја унапреди состојбата во семејството во секој поглед и ќе и даде време на сопругата и мајката да им се посвети на своите деца.

Голем предмет на проучување со родителите ќе биде на кој начин би можеле најдобро да ги воспитаат своите деца за да бидат корисни и за овој свет и за небото потоа. Тие ќе бидат задоволни да ги видат своите деца уредни, скромно но вкусно облечени, слободни од украсувања и накитувања. Тие сериозно ќе настојуваат да видат дали децата им поседуваат внатрешен накит, украс на скромен и тивок дух кој е од голема вредност во Божјите очи.

**Таткото столб на семејството. -** Таткото христијанин е столб на своето семејство, поврзувајќи го поблиску до Божјиот престол. Нему никогаш не му е во интерес децата да му подзастанат. Таткото кој во семејството има момчиња не треба тие палавковци потполно да ѝ ги препушти на грижа на мајката. Тоа е преголем товар за неа. Тој треба да биде нивен пријател и другар. Мора да се труди да ги сочува од расипано друштво. За мајката може да биде тешко да покажува самоконтрола. Ако мажот забележи дека слабоста на неговата сопруга ја доведува во опасност сигурноста на децата, тој мора да го преземе главниот товар врз себе, правејќи сè што е во негова моќ момчињата да ги води кон Бога.

**Мајката не треба да биде во потрага по возбудувања. -** Мајките кои имаат за задача да ги воспитуваат младите умови и да го обликуваат карактерот на своите деца, не треба да бараат светски возбудувања за да бидат расположени и среќни. Тие имаат важна животна задача, и недозволено е да го минуваат времето на бескорисен начин. Времето е една од важните работи кои Бог ни ги доверил и за кое ќе не повика на одговорност. Губењето време е губење на разумот. Умните способности се предиспонирани за возвишена култивација. Должност на мајките е да го култивираат умот и да ја сочуваат чистотата на срцето. Тие треба да го унапредат секое средство кое им стои на располагање заради својот интелектуален и морален напредок за да се оспособат да ги унапредуваат умовите на своите деца.

Оние кои се склони да бидат во друштво наскоро ќе чувствуваат неспокојство доколку не отидат во посета или не примат посета. Таквите немаат способност да се прилагодуваат на околностите. Неопходните, свети домашни обврски им изгледаат банални и неитересни. Тие немаат љубов кон самоиспитувањето и самодисциплината. Умот е гладен за разни возбудливи појави од световниот живот; децата се запоставуваат поради тие склоности; а ангелот записничар запишува: „Неверен слуга.“ Божјата замисла е нашите умови да не бидат бескорисни туку да чинат добро во овој живот.

**Мајката доилка треба да ја чува среќната состојба. -** Карактерот на детето исто така е повеќе или помалку под влијание на исхраната што ја прима од мајката. Тогаш колку е важно мајката, додека го дои своето бебе, да ја сочува среќната состојба на умот, имајќи совршена контрола над сопствениот дух. Правејќи така, детската храна нема да биде на штета, а мирниот, прибран курс кој мајката го поседува во постапките со своето дете ќе значи многу во обликувањето на умот на бебето. Ако бебето е нервозно или малку вознемирено, мајчината внимателна, нежна постапка ќе има смирувачко и правилно влијание, а со тоа и здравјето на детето значително ќе се подобри.

**Мајката треба да настојува да биде прибрана.** - Колку помирен и поедноставен живот води детето, толку поуспешен ќе биде неговиот физички и ментален развој. Мајката треба во секое време да остане тивка, смирена и прибрана. Многу мали деца се крајно чувствителни на нервна возбуда, па нежното, неизбрзано однесување на мајката ќе има смирувачко дејство кое ќе биде од непроценлива полза за детето.

**Чувствителното дете не треба да се ранува со незаинтересираност. -** Малите деца сакаат друштво. Тие воопшто не можат сами да се забавуваат, и мајката треба да чувствува дека во повеќето случаи децата додека се во куќата треба да се вообичено онаму каде што и таа самата се наоѓа. Тогаш може да ги надгледува и да ги исправа ситните несогласувања кога е потребно; да ги поправа лошите навики или изразувањето на себичност и страсти, и да им ги насочува умовите кон правиот пат. Децата се радуваат додека мислат дека мајка им е задоволна од нив и додека можат да ѝ угодат, и сосем е природно да ја прашаат за совет кога ќе се најдат во своите мали недоумици.

Мајката не треба да го ранува срцето на своето чувствително дете рамнодушно однесувајќи се кон проблемот или одбивајќи да се вознемирува со тие мали нешта. Она што е мало за мајката, за нив е големо. Збор на насочување, или предупредување, во вистинско време често ќе се покаже од голема вредност. Поглед на одобрување, збор на охрабрување, и молитва од мајката, често ќе внесе светлина во нивните млади срца за цел ден.

**Постапувајте благо со малите. -** Мајки, постапувајте благо со своите малечки. Христос некогаш бил мало дете. Заради Него почитувајте ги децата. Гледајте на нив како на света обврска, не попуштајте им премногу, разгалувајќи ги или правејќи ги идоли, туку учете ги да живеат чист, благороден живот. Тие се Божја сопственост; Тој ги сака и ве повикува да соработувате со Него за да им се помогне да изградат совршен карактер.

**Вашето дете е Божја сопственост. -** Сестро моја, може ли да те изненади тоа што твојата ќерка има малку доверба во мајчиниот збор? Си ја воспитувала да биде недоверлива; и Господ е ожалостен што гледа едно од Своите малечки одведено на погрешна патека од страна на

својата мајка. Твоето дете не е твоја сопственост; не можеш со него да постапуваш како што тебе ти се допаѓа, бидејќи тоа е Божја сопственост. Покажувај одмерена, истрајна контрола над неа; поучи ја дека му припаѓа на Бога. Со таквото воспитување таа ќе стане благослов на оние околу себе. Но ќе биде неопходно остро, јасно забележување за да ја сузбие нејзината склоност да владее над вас двајцата, да има сопствена волја и пат, и да работи што ѝ се допаѓа.

**Весели навики и пријатно расположение. -** Учете ги своите деца на самоодрекување и самоконтрола уште додека се во лулката. Учете ги да уживаат во убавините на природата и во корисните активности заради користење (увежбување) на сите сили на умот и телото. Воспитувајте ги за да имаат здрава конституција и добар морал, да имаат весели навики и да бидат со пријатно расположение. Учете ги дека попуштањето на искушението е слабост и зло; и дека благородно и машки е да му се спротивставиме на истото.

**Мајките се пример. -** Ако мајките сакаат нивните ќерки да навлезат во периодот на женственост со здраво тело и сочуван карактер, тие мораат да им дадат пример со својот сопствен живот, чувајќи се од помодарството на своето време кое го уништува здравјето. Врз христијанските мајки почива одговорност која тие не ја сфаќаат. Тие треба така да ги воспитуваат своите деца за да имаат цврст принцип и морално здравје во ова време на расипаност.

**Кога желбата на детето е закон. -** Во некои семејства желбата на детето е закон. Му даваат сè што ќе посака. Сè што не му се допаѓа, се охрабрува да не му се допаѓа. Му се попушта со намера да се усреќи, но тоа го прави само нетрпеливо и незадоволно. Попуштањето му го расипало неговиот апетит па не му се допаѓа здравата, едноставна храна и обичното користење на времето; самозадоволувањето доведува до пореметување на неговиот карактер за сегашноста и за вечноста.

**Сатаната настојува да ги контролира детските умови. -** Родители, вие знаете, за некои од тактиките со кои сатаната се обидува да ги одведе вашите деца во безумие. Тој работи со сета сила да ги заведе. Со одлучност за која многумина и не сонуваат тој настојува да се здобие со контрола над нивните умови и да ги обезвредни Божјите заповеди во нивните животи.

**Родителите треба да ги приврзат децата кон своите срца. -** Не дозволувајте децата да ве видат намуртени. Ако му попуштат на искушението, и подоцна увидувајќи го тоа се покајат за грешката, простете им великодушно како што се надевате дека така ќе ви прости и вашиот Татко на небото. Нежно подучувајте ги и приврзете ги за своето срце. Тоа е кри-

тичен период за децата. Ќе се појават разни влијанија околу нив за да ги одвојат од вас, на кои морате да им се спротивставите. Учете ги да ви се доверуваат. Дозволете им да ви ги доверат своите искушенија и радости. Поттикнувајќи вакво нешто, ќе ги спасите од бројните стапици кои сатаната ги подготвува за нивните неискусни чекори.

Не бидете само строги кон своите деца, заборавајќи на сопственото детство, и на фактот дека тие се само деца. Не очекувајте од нив да бидат совршени и не се обидувајте од нив наеднаш да направите мажи и жени. Правејќи така ќе го затворите пристапот кој во спротивно би го имале кон нив, и тоа ќе ги наведе да ги отворат вратите за штетните влијанија и тогаш некои други ќе ги затрујат нивните млади умови пред воопшто и да бидете свесни за опасностите.

**Постојана изедначена дисциплина. -** Среќата на секое дете може да се осигура со постојана, изедначена дисциплина. Детските најдобри особини се содржани во скромноста и послушноста, во увото кое е внимателно да ги слуша упатените зборови, во желбата на нозете и рацете да одат и да ги извршуваат поставените должности. Вистинската добрина на детето ќе му се врати дури и во овој живот.

Раната младост е време за процесот на обучување, не само за детето да може да стане најуслужно и полно со милосрдие и вистина во овој живот, туку и за да осигура место во небесниот дом, подготвено за сите кои се вистинити и послушни. Преку воспитувањето на своите деца и обуката на други деца се уверивме дека тие никогаш не ги сакаат своите родители или старатели помалку затоа што ги оттргнуваат од правење лошо.

**Исус покажувал посебно привлечна природа. -** Како дете Исус се одликувал со исклучително привлечна природа. Неговите услужливи раце секогаш биле готови да им послужат на другите. Тој покажувал непоколеблива трпеливост и вистинољубивост која никогаш не би ја жртвувала чесноста. Цврст во начелото како карпа, Неговиот живот ја откривал благодатта на несебичната учтивост.

Исусовата мајка го следела со будно око развојот на Неговите сили и во Неговиот карактер забележала печат на совршенство. Со радост се трудела да го бодри тој бистар и приемчив ум. Од Светиот Дух примила мудрост за соработка со небесните сили во развојот на ова Дете, кое само Бога можело да го смета за Свој Татко.

**Преокупацијата со умот ги исклучува ниските мисли. -** Едуцирајте ги способностите и вкусовите на вашите најмили; настојувајте да ги заокупирате нивните умови така што во нив да не се најде место за ниски, расипани мисли или попуштања. Христовата благодат е единствениот противотров или превентива од злото. Доколку сакате, вие можете да изберете, дали умовите на вашите деца ќе бидат заокупирани со чисти, не-

расипани мисли или пак со злата кои насекаде преовладуваат - гордоста и заборавањето на нивниот Откупител.

**Опкружени со ѕид кој не е лесно да се сруши. -** Секој христијански дом треба да има правила; а родителите треба, со своите зборови и своето однесување, да им дадат на децата драгоцен жив пример на она што би сакале да бидат. Треба непрекинато да се практикува чистота во говорот и вистинска христијанска учтивост. Нека нема никакви поттикнувања на грев, ниту зли претпоставки или лоши зборови.

Учете ги децата и младината да се почитуваат самите себе си, да бидат искрени кон Бога, да бидат верни на начелата, учете ги да го почитуват и да му се покоруваат на Божјиот закон. Тогаш овие правила ќе го контролираат нивниот живот и ќе се изнесуваат во нивното дружење со другите. Тие ќе го сакаат својот ближен како самите себе. Ќе создаваат чиста атмосфера која ќе влијае на слабите души и ќе ги охрабрува на патот кој води кон светоста и небото. Секоја поука нека биде со возвишен и благороден карактер, а извештаите во небесните книги нека бидат такви за да не се посрамотите на судот.

Децата кои ги примаат овие видови на упатства нема да бидат товар, причина за загриженост во нашите установи (воспитни, медицински, издавачки, итн); туку ќе бидат сила, потпора за оние кои ја носат одговорноста. Ќе бидат подготвени да заземат доверлива положба а со правило и пример непрекинато ќе им помогнат на другите да прават добро. Оние чии морални чувства не се отапени ќе ги ценат вистинските правила и ќе ги спроведуваат истите. Правилно ќе го ценат својот придонес и најдобро ќе ги искористат своите, физички, ментални и морални сили.

Таквите души трајно се утврдуваат против искушенијата; тие се опкружени со ѕид кој не може лесно да се сруши. Сите такви карактери, со Божји благослов, се светлоносци; нивното влијание копнее кон воздигнување на другите кон еден практичен христијански живот. Умот може така да биде воздигнат што Божјите мисли и сфаќања ќе станат природни како и самото дишење.

# АТМОСФЕРА ВО ДОМОТ

**Домашните влијанија влијаат врз општеството. -** Срцето на заедницата, на црквата и на нацијата е токму домот. Благосостојбата на општеството, успехот на црквата и напредокот на нацијата зависат од влијанијата стекнати во домот.

**Делотворни средства за оформување на карактерот. -** Божја замисла била земното семејство да биде симбол на небесното семејство. Христијанските домови, создадени и водени според Божјиот план, се меѓу Неговите најделотворни средства за оформување на христијанскиот карактер и за напредок на Неговото дело.

**Богослужба во домот. -** Имав побожни родители кои на сите можни начини настојуваа да нѐ запознаат со нашиот небесен Татко. Секое утро и секоја вечер имавме семејна молитва. Пеевме во чест на Бога во нашето домаќинство. Бевме осум деца во семејството, и нашите родители ја користеа секоја можност да нѐ наведат да му го предадеме срцето на Исус.

**Колку е поголемо единството поголемо е и влијанието. -** Колку членовите на семејството се потесно поврзани во својата работа во домот, толку повозвишено и од поголема помош ќе биде влијанието кое таткото, мајката, синовите и ќерките го имаат надвор од домот.

**Цврст авторитет. -** Авторитетот мора да се чува одлучно и строго, затоа што инаку мнозина ќе го потценат и исмејат. Таканаречената нежност, галење и попуштање на младите, кои родителите и старателите ги покажуваат кон децата се едни од најголемите зла коишто би можеле да ги снајдат. Во секое семејство мораат да владеат цврстина, одлучност и позитивни барања.

**Домот - очевидна поука. -** Бог би сакал нашите семејства да бидат симбол за небесното семејство. Нека родителите и децата го имаат ова секојдневно на ум, однесувајќи се едни кон други како членови на Божјото семејство. Тогаш нивните животи ќе бидат од таков карактер што на светот ќе му даваат очевидна поука за тоа какво може да биде семејството кое го љуби Бога и ги држи Неговите заповеди. Христос ќе биде прославен; Неговиот мир, Неговата благодат и љубов ќе го исполнат семејниот круг како скапоцен мирис.

**Начело на мирот. -** Во домот нема да се забележи никаква раздразливост ако Христовото правило на мирот се покажува во вашата душа.

Тука нема никаква нељубезност. Тука нема груби и остри зборови. Зошто? Затоа што веруваме и постапуваме како членови на Царското семејство, деца на Небесниот Цар, поврзани со Исуса Христа со најсилни врски на љубовта – онаа љубов која работи преку верата и ја чисти душата. Сакајте го Исус и неприканато работете на тоа да ја надвладеете секоја себичност и да бидете благослов, утеха, сила и потпора на душите кои Тој ги откупил со Својата крв.

Не можам да сфатам зошто посериозно не настојуваме да го внесеме Христовиот мир во своето семејство отколку што тоа го правиме за оние кои немаат жива врска со нас; но ако имаме вера во домот, таа ќе се прошири надвор од него. Ќе ја има насекаде. Ќе ја носите со себе во црква. Можете да ја понесете со себе и кога ќе одите на работа. Таа ќе биде со вас каде и да сте. Она што ни е потребно е религија во домот. Она што ни недостасува е начело на мир кое ќе го контролира нашиот дух, нашиот живот и карактер според христоликиот живот кој Тој ни го дал како пример.

**Љубов која се открива на дело. -** Од секој христијански дом треба да зрачи света светлина. Љубовта треба да се открива во постапките. Таа треба да се одразува во секој меѓусебен однос на домашните – во вниманието, во љубезноста и во несебичната учтивост. Има семејства каде што ова начело се применува, семејства во кои се почитува Бог и каде што владее вистинска љубов. Од таквите домови секој ден се издигнува кон Бога утринска и вечерна молитва како пријатен мирис на темјан, а Неговата милост и Неговите благослови се спуштаат врз молителите како утринска роса.

**Христијанството во домот блеска насекаде. -** Напорот да го направиме домот она што би требало да биде – симбол на небесниот дом – нè подготвува за работа во повисока сфера. Воспитувањето примено со покажување на нежно меѓусебно разбирање нè оспособува да знаеме како да допреме до срцата на кои им е потребен допир на начелата на вистинската вера. На црквата ѝ е потребна сета облагородувачка духовна сила која би можела да се стекне, за да се сочуваат сите, посебно помладите членови од Господовото семејство. Вистината која заживува во домот создава потреба за несебична работа надвор од него. Оној којшто живее христијански живот во домот ќе биде блескава светлина насекаде.

**Издигнувањето на човештвото започнува во домот**. - Обновувањето и издигнувањето на човештвото започнува во домот. Работата на родителите е посилна од секоја друга. Општеството е составено од семејства и е она што од него ќе направат главите на тие семејства. Од срцето излегуваат „изворите на животот“ (Изреки 4:23).

**Работи кои го прават домот попривлечен. -** Убавите гестови, веселиот разговор, и делата на љубов ќе ги поврзе срцата на децата и роди-

телите со нежни нишки на љубов и ќе стори многу повеќе за привлечноста на домот од најизвонредните украси кои можат да се купат со злато.

**Чистота во домот. -** Редот е прв закон на небото и Господ сака домовите на Неговиот народ да го презентираат редот и складот кој е присутен во небесните дворови. Вистината никогаш не ги става своите дискретни стапала на патеката на нечистотијата. Вистината не ги прави мажите и жените прости, груби или неуредни. Таа ги воздигнува сите кои ја прифаќаат на високо ниво. Под Христово влијание продолжува делото на постојано прочистување...

Оној кој бил толку прецизен кон Израеловите деца и барал од нив да негуваат навика на чистота, нема да дозволи никаква нечистотија во домовите на Својот народ денес. Бог со негодување гледа на нечистотијата од било кој вид. Како можеме да го повикаме во своите домови доколку не е сè уредно и чисто?

**Локација на домот.** - Од сите богати наследства што можете да им ги дадете на вашите деца, подобар е дарот на здраво тело, бистар ум и благороден карактер. Само оние кои разбираат во што се состои вистинскиот успех во животот ќе станат мудри во младите години. При изборот на сопствениот дом, тие ќе ги имаат на ум најдобрите работи во животот.

Наместо да се престојува онаму каде што можат да се видат само дела на човечките раце, каде сликите и звуците често наметнуваат грешни мисли, каде хаосот и збрката го оневозможуваат разумот, одете онаму каде што ќе можете да ги гледате Божјите дела. Најдете духовен мир во убавината, мирот и тишината на природата. Дозволете им на вашите очи да се одмораат на зелените полиња, шумички и ритчиња. Гледајте кон синото небо, непопречени од градскиот прав и смог и вдишувајте го виталниот небесен воздух. Одете онаму каде што, далеку од уништувањето и расипувањето на градот ќе можете да се дружите со своите деца, каде што ќе можете да ги научите за Бога преку Неговите дела; и подготвувајте ги за правилен и полезен живот.

**Домот не го чини убавиот мебел.** - Четирите ѕида и скапиот мебел, сомотските ќилими, елегантните огледала и убавите слики не чинат „дом“ доколку недостасува сочувство и љубов. Тој свет збор не им припаѓа на раскошните куќи каде што радостите на домашниот живот се непознати...

Всушност, удобноста и благосостојбата на децата, се последно нешто за што се мисли во таквите домови. Мајката, која целото свое време го посветува на изгледот и задоволувањето на барањата на модерното општество, ги запоставува своите деца. Нивните умови се неизвежбани, тие стекнуваат лоши навики и стануваат нетрпеливи и незадоволни. Не наоѓајќи задоволство во сопствениот дом, туку само нелагодни ограни-

чувања, тие се одвојуваат од семејниот круг веднаш штом ќе добијат можност за такво нешто. Тие талкаат по овој голем свет со малку волја, далеку од семејните влијанија и нежниот домашен совет.

**Наоѓањето на мани ја отвора вратата на сатаната. -** Татковци и мајки, бидете внимателни. Вашиот разговор во домот нека биде пријатен и охрабрувачки. Зборувајте секогаш љубезно, како да сте во Христово присуство. Нека нема наоѓање на мани ниту обвинувања. Таквите зборови ја рануваат душата. За човечките суштества некако е природно да зборуваат остри зборови. Оние кои ѝ се препуштааат на ваквата склоност ја отвораат вратата на нивните срца за сатаната, кој прави од нив луѓе кои се брзи во забележување на грешките и заблудите кај другите. Тие се занимаваат со нивните пропусти, ги забележуваат недостатоците и зборуваат зборови кои предизвикуваат недостаток на доверба во оној кој дава сè од себе да ја исполни својата должност како Божји соработник. Често се сее семе на недоверба бидејќи некој мисли дека требало да биде привилигиран, а не бил.

**Влијание на родителските мани. -** За некои луѓе изгледа сосема природно да се биде мрзоволен, себичен, премногу да се бара и да се биде неподнослив. Тие никогаш не ја научиле поуката за самоконтрола и не ги зауздуваат своите неразумни чувства, дозволувајќи им на последиците да бидат такви како што се. Таквите луѓе ќе бидат отплатени кога ќе ги видат своите другари болни и очајни, а нивните деца ги носат карактеристиките на нивните сопствени непријатни карактерни црти.

**Ангелите не ги привлекува несложен дом. -** Ангелите не ги привлекува домот каде што преовладува неслога. Татковците и мајките нека прекинат со своите приговори и незадоволства. Нека ги воспитуваат децата да зборуваат пригодни зборови, зборови кои донесуваат светлина и радост. Нема ли уште сега да му пристапиме на семејното училиште како Христови ученици? Да внесеме практична побожност во домот. Тогаш видете дали зборовите кои ги изговарате предизвикуваат радост.

Родители, започнете милосрдно дело во црквата, во својот дом, однесувајќи се така што децата ќе видат дека соработувате со небесните ангели. Бидете сигурни дека сте обратени секој ден. Вежбајте се себе си и своите деца за вечниот живот во Божјето царство. Ангелите ќе ви бидат моќни помошници. Сатаната ќе ве искушува, но не попуштајте. Не зборувајте ниту еден збор кој би можел да му даде предност на непријателот.

**Молба за поголемо гостопримство. -** Дури и меѓу оние кои се изјаснуваат како христијани, малку се покажува вистинско гостопримство. Меѓу нашиот народ можноста да се покаже гостопримство не се цени како што треба, како предност и благослов. Вкупно земено, премалку има друштвеност, малку склоност да се направи место за уште двајца или тројца

во семејниот круг, без воздржување или истакнување. Некои се изговараат дека „тоа им создавање премногу неволји.“ Не би било така кога би кажале: „Не сме добро подготвени, но вие сте добредојдени на она што го имаме.“ Неочекуваниот гостин го почитува добредојдето многу повеќе од најгрижливите подготовки.

**Нештата што го прават домот среќен.** - Пријатните гласови, нежните манири и искрената љубов кои наоѓаат израз во сите свои постапки, заедно со трудољубивоста, уредноста и штедењето, ја прават дури и колибата најсреќен дом. Творецот гледа на таквиот дом со одобрување.

**Негување на вистинските отмености. -** Постои голема потреба за култивација на вистинска префинетост во домот. Тоа е моќно сведоштво во прилог на вистината. Во кого и да се појави, вулгарниот јазикот и простото однесување укажуваат на расипано срце. Вистината која има небесно потекло никогаш не го понижува примателот, не го прави прост и груб. Вистината е омекнувачка и префинета во своето влијание. Кога ќе се прима во срцето, таа младите ги прави внимателни и учтиви. Христијанската учтивост се прима само под дејство на Светиот Дух. Таа не се состои само од привидна наклонетост или извештачен сјај, во поклонување и глупави насмевки. Ова е вид на учтивост која ја имаат луѓето од целиот свет, но тие се лишени од вистинскиот христијански сјај.

Вистинскиот сјај, вистинската учтивост, се стекнува само од практичното познавање на Христовото евангелие. Вистинската учтивост, вистинската човечност, е љубезност која се покажува кон сите, големи и мали, богати и сиромашни.

# ХРИСТОС СЕ БАВИ СО УМОВИТЕ

**Христовото учење треба да ни биде водич. -** Христовото учење, како и Неговото сочувство, го опфатиле светот. Никогаш во животот не може да настапи околност, криза во човечкото искуство, за која Тој однапред не нè подготвил во Своето учење и за која Неговите принципи немаат поука. Зборовите на Кнезот на учителите ќе бидат водич на Неговите соработници сè до крајот на времето.

**Тој се идентификувал Себеси со интересите на Своите слушатели.** - Тој ги учел на начин на кој тие ја чувствувале длабочината на Неговата заинтересираност за нивното добро и среќа. Неговите поуки биле толку непосредни, наведените примери толку практични, Неговите зборови толку пријатни и полни со сочувство што слушателите биле воодушевени.

**Тој ја разбира скриената работа на човечкиот ум. -** Оној Кој платил бесконечна цена за да ги откупи луѓето, со непогрешлива точност ги чита сите скриени работи во човечкиот ум и знае како правилно да постапи со секоја душа. Во постапувањето со луѓето, тој ги користи истите начела кои се манифестираат во светот на природата.

**Тој работи преку мирните, редовни закони кои сам ги воспоставил. -** Бог работи преку мирните, редовни закони кои сам ги воспоставил. Тоа важи и во духовната област. Сатаната неприкинато настојувал да произведе ефекти со нагли и насилни удари, но Исус наоѓал пристап до умовите преку нештата со кои тие биле најблиску поврзани. Тој го попречувал онолку колку што е најмалку можно нивниот вообичаен тек на мислите, со ненадејни акции или пропишани правила. Тој го почестил човекот со Својата доверба, и така го поставил на неговото достоинство (на положба на која човекот може да се покаже достоен од доверба). Тој ги претставил старите вистини во нова и скапоцена светлина. Така само на дванаесетгодишна возраст со Своите прашања во храмот ги изненадил докторите на законот.

**Секогаш опкружен со мир. -** Со исцелувачкиот допир Неговото нежно сочувство се спуштало врз уморните и вознемирени срца. Дури и среде турбуленцијата на лутите непријатели бил опкружен со атмосфера на мир. Убавината на Неговата појава, милноста на Неговиот карактер, а над сè љубовта изразена во погледот и во бојата на гласот, ги привлекувале кон Него сите оние што не биле окоравени во неверие. Кога не би бил благ, со сочувствителен дух што зрачел од секој поглед и збор, Тој не

би успеал да привлече толку големо мноштво. Оние што страдале и доаѓале кај Него, почувствувале дека Својот интерес го поврзал со нивниот како верен и нежен пријател, па сакале да дознаат повеќе за вистините што ги учел Тој. Небото се наведнало над Земјата. Копнееле да бидат во Негово присуство, со цел утехата на Неговата љубов да може постојано да биде со нив.

**Неговиот живот бил складен. -** Во Својот живот Исус од Назарет се разликувал од сите други луѓе. Целиот Негов живот се одликувал со несебична добронамерност и убавина на светоста. Во Неговите гради постоела најчиста љубов, ослободена од секаква дамка на себичност и грев. Неговиот живот бил совршено складен. Тој е единствениот вистински пример на добрина и совршенство. Од почетокот на Неговата служба луѓето почнале појасно да го сфаќаат Божјиот карактер.

Сè до времето на Христовото прво доаѓање, луѓето им служеле на свирепи, деспотски богови. Дури и умот на Евреите бил допрен преку страв, а не со љубов. Христовата мисија на Земјата била да им открие на луѓето дека Бог не е тиранин туку небесен Татко, полн со љубов и милост кон Своите деца.

**Нему не му недостасувале топлина и ведрина. -** Мнозина имаат погрешна претстава за животот и карактерот на Христа. Тие мислат дека на Христа му недостасувале ведрина и топлина, дека бил сериозен, строг и невесел. Во многу случаеви целото верско искуство е обоено со вакви мрачни погледи.

**Неограничени можности во секое човечко суштество. -** Тој во секое човечко суштество гледал бескрајни можности. Ги гледал луѓето онакви какви што би можеле да бидат, преобразени со Неговата благодат - во „убавината на Господ, нашиот Бог“ (Псалм 90:17). Гледајќи ги со надеж, Тој вдахнувал надеж во нив. Укажувајќи им доверба, ги вдахнувал со доверба. Откривајќи го во Себе вистинскиот идеал за човекот, Тој будел копнеж и вера да се досегне тој идеал. Во Негово присуство презрените и грешни души чувствувале дека сè уште се луѓе и копнееле да се покажат достојни за Неговото внимание. Во многу срца кои изгледале мртви за сè што е свето, се буделе нови стремежи. На многу очајници им се отворала можност за нов живот.

**Неговото срце извор на живот. -** Често се зборува дека Исус плачел, и дека не е познато дека некогаш се насмевнал. Нашиот Спасител навистина бил Човек на болката, запознат со тагата, затоа што срцето му било отворено за сите човечки страдања. Но иако Неговиот живот бил исполнет со самооткажување, засенет со болки и грижи, Неговиот Дух не попуштил. Неговото лице не изразувало болка и незадоволство, туку сми-

рена ведрина. Неговото срце било извор на живот; и секаде каде што одел, носел одмор и мир, радост и задоволство.

**Христос никогаш не бил нападен. -** Христос во сопствениот живот ги покажал Своите божествени учења. Ревноста никогаш не го наведувала да биде нападен. Тој покажувал доследност без своеглавост, добронамерност без слабост, нежност и сочувство без сентименталност. Бил многу друштвен, но сепак имал резервирано достоинство кое не поттикнувало неприкладна блискост. Неговата умереност никогаш не водела кон биготизам (полн со предрасуди/гордост) или аскетизам. Тој не се прилагодувал кон овој свет: сепак не бил рамнодушен кон потребите на најмалите меѓу луѓето. Тој бил свесен за потребите на сите.

**Тактичен во соочувањето со умовите полни со предрасуди. -** Пораките на милоста му биле разновидни за да одговараат на Неговите слушатели. Знаел да му „приговори згоден збор на уморниот" (Исаија 50:4), зашто благодат била излеана на Неговите усни за да може на луѓето на најпривлечен начин да им ги пренесе богатствата на вистината. Бил тактичен во соочувањето со умовите полни со предрасуди, изненадувајќи ги со сликовити прикази што го привлекувале нивното внимание.

**Тој се спуштил до длабочините на човечкиот јад. -** Тој ги пропатувал сите патеки на кои луѓето застранувале. Тој посегнал до најголемите длабочини на човечката јад и ништожност.

**Тој се бори со сатанските сили над умот. -** Тој (Христос) ја видел моќта, лажливата сатанска сила над човечките умови, и се обврзал (се заложил) да дојде на оваа Земја. Тој ја одложил Својата царска наметка, ја симнал Својата царска круна, ја напуштил Својата висока заповедничка положба, се симнал од престолот на Својата слава како врховен командант на целото небо, и ја загрнал Својата божествена со човечка природа, за да може човечкото да допре до човечкото. Затоа Тој дошол овде. Тој се спуштил долу на нашата Земја да земе на себе човечка природа, да помине низ секоја проба, сите неволји и искушенија со кои човекот е опкружен. Овде се борел со сите искушенија, поминувајќи го тлото каде што Адам паднал, за да може да го откупи срамниот пропуст и пад на Адам.

Во човечката природа, како наша замена, наша сигурност, Тој се фатил токму за таа надеж што е наша привилегија да се има, а тоа е бесконечната сила. Низ ова, нашиот Спасител, ги надвладеал непријателските искушенија и се здобил со победа. За кого? Зошто за нас? Зошто? За никој од човечкото семејство да не мора да се сопнува на патот кој води кон вечен живот. Затоа што го поминал пред да го поминеме ние, Тој ја знае секоја препрека, секоја потешкотија со која секоја душа на земското тло мора да се соочи. Тој го знае тоа, и затоа на Неговото крштавање, кога ја

упати Својата молба кон небото, таа молитва директно ја пресече сатанската пеколна сенка која паѓа на вашата патека, и верата влезе „зад завесата“ (Евреите 6:19).

**Им помагал на трагачите да практикуваат вера.** - Исус ја знаел секоја помисла на нејзиното срце (на жената која се допрела до Неговата облека), и се упатил кон неа. Тој ја согледал нејзината голема потреба, и ѝ помагал да ја практикува својата вера.

**Божјето знаење може да стане човечко знаење. -** Божјото знаење може да стане човечко знаење. Секој проповедник мора внимателно да го проучува Христовиот начин на учење. Тие мора да ги сфатат Неговите поуки. Нема ниту еден од дваесет кој навистина ја познава убавината, вистинската срж на Христовата служба. Тие мораат тоа да го откријат. Тогаш ќе станат соучесници во богатиот род на Неговите учења. Така ќе можат потполно да ги вплетат во сопствениот живот и пракса, а идеите и принципите кои Христос ги користел во Своите поуки ќе можат да бидат искористени и во нивното учење. Вистината ќе процвета и ќе донесе најблагороден вид на род. И срцето на самиот работник ќе гори; да, ќе биде запалено со живототворен духовен живот кој ќе го влеваат во умовите на другите.

**Да се сретнат различни умови.** - Сите кои тврдат дека се Божји деца треба да имаат на ум дека како мисионери ќе бидат доведени во допир со луѓе со секакви размислувања. Ќе дојдат во допир со префинети и груби, понизни и горделиви, религиозни и скептични, образувани и неуки, богати и сиромаси. Со овие различни умови не може да се постапува на ист начин; но на сите им требаат добрина и сочувство. Со взаемен контакт нашите умови треба да стекнат угладеност и префинетост. Ние зависиме едни од други, цврсто поврзани заедно со врските на човечкото братство.

**Умот станува едно со Неговиот ум. -** Кога ќе Му се покориме на Христа, срцето се соединува со Неговото срце, волјата се слева со Неговата волја, умот станува едно со Неговиот ум, мислите му се покоруваат Нему; ние живееме Негов живот. Тоа значи дека сме облечени во облеката на Неговата праведност. И тогаш, кога Господ нѐ гледа нас, не гледа престилка од смоквини лисја, не ја гледа голотијата или изопаченоста на гревот, туку облеката на Неговата праведност со која е означена совршената послушност кон Господовиот закон.

# УЧИЛИШТЕТО И УЧИТЕЛОТ

**Будење на менталните сили. -** Вистинското образование не е принудно проучување на неподготвен и неприемчив ум. Мораат да се разбудат менталните сили и да се поттикне интересот. Божјиот метод на поучување се погрижил за тоа. Оној кој го создал умот и му ги одредил законите, се погрижил и за неговото развивање во согласност со нив.

Во домот и во светилиштето, преку природата и уметноста, на работа и богослужение, преку света градба и спомен-камен, со безбројни методи, обреди и симболи, Бог му давал поуки на Израелот кои ги илустрирале принципите и го чувале споменот за Неговите прекрасни дела. Кога некој би поставил прашање, дадената поука би влијаела врз умот и срцето.

**Да му се всади животна сила на образованието. -** Највозвишена задача на образованието не е само пренесување на знаење, туку всадување на животната сила што се прима при допирот на умот и на душата со душата. Само животот раѓа живот.

**Највисокиот развиток на менталните сили. -** За младите е правилно да чувствуваат дека мораат да досегнат највисок степен на развој на своите ментални сили. Ние нема да го ограничиме образованието за кое Бог не поставил граници. Но нашите достигања нема да имаат никаква вредност ако не ги употребиме за прослава на Бога и за добро на човештвото. Не е добро да се преоптоварува умот со проучувања кои бараат интензивно учење, а не можат да се применат во практичниот живот.

**Опасност од некои училишта. -** Многу млади излегуваат од образовните установи морално ослабнати и со ослабени физички способности, без знаења за практичниот живот и со малку сила за исполнување на должностите.

Додека ги набљудував овие зла, се прашував: Мораат ли нашите синови и ќерки да станат морални и физички слабаци за да стекнат образование во тие училишта? Не мора да биде така; нема да има потреба за тоа, кога учителите и учениците би им биле верни на законите на природата, кои се исто така Божји закони. Треба да се активираат сите сили на умот и телото за да може да бидеме силни, урамнотежени мажи и жени.

**Мора да се води сметка за воспитувањето. -** Умот ќе биде со ист карактер како она со кое се храни, а жетвата од иста природа како и посеаното семе. Дали овие факти не покажуваат доволно дека е неопходно да се внимава уште од најраните години на воспитувањето на младите? Нема ли да биде подобро за младите да растат во незнаење во однос на

она што е општо прифатено како образование отколку да станат невнимателни кон Божјата вистина?

**Божјиот однос кон човекот мора да биде јасен. -** Од најголема важност за секое човечко суштество на коешто Бог му дал способност на разум е да го сфати својот однос кон Бога. За негово сегашно и вечно добро е да се прашува на секој чекор: дали ова е Господовиот пат?... Мораме најсериозно да го повикаме секое човечко суштество да го спореди својот карактер со Божјиот закон, кој е мерка на карактерот за сите кои ќе влезат во Неговото царство и ќе станат граѓани на небесната земја.

**Највисоко образование. -** Науката за чист, целосен, доследен христијански живот може да се осознае преку проучување на Господовата Реч. Тоа е највисокото образование кое земните суштества можат да го стекнат. Тоа се поуки кои учениците во нашите училишта треба да ги изучуваат за да можат да имаат чисти мисли, бистри умови и срца, подготвени да се искачуваат по скалите на напредокот и да покажуваат христијански доблести.

**Навиките на учителот имаат влијание. -** Начелата и навиките на учителот треба да се сметаат од поголема важност од неговите образовни квалификации. Ако учителот е искрен христијанин, ќе почувствува потреба за подеднаков интерес во физичкото, менталното и духовното воспитување на своите ученици. За да може да изврши вистинско влијание тој мора совршено да владее со себе, а неговото срце мора да биде исполнето со длабока љубов кон учениците, која се забележува во неговите погледи, зборови и постапки. Тој треба да има цврст карактер; така ќе може да ги оформи умовите на своите ученици и да ги упати во науката.

Раното воспитување на младите главно го оформува нивниот карактер за целиот живот. Оние кои работат со младите треба да бидат многу внимателни во изразувањето на способностите на умот за да можат подобро да знаат како да ги насочат нивните сили и да можат да ги искажат на најдобар можен начин.

**Да се предизвикаат возвишените особини на умот. -** Најголемо внимание треба да се посвети на образованието на младите упатувајќи ги на разни начини за да можат да ги искажат возвишените и благородни сили на умот. Родителите и учителите во училиштата се секако неквалификувани да ги воспитуваат децата како што треба ако прво тие не ги научиле поуките за самоконтрола, трпеливост, подносливост, благост и љубов. Колку ли е важна положбата на родителите, старателите и учителите! Малку се оние кои ги сфаќаат најважните потреби на умот и како да го насочат развојот на интелектот, развојот на мислите и чувствата на младите.

**Учителите мора да бидат вдахновени со Свети Дух. -** Работата со човечките умови е најделикатно нешто што може да се работи, а учите-

лите мораат да бидат вдахновени со Божјиот Дух за да можат да бидат во состојба правилно да ја одработат својата работа.

**Справување со пропустите. -** Никогаш не ги воспитувајте давајќи им значење на грешките и пропустите на некој ученик, бидејќи ќе се смета дека е доблест да се изнесуваат грешките на другите. Никогаш не понижувајте некој ученик излагајќи ги неговите слабости, грешки и гревови пред училиштето: не постои поефикасен начин да ги стврднете нивните срца и да ги зацврстите во злото од овој. Зборувајте и молете се со него насамо и покажете ја кон него истата нежност која што Христос ви ја покажува вам како на учители. Никогаш не охрабрувајте некој ученик да критикува и да зборува за маните на некој друг. На секој можен начин гледајте да прикриете мноштво гревови следејќи го Христовиот начин на лекување. Овој вид на воспитување ќе биде благослов, од корист и за овој живот и за идниот бесмртен живот.

**Потполно оспособени за работа со човечките умови. -** На секој учител му е потребно Христово присуство во срцето со вера и вистински дух на самоодрекување и самопожртвуваност заради Христа. Некој може да има доволно образование и знаење во науката да поучува, но може ли да се дознае дали поседува такт и мудрост да работи со човечките умови? Ако Христовата љубов не пребива во срцата на инструкторите, тогаш тие не се способни за работа со деца, ниту да ја преземат сериозната одговорност која се бара од нив – воспитување на децата и младината. Ним им недостасува повозвишено образование и обука, тие не знаат како да постапуваат со човечките умови. Постои дух на нивната сопствена непокорност, срца кои се борат за контрола, и да се потчинат чувствителните умови и карактери на децата со таква дисциплина значи да се оставаат белези и рани на умот кои никогаш нема да можат да се избришат.

Ако учителот не чувствува одговорност и грижа која секогаш треба да се открива во работата со човечките умови, неговото образование во некои случаи би било многу дефективно. Обуката во семејниот живот штетно се одразила на карактерот, и жално е овој оштетен карактер и управување со децата да се репродуцира во децата кои се под негова контрола.

**Одговорностите не се за неискусните. -** Црковното училиште во Батл Крик е важен дел од лозјето кое треба да се обработува. Потребни се добро урамнотежени и складни карактери кај учителите во сите насоки. Немојте да ја давате оваа работа во рацете на младите жени и мажи кои не знаат да постапуваат со човечките умови. Погрешно е да се оставаат децата и младите под нивна контрола...

Во работата со децата и младите се среќаваат разни карактери. Нивните умови се приемчиви. Било каков непромислен, избувлив истап од страна на учителот, може да го одвлече неговото влијание на добро над учениците кои му се дадени за да ги воспитува. Дали ваквото образова-

ние може да биде за доброто сега и за идното и вечно добро за децата и младите? За нивното духовно добро е потребно да се влијае на вистински начин.

**Совет на еден темпераментен учител. -** Секој учител има сопствени карактерни црти кои мора да ги надгледува за да не дозволи сатаната да го употреби како свој посредник во уништување на душите со своите непосветени црти на карактерот. Единствена сигурност за учителот е секојдневно да учи во Христовото училиште, за Неговата скромност, Неговата понизност во срцето; тогаш неговото јас ќе биде скриено во Христа, и тој покорно ќе го носи Христовиот јарем и ќе има в предвид дека работи со Неговото наследство.

Морам да констатирам дека ми е покажано дека не се користеа секогаш најдобрите методи во постапувањето со заблудите и грешките на учениците, и како резултат на тоа некои души беа доведени во опасност, а некои изгубени. Лошиот карактер на учителот, неразумните движења и самодостоинството направиле зло дело. Не постои ниту еден облик на зло, световност или пијанство кој полошо би се одразил на карактерот, труејќи ја душата и сеејќи зла кои го надвладуваат доброто, од тоа кога човечките страсти не се под контрола на Божјиот Дух. Разбудениоит гнев и возбудениот дух никогаш не се од корист.

Колку изгубени синови се одвоени од Божјето царство со лошиот карактер на оние кои тврдат дека се христијани. Љубомора, завист, горделивост, недобронамерни чувства, самоправедност, склоност кон провоцирање, зло размислување, бездушност, студенило, недостаток на сочувство – тоа се атрибути на сатаната. Учителите ќе се срекаваат со ова во карактерите на учениците. Страшно е да се има работа со вакви нешта, но во своето настојување да ги исфрли овие зла, работникот во многу случаи развива слични особини, кои веќе ја расипале душата на оние со кои работи.

**Потребен е добро урамнотежен ум. -** Учителите кои работат во овој дел од Господовото лозје мора да бидат прибрани, да го држат својот темперамент и чувства под контрола и подреденост на Светиот Дух. Тие треба да докажат дека имаат, не еднострано искуство, туку добро урамнотежен ум, складен карактер.

**Важна е решеноста за усовршување. -** Можеби можностите за образование на учителот биле ограничени така што тој нема толку високи литературни квалификации какви би биле пожелни; сепак, ако навистина ја познава човечката природа; ако навистина ја сака својата работа; ако е свесен за нејзината важност и сака да се усоврши; ако е подготвен да работи сериозно и истрајно, тој ќе ги разбере потребите на своите ученици, и со својот сочувствителен и напреден дух ќе ги придобие да го следат додека настојува да ги воздигне и поведе напред.

**Умните способности не треба да се користат половично. -** Важно е да имаме средни училишта и академии... Од земјата и странство пристигнуваат многу ургентни покани за работници. Младите мажи и жени, оние средовечните, всушност сите кои се во состојба да се вклучат во Господовата служба, треба да ги управуваат своите умови во напор да се подготват за да ги задоволат таквите повици. Од светлината која Бог ми ја даде, знам дека способноста на умот не ја користиме ниту со половична ревност од она што би требало во напорот да се оспособиме за поголема корист.

**Да се комбинира природното со духовното и да се копнее по најголеми достигнувања. -** Природното и духовното мора да се комбинираат во наставната програма на нашите училишта. Земјоделската работа е одлична илустрација за библиските поуки. Законите на коишто се покорува земјата го откриваат фактот дека таа е под управувачката сила на бесконечниот Бог. Истите начела се присутни и во духовниот и природниот свет. Да се одвои Бог и Неговата мудрост од стекнувањето на знаење значи да се има непотполно, еднострано образование, лишено од сите оние спасоносни особини кои на човекот му даваат сила, така што не е способен да се здобие со бесмртност преку вера во Христа. Авторот на природата е автор и на Библијата. Создавањето и христијанството имаат еден Бог.

Сите кои се вклучени во стекнување на знаење треба да настојуваат да го достигнат најголемиот степен на напредок. Нека се развиваат толку брзо и толку далеку колку што можат; нивното поле на изучување нека биде широко онолку колку што можат да опфатат нивните способности; прифаќајќи ја Божјата мудрост, држејќи се до Оној Кој е бесконечен во знаењето, Кој може да ги спознае тајните скриени со векови, Кој може да ги реши најтешките проблеми за умовите кои веруваат во Оној Кој единствено има бесмртност и пребива во светлината до која ни еден човек не може да пристапи. Живиот Христов сведок, кој настојува да го спознае Господа, ќе познае дека излегувањата му се уредени како зора. „Што ќе посее човек тоа и ќе пожнее“ (Галатјаните 6:7). Со чесност и трудољубивост, со одговорно грижење за телото, применувајќи ги сите сили на умот во стекнување на знаење и мудрост во духовните работи, секоја душа може да биде исполнета во Христа, Кој е совршен пример на комплетен човек.

**Правилните поуки не можат да влијаат на умовите кои не ја познаваат вистината на Божјата реч. -** Но паднатото човештво нема да разбере. Науката за природата би требало да ја контролира Богот на природата. Вистинските поуки не можат да оставаат трага на умовите на оние кои не ја познаваат вистината на Божјата реч. Кога срцето и умот ќе му се предадат на Бога, кога човек сака да се подучува како мало дете, науката за воспитувањето ќе се открие во Божјата реч. Високото образование на овој свет се покажа како фарса. Кога учителите и учениците ќе се

симнат од своите штаки и ќе стапат во Христовото училиште да учат од Него, ќе зборуваат разумно за високото образование затоа што ќе сфатат дека тоа знаење е она кое ги оспособува луѓето да ја разберат суштината на науката.

**Потреба од визуелни помагала. -** Употребата на сликовити објаснувања, училишни табли, географски карти и слики помага овие поуки да се објаснат и да се врежат во сеќавањето. Родителите и наставниците мораат постојано да се трудат да ги усовршуваат своите методи.

**Избегнувајте преголема разновидност на ментална храна. -** Бог би сакал менталните способности да бидат чисти. Но често на умот му се дава премногу разновидна храна. Не е можно за неа да се води одговорна грижа и правилно да се искористи. Мозокот треба да се ослободи од секој непотребен товар. Само лекциите кои ќе бидат од најголема корист не само овде туку и за во идниот живот, кои ќе обезбедат најдобра обука за телото и душата, ќе се пренесат во вечноста.

**Проучувањето и практичниот живот. -** Не е добро да се пренатрупува умот со оној вид на студии кои бараат интензивна примена и напор, а кои не се корисни во практичниот живот. Образованието од овој вид ќе биде загуба за ученикот, бидејќи таквите студии му ја одземаат желбата и склоноста за проучување кое би го оспособило за корист и би му овозможило да ги исполни поставените одговорности како Божји соработник во помош на оние на кои им е тоа потребно со правило и пример да ја осигура бесмртноста.

**Потреба за практична обука. -** Студирањето на латински и грчки јазик е од многу помало значење за нас, за светот, и за Бога од целосното проучување и употреба на целата човечка машинерија. Грев е да се проучуваат книгите кои го занемаруваат зближувањето со различните гранки корисни во практичниот живот. Изучувањето на некои од тие книги е губење време. Кога физичката машинерија е неоптоварена тоа води кон зголемена активност на мозокот. Тој станува ѓаволска работилница. Животот кој што не го познава домот во кој живееме (телото) никогаш не може да биде сеопфатен живот.

**Учебници и образци на мислење. -** Со свечен глас Говорникот продолжи: „Дали кај тие (неверни) автори го наоѓате она што можете да го препорачате како битно и вистинско за високото образование? Смеете ли нивните учења да им ги препорачате на студентите кои не го познаваат нивниот вистински карактер? Погрешните навики на мислење, кога еднаш ќе се усвојат, стануваат деспотска сила која го врзува умот во челична прегратка. Кога мнозина што ги прифатиле и ги прочитале тие книги никогаш не би ги виделе, туку место нив би ги прифатиле зборовите на Божестве-

ниот Учител, би биле во многу поголема предност во однос на тоа каде се сега во знаењето на Божјата вистина, која луѓето ги прави мудри за спасение. Тие книги одвеле илјадници таму каде што сатаната ги одвел Адам и Ева – во знаењето кое Бог им го забранил да го имаат. Преку нивните учења, учениците се свртуваат од Божјата реч кон бајки.“

**Поимите мора да бидат контролирани од внимателни библиски начела. -** Во умот на секој ученик треба да се втисне мислата дека образованието е погрешно доколку разумот не научи да ја прифаќа вистината на Божјото откровение и доколку срцето не го прифаќа учењето на Христовото евангелие. Ученикот кој наместо опсежните правила на Божјата реч, ги прифаќа општите идеи и кој ќе дозволи времето и вниманието да му бидат обземени со банални, неважни прашања ќе открие дека умот му станал закржлавен и ослабен; тој ќе ја изгуби способноста за раст. Умот мора да се вежба во разбирање на важните вистини кои се однесуваат на вечниот живот.

**Најдобра искористеност на деловите кои ја сочинуваат човечката машинерија. -** Една од студиите која се поставува како највредна пред него (студентот) треба да биде увежбувањето на од Бога дадениот разум во склад со неговите физички сили, главата, телото, рацете и нозете. Правилната искористеност на самиот човек е највредната поука која може да се научи. Ние не треба да се занимаваме само со умствена работа и тука да застанеме, или да вршиме физички напори и тука да застанеме; туку мораме најдобро да ги искористиме различните делови кои ја сочинуваат човечката машинерија – мозокот, коските и мускулите, телото, главата и срцето. Ниту еден човек кој не знае да го прави ова не е способен за служба.

**Соработка на учителот во рекреација. -** Видов некои работи овде во Швајцарија за кои мислам дека вреди да се копираат. Учителите во училиштата често излегуваат со своите ученици додека се во игра и ги подучуваат како да се забавуваат, а истовремено се близу да сузбијат некој проблем или грешка. Понекогаш ги изведуваат своите ученици на долга прошетка. Ова ми се допаѓа; мислам дека вака шансите децата да подлегнат на искушение се помали. Учителите треба да учествуваат во детските игри и да ги регулираат.

Не можам никако да ја одобрам замислата децата дека мора да се чувствуваат под постојана недоверба и дека не можат да се однесуваат како деца. Но учителите нека им се придружат на детските забави, нека бидат заедно со нив, и тоа ќе ја придобие нивната доверба. Тие мора да се надгледуваат со љубов, а не следејќи ги со крута и стриктна строгост за време на нивниот оброк и во нивните забави.

**Покажување доверба во учениците. -** Мудриот едукатор ќе се труди да ја придобие довербата на учениците со своето постапување кон нив

и кај нив да развие чувство на чест. Врз децата и младите поволно делува кога им се укажува доверба. Мнозина помеѓу нив, дури и малите деца, имаат многу развиено чувство на чест; сите сакаат со нив да се постапува со доверба и почитување, и тоа е нивно право. Не треба да се наведуваат на помислата дека не можат ниту да излегуваат ниту да влегуваат без постојана придружба. Недовербата деморализира и ги предизвикува истите оние зла кои сака да ги спречи. Наместо постојано да надгледуваат, како да очекуваат некакво зло, учителите кои се дружат со своите ученици ќе го согледаат делувањето на немирниот дух и ќе се потрудат да ги ставаат во движење оние влијанија кои ќе му се спротивставаат на злото. Наведете ги младите да почувствуваат дека им верувате и само ретки меѓу нив нема да се потрудат да покажат дека ја заслужуваат довербата.

**Неопходна доверба на ученикот. -** Учителот мора да биде способен за својата работа. Тој мора да има мудрост и тактичност потребни за работа со душите. Колку и да е големо неговото познавање на науката, колку и да се вонредни неговите способности на други подрачја, ако не ги придобие почитувањето и довербата од своите ученици, неговите напори ќе бидат залудни.

**Помагање на заостанатите и оние што не ветуваат. -** Ако покажувате добрина, љубов, нежен обзир кон своите ученици ќе го добиете истото за возврат. Ако учителите се строги, критички расположени, арогантни, невнимателни кон чувствата на другите, ќе добијат исто такво нешто за возврат. Човекот кој сака да ги сочува своето самопочитување и достоинство мора да внимава да не ги жртвува почитувањето и достоинството на другите. Ова правило треба да се држи како свето правило спрема најограничените, најмладите и најнезаштитените ученици.

Што ќе направи Бог со оваа очевидно незаинтересирана младина, не знаете. Бог во минатото прифаќал и одбирал токму такви примери за извршување на некои Свои големи задачи. Неговиот Дух, работејќи на срцето, делувал како електрична батерија будејќи ги навидум умртвените способности на енергична и истрајна акција. Господ во тие груби, неинтересни, необработени камења видел драгоцен метал кој ќе ја издржи пробата на бурата и огненото крштавање. Бог не гледа како што гледа човек и не суди како што суди човек – Тој го истражува срцето.

**Постапување со ограничени ученици. -** Учителите мораат да имаат во предвид дека работат со деца, а не со мажи и жени. Тие се деца кои мораат сè да научат, а на некои им е многу тешко да учат од другите. На ограничениот ученик му треба многу повеќе поттик отколку што прима. Ако над овие разновидни умови се поставаат учители кои по природа сакаат да заповедуваат и диктираат и да се возвисат себеси во својот авторитет, кои пристрасно ќе постапуваат, фаворизирајќи ги оние кон кои

се наклонети додека останатите ги третираат со прецизност и строгост, тоа ќе создаде состојба на конфузија и непокорност.

**Атмосферата во училницата влијае на учениците. -** Верскиот живот на многумина кои се изјаснуваат како христијани е таков што покажува дека тие всушност не се христијани... На нивните наследени и стекнати карактерни црти им се има угодувано како на драгоцени особини додека тие имаат смртоносно влијание на другите умови. Со јасни, едноставни зборови, тие одат во искрите кои самите ги распалиле. Тие имаат религија која е подредена и контролирана од околностите. Ако сите случувања се движат во правец кој им годи и нема иритирачки околности кои ја исфрлаат на површина нивната непотчинета, нехристијанска природа, тие се достојни, љубезни и многу привлечни. Кога се случуваат работи во семејството или во нивното друштво кои им го пореметуваат мирот и им го предизвикуваат темпераментот, ако му ја предадат секоја околност на Бога и издржат во своите барања молејќи го за благодат пред да стапат на својата учителска должност, знаејќи дека силата, благодатта и Христовата љубов пребива во нивните срца, тогаш Божјите ангели ќе влезат со нив во училницата.

Но доколку во училницата влезат со испровоциран, иритирачки дух, моралната атмосфера која им ги опкружува душите остава влијание врз децата кои се под нивно старателство, и наместо прикладно подучување на децата, ним самите им е потребен некој да ги научи на поуките од Исус Христос.

**Потребно е трпение и прилагодливост (совет за еден учител). -** Вие не сте успешен како учител затоа што немате трпение и прилагодливост. Вие не знаете како да постапувате со човечките умови или како да го пренесете знаењето на најдобар начин. Ако не се исполнат вашите очекувања, вие сте нетрпеливи. Ги имавте сите предности на образованието, но и покрај тоа не сте мудар учител. Многу ви е непожелно да влевате идеи во ограничени умови. Во младоста ви недостигало дисциплина и подучување. Но духот кој сте го покажувале кога ве поучувале ви го расипал вашиот живот.

**Соработка на родителите со учителите. -** Запоставено поле претставува занемарен ум. Родителите мораат да го согледаат ова прашање во друга светлина. Тие мора да почувствуваат дека им е должност да соработуваат со учителите, да поттикнуваат разумна дисциплина, и многу да се молат за оној кој им ги учи децата. Нема да им помогнете на децата раздразнувајќи, укорувајќи или обесхрабрувајќи ги; ниту постапувајќи... како да им помагате во бунтот, непослушноста, неучтивоста и нељубезноста поради духот кој го развивате.

**Одговорноста на верската заедница. -** Не може да има поодговорна работа од правилното воспитување на младите. Ние мораме да внима-

ваме на нив, одбивајќи го сатаната да не ни ги земе од раце. Кога младите доаѓаат на нашите колеџи, не треба да се создава чувство како дека се помеѓу странци кои не се грижат за нивните души. Мораат да постојат татковци и мајки во Израел кои ќе ги чуваат нивните души како оние кои ќе мораат да поднесат сметка за нив.

Браќа и сестри, не се одалечувајте од милата младина, дури и ако немате посебен интерес или одговорност за нив. Вие кои веќе долго време сте христијани имате задача трпеливо и љубезно да ги водите по правиот пат. Мора да им покажете дека ги сакате затоа што тие се помлади членови во Господовото семејство, откупени со Неговата крв.

**Дочекување на закоравени срца и расипани склоности. -** Нашиот Откупител имал широка и сестрана природа. Неговото срце отсекогаш било трогнато со сознанието за беспомошноста на малото дете кое е предмет на грубости, затоа што Тој ги сакал децата. Најслабиот крик на човечкото страдање никогаш не допрел залудно до Неговото уво. Секој кој на себе презема одговорност да ги подучува младите ќе сретне закоравени срца, изопачени склоности, и негова задача е да соработува со Бога во обновување на Неговиот морален лик, во секое дете. Исус, милиот Исус – цел извор на љубов постоел во Неговата душа.

## Отсек Четири

# *Животната придвижувачка сила*

# ЉУБОВТА - БОЖЕСТВЕН, ВЕЧЕН ПРИНЦИП

**Љубовта, начело на акција. -** Кога небесниот принцип на вечната љубов го исполнува срцето, таа ќе се излева и на другите... затоа што љубовта е начело на акција, и таа го оформува карактерот, владее со побудите, ги контролира страстите, ја гуши омразата и ги воздига и облагородува склоностите.

**Различна од сите други начела. -** Чистата љубов е едноставна во своето делување и различна од секое друго начело на акција.

**Нежна билка која мора да се култивира и негува. -** Љубовта е нежна билка и таа мора да се култивира и негува, а секој горчлив корен околу неа треба да се извади за да има место за растење, и дури тогаш таа ќе ги доведе под свое влијание сите сили на умот, целото срце, така што највеќе ќе го сакаме Бога и своите најблиски како што се сакаме самите себе.

**Сатанска замена - себичност за љубов. -** Преку непослушноста се изопачиле човечките способности, а себичноста го зазела местото на љубовта. Неговата природа станала толку слаба што му било невозможно да ги одбие силите на злото; и искушувачот видел дека му се исполнила замислата да го спречи божествениот план на човековото создавање и да ја исполни земјата со беда и пустош.

**Љубовта спонтано извира кога своето „јас“ е потиснато.** - Кога своето „јас“ ќе му се потчини на Христа, вистинската љубов спонтано извира. Таа не е емоција или импулс туку одлука на посветената волја. Таа не се содржи во чувствата туку во преобразување на целото срце, душа и карактер, кои се мртви за себе, а живи за Бога. Нашиот Господ и Спасител бара да му се предадеме. Покорувањето на своето „јас“ е сè што бара Тој, предавајќи му се себеси за да не вработи со таква работа која Тој ја смета за прикладна. Сè додека не дојдеме до оваа точка на потчинување, никаде нема да работиме среќно, корисно, или успешно.

**Љубовта не е нагон туку божествен принцип. -** Најголема љубов кон Бога и несебична меѓусебна љубов - тоа е најголемиот подарок кој може да ни го даде нашиот небесен Татко. Оваа љубов не е нагон, туку божествен принцип, перманентна сила. Непосветеното срце не може да ја оживотвори или да ја произведе. Таа се наоѓа само во срцето во кое владее Исус. „Ние го љубиме, зашто прво Тој нè возљуби нас“ (1. Јова-

ново 4:19). Во срцето коешто е обновено од божествената благодат, љубовта е владеачко начело на акција.

**Љубовта интелектуална и морална сила. -** Љубовта е сила. Интелектуалната и моралната сила се содржани во овој принцип, и не можат да се одделат од неа. Моќта на богатството копнее по расипување и уништување; моќта на силата е силна да повреди; но одликата и вредноста на чистата љубов се состои во нејзината готовност да прави добро, и само добро. Што и да се направи од чиста љубов, колку тоа и да е мало или достојно за презир во човечките очи, во целост е плодоносно; затоа што Бог повеќе гледа со колкава љубов некој работи отколку на тоа колку работа свршил. Љубовта е од Бога. Необратеното срце не може да ја зачне или да ја произведе оваа билка од небесно потекло која живее и цвета само таму кај што владее Христос.

**Љубовта, мирисна атмосфера. -** Секоја душа е опкружена со своја посебна атмосфера - со атмосфера која може да биде исполнета со животодавна, силна вера, со храброст и надеж, и со сладок мир на љубовта. Или може да биде студена и тешка, полна со незадоволство и со себичност, отруена со смртоносна зараза на омилените гревови. Со атмосферата што нè опкружува, ние, свесно или несвесно, влијаеме врз секое лице со кое доаѓаме во контакт.

**Да се искоренат себичноста и нетрпението. -** Златниот синџир на љубовта, кој ги поврзува срцата на верниците во единство, во оковите на братството и љубовта, во единство со Христос и Таткото, ја прават таа врска совршена и посведочува пред светот за силата на христијанството која не може да се оспори... Тогаш ќе се искорени себичноста и неверноста повеќе нема да постои. Нема да има раздори и поделби. Нема да има тврдоглавост за оние кои се поврзани со Христа. Никој нема да покажува упорна независност и своеволност и изигрува избувливо дете кое ја испушта раката која го води и избира да се сопнува и оди по сопствените патишта.

**Плодот на чистата љубов. -** „Сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така“ (Матеј 7:12). Како плод на таквиот курс ќе се покажат благословени резултати. „Со каква мерка мерите, со таква ќе ви се мери“ (Стих 2). Еве јаки мотиви кои ќе нè натераат да се сакаме еден со друг постојано со чиста љубов. Христос е наш пример. Тој одел правејќи добро. Тој живеел на благослов на другите. Љубовта ги разубавила и ги облагородила сите Негови дела.

Не нѝ е заповедано да си го правиме на себе она што сакаме другите да нѝ го прават нам; ние мораме да им го правиме на другите она што сакаме тие да ни го прават на нас под такви околности. Мерата со која мериме секогаш ќе ни се враќа...

Љубовта кон влијанието и желбата за почитување од другите можат да произведат уреден живот а често и беспрекорен разговор. Самопочитувањето може да нѐ наведе да ја избегнеме појавата на злото. Себичното срце може да прави великодушни дела, да ја признае сегашната вистина, и да покаже понизност и приврзаност надворешно гледано, а побудите сепак да бидат лажни и нечисти; делата кои потекнуваат од таквото срце можат да бидат лишени од вкусот на животот и од плодовите на вистинската светлина, од причина што се лишени од начелата на чистата љубов. Љубовта треба да се култивира и негува, затоа што нејзиното влијание е божествено.

**Љубовта прави отстапки. -** Христовата љубов е длабока и сериозна, и тече како незадржлив порој кон сите оние кои сакаат да ја прифатат. Нема себичност во Неговата љубов. Кога оваа одозгора родена љубов е правило кое е постојано присутно во срцето, таа ќе се препознае, не само кон оние кои ги сметаме за најдраги во светиот однос, туку и кон сите оние со кои доаѓаме во контакт. Таа ќе нѐ води да правиме мали дела на љубезност, да правиме исклучоци, да чиниме љубезни дела, да зборуваме нежни, искрени, охрабрувачки зборови. Таа ќе нѐ води да сочувствуваме со оние срца кои се гладни за сожалување.

**Љубовта владее со побудите и постапките. -** Најголемото внимание кон надворешниот пристоен живот не е доволно да го оневозможи пристапот на секоја раздразливост, погрешен суд и непристоен говор. Вистинската префинетост никогаш нема да се открие сѐ додека своето „јас“ се смета како најголема цел. Љубовта мора да пребива во срцето. Темелниот христијанин ги црпи своите побуди за акција од длабоката љубов кон својот Учител. Од самиот корен на неговата приврзаност со Христа извира несебичен интерес за неговите браќа. Љубовта на својот поседник му пренесува благодат, пристојност и прифатливо однесување. Таа го осветлува изразот на лицето и го ублажува гласот; го прочистува и воздигнува целото битие.

**Љубовта благонаклонето ги толкува побудите на другите. -** Љубовта „не се однесува непристојно, не го бара своето, не се раздразнува, не мисли зло“ (1. Коринтјаните 13:5). Христијанската љубов создава најповолни претпоставки за побудите и постапките на другите. Таа не укажува без потреба на нивните грешки, не слуша со задоволство неповолни гласови, туку се труди да потсети на добрите особини на другите.

**Љубовта го разубавува целиот живот. -** Оние кои го сакаат Бога не можат да негуваат омраза или завист. Кога небесното начело на вечната љубов го исполнува срцето, таа се излива на другите...

Оваа љубов не е стеснета само на тоа да ме вклучува „мене и моето“ туку е распространета како светот и е висока како небото, и е во склад со

таа на ангелските работници. Оваа љубов негувана во душата го разубавува целиот живот и шири префинето влијание на сѐ околу себе. Кога ја поседуваме, не можеме да не сме среќни, без разлика на околностите.

Ако го сакаме Бога со целото наше срце, ние исто така мораме да ги сакаме и Неговите деца. Оваа љубов е Божјиот Дух. Тоа е небесен накит кој ѝ дава вистинска благородност и достоинство на душата и ги привикнува нашите животи со животот на Учителот. Без разлика какви добри особини може да имаме, колку и да сме се сметале себеси за чесни и префинети, ако душата не е крстена со небесната благодат на љубов кон Бога и на едни спрема други, ние сме лишени од вистинската добрина и не сме достојни за на небото, каде што владеат само љубов и единство.

**Вистинската љубов е духовна. -** Љубовта, воздигната над царството на страстите и импулсивноста, станува продуховена и се открива преку зборовите и делата. Христијанинот мора да има посветена нежност и љубов, во која нема нетрпеливост и раздразливост; грубите и непријатни манири мораат да бидат омекнати преку на Христовата благодат.

**Љубовта живее од акција. -** Љубовта не може да живее без акција, а секој чин само ја зголемува, зацврстува и проширува. Љубовта победува тогаш кога доказите и авторитетот се немоќни. Љубовта не работи за корист ниту пак за награда; но сепак Бог одредил дека на секое дело на љубов, резултатот повеќе од извесно е секогаш голема добивка. Таа по природа се шири и е тивка во своето делување, па сепак силна и моќна во својата намера да ги надвладее големите зла. Љубовта е омекнувачка и преобразувачка во своето влијание и делува на грешниците допирајќи ги нивните срца тогаш кога секое друго средство ќе се покаже како неуспешно.

Онаму каде што се користи моќта на интелектот, авторитетот или силата, а љубовта нејасно се покажува, чувствата и волјата на оние до кои се обидуваме да допреме заземаат одбранбен, одбоен став, а нивната отпорна сила се зголемува. Исус бил Кнез на мирот. Тој дошол на светот да ги потчини противењето и авторитетот. Тој можел да заповеда со мудрост и сила, но средствата со коишто се служел во совладувањето на злото биле мудроста и силата на љубовта.

**Докази за новото животно начело. -** Кога луѓето се меѓусебно поврзани, не со сила или со лични интереси, туку со љубов, покажуваат дека дејствува едно влијание што е повозвишено од секое човечко влијание. Таму каде што постои такво единство, тоа е доказ дека во човечкиот род е обновен Божјиот лик и дека им е всадено ново животно начело. Тоа покажува дека во божествената природа постои сила што може да им се спротивстави на природните сили на злото и дека Божјата благодат ја потчинува себичноста својствена на природата на човечкото срце.

# ЉУБОВ ВО ДОМОТ

**Извор на вистинска човечка љубов. -** Нашата меѓусебна поврзаност потекнува од нашиот општ однос кон Бога. Ние сме едно семејство, ние меѓусебно се сакаме како што Тој нè сакал нас. Кога ќе се спореди со оваа вистинската, посветена, дисциплинирана приврзаност, плитката учтивост на светот, неважниот израз на претераното пријателство, е како плева спрема пченица.

Да се сака како што Христос сакал значи да се покаже несебичност на секое место и во секое време, користејќи љубезни зборови и пријатни погледи... Искрената љубов е драгоцен атрибут со небесно потекло, чиј убав мирис се зголемува сразмерно како што им се дава на другите.

**Љубовта поврзува срце со срце. -** Нека меѓу вас владеат взаемна љубов и природна воздржаност. Тогаш бракот наместо да биде крај на љубовта, ќе биде нејзиниот вистински почеток. Топлината на вистинското пријателство, љубовта која поврзува срце со срце е предвкус на небесната радост.

**Љубовта може да биде чиста но и плитка. -** Љубовта може да биде јасна како кристал и прекрасна во својата чистота, па сепак да биде плитка затоа што не е испробана и искушана. Нека Христос ви биде прв, последен и најдобар во сè. Постојано гледајте на Него, и вашата љубов кон Него секојдневно ќе биде сè подлабока и посилна додека му се подредува на пробата на искушението. И додека вашата љубов кон Христа расте, меѓусебната љубов станува подлабока и посилна. „А ние сите, со откриено лице, ја одразуваме Господовата слава и се преобразуваме во ист лик, од слава во слава, како што го прави тоа Господовиот Дух“ (2. Коринтјаните 3:18).

**Љубовта не може да опстојува ако не се покажува. -** Ако ги потиснуваме чувствата за друштвеност и широкоградост, тие венеат и срцето станува пусто и студено... Љубовта не може долго да опстојува ако не се покажува. Не дозволувајте срцето на оној кој е поврзан со вас да гладува за љубезност и сочувство.

**Мора нежно да се внимава на драгоцената билка на љубовта. -** Мора нежно да се внимава на драгоцената билка на љубовта, и таа ќе биде силна и јадра и ќе даде богат род, давајќи му израз на целиот карактер.

**Не треба да се гушат поттиците на љубовта. -** Поттикнете израз на љубов кон Бога и еден кон друг. Причината што во светот има толку мажи и жени со тврдо срце се состои во тоа што вистинската љубов се сме-

тала за слабост, што се обесхрабрувала и потиснувала. Подобрата природа на овие луѓе била задушувана во детството, и сè додека светлината на божествената љубов не ја растопи нивната студена себичност, нивната среќа засекогаш ќе биде уништена. Ако сакаме нашите деца да го имаат нежниот Исусов дух и наклонетоста што ја покажуваат ангелите кон нас, мораме да поттикнуваме побуди на благодарност и љубов што ги носи детството.

**Љубовта не е страст. -** Љубовта е билка од небесно потекло. Таа не е неразумна, ниту слепа. Таа е чиста и света. Но страста на телесното срце е нешто сосема друго. Додека чистата љубов го вклучува Бога во сите свои планови и е во совршен склад со Божјиот Дух, страста е тврдоглава, брза, неразумна, безобзирна на секаква воздржаност, и од предметот на својот избор прави идол.

Во целокупното владеење на оној кој ја поседува вистинската љубов се покажува Божјата благодат. Скромност, едноставност, искреност, моралност и вера ќе го одликува секој чекор кон брачниот сојуз.

**Вистинската љубов подготовка за успешен брак. -** Вистинската љубов е возвишено и свето начело; по својата природа таа потполно се разликува од онаа љубов која е разбудена само со некој поттик или со нагон и која бргу исчезнува штом ќе наиде на посериозно искушение. Со верноста во извршувањето на должностите доверени во родителскиот дом, младите се подготвуваат за водење на сопствено домаќинство. Затоа овозможете им додека се сè уште со вас да покажуваат самооткажување и да укажуваат љубезност, услужливост и христијанска љубов. Таквата љубов нема да биде непостојана; и секој што пораснал и што е воспитан во таков дом, кога еднаш и сам ќе стане глава на својот сопствен дом, ќе знае да го усреќи лицето што ќе го избере за свој брачен другар. Во тој случај бракот нема да претставува крај на љубовта, туку во него вистинската љубов допрва ќе почне.

**Љубовта и самодисциплината го држат семејството во заедница. -** Родителите во својот карактер и во домашниот живот нека ја покажуваат љубовта и добротата на небесниот Татко. Домот нека биде осветлен со сонце на ведрина и среќа. Тоа за вашите деца ќе има многу поголема вредност отколку имотот и парите. Во нивното срце секогаш нека живее љубов кон домот, така што подоцна сеќавањето на деновите на детството и на родниот дом, како засолниште на мир и среќа, во нивните мисли доаѓа веднаш зад мечтата за небесната среќа и блаженство. Сите членови на семејството немаат ист карактер и склоности, и затоа често ќе биде потребно да се покажуваат повеќе трпение и попустливост; сепак, со љубовта и со примерот на самодисциплина можат сите да бидат поврзани во најтесна заедница.

**Карактеристики на вистинската љубов (совет до еден самоуверен маж). -** Вистинската, чиста љубов е драгоцена. Таа е небесна во своето влијание. Таа е длабока и трајна. Таа не е гневна во своите манифестации. Таа не е себична страст. Таа донесува род. Таа води кон постојани напори да ја усреќите сопругата. Ако ја имате оваа љубов, ќе ви биде природно да ги правите тие напори. Нема да изгледа дека тоа го правите како на сила. Кога ќе излегувате на прошетка или на состанок, ќе ви биде толку природно како и дишењето да го одберете друштвото на својата сопруга и ќе настојувате да ја усреќите во своето друштво. Вие гледате на нејзините духовни достигнувања како на инфериорни во однос на своите, но видов дека Бог е задоволен повеќе од нејзиниот дух отколку од оној кој вие самите го поседувате.

Вие не сте ѝ достоен на вашата сопруга. Таа е премногу добра за вас. Таа е слаба, чувствителна билка; нејзе ѝ е потребно внимание. Таа искрено сака да ја твори Божјата волја. Но таа има горделив дух и ѐ срамежлива, се плаши од прекор. За неа подреденоста на набљудување и примедби е еднакво на смрт. Вашата жена нека биде сакана, почитувана, пазена, во исполнувањето на брачниот завет, и така таа ќе излезе од таа воздржана, несигурна позиција која е природна за неа.

**Душата копнее за повисока љубов. -** Вашата сопруга мора да направи сериозни напори да излезе од својата осаменост, гордата резервираност и да одржува едноставност во сите свои постапки. И кога повозвишениот ред на способности ќе нарасне во вас и ќе зајакне со вежба, тогаш подобро ќе ги разберете потребите на својата жена; ќе сфатите дека душата копнее за љубов од повисок, почист ред од оној кој постои во понискиот ред на животински страсти. Тие страсти се зацврстиле во вас преку поттикнување и нивно манифестирање. Ако сега во Божји страв го сочувате своето тело под чиста, возвишена љубов и настојувате да ја дочекувате својата сопруга со таква љубов, потребите на нејзината природа ќе бидат задоволени. Доближете ја до срцето; ценете ја многу.

**Љубовта се изразува во зборови и во дела. -** Л ________ треба да негува љубов кон својата жена, љубов која ќе најде свој израз и во зборови и во дела. Тој треба да култивира нежна љубов. Неговата сопруга има чувствителна, верна природа и ѝ е потребна нежна наклонетост. Таа ќе го памети секој негов нежен, благодарен и охрабрителен збор и ќе го рефлектира во вид на благослов кон својот сопруг. Неговата нечувствителна природа мора да се доведе во близок контакт со Христа, за да можат крутоста и студената резервираност да се задушат и омекнат со Божјата љубов.

Не е слабост или жртвување на машкоста и достоинството да се покаже нежност и сожалување кон својата жена во зборови и дела; и тоа да не се завршува во семејниот круг, туку да се прошири и на оние што се надвор од семејството. Л ________ мора да заврши една задача за

себе која никој наместо него не може да ја заврши. Тој може да порасне посилен во Господа носејќи бремиња во Неговото дело. Неговата љубов и приврзаност мораат да се насочат на Христа и на небесното, и тој треба да го оформи карактерот за вечен живот.

**Малите дела ја откриваат вистинската љубов.** - Љубовта не може да постои без откривање на самата себе во видливи дела како што и огнот не може да се одржи без гориво. Вие брате Ц, чувствувавте дека е под вашето достоинство да покажете нежност преку љубезни постапки и да чекате можност да покажете наклонетост кон вашата сопруга со нежни зборови и љубезна почит. Вие сте со променливи чувства и многу сте подложни на надворешни влијанија... Оставете ги своите работни неприлики и тешкотии кога го напуштате работното место. Настојувајте да доаѓате во својот дом со весел израз на лицето, со чувство, нежност и љубов. Тоа ќе биде подобро од трошењето пари за лекови и лекари за својата жена. Тоа ќе биде здравје за телото и сила за душата.

Трпеливоста, благодарноста и љубовта нека зрачат во срцето и покрај тоа што денот е можеби толку тмурен.

**Моќта на родителскиот пример. -** Најдобар начин да се воспитаат децата да ги почитуваат своите родители е да им се даде можност да гледаат како таткото покажува љубезно внимание кон мајката а мајката пак покажува почитување и респект кон таткото. Љубовта која може да се забележи кај родителите е она што ги наведува децата да ѝ се покоруваат на петтата заповед и да внимаваат на налогот: „Деца, бидете им послушни на своите родители во Господ, зашто така е исправно.“

**Исусовата љубов се огледуваа во родителите. -** Кога мајката ќе ја стекне довербата на своите деца и ќе ги научи да ја сакаат и да ѝ се покоруваат, со тоа им ја дала првата поука во христијанскиот живот. Тие мораат да го сакаат, да му веруваат и да му се покоруваат на својот Спасител како што ги сакаат, им веруваат и ги слушаат своите родители. Љубовта којашто родителите со верната грижа и правилното воспитување ја покажуваат кон своето дете само бледо ја одразува Исусовата љубов кон Неговиот верен народ.

**Мајчинската љубов е илустрација за Христовата љубов. -** Кога мајката ги учи децата да ја слушаат затоа што ја сакаат, таа им ги дава и првите поуки од христијанскиот живот. Мајчинската љубов за детето ја претставува Христовата љубов, а малечките што имаат доверба во мајката и ја слушаат, учат да имаат доверба и да му бидат послушни на Спасителот.

**Влијанието на христијанскиот дом никогаш не се заборава. -** Домот кој е разубавен со љубов, со сочувство и нежност е место кое анге-

лите сакаат да го посетуваат и каде што Бог се прославува. Влијанието на внимателно чуваниот христијански дом во годините на раното детство и младоста е најсигурна заштита против световната расипаност. Во атмосферата на таквиот дом децата ќе научат да ги сакаат своите родители и својот небесен Татко.

Семејниот однос треба да биде посветувачки во своето влијание. Христијанските домови, засновани и водени во склад со Божјите планови, се чудесна помош во обликувањето на христијанскиот карактер... Родителите и децата треба да се соединат и да понудат служба од љубов на Оној Кој единствено може да ја одржи човечката љубов чиста и благородна.

# ЉУБОВ И СЕКСУАЛНОСТ ВО ЧОВЕЧКОТО ИСКУСТВО

***Напомена:*** Елена Вајт живеела и работела во времето кога владеела голема воздржаност во јавните говори или во пишувањето за сексот и сексуалните односи помеѓу мажот и жената.

## А. ПОЗИТИВНО
## (Зборови на охрабрување и совети)

**Исус и семејниот однос. -** Исус не го наметнал целибатот на било која класа на луѓе. Тој не дошол да го разори светиот брачен однос туку да го воздигне и обнови до неговата првобитна светост. Тој со задоволство гледал на семејниот однос каде што владее света и несебична љубов.

Тој (Христос) определил мажите и жените да живеат заедно во свет брак, да подигнуваат семејства чии членови, крунисани со чесност, ќе бидат препознавани како членови на небесното семејство.

**Божјата цел остварена во бракот. -** Сите кои ќе влезат во брачна заедница со света цел – сопругот да се здобие со чистата љубов на женското срце, жената да го омекне, подобри и да му даде комплетност на карактерот на својот сопруг – ја исполнуваат Божјата цел за себе.

**Предноста на брачниот однос. -** Тие (христијаните кои се во брак) треба сериозно да го разгледаат исходот на секоја привилегија во брачниот однос, и посветеното начело треба да биде основа на сите постапки.

**Време кога склоностите можат да бидат ослободени. -** Склоностите на младоста треба да бидат воздржани до доаѓањето на периодот кога доволната зрелост и искуство ќе овозможат достоинство и сигурност во нивното ослободување.

**Опасност од премин од дозволено во претерано. -** Нема ништо погрешно во самото јадење или пиење или во бракот и стапувањето во брак. Беше дозволено да се стапува во брак во Ноево време, дозволено е стапувањето во брак и денес, ако сето она што е дозволено исправно се третира и не преминува во грешна неумереност...

Во Ноево време непосветената, неумерена љубов која самата по себе е дозволена доколку правилно се искажува, беше токму она што го направи бракот да биде грешен пред Бога. Во денешно време во светот

постојат многумина кои ги губат своите души станувајќи задлабочени, размислувајќи за бракот и за самиот брачен однос...

Бог ги создаде луѓето во светот, и нивна предност е да се хранат, пијат, тргуваат, живеат во брак и да се венчаваат; но сето ова е сигурно ако се прави во Божји страв. Ние треба да живееме на овој свет сметајќи на вечниот живот.

**Бракот не преставува дозвола за ослободување на похотните страсти. -** Сосема малку се оние кои чувствуваат верска должност да владеат со своите страсти. Тие склучуваат брак со предметот на својот избор и затоа сметаат дека бракот го одобрува оддавањето на ниските страсти. Дури и мажите и жените кои исповедаат побожност им даваат слобода на блудните страсти не ни помислувајќи дека Бог ги смета одговорни за злоупотребување на животната енергија, што ја слабее нивната животна потпора и го исцрпува целиот систем.

Брачниот завет ги покрива и најцрните гревови. Мажите и жените кои исповедаат побожност ги уништуваат своите тела препуштајќи им се на ниските страсти понижувајќи се на тој начин под нивото на животните. Тие ги злоупотребуваат силите што Бог им ги дал за да ги чуваат во светост и достоинство. Здравјето и животот се жртвуваат на олтарот на ниските страсти. Повозвишените, благородни сили им се подредуваат на животинските склоности. Оние што грешат на тој начин не се запознати со исходот на својот пат.

**Чувствителна рамнотежа помеѓу љубовта и похотните страсти. -** Она што го поттикнува човекот да направи од жената орудие во служба на своите страсти не е чиста љубов. Животинските страсти се оние кои гласно бараат попуштање.

Колку малку луѓе ја покажуваат својата љубов на начин што го опишува апостол Павле: „Како што и Христос ја возљуби црквата и се предаде Сам Себеси за неа, за да ја освети и очисти; ... за да биде света и непорочна“ (Ефесјаните 5:25-27). Ова е особина на љубовта во брачните односи која Бог ја признава за света.

Љубовта е чисто и свето начело, но похотната страст не дозволува ограничувања, не слуша наредби и не дозволува да биде под контрола на разумот. Таа е слепа за последиците; таа не размислува од причината кон последицата.

Многу жени страдаат од големи слабости и постојани болести заради непочитување на законите на нивното битие; природните закони се погазуваат. Мажите и жените ја трошат нервната сила на мозокот предизвикувајќи го на неприродна акција на задоволување на ниските страсти; а овој скриен монструм - ниската страст - го присвојува нежното име на љубовта.

**Љубовта наспроти страстите на природното човечко срце. -** Љубовта... не е неразумна; таа не е слепа. Таа е чиста и света. Но страста на телесното срце е нешто сосема друго. Додека чистата љубов го вклучува

Бога во сите свои планови и е во совршен склад со Божјиот Дух, страста е своеглава, нагла, неразумна, непокорна на секакво ограничување, и од предметот на својот избор прави идол. Во севкупното однесување на оние кои имаат вистинска љубов, ќе се покаже Божјата благодат.

**Под контрола на наредбите на разумот. -** Оние кои брачниот однос го сметаат за света Божја установа, чувана со Неговиот свет пропис, ќе се контролираат според наредбите на разумот.

**Да се сочува довербата во семејниот круг.** - Околу секое семејство постои свет круг кој треба да се чува да не се прекине. Во овој круг нема право да влезе ниедна друга личност. Ниту мажот ниту жената нека не им дозволат на другите да ја делат довербата која им припаѓа само на нив.

## Б. НЕГАТИВНО
## (Зборови на воздржување и предупредување)

**Бракот не е замислен да ги покрива сензуланоста и понижувачките навики. -** Бог никогаш не замислувал дека бракот треба да ги покрива мноштвото на гревови кои се практикуваат. Сензуалноста и понижувачките навики во брачниот однос го воспитуваат умот и моралниот вкус за неморални навики надвор од брачниот однос.

**Сексуалните претерувања ги доведуваат здравјето и животот во опасност. -** Чистата и света љубов не е таа која ја наведува жената да ги задоволува животинските потреби на својот маж и по цена на своето здравје и живот...

Понекогаш е неопходно понизно и нежно да се инсистира, дури и по ризик на негово незадоволство, дека таа не може да го понижува своето тело оддавајќи се на сексуално претерување. Таа треба, на нежен и љубезен начин да го потсети дека Бог има примарно и најголемо право на целото нејзино суштество и дека не може да го занемари тоа право, затоа што ќе одговара на големиот и суден Божји ден.

Сексуалното претерување со сигурност ќе ја уништи љубовта кон побожните постапки, ќе ја одземе од мозокот супстанцијата потребна за хранење на системот, и најуспешно ќе ја исцрпи виталноста.

**Изопаченост на светата установа. -** Многумина мислат дека со стапување во брачен однос можат да си дозволат да бидат контролирани од животинските страсти. Нив ги предводи сатаната, кој ги лаже и ги наведува да ја изопачуваат таа света установа. Тој е многу задоволен од ниското ниво кои го заземаат нивните умови; затоа што тој добива многу со ваквата нивна насоченост.

Тој знае дека доколку ги разбуди ниските страсти и ги одржи на власт, нема никаква причина за грижа во врска со нивното христијанско искус-

тво; затоа што моралните и интелектуалните способности ќе бидат подредени, додека животинските потреби ќе бидат предоминантни и ќе го држат приматот; и овие ниски страсти ќе јакнат преку нивното користење, додека благородните особини ќе стануваат сè послаби и послаби.

**Злоупотреба на сексуалните привилегии во бракот. -** Кога се негуваат и кога им се попушта, животинските страсти стануваат многу силни, што е случај и денес, а неискажливи зла во брачниот живот се сигурни последици. Наместо да се унапредува разумот и наместо тој да ја има силата на контролата, животинските склоности владеат над повисоките и поблагородните сили додека не се доведет во подреденост на тие животински склоности. Што е последицата? Чувствителните женски органи се оштетуваат и заболуваат; бременоста повеќе не е сигурна; сексуалните привилегии се злоупотребуваат.

Мажите ги расипуваат сопствените тела, а жената станува валкана слугинка во нивните неумерени, ниски страсти доколку во нивните очи нема Божји страв. Попуштањето на импулсот кој го понижува и телото и душата е одлика на брачниот живот.

**Пренатални влијанија. -** Сатаната настојува да ги изопачи умовите на оние кои се соединуваат во брак за да може да го всади сопствениот злобен лик кај нивните деца...

Тој може да го обликува нивното потомство многу полесно отколку што го можел тоа со нивните родители, затоа што може да ги контролира умовите на родителите и преку нив да го даде сопствениот карактерен печат врз нивните деца. На тој начин многу деца се раѓаат со многу силни животински нагони, додека пак моралните способности се само незначително развиени. На тие деца им е потребна највнимателна нега да ги искажат, зацврстат и да ги развијат моралните и интелектуалните сили, за да можат тие да го преземат водството.

**Процес на деградација. -** Умот на мажите и жените не поминува во еден момент од чистота и светост во изопаченост, расипаност и престап. Потребно е време за преобразување на човечкото во божествено или за деградација на она што е формирано по Божји облик во окрутно и сатанско.

Со гледање ние се менуваме. Иако е оформен по Божје обличје, човекот може така да го воспита својот ум што гревот кој некогаш му бил толку одвратен сега да му стане мил. Кога ќе престане со молитвите и стражарењето, тој престанува да ја чува тврдината, срцето, и се втурнува во грев и зло. Умот се понижува, и невозможно е да се воздигне од расипаноста додека се воспитува да ги поробува моралните и интелектуалните сили и ги доведува во потчинетост на нечистите страсти.

Мора да се води постојана борба против телесниот ум; и мораме да бидеме потпомогнати од префинетото влијание на Божјата благодат, кое

ќе го привлече умот повисоко и ќе го навикне да размислува за чисти и свети работи.

**Совет за жените. -** Со тешко срце пишувам за жените во овој век, мажени и немажени, дека премногу често не ја чуваат својата резервираност која е неопходна. Тие постапуваат како кокети. Го привлекуваат вниманието на самците и оженетите луѓе, и оние кои се слаби во морална сила лесно ќе бидат фатени во замка.

Ако се дозволат вакви нешта, тие ги умртвуваат моралните чувства и го заслепуваат умот така што престапот не им изгледа грешен. Се будат мисли кои не би се појавиле доколку жената го чувала своето место во сета скромност и трезвеност. Таа самата можеби немала нечиста намера или побуда, но им дала повод на мажите кои се склони на искушенија и на кои им е потребна сета помош што можат да ја добијат од оние кои се дружат со нив.

Со внимателност, резервираност, не оддавајќи се премногу на слобода, со отфрлање на недозволени внимания, со чување на висока морална свест и природно достоинство, би се одбегнале многу зла.

**Жените како искушувачи. -** Нема ли жените кои ја исповедаат вистината стриктно да пазат на себе за да не дадат никаков повод на недозволена близина? Тие можат да затворат многу врати на искушението ако цело време се држат строго резервирано и доколку пристојно се однесуваат.

Жените се чести искушувачи. Прикривајќи се на овој или на оној начин, тие го привлекуваат вниманието на мажите, женети или неженети, и ги наведуваат да го прекршат Божјиот закон, да ја упропастат својата корисност и да ги доведат душите во опасност.

**Сочувствителен пастир. -** Бидете Божји луѓе, бидете на победничката страна. Знаењето е достапно за сите оние кои го сакаат. Бог го осмислил умот да јакне, да размислува подлабоко, попотполно и појасно. Одете со Бога исто како што одел Енох: направете од Бога свој советник и напредокот нема да изостане...

Постојат луѓе кои тврдат дека ги држат Божјите заповеди, кои го ставаат стадото под свое старателство и ги наведуваат невнимателните души да размислуваат во правец кој ќе резултира со бесрамна слобода и претерана блискост...

Тој (проповедникот), додека ги посетува семејствата, почнува да ги испитува тајните на нивниот брачен живот. Дали живеат среќно со своите мажи? Дали се чувствуваат како нецenети? Дали постои хармонија во нивниот брачен живот? И така жената која во ништо не се сомнева со помош на таквите лукаво поставени прашања се наведува да го отвори својот таен живот, своите разочарувања, своите ситни потешкотии и незадоволства, пред еден странец исто како што тоа го прават католиците пред своите свештеници.

Потоа овој сочувствителен пастир го отвора поглавјето на своето сопствено искуство; дека неговата сопруга не била жена на неговиот избор; дека нема вистинска сродност меѓу нив. Тој не ја сака својата жена. Таа не ги исполнила неговите очекувања. На тој начин бариерата се руши, и жените се заведени. Тие веруваат дека животот им е едно големо разочарување, а овој пастир има големо сочувство за своето стадо. Се поттикнува болен сентиментализам, а умот и душата се лишуваат од својата чистота, во случај ако овој начин на работа не резултира со кршење на седмата Божја заповед.

Скриените нечисти мисли стануваат навика, а душата станува ранлива и извалкана. Со еден чин на погрешна акција се нанесува дамка која ништо не може да ја исчисти освен Христовата крв; и ако не се одвикне од таа навика со цврста одлучност, душата се расипува а потоците кои течат од тој загаден извор ги расипуваат и другите. Неговото влијание е проклето. Бог ќе ги уништи сите оние кои ќе продолжат со ова дело...

Ние мораме да бидеме воздигнати, благородни, и посветени. Ние можеме да имаме сила во Исуса да надвладееме; но кога има недостаток од чистота во карактерот, и кога гревот ќе стане дел од карактерот, тој има магична сила која е иста како чаша со алкохол. Моќта на самоконтролата и разумот е надвладеана од навиките кои го валкаат целото битие; и доколку се продолжи со оваа грешна пракса, мозокот слабее, оболува и ја губи својата рамнотежа.

**Мажите, жените и младите вовлечени во морална изопаченост. -** Моралните опасности на кои се изложени сите, и старите и младите, постојано се зголемуваат. Моралната пореметеност, која ја нарекуваме изопачаност, е многу распространета, и мажите, жените и младината кои исповедаат христијанство вршат влијание кое е ниско, телесно и ѓаволско.

Сатаната вложува мајсторски напори да ги вовлече женетите мажи и жени, децата и младите во нечисти навики. Неговите искушенија наоѓаат место во многу срца, затоа што не се воздигнати, прочистени, префинети и облагородени со светата вистина во која тврдат дека веруваат. Не е мал бројот од оние кои се подли и зли во мислите и прости во разговорот и однесувањето, така што кога ќе наидат искушенијата на сатаната, тие немаат морална сила да ги одбијат и паѓаат како многу лесен плен.

**Надолни чекори. -** Постојаните сатански искушенија се осмислени да ја ослабнат човечката власт над срцето, да ја поткопаат неговата моќ на самоконтрола. Тој го наведува човекот да ги раскине сите врски кои го спојуваат во света, среќна заедница со неговиот Творец.

Потоа кога ќе се оддели од Бога, страста ја превзема контролата над разумот, нагонот над начелата, и тој станува грешен во мислите и делата, неговиот суд е изопачен, разумот ослабен, и потребна му е обнова која

се постигнува само со обновување во Бога со правилно согледување на самиот себе во светлината на Божјата Реч.

**Избегнувајте читање, гледање и слушање на нечисти работи. -** Оние кои не сакаат да западнат во стапицата на лукавството на сатаната мора да внимаваат на приодите кон својата душа и да се трудат да не читаат, да не гледаат и да не го слушаат она што наведува на нечисти мисли. Не смее да им се дозволи на мислите да се запираат на секое прашање што би можел да го дошепне непријателот на душите. Срцето мора верно да се чува; инаку надворешното зло буди склоност кон злото што постои внатре и душата талка во мрак.

Морате да бидете верни чувари на своите очи, уши, и на сите свои сетила ако сакате да го контролирате својот ум и да спречите празни и расипани мисли да ја извалкаат вашата душа. Само силата на благодатта може да ја заврши оваа најпосакувана задача.

**Евтини романи и порнографија. -** Нечистите слики имаат штетно влијание. Романите, кои многумина страсно ги читаат, како последица носат извалкана фантазија.

По вагоните (во тоа време), често се нудат на продажба фотографии од разголени жени. Ваквите одвратни слики исто така можат да се најдат и во салоните на доселениците кои имаат фотографски студија, и кои се прикачуваат и на ѕидовите кај оние кои се бават со резба. Ова е време кога расипаноста пламти насекаде.

Желбата на окото и расипаните страсти се поттикнуваат со гледање и читање... Умот наоѓа задоволство во гледање на призори кои поттикнуваат ниски страсти. Овие лоши призори, кои се гледаат преку извалканата фантазија, го расипуваат моралот и ги подготвуваат измамените, залудени души да ја предадат слободата под власта на блудните страсти. Потоа следуваат гревови и престапи кои ги повлекуваат суштествата кои имаат Божје обличје сè пониско и пониско до ниво на ѕверови, туркајќи ги на крајот во самата пропаст. Избегнувајте читање и гледање на она што сугерира нечисти мисли. Култивирајте морални и интелектуални способности.

**Умот како одлучувачки фактор. -** Павле рекол: „Со својот ум му служам на Божјиот Закон“. Ако го затемните овој ум оддавајќи им се на животинските потреби и страсти, моралните способности слабеат така што светото и обичното се ставаат на исто рамниште.

**Мастурбација. -** Младите и децата од двата пола се обземени од моралната гадост (мастурбацијата) и ја практикуваат оваа овдратна, по душата и телото погубна навика.

Многу христијани по име толку многу се парализирани со оваа иста навика што нивните сетила не можат да се поттикнат да сфатат дека тоа

е грев, и доколку се продолжи со тоа сигурно ќе резултира со целосен бродолом на телото и умот. Човекот, најблагородното суштество на земјата, создаден според Божјиот облик, се преобразува во ѕвер! Тој себеси се прави прост и расипан.

Секој христијанин мора да научи да ги воздржува своите страсти и да се контролира според принципите. Доколку не прави така, тој не е доследен да носи христијанско име.

Некои истакнати христијани не го разбираат гревот на мастурбација и нејзините сигурни последици. Долго утврдуваната навика го ослепила нивното размислување. Тие не ја разбираат големата грешност на овој понижувачки грев кој го ослабува системот и ја разорува нервната способност на мозокот.

Моралниот принцип е многу слаб кога ќе дојде во судир со застарената навика. Свечените пораки од небото не можат со поголема сила да влијаат на срцето кое не е утврдено против попуштањето на оваа понижувачка навика. Чувствителните мозочни нерви ја губат својата здрава обоеност низ патолошките возбудувања да се задоволи неприродната желба за сетилна попустливост. Нервите на мозокот кои сообраќаат со целиот систем се единственото средство преку кое Небото може да комуницира со човекот и да го допре неговиот внатрешен живот.

Што и да ја попречува циркулацијата на електричните струи во нервниот систем, ја намалува силата на виталните способности, а последицата е одумирање на сензибилитетот на умот.

Некои деца почнуваат со мастурбација уште во детството; и како годините си одминуваат така нивните блудни страсти се зголемуваат со нивниот раст и се зајакнуваат со нивната сила. Нивните умови се немирни. Девојчињата сакаат да се дружат со момчињата, а момчињата сакат да се дружат со девојчињата. Нивното однесување не е воздржано и скромно. Тие се дрски и наметливи и си дозволуваат непристојна слобода. Навиката за мастурбација ги унижила нивните умови и ја извалкала нивната душа.

**Сексуална активност пред склопување на брак (совет до младите адвентисти на седмиот ден). -** Мал број искушенија се поопасни и пофатални за младите луѓе од искушенијата на сладострастие, и ништо толку одредено нема да се покаже попогубно за душата и телото, ако му се попушта, за време и за вечност...

Ми беше покажан во нејзино (Н) друштво во ноќните часови; ти најдобро знаеш како и на кој начин се поминати тие часови. Се повика на мене да ти кажам дали си ги прекршил Божјите заповеди. Те прашувам, зар не си ги прекршил?

Како го поминувавте времето заедно ноќ за ноќ? Дали твојот став, твојот однос, твоите склоности беа такви што би посакал да бидат забележани во небесните книги? Видов и чув работи од кои и ангелите би поцрвенеле... Ниеден млад човек не треба да го прави она што ти ѝ го

направи на (Н), доколку не е женет со неа; а бев и многу изненадена кога видов дека ова прашање го немаш добро разбрано.

Причината поради којашто сега ти пишувам е молба заради својата душа да не му попушташ повеќе на искушението. Прекини го тоа волшебство кое како ноќен кошмар се надвило над тебе. Отргни се сега и засекогаш, доколку воопшто имаш некаква желба за Божја наклоност...

Таа ноќ си поминал часови во нејзино друштво затоа што и двајцата сте биле залудени. Во името на Господа, престани да ѝ се додворуваш на Н или ожени се со неа... Си можел да се ожениш со неа исто како што си бил во нејзино друштво и си се однесувал онака како што само маж и жена треба да се однесуваат еден кон друг...

Ако во својот живот сакаш да уживаш во друштво на Н, како што тоа сега изгледа, и да бидеш фасциниран со тоа, зошто не истапиш чекор подалеку од оној кој веќе си го направил и себеси да се прогласиш за нејзин законски заштитник и да стекнеш неспорно право на посветување часови во нејзино друштво? Твоите постапки и разговори се навредливи за Бога.

**Хомосексуалноста - посебен грев на Содом. -** Ние не сме неупатени за падот на Содом поради расипаноста на неговите жители. Пророкот овде (Езекиел 16:49) укажува на одредени зла кои довеле до деградирање на моралот. Ние гледаме дека истите гревови постојат и денес во светот какви што биле и во Содом кои го навлекле врз него Божјиот гнев, сè до неговото конечно уништување.

**Гревовите на претпотопната генерација и Содом во пораст. -** Насекаде се гледаат човечки рушевини, занемарени семејни олтари, разделени семејства. Присутно е чудно напуштање на начелата, снижување на моралните стандарди; гревовите што довеле до излевање на Божјите судови на земјата со потопот и уништувањето на Содом со оган се во постојан раст.

**Освојување на денешната црква. -** Нечистотијата денеска е многу распространета, дури и помеѓу оние кои се нарекуваат Божји следбеници. Страста не се воздржува; животинските склоности добиваат сила преку нивно задоволување, додека моралните сили постојано слабеат...

Гревовите кои што ја уништиле претпотопната генерација и градовите од таа рамнина постојат и денес и тоа не само во незнабожечките земји, ниту пак исклучиво помеѓу популарните заговорници на христијанството туку и кај некои кои се изјаснуваат како чекатели на доаѓањето на Синот Човечки. Кога Бог би ви ги покажал овие гревови онака како што тие изгледаат во Неговите очи, вие би биле исполнети со срам и ужас.

**Затворање на очи пред светлината. -** Попуштањето на ниските страсти ќе наведе многумина да ги затворат очите пред светлината, затоа што се плашат дека ќе ги видат гревовите кои не сакаат да ги напуштат. Сите

можат да видат ако сакаат. Ако повеќе ја изберат темнината отколку светлината, нивниот престап нема да биде ништо помал.

Зошто мажите и жените не читаат и не се запознаваат со она што толку многу се однесува за нивните физички, интелектуални и морални сили? Бог ви дал живот да се грижите за него и да го одржувате во најдобра состојба за Негова служба и слава. Вашите тела не се ваша сопственост.

## В. РАМНОТЕЖА И ПОБЕДА
## (Зборови на ветување и надеж)

**Искреното покајание и одлучниот напор се неопходни. -** Оние кои ги расипуваат сопствените тела не можат да уживаат во Божјата наклоност додека искрено не се покајат, не спроведат целосна реформа, и не покажат совршена светост во Божји страв.

Единствена надеж за оние кои поседуваат зли навики е засекогаш да ги остават ако му придаваат каква и да е вредност на моменталното здравје и идното спасение. Кога на овие навики им се попушта долго време, потребен е одлучен напор да се одбие искушението и да се отфрли расипаната попустливост.

**Контролирање на фантазијата. -** Фантазијата мора одлучно и постојано да се контролира за страстите и склоностите да му бидат потчинети на разумот, совеста и карактерот.

**Потчинети на Божјата волја. -** Секој кој има какво и да е вистинско чувство за тоа што значи да си христијанин, знае дека сите Христови следбеници како Негови ученици се обврзани да ги доведат сите свои страсти, сите физички сили и ментални способности во совршена покорност на Неговата волја. Оние со кои господарат страстите не можат да бидат Христови следбеници. Тие премногу и се посветиле на службата на својот господар, зачетникот на секое зло, за да ги напуштат своите расипани навики и да ја изберат Христовата Служба.

**Мислите пресуден фактор. -** Нечистите мисли водат кон нечисти дела. Ако Христос е тема на размислување, мислите ќе бидат целосно одвоени од секакви нешта кои би воделе кон нечисти дела. Умот ќе зајакне бавејќи се со возвишени нешта. Ако се вежба да се одржи во каналот на чистотата и светоста, ќе стане здрав и свеж. Ако се вежба да се бави со духовни теми, природно ќе се стреми во тој правец. Но оваа приврзаност на мислите кон небесните нешта не може да се стекне без покажување вера во Бога и сериозно, понизно потпирање на Него за сила и благодат кои ќе бидат доволни за сите потреби.

**Гревот на мечтаење. -** Вие сте одговорни пред Бога за своите мисли. Кога му се предавате на празното мечтаење, дозволувајќи му на умот да се занимава со нечисти работи, вие, во извесна мера, сте виновни пред Бога како вашите мисли да се веќе спроведени на дело. Сè што го спречува тоа дело е недостаток на соодветна можност.

**Доведување на мислите под контрола. -** Вие треба да ги контролирате своите мисли. Тоа нема да биде лесна задача; вие не можете да ја извршите без темелен и сериозен напор...

Не само што Бог бара да ги контролирате своите мисли, туку исто така и своите страсти и склоности. Вашето спасение зависи од тоа како се управувате спрема тие нешта. Страста и склоноста се моќни фактори. Кога погрешно ќе се применат, кога делуваат преку погрешни побуди, кога ќе се стават на погрешно место, во состојба се да ја произведат вашата пропаст и да ве остават како бедна рушевина, без Бога и без надеж.

**Прикриените мисли стануваат навика. -** Прикриените нечисти мисли стануваат навика, а душата се ранува и валка. Со еден чин на погрешна акција нанесена е дамка која ништо не може да ја исчисти освен Христовата крв; и ако таа навика не се напушти со цврста одлучност, душата се расипува, а потоците кои течат од тој загаден извор ги расипуваат и другите.

**Правилно контролирани мисли. -** Ние мораме да му придадеме голема важност на исправното контролирање на своите мисли, затоа што таквата контрола ги подготвува умот и душата да работат складно за Творецот. Неопходно е заради мирот и среќата во овој живот своите мисли да ги насочиме кон Христос. Човекот е она што мисли за себе. Нашиот напредок во моралната чистота зависи од правилното мислење и исправното постапување...

Лошите мисли ја разоруваат душата. Божјата преобразувачка сила го менува срцето, ги разубавува и ги прочистува мислите. Доколку не се направи одличен напор да се задржат мислите насочени кон Христос, благодатта не може да се открие во животот. Умот мора да се вклучи во духовната благодат. Секоја мисла мора да се доведе во послушност на Христа. Секоја навика мора да се доведе под Божја контрола.

Нам ни е потребно постојано чувство на облагородена сила, чисти мисли и свесност за штетното влијание од лошите мисли. Да ги насочиме своите мисли кон она што е свето. Нека тие бидат чисти и искрени, зошто единствената сигурност за душата е исправното размислување. Ние мораме да го користиме секое средство кое Бог ни го оставил достапно за владеење и култивација на своите мисли. Мораме да ги доведеме своите умови во склад со Неговиот ум. Неговата вистина ќе ги посвети телото, душата и духот, и ќе бидеме оспособени да се издигнеме над искушението.

**Исхраната важен фактор. -** Не може премногу да се нагласи тоа дека што и да се внесе во нашиот желудник не влијае само на телото туку исто така влијае и на умот. Тешката и надразнувачка храна ја возбудува крвта, го надразнува нервниот систем и често ја затапува моралната чувствителност така што разумот и совеста се преоптеретуваат со телесни нагони. Тешко е, и често невозможно, за оној кој е неумерен во исхраната да покаже трпение и самоконтрола.

**Месото ги поттикнува и зајакнува ниските страсти. -** Месо не треба да се става пред нашите деца. Неговото влијание ги поттикнува и зајакнува ниските страсти, и има тенденција на умртвување на моралните сили. Житарките и овошјето приготвени без маснотии и колку што е можно во поприродна состојба треба да бидат храна на сите трпези на оние кои тврдат дека се подготват за преобразување за небото. Колку што храната е помалку надразлива, страстите можат полесно да се контролираат. Задоволувањето на вкусот не треба да се смета како независно од физичкото, интелектуалното или моралното здравје.

**Умртвете го искушението. -** Ниските страсти имаат свое седиште во телото и делуваат преку него. Зборовите тело или телесно или блудни страсти ја подразбираат ниската, расипана природа; телото само по себе не може да делува наспроти Божјата волја. Наредено ни е да го распнеме телото, со склоностите и страстите. Како да го направиме тоа? Дали ќе го измачуваме телото? Не; туку да го умртвиме искушението на грев.

Расипаните мисли треба да се исклучат. Секоја мисла треба да се доведе во покорност на Исус Христос. Животинските склоности треба да се потчинат на возвишените сили на душата. Божјата љубов мора надмоќно да владее; Христос мора да го заземе престолот неподелен. На нашите тела мора да се гледа како на Негова сопственост. Членовите на телото мораат да станат оружје на праведноста.

**Да се заменат нечистите сугестии со чисти, возвишени мисли. -** Умот мора да се задржува во размислување за чисти и свети нешта. Нечистите сугестии мораат веднаш да се истераат, а на нивно место треба се примаат чисти, возвишени мисли, свето размислување, стекнувајќи при тоа се повеќе знаења за Бога вежбајќи го умот да размислува за небесното. Бог има едноставни средства отворени за секој поединечен случај, доволни за да ја осигураат големата цел, спасението на душите.

Решете се да достигнете голем и свет стандард; поставете ја високо својата цел; работете со сериозна намера, како што тоа го правел Даниел, постојано, одлучно, и ништо што непријателот може да го направи нема да го спречи вашиот напредок. И покрај неприликите, промените, потешкотиите, можете постојано да напредувате во менталната свежина и моралната сила.

**Не создавајте опасност. -** Секоја несвета страст мора да се држи под контрола на посветениот разум преку благодатта која Бог во изобилство ја дава за секоја потреба. Но нека не се прави никаква подготовка во создавањето на потребата, нека не се става доброволно во положба каде може да се биде нападнат со искушение, и нека не им се дава ни најмала можност на другите да мислат дека сме виновни за непромисленост.

**Држете се подалеку од работ на бездната. -** Не гледајте колку блиску можете да дојдете до работ на бездната и да останете безбедни. Избегнете го првото приближување на опасноста. Не можеме да си играме со интересите на душата. Вашиот капитал е вашиот карактер. Чувајте го како златна ризница. Моралната чистота, самопочитувањето, големата сила на отпор, мораат одлучно и постојано да се пазат...

Нека никој не мисли дека може да победи без Божја помош. Вие мора да имате енергија, сила, моќ на внатрешен живот развиен во себе. Тогаш ќе донесете плодови на побожност и силно противење против порокот. Мора постојано да се трудите да избегнувате земски, евтин разговор, од сѐ што е телесно, и да тежнеете кон облагородување на душата и кон чист и неизвалкан карактер. Вашето име може да се сочува толку чисто што ќе биде невозможно да се поврзе со нешто што е нечесно или неправедно туку ќе почитува сѐ што е добро и чисто, и ќе може да биде напишано во Јагнетовата книга на животот.

**Умот под контрола на сатаната или Христос. -** Кога умот не е под директно влијание на Божјиот Дух, сатаната може да го обликува по своја желба. Сите сили на разумот кои ги контролира тој ќе ги обесчести. Тој му е директно спротивставен на Бога во своите вкусови, погледи, предности, симпатии и антипатии, во изборот на работите и целите; нема љубов кон она што Бог го сака или одобрува, туку ужива во она што Тој го презира...

Ако Христос живее во срцето, Тој ќе биде присутен во сите наши мисли. Нашите најдлабоки размислувања ќе се однесуваат на Него, Неговата љубов, Неговата чистота. Тој ќе ги исполни сите делови од умот. Нашите склоности ќе се групираат околу Исус. Сите наши надежи и очекувања ќе бидат здружени со Него. Животот кој ние сега го живееме го живееме со верата во Божјиот Син, чекајќи и копнеејќи по Неговата појава, и тоа ќе биде најголема радост за душата. Тој ќе биде круна на нашата радост.

**Доживотна будност. -** Сѐ додека животот трае постои потреба за стражарење над склоностите и страстите со силна намера. Постои внатрешна расипаност, постојат надворешни искушенија, и таму каде што Божјето дело напредува, сатаната така ги поставува околностите да искушението дојде со надмоќна сила на душата. Ние може да бидеме сигурни во секој момент само кога се потпираме на Бога, додека животот е сокриен со Христа во Бога.

**Бог подготвува еден народ.** - Божјиот народ не само што мора да ја познава Неговата волја, туку треба и да ја твори. Мнозина такви кои ја знаат вистината ќе бидат изрешетани затоа што не биле посветени со неа. Вистината мора да се всели во нивните срца, посветувајќи ги и чистејќи ги од секоја световност и телесност во најинтимниот живот. Храмот на душата мора да биде очистен. Секој таен акт е како да сме во присуство на Бога и светите ангели, како да е се отворено пред Бога, и од Него ништо не може да биде сокриено...

Бог прочистува еден народ за да има чисти раце и чисти срца кога ќе застане пред Него на судот. Стандардот мора да се воздигне, мечтата да се прочисти, залуденоста натискана околу понижувачките навики мора да се напушти, а душата да се воздигне кон чисти мисли и свети навики. Сите оние кои ќе ја издржат пробата која е непосредно пред нас ќе бидат учесници во божествената природа, бегајќи, а не учествувајќи во, расипаноста која што е во светот преку похотта.

Глава 26

# БРАТСКА ЉУБОВ

**Љубовта кон другите донесува радост. -** Би им кажала на своите браќа каде и да се: развивајте ја Христовата љубов! Таа ќе се излева од христијанската душа како потоци во пустината, освежувајќи и донесувајќи убавина, задоволство, мир и радост во неговиот сопствен живот и во животите на другите.

**Примерот на несебична љубов е неодолив. -** Што сме послични на нашиот Спасител по карактерот, поголема ќе биде нашата љубов кон оние за кои Тој умрел. Христијаните кои покажуваат дух на меѓусебна несебична љубов носат сведоштво за Христос кое неверниците не можат да го порекнат ниту да му се спротивстават. Невозможно е да се процени силата на таквиот пример. Ништо не може толку успешно да ги порази замислите на сатаната и на неговите емисари, ништо не може така да го изгради царството на Откупителот како што тоа го може Христовата љубов кои ја манифестираат членовите на црквата.

**Своето јас може да ја затскрие љубовта. -** Љубовта е активно начело, таа постојано пред себе го има доброто на другите, спречувајќи нè така од правење непромислени дела за да не ја занемариме целта на придобивање на души за Христа. Љубовта не го бара сопственото. Таа не ги поттикнува луѓето да ја бараат сопствената удобност и да го задоволуваат своето јас. Значењето кое му го придаваме на своето јас е она што толку често го спречува растот на љубовта.

**Понизноста е огранок на љубовта. -** Љубовта не се фали. Таа е понизен елемент; таа никогаш не го поттикнува човекот на расфрлање, на себевоздигнување. Љубовта кон Бога и кон нашите ближни нема да се покаже во нагли дела или да нè наведе на гордост, приговарање или диктаторство. Љубовта не се расфрла. Срцето во кое владее љубов, ќе се управува во благ, учтив, чувствителен правец на однесување кон другите, без оглед дали ни се по вкус или не, дали нè почитуваат или погрешно нè третираат.

**Вистинската љубов го брише своето јас. -** Посветувањето кое Бог го бара се открива во искрената љубов кон душите за кои Христос го дал Својот живот. Христовото присуство во срцето ќе се манифестира со љубовта која Тој им ја дал на Своите ученици. Неговите вистински деца повеќе ќе ги сакаат другите од себеси. Тие не бараат лавовски дел секаде и на секое место, затоа што на своите таленти не гледат како да се понадмоќни од своите браќа. Кога ова е навистина случај, ќе се покаже знак

во откривањето на љубовта која Христос ја покажува кон човечките души - несебична, нелицемерна љубов, која благосостојбата на другите ја става пред својата.

**Љубовта го преобразува карактерот. -** Христовата љубов нека им се претстави на оние кои не ја спознале, и тоа ќе делува како квасец за преобразување на карактерот.

**Себична љубов. -** Господ би сакал Неговите деца да сфатат дека доколку сакаат да го прослават Него, мораат да им ја дадат својата љубов на оние на кои таа е најпотребна... Нема да се покаже никаква себичност во погледот, зборовите или делата во работата на оние кои ја имаат таа скапоцена вера... било тие да се големи или мали, богати или сиромашни. Љубовта која упатува љубезни зборови само на некои, додека кон другите се однесува ладно и незаинтересирано, не е љубов туку себичност. Таа на никаков начин нема да работи за доброто на душите или на Божја слава. Нашата љубов... не треба да биде запечатена за одредени личности за сметка на занемарување на другите. Скршете го шишенцето и мирисот ќе ја исполни целата куќа.

**Способноста не е замена за љубовта. -** Говорот, фарисејството и фалбата се моќни, но тие никогаш нема да придобијат души за Христа. Чистата, посветена љубов, таква каква што се покажала во Христовиот живот и работа, е како духовен мирис. Како скршеното шишенце парфем на Марија, таа ја исполнува целата куќа со својот мирис. Елоквентноста, познавањето на вистината, ретките таленти, помешани со љубов, се скапоцени подароци. Но, самата способност, самите најодбрани таленти, не можат да го заземат местото на љубовта.

**Дарежливоста доказ за љубов.** - Доказ за нашата љубов се гледа во христоликиот дух, со драга волја да го даваме доброто кое Бог нам ни го дал, со спремност да покажуваме самоодрекување и самопожртвување за да го подобриме напредокот на Божјето дело и да му ги ублажиме патилата на човештвото. Никогаш не смееме да ги одминуваме оние коишто се повикуваат на нашата широкоградост. Ние откриваме дека сме поминале од смртта во живот кога работиме како верни управители со Божјото милосрдие. Бог ни ги доверил Своите добра; Тој ни го дал Својот свечен збор дека доколку бидеме верни во своето управување, ќе собираме богатство на небото кое е нераспадливо.

**Подарување на вистинска љубов покажува дека сте ученик.** - Без оглед на тоа колку сесрдно ја исповеда верата, човекот, чиешто срце не е исполнето со љубов кон Бога и кон ближните, не е вистински Христов ученик. И ако има силна вера, дури и моќ да прави чуда, а ако нема љубов, неговата вера е безвредна. Таквиот човек може да биде мошне да-

режлив; но кога од некоја друга побуда, а не од вистинска љубов, би го разделил сиот свој имот за да ги нахрани сиромашните, со таа постапка сепак не би заслужил Божје признание. Таквиот човек во своето одушевување би можел дури и да умре со смрт на маченик, но ако на тоа не би го поттикнала љубовта, Бог би го сметал за заблуден занесеник или за славољубив лицемер.

**Срце во кое владее љубов. -** Срцето во кое владее љубовта нема да биде исполнето со страст или одмаздољубивост заради навредите кои гордата и себична љубов ги смета за неподносливи. Љубовта не е сомнежлива, таа секогаш им придава најблагонаклонет изглед на намерите и делата на другите.

Делувањето на сатанската армија, опасност која ја опкружува човечката душа, го повикува на напор секој работник. Но не смее да се прави никаква принуда. Човечката изопаченост треба да се дочека со љубов, трпеливост, Божја трпеливост.

**Поправање на карактерните особини. -** Кога човекот е учесник во божествената природа, Христовата љубов ќе биде начело кое живее во душата, а своето јас и неговите карактеристики нема да се покажуваат.

**Само Христовата љубов може да излечи. -** Единствено љубовта што тече од Христовото срце може да исцели. Единствено оној во кого тече оваа љубов, како сокот во дрвото или крвта во телото, може да ја исцели ранетата душа.

**Спремни за секаква евентуалност. -** Секој кој вистински го сака Бога ќе има Христов дух и огнена љубов кон своите браќа. Колку повеќе нечие срце е во заедница со Бога, и колку повеќе неговите склоности се насочени кон Христа, помалку ќе го вознемируваат грубостите и тешкотиите со кои се среќава во овој живот.

**Братството никогаш не се добива со компромис. -** Оние кои го сакаат Исуса и душите за коишто Тој умрел ќе тежнеат кон она што гради мир. Но мораат да внимаваат да не се случи при своите напори да го спречат нескладот, да ја порекнат вистината, и сузбивајќи ги поделбите да го жртвуваат начелото. Вистинското братство никогаш не може да се постигне со начелото на компромис. Додека христијаните се приближуваат на христоликиот модел и стануваат чисти во духот и делувањето, ќе го чувствуваат змискиот отров. Противењето на децата на непослушноста се стимулира со христијанство кое е духовно... Оној мир и склад кои се постигнуваат со взаемни отстапувања за да се избегнат сите разлики во мислењата не е вреден да се нарече така. Кога се работи за чуствата меѓу човек и човек, треба понекогаш да се прават отстапки; но никогаш не треба да се жртвува ниту една црта од начелата за да се постигне склад.

**Божествената љубов е непристрасна. -** Христос дошол на оваа Земја со порака на милост и прошка. Тој го поставил темелот на верата преку кој евреинот и безбожникот, црнецот и белецот, слободниот и робот, се споени во едно општо братство, признаено како еднакво во Господовите очи. Тој во сите гледа способност за напредок. Оние за кои го дал Својот живот, Тој ги дочекува со божествена енергија и надеж.

**Влегување на човечкото братство во Божја прегратка. -** Меѓусебно посветената љубов е света. Во тоа големо дело на меѓусебна христијанска љубов - многу повеќе, попостојано, понесебично отколку што се гледа - истрајува христијанската нежност, христијанската добрина и учтивост, и го привива човечкото братство во Господовата прегратка, признавајќи го достоинството со кое Бог ги обдарил правата на човекот. Тоа достоинство христијаните мораат да го развиваат во слава и чест на Бога.

**Вашата љубов кон душите е мерка за вашата љубов кон Бога. -** Љубовта откриена во Христовиот живот на самоодрекување и самопожртвување мора да се види и во животите на Неговите следбеници. Повикани сме да одиме како што одел Тој... Наша предност е да стоиме со небесна светлина над себе. Така Енох чекорел со Господ. На Енох не му било полесно да живее во свое време отколку што ни е нам во наше време. Светот во негово време не бил попогоден за растење во благодатта и светоста отколку што е сега... Ние живееме меѓу опасностите на последното време, и мораме да примаме сила од истиот извор. Ние мораме да одиме со Господ...

Господ ве повикува да ги ставите во погон сите свои сили. Ќе морате да дадете сметка за доброто кое сте можеле да го направите доколку сте стоеле на вистинската позиција. Време е да соработувате со Христа и со небесните ангели. Дали ќе се разбудите? Има души меѓу вас на кои им е потребна вашата помош. Дали чувствувате бреме дека треба да ги доведете крај крстот? Имајте на ум дека токму оној степен на љубов кој го имате кон Бога ќе се открие и кон вашите браќа, и кон душите кои се изгубени и неспремни, одделени од Христа.

**Совршена љубов во црквата, Христова цел. -** Исус можел да ги осветли со сјајни зраци на светлина најмрачните мистерии на науката, но не сакал ни за момент да се одвои од учењето за знаењето на науката за спасение. Неговото време, Неговото знаење, Неговите способности, самиот Негов живот, се ценети само како средства во работата на спасување на човечки души. О каква љубов, каква неспоредлива љубов!

Споредете ја нашата млакост, безживотност, полупарализираните напори, со работата на Господа Исуса. Слушнете ги Неговите зборови, Неговата молитва кон Таткото: „Им го објавив Твоето име и ќе го објавам, па љубовта, со која Ме возљуби, да биде во нив, и Јас во нив“ (Јован 17:26). Каков е овој јазик! Колку е длабок, колку е широк, колку е потполн!

Господ Исус сака да ја излие Својата љубов преку секој дел од телото, преку Својата црква, за живоста на таа љубов да може да циркулира низ секој дел од телото и да пребива во нас како и во Него што постои. Тогаш Господ може да го сака паднатиот човек како што го сака Својот Син; и Тој објавува дека нема да се задоволи со ништо помалку од ова во наша корист.

# БОЖЈА ЉУБОВ

**Бог е љубов. -** „Бог е љубов“ (1. Јованово 4:16). Љубовта е суштина на Божјето битие и Негов закон. Така било секогаш и секогаш ќе биде така. „Севишниот и Возвишениот, кој владее вечно“ (Исаија 57:15), Оној чиишто „патишта се вечни“ (Авакум 3:6), не се менува. Кај него „нема ниту промена, ниту траги од менување“ (Јаков 1:17).

Секоја пројава на моќта на Творецот е израз на бесконечната љубов. Божјето владеење содржи во себе изобилство благослови за сите создадени суштества...

Историјата на големата борба меѓу доброто и злото, уште од мигот кога таа прв пат избувнала на небото, па сè до конечниот слом на бунтот и до целосното искоренување на гревот, исто така е очевидна пројава на Божјата љубов која не се менува.

**Божјата љубов откриена во природата. -** И природата и откровението ни сведочат за Божјата љубов. Нашиот небесен Татко е извор на животот, на мудроста и радоста. Погледнете ги само чудесата и убавините на природата! Мислете на нивната прекрасна прилагоденост кон потребите и среќата, не само на човекот, туку и на сите живи созданија! Сончевата светлина и дождот што ја оживуваат и ја освежуваат Земјата, ритчињата, морињата и рамнините - сето тоа ни зборува за љубовта на Творецот. Бог е Оној кој ги задоволува секојдневните потреби на сите свои созданија...

„Бог е љубов“ - е запишано на секоја пупка што цути, на секоја нишка на из’ртената тревка. Прекрасните птици, кои го исполнуваат просторот со звуци на своите весели песни, цутовите со нежни бои, коишто со своето совршенство го исполнуваат воздухот со мирис, богато разлистените и зелени величествени шумски дрвја - сето тоа сведочи за нежната татковска грижа на нашиот Бог и за Неговата желба Своите деца да ги направи среќни.

**Заповеди базирани на начелата на љубовта. -** Прописите содржани во Десетте Божји заповеди се однесуваат на сите луѓе, и сите треба да им се покоруваат. Тие десет куси, но содржајни и авторитативни прописи ја опфаќаат должноста на човекот и кон Бога и кон ближните, и сите десет се темелат на големото основно начело на љубовта.

**Исус и законот на сочувствителна љубов. -** Божјиот закон бил непроменлив по својот карактер, и затоа Христос се жртвуваше Себе си во корист на паднатиот човек, а Адам го изгуби Еден и беше ставен со целото свое потомство на проба.

Ако Божјиот закон се променеше барем и во едно правило од протерувањето на сатаната од небото, тој ќе го добиеше на земјата после падот она што не можеше на небото пред неговиот пад. Тој би го добил сето она што го барал. Но знаеме дека тој не се променил... Законот ... останува непроменлив како и Божјиот престол, а спасението на секоја душа се одредува со послушност или непослушност...

Исус, по законот на сочувствителна љубов, ги зеде нашите гревови, ја презеде нашата казна и ја испи чашата на Божјиот гнев наменета за престапникот... Тој за нас го понесе крстот на самоодрекувањето и на самопожртвуваноста, за да можеме да имаме живот, вечен живот. Дали ние ќе го носиме крстот за Исус?

**Чувствителната, љубезна Христова природа. -** Неговиот живот, од самиот почеток до крајот, бил живот на самоодрекување и самопожртвување. На голготскиот крст Тој се жртвуваше Себе си во корист на сите луѓе, за да може целиот свет да има спасение, ако сака. Христос беше скриен во Бога, и Бог му се откри на светот во карактерот на Неговиот Син...

Љубовта спрема изгубениот свет секојдневно се манифестирала во секој чин на Неговиот живот. Оние кои се исполнети со Неговиот дух ќе работат по истите принципи по кои и Христос работел. Во Христа, Божјата љубов и светлина се манифестирале во човечката природа. Ниедно човечко битие никогаш не поседувало таква чувствителна природа како што имал безгрешниот Божји Светец, Кој стоел како глава и претставник на она што човештвото може да стане преку всадување на божествената природа.

**Божјата љубов жив извор. -** Божјата љубов е нешто повеќе од обична забрана; таа е позитивно и активно начело; жив извор, кој секогаш тече на благослов на другите. Кога Христовата љубов пребива во нас, ние нема да негуваме само пријателство кон нашите браќа, туку на секој начин ќе настојуваме да покажеме и љубов спрема нив.

**Вселената ја изразува Божјата љубов. -** Ех, кога секој би можел правилно да го цени скапоцениот дар што нашиот небесен Татко му го даде на светот. Учениците чувствувале дека тие не можат да ја искажуваат Христовата љубов. Тие само можеле да речат: „Овде е љубовта“. Целата вселена ја изразува оваа љубов и Божјата неограничена добрина.

Бог можел да го испрати Својот Син на овој свет за да го осуди. Но каква восхитувачка благодат! Христос дошол да спаси, а не да уништи. Апостолите никогаш не ја допирале таа тема а да срцата не им се исполнувале со вдаховение на неспоредливата љубов на Спасителот. Апостол Јован не можел да најде зборови да ги изрази своите чувства. Тој извикнал: „Гледајте каква љубов ни дал Таткото: да се наречеме Божји деца. А тоа и сме! Затоа светот не не познава нас, зашто не го позна Него“ (1.

Јованово 3:1). Никогаш не можеме да пресметаме колку нѐ сака нашиот Татко. Нема стандарди со кои би можеле да ја спoредиме Неговата љубов кон нас.

**Сатаната е едговорен за концептот дека Бог е злобен и строг. -** Сатаната ги навел луѓето Бога да го замислуваат како суштество чија основна особина е крута праведност - како свиреп судија, неумолив и строг доверител. Тој Творецот го претставувал како суштество кое со недоверливо око ги набљудува луѓето за да ги пронајде нивните заблуди и грешки и да ги излее врз нив своите судови. За да ја отстарни оваа темна сенка, откривајќи му ја на светот бескрајната Божја љубов, Исус дошол да живее меѓу луѓето.

**Љубовта помеѓу Таткото и Синот како пример. -** Колку што може пастирот да ги сака своите овци, Тој уште повеќе ги сака своите синови и ќерки. Исус не е само наш пастир, Тој е „Татко вечен". Тој вели: „Јас ги познавам Моите овци и Моите овци ме познаваат Мене, како Таткото што ме познава Мене и како Јас што го познавам Таткото" (Јован 10:14,15). Каква е таа изјава - единородниот Син, Тој, кој е во прегратките на Таткото, Тој, кого Бог го објавил како „човек, мој сродник" (Захарија 13:7) - со заедницата меѓу Него и вечниот Бог ја прикажува заедницата меѓу Христа и Неговите деца на Земјата!

Бог ги сака Христовите следбеници на Земјата онака како што го сака Својот еднороден Син.

**Христовата љубов е животворна, исцелувачка енергија. -** Христовата љубов го проткајува целото битие со својата животворна сила и ги обновува здравјето и мозокот, срцето и нервите; таа ги поттикнува на работа највозвишените сили на човековото битие. Ја ослободува душата од вина и тага, од немир и грижа кои ги уништуваат животните сили. А со неа доаѓаат спокојство и сталоженост; таа во душата буди радост која не може да ја уништи ништо земско - радост во Светиот Дух, радост која донесува здравје и живот.

**Набљудување на Божјата љубов. -** Да му заблагодариме на Бога за блескотните сцени што ни ги покажал. Да ги собереме сите благословени докази на Неговата љубов за постојано да можеме да ги гледаме: Божјиот Син како го напушта престолот на Својот Татко, облекувајќи ја Својата божествена природа со човечка за да може да го избави човекот од силата на сатаната; Неговата победа заради нас, која на човекот му го отворила небото и на човечкиот поглед му овозможила да ѕирне во просториите во кои живее Божеството и ја открива Својата слава; грешниот род издигнат од понорот на пропаста во кој го турнал гревот и повторно доведен во врска со бескрајниот Бог, и откако ја издржал божествената проба со вера во нашиот Откупител, облечен во Христова пра-

ведност и издигнат на Неговиот престол - тоа се сцени за кои Бог сака да размислуваме.

**Љубовта го прави нашето небо. -** Христовата љубов е она што го прави нашето небо. Но кога настојуваме да зборуваме за таа љубов, јазикот нè издава. Ние размислуваме за Неговиот живот на земјата, за Неговата жртва за нас; размислуваме за Неговата задача на небото како наш застапник, за становите кои ги подготвува за оние кои го љубат; и не можеме а да не извикнеме: „О, колку е висока и длабока Христовата љубов". Додека застануваме под крстот, стекнуваме нејасна претстава за Божјата љубов и велиме: „Љубовта е во ова: не дека ние сме го возљубиле Бога, туку Тој нè возљуби нас и го испрати Својот Син како жртва помирница за нашите гревови" (1. Јованова 4:10). Но набљудувајќи го Христа, ние се задржуваме само на работ на љубовта која не може да се измери. Неговата љубов е како простран океан без дно или крајбрежје.

**Божјата љубов е безгранична, неисцрпна. -** Секоја родителска љубов која преминува од генерација на генерација низ каналите на човечките срца, сите извори на нежност кои се отвораат во душите на луѓето, се како малечок поток спрема неограничениот океан кога ќе се споредат со бесконечната, неисцрпна Божја љубов. Јазикот тоа не може да го изрази; перото тоа не може да го опише. Можете за тоа да размислувате во сите денови од својот живот, можете грижливо да ги истражувате Светите Списи за да го разберете тоа, можете да се повикате на секоја сила и способност кои ви ги дал Бог, во настојувањата да ја сфатите љубовта и сочувствителноста на небесниот Татко; па сепак постои неоткриен бескрај. Можете да ја проучувате таа љубов низ вековите; но сепак никогаш нема целесно да ја разберете должината и ширината, длабочината и висината на Божјата љубов во тоа што го дал Својот Син да умре за целиот свет. Самата вечност тоа никогаш нема да го открие во целост. Сепак додека ја проучуваме Библијата и размислуваме за Христовиот живот, и планот на окупување, овие големи теми се повеќе и повеќе ќе стануваат разбирливи за нас.

**Божјата љубов е прогресивна. -** Како годините на вечноста поминуваат, ќе донесуваат сè побогати и почудесни откритија за Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе расте и нивната љубов, нивната стравопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, сè посилно ќе му се восхитуваат на Неговиот карактер.

# Отсек Шест

# *Себичност и самопочитување*

# САМОПОЧИТУВАЊЕ

**Развивање на самопочитта. -** Ако сакаме да им правиме добро на душите, нашиот успех со тие души ќе биде во сразмер со нивната доверба и со тоа колку им веруваме и ги цениме. Почитта која се покажува кон човечката душа којашто се бори е сигурно средство за обнова на самопочитта преку Исуса Христа а која што човекот ја изгубил. Нашите напредни идеи за тоа што може тој да стане претставуваат помош кои ни самите не можеме да ја цениме во целост.

**Почит кон достоинството на човекот како човек. -** Секаде каде што принципите не се загрозени, разбирањето кон другите ќе нè наведе да ги почитуваме прифатените обичаи; но вистинската пристојност не не принудува да ги жртвуваме принципите пред конвенционалноста. Таа не признава општествени разлики. Таа нè учи да се почитуваме себеси, да го почитуваме достоинството на човекот како човек, да го почитуваме секој член на големото човечко братство.

**Негување самопочит. -** Некои луѓе со кои доаѓате во контакт можат да бидат груби и неучтиви, но немојте вие самите поради тоа да бидете помалку човечни. Оној кој сака да ја зачува сопствената самопочит мора да биде внимателен непотребно да не ја повреди самопочитта на другите. На ова правило треба свето да се придружуваме кон најограничените, најнетактичните. Вие не знаете каков план има Бог со тие луѓе кои очигледно не ветуваат. Тој во минатото прифаќал личности кои ништо повеќе не ветувале или не биле повеќе привлечни за да извршат големо дело за Него. Неговиот Дух, кога ќе му се приближи на срцето, ја буди секоја способност на силна акција. Господ во тие груби, неизделкани камења видел драгоцен материјал, кој ќе ја издржи пробата на олујата, топлината и притисокот. Бог не гледа како што гледа човек. Тој не суди по изгледот, туку го испитува срцето и суди правилно.

**Совеста ја буди самопочитта. -** На луѓето од принцип не им се потребни ограничувања со клучеви и катанци, нив не треба да ги надгледуваме или набљудуваме. Тие ќе постапуваат искрено и чесно во секоја прилика - сами, без никаков надзор исто како и во јавноста. Тие нема да ја извалкаат својата душа за никаква добивка или себично збогатување. Тие ги презираат нечесните постапки. Иако тоа никој друг не може да го знае, знаат тие самите, и тоа би им го уништило самопочитувањето. Оние кои не се верни и совесни во малку, не би се реформирале да нема прописи, ограничувања и казни.

**Самопочитта мора да се чува постојано. -** Моралната чистота, самопочитта, силната моќ на отпорот, мораат постојано и цврсто да се чуваат. Никогаш не треба да се оддалечуваш од претпазливоста. Еден чин на фамилијарност, една индискреција, може да ја изложи душата на отворање на вратата на искушението и слабеење на моќта на одбивање.

**Почитувањето кон другите се мери со почитувањето кон себе. -** Преку попуштањето на гревот, самопочитта се разорува; а кога неа ја нема, се намалува почитта кон другите; мислиме дека и другите се неправедни како и ние самите.

**Со лошите навики ученикот ја уништува самопочитта. -** Со помош на своите лоши навики тој ќе ја загуби самопочитта, ќе ја загуби власта над себе. Не ќе биде во состојба правилно да расудува за прашањата што најмногу го интересираат. Ќе стане невнимателен и неразумен во пристапот кон својот ум и тело. Со лоши навики тој од себе ќе создаде урнатини. Нема да постигне среќа зашто, пропуштајќи да негува непорочни, здрави начела, самиот себе се ставил под власт на навики што му го уништуваат мирот. Годините што ги поминал напорно трудејќи се да стекне образование ќе бидат загубени, зашто се уништил самиот себе. Ги злоупотребил своите ментални и физички способности и храмот на неговото тело се наоѓа во урнатини. Уништен е и за овој живот и за животот што ќе дојде. Здобивајќи се со земно знаење, си помислил дека се здобил со богатство, но, отфрлајќи ја Библијата, тој го жртвувал богатството повредно од сè.

**Нетрпеливите зборови го расипуваат самопочитувањето. -** Оние коишто му попуштаат на таквиот јазик (со зборови на нетрпеливост), ќе почувствуваат срам, губење на самопочит, губење на самодоверба и горко ќе се кајат и жалат затоа што си дозволиле да ја изгубат самоконтролата и што зборувале на таков начин. Колку би било подобро никогаш да не биле изговорени зборови од таков карактер. Колку е подобро да се има маслото на благодатта во срцето, да се биде во состојба да се помине покрај сите провокации, и сè да се поднесува со христијанска смиреност и трпеливост.

**Родителите никогаш нема да стекнат самопочит со бесмислени зборови. -** Нека ниту еден раздразлив збор, грубост или страст не поминува преку вашите усни. Христовата благодат чека на вашето барање. Неговиот дух ќе ја превземе контролата на вашето срце и совест, ќе господари со вашите зборови и дела. Немојте никогаш да ја загубите самопочитта со непромислени, бесмислени зборови. Трудете се зборовите да ви бидат чисти, разговорот свет. Покажете им на своите деца пример за тоа какви сакате тие да бидат... Зборовите нека бидат тивки и пријатни, а изразот на лицето радосен.

**Самопочитувањето уништено со мастурбација. -** Последиците од таквите понижувачки навики не се исти на сите умови. Има некои деца чии морални можности се многу развиени, кои дружејќи се со деца кои мастурбираат, биваат вовлечени во овој порок. Најчеста последица е да тоа ги прави меланхолични, нервозни и љубоморни; но сепак тие не мораат да го изгубат респектот кон верската служба или да покажат посебно неверство во однос на духовните работи. Тие одвреме навреме многу ќе патат од чувството на вина и ќе чувствуваат пониженост во сопствените очи и ќе го изгубат самопочитувањето.

**Не уништувајте го самопочитувањето. -** Кога заблудениот ќе ја воочи својата грешка, внимавајте да не го уништите неговото самопочитување. Немојте да го обесхрабрувате укажувајќи му недоверба и незаинтересираност. Не велете: „Немам доверба во него додека не видам дали ќе се одржи.“ Честопати оние кои се во искушение се сопнуваат токму заради тоа што се нема доверба во нив.

**Самоиздршката ја зголемува самопочитта.** - Треба да им се даде работа на оние кои настојуваат да се реформираат. Ниту еден кој е способен да работи не треба да биде поучуван да очекува дека храната, облеката и станот ќе му бидат дадени бесплатно. За нивна, но и за полза на другите, треба да бидат пронајдени начини на кои еднакво би вратиле за она што го примаат. Охрабрете ги во напорите да се издржуваат самите себе. Тоа ќе придонесе за нивната самопочит и благородна независност. Освен тоа, вработеноста на телото и умот претставуваат успешна ограда против искушението.

**Сопственоста им помага на сиромашните да стекнат самопочит. -** Чувството на поседување на сопствени домови би им дало силна волја на сиромашните за напредок. Тие набргу би стекнале вештина во планирање и осмислување за себе; нивните деца би ги научиле навиките на внимателност и економија, а разумот многу би зајакнал. Тие би се чувствувале како луѓе, а не робови, и би биле во состојба во голема мера да го повратат своето изгубено самопочитување и морална независност.

**Лична култура и достоинство. -** За Христовите претеници важно е да ја увидат неопходноста за лична култура за да го украсат своето занимање и стекнат пригодно достоинство. Без ментална обука тие сигурно ќе доживуваат неуспех во сè со што ќе се зафатат.

**Чувајте се од самосожалување. -** Треба да се чуваме од самосожалување. Никогаш не потклекнувајте под чувството дека вашите напори не се вреднуваат, дека вашата работа е премногу тешка. Нека споменот на она што Христос го претрпел за нас ја замолкне секоја мисла на негодување. Кон нас се однесуваат подобро отколку што се однесу-

вале кон нашиот Господ. „А ти за себе сакаш нешто големо?; не барај" (Еремија 45:5).

**Христос ја обновува самопочитта. -** Не е тешко да се запомни дека Господ сака да ги положите своите проблеми и потешкотии крај Неговите нозе, и тука да ги оставите. Одете кај Него и речете: „Господе, моите бремиња се претешки за носење. Ќе сакаш ли Ти да ги понесеш за мене? А тој ќе ти одговори: „Јас ќе ги земам. Те сакам со љубовта вечна и затоа еднакво ти укажувам милост! Ќе ги земам твоите гревови и ќе ти дадам мир. Не потиснувај го повеќе своето самопочитување; бидејќи те откупив по цена на Својата крв. Ти си Мој. Твоите слабости Јас ќе ги зајакнам. Твоето каење за гревот Јас ќе го оттргнам."

**Совет за човекот кој ја загубил самопочитта. -** Исус те сака, и ми даде порака за тебе. Неговото големо срце на бесконечна нежност копнее за тебе. Тој ти праќа порака дека можеш да се извлечеш од замката на непријателот. Можеш повторно да го стекнеш своето почитување. Можеш да бидеш таму каде што ќе се цениш себе си, не како губитник, туку како победник, во и низ возвишеното впијание на Божјиот Дух. Земи ја Христовата рака и не испуштај ја.

**Култивирање на самопочитта. -** Не му е пријатно на Бог да се потценувате себеси. Вие треба да го култивирате самопочитувањето живејќи така што ќе имате одобрување од сопствената совест и пред луѓето и пред ангелите... Ваша предност е да појдете кај Исуса да се очистите, и да стоите пред законот без срам и каење. „И така, нема осудување за оние, кои се во Христа Исуса, и одат не по телото, а по Духот" (Римјаните 8:1). Сѐ додека не мислиме за себе повеќе отколку што е потребно да мислиме, Божјата Реч не го осудува пристојното самопочитување. Како Божји синови и ќерки, ние треба да имаме разумно достоинство на карактерот, во кое гордоста и самоуважувањето немаат дел.

# ЗАВИСНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

## А. ЗАВИСНОСТ ОД БОГА, НЕ ОД ЧОВЕК

**Зависноста од Бога е апсолутна. -** Бог би сакал секоја душа за која што умрел Христос да биде дел од лозата, поврзана со коренот, хранејќи се од него. Нашата зависност од Бога е апсолутна, и тоа треба да не направи многу понизни; и поради таа своја зависност, нашето знаење за Него треба многу да се зголеми. Бог би сакал да ја оттргне секоја црта на себичност и да дојдеме кај Него, не како своја сопственост, туку како Господова откупена сопственост.

**Зависност од Бога, не од човек. -** Бог копнее да ги доведе луѓето во директна врска со Себе. Во сите Свои постапки со човечките битија, Тој го признава принципот на лична одговорност. Тој се стреми да ги разбуди чувствата за нашата лична зависност и да ни ја втисне потребата од лично водство. Тој копнее да го доведе човештвото во тесна заедница со божественото за луѓето да можат да бидат преобразени во божествено обличје. Сатаната настојува да ја попречи таа цел. Тој настојува да ја охрабри нашата зависност од луѓе. Кога мислите и духот се оттргнати од Бога, искушувачот може да ги доведе под своја контрола. Така тој стекнува власт над душите на луѓето.

Бидете потполно зависни од Бога. Кога постапувате поинаку, тоа значи дека е време да се застане. Застанете таму каде што сте и изменете го редот на работите... Во искреноста и гладот на душата, повикајте го Бога. Борете се со небесните посредници додека не победите. Предајте го целото свое битие во Божјите раце - душата, телото и духот - и решете се да бидете Негово сакано, посветено орудие, кое се движи по Неговата волја, се владее по Неговиот ум, исполнето е со Неговиот дух;... така појасно ќе го согледате небесното.

**Направете го Бога свој советник. -** Наместо своите потешкотии да ги пренесувате на некој брат или проповедник, изнесете ги пред Бога во молитва. Не ставајте го проповедникот таму каде што треба да биде Бог туку направете го предмет на своите молитви. Сите ние грешиме по ова прашање. Христовиот пратеник е ист како и останатите луѓе. Вистина е дека, тој носи посветла одговорност во однос на обичниот човек, но не е непогрешлив. Тој е подложен на слабости, и потребна му е благодат и божествено просветлување. Потребно му е небесно миросување за да ја изврши својата задача точно и успешно, давајќи целосен доказ за своето пратеништво. Има такви кои не го познаваат патот на животот и спасени-

ето, и тие во својот побожен проповедник ќе го пронајдат оној кој ќе ги научи што да прават за да се спасат.

Оние коишто знаат како да се молат, кои знаат што значи повикот на Христовото евангелие, кои знаат за непроменливоста на Неговите ветувања, покажуваат непочитување кон Бога кога ги изложуваат своите тешкотии пред смртници. Секогаш е правилно заедно да се советуваме. Правилно е заедно да се дискутира. Правилно е јасно да се изложат потешкотиите кои се јавуваат во некој потфат пред браќата или пред проповедникот. Но не обесчестувајте го Бога како се да зависи од човечката мудрост. Барајте од своите соработници да се молат со вас, и Господ ќе ги исполни Своите зборови: „Каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас посреде нив“ (Матеј 18:20).

## Б. ЗАВИСНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ ВО РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

**Умот на еден човек. -** Погрешно е да се убедуваат луѓето да веруваат дека работниците за Христа не треба да прават ништо за да го спасат она што е исправно изнесено пред некој одговорен човек. Луѓето не треба да ги учиме да гледаат на човекот како на Бог. Кога е неопходно заедничко советување и единствена акција помеѓу работниците, умот на еден човек и судот на еден човек не смее да биде владеачка сила.

**Растење во ефикасноста. -** Бог е владетел на Својот народ и Тој ќе ги научи оние кои му ги предаваат своите умови како да го користат својот мозок. Додека ги вработуваат своите извршни способности, тие ќе напредуваат во ефикасност. Господовото наследство го сочинуваат големи и мали садови, но секој човек има своја сопствена задача. Не смее да се зависи од умот на само еден човек, или умовите на двајца или тројца луѓе, како сигурноста за сѐ да почива врз нив. Секој нека гледа, нека верува во Него, и нека негува целосна доверба во Неговата моќ. Здружете се со Христа а не со луѓето, бидејќи тие немаат сила да ве зачуваат од падот.

**Совет на еден раководител. -** Твојата зависност мора да биде од Бога. Не смееш да дозволиш другите луѓе да ги празнат своите умови во твојот. Не дозволувај со своите наговарања да те одведат на лажни патеки. Предај му ја во целост својата доверба на Оној кој објавува: „Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те оставам“ (Евреите 13:5).

**Зависноста од Бога гради доверба. -** Кога луѓето ќе престанат да зависат од луѓе, кога го признаваат Бога за својата ефикасност, тогаш ќе се покаже повеќе меѓусебната доверба. Севкупно земено, нашата вера во Бог е премногу слаба и нашата меѓусебна доверба е премногу оскудна.

**Зависноста од себе води во искушение. -** Со сериозни молитви и зависност од Бога, Соломон ја стекнал мудроста која предизвикувала чудење и восхит на светот. Но кога го напуштил Изворот на својата сила и почнал да се потпира на себе, паднал како жртва на искушението. Тогаш чудесната моќ која му била дадена на овој најмудар цар направила од него само поуспешен посредник на непријателот на душите.

**Зависноста од други може да значи незрелост. -** Луѓето кои би требало да бидат верни во секоја ситуација како магнетната игла на полот станале неуспешни поради своите напори да се заштитат од прекори и да ја избегнат одговорноста поради стравот од грешки. Луѓето со џиновска интелегенција се мали деца во дисциплината затоа што се плашат да ги преземат и да ги носат бремињата кои би требало да ги носат. Ним не им е до тоа дали ќе станат ефикасни. Тие предолго му верувале на еден човек да планира за нив и го потхранувале мислењето дека се многу способни да се вградат себеси во интересите на Божјето дело. Менталните недостатоци не дочекуваат на секое место.

Луѓето кои се задоволуваат со тоа што на другите ќе им го препуштат планирањето и донесувањето мислење за нив, не се потполно развиени. Кога би се оставиле да планираат за себе, би се согледало дека се разумни, луѓе кои сметаат на сè. Но кога ќе дојдат во врска со Божјето дело, тоа за нив е сосема друга работа; тие скоро во целост ја губат таа способност. Се задоволуваат да останат некомпетентни или непродуктивни како да другите мораат да планираат и да мислат за нив. Некои луѓе се изгледа крајно неспособни да си ја поплочат патеката. Мораат ли секогаш да се потпираат на тоа другите да планираат и проучуваат за нив, да им бидат ум и суд? Бог се срами од таквите војници. Тој не е почестен со никаков нивен удел во Неговото дело додека се само обични машини.

**Потребни се независни луѓе. -** Потребни се сериозни луѓе, а не луѓе растегливи како лепак. Тие кои сакаат работата да им се приготви на раце, кои сакаат одреден износ и одредена плата, и кои сакаат да постигнат одреден залет без проблемите кои произлегуваат од приспособувањето или обуката, не се луѓе кои Бог ги повикува на работа во Неговото дело. Човекот кој не може да ги приспособи своите способности скоро на секое место доколку тоа го бараат потребите, не е човек за ова време.

Луѓето кои што Бог ќе ги вклучи во Своето дело не се слаби, без моќ или морални сили на карактерот. Само со непрекината и сериозна работа луѓето можат да се дисциплинираат да носат дел во Божјото дело. Тие луѓе нема да се обесхрабрат дури ни тогаш кога околностите и опкружувањата се најнеповолни. Тие нема да ја напуштат својата намера како целосен неуспех се додека не се осведочат надвор од секој сомнеж дека не можат да направат многу за слава на Бога и за доброто на душите.

**Непосветената независност потекнува од себичноста. -** Лошото самопочитување и непосветената независност, кои најмногу им штетат на нашата корисност и кои ќе ја предизвикаат нашата пропаст ако не се надвладеат, потекнуваат од себичноста. „Советувајте се заедно“, е пораката која ангелот повеќепати им ја повторува. Преку влијанието на судот на еден човек, сатаната може да се обиде да ги контролира работите онака како што тоа на него му одговара. Тој може да успее во заведувањето на умовите на две личности; но кога неколкумина меѓусебно се советуваат, тогаш постои поголема сигурност. Секој план треба внимателно да се преиспита, секое движење треба внимателно да се проучи. Така ќе има помала опасност од непромислености, погрешни движења, кои би внеле забуна и пораз. Во единството е силата. Во поделбата е слабоста и поразот.

## В. НЕЗАВИСНОСТ НА ДУХОТ

**Ризици од личната независност. -** Запомнете еднаш засекогаш што е она што ни припаѓа во нашиот христијански повик како на посебен Божји народ; и пазете во покажувањето на лична независност вашата работа да не ве сврти против Божјите намери, а вие преку сатанските замисли, да не станете камен на сопнување на патот на оние кои се слаби и неодлучни. Постои опасност да им се даде можност на нашите непријатели да хулат на Бога и да ги презираат оние кои веруваат во вистината.

**Независност на духот. -** Во црквата секогаш имало поединци кои се стремеле кон лична независност. Се чини дека тие не сфаќаат оти независниот дух лесно може да ги наведе луѓето премногу да се потпираат врз себе и врз сопствениот суд, наместо да ги почитуваат советите и високо да го ценат судот на своите браќа, особено оние кои Бог ги поставил да го водат Неговиот народ. Бог на Својата црква и дал посебен авторитет и сила кои никој нема право да ги потценува ниту да ги презира, зашто оној што постапува така, го презира Божјиот глас.

**Усогласено дејствување. -** Мора да се внимава на една работа, а тоа е личната независност. Како војници во Христовата армија, мораме да имаме усогласена акција во разни области на делото... Секој војник треба да дејствува повикувајќи се на другите. Следбениците на Исус Христос нема да работат независно еден од друг. Нашата сила мора да биде во Бога, и таа мора да се култивира да се покажува во благородна, сконцентрирана акција. Таа не смее да се растура во бесмислени движења.

**Самодоволноста нè изложува на сатанските лукавства. -** Ние живееме среде опасностите на последните денови, и доколку имаме самодоволен и независен дух, ќе бидеме изложени на сатанските итрини и на тој начин совладани.

## Г. МОРАЛНА НЕЗАВИСНОСТ

**Закон на взаемна зависност. -** Во големиот сплет на човештвото сите ние меѓусебно сме поврзани и сè што можеме да сториме за да ги усреќиме и да ги издигнеме другите, ни се враќа нам во вид на благослов. Законот за заемна зависност ги опфаќа сите општествени класи. Сиромавиот не зависи од богатиот повеќе отколку богатиот што зависи од сиромавиот. Додека сиромасите копнеат за благословите што им ги доделил Бог на нивните имотни браќа, богатите чувствуваат дека не можат без верната служба, без силата на умот, коските и мишките, што е капитал на сиромасите.

**Должност на покорување на индивидуалните верски убедувања. -** Има многу начини со кои се служи сатаната со помош на човечкото влијание да ги врзе своите робови. Тој задржува илјадници такви врзувајќи ги со фини врски на љубов кон непријателите на Христовиот крст. Каква и да е оваа врска, било да е родителска, синовска, брачна или пријателска, последиците се исти. Противниците на вистината ја користат својата сила за да владеат над совеста, а душите држени под нивна власт немаат доволно храброст или самостојност да го слушаат своето лично чувство на должност.

**Гушење на индивидуалниот суд. -** Иако умот и совеста се осведочени, сепак, овие заслепени души не се осмелуваат да мислат поинаку од нивните духовни водачи, и своето лично мислење, своето вечно добро им го жртвуваат на неверувањето, на горделивоста и на предрасудите на другите.

**Независно стоење на страната на правдата. -** Потребна е храброст и независност за издигнување над религиозните стандарди на христијанскиот свет. Тие не го следат Спасителовиот пример на самоодрекувања; не се жртвуваат; постојано настојуваат да го одбегнат крстот за кој Христос објавил дека ќе биде обележје на оние кои се Негови ученици.

**Морална независност во спротивставување на светот.** - Моралната независност е сосема на место кога се спротиставува светот. Кога сме во целосна хармонија со Божјата волја ќе се најдеме на погодно тло и ќе ја увидиме неопходноста за одлучно одвојување од светските обичаи и навики. Ние не смееме да го подигаме својот стандард само малку над светскиот стандард, туку мораме да повлечеме линија на јасно разграничување.

**Моралната независност е доблест. -** Наша единствена сигурност е да стоиме како Божји посебен народ. Ние не мораме ни за една педа да се покориме на обичаите и помодарството на ова изопачено време туку

напротив треба да стоиме во морална независност, не правејќи компромис со нивните расипани и идолопоклонички навики.

## Д. НЕЗАВИСНОСТ НА УМОТ

**Вистинската независност не е тврдоглавост. -** Вистинската независност не е тврдоглавост. Таа ги води младите во обликување на своето мислење според Божјето слово, без разлика што зборуваат или работат другите. Ако се во друштво со неверници или атеисти, таа ги води да ги признаат и бранат своите верувања и светата вистина на евангелието од приговори и неумесни примедби и од духовитоста на своето безбожно друштво. Кога се со оние кои мислат дека е доблест да се изнесуваат заблудите на христијаните по име и да ја исмеваат религијата, моралноста и доблеста, вистинската независност на умот ќе ги наведе учтиво, но одлучно да им покажат дека потсмевањето е само бедна замена за јасен аргумент. Таа ќе им овозможи да гледаат над забелешките на критичарите на оној кој ги инспирира, непријателот на Бога и човекот, и да го одбијат во ликот на неговиот посредник.

**Потреба за индивидуална независност. -** Има луѓе кои си ласкаат на себе дека би можеле да направат нешто големо и добро кога само би се нашле во поинакви околности, додека од друга страна тие истите не ги користат можностите кои веќе ги имаат за да работат во услови каде што ги поставило Провидението. Човекот може да ги креира околностите, но околностите никогаш не го прават човекот. Човекот треба да ги сфати околностите како инструменти со кои работи. Тој треба да господари со околностите, но никогаш да не дозволи околностите да господарат со него. Индивидуалната независност и индивидуалната моќ се особини кои се сега потребни. Индивидуалниот карактер не треба да се жртвува, туку да се модулира, подобри, и воздигне.

**Колку далеку да се оди во независност. -** Бог би сакал Неговиот народ да биде дисциплиниран и подреден на складна акција за да биде едномислен, со ист ум и ист суд. За да се достигне таквата состојба, уште многу нешта треба да се сторат... Господ не би сакал да ѝ се предадеме на својата индивидуалност. Но кој човек е меродавен судија по прашањето колку далеку треба да се оди со индивидуалната независност?...

Петар ги воздигнуваше своите браќа: „Така и вие помладите покорувајте им се постарите. А сите еден кон друг препашајте се со смиреност, зашто Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат“. Апостол Павле исто така ги воздигал своите браќа во Филиба на единство и покорност. „И така, ако има некаква утеха во Христа, ако има некакво охрабрување од љубов, ако има некаква заедница на Духот, ако има некакво внатрешно сочувство и сомилост, исп олнете ја мојата радост, и мислете исто имајќи ја истата љубов, еднодушни со мисли насочени кон

едно. Не правете ништо од натпреварување или од суетно честољубие, туку во понизност сметајте се еден друг за поголем од себеси!“

**Божјата сила наша зависност. -** Браќа, ве проколнувам гледајте единствено на Божјата слава. Неговата сила нека биде ваша зависност, Неговата благодат ваша сила. Со проучување на Светите Списи и со сериозни молитви настојувајте да стекнете јасна концепција за своите должности, и тогаш верно исполнете ги. Важно е да ја развивате верата во малите работи, а правејќи така ќе стекнете навики на целовитост во поголеми одговорности. Малите случувања од секојдневниот живот честопати ни поминуваат незабележително, но тоа е она што го оформува карактерот. Секоја случка во животот е голема за добро или зло. Умот мора да се вежба низ секојдневните проби за да може да стекне сила за да опстои во секоја тешка положба. Во деновите на искушенија и опасност ќе ви биде потребно да се зацврстите за да можете одлучно да застанете на страната на правдата, независно од секое спротивно влијание.

# СЕБИЧНОСТ И ЕГОЦЕНТРИЧНОСТ

**Ние по природа сме себични. -** Ние сме по природа себични и вообразени. Но ако ги прифатиме поуките што Христос копнее да ни ги даде, ние ќе станеме соучесници во Неговата природа и ќе живееме со Неговиот живот. Прекрасниот Христов пример, неспоредливата нежност со која ги освојувал чувствата на луѓето, плачејќи со оние што плачат, радувајќи се со оние што се радуваат, треба да остави длабоко влијание врз карактерот на сите што искрено го следат. Патот за стапалата на изморените и малаксаните треба да се израмни со љубезни зборови.

**Себичноста го ограничува разумот. -** Себичните интереси мораат секогаш да се потчинуваат; зошто ако им се остави простор да делуваат, тие стануваат владеачка сила која го ограничува разумот, го стврднува срцето и ја слабее моралната моќ. Потоа доаѓаат разочарувањата. Човек се одделува од Бога и се предава на безначајни работи. Тој не може да биде среќен, затоа што не се почитува самиот себе. Тој се понижил во сопствените очи. Тој е интелектуално промашување.

**Себичноста причина за човечката вина. -** Себичноста е недостаток на христолика понизност, и нејзиното постоење е погубно за човечката среќа, причина за вина кај човекот, и ги наведува оние кои ја негуваат да претрпат бродолом во верата.

**Конфузија на чувствата. -** Денес, како и во Христово време, сатаната владее со умот на мнозина. О, кога тоа негово страшно дело би можело да се препознае и осуети! Себичноста ги изопачила принципите, себичноста довела до збрканост на чувствата и го замаглила судот. Изгледа чудно што и покрај сета оваа светлина која зрачи од Божјата благословена Реч, опстануваат такви погрешни идеи, такво оддалечување од духот и познавањето на вистината. Желбата да се приграби голема заработувачка, со решеност на другите да им се ускратат од Бога дадените права, има свој корен во умот на сатаната, а со послушноста на неговата волја и пат луѓето се ставаат под неговото знаме. На оние кои се фатиле во оваа замка можат да им се дадат само мали одговорности, доколку потполно не се обратат и обноват; затоа што биле привлечени од погрешни принципи кои не можеле да ги забележат и кои имале штетен резултат.

**Зборувајте помалку за себе (совет на човек кој бил лаком и диктаторски настроен). -** Омекнете и растопете го своето срце под божественото влијание на Божјиот Дух. Не зборувајте многу за себе, бидејќи тоа нема да зацврсти никого. Не правете од себе центар и не замислу-

вајте дека постојано морате да се грижите за себе и да ги наведувате другите да се грижат за вас. Ослободете го својот ум од своето јас и воведете го во поздрав канал. Зборувајте за Исус и отпуштете го своето јас; нека му биде потчинето на Христа, и нека ова биде јазик на вашето срце: „Јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене“ (Галатјаните 2:20). Исус постојано ќе биде присутен за да ви помогне во секое зло. Тој нема да ве остави да се борите сами против силата на темнината. О, не; Тој се потпираше на Оној Кој е моќен целосно да спаси.

**Чувајте се од егоцентрични сочувства. -** Престанете да сочувствувате самиот со себе, и сетете се на Откупителот на светот. Гледајте ја бесконечната жртва која ја поднесе во корист на луѓето, и мислете на Неговото разочарување кога и покрај тоа што ја поднесе таа жртва за човекот, човекот одбира да се здружи со оние кои го мразат Христос и праведноста и станува еден од нив во попуштање на расипаните потреби, донесувајќи ѝ на тој начин вечна пропаст на својата душа.

**Себичниот живот го обесчестува Бога. -** Опасностите на последното време се над нас. Оние кои живеат за да си угодат на себе и да го задоволат своето јас го обесчестуваат Господ. Тој не може да работи преку нив, бидејќи погрешно би го претставиле пред оние кои не ја знаат вистината... Бог може да види дека негувате гордост. Тој гледа дека е неопходно да ги оттргне благословите кои, наместо за напредок сте ги искористиле за задоволување на себичната гордост.

**Самозадоволството укажува на духовна потреба. -** Некои не сакат да се откажат од себе си. Тие покажуваат вистинска нетрпеливост кога им се наметнуваат одредени одговорности. „Каква е потребата“, велат тие, „од поголемо знаење и искуство?“

Ова објаснува сѐ. Тие чувствуваат дека се „богати, и се збогатиле, и ништо не им треба“, додека Небото ги прогласува за бедни, несреќни, слепи и голи. На овие Верниот Сведок им вели: „Те советувам да купиш од Мене злато, пречистено во оган, за да се збогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се појави твојата голота; и очна маст, за да ги намачкаш своите очи, за да гледаш“ (Откровение 3:17,18). Вашето самозадоволство всушност покажува дека оскудевате со сѐ. Вие сте духовно болни и потребен ви е Исус како лекар.

**Опасност од ласкање на себе.** - Нам ни е тешко да се разбереме самите себе, да имаме правилно знаење за сопствениот карактер. Божјата Реч е јасна, но често се поткрадуваат заблуди кога таа се применува на себе. Постои подложност на самозалажување и мислење дека нејзините предупредувања не се однесуваат на мене. „Поизмамливо од сѐ е срцето, и е очајно зло, кој може да проникне во него?“ (Еремија 17:9). Ласкањето самиот на себе може да се всели во христијанското чувство и рев-

ност. Љубовта и довербата во себе можат да ни дадат сигурност дека сме во право, а всушност сме далеку од задоволувањето на барањата на Божјата Реч.

**Погубно влијание на самовоздигањето на умот. -** Трагата на самовоздигањето на човечкиот ум, е толку длабока, толку е голема желбата за човечка моќ, што умовите и срцата на мнозина се обземени со идејата за владеење и заповедање. Ништо не може да го уништи ова уништувачко влијание врз човечкиот ум освен да се побара очна маст од Господа. Само силата на божествената благодат може да направи човекот да ја разбере својата вистинска положба и да го изврши за него делото кое е потребно да се изврши во неговото срце.

**Избегнување на крајна доверба во себе (совет на еден водач). -** Ако за себе формирате превисоко мислење, ќе си умислите дека вашите работи се од поголемо значење отколку што навистина се, и ќе ја потхранувате индивидуалната независност која се граничи со ароганција. Ако отидете во друга крајност и формирате премногу ниско мислење за себе, ќе се чувствувате инфериорен и ќе оставите впечаток на инфериорност што на големо би го ограничило впечатокот кој би го имале за добро. Морате да ги избегнувате и двете крајности. Чувствата не треба да ве контролираат, околностите не треба да делуваат на вас. Вие можете да формирате вистинска проценка за себе, која ќе обезбеди заштита од двете крајности. Можете да бидете достоинствени без напразна доверба во себе; можете да бидете удостоени и понизни без жртвување на самопочитта или индивидуалната независност, и вашиот живот може да има големо влијание на оние кои заземаат како пониска, така и повисока општествена положба.

**Егоцентричноста поттикнува болест (лична порака). -** Ако сакаш да успееш, твоите напори мора да бидат сериозни, целосни и истрајни. Како Христов следбеник, ти мораш да научиш да го контролираш секој израз на нетрпеливост и страст. Твојот ум е премногу посветен на себе. Ти премногу зборуваш за себе, за своите телесни слабости. Твојот сопствен курс секојдневно донесува болест врз тебе преку твоите погрешни навики. Апостолот ги моли своите браќа да ги жртвуваат своите тела на Бога: „Затоа ве молам браќа, заради Божјата милост, да ги принесете вашите тела во жива, света и угодна жртва на Бога, тоа да биде ваша разумна служба. Немојте да се прилагодувате со овој свет; туку, преобразувајте се преку обновувањето на вашиот ум, за да можете да дознаете која е добрата, угодна, и совршена Божја волја“ (Римјаните 12:1, 2).

**Егоцентричноста влијае на запазувањето (втора лична порака). -** Ти можеш, брате мој да ни помогнеш на многу начини. Но ополномоштена сум од Бога да ти кажам да не бидеш егоцентричен. Обрати внимание

како ја слушаш, како ја разбираш и како ја почитуваш Божјата Реч. Бог ќе те благослови во воспоставувањето на единство со браќата. Оние кои Тој ги пратил да ја објават третата ангелска вест, работеле во заедница со небесните умови. Господ не го става бремето врз тебе ти да ја објавиш пораката која ќе внесе неслога во редовите на верниците. Повторувам, Тој никого не води со Својот Свет Дух на таков начин што ќе измислува теории кои ќе донесат забуна во верата во свечените пораки кои Тој му ги дал на Својот народ да ги однесе насекаде по светот.

**Секое дете треба да ги учи благодетите на несебичноста.** - Една од доблестите кои треба посебно да се негуваат и развиваат во секое дете е несебичноста, која на животот му дава толку природна милност за која не сме свесни. Од сите одлики на карактерот ова е една од најубавите, и за секое вистинско животно дело тоа е една од најважните квалификации.

**Несебичноста основа за вистинска големина. -** На Исусовите ученици не им било доволно само да бидат поучени за природата на Неговото царство. Им била потребна промена на срцето што би ги довела во хармонија со Неговите начела. Повикувајќи кај Себе дете, Исус го довел меѓу нив, го зел нежно во прегратки и рекол: „Ако не се обратите и станете како малечки деца, сигурно нема да влезете во царството небесно.“ Едноставноста, заборавањето на себе и детската љубов исполнета со доверба - се особини што ги цени Небото. Тоа се особините на вистинската големина.

**Самоказнувањето принцип на молитва во лажните религии. -** Незнабошците гледаат на своите молитви како заслугата за чистење на гревот да е во нив. Оттука, колку што е подолга молитвата, поголема е и заслугата. Кога би можеле да станат свети со сопствени напори, би имале причина за да се радуваат за нешто, некоја основа за фалење. Ваквата замисла за молитвата е производ на начелото на самоказнување кое се наоѓа во основата на секој систем на лажните религии. Фарисеите ја усвоиле оваа паганска идеа за молитвата, и тоа никако не е искоренето и во наше време, дури и помеѓу оние коишто се изјаснуваат како христијани. Повторувањето на засталени, вообичаени фрази додека всушност срцето не чувствува потреба за Бога се од ист карактер како и „многуте зборови“ на безбожникот.

**Во Христовиот живот немало место за самовоздигнување. -** Во Неговиот живот не требало да има место за самовоздигнување. Вниманието коешто светот го покажува на положбата, богатството и талентот, било туѓо за Божјиот Син. Тој не се користел со ниедно средство со кое луѓето се служат за да стекнат приврзаници и почитување. Неговото целосно самоодрекување било прикажано со следниве зборови: „Нема да

вика, ниту ќе го подига гласот, нема да дозволи да го чујат по улиците. Скршените трски нема да ги докрши, и ленот што тлее нема да го угасне.“

**Божјиот лек за себичност и самовоздигање. -** Кај човекот постои склоност себеси повеќе да се цени отколку својот брат, да работи за себе, да бара највисоко место; ова често раѓа лоши предрасуди и горчина на духот. Обредот што ѝ претходи на Господовата вечера треба да ги отстрани овие недоразбирања, да го ослободи човекот од неговата себичност, да го симне од дрвените нозе на неговото самоизвишување до понизност на срцето што ќе го поведе да му служи на својот брат.

На оваа свеченост е присутен светиот Набљудувач и истата ја прави миг за испитување на душата, за осведочување за гревот и за блажена сигурност дека гревовите се простени. Тука се наоѓа Христос во полнина на Својата благодат да го измени токот на мислите што текле по себични канали. Светиот Дух ја оживува чувствителноста на оние што го следат примерот на својот Господ.

Кога си спомнуваме за понизноста на Спасителот, се нижат мисли - се јавува цела низа спомени, спомени на Божјата голема добрина и љубов и на нежноста на земните пријатели. Во мислите серојат заборавените благослови, злоупотребената милост, омаловажената љубезност. Се откриваат корените на горчината што ја задушиле драгоцената билка на љубовта. Си спомнуваме за маните на карактерот, за занемарените должности, за неблагодарноста кон Бога, за студенилото кон нашите браќа. Гревот се гледа во светлината во која го набљудува Бог. Нашите мисли не се мисли на самодопаѓање, туку мисли на остра самоосуда и на понизност. Умот е засилен да урне секоја пречка што предизвикала разидувања. Растерани се лошите мисли и лошите зборови. Гревовите се признаваат, простени се. Христовата благодат што покорува влегува во душата, а Христовата љубов ги поврзува срцата со благословено единство.

# Отсек Седум

# *Адолесценцијата и младите*

Глава 31

# ПРОБЛЕМИТЕ НА МЛАДИТЕ

**Младите се приемчиви и полни со надеж. -** Младите се приемчиви, свежи, огнени и полни со надеж. Кога еднаш ќе го почувствуваат благословот на самопожртвуваноста, нема да бидат задоволни доколку постојано не учат од Големиот Учител. Господ ќе го отвори патот пред оние кои ќе одговорат на Неговиот повик.

**Младите мораат да ја изберат животната судбина. -** Мислите и чувствата кои младите ги негуваат во најраното детство ја одредуваат историјата на нивниот сопствен живот. Исправните, здравите, мажествените навики кои се формирани во младоста стануваат дел од карактерот и обично го одбележуваат правецот на таа личност низ животот. Младите можат да бидат расипани или чесни, во зависност од тоа што самите ќе одлучат. Тие можат да се одликуват како со праведни и благородни дела, така и со голем криминал и беззаконие.

**Обука која произведува ментална и духовна слабост. -** Строгото обучување на младите - без нивно соодветно упатување да мислат и да работат за себе онолку колку што им дозволува капацитетот и разумот, за со помош на овие средства да постигнат мисловен развој, чувство на самопочитување и доверба во сопствената способност во извршувањето на задачите, секогаш ќе произведе вид кој ја слабее и менталната и моралната сила. И кога ќе се најдат во светот за да работат за себе, тогаш ќе го откријат фактот дека биле дресирани како животни, а не биле воспитувани. Нивната волја, наместо да се насочува, била приморувана на покорност и железна дисциплина од страна на родителите и учителите.

**Умот мора да се научи да господари над животот. -** Децата имаат интелегентна волја која е потребно да се насочи да ги контролира сите нивни сили. На немите животни им е потребна обука затоа што тие не поседуваат разум и интелегенција. Но човечкиот ум мора да се научи на самоконтрола. Тој мора да се обучува да владее со човечкото суштество, додека пак животните ги контролира господарот и ги дресира за да му се покоруваат. Господарот е ум, суд и волја за своите животни. Детето може да се обучува како да е ѕвер, кој нема сопствена волја. Неговата индивидуалност може дури и да се претопи во личноста на оној којшто ја надгледува неговата обука; неговата волја, во сите свои намери и цели, ѝ се подредува на волјата на учителот.

Децата кои се воспитуваат на овој начин секогаш ќе оскудеваат во морална сила и индивидуална одговорност. Тие не се научени да постапуваат според разумот и начелата; нивната волја ја контролирале други, а

умот не се поттикнувал да се шири и јакне преку вежби. Тие не се насочувани и дисциплинирани во поглед на својот посебен склоп и умни способности за да ги искажат своите најсилни способности кога тоа е потребно. Учителите не треба да застанат овде туку треба да посветат посебно внимание во култивирање на послабите способности, за да можат сите способности да дојдат до израз и да се пренесуваат од еден степен на сила во друг, за умот да постигне соодветни сразмери.

**Мнозина се неспособни да мислат за себе. -** Има многу семејства во кои изгледа дека децата се добро упатени додека се под дисциплина на обуката; но се случува системот кој ги одржувал и им поставувал правила да се распадне; тогаш тие стануваат неспособни да размислуваат, делуваат, или да одлучуваат за себе. Тие деца биле долго време под цврста власт - не им било дозволено да мислат и делуваат за себе во сето она што би било за нивно добро доколку така правеле - така што тие немаат доверба во себе за да постапат според сопствениот суд, кажувајќи го своето мислење.

И кога ќе ги напуштат своите родители и ќе почнат да заработуваат за самите себе, лесно се поведуваат по мислењата на другите но обично во погрешен правец. Тие немаат стабилен карактер. Тие никогаш не се потпирале на своето размислување онолку брзо и ефикасно колку што би било целисходно, и поради тоа нивните умови не се развиле правилно и не зајакнале. Премногу долго биле под апсолутна контрола од страна на своите родители и во целост се потпирале врз нив; нивните родители претставуваат ум и суд за нив.

**Последиците од контролирање со сила и страв. -** Оние родители и учители кои се фалат дека имаат целосна контрола врз умот и волјата на децата би престанале да се фалат кога би можеле да ги следат идните животи на децата кои со сила и страв биле доведени во покорност. Тие се скоро сосема неподготвени да земат учество во сериозните животни одговорности. Кога овие млади личности ќе се одделат од своите родители и учители, и кога ќе бидат принудени да мислат и да работат за себе, скоро целосно е извесно дека ќе појдат по погрешен пат и ќе се предадат на силата на искушението. Тие немаат успех во овој живот, а истите недостатоци се забележуваат кај нив и во нивниот верски живот.

**Дисциплина која стимулира и зацврстува. -** По дисциплината во домот и училиштето, сите мораат да се соочат со строгата дисциплина на животот. На секое дете и на секое младо суштество мораме да му објасниме како мудро да се соочи со неа. Вистина е дека Бог нè љуби, дека се труди да нè усреќи, и дека ние никогаш не би морале да го запознаеме страдањето ако секогаш сме го почитувале Неговиот закон; но не помала е и вистината дека на овој свет, како последици од гревот, секој мора да поднесува страдања, неволји и товари. На децата и младината

цел живот ќе им служи на добро ако ги научиме храбро да се соочуваат со сите неволји и потешкотии. Иако мораме кон нив да покажеме сочувство, тоа никогаш не смее да биде такво што ќе ги наведе да се самосожалуваат. Ним им е потребно нешто што ќе ги поттикне и зајакне, а не нешто што ќе ги ослабне.

**Реакција на железни правила. -** Не внесувајте во својата дисциплина никаква грубост. Не ставајте им строги забрани на младите. Железните правила и заповеди се токму тие што понекогаш ги доведуваат до тоа да се чувствуваат обврзани дека мораат да направат нешто што не им е наредено да го направат. Кога ги предупредувате или ги укорувате младите, правете го тоа како некој кој навистина се интересира за нив. Нека увидат дека имате сериозна желба нивниот извештај во небесните книги да биде позитивен.

**За младите е тешко да го носат товарот. -** Младите можат да извршат големо влијание ако ги остават својата гордост и себичност и ако Му се посветат на Бога; но општо правило е дека не сакаат да го носат бремето за другите. Тие се обземени со самите себе. Дојдено е времето кога Бог бара промена во тој поглед. Тој ги повикува младите и старите на ревност и покајание. Ако останат во својата состојба на млакост, Тој ќе ги исплука од Својата уста. Верниот сведок вели: „Ги знам твоите дела“. Момче, девојко, твоите дела се познати, било да се тие добри или лоши. Дали сте богати со добри дела? Исус ви доаѓа како советник: „Те советувам да купиш од Мене злато, пречистено во оган, за да се збогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се појави твојата голота; и очна маст, за да ги намачкаш своите очи, за да гледаш“ (Откровение 3:18).

**Мислите стануваат навика. -** Потребна ни е постојана свест за облагородувачката моќ на чистите мисли. Единствената сигурност за секоја душа е правилното размислување. Зашто, „какви се мислите на човекот, таков е и тој“ (Изреки 23:7). Силата на самовоздржување е сила која се развива. Она што најнапред делува тешко, со постојано повторување станува лесно, сè додека правилните мисли и постапки не станат навика. Ако сакаме, ние можеме да се одвратиме од сè што е евтино и неважно и да се издигнеме до повисок стандард; можеме да бидеме почитувани од луѓето и сакани од Бога.

**Тажни примери од историјата. -** Врз карактерот на Наполеон Бонапарта многу се влијаело со обуката што тој ја примил во своето најрано детство. Неразумните инструктури му всадиле љубов за освојување, составувајќи измислени војски и поставувајќи го него на чело како командант. Така е поставен темелот за неговиот повик за освојување и крвопролевање. Доколку истата таа грижа и напори биле насочени да го на-

прават добар човек, исполнувајќи го неговото младо срце со евангелски дух, колку ли само ќе се разликувала неговата историја.

Велат дека Хјум, скептик, во најраното детство бил совесен верник во Божјата реч. Но откако се поврзал со полемичарите, почнал да презентира докази во корист на неверството. Проучувал со истрајност и сериозност, така што неговиот изострен и активен ум целосно бил исполнет со кривоверството на скептицизмот. Наскоро и самиот почнал да верува во тие неправилни учења, и целиот негов подоцнежен живот го носи мрачниот печат на неверството.

**Влијанието на читањето. -** Многу млади копнеат за книги. Тие читаат сè што можат да најдат. Не дозволувајте на вашите маси да се најдат списанија и весници во кои има љубовни приказни. Заменете ги со книги кои ќе им помогнат на младите во својот карактер да вградат најдобар материјал, љубов и Божји страв, како и поголемо знаење за Христос. Поттикнувајте ги своите деца да го исполнуваат умот со квалитетно знаење, она што е добро нека ја окупира душата и нека ги контролира нејзините сили, не оставајќи место за ниски и расипани мисли. Ограничете ја таа желба за читање на она што не го снабдува умот со добра храна. Парите кои се трошат за списанија на прв поглед не изгледаат многу, но премногу се троши на она што води кон застранување, а толку малку враќа за возврат.

**Умот го зазема нивото на она што го гледа. -** Разбирањето го зазема нивото на она што му станува блиско. Кога сите би ја проучувале Библијата, би виделе далеку поразвиени луѓе, способни за подлабоко размислување, кои ќе покажуваат поголем степен на интелегенција каква што не би стекнале и со најосериозни напори во проучувањето на световната наука и историја. Библијата на искрениот истражувач му нуди напредна ментална дисциплина, и тој преку размислување за божественото истапува со збогатени способности; своето јас се понижува, додека Бог и Неговата откриена вистина се воздигаат.

**Вредноста на личното верско искуство. -** Бог треба да биде најголем предмет на нашите мисли. Размислувањата за Него и молитвата ја воздигнуваат душата и ја оживуваат љубовта. Занемарувањето на размислувањата и молитвата за сигурно како последица ќе доведат до опаѓање на верското интересирање. Тогаш безгрижноста и немарноста доаѓаат до израз.

Верата не е само емоција, чувство. Таа е принцип кој се преплетува со секојдневните должности и животни трансакции. Не треба да се презема или да се вклучува во каква и да било работа која би го спречила следењето на овој принцип. За да се сочува чиста и неизвалкана вера, неопходно е да се биде работник, истраен во работата.

Ние самите мораме нешто да направиме. Никој освен самите нас не може да работи во полза на нашето спасение со страв и трепет. Всушност токму тоа е задачата што Бог ни ја оставил да ја извршиме.

**На младите им е потребна работна дисциплина. -** Секој младич денеска, како и во времето на стариот Израел, треба да биде поучен на должностите на практичниот живот. Секој би требало да научи некаков занает со кој, во случај на неволја, би можел себеси да си ги обезбеди животните потреби. Ова е важно не само како заштита од животните тешкотии, туку и поради влијанието што ја има работата врз физичкиот, духовниот и моралниот развој. Дури и кога би постоела извесност дека никому некогаш нема да му биде потребно да се издржува со мануелна работа, сепак треба да научи да работи. Без физичка работа никој не може да има силна телесна конструкција и добро здравје, а секакво настојување човекот редовно да се занимава со некоја работа е исто толку важно за стекнување на силен, жив дух и благороден карактер.

**Неработењето е грев.** Идејата дека неупатеноста во корисна работа е важна одлика на вистинскиот џентлмен или дама е спротивна на Божјата замисла во создавањето на човекот. Неработењето е грев, а непознавањето на секојдневните должности е резултат на безумие, кое подоцна ќе донесе горко каење.

**Не треба да се запостави подучувањето во домашните должности. -** Во детството и младоста треба да се комбинира практичната и теоретската обука. Децата треба да се научат да учествуваат во домашните должности. Тие треба да се подучат како да им помагаат на татко си и мајка си во малите работи кои би можеле самите да ги извршат. Нивните умови треба да се увежбаат да мислат, нивната меморија треба да се поттикне да ја запамети својата одредена задача; а во подучувањето на корисните навики во домот тие се воспитуваат преку вршење на практични должности кои се во согласност со нивната возраст. Ако децата се воспитуваат правилно во домот, нема да се најдат на улица, примајќи случајно воспитување кое мнозина од нив го стекнуваат. Родителите кои ги сакаат своите деца на разбирлив начин, нема да им дозволат да растат навикнувајќи се на мрзливост и во незнаење како да ги извршуваат должностите во домот.

**Што треба да знае секоја жена. -** Многу дами, кои се сметаат за добро образовани, кои завршиле училиште со почести на некој познат институт, толку многу се неупатени во практичните животни должности. Тие се лишени од неопходните квалификации за правилно водење на семејството, а со тоа и од сето она што е важно за семејната среќа. Тие можат да зборуваат за повозвишената сфера на жената и за нејзините права, а самите пак паѓаат далеку пониско од вистинската сфера на жената.

Секоја Евина ќерка има право да има целосно познавање за домаќинските должности, да се обучи во сите области на домаќинската работа. Секоја млада дама треба да се воспита така што кога ќе дојде време да се најде во својство на жена и мајка да може да претседава како кралица во својот домен. Таа треба да биде потполно компетентна да ги води и подучува своите деца...

Нејзино право е да го разбере механизмот на човечкото тело и принципите на хигиена, прашањата за исхрана и облекување, работа и рекреација, и многу други работи кои непосредно се однесуваат на благосостојбата на нејзиното домаќинство. Нејзино право е да стекне знаење за најдобрите методи на лекување на болестите за да може да се грижи за своите деца кога се болни, наместо своето драгоцено богатство да го препушти во рацете на непознати болничарки и лекари.

**Кога жената ќе ја пропушти обуката на умот. -** Жените кои се сметаат за побожни обично ја пропуштаат обуката на умот. Тие го оставаат умот неконтролиран, да талка каде што сака. Изгледа дека многу жени немаат ментални сили. Тие не го воспитале умот да мисли, и затоа што тоа не го направиле, тие претпоставуваат дека не можат. Размислувањето и молитвите се неопходни за растење во благодатта.

Причина зошто стабилноста помеѓу жените повеќе ја нема е заради недостаток на ментална култура и размислување. Оставајќи го умот во состојба на неактивност, тие се потпираат на други во умните работи, тие да планираат, мислат и помнат за нив, и така стануваат сè понеделотворни. На некои им е потребна дисциплина на умот со вежбање. Тие би требало да го тераат умот на размислување. Сè додека се потпираат на некого да мисли за нив, да им ги решава нивните проблеми, и додека одбиваат да го оптоваруваат умот со мисли, неспособноста во помнењето, согледувањата за иднината и запазувањата, ќе продолжи. Секоја личност треба да вложи напор да го воспита својот ум.

**Облеката на жената е индекс на умот. -** Облеката е индекс на умот и срцето. Она што се кити однадвор е знак за она што е внатре. Интелектуалниот или култивираниот ум не бара претерување во облекувањето. Токму фактот што жените можат да закачат на себе таква збирка на непотребни артикли за носење докажува дека тие не поминуваат време во развој на својот разум ниту пак ги снабдуваат своите умови со корисно знаење.

**Потребата за чистота во мислите и делата. -** Ве предупредувам на потребата од чистота на секоја мисла, на секој збор и на секое дело. Ние имаме лична одговорност спрема Бога, индивидуална задача која никој не може да ја изврши наместо нас. Светот треба да се направи подобар со правило, личен напор и пример. Иако треба да се развива дружељубивоста, нека тоа не биде само заради забава туку со цел. Има души кои треба да се спасат.

**Мастурбацијата го ослабува умот. -** Некои деца почнуваат со самозадоволување уште во детството; и како што годините одминуваат, блудните страсти растат како што и тие растат и јакнат со јакнењето на нивната сила. Нивните умови не се одмараат. Девојчињата го сакаат машкото друштво, а момчињата го сакаат женското друштво. Нивното држење не е воздржано и скромно. Тие се дрски и наметливи и си дозволуваат непристојна слобода. Навиката да мастурбираат ги ослабнала нивните умови и ја извалкала нивната душа. Лошите мисли, и читањето романи, љубовни приказни и непристојни книги ја возбудуваат нивната фантазија, а тоа е она што вистински им годи на нивните расипани умови.

Тие не сакаат да работат, и кога ќе се вклучат во работа се жалат на умор; ги боли грб и глава. Има ли некоја причина за тоа? Дали тие се уморни од работа? Не, не! Но сепак родителите им попуштаат на нивните жалби и ги ослободуваат од работа и од одговорност. Тоа е всушност најлошото нешто што можат да им го направат. Тие на тој начин ја отстрануваат скоро единствената бариера која го спречува сатаната да има слободен пристап кон нивниот ослабен ум. Корисната работа во одредена мера би била заштита против неговата неспорна контрола врз нив.

**Младите ќе ја користат енергијата. -** Во нашите цркви е потребен младински талент кој е добро организиран и увежбан. Младите ќе сторат нешто со својата голема енергија. Доколку таа енергија не се насочи во вистински канал, младите ќе ја искористат на начин кој ќе ја повреди нивната сопствена духовност и ќе нанесе голема штета на оние со кои се дружат.

**На младите им е потребна активност. -** Младите природно сакаат активност, и ако не најдат поволен круг за нивната скриена енергија по ограничувањата со кои се соочуваат во училниците, тие стануваат неспокојни и тешко се контролираат волекувајќи се така во групи, во спортови несоодветни за нив кои уназадуваат многу училишта и факултети и дури понираат во призори на вистинска расипаност. Многу млади кои невини ги напуштиле своите домови се расипуваат со друштвата во училиштата.

**Сугестивна реакција. -** Рекреацијата која е полезна само за нив, никогаш нема на децата и младината да им донесе толкав благослов како рекреацијата која им помага да бидат полезни и за другите. По природа склони кон воодушевувања и подложни на влијанија, младите бргу прифаќаат предлози. Кога станува збор за одгледување на растенија, наставникот треба да се потруди кај нив да разбуди желба да го разубават училишниот двор и училницата. Тоа ќе донесе двоен благослов. Она што учениците се трудат да го разубават нема да сакаат да го расипуваат и уништуваат. Тие ќе развиваат облагороден вкус, љубов кон редот и навика на чување; а духот на пријателство и соработка, кој на таков начин се развива, ќе им биде на благослов во текот на целиот живот.

**Понекогаш пропуштаме да го видеме Бога како Татко кој љуби. -** Младите воглавно се однесуваат како драгоцените часови на проба, додека милоста се одолговлекува, да претставуваат еден голем празник а тие на овој свет постојат само поради сопствена забава, да се задоволуваат со постојани возбудувања. Сатаната вложува големи напори да ги наведе да ја бараат среќата во световните забави и да се оправдаат себеси настојувајќи да покажат дека таквите забави не се штетни, дека тие се безопасни, и многу важни за здравјето. Некои лекари наметнуваат впечаток дека духовноста и посветеноста на Бога се штетни по здравјето. Тоа му годи на непријателот на душите.

**Болната фантазија погрешно го претставува Бога. -** Има личности со болна фантазија кои не ја преставуваат исправно Христовата религија; таквите немаат чиста библиска вера. Некои се бичуваат целиот свој живот поради своите гревови; и сè што можат да видат е еден навреден Бог на правдата. Тие пропуштаат да го видат Христа и Неговата откупителна сила преку заслугите на Неговата крв. Таквите немаат вера. Оваа група на луѓе ја чинат главно оние кои немаат урамнотежени умови.

Преку болеста која им ја пренеле родителите и со погрешното воспитување во младоста, тие стекнале лоши навики кои му штетат на телесниот склоп и на мозокот, предизвикувајќи оболување на моралните органи и создавајќи им неможност рационално да размислуваат и делуваат по сите овие прашања. Тие немаат урамнотежени умови. Побожноста и праведноста не се деструктивни по здравјето, туку се здравје за телото и сила за душата.

**Потреба за воздржаност. -** Секогаш постапувајте според принципите, никогаш импулсивно. Смирете ја вашата природна раздразливост со кротост и љубезност. Не попуштајте пред безвредни нешта. Никаква недолична шега да не премине преку вашите усни. Ниту на мислите не смее да им се дозволи да се побунат. Тие мораат да бидат скротени, заробени во послушност на Христа. Нека се занимаваат со свети нешта. Тогаш, преку Христовата милост, ќе станат чисти и вистинити.

**Држете го сентиментализмот подалеку од животот. -** Ти си сега во својот студенски живот; нека умот ти се занимава со духовни предмети. Оддели го целиот сентиментализам од твојот живот. Дај си себеси трезвени упатства и доведи се под самоконтрола. Сега си во период на обликување на својот карактер; ништо во врска со себе не смееш да го сметаш за невредно или неважно што би те одвоило од најголемиот, најсветиот интерес, твојата делотворност во подготовката да ја исполниш задачата која Бог ти ја доверил.

Секогаш чувај ја едноставноста на акцијата но воздигни го својот стандард за складно искажување и напредување на твоите ментални способности. Биди одлучен да ја исправиш секоја грешка. Наследените склоности можат да се надминат - наглите, невоздржани налети на навиките можат да се променат така што таквите манифестации можат потполно

да бидат победени преку Христовата благодат. Секој од нас лично треба да смета дека е во Божјата работилница.

**Соочување со потребата за совет. -** Младите не треба да пропуштат да мислат и работат независно од судот на своите родители и своите учители. Децата треба да се научат да го почитуваат искусното расудување и да ги следат своите родители и учители. Тие треба така да се воспитуваат што нивните умови ќе се соединат со умовите на нивните родители и учители, и така ќе бидат упатени да можат да ја увидат умешноста во слушањето на нивните совети. Подоцна кога ќе се одделат од рацете на своите родители и учители кои ги воделе, нивните карактери нема да бидат како трска која се подвиткува на налетот на ветрот.

**Сметајте на најголема обука. -** Господ сака да постигнеме колку што е можно повисоко образование, но со цел своето знаење да им го пренесеме на другите. Никој не знае каде или како ќе биде повикан да работи или да зборува за Бога. Единствено нашиот небесен Татко знае како ќе го употреби човекот. Пред нас се можности кои нашата слаба вера не е во состојба да ги согледа. Затоа мораме да ги развиваме нашите умни способности за да можеме, ако е потребно, вистините на Неговата Реч така да ги изнесуваме дури и пред највисоките авторитети на Земјата за да се прослави Божјето име. Не треба да испуштаме ниту една единствена можност себеси интелектуално да се оспособиме за работа во Божјето дело.

**Секогаш активен ум. -** Умот никогаш не престанува со активноста. Тој е отворен како за добри, така и за лоши влијанија. Како што изразот на човечкиот лик е жигосан со сончев зрак на уметничката изгланцана плоча, така мислите и впечатоците се печатат врз детскиот ум; и без разлика на тоа дали тие впечатоци се земски или морални и верски, тие се скоро неизбришливи.

Кога разумот ќе се разбуди, умот е најприемчив, така што токму првите поуки се од голема важност. Тие поуки имаат силно влијание во обликувањето на карактерот. Ако се правилно смислени, и доколку се следат со трпелива истрајност како што детето напредува во своите години, земската и вечната судбина ќе бидат обликувани на добро. Ова е Господова реч: „Упатувај го детето по патот кој треба да оди, па и кога ќе остари, нема да отстапи од него“ (Изреки 22:6).

**Младоста - време на можности. -** Срцата на младите се како еластичен восок, и можете да ги наведете да се восхитуваат на христијанскиот карактер; но за неколку години восокот може да стане тврд како гранит.

Во младоста анфинитетите се најстраствени, помнењето најдобро, а срцето најприемчиво за божествените впечатоци; и младоста е период кога менталните и физичките способности треба да се активираат за да се постигне голем напредок во поглед на светот, оној кој што е и оној кој допрва ќе дојде.

# ОПСЕДНАТОСТ И СЛЕПА ЉУБОВ

**Додворување - потребно е добро расудување. -** Земено во целост, младите премногу му веруваат на нагонот. Тие не треба лесно да се предаваат или пречесто да паѓаат на освојувачката надворешност на љубовникот или љубовницата. Додворувањето, кое се спроведува во овој век, е една добра шема на измама и лицемерство, со која многу повеќе има врска непријателот на душите отколку Господ. Како никаде на друго место овде е потребно здраво расудување; но факт е дека тоа многу малку се користи по ова прашање.

**Мораат да се развиваат најблагородни црти на карактерот. -** Идеите за додворувањето имаат свој корен во погрешните идеи за бракот. Тие го следат нагонот и слепата страст. Додворувањето се изведува во дух на флертување. Заљубените често ги кршат правилата на скромност и резервираност и виновни се за индискреција, ако не го кршат и Божјиот закон. Не се сфаќа високата, благородната, возвишената Божја замисла за установата - брак; затоа не се развиваат најчисти наклоности на срцето, и најблагородни црти на карактерот.

**Чистата љубов е повеќе небесна отколку земна. -** Не изговарајте ниту еден збор, не правете никакво дело кое не сакате да биде видено од светите ангели и да го запишат во небесните книги. Вие едноставно мора да гледате на Божјата слава. Во срцето ќе постои само чиста, посветена наклоност, вредна за следбениците на Исус Христос, возвишена по својата природа, и повеќе небесна отколку земна. Сè што се разликува од ова е понижувачко, ниско во додворувањето; и бракот не може да биде свет и вреден за почитување во очите на чистиот и свет Бог ако не почива на возвишените правила на Светото Писмо.

**Опасноста од доцните часови. -** Навиката на седење доцна во ноќта е вообичаена, но тоа не му е угодно на Бога, дури и ако и двајцата сте христијани. Тие доцни часови му штетат на здравјето, го онеспособуваат умот за должностите за наредниот ден, и се одразуваат на зло. Брате мој, се надевам дека имаш доволно самопочитување да го избегнеш овој вид на додворување. Ако окото ти почива на Божјата слава, ќе бидеш поттикнат со вакво сериозно предупредување. Нема да дозволиш болниот сентиментализам толку да ти го заслепи видот за да не можеш да ги препознаеш возвишените барања кои Бог ти ги поставува како на христијанин.

**Заљубеноста слаба подлога за брак. -** Тие часови на ноќна разузданост, во овој расипан век, често водат кон пропаст на двете страни кои

така го минуваат времето. Сатаната ликува, а Бог се обесчестува кога мажите и жените се срамотат себе. Доброто име често се жртвува на привлечноста на оваа занесеност, и бракот на таквите лица не може да се озакони под Божјото одобрување. Тие склопуваат брак затоа што ги понела страста, и кога ќе помине жарот на новата афера, тие тогаш почнуваат да сфаќаат што направиле.

**Лажната љубов е неконтролирана. -** Онаа љубов која нема подобра основа од едно обично сетилно задоволство е тврдоглава, слепа, неконтролирана. Честа, вистината и секоја благородна, возвишена сила на умот почнуваат да ѝ робуваат на страстите. Човекот кој се врзува со ланците на оваа заслепеност најчесто е глув на гласот на разумот и совеста; ниту аргумент ниту молба не може да го наведе да ја увиди лудоста на својот пат.

**Непосветената љубов води во заблуда. -** Непосветената човечка љубов секогаш води во заблуда, бидејќи таа мами на други патеки од патот кој Бог го одредил.

**Повторувањето на гревот ја намалува моќта на одбивање. -** Оној што еднаш ќе му подлегне на искушението, вторпат ќе му подлегне многу полесно. Секое повторување на гревот ја намалува силата да му се спротивставиме, ги заслепува очите и го задушува убедувањето. Секое посеано семе на попустливост, донесува и свој плод. Бог не прави чуда за да ја спречи жетвата.

**Страста уништува сè. -** Овие Христови зборови секогаш треба да се имаат на ум: „И како што беше во Ноевите дни, така ќе биде и во деновите на Човечкиот Син: јадеја, пиеја“ (Лука 17:26, 27). Апетитот владее над умот и совеста во овој век. Преовладуваат претераното јадење, пијанчењето, конзумирањето на алкохол и пушењето, но Христовите следбеници ќе бидат умерени во јадењето и пиењето. Тие нема да му се предадат на апетитот по цена на здравјето и духовниот напредок.

„Се женеа, се мажеа, сè до денот кога Ное влезе во ковчегот; и дојде потопот и ги уништи сите“ (Стих 27). Што се однесува до бракот ние денес ги гледаме истите такви појави. Младите, дури и мажи и жени кои би требало да бидат мудри и разбрани, постапуваат како да се маѓепсани по ова прашање. Сатанската сила изгледа ги освоила. Се склопуваат најнепромислени бракови. Не се бара совет од Бога. Човечките чувства, желби и страсти носат сè пред себе, додека на крајот не дојде смрт. Беда која не може да се опише е последица од ваквата состојба на работите, а Бог се обесчествува. Брачниот завет покрива секаков вид на блудни гадости. Зар не е потребна одлучна промена по однос на ова прашање?

**Слепата љубов влијае на сите способности. -** Секоја способност на оние кои се зафатени со оваа заразна болест - слепа љубов - и се по-

корува нејзе. Тие изгледаат како да се лишени од здравиот разум, а нивното однесување им е одвратно на сите кои го забележуваат. Брате мој, стана предмет на озборувања и се понижи во очите на оние чие одобрување го цениш.

Кај многу кризи на оваа болест се завршува со предвремен брак, и кога романсата ќе помине и ќе се заврши занесната сила на водење љубов, едната или двете страни стануваат свесни за својата вистинска положба. Тие тогаш дознаваат дека склопиле лош брак, но се соединиле за цел живот.

Врзани еден за друг со најсвечена заклетва, тие со тешко срце гледаат на бедниот живот кој мора да го живеат. Тогаш тие би требало да го извлечат најдоброто од таа ситуација; но многумина нема така да постапат. Тие или ќе се покажат неверни кон својот брачен завет или ќе си направат јарем кој упорно го ставаат на себе кој многу ги стега и така многумина малодушно го завршуваат своето постоење.

**Раната љубов кај тинејџерите. -** Умовите на младите главно ги контролира сатаната. Вашите ќерки не се научени на самоодрекување и самоконтрола. Тие се разгалени, и поттикната им е гордоста. Им беше дозволувано да одат по сопствениот пат сè додека не станаа тврдоглави и самоволни, а вие моравте да имате на ум каков правец да следите за да ги спасите од пропаст. Сатаната ги води да бидат изрека во устите на неверниците поради нивната дрскост и недостатокот на резервираност и женска скромност.

Исто така, и момчињата му се препуштаат на сопствениот пат. Тие само што влегле во тинејџерското доба, а веќе се покрај девојчињата од нивна возраст, испраќајќи ги до дома, изразувајќи им ја својата љубов. А родителите се потполно во ропство преку сопствената попустливост и заблудената љубов кон своите деца што не се ни осмелуваат да преземат одлучен курс да направат промена и да ги смират своите пребрзи деца на оваа лекомислена возраст.

**Тајната на додворувањето. -** Младите мора да ги научат бројните поуки, а најважно е да научат да се познаваат себеси. Тие треба да имаат вистинска претстава за своите обврски и должности кон родителите и постојано треба да се учат во Христовите училишта да бидат со кротки и покорни срца. Додека ги сакаат и почитуваат своите родители, тие исто така треба да го почитуваат судот на искусните луѓе со кои се поврзани во црквата.

Момчето кое ужива во друштвото на млада дама и го придобива нејзиното пријателство, скришно од нејзините родители, не се однесува како христијанин кон неа или кон нејзините родители. Преку тајните врски и состаноци тој може да стекне влијание над нејзиниот ум; но правејќи така, тој пропушта да ја истакне онаа благородност и искреност на душата која ја има секое Божјо дете. За да ја постигнат својата цел тие играат улога која не е искрена и отворена и не е во склад со библиските стандарди, и

се покажуваат неискрени кон оние кои ги сакаат и се обидуваат да бидат верни стражари над нив. Браковите склопени под такво влијание не се во склад со Божјата Реч. Тоа момче кое ќе оттргне нечија ќерка од должноста, кој би ги пореметил нејзините претстави за Божјите јасни и позитивни наредби да се слушаат и почитуваат своите родители, не е личност која ќе биде верна на своите брачни должности.

**Да не се игра со срцата. -** Играњето со срца е зло кое не е од мало значење во очите на светиот Бог. Па сепак некои им укажуваат наклоност на младите дами и ги предизвикуваат нивните чувства, а потоа одат по својот пат и забораваат сѐ што рекле и малку се свесни за влијанието што го оставиле нивните зборови. Потоа ќе ги привлече некое ново лице, и тие ги повторуваат истите зборови, посветувајќи ѝ го истото внимание на некоја друга дама.

**Разговор за предмети со коишто се бави умот.** - Кај многу млади дами момчињата се тема на разговор, а кај момчињата, тоа се девојките. „Зашто од преполнувањето на устата зборува срцето“ (Матеј 12:34). Тие разговараат за оние предмети со кои умот најмногу се занимава. Ангелот записничар ги бележи зборовите на овие момчиња и девојки кои се нарекуваат христијани. Како ќе бидат збунети и засрамени кога пак ќе ги сретнат на денот Божји! Многу деца се побожно лицемерни. Младите кои од религијата не направиле професија се соблазнуваат од овие лицемери и отапуваат на секој напор кој може да се направи од страна на оние кои се залагаат за нивното спасение.

**Зошто младите повеќе го сакаат друштвото на младите. -** Причината зошто младите се чувствуваат послободно во отсуство на постарите е поради тоа што се со оние од свој вид. Секој мисли дека е добар колку и другите. Тука сите грешат и се мерат меѓу себе, меѓусебно споредувајќи се, а занемарувајќи го единствениот совршен вистински стандард. Исус е Вистинскиот Пример. Неговиот самопожртвуван живот е наш пример.

**Совет на една млада дама да внимава на своите чувства. -** Вкупно земено, ти си премногу слободна со своите чувства, кои, ако му се препуштат на твојот сопствен курс на дејствување, ќе направат доживотна грешка. Не продавај се на евтина тезга. Не биди слободна со студентите. Имај на ум дека се подготвуваш да ја извршиш Божјата задача, и доколку, сакаш правилно да го извршиш својот дел враќајќи му ги назад талентите кои ти ги дал, и сакаш да ја чуеш скапоцената пофалба од Неговите усни, „Добро направено, добар и верен слуго“ (Матеј 25:23), мора да бидеш внимателена и да водиш ред за своето друштво.

За да го извршиш својот дел во Божјата служба, мораш да истапиш со предностите колку што е тоа можно со целокупната интелектуална обука. Потребен ти е здрав, складен развој на менталните способности, отмен, христијански, сестран развој на културата, за да бидеш вистински

Господов работник. Треба да ги прочистиш и разубавиш својот вкус и фантазија и низ вообичаената самоконтрола да ги исчистиш сите свои аспирации. Потребно е да дејствуваш од високи, возвишени побуди. Собери ја целата делотворност која можеш, користејќи ја секоја прилика за образование и изградба на карактерот за да можеш да ја пополниш било која положба која Господ може да ти ја одреди. Толку ти е потребна рамнотежата на мудриот совет. Не презирај го советот.

**Дисциплинирајте се себе си. -** Ќе бидеш склона да прифаќаш внимание од оние кои се во сè поинфериорни од тебе. Мора да станеш помудар преку Христовата благодат. Мораш да го разгледаш секој чекор во светлината на фактот дека не си своја; купена си скапо. Нека Господ ти биде Советник. Не прави ништо што би ја ослабило или осакатило твојата успешност. Постапувај верно со себе, дисциплинирај се со неуморни напори. Благодатта на Исуса Христа ќе ти помага на секој чекор ако сакаш да учиш и да внимаваш.

Ти го пишувам ова сега, и наскоро пак ќе ти пишам, бидејќи заблудите на твојот минат живот се изложени пред мене, не се осмелувам да ги сокријам најсериозните молби да се држиш на стриктна дисциплина...

Не дозволувај да бидеш заведена на лажен пат и не му давај предност на друштвото на млади момчиња, бидејќи не само што ќе ја расипеш сопствената репутација и идните изгледи, туку ќе разбудиш надеж и очекување во умовите на оние кон кои покажуваш наклоност, и тие ќе бидат како опиени со болен сентиментализам и ќе го расипат својот студенски живот. И ти, а и тие сте во училиште со цел да стекнете образование кое ќе ве оспособи во интелектот и во карактерот за поголема корист во овој живот и за идниот бесмртен живот. Не прави грешка во прифаќањето внимание или давањето повод на било кое момче. Господ покажа дека има задача за тебе. Твојот мотив нека биде да одговориш на умот и на волјата Божја, а не да ја следиш сопствената склоност и да ја врзеш својата идна судбина со јажиња како со челични окови.

**Погрешната приврзаност може да ја оштети менталната моќ (совет на една осумнаесетгодишна). -** Ти немаш право да се приврзуваш кон ниедно момче без потполно одобрување од твојот татко или мајка. Ти си само дете и искажувањето чувства кон некое момче без потполно знаење или одобрение од твојот татко значи непочитување кон него. Твојата приврзаност кон тоа момче ти го одзема мирот и здравиот сон. Тоа го исполнува твојот ум со глупи фантазии и сентиментализам. Тоа ти ги забавува студиите и им нанесува сериозно зло на твоите физички и ментални сили. Кога ќе ти се опонира, стануваш раздразлива и малодушна.

**Училишна регулатива. -** Правилото на овој колеџ, (еден колеџ во северна Калифорнија) строго забранува дружење на момчиња и девојчиња додека се во училиштето. Единствено кога овие правила привремено се

суспендираат, како што е понекогаш случај, е тогаш кога на џентлменот ќе му се дозволи да ја испрати дамата до и од јавните собири.

Нашиот колеџ во Батл Крик има слична регулатива, иако не толку строга. Таквите правила се потребни за да се заштитат младите од прерано додворување и неразумен брак. Родителите ги испраќаат младите на училиште за да стекнат образование, а не да флертуваат со спротивниот пол. За доброто на општеството, како и во најголем интерес на учениците, е да не се обидуваат да одберат животен партнер додека сопствениот карактер сѐ уште им е неразвиен, расудувањето им е незрело, а истовремено се лишени и од родителската грижа и водство.

**Факторите на возраста, условите и умниот потенцијал. -** Во сите наши постапки со учениците, мора да се води сметка на возраста и карактерот. Ние не можеме подеднакво да ги третираме и помладите и постарите. Постојат околности под кои на мажите и жените кои добро стојат и се со здраво искуство можат да им се подарат некои привилегии кои не им се дадени на помладите ученици. Возраста, условите и разумот мора да се земат во предвид. Ние мораме да бидеме многу внимателни во сите свои постапки. Но не смееме да ја намалуваме својата цврстина и будност во работата со учениците од сите возрасти или пак својата стриктност во забранувањето на штетното и неразумно дружење на младите и незрели ученици.

**Опасност од заљубеност. -** Некои од оние што го посетуваат колеџот не го користат правилно своето време. Полни со младешчка свежина тие ги отфрлаат ограничувањата кои им се наметнуваат. Особено се бунат против правилата кои не дозволуваат џентлмените да им посветуваат внимание на младите дами. Потполно е познато злото од еден таков курс во овој расипан век.

На колеџот каде што се дружат многу млади, копирањето на светските обичаи во овој поглед би им ги насочило мислите во канал кој би им сметал во нивната потрага по знаење и бавење со верски активности. Опседнатоста на момчињата и девојчињата во тоа меѓусебно покажување на емоции за време на школувањето покажува недостаток на здраво расудување. Како и во твојот случај, слепиот нагон го контролира разумот и расудувањето. Под оваа заслепувачка опседнатост се отфрла важна одговорност која ја чувствува секој искрен христијанин, духовноста умира, а судот и вечноста го губат своето страшно значење.

**Кога човечките љубови ќе дојдат први. -** Кај мнозина, љубовта кон човечкото ја помрачува љубовта кон божественото. Тие го прават првиот чекор кон отпадништво, осмелувајќи се да не ја почитуваат Господовата изричита заповед; и целосен отпад е најчест резултат. Секогаш како опасност за луѓето се покажувало спроведувањето на нивната сопствена волја наспроти Божјите барања. Сепак на луѓето им е тешко да ја научат по-

уката дека Бог го мисли она што го зборува. По правило, оние кои за свое друштво и пријатели бираат лица кои го отфрлаат Христа и го газат Божјиот закон, на крајот попримаат ист ум и дух.

**Мешани бракови. -** Ако си, брате мој, опиен да ги обединиш своите животни интереси со млада, неискусна девојка на која навистина ѝ недостига воспитување од општи, практични, секојдневни животни должности, правиш грешка; но овие недостатоци се безначајни во споредба со неупатеноста во поглед на нејзините должности кон Бога. Таа не била лишена од светлоста, имала верски предзнаења, а сепак не ја чувствувала својата бедна грешност без Христа. Ако во својата залуденост повторно се одвратиш од молитвениот состанок - каде што Бог се состанува со Својот народ - само за да уживаш во друштвото на личноста која нема љубов кон Бога и која не гледа никаква привлечност во верскиот живот, како можеш да очекуваш Бог да ја благослови таквата заедница?

**Бракови на христијани со неверници. -** Во христијанскиот свет постои зачудувачка, алармантна рамнодушност кон учењата на Божјата Реч во однос на бракот на христијани со неверници. Многумина кои исповедаат дека го сакаат и се бојат од Бога избираат попрво да го следат нагонот на сопствениот ум отколку да примат совет од Бесконечната Мудрост. По прашањето кое суштински се однесува на среќата и благосостојбата на двете страни на овој и на оној свет, разумот, судот и стравот Божји се ставаат на страна, а на слепиот нагон и на тврдоглавата решеност ѝ се дозволува контрола.

Мажите и жените кои инаку се чувствителни и совесни ги затвораат ушите за совет; тие се глуви на повиците и ги проколнуваат пријателите, роднините и Божјите слуги. Изразот на опомена или предупредување се смета за дрско мешање, а пријателот кој е доволно верен за да упати опомена се третира како непријател. Сето ова е онака како што сака сатаната. Тој ги плете своите магии околу душата, и така тоа се претвора во опседнатост, залуденост. Разумот ги пушта уздите на самоконтролата за да паднат на вратот на блудноста; непосветената страст господари, сè додека жртвата не се разбуди предоцна во животна беда и ропство. Ова не е замислена слика туку излагање на факти. Божјото одобрение не им се дава на заедниците кои Тој стриктно ги забранил.

**Дефиниција за неверници. -** Дури и ако предметот на твојот избор биде во секој друг поглед вреден (што не е случај), сепак тој не ја прифатил вистината за ова време; тој е неверник, и небото ти забранува да се соединиш со него. Ти не можеш без опасност по својата душа да ја омаловажуваш оваа Божја забрана.

**Забранетото тло на несвети фантазии (совет на еден проповедник). -** Ми бевте претставени како суштество во голема опасност. Сатаната ве

прогонува и повремено ви дошепнува угодни бајки и ви покажува шармантни слики од онаа која ви ја прикажува како ваш позгоден сопатник од жената на вашата младост, мајката на вашите деца.

Сатаната потајно, неуморно работи на вас да предизвика пад низ своите посебни искушенија. Тој одлучил да биде ваш учител, и сега ви е потребно да се поставите таму каде што можете да добиете сила за да го одбиете. Тој се надева дека ќе ве одведе во лавиринтот на спиритизмот. Се надева дека ќе ве одврати од вашата приврзаност кон сопругата и ќе ве насочи кон друга жена. Тој сака да му дозволите на својот ум да се занимава со таа жена додека преку таа несвета љубов не стане ваш бог.

Непријателот на душите многу постигнува кога може да ја наведе фантазијата на еден Јеховин избран стражар да се занимава со можностите за дружења, на светот кој доаѓа, со некоја жена што ја сака, и како таму создава семејство. Не ни се потребни таквите угодни слики. Сите такви погледи потекнуваат од умот на искушувачот...

Покажано ми е дека духовните бајки заробуваат мнозина. Нивните умови се телесни, и доколку не дојде до промена, тоа ќе им донесе пропаст. Би им рекла на сите оние кои им попуштаат на таквите несвети фантазии: застанете, застанете заради Христа, таму каде што сте. Вие сте на забранетото тло. Покајте се, ве преколнувам, и обратете се.

**Љубовта не е сентиментализам. -** Љубовта и сочувството кои Исус сака да им ги подаруваме на другите нема вкус на сентиментализам, што е мамка за душата; љубовта која има небесно потекло е всушност онаа која Исус ни ја предочил со правило и со пример. Но наместо да си укажуваме таква љубов, толку често сме оттуѓени и оддалечени едни од други... Последицата е оттуѓување од Бога, закржлавено искуство, болест за христијанскиот развој.

**Фалсификатот е идентификуван.** - Апостол Павле предупредува: „Љубовта нека ви биде нелицемерна! Отстранувајте се од злото, прилепувајте се кон доброто. Љубете се еден со друг срдечно со братска љубов! Натпреварувајте се во почитување еден кон друг!“ (Римјаните 12:9,10). Павле би сакал да правиме разлика помеѓу чистата, несебична љубов која ја поттикнува Христовиот дух, и бесмисленото лажно преправање со коешто светот е преполнет.

Овој основен фалсификат завел многу души. Тој ја помрачува разликата помеѓу исправното и погрешното, со тоа што се согласува со престапникот наместо верно да му укаже на неговата заблуда. Таквиот курс никогаш не поттекнува од вистинското пријателство. Духот со кој таквиот курс се поттикнува пребива само во телесни срца. Додека христијанинот е љубезен, сожалив, и додека простува, тој нема да чувствува усогласеност со гревот. Тој ќе го мрази сето она што е зло и ќе се врзува за сето она што е добро, жртвувајќи дружење или пријателство со безбожните. Христовиот Дух ќе нè води да го мразиме гревот, а од друга страна со

драга волја ќе бидеме спремни да ја понесеме секоја жртва за да го спасиме грешникот.

**Бирање на животен сопатник. -** Младата жена треба да го прифати само оној сопатник кој поседува чисти, мажествени карактерни црти, кој е трудољубив, честољубив и чесен, кој го љуби Бога и се бои од Него. Кога ја бара онаа што ќе стои покрај него, младиот човек треба да испита дали таа може да го носи својот дел од животното бреме, дали има влијание кое ќе го облагороди и подобри и дали може да го направи среќен и сакан.

# ОПАСНОСТИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ МЛАДИТЕ

**Навиките ја одредуваат судбината. -** Во детството и во младоста, карактерот е најпогоден да прима впечатоци. Тогаш треба да се стекне моќ на владеење со самиот себе. Крај огништето и крај семејната трпеза се врши влијание чијшто резултат е траен како вечноста. Повеќе од која било природна дарба, навиките стекнати во детството одлучуваат дали некој човек ќе биде победник или победен во животната борба. Младоста е време на сеидба. Таа ја одредува природата на жетвата за овој и за животот што ќе дојде.

**Самодисциплина наспроти самопопуштање. -** Светот потонал во задоволување на своите желби. Заблудите и лагите вријат. Се умножуваат стапиците на сатаната за уништување на душите. Сите што сакаат совршена светост, во Божји страв мора да ја научат поуката на умереност и самосовладување. Повисоките сили на умот мора да ги потчинат желбите и страстите. Основа за стекнување на умни сили и духовна проникливост е таа самодисциплина што ќе ни овозможи да ги разбереме и во живот да ги спроведеме светите вистини на Божјата реч. Поради тоа, умереноста наоѓа свое место во делото на подготовката за второто Христово доаѓање.

**„Бдејте! Стојте цврсто во верата, бидете мажествени, бидете силни!“. -** Младите луѓе треба да имаат широки замисли, разумни планови, за да можат најдобро да ги искористат своите можности, да стекнат вдахновение и храброст какви што имале апостолите. Јован рекол: „Ви напишав млади, зашто сте силни и зашто Божјото слово пребива во вас и зашто го победивте лукавиот“ (1. Јованово 2:14). Возвишен стандард им е претставен на младите, и Бог ги повикува да пристапат кон вистинска служба за Него. Младите со искрени срца кои уживаат во подучувањето во Христовите училишта можат да завршат големо дело за Господа ако само обрнат внимание на заповедта на Војводата која одекнува се до границите на нашето време: „Бидете мажествени, бидете силни!“ (1. Коринтјаните 16:13).

**Опасност од занемарување на обуката и посебната подготовка. -** Младите луѓе кои сакаат да стапат во служба како проповедници или колпортери, најнапред треба да добијат пригоден степен на ментална обука и посебна подготовка за својот повик. Оние коишто се необразовани, неувежбани и непрофинети не се соодветни да стапат на полето во кое моќното влијание на талентите и образованието војуваат против вистината на Божјата реч; ниту пак можат успешно да ги дочекаат непознатите об-

лици на заблуди, религиозно и филозофски комбинирани, кои се изложуваат и кои бараат познавање како на научната, така и на вистината на Светото Писмо.

**Брилијантноста не е гаранција за успех.** - Не е точно дека брилијантните млади луѓе секогаш постигнуваат најголеми успеси. Колку пати талентираните и образованите луѓе биле поставувани на доверливи места и се покажале неуспешни. Нивниот сјај изгледал како злато, но кога бил испробан, се покажало дека тоа е само бижутерија и метал. Тие го упропастиле својот труд со неверството.

Тие не биле внимателни и истрајни и не оделе до крај во својата работа. Тие не биле спремни да почнат од дното на скалата, и со трпелива и тешка работа да се искачуваат од една скала на друга сè додека не стигнат до самиот врв. Тие оделе по искрите кои самите ги распалиле. Не зависеле од мудроста којашто само Бог може да им ја даде. Нивниот неуспех не бил во тоа што тие немале можност, туку затоа што не биле доволно разумни. Тие не чувствувале дека нивните образовни предности биле вредни, и затоа немало таков напредок како што можеле да напредуваат во познавањето на религијата и науката. Нивниот ум и карактер не биле урамнотежени со возвишените принципи на правдата.

**Незнаењето не е доблест. -** Научивте дека од најголема важност е да се стекне научно образование. Нема доблест во незнаењето, а знаењето нема неминовно да го успори христијанскиот развој, но ако го барате од принцип, имајќи пред себе вистинска цел и чувствувајќи обврска спрема Бога да ги искористите своите способности правејќи им добро на другите и промовирајќи ја Неговата слава, знаењето ќе ви помогне да ја постигнете таа цел; тоа ќе ви помогне да можете да ги покажете силите кои Бог ви ги дал и да ги употребите во Неговата служба.

**Избирање на страната на неверието. -** Божјата реч ќе му суди на секого од нас во последниот голем ден. Младите луѓе разговараат за науката и се прават помудри од она што е напишано; тие настојуваат да ги објаснат Божјите дела и патишта за да ги задоволат своите ограничени разбирања, но сето тоа е само бедно промашување.

Вистинската наука е во совршена складност со вдахновението. Лажната наука е нешто независно од Бога. Тоа е вообразено незнаење. Оваа измамлива сила заробила многу умови, и тие попрво ја избрале темнината отколку светлината. Тие ја зазеле страната на неверството, како сомневањето да е доблест и знак за голем ум, додека пак вистинско обележје на умот е преслабост и ограниченост да се разбере Бог во Неговите создадени дела. Тие не би можеле да ја разберат таинственоста на Неговото провидение ниту тогаш кога би проучувале со сета своја сила до крајот на животот. И затоа што Божјите дела не можат да им се објаснат на ограничените умови, сатаната ги внесува своите лажни учења, им ги

наметнува и ги заплеткува во мрежите на неверството. Кога овие сомнежливи луѓе би стапиле во поблизок однос со Бога, Тој би им ги појаснил своите намери според нивното разбирање.

**Разорната моќ на сомнежот. -** За сомнежот или скептицизмот нема оправдување. Бог дал доволно материјал да ја утврди верата на сите луѓе ако сакаат да се одлучат според тежината на доказите. Но ако чекаат да се отстрани секоја видлива приговор пред нивната вера, таа никогаш нема да остане да пребива, да се вкорени и да се втемели во вистината. Бог никогаш нема да ги отстрани сите видливи потешкотии од наша патека. Оние кои сакаат да се сомневаат ќе најдат прилика за тоа; оние кои сакаат да веруваат ќе најдат доволно докази врз основа на кои ќе ја формираат својата вера.

Ставот на некои луѓе е необјаснив, дури и за самите нив. Тие пловат без сидро, талкајќи во маглата и неизвесноста. Сатаната набргу го презема кормилото и го води нивниот несигурен брод каде што ќе посака. Тие и се предаваат на неговата волја. Да не го слушале сатаната, овие умови не би биле измамени од неговите лаги; да се ставеле на Божјата страна не би биле збунети и несигурни.

**Пропуст во стекнувањето знаење за практична употреба. -** Но, момчиња, ако секојдневно стекнувате многу знаење, а сепак пропуштате практично да го примените, сте ја промашиле својата цел. Ако во стекнувањето образование станете толку опседнати со своите студии што ја занемарувате молитвата и верските привилегии и станувате рамнодушни спрема благосостојбата на своите души, ако престанете да учите во Христовото училиште, вие го продавате својот труд за чинија чорба. Целта заради која го стекнувате образованието ниту за момент не треба да се губи од вид. Тоа би требало така да ги развие и насочи вашите способности за да можат да бидат од што поголема корист и благослов на другите до крајните граници на вашите способности.

Ако стекнувајќи знаење ја зголемувате љубовта кон себе и тежнеете да се иземете од носење на одговорности, подобри сте и без таквото образование. Ако ги сакате и идолизирате книгите, и им дозволувате да се испречат меѓу вас и вашите должности, така што чувствувате неволност да ги оставите своите студии и од своето читање направите најважна работа која некој друг мора да ја врши, би требало да ја воздржите својата желба за проучување и развивање љубов за правење на оние нешта за кои сега немате никаков интерес. Оној кој е верен во најмалку, ќе биде исто така верен и во она што е многу.

**Злата што ги носи физичката неактивност и претераната ментална активност. -** Целото тело е создадено да дејствува; и, ако физичките сили со активно вежбање не се одржуваат во здрава состојба, ни умствените сили нема да можат долго време да се користат со полн капацитет. Фи-

зичката неактивност, која е навидум речиси неизбежна во училницата, проследена со други нездрави околности - ја претвора училницата во непријатно место за децата, особено за оние со послаба конституција... Не е ни чудо што во училниците толку често се поставуваат темели на болестите што траат цел живот. Мозокот, најнежниот од сите органи на телото, органот од кој целото тело ја црпи нервната сила, трпи најголеми штети. Принуден на преуранета или претерана активност, и тоа под нездрави околности, тој слабее, а лошите последици често трајно се чувствуваат.

**Избегнување на бремето и напорната работа (искуство на две млади момчиња). -** Овие момчиња имаат должности во домот кои тие ги занемаруваат. Тие не научиле да ги преземаат своите должности и да ги носат домашните одговорности кои всушност се нивна обврска. Тие имаат верна, вредна мајка, која понела многу товар што нејзините деца не смееле да дозволат да го носи. Така тие пропуштиле да покажат почит кон својата мајка. Тие не ги споделувале товарите на својот татко како што тоа должноста налагала, и занемариле да му укажат должна почит. Тие повеќе ја следат склоноста отколку должноста.

Тие следеле себичен курс во своите животи, избегнувајќи ги товарите и напорната работа, и така пропуштиле да стекнат вредно искуство од коешто не би смееле да се лишуваат ако сакаат да успеат во животот. Тие не ја чувствувале важноста да бидат верни во малку, ниту пак чувствувале обврска кон родителите да бидат точни, целосни и верни во скромните, мали животни должности кои лежат на нивниот пат. Тие ги запоставуваат општите гранки на знаење, кои се неопходни за практичен живот.

**Рекреација наспроти забава. -** Постои разлика помеѓу рекреација и забава. Рекреацијата, кога е навистина она што значи нејзиното име (повторно создавање или обновување), јакне и изградува. Одделувајќи нè од нашите вообичаени грижи и занимања, таа овозможува освежување за умот и телото и така нè оспособува со нова сила да и се вратиме на сериозните животни обврски. Забавата, од друга страна, се бара заради уживање и во неа често се претерува; таа ја троши силата наменета за полезна работа и така станува пречка за вистински успех во животот.

**Бесмислена радост. -** Нашата рекреација не треба да биде бесмислената радост, земајќи облик на глупост. Мораме да ја спроведеме на таков начин што ќе донесе корист и ќе ги воздигне оние со кои се дружиме, да не оспособи и нас и нив поуспешно да се соочиме со должностите кои ни се наметнуваат како на христијани.

**Модерен танц. -** Со Давидовото играње, кое било израз на радост и стравопочит пред Бога, многу љубители на задоволствата денес го прават современиот, модерен танц, но тој доказ нема основа. Денешното иг-

рање е поврзано со лудости и ноќни пијанчења. На таквото задоволство му се жртвуваат и здравјето и моралната чистота. За оние што посетуваат сали за балови Бог не е предмет на размислување и стравопочит; молитвите и пеењето во тие кругови би се сметале за неумесни. Задоволствата што можат да ја намалат нашата љубов кон она што е свето и возвишено и радоста што ја чувствуваме служејќи му на Бога - такви задоволства христијаните не треба да сакаат. Музиката и играта при радосното фалење на Бога при пренесувањето на ковчегот немаат никаква сличност со денешните разуздани игри. Во таа пригода со музиката и играта е покажуван стремеж да се слави Бог и да се велича Неговото свето име. А модерните игри не се ништо друго освен лукавство на сатаната пресметано на тоа луѓето да го заборават Бога и да се обесчести Неговото име.

**Барање задоволства во забави и во угодување на себеси. -** Непријателот на многу начини настојува да ни ги одврати умовите од проучување на Словото. Тој мнозина наведува да ја бараат својата сатисфакција во забавите и задоволствата кои изгледаат привлечни за телесниот ум. Но искрените Божји деца не ја бараат својата среќа во овој свет; тие тежнеат кон трајна радост на домот во вечниот град каде што се наоѓа Христос, и каде што откупените ќе ја примат наградата за послушност на Божјите барања. Тие не ги сакаат минливите и евтини задоволства во овој живот, туку го бараат трајното блаженство на небото.

**Глупави мисли и бесмислени разговори. -** Зошто не ги држите своите умови насочени на неистраженото Христово богатство за да можете и на другите да им ги покажете скапоцените вистини?... Ова е невозможно да го правиме сè додека се пропуштаме на лекомислен, немирен дух, постојано барајќи нешто што ќе нè забавува и ќе предизвикува глупава смеа... Ние треба да го чуваме нашиот ум од вакви нешта, кога имаме неистражени богатства за себе. Ќе ни биде потребна цела вечност да го сфатиме богатството на Божјата слава и славата на Исуса Христа.

Но умовите кои се окупирани со лекомислено читање, возбудливи приказни, или потрага за забава не пребиваат во Христа и не можат да ѝ се радуваат на полнотата на Неговата љубов. Умот кој наоѓа задоволство во глупави мисли и бесмислени разговори е лишен од радоста во Христа како што Гелвујската долина била лишена од роса и дожд.

**Вртлог на возбуди. -** Денешните градови многу брзо стануваат како Содом и Гомор. Празниците се многубројни; вртлогот на возбуди и задоволства одвлекува илјадници од мирните животни должности. Возбудливи спортови - посети на театри, коњски трки, коцкање, конзумирање на алкохол и уживање - ја поттикнуваат секоја страст на акција.

Младите се збришани од популарната струја. Оние коишто се учат да ја сакаат забавата заради свое сопствено задоволство ја отвораат вратата на поплава од искушенија. Тие им се предаваат на општествените

текови и на бесмислената радост. Тие одат од еден вид раскалашеност во друг сѐ додека не ја изгубат и желбата и способноста за корисен живот. Нивните верски аспирации оладуваат; нивниот духовен живот темнее. Сите поблагородни способности на душата, сѐ што го поврзува човекот со духовниот свет, станува унижено.

**Забави на задоволства. -** Мнозина дозволуваат младите да посетуваат забави на задоволства, мислејќи дека забавата е важна за здравјето и среќата; но какви само опасности демнеат на тој пат! Колку повеќе се задоволува желбата за задоволство, сѐ повеќе се развива и станува појака. Таквото животно искуство во голема мера е составено од самозадоволување низ забава. Бог ни заповедал да се чуваме. „Кој мисли дека стои, нека внимава да не падне“ (1. Коринтјаните 10:12).

**Опасност од лекомисленост. -** Само еден пример им е даден на младите, но какви се нивните животи во споредба со Христовиот? Чувствувам возбуда затоа што сум сведок на сеприсутна лекомисленост на младите мажи и жени кои исповедаат вера во вистината. Изгледа дека Бог не е во нивните мисли. Нивните умови се исполнети со глупости. Нивните разговори се само празен, залуден говор. Тие немаат изострен слух за музика, и сатаната знае како да го возбуди и привлече, да го освои и да го шармира умот така што Христос станува непожелен. Потребен е духовен копнеж на душата за божествено знаење, за раст во благодатта.

**Попустливоста го лишува умот од неговата сила. -** Истиот Сведок кој го забележал Валтазаревото скврнавење присутен е и со нас каде и да појдеме. Млади момчиња, девојки, можеби и не сфаќате дека Бог ве набљудува; можеби се чувствувате слободни кога го искажувате нагонот на своето телесно срце, чувствувате дека можете да се предавате на лекомислености и глупости, меѓутоа за сето тоа ќе морате да одговарате пред Оној, Кој вели: „Ги знам твоите дела.“

**Секакви задоволства го закржлавуваат умот. -** Како што брзото јадење на овоземната храна му штети на физичкото здравје, така и гладното голтање на сѐ што има изглед на задоволство е штетно за умот, го наведува да ја одбие духовната храна која му се нуди. Умот се воспитува да копнее за задоволство исто како што и пијаницата копнее за алкохол. Се чини дека е невозможно да се одбие искушението. Трезвеното размислување е непријатно затоа што потребата не е задоволена. Нема ништо угодно во замислата за читање и проучување на зборовите на вечниот живот.

**Опасни забави. -** Секоја забава која нѐ онеспособува за тајна молитва, за посветување пред молитвениот олтар, или за учествување на молитвените состаноци не е сигурна, туку опасна.

**Удоволувањето на апетитот му штети на здравото тело и душа. -** Размислуваш ли, млад човеку, дека во изборот на своите начелни акции и во подредувањето на својот ум на влијанија, го формираш својот карактер за вечноста? Не можеш ништо да сокриеш од Бога. Ти можеш да ги практикуваш лошите навики во тајност, но тоа не е скриено од Бога и од ангелите. Тие ги гледаат тие работи и ти мораш повторно да се сретнеш со нив. Бог не е задоволен од тебе; мораш да бидеш многу понапреден во духовното знаење отколку што си сега.

Со сите привилегии и прилики кои ти ги дал Бог, ти немаш соодветни дела. Ти си обврзан кон другите, а должноста која непотполно се сфаќа ќе биде непотполно објавена. Ќе има грешки и заблуди кои не само што ќе ти наштетат на тебе самиот, туку и ќе помогнат во зацврстувањето на лоши навики кај другите. Ти имаш навики на апетит на коишто им попушташ не само на штета на твоето тело туку и на душата. Твоите навики биле неумерени, спрема навиките и обичаите во светот, а твоето здравје оштетено оддавајќи им се на желбите. Мозокот се замрачил, а ти веќе никогаш нема да имаш чисти мисли додека твоите навики и пракса не ги усогласиш со Божјите закони во природата.

**Избегнувајте искушенија. -** Избегнувајте втурнување во искушение. Кога ќе ве опколат искушенија, и не можете да ги контролирате околностите на кои сте изложени, тогаш можете да се повикате на Божјото ветување и со доверба и свесна сила да извикате: „Сè можам преку Христос кој ми дава сила“ (Филипјаните 4:13). За сите вас постои сила во Бог. Но никогаш нема да ја почуствувате потребата за таа сила која единствено може да ве сочува доколку не ја чувствувате сопствената слабост и грешност.

Исус, вашиот драг Спасител, сега ве повикува одлучно да го заземете своето место на платформата на вечната вистина. Ако страдате со Него, Тој ќе ве круниса со слава во Своето вечно царство. Ако сте во состојба да жртвувате сè заради Него, тогаш Тој ќе ви биде Спасител. Но ако изберете сопствен пат, ќе одите во темнина додека не биде доцна да се осигура вечната награда.

**Негувајте вистинска амбиција.** - Сакајте го правилното бидејќи тоа е правилно, и анализирајте ги своите чувства, своите впечатоци во светлината на Божјата Реч. Погрешно насочената амбиција ќе ве одведе во жалост исто толку сигурно како и да и се предавате. Се обидувам да најдам соодветни зборови и изрази кои одговараат на овој предмет, и додека моето перо се тетерави за момент, ми дојдоа на ум соодветни зборови. Би сакала да ме сфатите.

Негувајте амбиција која ќе му донесе слава на Бога затоа што неа ја посветува Светиот Дух. Нека светото масло, кое доаѓа од две маслинови гранки, се запали со свет сјај на олтарот на вашите души. Делото на овие маслинови гранки го претставува најбогатиот дар на Светиот Дух.

# СОВЕСТА

**Воздигнете ја совеста до нејзиното вистинско место на авторитет. -** Бог на луѓето им дава повеќе од обичен животински живот. Тој „толку го возљуби светот што го даде Синот Свој единороден, та секој кој ќе поверува во Него да не загине туку да има живот вечен.“ Тој очекува од оние за кои поднел толку голема жртва да покажат дека ја ценат Неговата љубов следејќи го примерот кој го оставил Христос, живејќи живот кој е во склад со Неговата волја. Тој очекува да одговорат на љубовта која ја покажал спрема нив одрекувајќи се себе си за доброто на другите. Тој очекува да ги употребат своите телесни и умствени сили во служба за Него. Тој им дал љубов и очекува овој скапоцен подарок да го искористат за Негова слава. Тој им дал совест, и Тој забранува овој скапоцен дар на било каков начин да биде злоупотребен; напротив, треба да се воздигне до местото на авторитетот кој Тој му го наменил.

**Да се контролира совеста и да се воздигне љубезното однесување. -** Сите ние треба да ја воздигнеме љубезноста и да се потчиниме на контролата на совеста. Духот на вистината ги прави мажите и жените подобри кога го примаат во своето срце. Тој дејствува како квасец додека целото битие не дојде во склад со начелата на вистината. Тој го отвара срцето кое било замрзнато со алчност; ја отвара раката која секогаш била затворена спрема човечките патила; а привлечноста и љубезноста можат да се видат како негови родови.

**Чистата совест прекрасна придобивка. -** Чистата совест пред Бога и луѓето е прекрасна придобивка.

**Отфрлањето на совеста е голема опасност. -** Секојдневно мажите и жените ја одредуваат својата вечна судбина. Ми беше покажано дека мнозина се во голема опасност. Додека човекот може да направи или да каже нешто за да си ја постигне својата цел, ништо освен Божјата сила не може да го спаси. Потребна е преобразба на неговиот карактер, за да биде со чиста совест и пред Бог и пред луѓето. Неговото јас мора да умре, а Христос да го заземе храмот на душата. Кога отфрлајќи ја светлината што им ја дал Бог, луѓето ја злоупотребуваат и си ја газат совеста, тие се во голема опасност. Нивната идна вечна благосостојба се доведува во опасност.

**Сатаната се обидува да ја затапи совеста. -** Сатаната го користи својот авторитет за да го затапи Божјиот глас и гласот на совеста, и светот постапува како да е под негова контрола. Луѓето го избрале за свој водач. Тие стојат под неговото знаме. Тие не сакаат да бидат Христови

за да имаат живот. Заслепени со плановите за задоволство и забава, тие се борат за она што е уништувачко.

**Еден погрешен чекор го менува животот. -** Отстранување на една бариера од совеста, пропуст да се направи она што всушност Господ го назначил, еден чекор на патот на погрешните принципи, често доведува до целосна промена на животот и делувањата... Ние сме сигурни само во следењето на патот по кој не води Христос. Патот ќе биде појасен, сѐ посветол и посветол, додека не се раздени.

**Нарушената совест слабее. -** Човекот кој откако ќе ја слушне вистината се оттрга од неа затоа што нејзиното прифаќање би го забавило неговиот успех во работата, се одвраќа од Бога и од светлината. Тој ја продава својата душа на евтин пазар. Неговата совест секогаш ќе биде несигурна. Тој се спогодил со сатаната, извршувајќи насилство над својата совест, која доколку се зачувала чиста и чесна, би била од поголема вредност и од целиот свет. Тој што ја одбива светлоста се послужува со плодот на непослушноста, исто како Адам и Ева во Еденската градина.

**Губењето на интегритетот на совеста ја парализира животната енергија. -** Кога ќе ја изгубите својата непорочност, душата станува бојно поле за сатаната; имате доволно сомневања и страв кои ја парализираат животната енергија и донесуваат обесхрабрување. Кога се изгубила Божјата наклоност, знаете ли дека некои од вас се обиделе да ја потполнат таа празнина и настојувале да го вратат изгубеното осведочување на Светиот Дух дека сте Божјо дете во световните возбудувања, и во световното друштво.

**Сатаната ја контролира совеста отапена од алкохол. -** Пијаницата го продава својот разум за чаша отров. Сатаната го контролира неговиот разум, неговите склоности и совест. Таквиот човек го руши Божјиот храм. Пиењето чај помага да се изврши истото тоа дело. Сепак колку се оние кои ги ставаат тие разорувачки средства на своите трпези, гушејќи ги со тоа божествените атрибути.

**Исхраната дејствува на совеста. -** Тешката и стимулирачка храна ја надразнува крвта, го возбудува нервниот систем, и често ги отапува моралните запазувања така што разумот и совеста се преоптоварени со телесни нагони.

**Здравјето и совеста. -** Здравјето е непроценливо богатство, и нешто што е тесно поврзано со совеста и религијата, нешто што мнозина не го сфаќаат како такво. Тоа има големо влијание врз човечката способност. Секој проповедник треба да негува чувство, ако сака да биде верен чу-

вар на своето стадо, мора да ги зачува сите можности во состојба за најдобра можна служба.

**Совеста како делотворно средство во обновување на здравјето. -** Ако сте оптоварени и уморни, нема потреба да се виткате како лист на исушена гранка. Веселоста и чистата совест се подобри и од лек, и ќе бидат делотворно средство во обновување на вашето здравје.

**Можно е совесно да бидеш во криво. -** Мнозина ја поддржуваат замислата дека човекот може да прави сѐ во што свесно верува дека е во право. Но прашање е: дали човекот има добро истренирана, вистинска вредна совест, или е склон кон сопствено необјективно мислење? Совеста не е дадена за да го заземе местото на тоа „Вака вели Господ.“ Секоја совест не е усклaдена и не е еднакво вдахновена. Кај некои совеста е мртва и жигосана како со врело железо. Луѓето можат да бидат совесно во криво и совесно во право. Павле не веруваше во Христа од Назарет, и ги прогонуваше христијаните од град во град, искрено верувајќи дека тоа го прави во чест на Божјата служба.

**Човечките согледувања се нестабилен водач. -** „Светлината на телото е окото. И така, ако твоето око е бистро, целото твое тело ќе биде осветлено; но ако твоето тело е лукаво, целото твое тело ќе биде темно. И така, ако светлината што е во тебе, е темнина, колкава ќе биде темнината?“ (Матеј 6:22, 23).

Овие зборови имат вистинско, но и друго значење, буквално и фигуративно. Тие се полни со вистина што се однесува на телесното око, со чија помош ги гледаме надворешните објекти. Но тие се исто така вистина во однос и на духовното око, совеста, со којашто го проценуваме доброто и злото. Ако окото на душата, совеста, е совршено здраво, душата ќе се поучува во добар правец.

Но ако совеста се води според човечките согледувања, кои не се потчинети и омекнати од Христовата благодат, умот е во болна состојба. Работите не се гледаат онакви какви што се. Фантазијата е возбудена, и окото на разумот ги согледува работите во лажна искривена светлина. Потребен ви е јасен, сочувствителен поглед. Вашата совест била злоупотребена, а со тоа и стврдната, но ако сакате да го следите вистинскиот пат, ќе и ја вратите обновената светлина.

**Кога можеме да ѝ веруваме на совеста. -** Но некој може ќе рече: „Мојата совест не ме осудува за непридржување на Божјите заповеди.“ Но во Божјата Реч читаме дека постои добра и лоша совест, и фактот дека совеста не ве осудува во недржењето на Божјите закони не докажува дека не сте под осуда во Неговите очи.

Предајте и ја својата совест на Божјата Реч и видете дали вашиот живот и карактер се во склад со стандардите на праведноста што Бог ги има

откриено преку неа. Тогаш ќе можете да одредите дали имате или немате разумна вера и каква ви е совеста. На човековата совест не може да и се верува доколку не е под влијание на божествената благодат. Сатаната ја користи предноста на непросветлената совест, и со тоа ги води луѓето во секојдневни заблуди, затоа што од Божјата Реч не направиле свој советник. Мнозина измислиле сопствено евангелие на истиот начин како што Божјиот закон го замениле со свој.

**Божјата реч стандард. -** Не е доволно човекот сам да мисли дека е сигурен само ако ги следи налозите на својата совест... Прашањето кое треба да се постави е: дали таа совест е во склад со Божјата Реч? Ако не е, не може со сигурност да се следи, бидејќи ќе измами. Совеста мора да биде просветлена од Бога. Мора да се одвои време за проучување на Светото писмо и да се има време за молитва. Така умот ќе се утврди, ќе зајакне и ќе биде постојан.

**Дали совеста ви го менува животот? -** Вие можете да имате совест, и таа совест може да ви донесе осведочување, но прашање е: дали тоа осведочување е делотворно средство? Дали тоа го допира вашето срце и работата на внатрешниот човек? Ви го чисти ли храмот на душата од секакво загадување? Тоа е она што ни е потребно, затоа што времето е исто како што било во деновите на децата Израелови, и ако постојат некои гревови во вас, не застанувајте сè додека не се поправат и исчистат.

**Впечатокот на вистината врз совеста и срцето. -** Псалмистот вели: „Објаснувањето на Твоите зборови просветлува, ги вразумува простодушните“ (Псалм 119:130). Кога вистината делува на самата совест, таа создава многу неспокојства, но кога ќе биде повикана и срцето, целото тело му се потчинува на Исус Христос. Дури и мислите се заробуваат, бидејќи Христовиот ум работи таму каде што волјата се потчинува на волјата Божја. „Имајте ја на себе истата мисла, која беше и во Исуса Христа“ (Филипјаните 2:5). Оној кого Господ ќе го ослободи навистина е слободен, и тој не може повторно да се вовлече во ропството на гревот.

**Вистината која се држи само по совеста го вознемирува умот. -** Секој искрен Евреин според својата совест бил осведочен дека Исус Христос е Божји Син, но срцето не сакало да се потчини во својата гордост и честољубие. Се задржало противењето на светлината на вистината, која решиле да ја отфрлат и негираат. Кога вистината се држи како вистина само по совеста, кога срцето нема да биде поттикнато да ја прифати, вистината во тој случај само го вознемирува умот. Но кога вистината ќе се прифати од срце како вистина, таа минува низ совеста и ја потчинува душата на своите принципи на чистота. Таа се вгнездува во ср-

цето со помош на Светиот Дух, кој ја обликува нејзината убавина во умот за да може нејзината преобразувачка сила да се забележи во карактерот.

**Бог не ја присилува совеста. -** Бог никогаш не ја присилува волјата или совеста, додека таа е постојано прибежиште на сатаната - за да здобие контрола над оние кои не може да ги заведе поинаку - тој употребува сурова принуда. Низ страв или сила тој се обидува да владее над совеста и да осигура послушност на себе.

**Кога совеста е сигурен водач. -** Оној на кого совеста му е сигурен водач нема да се предомислува додека го опсипува светлината од Божјата Реч. Тој нема да се води според човечката совест. Нема да дозволи световните работи да му се испречат на патот на послушноста. Ќе го остави секој себичен интерес на вратите на испитувањето и ќе ѝ пристапи на Божјата Реч како оној чиј вечен интерес ќе преовладее на вагата.

**Емоциите и желбите треба да им се потчинат на разумот и совеста. -** Ако не сакаме да правиме грев, мораме да се пазиме од самите негови почетоци. Секоја емоција и желба мора да се потчинат на разумот и совеста. Секоја несвета мисла мора веднаш да се уништи. Во својата клет, Христови следбеници. Молете со вера со целото свое срце. Сатаната чека да ве фати во стапица. Морате да имате помош од одозгоре ако сакате да ги избегнете неговите замки.

Но вам ви е потребно да ја држите секоја емоција и страст под контрола, во тивка потчинетост на разумот и совеста. Тогаш сатаната ја губи својата моќ во контролирањето на умот.

**Раните остануваат засекогаш. -** Што постигнал тој нечесен човек со својата светска политика? Колкава цена платил за својот успех? Тој ја жртвувал својата машкост и тргнал по патот кој води во пропаст. Тој може да се обрати, може да го увиди злото на својата неправедност кон браќата - и, колку е тоа можно, треба да го поправи пропустот; но лузните од ранетата совест ќе останат засекогаш.

**Христовата благодат доволна за виновната совест. -** Кога гревот се бори да загосподари во срцето, кога чувството на вина ја притиска душата и обременува совеста, кога неверувањето го замрачува духот, имајте предвид дека Христовата благодат е доволна да го совладате гревот и да ја протерате темнината. Стапувајќи во тесна заедница со Спасителот, ние влегуваме во царството на мирот.

**Вие можете да го направите од себе она што ќе го одберете. -** Уште еднаш те предупредувам како оној што мора да се соочи со тие правци оној ден кога сечиј случај ќе биде одлучен. Предај му се на Христа без предомислувања; Тој единствено може со силата на Својата благодат да

те спаси од пропаста. Единствено Тој може да ги доведе твоите морални и ментални сили во здрава состојба. Вашето срце може да се запали со Божјата љубов; вашето разбирање да се разбистри и созрее, вашата совест да се просветли, да оживее и да се очисти, вашата волја да се воздигне и посвети, да се потчини на контролата на Божјиот Дух. Вие можете да направите од себе тоа што ќе го одберете. Ако сакате сега да се свртите кон правдата, да престанете да правите зло и да се научите да правите добро, тогаш ќе бидете навистина среќни, ќе бидете успешни во животните борби и ќе досегнете до слава и чест во живот подобар од овој. „Одберете денес на кого ќе му служите“ (Исус Навин 24:15).

**Не мешајте се во совеста на другите. -** Совеста во однос на тоа што е Божјо е света ризница, во која ниту едно човечко суштество, без разлика на својата положба, нема право да се меша. Навуходоносор им понудил на Евреите уште една можност, и кога тие одбиле, се разгневил и наредил огнената печка да се загрее седум пати повеќе од вообичаеното. Им рекол на заробениците дека ќе ги фрли во таа печка. И тогаш дошол одговор полн со верба: Нашиот Бог на кого Му служиме може да нѐ избави; но и ако не го стори тоа, ние и понатаму ќе му останеме верни на Бога.

**Не е мерило за други. -** Бог не сака од својата совест да правите мерило за другите. Вие треба да извршите една должност, а тоа е да станете кротки и да развивате несебичност во своите чувства додека најголемо задоволство не ви биде усреќувањето на другите.

**Родителите мораат да им помогнат на децата да ја сочуваат чистата совест. -** Упатена сум да им кажам на родителите: правете сѐ што е во ваша моќ да им помогнете на децата да имаат чиста совест. Учете ги да се хранат од Божјата реч. Учете ги дека тие се мали Господови деца. Не заборавајте дека Тој ве поставил како нивни чувари. Ако им давате соодветна храна и соодветно ги облекувате и ако грижливо ја изучувате со нив Божјата Реч, стих по стих, правило по правило, овде малку и таму малку, со многу молитви упатени до нашиот небесен Татко, вашите напори ќе бидат богато наградени.

**Совеста треба да се исчисти. -** Секој агол во храмот на душата станал повеќе или помалку извалкан, и потребно е чистење. Мора да се влезе во делот на совеста каде што се зафатила пајажина. Прозорците на душата мора да се затворат кон земјата и ширум да се отворат кон небото за да можат сјаните зраци на Сонцето на Праведноста да имаат слободен пристап. Сеќавањата треба да се освежат со библиски начела. Умот мора да се одржува чист за да може да прави разлика помеѓу доброто и злото. Додека ја повторувате молитвата со која Христос ги учеше Своите ученици, и потоа се борите за одговор во секојдневниот живот,

Светиот Дух ќе го обнови умот и срцето и ќе ви даде сила да ги остварите тие возвишени и свети намери.

**Чистата совест носи совршен мир. -** Внатрешниот мир и чистата совест кон Бога, ќе го оживее и ќе го освежи интелектот како роса која се слева по нежните билки. Тогаш волјата ќе биде правилно насочена и контролирана и уште поодлучна, а сепак слободна од изопачености. Размислувањата се пријатни бидејќи се посветени. Мирот на умот кој можете да го имате ќе ги благослови сите со кои се дружите. Овој мир и спокој со текот на времето ќе стане природен и ќе ги рефлектира своите драгоцени зраци насекаде околу вас. Колку повеќе го искусувате небесниот мир и умното спокојство, тој сѐ повеќе ќе расте. Тоа е едно вдахновено, живо задоволство кое не ги залажува моралните можности, туку ги буди на уште поголема активност. Совршениот мир е особина на небото која ја имаат ангелите. Бог може да ви помогне да бидете сопственик на овој мир.

# Отсек Осум

## *Водечки начела во образованието*

# ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАПАЗУВАЊЕТО

**Закон во интелектуалниот и духовниот свет. -** Законот на нашата интелектуална и духовна природа е ние да се менуваме со она што го посматраме. Нашиот ум е проникнат со она со што се занимава. Ние стануваме слични со она што сме навикнале да го сакаме и да го почитуваме.

**Посматрањето на злото ја расипало претпотопната генерација. -** Посматрајќи го злото луѓето се промениле во неговиот облик, а Бог не можел повеќе да ја поднесува нивната злоба, и ги уништил со потоп.

**Промена на подобро. -** Посматрајќи го Исуса, ние се здобиваме со сѐ појасни поими за Бога. Гледајќи го Него, и ние се менуваме. Добрината и љубовта кон ближните стануваат наши природни особини. Кај нас се развива карактер сличен на божествениот. Обликувајќи го Неговиот лик во себе, ние ја зголемуваме и нашата способност да го запознаеме Бога. Воспоставуваме сѐ поцврста заедница со небесниот свет, со што се зголемува нашиот капацитет за примање на богатството на знаење и вечна мудрост.

**Промена на лошо. -** Гледајќи во Господа, ние се преобразуваме. Но бидејќи се занемарени оние свети прописи во кои Бог на луѓето им го открил совршенството и светоста на Својот карактер, а вниманието на луѓето го привлекуваат човечките науки и теории, тогаш не е ни чудно што во црквите се појавило опаѓање на вистинската побожност. Господ рекол: „Две зла направи мојот народ: ме остави Мене, Изворот на жива вода, и си ископа себеси извори, извори издупчени кои не држат вода“ (Еремија 2:13).

**Животот се менува гледајќи. -** Божјата Реч е видело на нашите стапки и светлина на нашиот пат. „Во срцето го запазив Твојот збор, за да не згрешам против Тебе“ (Псалм 119:11). Срцето заокупирано со Божјата Реч е утврдено против сатаната. Оние на кои Христос им е секојдневен придружник и близок пријател ќе почувствуваат дека силата на невидливиот свет е насекаде околу нив и гледајќи на Исуса ќе се вклопат во Неговиот лик. Гледајќи, тие се менуваат според божествениот пример, нивниот карактер станува помек, префинет и облагороден за небесното царство.

**Селективно запазување. -** Бог не сака да слушаме сѐ што може да сѐ чуе или да гледаме сѐ што може да се види. Голем благослов е да се затворат ушите да не чуеме и да ги покриеме очите да не гледаме. Најголема грижа треба да ни биде да имаме остар вид да ги согледаме сопс-

твените недостатоци и спремно уво да ги прифати сите потребни укори и упати, за да не преку своето невнимание и негрижа ни побегнат и ние станеме заборавни слушатели и неизвршувачи на делото.

**Да се задржи вниманието на моќта на запазување. -** Кога ќе ве повикаат да присуствувате на советување, запрашајте се дали вашите способности на запазување се во потребната состојба за да ги одмеруваат доказите. Ако не сте во добра состојба, ако мозокот ви е конфузен, немате право да учествувате на состанокот. Дали сте нервозни? Дали духот ви е мек и пријатен, или толку вознемирен и непријатен што ќе ве наведе да донесете непромислени одлуки? Се чувствувате ли како да сакате да се тепате со некого? Тогаш не одете на состанок; зошто ако отидете ќе го обесчестите Бога. Земете секира и цепете дрва, или вклучете се во некоја физичка активност сѐ додека не ви омекне духот и полека се смири. Всушност како што е сигурно дека желудникот ви создава пореметувања во мозокот, така и вашите зборови би внеле забуна на тој состанок. Оштетените органи за варење предизвикале многу повеќе проблеми отколку што мнозина мислат.

**На перцепцијата се делува со физички навики под контрола на совеста. -** Оние кои сакаат да имаат бистри умови за да ги разликуваат сатанските планови мораат физичките нагони да им се под контрола на разумот и совеста. Кревкото и силно дејствување на возвишените умни способности е важно за усовршување на христијанскиот карактер. Силата или слабоста на умот се од голема важност за користа на овој свет и за нашето конечно спасение.

**Вежбањето ја подобрува перцепцијата. -** Мозокот и мускулите мораат подеднакво да се оптоваруваат ако сакаме да го одржиме здравјето и свежината. Младите тогаш можат да му пристапат на проучувањето на Божјата реч со здраво запазување и добро урамнотежени нерви. Тие ќе бидат сконцетрирани и ќе знаат да го сочуваат она драгоценото што се изнесува од Божјата реч. Тие ќе ги систематизираат нејзините вистини и како резултат на тоа ќе имаат умствена сила да ја разберат вистината. Потоа, според можностите, ќе знаат да дадат одговор на секој човек кој бара причина за надеж која е во нив со понизност и страв.

**Растот во совршенството ја подобрува перцепцијата. -** Колку човекот повеќе се приближува кон моралното совршенство, неговите чувства се сѐ посилни, неговото забележување на гревот поостро, а неговото сочувство кон неволните подлабоко.

**Жалоста го поматила запазувањето на Марија. -** Тогаш се оддалечила дури и од ангелите, мислејќи дека мора да најде некого кој би можел да и каже што е сторено со Исусовото тело. Во тој миг ѝ се обратил

еден друг глас: „Жено зошто плачеш? Кого го бараш?“ Со очи замаглени од солзи, Марија видела лик на некој човек и, мислејќи дека тој е градинарот, рекла: „Господине, ако си го однел ти, кажи ми каде си го оставил да одам по него.“

**Го препознала Исуса по гласот. -** Меѓутоа, сега Исус со Својот добро познат глас и рекол: „Марија!“ Сега знаела дека Оној што и се обратил не бил странец и свртувајќи се го видела пред себе живиот Христос. Во својата радост заборавила дека бил распнат. Потрчувајќи кон Него, како да сакала да му ги прегрне нозете, рекла: „Рави!“

**Апетитот ја умртвува способноста на запазување. -** Откупителот на светот знаел дека попуштањето на апетитот, носи физичка слабост и умртвување на способностите на запазување така што светите и вечни работи не можат да се препознаат. Тој знаеше дека попуштањето на самиот себе ги изопачува моралните сили и дека човечката голема потреба е обратување на срцето, умот и душата, од живот на самопопуштање во живот на самоодрекување и самопожртвување.

**Гревот го замаглува запазувањето. -** Гревот е тој што ги замрачува нашите умови и ја замаглува нашата свест. Кога гревот ќе биде очистен од нашето срце, светлината на познавањето на Божјата слава во ликот на Исуса Христа ја осветлува Неговата реч и одблеснува од лицето на природата и сè повеќе и повеќе го објавува Оној Кој е „штедар и милостив, долготрпелив, многумилостив и вистински“ (Излез 34:6).

Во Неговата светлина ние ќе видиме светлина и нашиот ум, срцето и душата ќе бидат преобразени во Неговата светост.

**Замаглени можности на запазување.** - Гордоста, љубовта кон себе, себичноста, омразата зависта и љубомората ги замаглуваат можностите за запазување.

**Како Христос се соочувал со запазувањата отапени од гревот. -** Христос се понижи себе си земајќи на себе човечка природа за да можел да допре до паднатото човештво и да го воздигне. Но човечките умови биле помрачени од гревовите, нивните способности парализирани, а запазувањето отапено, така што не биле во состојба да го препознаат Неговиот божествен карактер под плаштот на човечката природа. Овој недостаток на разбирање од нивна страна бил препрека на делото коешто Тој сакал да го направи за нив, и за да му даде сила на Своето учење, честопати бил принуден да ја одредува и брани Својата положба.

Со упатување на Својот таинствен и божествен карактер, Тој настојувал да им ги наведе умовите во таков тек на размислување кој би бил погоден за преобразувачката сила на вистината. Од друга страна, Тој користел поими од природата кои им биле блиски за да им ја илустрира бо-

жествената вистина. Основата во срцето на тој начин била подобро подготвена за прифаќање на доброто семе. Тој кај своите слушатели создавал чувство дека Неговите интереси се еднакви со нивните, дека Неговото срце сочуствува со нивните во радоста и тагата. Истовремено тие во Него виделе манифестирање на сила и способност, која била далеку над онаа кои ја имале нивните најславни рабини. Христовите учења биле одбележани со едноставност, достоинство и сила кои на нив дотогаш им биле непознати и нивниот спонтан извик бил: „Никогаш човек не зборувал како овој човек“. Народот со задоволство го слушал.

**Неконтролираните страсти ја расипуваат способноста за запазување. -** Ниските страсти мораат строго да се контролираат. Способностите за запазување се злоупотребуваат, страшно се злоупотребуваат, кога на страстите ќе им се дозволи да се разбрануваат. Кога страстите ќе се ослободат, крвта, наместо да циркулира низ сите делови на телото, растоварувајќи го така срцето и чистејќи го умот, таа несразмерно се слева спрема внатрешните органи. Како последица доаѓа болест. Човекот не може да биде здрав додека ова зло не се увиди и искорени.

**Умот може да се научи да го прифаќа гревот. -** Долгиот процес на подготовка, за кој светот не знае, се одвива во срцето пред еден христијанин да стори отворен грев. Душата не преминува наеднаш од чистота и светост во расипаност, порок и злосторство. Потребно е извесно време суштествата, создадени според Божјиот лик, да спаднат на животинско ниво или сатанска природа. Посматрајќи, ние се преобразуваме. Човекот кој се занимава со нечисти мисли може да падне толку ниско, што ќе му годат гревовите кои порано ги осудувал.

**Силите стануваат играчка на непријателот. -** Бог не му дава дозвола на човекот да ги крши законите на своето битие. Но човекот, попуштајќи им на сатанските искушенија и на неумереноста, повеќето од способностите ги става под контрола на животинските нагони и страсти. Кога тие ќе здобијат власт, човекот кој е создаден малку помал од ангел, со способностите предиспонирани за најголем развој ѝ се предава на сатанската контрола. И тој се здобива со лесен пристап кај оние кои му робуваат на апетитот. Преку неуморноста, едни жртвуваат половина, други две третини, од своите физички, ментални и морални можности и стануваат играчки на непријателот.

**Совет на една жена која си замислува неправда кога таа воопшто и не постои. -** Сестрата Д е измамена во некои работи. Мисли дека Бог ја упатил во една посебна смисла, и вие двајцата сте верувале и постапувале во склад со тоа. Проникливоста за која мислела дека ја поседува во вистинска смисла е во суштина заведеност од непријателот. Таа е природно брза да согледа да разбере, да почувствува, и е со многу чувстви-

телен карактер. Сатаната ги искористил предностите на овие црти од нејзиниот карактер за да ве заведе и обајцата.

Брате Д, бевте заробеник долго време. Најголем дел од она за што сестрата, мислела дека е проникливост всушност било љубомора. Таа кон сè е расположена со љубоморно око, сомнежлива, злонамерна, недоверлива скоро во се. Ова предизвикува несреќа на умот, потиштеност и сомнеж, таму каде што би требало да постои верба и доверба. Тие несреќни црти на карактерот ги свртеле нејзините мисли во темен канал, каде се оддавала на лоши претчувства, додека многу чувствителниот темперамент ја наведувал да замислува запоставеност, презир и неправда, кога такво нешто воопшто и немало... Овие несреќни црти на карактерот, со силна и одлучна волја мораат да се исправат и реформираат, во спротивност на крајот и на двајцата ќе ви донесат бродолом на верата.

**Не се занимавајте со силите на сатаната. -** Гледајќи, ние се менуваме. Занимавајќи се со љубовта на Бога и на нашиот Спасител, разгледувајќи ја совршеноста на божествениот карактер и полагајќи право на Христовата праведност како на своја преку вера, ние се преобразуваме во ист таков облик. Значи, не ги собираме сите тие непријатни слики, беззаконија, расипаност и разочарувања, - докази на сатанската сила - за да ги прикачуваме по просториите на својата меморија, не разговараме ниту се јадосуваме над нив додека душата не ни се исполни со обесхрабрување. Обесхрабрената душа е пристаниште на темнината, и не само што самата не успева да прими светлина од Бога, туку ја трга и од другите. Сатаната сака да го следи резултатот на својот триумф, правејќи ги човечките суштества слабоверни и обесхрабрени.

**Влијанието од опкружувањето. -** Колку повеќе пациентот престојува на отворен простор, толку помалку ќе има потреба од грижа. Во повесела средина и тој ќе има повеќе надеж. А ако е затворен в соба ќе стане раздразлив и тегобен иако можеби ќе го има само најдоброто. Опкружете го со природата и нејзините убавини, сместете го таму каде што ќе може да го набљудува развивањето на цвеќињата и да го слуша појот на птиците и тогаш неговото срце ќе запее во хармонија со песните на природата. Ќе настапи олеснување за телото и душата. Разумот ќе се разбуди, внатрешните способности ќе се придвижат и духот ќе биде оспособен да ја вреднува убавината на Божјиот збор.

**Опкружувањето делува на искуството. -** Потоа ми беше покажана една млада девојка... која се одвоила од Бога и беше завиена во темнина. Ангелот рече: „Таа извесно време добро патуваше; што ја има спречено?“ Се свртев и видов дека тоа беше промената на опкружувањето. Таа се дружеше со млади како себе, кои беа исполнети со веселост, разиграни, горди, и кои го сакаа светот. Да внимаваше на Христовите зборови, не ќе мораше да му се предаде на непријателот. „Стражете... и молете се, за да

не паднете во искушение“. Искушенијата можат да бидат секаде околу нас, но тоа не мора да значи дека секако ќе им подлегнеме. Вистината е повредна од сè. Нејзиното влијание се стреми не кон тоа да нè понижи туку да нè воздигне, разубави, исчисти и возвиши до бесмртноста и Божјиот престол. Ангелот запрашал: „Го сакате ли Христос, или светот?“

Сатаната на кутрите смртници им го претставува светот со својот воодушевувачки лажен шарм, а тие со напнатост го набљудуваат, а неговата раскош и лажниот сјај ја замрачуваат небесната слава и оној живот кој е постојан како Божјиот престол. Животот на мир, среќа, неискажана радост, која не сака да знае за никаква жалост, тага или смрт, се жртвува за краткиот животен век на гревот.

**Гледањето ја обликува личноста. -** Тоа што го гледала и слушала ѝ го изопачило срцето.

**Перцепцијата е збунета со изборот на световните предности. -** Лот го избрал Содом како место на живеење затоа што повеќе внимавал на земните богатства отколку на моралните влијанија кои го опкружувале него и неговото семејство. Што стекнал во поглед на земните богатства? Неговиот имот бил уништен, дел од децата загинале во уништувањето на тој лош град, неговата жена претворена во солен камен на патот, а тој сам спасен, „како гламна низ оган“. Но лошите последици од неговиот себичен избор не завршуваат тука; моралната расипаност на тоа место така се вплеткала во карактерот на неговите деца што не биле во состојба да прават разлика помеѓу доброто и злото; гревот и праведноста.

**Помрачена перцепција кон вечните вистини. -** Од оние кои погрешно ги примениле средствата што му се посветени на Бога, ќе се бара да дадат сметка за својата пристрасна служба. Некои себично си приграбиле средства поради својата љубов за добивка. Други немаат чувствителна совест; таа овенала поради долго негуваната себичност...

Нивните умови предолго пловеле по земните, себични канали така што не можат да ги ценат вечните работи. Тие не го вреднуваат спасението. Се чини дека е не можно да се воздигнат нивните умови за да правилно го проценат планот на спасението или да го вреднуваат помирувањето. Себичните интереси им го обзеле целото битие, налик на тежок камен тие им ги притискаат умот и наклоностите, врзувајќи и влечејќи ги надолу кон приземното ниво. Некои од овие лица никогаш нема да го постигнат совршенството на христијанскиот карактер затоа што не ја согледуваат вредноста и неопходноста од таквиот карактер. Нивните умови не можат да се воздигнат до ниво каде ќе бидат восхитени од светлината. Љубовта кон себе и кон себичните интереси така го изопачиле нивниот карактер што не можат да се наведат да направат разлика помеѓу светото и вечното од една страна и обичното од друга.

**Тоа што ја стимулира перцепцијата. -** Кога срцата ќе се очистат од себичноста и егоизмот, тие се во склад со пораката која Бог им ја праќа. Запазувањата оживуваат, сетилата се префинуваат. Тоа што е слично меѓусебно се цени. „Кој е од Бога ги слуша Божјите зборови“ (Јован 8:47).

# ПРИНЦИПИ НА МОТИВАЦИЈАТА

**Успехот бара цел. -** За да се постигне успех на било кое подрачје, мора да се има одредена цел. Оној кој сака да постигне вистински успех во животот, мора постојано да ја има пред очите целта вредна за тој труд. Таква цел е поставена пред денешната младина.

**Да се тежнее кон најголемата можна цел. -** Она посебно место кое ни е одредено во животот, ни е доделено врз основа на нашите способности. Не достигнуваат сите ист степен на развој, ниту со ист успех ја извршуваат истата работа. Бог не очекува од исопот да ги достигне пропорциите на еден кедар, ниту од маслинката височина на величествена палма. Но секој мора да се труди да се вивне онолку високо колку што му овозможува здружувањето на човечките и небесните сили.

**Студентите мораат да имаат реална цел. -** Учете ги студентите талентите кои Бог им ги дал да ги употребуваат за најголемата, најсветлата цел, за да можат да го направат најголемото добро на овој свет. Студентите мораат да научат што значи да имаат вистинска цел во животот, и да се стекнат со реално разбирање за тоа што значи вистинско образование.

**Христос ги поттикнува возвишените стремежи. -** Тој нè поттикнува и нè храбри да се стремиме кон највисоките цели и да си го обезбедиме најскапоценото богатство.

**Пропуст да се разбере нечиј потенцијал. -** Мнозина не стануваат она што би можеле, затоа што не ја ползуваат силата што е во нив. Не се потпираат, колку што би можеле, врз божествената сила. Мнозина скршнале од патот на кој би можеле да постигнат најголем успех. Барајќи поголема почест или поугодна работа, тие се обидуваат да прават нешто за што не се способни. Многу луѓе чии таленти се посоодветни за некоја друга работа, амбицијата ги нагонува да се посветат на некоја интелектуална професија. И така, оној кој може да биде успешен како земјоделец, занаетчија или медицински техничар, носи назив на проповедник, правник или лекар, иако е неспособен за тоа. Дури, пак, кои можеле да се занимаваат со некоја одговорна работа, се задоволуваат со некоја полесна положба едноставно поради недостиг на енергија, трудољубивост или истрајност.

**Големи можности во животот. -** Со оглед на можностите во животот, кој е способен да оцени што е големо а што мало? Колку луѓе на ниски положби во животот, поттикнувајќи дејности од благослов за светот, постигнале резултати на кои и цареви би можеле да им завидуваат!

**„Нешто подобро“ – закон на вистинско живеење. –** „Нешто подобро!“ е лозинката на образованието, закон на секое вистински живеење. На местото на она што се бара да отфрлиме, Христос ни нуди нешто што е многу подобро. Младите често се стремат кон цели, потфати и уживања, кои не мораат да делуваат како за лошо, но на кои им недостасува највозвишеното добро. Тоа го застранува животот од неговата најблагородна цел. Самоволните мерки или директни закани можеби нема да успеат да ги наведат младите да се откажат од она што им е мило. Да ги насочиме кон она што е подобро од покажување, честољубивост, и задоволување на сопствените каприци.

Да ги донесеме во допир со повистинска убавина, со повозвишени принципи и поблагороден живот. Да ги наведеме да гледаат во Оној Кој е „сиот мил“. Кога погледот еднаш ќе се насочи кон Него, животот наоѓа свое средиште. Воодушевувањето, благородната предаденост и огнената ревност на младите тука ја наоѓаат својата вистинска цел. Должноста станува уживање, а жртвата задоволство. Да се слави Христос, да се стане сличен на Него, да се работи за Него, тоа е најголемата животна амбиција и најголема радост.

**Да се развиваат најголемите мотиви за напредок. -** Оние кои се обучуваат за медицински браќа или сеестри и лекари треба секојдневно да се упатуваат за да можат да развијат најголеми мотиви за напредок. Тие би требало да ги посетуваат нашите факултети и школи за обука; а учителите во овие научни институции да ја сфатат својата одговорност да работат и да се молат за студентите. Во овие школи, студентите треба да се учат да бидат вистински медицински мисионери, цврсто поврзани со службата на евангелието.

**Непромислена себична бесцелност на богатиот. -** Целите на овој човек не биле повозвишени од целите на животните што гинат. Живеел како да нема Бог, како да нема небо, како да нема иден живот; се што имал како да било само негово, како ништо да не му должел ниту на Бога ниту на луѓето. Псалмистот го опишал овој богат човек кога напишал: „Безумникот рече во своето срце: ‘Нема Бог!’“ (Псалм 14:1).

**Бесцелниот живот е жива смрт. -** Бесцелниот живот е жива смрт. Умот треба да се занимава со теми кои се однесуваат на нашите вечни интереси. Тоа ќе им донесе здравје и на телото и на умот.

**Скапаните корени се бесцелни. -** Една од од основните причини за душевната немоќ и слабоста на духот е недоволната насоченост кон вредните цели. Ние се фалиме со широката распространетост на литературата; но умножувањето на книгите, дури и оние кои сами по себе не се штетни, може да стане вистинско зло... Освен тоа, поголем дел од списанијата и книгите кои, како жабите во Египет, ја преплавуваат земјата, не е

само претеран, празен и штетен, туку и порочен и унижувачки. Нивна цел не е само да го отрујат и упропастат умот туку и да ја расипат и уништат душата. Умот и срцето кои се немарни и бесцелни, паѓаат како лесен плен на злото. Габите растат токму врз болните, безживотни организми. И токму невработениот ум е работилница на сатаната. Умот треба да се насочува кон високи и свети идеали, животот да добие благородна цел, смисла со која ќе биде сосема окупиран, па злото тешко ќе се пробие.

**Бесцелноста - предиспозиција за неумереноста. -** Но, за да го пронајдеме коренот на неумереноста, мораме да одиме подлабоко отколку што се уживањето во алкохолот или тутунот. Безделничењето, бесцелноста или лошото друштво можат да го приготват патот кон неумереноста.

**Малку се страшни зла. -** Има малку зла од кои треба да се плашиме повеќе отколку од тромоста и бесцелноста. Но тенденцијата на поголемиот дел атлетски спортови ги загрижува оние врз чии срца тежи доброто на младите... Тие поттикнуваат љубов кон уживања и возбудувања, развивајќи на тој начин одвратност кон полезната работа и тенденција кон одбегнување на практичните должности и одговорности. Тие се стремат да ја уништат склоноста кон трезните реалности на животот и неговите смирени задоволства. Така се отвора вратата за лекоумноста и беззаконието со сите нивни страшни последици.

**Никој не мора да живее бесцелен живот. -** Секоја душа мора да служи. Таа мора да ја употреби секоја физичка, ментална и морална моќ - низ посветување на Духот - за да може да биде Божји помошник. Секој е обврзан активно и безрезервно да ѝ се посвети на Божјата служба. Тие мораат да соработуваат со Исус Христос во големото дело за помагање на другите. Христос умрел за секој човек. Тој го откупил секој човек давајќи го Својот живот на крстот. Тој го направил тоа за човекот да не мора повеќе да живее бесцелен, себичен живот туку да живее за Исуса Христа Кој умре за Неговото спасение. Сите не се повикани да стапат во служба, но и покрај тоа, тие мораат да служат. Навреда за Светиот Божји Дух е доколку и еден човек одбере живот во служба на своето јас.

**Мора да се негуваат вистински побуди. -** Вистинските мотиви на служба мора да се изложат пред старите и младите. Учениците треба да се подучуваат на таков начин за да се развиваат во корисни мажи и жени. Мора да се искористат сите средства кои ќе ги воздигнат и облагородат. Тие мора да се научат своите сили да ги употребат на најдобар начин. Физичките и менталните сили треба подеднакво да се оптоваруваат. Мораат да се негуваат навики на ред и дисциплина. Силата која се покажува со чист и исправен живот мора да се демонстрира пред учениците. Тоа ќе им помогне во подготовката за корисна служба. Од ден во ден ќе бидат сè почисти и посилни, подобро подготвени преку Неговата благодат

и проучувањето на Неговото Слово за да можат да вложат одлучни напори против злото.

**Постапките ги откриваат побудите. -** Постапките ги откриваат принципите и побудите. Родовите што ги донесуваат мнозина кои засега полагаат право да бидат во Господовото лозје покажуваат дека се само трње и троскот. Погрешниот пат на некои свои членови може да биде одобрен од страна на целата црква, но тоа одобрување не докажува дека тоа што е погрешно е вистинско. Тоа не прави грозје од трње.

**Пресудни се побудите, а не изгледот. -** Важна должност на сите им е да се запознаат од поблизу со текот на своето секојдневно однесување и побуди кои се причинители на нивните постапки. Секое дело во нивниот живот се цени не според надворешниот изглед, туку според побудите кои ја налагаат одредената постапка.

**Христовите следбеници наоѓаат нова мотивација.** - Ниедна друга наука не е еднаква на онаа којашто во животот на ученикот развива Божји карактер. Оние кои станувааат Христови следбеници откриваат дека наоѓаат нови мотиви за акција, нараснуваат нови мисли кои мораат да резултираат со нови акции. Но тие можат да постигнат напредок само низ судир, бидејќи постои непријател кој секогаш се бори против нив, претставувајќи им искушенија за да предизвика грев и сомнеж во душата. Постојат наследни и здобиени склоности кон злото кои мора да се надминат. Нагонот и страста мора да се потчинат на контролата на Светиот Дух. Нема крај на војувањето од оваа страна на вечноста. Но додека постојат постојани битки кои треба да се бијат, исто така постојат и драгоцени победи; а триуфот над себе и над гревот е од поголема вредност одошто умот може тоа да го процени.

**Две спротиставени сили на мотивација. -** Библијата се толкува самата себеси. Библиски стих мора да се споредува со библиски стих. Оној што ја проучува Библијата мора да се научи да ја набљудува како целина, и да го согледа взаемниот однос на нејзините делови. Тој треба да се запознае со нејзината голема централна тема, со Божјата првична намера со светот, со потеклото на големата борба и со делото на спасението. Треба да ја разбере природата на двата принципа кои се борат за превласт и да научи да го следи нивното делување во извештаите на историјата и пророштвата се до големиот завршеток. Треба да види како оваа голема борба го проткајува секој степен на човечкото искуство; како и тој самиот во секое свое животно дело ја открива или едната или другата од овие две спротивни побуди; и како, го сакал тој тоа или не, тој уште сега одлучува на чија страна ќе се најде во овој судир.

**Секоја постапка има двоен карактер. -** Секој правец на акцијата има двоен карактер и двојна важност. Тој е или чесен или расипан, исправен или погрешен, во зависност од побудата која го поттикнува. Погрешното постапување, и неговото често повторување, остава траен впечаток на умот на актерот, а исто така и на умовите на оние кои се поврзани со него во некаков си однос, духовен или световен. Родителите или учителите кои не им придаваат внимание на тие мали престапи кои не се исправни, со тоа ги утврдуваат младите во нив.

**Постапката го црпи квалитетот од мотивот. -** Секоја постапка го црпи квалитетот од мотивот што ја движи, и доколку мотивите не се возвишени, чисти и несебични, умот и карактерот никогаш нема да бидат добро урамнотежени.

**Побудите им даваат карактер на делата. -** Побудите им даваат карактер на нашите дела, ставајќи врз нив печат на срам или на висока морална вредност. Бог не ги смета за највредни големите дела што ги гледа секое око и ги фали секој јазик. Малечките должности извршени радосно, малечките дарови со кои не се расфрлува и кои за човечките очи изгледаат безначајни, често се најголеми во Неговите очи. Срцето полно со вера и со љубов му е помило на Бога од најскапоцениот дар. Сиромашната вдовица го дала она што и било потребно за животот за да го стори она малку што го сторила. Се лишила од храната давајќи ги тие две лепти за делото што го сакала. Тоа го сторила со вера, со целосна доверба дека нејзиниот небесен Татко нема да ја превиди нејзината голема потреба. Спасителот го пофалил нејзиниот несебичен дух и нејзината детска вера.

**Бог ги открива потребите. -** Бог го води Својот народ, чекор по чекор. Тој ги доведува во состојба која е пресметана да ги открие потребите на нивните срца. Некои ќе истрајат на една точка, но паѓаат на друга. При секој чекор нанапред срцето малку поподробно се испитува и се става во искушение. Ако некој открие дека срцето му се спротивставува на одредената работа за Бога, тоа треба да го осведочи дека има задача да го надвладее проблемот, или во спротивно Бог конечно ќе го отфрли.

**Нашите тајни побуди ни ја одредуваат судбината. -** Нашите дела, нашите зборови, дури и нашите најскриени побуди - сето тоа влијае врз донесувањето на одлуката за нашата судбина - за живот или за смрт. Иако ние ги заборавме, тоа сепак ќе сведочи за нашето оправдување или осуда.

**Бог ги оценува луѓето по чиститте побуди. -** Бог не ги вреднува луѓето според нивното богатство, образование или положба. Ги вреднува според чистотата на нивните побуди и убавината на карактерот. Тој бара да види колку поседуваат од Неговиот Дух и колку во нивниот живот се открива Неговиот карактер. Да се биде голем во Божјото царство значи

да се биде како мало дете во понизноста, едноставноста на верата и чистотата на љубовта.

**Бог суди според побудите. -** Има многу нешта што можат да се подобрат во однесувањето на проповедникот. Мнозина ги гледаат и ги чувствуваат своите недостатоци, но сепак се чини дека не знаат какво влијание вршат. Тие се свесни за своите постапки сѐ додека ги спроведуваат, но дозволуваат истите да им избледат од сеќавањата, и затоа не се реформираат. Кога проповедниците од своите секојдневни постапки би направиле предмет на внимателно размислување и пресметан преглед, со цел да се запознаат со своите животни навики, подобро би се познавале самите себе. Со поподробно разгледување на својот секојдневен живот под сите околности тие би ги запознале сопствените потреби и начелата кои ги водат. Овој секојдневен преглед на нашите дела, за да се види дали совеста ги одобрува или осудува, неопходен им е на сите кои сакаат да достигнат совршенство на христијанскиот карактер.

Многу дела за кои сметаме дека се добри, дури и дела на милосрдие, кога подобро би се испитале, би се открило дека се поттикнати од погрешни побуди. Мнозина примаат одобрување за доблести кои не ги поседуваат. Истражувачот на срцето ги испитува побудите, и често делата кои луѓето високо ги ценат Тој ги бележи како такви кои потекнуваат од себични побуди и подло лицемерство. Секој чин во нашите животи, било да е возвишен и вреден за пофалба или да заслужува осуда, Истражителот на срцата го просудува според побудите кои го поттикнале.

**Понекогаш е тешко да се проникне во побудите. -** Среде грижите на активниот живот понекогаш е тешко да се продре во нашите сопствени побуди, но се прави секојдневен напредок било на добро или на зло.

**Вистинското обратување ги менува побудите. -** Вистинското обратување е одлучна промена на чувствата и побудите; тоа е вистинско простување од световните врски, излегување од нивните духовни атмосфери, отргнување од владеачката сила на нивните размислувања, ставови и влијанија.

**Големите движечки сили на душата. -** Големите движечки сили на душата се верата, надежта и љубовта; и проучувањето на Библијата, ако таа правилно се проучува, ги разбудува токму овие сили. Надворешната убавина на Библијата, убавината на мислата и изразот, се само заднина, ако така може да се рече, за нејзиното вистинско богатство - убавината на светоста. Во библискиот извештај за луѓето кои оделе со Бога можеме да ѕирнеме во одблесоците на Неговата слава. Во Оној, Кој е „Сиот мил“, ние го гледаме Него, кого сета убавина на Земјата и на небото само благо го одразуваат. „А Јас - кога ќе бидам издигнат од Земјата“, рекол Тој, „ќе ги привлечам сите кон Себе“ (Јован 12:32).

# ПРИНЦИПИ НА ПРОУЧУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

**Умот и наклонетостите мораат да се обучуваат. -** Бог го дал разумот, менталните способности на умот; но ако се остават сами на себе необразовани и необучени, ќе останат како кај неукиот незнобожец. Умот и наклоностите бараат воспитување и насочување од страна на учителот. Човечкиот морален фактор мора стих по стих, правило по правило, да се води и подучува во соработка со Бога. Бог работи во човечкото орудие со помош на светлината на својата вистина. Умот просветлен со вистината, ја гледа вистината која се разликува од заблудата.

**Најголемата култура на умот го прима потполното Божјо одобрување. -** Човечкиот ум е предодреден за највисока култивација. Животот посветен на Бога не треба да биде живот на незнаење. Многумина зборуваат против образованието бидејќи Исус ги одбрал неуките рибари да го проповедат Неговото евангелие. Тие тврдат дека тој им дал предност на неуките. Многу учени и почитувани луѓе му верувале на Неговото учење. Бестрашно да му се покориле на осведочувањето на својата совест, тие би тргнале по Него. Нивните способности доколку биле понудени би биле прифатени и искористени во Христовата служба. Но тие немале морална сила пред намрштените свештенички лица и љубоморните законици да го признаат Христа, и да го стават на коцка својот углед врзувајќи се за понизниот Галилеец...

Исус не го презирал образованието. Ако највисоката култура на умот се посвети низ љубовта и стравот Божји, ќе го прими Неговото потполно одобрение. Скромните луѓе што ги избрал Христос со него биле три години, подредени на префинетото влијание на Величеството на небото. Христос бил најголемиот едукатор за кој светот некогаш знаел.

Бог ќе ги прифати младите со нивниот талент и со нивното богатство на љубов ако сакаат да му се посветат. Тие можат да ја досегнат највисоката точка на интелектуална големина, и ако се урамнотежени со религиозните правила, ќе знаат да го започнат делото за кое Христос слезе од небото да го изврши, а правејќи така да бидат Господови соработници...

**Не задоволувајте се со второкласна работа.** - Вистинскиот учител не може да се задоволува со второкласна работа. Тој не се задоволува со тоа што ќе ги упати своите ученици кон идеал понизок од највисокиот што можат да го достигнат. Не може да биде задоволен ако им овозможи само некакво техничко знаење, ако од нив направи добри книговодители, умешни занаетчии и успешни трговци. Негов стремеж е во нив да ги всади принципите на вистината, послушноста, честа, чесноста и непорочноста - принципи кои од нив ќе направат позитивна сила во градењето на ста-

билноста и напредокот на општеството. Тој, пред сè, сака тие да ја научат големата животна лекција за несебична љубов.

**Умот мора да се воздигне. -** Упатена сум дека мораме да ги воздигнеме умовите на нашите ученици повисоко од она што мнозина сега мислат дека е можно. Срцето и умот мора да се обучуваат да ја сочуваат својата чистота секојдневно примајќи храна од изворот на вечната вистина. Божествениот ум и рака го сочувале низ векови записот за создавањето и неговата чистота. Само Божјата Реч ни дава автентичен извештај за создавањето на светот. Таа мора да биде главен предмет на проучување во нашите училишта. Преку неа можеме да разговараме со патријарсите и пороците; тука можеме да научиме колку го чинеше нашето откупување Оној кој беше еднаков со Таткото од почетокот, и Кој го жртвуваше Својот живот за ние да можеме да стоиме пред Него откупени од сè што е себично и земно, и да бидеме обновени според Божјиот лик.

**Вистинското образование го комбинира интелектуалното и моралното. -** Господ долго чекал нашите учители да почнат да одат по светлината која Тој им ја пратил. Постои потреба да се понизи своето јас за да може Христос да го обнови Божјиот морален лик во човекот. Сегашниот карактер на образование мора многу да се измени пред да ја добие својата вистинска форма во нашите институции. Единствено кога интелектуалните и моралните сили ќе се обединат во воспитната цел, се достигнува стандардот на Божјата Реч.

**Вистинската побожност воздигнува и префинува. -** Нашиот народ насекаде му дозволува на својот ум да заземе премногу мал опсег, премногу тесен поглед. Тие повеќе дозволуваат да ги водат плановите на човечките фактори и да ги обликува светскиот дух, отколку Христовите планови и Христовиот Дух. Упатена сум да му кажам на нашиот народ: гледајте над земното кон небесното. Бројките не се доказ за успех; да беа, сатаната ќе полагаше многу поголемо право. Тој степен на морална моќ е она што ги исполнува нашите институции, нашите училишта, и нашите цркви. Треба да биде радост за сите, од најголемиот до најмалиот, да го претставуваат Христа преку своите христолики доблести. Нашите учители треба да научат дека вистинската побожност, љубовта која се покажува во послушност кон Бога, ќе биде воздигната и разубавена.

**Неопходна темелност**. - Темелноста е неопходна за успех во изградбата на карактерот. Мора да постои сериозна желба за спроведување на плановите на Главниот Градител. Материјалот кој се користи мора да биде цврст; не може да се прифати немарна, несериозна работа; бидејќи градбата би се срушила. Целото битие мора да се внесе во работата. Тоа бара сила и енергија; не постои резерва која може да се растура за неважни работи. Во ова дело мора да се внесе одлучна човечка сила, во

соработка со Божествениот Работник. Мора да се вложи одлучен, истраен напор да се раскинат, обичаите, максимите и врските на овој свет. Неопходни се длабока промисла, сериозна намера, константна целовитост. Нема место за мрзеливост. Животот е свето доверен; и секој момент треба мудро да се искористи.

**Безначајните прашања го слабеат умот. -** Ученикот кој наместо широките начела на Божјата Реч ги прифаќа општите идеи и доволува времето и вниманието да му бидат насочени кон општи, безначајни прашања, ќе открие дека умот му закржлавел и ослабел; тој ќе ја изгуби моќта за напредување. Умот мора да се обучува да ги сфати важните вистини кои се однесуваат на вечниот живот.

**Не треба да се запоставуваат световните, привремените работи. -** Животот е премногу драгоцен за да го посветиме на земните, поминливи работи, и да се вртиме во вртелешката на грижите и стравот околу она што во споредба со вечните вредности е помалечко од атом. Сепак Бог нè повикал да Му служиме и во нашите поминливи земни работи. Трудољубивоста во тие работи е исто толку дел на вистинската религија како што е молитвата. Библијата никаде не ја помага мрзливоста, зашто тоа е најголемо проклетство што го мачи овој свет. Секој вистински обратен маж или жена ќе биде вреден работник.

**Квалитетот на луѓето кои се повикани да подучуваат. -** На Божјото дело му се потребни учители кои имаат високи морални карактеристики и на кои може да им се довери воспитување на други, луѓе кои се здрави во верата и имаат такт и трпеливост, кои одат со Бога и се воздржуваат од самата појава на злото, кои стојат во така блиска заедница со Бога за да може да биде канал на светлината - накратко, христијански џентлмени. Добрите впечатоци што ги оставаат таквите луѓе никогаш нема да избледат, а обуката спроведена на тој начин ќе трае низ вечноста. Она што ќе се занемари во овој процес на обука е како недовршена работа. Кој ќе ја преземе оваа задача?

Би сакале да имаме силни млади луѓе, вкоренети и втемелени во верата, кои ќе имаат таква жива врска со Бога, да можат, ако така ги советуваат нашите раководни браќа, да стапат во повисоките колеџи во нашата земја, каде што ќе имаат широко поле за проучување и набљудување. Дружење со различни видови на умови, запознавање со работите и резултатите на популарните методи на образование, и познавање на теологијата која се учи во водечките училишни установи би било од голема вредност за таквите работници, подготвувајќи ги за работа со образовани луѓе и спремајќи ги за успешно соочување со популарните заблуди на нашето време. Ваков метод користеле старите Валденжани; а нашата младина, ако е верна на Бога, би можела, како и нивната, да прифати добро дело, дури и додека го стекнува образованието, сеејќи го семето на вистината во умовите на другите.

**Исправните навики оставаат впечаток на карактерот. -** Формирањето на исправни навики мора да остави впечаток на умот и карактерот на децата за да можат да одат по вистинскиот пат. Многу значи овие деца да се донесат под директно влијание на Божјиот Дух, вежбајќи ги и дисциплинирајќи ги според Божјиот совет. Обликување на исправни навики, покажување на праведен дух, повик на сериозни напори во името и силата на Исуса. Воспитувачот мора упорно, давајќи стих по стих, правило по правило, тука малку онаму малку, со секоја подносливост и трпение, со сочувство и љубов да ги приврзе децата кон своето срце со Христовата љубов откриена во него самиот.

**Карактерите не се обликуваат според еден калап. -** Учителите треба да имаат на ум дека не работат со ангели туку со човечки суштества кои поседуваат страсти како и самите тие. Карактерите не смеат да се обликуваат според еден калап. Децата во наследство ги примиле сите облици на карактер. Така се откриваат маните и доблестите во цртите на карактерот. Ова треба да го има впредвид секој воспитувач. Тие ќе мораат да се соочуваат со наследните и стекнатите деформитети на човечкиот карактер, како и со убавината на карактерот, и ќе биде потребна многу облагородувачка благодат кај воспитувачот, за да знае како да постапува со заблудените за нивното сегашно и вечно добро. Ако се одгледува импулсивност, нетрпеливост, горделивост, себичност и вреднување на своето јас, тоа ќе предизвика големо зло, кое може да ја турне душата на сатанското бориліште без мудрост да управува со својот брод, и во опасност да се насука на бреговите на сатанските искушенија до конечниот бродолом. Секој учител има и свои својствени црти на карактерот на кои мора да внимава, за сатаната да не го искористи како свој посредник во уништувањето на душите, со неговите сопствени непосветени црти на карактерот.

**Потреба за христоликост во работата со умовите**. - Мора во пракса да се воведе секојдневна работна агенција, вера која работи преку љубовта и ја чисти душата на воспитувачот. Дали откриената Божја волја ја ставате како свој највисок авторитет? Ако Христос се вселил внатре, надежта на славата, тогаш Божјата вистина така ќе делува на вашиот природен темперамент, што нејзиното преобразувачко влијание ќе се открие во изменетиот карактер, и нема да се случи со своето влијание преку откривање на вашето непосветено срце и навики да ја претворите Божјата вистина во лага пред некои од вашите ученици; ниту пак во ваше присуство, себичната, нетрпелива, нехристијанска одлика во работата со било кој човечки ум, да покаже дека Христовата благодат не ви е доволна во секое време и на секое место. На тој начин ке покажете дека Божјиот авторитет над вас не е само на име туку во стварноста и вистината. Мора да постои одвоеност од сè што не е пожелно и нехристијанско, колку тоа и да е тешко за вистинскиот верник.

**Постојаното укорување го збунува детето. -** Небото во детето гледа неразвиен маж или жена, со способности и сили, кои ако правилно се развиваат со помош на небесната мудрост, ќе станат човечки орудија преку кои можат да оперираат божествени влијанија, кои би биле Божји помошници. Острите зборови и постојаните прекори го збунуваат детето но никогаш не го реформираат. Повлечете ги тие раздразливи зборови; држете го својот сопствен дух под дисциплина на Исуса Христа, така ќе научите како да сожалувате и сочувствувате со оние кои се под ваше влијание. Не покажувајте нетрпеливост и грубост, бидејќи ако на тие деца не им требаше воспитување не ќе им требаа ни предностите на училиштето. Тие мора трпеливо, љубезно и со љубов да се изведат по скалите на напредокот, искачувајќи се чекор по чекор во стекнувањето на знаењето.

**Внимателност во суспендирањето на ученикот. -** Внимавајте што работите во правец на суспендирање на ученикот. Ова е свечена работа. За да се преземе една ваква мерка потребно е да биде направена сериозна грешка.

Потоа е потребно грижливо разгледување на сите околности врзани за овој случај. Учениците се пратени од дома од помала или поголема оддалеченост, илјадници милји далеку од дома, лишени од предностите на домот, и ако се исклучат, се одвојуваат од привилегиите на училиштето. Сите нивни трошоци мора да се доверат на доверливи лица за непотребно да не се ги вложуваат своите пари. Ученикот кој ќе влезе или падне во искушение, мора да се казни за својата грешка. Тој свесно чувствува дека го расипал своето сведоштво, и ги разочарал оние кои му довериле развој на карактерот под влијание на обуката во неговиот студентски живот, која ќе надомести сѐ што е вложено во негова корист.

Но, тој е суспендиран поради своето непромислено дејствување. Што ќе стори? Храброста е на најниска висина, нема одлучност дури ниту машкост. Тој е трошок, а драгоценото време е изгубено. Кој е нежен и љубезен и кој го чувствува товарот на овие души? Какво е тогаш тоа чудо што сатаната ги користи овие околности? Тие се туркаат на сатанското борилиште и до израз доаѓаат токму оние најлоши чувства во човечкото срце, кои јакнат и се утврдуваат.

**Избегнувајте создавање чувство на неправда. -** Кога ќе се соочите со елементи кои ги манифистираат оние кои немаат библиска религија туку само професија, не заборавајте дека сте христијани. Вие многу го намалувате своето влијание и го расипувате сопственото христијанско искуство кога губите самоконтрола и им овозможувате и најмала можност да мислат дека постапувате лошо кон нив. Не оставајте ваков впечаток на нивните умови ако тоа може некако да се избегне. Во ова време на проби ние ги формираме своите карактери за идниот бесмртен живот; но тоа не е сѐ, бидејќи токму во овој процес на изградба на карактерот мораме да бидеме внимателни како градиме, бидејќи другите ќе градат по примерот кој ние ќе им го дадеме.

**Умот мора да има чиста храна. -** Умот, како и телото, мора да има чиста храна да биде здрав и јак. Овозможете им на своите деца нешто за размислување што е надвор и над нив самите. Умот кој живее во чиста, света атмосфера нема да биде безвреден, празен и себичен. Ние живееме во време кога сето она што е лажно и површно се издигнува над стварното, природното и трајното. Умот мора да се чува од сѐ што би можело да го одведе во погрешен правец. Не смееме да го преоптоваруваме со безвредни приказни, кои не даваат сила на менталните способности. Мислите ќе бидат од ист карактер како и храната со која го снабдуваме умот.

**Невернички книги. -** Проучувањето на книги кои ги напишале неверници предизвикува голема штета. Така се сее какол во умовите и срцата на учениците. Сепак тоа е храна која често му се дава на мозокот, додека многумина имаат малку знаење за предметите кои се однесуваат на вечните интереси, и кои би требало да ги разберат.

Времето е драгоцен подарок. Секој ден ни се дава во доверба и ќе бидеме повикани да одговараме за тоа пред Бога. Времето треба да се користи на слава на Бога, и ако сакаме да ги продолжиме своите животи, ако сакаме да задобиеме живот кој му е по мерка на Бога, на умот мора да му даваме чиста храна. Не треба да го трошиме времето кое може да се искористи за добро.

**Учете ги студентите да му се покоруваат на Бога. -** Гледам дека во нашите училишта мора да се изврши и изнесе голема задача под божествена управа. Но голема поука која учениците мора да ја научат е да тежнеат да го запознаат Бога со сето свое срце, ум и сила, и безусловно да му се покоруваат. Науката за спасување на човечката душа е вистинска поука за животот. Ниту еден правец во литературата или во книжевното образование не смее да биде поголем. Да го запознаеш Бога и Исуса Христа, Кого го пратил, е вечен живот.

Нека учениците со себе ја внесат љубовта и Божјиот страв во ученичкиот живот. Оваа мудрост е многу поскапоцена од она што може да се искаже со зборови. Кога се поврзани со Бога, за нив ќе може да се каже како и за Даниел: Бог му даде мудрост и знаење за секоја тајна.

Учењето е добро. Пожелна е Соломоновата мудрост: но мудроста што е поголема и од Соломоновата е далеку попосакувана и поважна. Преку образованието во нашите училишта ние не можеме да го достигнеме Христа, но можеме преку Христа да го достигнеме највисокиот врв во науката; зашто вдахновената реч вели: „Вие сте целосни во Него“ (Колосјаните 2:10). Наша прва работа е да го видиме и признаеме Бога, и тогаш Тој ќе управува со нашата патека.

# РАМНОТЕЖА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

**Образованието има вечна импликација. -** Образованието е дело чиишто резултати ќе се манифестираат низ бескрајните векови на вечноста.

**Обновување на складот кај суштеството. -** Вистинската цел на образованието е во човековата душа да се обнови Божјиот лик. Во почетокот Бог го создал човекот според Својот лик. Го надарил со благородни особини. Разумот му бил урамнотежен и сите сили на неговото суштество биле хармонично развиени. Но, паѓањето во грев и последиците на гревот ги изопачиле тие дарови. Гревот го извалкал Божјиот лик во човекот и речиси наполно го уништил. А за повторно да се воспостави тој лик, направен е план за спасение и на човекот му е подарено време на милост. Човекот повторно да се врати на оној степен на совршенство на кој се наоѓал при создавањето, тоа е големата цел на животот - цел што се наоѓа во основата на сите други цели. Должност на родителите и учителите е во воспитувањето на младите да соработуваат со Бога исполнувајќи ги неговите намери; ако постапуваат така, тогаш тие се „помошници на Бога“ (1. Коринтјаните 3:9).

**Мора да се развијат сите способности. -** Сите различни способности на телото, духот и душата што ги добил човекот од Бога, треба да се искористат на начин на кој ќе се постигне највисок степен на совршенство. Меѓутоа, себичното и еднострано образование не може да претставува совршенство; зашто Божјиот карактер, чијшто лик сакаме да го усвоиме, е добрина и љубов. Секоја способност и секоја особина со која нѐ недарил Творецот треба да се употребат за прославување на Бога и за издигнување на нашите ближни. А во таквата работа ќе најдеме најчиста и најблагородна радост и среќа.

**Вистинското образование е опсежно. -** Вистинското образование подразбира повеќе од заземање на одреден курс на проучување. Тоа е опсежно. Тоа вклучува складен развој на сите физички сили и ментални способности. Тоа учи на љубов и Божји страв и подготвува на верно исполнување на животните должности.

**Сестран развој за секоја должност. -** Сите кои сакаат да бидат Божји соработници мора да се трудат секој орган на своето тело и секоја способност на својот ум да ги доведат до совршенство. Вистинското образование претставува подготовка на сите телесни, ментални и морални сили за извршување на сите должности; тоа е вежба на телото, умот и

душата за божествената служба. Тоа е воспитување што ќе ја задржи својата вредност и во вечниот живот.

**Сите сили треба да го достигнат својот најголем потенцијал.** - Божја замисла за колеџот во Батл Крик била да се достигне поголем стандард на интелектуална и морална просветеност од било која друга установа од тој вид во земјата. Младите треба да се учат за важноста од нега на физичките, менталните и моралните сили за да дојдат не само до најголеми достигнувања во науката, туку преку знаењето за Бога да научат да го прославаат, да развијат складен карактер, и на тој начин потполно да се подготват за корист на овој свет, а да стекнат и морална подобност за бесмртниот живот.

**Знаење на науки од секаков вид е моќ.** - Училиштата што се основани меѓу нас се прашање на сериозна одговорност, бидејќи тука се вклучени важни интереси. На еден посебен начин нашите училишта се на гледање на ангелите и луѓето. Знаењето на науки од секаков вид е моќ, и Божја цел е напредните науки да се изучуваат во нашите училишта како подготовка за делото кое претходи во завршните сцени на историјата на земјата. Вистината мора да се однесе до најодалечените предели на земјата, преку посредници обучени за таа задача. Но иако знаењето на науката е моќ, знаењето кое Исус дојде лично да му го подари на светот беше знаење за евангелието. Светлината на вистината мораше да ги огрее со своите блескави зраци и најкрајните делови на земјата, а прифаќањето или одбивањето на Божјата порака со себе ја повлекува вечната судбина на душите.

**Младите мораат да бидат мислители.** - Секое човечко суштество, создадено според Божјиот лик, е обдарено со способност слична на онаа на Создателот - индивидуалност, способност на мислење и дејствување. Луѓето кај кои оваа способност е развиена, се луѓе кои носат одговорности, кои се водачи во потфатите и кои влијаат врз карактерот на другите. Задачата на вистинското воспитување е да ја развива секоја способност, да ги увежбува младите да мислат, а не само да ги одразуваат мислите на другите. Наместо да го ограничиме нивното проучување на она што луѓето го кажале или напишале, да ги упатиме учениците кон изворите на вистината, кон широките подрачја на истражување во природата и откровението. Нека размислуваат за големите факти за должноста и судбината, и нивниот ум ќе се развие и зајакне. Наместо образувани слабаци, од воспитните установи треба да излегуваат луѓе кои ќе бидат способни да мислат и дејствуваат, луѓе кои се господари, а не робови на околностите, луѓе кои се одликуваат со широчина на умот, јасност на мислите и храброст во своите убедувања.

**Образованието го развива карактерот. -** Воспитувањето и обучувањето на младите е важна и свечена задача. Голема цел која мора да

се осигура е правилниот развој на карактерот, за човекот да може правилно да се оспособи за исполнување на должностите во сегашниот живот и конечно, да си го осигура влегувањето во идниот бесмртен живот. Вечноста ќе го открие начинот на којшто тоа дело било извршено. Кога и проповедниците и учителите би имале чувство на потполна одговорност, би ги забележале различните состојби на нештата денес во светот. Но тие се со премногу ограничени погледи и цели. Тие не ја разбираат важноста на својата задача или нејзините резултати.

**Најголема вредност е да се изгради карактер. -** Тие ученици (во училиштето Авендејл), работат тешко и напорно. Тие ги засилуваат нервите и добиваат на цврстина и активност на мускулите. Ова е правилно образование кое од нашите училишта ќе изведе млади луѓе кои не се слаби и не ефикасни, кои немаат еднострано образование, туку сестраност во физичката, менталната и моралната обука. Градителите на карактерот не смеат да заборават да го положат темелот кој образованието ќе го направи од голема вредност. Ова бара самопожртвување, но мора да се направи. Физичката обука, ако правилно се насочува, ќе ги подготви за менталните напори. Но еднострананата обука секогаш создава некомплетен човек.

Физичкото оптоварување здружено со ментален напор го чува умот и моралот во поздрава состојба, и чини далеку подобра работа. Со ваквата обука од нашите училишта ќе произлезат студенти научени на практичен живот, кои се во состојба најдобро да ги користат своите интелектуални способности. Физичките и менталните вежби мораат да се комбинираат ако сакаме праведно да постапуваме со своите ученици. Работевме на тој план овде (Австралија) потполно задоволни, без оглед на неповолностите во кои студентите мораат да работат.

**Мнозина пропуштаат да ги сфатат вистинските принципи. -** Многу студенти толку многу брзаат да го потполнат своето образование така што не се втемелуваат во ништо за што ќе се зафатат. Малкумина од нив имаат доволно храброст и самоконтрола да постапуваат водени од принципи. Најголем број на студенти пропуштаат да ја сфатат вистинската цел на образованието, и заради тоа изостанува заземање на таков курс кој би ја осигурал оваа цел. Тие се занимаваат со студии по математика или јазик, а го запоставуваат далеку поважното проучување за среќа и успех во животот. Многумина кои ги истражуваат земјините длабочини со геолозите или го набљудуваат небото со астрономите не покажуваат ниту најмал интерес за чудесниот механизам на сопственото тело. Други пак знаат да кажат колку коски има на човечкиот скелет и точно да го опишат секој телесен орган, а сепак се неупатени во законите за здравјето и лечењето на болестите како животот да го контролира слепа судбина наместо одреден и непроменет закон.

**Образованието не се однесува само на мозокот. -** Студентите кои се стекнале со умствено знаење без прибирање на знаење за практична работа не можат да имаат складен развој. Енергијата која требала да се посвети на разни работи била занемарена. Образованието не се состои во користење само на мозокот. Физичката активност е неопходен дел од обуката за секој млад човек. Се пропушта важна фаза во образованието ако ученикот не се подучува како да се вклучи во корисна работа.

**Подеднаква физичка и ментална оптовареност. -** Многу е кажано и напишано во поглед на важноста на обуката на умот за да се оспособи за најголема служба. Ова понекогаш водеше на мислење дека ако разумот се воспита така што ќе ги покаже своите најголеми способности, тоа ќе ја зајакне физичката и моралната природа за развој на целиот човек. Но времето и искуството покажаа дека ова било заблуда. Бевме сведоци на мажи и жени кои излегуваа од колеџот како совршени дипломци кои на никаков начин не беа квалификувани за правилно користење на тој чудесен физички организам со кој Бог ги обдарил. Целиот организам е осмислен за акција, а не за неактивност.

Ако физичките сили не се подеднакво оптоварени како и менталните, тогаш премногу се оптоваруваат овие последните. Доколку секој дел од човечката машинерија не ги исполнува своите одредени задачи, менталните сили некое време не можат да ги користат своите најголеми способности. Природните сили мора да се управуваат според природните закони, а способностите треба да се развиваат да дејствуваат складно и во согласност со овие закони. Учителите во нашите училишта не смеат да пренабрегнат ниту една од овие поединости без да понесат одговорност за тоа. Гордоста може да ги одведе во потрага по високи светски стандарди на интелектуални достигнувања во кои студентите можат да бидат брилијантни; но кога треба да се покаже цврсто знаење - она коешто е неопходно за оспособување на мажите и жените за секоја потреба во практичниот живот - таквите студенти се само делумно подготвени за постигнување успех во животот. Нивното непотполно образование често води во неуспех во било која гранка на работа за која ќе се зафатат.

**Не избегнувајте ги животните тешкотии. -** На младите не треба да им се втисне мислата дека образованието ги учи како можат да се избегнат непријатните животни должности и тешките товари; туку како со подобри методи и повозвишени цели може да се олесни работата. Научете ги дека вистинската животна цел не е стекнување најголема добивка за себе, туку оддавање почест за својот Создател преку извршувањето на својот дел од работите во светот и давање рака помошничка на оние кои се послаби или кои имаат помалку знаење.

**Потребен е складен развој. -** Исправното искористување на самиот себе е највредната поука која може да се научи. Ние не смееме да се занимаваме со умствена дејност и тука да застанеме, или да направиме

физички напор и тука да застанеме; ние мораме најдобро да ги искористиме различните делови кои ја сочинуваат човечката машинерија - мозокот, коските, мускулите, главата и срцето.

**Незнаењето не ја зголемува духовноста. -** Младите луѓе не би смееле да се впуштаат во објаснување на Светото Писмо и во предавања за пророштвата ако немаат знаење за важните библиски вистини кои се обидуваат да им ги објаснат на другите. Тие може да се сиромашни во општите гранки на образованието и затоа не успеваат да направат онолку добра колку што би можеле доколку ја имале предноста на едно добро училиште. Незнаењето нема да ја зголеми понизноста или духовноста на ниедно лице кое се изјаснува како Христов следбеник. Вистините од Божјата реч најдобро може да ги цени христијанин интелектуалец. Христа најдобро ќе го прослават оние кои разумно му служат. Големата цел на образованието е да нѐ оспособи да ги користиме силите кои Бог ни ги дал на начин кој најдобро ќе ја презентира библиската вера и ќе ја промовира Божјата слава.

**Образованието бара истрајни напори. -** Учителите треба да ги поттикнуваат студентите да размислуваат и јасно да ја сфатат вистината за себе. Не е доволно за учителот да објасни или за студентот да верува, мора да се разбуди потреба, и ученикот да се наведе да ја потврди вистината со сопствени зборови, докажувајќи на тој начин дека ја разбира нејзината сила и ја применува. На тој начин, со истрајни напори, животните вистини се втиснуваат во умот. Ова може да биде лесен процес, но поважен од брзањето преку важни предмети без нивно соодветно разгледување. Бог очекува Неговите институции да се издвојуваат од оние световните, бидејќи тие се негови претставништва. Луѓето кои се вистински поврзани со Бога ќе му покажат на светот дека на кормилото стои фактор поголем од човечкиот.

**Поставување на видливи меѓници.** - Младите нека постават видливи меѓници со чија помош по потреба ќе може да се управува. Кога ќе наиде криза која бара активни, добро развиени физички сили и бистар, силен, практичен ум, кога ќе мора да се одработи комплицирана задача каде што секој потег мора да биде точно одреден, и тешкотиите да се дочекаат само со барање мудрост од Бога, тогаш оние млади кои научиле да ги совладуваат проблемите со сериозна работа ќе можат да одговорат на повикот за работници: „Еве ме мене, испрати ме мене.“ Нека срцата на младите мажи и младите жени бидат чисти како кристал. Нека мислите не им бидат секојдневни, туку посветени со доблести и светост. Нема потреба да бидат поинакви. Со чистината на мислите низ посветувањето на Духот, нивните животи можат да се прошират, воздигнат, облагородат.

**Важно формирање на исправни навики. -** Одредена намера на секој млад човек треба високо да се постави во сите негови планови на животното дело. Прифатете го како свој водач во сѐ стандардот кој го налага Божјата реч. Ова е позитивна должност на еден христијанин, а треба исто така да биде и негово позитивно задоволство. Имајте почитување кон себе затоа што сте Христова откупена сопственост.

Успехот во формирањето на исправните навики, напредокот во она што е добро и благородно, ќе ви даде влијание кое сите ќе го почитуваат. Живејте за нешто друго освен себеси.

Ако намерите ви се чисти и несебични, ако секогаш барате работа која некој мора да ја изврши, ако секогаш сте подготвени да покажете љубезно дело и правите дела на учтивост, вие несвесно самите си градите споменик. Ова е делото на кое Бог ги повикува Своите деца и младината.

**Самоиздржувањето важен дел на воспитувањето. -** Најскапоцено обучување во процесот на образованието на многу ученици би било настојувањето самите да ги покријат трошоците за своето школување. Наместо да создаваат долгови или да се потпираат на жртвите кои ги поднесуваат нивните родители, момчињата и девојките треба да се потпрат врз себеси. Така ќе ја согледааат вредноста на парите, вредноста на времето, силата и можностите, и ќе бидат многу помалку изложени на искушението да станат мрзеливи и расипани. Така усвоените принципи на економичност, трудољубивост, самооткажување, практично управување со работите, цврстина во намерите, ќе се покажат како најважен дел од нивната опрема за животната борба. А принципот на самопомагање, кога учениците ќе го прифатат, многу ќе придонесе за соочување на образовните институции со товарот на долговите, со кој многу училишта се борат и кој толку ја намалува нивната полезност.

**Образованието го обликува општественото уредување. -** Секаде во светот општествата се во неред и потребна им е темелна трансформација. Образованието што ќе им го дадеме на младите ќе го образува ликот на целото општество.

**Потреба за земјоделски училишта.** - Нашите училишта би можеле успешно да придонесат за вработувањето на многу невработени. Илјадници беспомошни и изгладнети суштества, од кои мнозина преминуваат во редовите на престапниците на законот, би можеле сами да се издржуваат и да живеат среќен, здрав и самостоен живот кога би научиле умешно и трудољубиво да ја обработуваат земјата.

**Образованито продолжува низ животот. -** Во Христовото училиште учениците никогаш не ја завршуваат обуката. Меѓу учениците има и стари и млади. Оние кои посветуваат внимание на упатствата на Божествениот

Учител постојано напредуваат во мудроста, убавината и благородноста на душата, и така се подготвува да влезат во едно повисоко училиште каде што развојот ќе продолжи низ сета вечност.

**Вистинска амбиција**. - Драга младино, која е целта на вашиот живот? Дали сакате образование за да стекнете име и положба во светот? Постојат ли мисли кои не се осмелувате да ги изразите, еден ден да застанете на самит меѓу големи и признати интелектуалци; да седнете во одговорен и законодавен совет и да помогнете во донесување закони за нацијата? Нема ништо лошо во таквите ваши аспирации. Секој од вас може да си ја зацрта својата цел. Не задоволувајте се со просечни достигнувања. Поставете си висока цел, и не штедете труд да го достигнете тој стандард.

**Најажно знаење.** - Младите треба да напредуваат колку што можат и до каде можат во стекнување на знаењето... И додека учат, треба да го пренесуваат своето знаење. На тој начин нивните умови ќе се здобијат со дисциплина и сила. Вредноста на нивното образование се одредува според употребата на стекнатото знаење. Се покажало дека долгогодишното учење, без никаков напор за пренесување на наученото често пати е пречка, а не помош во развојот. Ученикот треба да се труди да осознае како да учи и како да го пренесува своето знаење во училиштето и домот. Без оглед на неговата професија, тој треба да биде и ученик и учител се до крајот на животот. Крајот на својот живот.

Најбитното образование за нашата младина денес, она кое ќе ги оспособи за повисок степен на школување од озгора, е образование кое ќе ги научи како да му ја откријат Божјата волја на светот.

Најсуштествено знаење е знаењето за Бога и за Оној што Тој го испратил.

Секое дете и секој младинец треба да се познава себеси. Треба да го познава физичкото престојувалиште што Бог му го дал и законите со кои тоа се одржува здраво. Сите мораат да имаат цврста основа во вообичаените гранки од образованието. И треба да имаат стручно образование кое од нив ќе направи мажи и жени со практични способности, способни за секојдневните животни обврски. Кон оваaa треба да се придодадат образованието и практичната обука од различни области на мисионерската работа.

**„Кој сеучилишен курс може да биде еднаков на овој.“ -** „Големиот Господов ден е близу!...“ А светот треба да биде предупреден... Илјадници млади мораат да ѝ се посветат на оваа работа... да ги охрабрат младите кои им се доверени и да им помогнат во подготовката да стапат во редовите на оние кои ќе го предупредат светот.

Не постои друга гранка на делото во која на младите би им било овозможено да примат поголеми благослови... Тие се соработници на анге-

лите; всушност, тоа се човечки орудија преку кои ангелите ја извршуваат својата мисија. Ангелите говорат преку нивниот глас и работат со нивните раце. Човечките суштества, соработувајќи со небесните сили, го уживаат благословот на нивното образование и искуство. Која универзитетска настава може да се мери со тоа како средство за образование?

**Важно е да се пренесува знаењето. -** За нивно целосно образование неопходно е на учениците да им се даде време за мисионерска работа, време да се запознаат со духовните потреби на семејствата во својата заедница. Тие не смеат да се претрупаат со студии што ќе немаат време за користење на стекнатото знаење. Треба да се охрабрат да направат сериозен мисионерски напор за оние кои се во заблуда, запознавајќи се со нив и изнесувајќи им ја вистината. Со понизна работа, тражејќи мудрост од Бога, молејќи се и стражарејќи во молитвите, тие можат да им го дадат на другите знаењето кое го збогатило нивниот живот.

## Отсек Девет

# *Меѓусебен однос на телото и умот*

# НЕОПХОДНОСТ ОД УСОГЛАСЕНО ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЦЕЛАТА ЛИЧНОСТ

**Таинствен однос. -** Помеѓу умот и телото постои таинствен и прекрасен однос. Тие реагираат еден на друг. Одржувањето на телото во здрава состојба и развивањето на неговата сила, за секој дел на живата машинерија дејствува усогласено, треба да биде прва студија во нашиот живот. Да се занемари телото значи да се занемари умот. Не може да биде на Божја Слава ако Неговите деца имаат болни тела или закржлавени умови.

**Хармонијата зависи од усогласеноста со поставените закони. -** Хармонијата на сите нешта кои Бог ги создал зависи од совршената усогласеност на сите битија, на сѐ живо и неживо, со законот на Создателот. Бог определил закони за управување, не само на живите суштества, туку на сѐ она што се одвива во природата. Сѐ е под фиксни закони кои не можат да се игнорираат. Но, додека сѐ во природата се раководи по природните закони, само човекот, од сите жители на земјата е одговорен на моралниот закон.

**Харфа со илјада жици. -** Не е само привилегија туку света должност на сите да ги разберат законите кои Бог ги востановил во нивните битија... И како што попотполно го разбираат човечкото тело, ... тие ќе настојуваат своите тела да ги доведат во потчинетост на благородните сили на умот. Тие телото ќе го сметаат како прекрасна структура, која ја обликувал Бесконечниот Дизајнер, и ги обврзал да ја одржуваат оваа харфа со илјада жици во хармонична работа.

**Сите се делови на една совршена целина. -** Сите ние сме претставени како делови на телото, соединети во Христа. Во ова тело постојат разни органи и еден орган не може да извршува иста служба како некој друг... Сепак сите овие органи се неопходни за совршена целина и работат во прекрасна меѓусебна хармонија. Рацете имаат своја должност, а нозете своја. Еден не може да каже на друг: „Ти си помалку важен од мене“; рацете не можат да им кажат на нозете: „Не ни требате“; туку сите се соединети во телото за да ја остваруваат својата специфична задача и треба подеднакво да се почитуваат, додека придонесуваат кон удобноста и корисноста на совршената целина.

**Складен развој на менталните и моралните способности. -** Унапредувањето на умот е должност која си ја должиме на себеси, на општеството и на Бога. Но ние никогаш не треба да измислуваме начини за кул-

тивација на интелектот по цена на моралното и духовното. И само со складен развој на менталните и на моралните способности може да се постигне најголема совршеност.

**Недостатокот на складно дејствување донесува болест.** - Недостатокот на складното дејствување во човечкиот организам е она што донесува болест. Имагинацијата може да ги контролира другите делови на телото на нивна штета. Сите делови на организмот мораат да работат во хармонија. Разните делови на телото, посебно оние кои се оддалечени од срцето, треба да примаат слободен проток на крв. Екстремитетите играат важна улога и треба да им се посвети соодветно внимание.

**Една ослабната способност ја расипува целината. -** Ако една способност остане заспиена или застрани од својот определен курс, Божјата намера не се спроведува. Потребно е добро да се развијат сите способности. На сите мора да им се посвети внимание, бидејќи се потпираат една на друга, и сите мора да се увежбаат за умот да биде добро урамнотежен.

Ако еден или два органа се култивираат и постојано се користат бидејќи вашите деца избрале да ја насочат силата на умот во еден правец а ги запоставуваат другите ментални сили, во зрелата доба тие ќе влезат со неурамнотежен ум и нескладен карактер. Ќе бидат способни и силни во една насока, но многу слаби во друга исто толку важна насока. Тие нема да бидат соодветно способни мажи и жени. Нивните недостатоци ќе бидат воочливи и тие ќе го расипат целиот карактер.

Кога умовите на проповедниците, учителите и учениците постојано се напрегнати со проучување, а на телото му е дозволена неактивност, емотивните нерви се оптоварени додека нервите за движење се неактивни. Ако целата активност се пренесе на менталните органи, тие стануваат преоптоварени и ослабени, додека мускулите ја губат својата сила заради невработеноста. Не постои склоност кон користење на мускулите преку ангажирање во физичка работа, бидејќи се чини дека напрегнувањето заморува.

**Предупредување против претерување во работата.** - Запомнете дека човекот мора да го чува својот од Бога даден талент на интелегенција одржувајќи ја физичката машинерија во хармонична активност. За да уживаме во здравјето неопходна е секојдневна физичка вежба. Она што ги скршува луѓето не е работата, туку претераната работа, без период за одмор, со што се доведува во опасност животната сила. Оние кои премногу работат наскоро ќе стигнат до точка кога ќе работат на безнадежен начин.

Делото кое се работи за Господа треба да се работи радосно и со храброст. Бог сака да внесеме дух, живот и надежност во својата работа. Луѓето кои работат со умот треба да посветат внимание на секој дел од

човечката машинерија, рамномерно оптоварувајќи ја. Физичкиот и менталниот напор, мудро комбиниран, ќе го одржи целиот човек во состојба која го прави прифатлив за Бога...

Внесете во секојдневната работа надежност, храброст и привлечност. Не работете прекумерно. Многу е подобро да се оставаат недовршени некои работи планирани за тој ден отколку да се исцрпите и преоптоварите, губејќи ја неопходната крепост за извршување на задачите за наредниот ден. Не кршете ги денес природните закони за да не ја изгубите силата за утре.

**Совет за една личност која се оддала на преувеличување во зборувањето. -** Според светлината која Бог ми ја даде, знам дека во тебе се развива духовна деформација. Наместо беспрекорно манифестирање на вистинските начела и исправните навики, во себе си собирал чувства и начела кои ќе те исклучат тебе и сите оние кои се учесници во тој ист дух од небесните дворови. Твојот ум се деформира поради начинот на кој го третираш. Те преколнувам да извршиш одлучна промена. Задржето го целото претерано зборување, бидејќи тоа ја разорува хармонијата на умот.

На телото му е потребна внимателна нега, за да се одржи во здрава состојба. Така и за умот е потребна строга дисциплина, како не би бил претерано развиен во некои работи а недоволно во други. Затоа што овие чувствителни органи не ти се на видик, каде што можеш да го воочиш злото кое го правиш на своите интелектуални сили и колку им е потребна контрола, ти не си свесен за штетата која им ја нанесуваш. Ти потхрануваш нездрави теории, и твојот ум се принудува да служи на тие теории.

Начинот на кој ја злоупотребуваш својата ментална машинерија ја исцрпува истата. Но ти не можеш да видиш каква штета тоа прави. Порано или подоцна твоите пријатели и ти ќе го забележите неповолниот развој на твоите мисли и постапки. Твојот желудник почнува да сведочи за дејствувањето на умот. Урамнотежениот и добро дисциплиниран ум ќе ја промени на подобро силата за варење на храната.

**Складноста бара дополнителен напор (совет до еден сопруг).** - Ние сите не можеме да имаме исти мисли или да негуваме исти идеи; но едните можеме да бидеме на благослов на другите, така што каде што еден трпи недостатоци, друг може да ја задоволи дадената потреба. Ти имаш некои карактерни мани и природни склоности, кои прават да биде подобро за тебе да бидеш донесен во контакт со поинаку организиран ум за твојот ум да биде правилно избалансиран. Наместо таква исклучителна контрола, би требало да се посоветувате со својот сопруга и да дојдете до заеднички одлуки. Ти не го поттикнуваш своето семејство на независни напори и ако твоите упатства темелно не се спроведат, ти премногу често им наоѓаш мани на престапниците на истите.

**Ниските склоности треба да бидат под контрола. -** „Ние сме Божји соработници“ (1. Коринтјаните 3:9). Човекот треба да се избори за сво-

ето спасение со страв и трепет; бидејќи Бог е тој што работи во него да сака и да го чини она што Нему му е угодно. Бог му дава на човекот физички и ментални сили. И едните и другите се потребни. Ниту една од нив не треба да се злоупотреби или изопачи. Ниските страсти мора да се држат под контрола на возвишените сили.

**Здравје на телото и умот. -** Даниеловиот живот е вдахновена илустрација за тоа што сочинува еден посветен карактер. Тој претставува поука за сите, а посебно за младите. Строгата усогласеност со Божјите барања поволно влијае за здравјето на телото и умот.

За да го достигнеме највисокиот стандард на морални и интелектуални постигнувања, неопходно е да се бара мудрост и сила од Бога и да се држи строга умереност во сите животни навики. Во искуството на Даниел и неговите другари имаме пример на триумф на начелото над искушението за оддавање на апетитот. Тој ни покажува дека преку религиозното начело младите можат да триумфирааат над телесните страсти и да останат верни на Божјите заповеди, дури и по цена на голема жртва.

**Здравиот живот придонесува за совршенство на карактерот. -** Чистиот, здрав живот влијае најповолно за постигнување на совршен христијански карактер и за развој на телесните и умствените сили.

**Складна работа на умот, тетивите и мускулите. -** Со правилната употреба на нашите сили до нивен краен степен во најкорисното вработување, одржувајќи ги сите органи здрави, како и чувајќи го секој орган за да можат умот, тетивите и мускулите складно да работат, ние можеме да извршиме најдрагоцена служба за Бога.

**Среќата е плод на складното дејство на сите сили. -** Оние кои Му служат на Бога во едноставност и вистина ќе бидат посебен народ, поинаков од светот и одвоен од него. Нивната храна ќе се подготвува, не да поттикне лакомост или да задоволи изопачениот вкус, туку да осигура најголема физичка сила и сразмерно со таа најдобра ментална состојба...

Нам небесниот Татко ни го подарил големиот благослов на здравствената реформа, како би можеле да го прославиме Него покорувајќи се на барањата кои Тој ги има кон нас... Складното, здраво дејствување на сите телесни и умствени сили ќе резултира во среќа; колку тие сили сѐ повеќе се воздигнати и префинети, таа среќа ќе биде почиста и понепоматена.

**Влијанието на радувањето. -** Божјиот народ мора да научи многу поуки. Тие ќе имаат совршен мир ако го насочуваат својот ум кон Оној Кој е премногу мудар да погреши и премногу добар за да им нанесе зло. Тие мора да го фатат сјајот на Божјата насмевка и да го рефлектираат врз другите. Тие треба да согледаат колку светлина можат да внесат во жи-

вотот на оние кои ги опкружуваат. Тие мора да се држат близу до Христа, толку близу како со Него да седат како Негови мали деца, во нежна, света заедница. Тие никогаш не смеат да заборават дека додека ја примаат наклонетоста и љубовта Божја се наоѓаат под најсвечена обврска истото тоа да го пренесат и на други. Така тие можат да го шират влијанието на радувањето, кое донесува благослов на сите до кои допира, осветлувајќи ја нивната патека.

# ВЛИЈАНИЕ НА ТЕЛОТО ВРЗ УМОТ

**Близок однос помеѓу умот и телото. -** Постои близок однос помеѓу умот и телото, и за да постигнеме висок стандард на морално и интелектуално достигнување, мора да се обрне внимание на законите кои го контролираат нашето физичкото битие.

**Менталниот напор под влијание на физичката крепост. -** Ние треба да настојуваме да ја сочуваме целата крепост на сите свои сили за да можеме да го извршиме делото кое е пред нас. Сето она што ја намалува физичката способност го слабее и менталниот напор. Затоа секоја навика која му штети на здравјето на телото треба одлучно да се избегнува.

Големиот апостол рекол: „Туку го совладувам своето тело и го потчинувам, та јас кој им проповедав на другите, да не бидам самиот отфрлен." Ние не можеме да ја сочуваме посветеноста на Бога, а сепак да го нарушиме здравјето преку своеволно попуштање на лошите навики. Самоодрекувањето е еден од условите, не само за влегување во служба на Христа туку и за опстанокот во неа. Самиот Христос ги објавил, на непогрешлив јазик, условите да се биде Негов ученик: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се откаже од себеси, нека го земе својот крст, и нека оди по Мене."

Сепак, колку многу од оние кои се нарекуваат христијани се без волја да манифестираат самоодрекување, дури и поради Хрста. Колку често е посилна љубовта кон некоја погубна попустливост од желбата за здрав ум и здраво тело. Драгоцените часови на проба (милост) и од Бога дадените средства се потрошени, за да му се угоди на окото или да се задоволи апетитот. Обичајот држи илјадници во ропство на земното и телесното. Многумина се робови по своја волја; тие не посакуваат подобар дел во животот.

**Моќ за правење разлика помеѓу правилното и грешното. -** Сè она што ја намалува физичката сила, го слабее умот и го прави помалку способен да прави разлика помеѓу правилното и грешното.

**Лошите навики донесуваат изобличени замисли. -** Брате ________ , премногу си зафатен сам со себе. Ти многу работи ги гледаш во изопачена светлина. Се сомневаш во луѓето, имаш голема недоверба и љубомора, и нагодуваш зло. Ти мислиш дека секој еден е решен да те упропасти. Многу од овие искушенија потекнуваат од тебе. Исконструира многу работи како однапред смислени да ти наштетат, додека тоа е далеку од реалната вистина. Ти си правиш самиот на себе најголема штета со сопствениот погрешен правец.

Самиот за себе си најголем непријател. Твоите лоши навики создаваат нарамномерна циркулација на крвта и ја насочуваат крвта кон мозокот, и тогаш сè гледаш во изопачена светлина. Ти си брз и избувлив, и немаш негувано самоконтрола. Твојата волја и твојот пат ти изгледаат исправни. Но доколку не ги согледаш овие дефекти во твојот карактер и не ја испереш својата облека и ја обелиш во крвта на Јагнето, сигурно нема да го достигнеш вечниот живот. Ти ја сакаш теоријата на вистината, но не дозволуваш таа да ти го посвети животот. Во своето секојдневно однесување ти не ги спроведуваш начелата на вистината која ја исповедаш.

**Физичките навики влијаат на мозокот. -** Мозокот е тврдина на битието. Лошите физички навики влијаат на мозокот и спречуваат постигнување на она што го посакуваат учениците - добра ментална дисциплина. Доколку младите не се упатат на тоа како да се грижат за своето тело и ум, нема да бидат успешни ученици. Учењето не е примарна причина за падот на менталната моќ. Главната причина е неправилна исхрана, нередовни оброци, недостаток на физички вежби и безгрижно невнимание кон другите аспекти на законите на здравјето. Кога правиме сè што можеме да го сочуваме здравјето, тогаш можеме да побараме со вера од Бога да ги благослови нашите напори.

**Петар и односот меѓу телото и умот. -** Апостол Петар го разбрал односот помеѓу телото и умот и го подигнал својот глас да ги предупреди браќата: „Возљубени, ве молам, како туѓинци и придојденици, да се воздржувате од телесните похотти, кои војуваат против душата.“ Многумина гледаат на овој текст само како предупредување против разузданоста; но тој има пошироко значење. Тој забранува секакво штетно задоволување на апетитот или страстите. Секоја изопачена желба за јадење станува желба која војува против душата. Апетитот ни е доден за добро, а не за да стане служител на смртта, станувајќи изопачен, дегенерирајќи се така во „похот која војува против душата.“

**Злоупотребата на физичките сили доведува до неурамнотеженост на нервниот систем.** - Злоупотребата на нашите физички сили го скратува времето во кое нашите животи можат да се користат за слава на Бога. Тоа нè онеспособува да ја извршиме задачата која Бог ни ја дал. Дозволувајќи си себеси да формираме лоши навики, останувајќи до доцни часови, задоволувајќи го апетитот по цена на здравјето, ние поставуваме темел за слабост. Занемарувајќи ги физичките вежби, преоптоварувајќи го телото или умот, ние придонесуваме за неурамнотеженост на нервниот систем.

Оние кои така ги скратуваат своите животи и се онеспособуваат за служба со запоставување на природните закони виновни се за кражба кон Бога. Исто така тие ги крадат и своите ближни. Шансата да бидат благослов на другите, одредената задача за која Бог ги пратил на овој свет,

преку нивниот сопствен начин на постапување е скратена. Тие се онеспособени да го направат дури и она што можеле да го направат за пократок временски период. Господ нѐ смета за виновни кога на тој начин со своите лоши навики го лишуваме светот од добро.

**Безделничењето ја слабее силата на мозокот. -** Причина зошто младите имаат толку мала сила на мозокот и мускулите е тоа што премалку се зафатени со корисна работа. „Еве ги беззаконијата на твојата сестра Содом: горделивост, изобилство на леб и премногу безделништво имаше кај неа и ќерките нејзини, а не помагаа на сиромашните и бедните. Се возгордеаја и правеа гнасотии пред Мене, затоа ги сотрев како што виде" (Езекиел 16:49, 50)

**Физичката работа го релаксира умот. -** На целиот систем му треба освежителното влијание на вежбите на свеж воздух. Неколку часови на физичка работа секој ден ќе тежнее кон обновување на крепоста на телото, ќе го одмори и релексира умот.

**Капењето го освежува телото и умот. -** Било човек да е болен или здрав, дишењето е послободно и полесно ако човекот се бања. Со тоа мускулите стануваат пофлексибилни, умот и телото подеднакво освежени, разумот побистар и секоја способност пожива.

**Одморот наспроти стимулансите. -** Лошите физички навики му штетат на мозокот, и целиот систем станува растроен. Може да се стори напор во смисла на поттикнување на уморните нерви со земање на стимуланси, но тоа нема да го реши проблемот.

Доколку не се направи одлучна промена, доколку не дојде до разумно спознавање на потребата за давање одмор на мозокот наместо стимуланси, човекот ќе ја изгуби самоконтролата и ќе го обечести Божјото дело.

**Мирен одмор на умот. -** Ние би требало повеќе време да посветиме на понизна, сериозна молитва кон Бога за мудрост своите деца да ги воспитаме во грижата и науката Господова. Здравјето на умот зависи од здравјето на телото. Како христијански родители, должни сме да ги обучиме своите деца во согласност со законите на животот.

Во Христа тие ќе стекнат сила и надеж, и нема да ги мачи незгаслива желба за нешто што го одвратува умот и го задоволува срцето. Тие го нашле Скапоцениот Бисер и умот спокојно им почива. Нивните задоволства се од чист, воздигнат, небесен карактер. Тие немаат болни мисли, немаат грижа на совеста. Таквите задоволства не го слабеат телото или го исцрпуваат умот, туку им даваат здравје и сила...

Жителите на небото се совршени, бидејќи Божјата волја е нивна радост и најголемо уживање.

# ИСХРАНАТА И УМОТ

**Мозокот мора да биде здрав. -** Мозокот е орган и инструмент на умот, и тој го контролира целото тело. За другите делови на системот да бидат здрави, мозокот мора да биде здрав. А за мозокот да биде здрав, крвта мора да биде чиста. Доколку преку правилни навики за јадење и пиење крвта се одржува чиста, мозокот правилно ќе се храни.

**Мозокот снабден со живот и сила. -** Човечкиот организам е прекрасна машинерија, но тој не смее да се злоупотребува... Трансформацијата на храната во добра крв е прекрасен процес, и секое човечко суштество треба да има знаење за овој предмет...

Секој телесен орган собира храна за да ги одржи своите различни делови во акција. Мозокот мора да се снабдува со својот дел и коските со својата порција. Големиот Градител е на дело секој момент, снабдувајќи го секој мускул и ткиво, од мозокот до врвот на прстите на рацете и нозете, со живот и сила.

**Последица од омаловажувањето на природните закони. -** Бог му подарил на Својот народ голема светлина, па сепак не се наоѓаме надвор од дофатот на искушението... Еден инвалид навидум многу совесен, но сепак полн со предрасуди и самодоволен, слободно го признава својот презир кон законите на здравјето и животот, до кои не доведе Божјата милост да ги прифатиме како народ. Храната мора да му се подготвува на начин за да ја задоволи неговата болничава желба. Наместо да седи на трпезата каде што се поставува здрава храна, тој ги посетува ресторантите, затоа што таму може да му угодува на апетитот без ограничувања. Речит застапник на умереноста, а не ги почитува нејзините темелни принципи. Тој сака олеснување, но одбива да го добие по цена на самоодрекување.

Тој човек служи пред олтарот на изопачениот апетит. Тој е идолопоклоник. Силите кои, кога би биле посветени и облагородени, би можеле да се искористат за слава на Бога, ослабнале и станале од мала корист. Раздразлив темперамент, збунет мозок и растроени нерви се меѓу последиците на неговото непочитување на природните закони. Тој е непродуктивен и на него човек не може да се потпре.

**Близок однос помеѓу исхраната и умот. -** Во врска со Петровиот повик да додадеме кон „умереноста трпение,“ упатив (во едно обраќање) на благословите на здравствената реформа и предностите кои можат да се стекнат преку употреба на правилни комбинации на едноставни хранливи продукти. Нагласена е блиската врска по која јадењето и пиењето придонесуваат за состојбата на умот и темпераментот. Ние не можеме

да си дозволиме себеси да развиеме лош темперамент преку неправилните навики на живеење.

**Попусливоста најголема причина за менталната слабост. -** Попуштањето на апетитот е најголема причина за физичката и менталната ослабеност и се наоѓа во основата на слабоста која е насекаде очиведна.

**Умот станува збркан заради неадекватната исхрана. -** Ние не треба да подготвуваме за сабота поголема количина или поразновидна храна од другите денови. Наместо тоа, храната треба да биде поедноставна и треба помалку да се јаде, за умот да биде побистар и посвеж да ги сфати духовните работи. Претераното јадење го замаглува мозокот. Можат да се чујат и да не се ценат најдрагоцените зборови, затоа што умот станува збркан преку неправилната исхрана. Со претераното јадење во сабота, многумина направиле повеќе отколку што мислат за обесчестување на Бога.

**Преку апетитот сатаната го контролира умот. -** Преку апетитот сатаната го контролира умот и целото битие. Илјадници луѓе кои можеле да живеат завршиле во гроб, како и физички, ментални и морални бродоломи, затоа што ги жртвувале сите свои сили попуштајќи му на апетитот.

**Органите за варење влијаат врз животната среќа. -** Органите за варење играат важна улога во нашата животна среќа. Бог ни дал интелигенција за да можеме да научиме што треба да користиме како храна. Зар нема, како разумни мажи и жени, да проучуваме дали она што го јадеме ќе ни одговара или ќе причини проблеми? Тие кои имаат киселина во желудникот многу често се со кисела диспозиција. Им се чини дека сѐ им оди наопаку, и склони се да бидат зловолни и раздразливи. Ако сакаме меѓу нас да владее мир, би требало повеќе да размислуваме отколку што тоа го правиме за тоа како да имаме мирен желудник.

**Свежината на умот зависи од телото (совет до писателите и проповедниците). -** Покорете се на законите на здравствената реформа и учете ги и другите да го направат тоа. Здравјето на умот во голема мера зависи од здравјето на телото, а здравјето на телото зависи од начинот на кој се однесуваме со живата машинерија. Јадете ја само онаа храна која ќе го сочува вашиот желудник во најздрава состојба.

Потребно е темелно да ја проучите филозофијата на вистинската грижа за себе во поглед на исхраната. Аранжирајте ја така вашата работа за да можете да имате редовни оброци. На ова прашање мора да му посветите посебно внимание. Запомнете дека живеењето по вистината каква што е во Исуса бара многу самодисциплина.

**Нередовните часови и безгрижното невнимание кон здравствените закони. -** Умот не се заморува ниту толку често се исцрпува за сметка

на трудољубивата вработеност, или напорното учење колку на сметка на јадењето на храна која не одговара и во време што не одговара, и на безгрижното невнимание кон здравствените закони... Нередовните часови за јадење и спиење ја поткопуваат силата на мозокот. Апостол Павле објавува дека оној кој сака да биде успешен во достигнување на високо ниво на побожност мора да биде умерен во сè. Јадењето, пиењето и облекувањето, сè е во директна врска со нашиот духовен напредок.

**Пренатрупувањето на желудникот го слабее умот. -** Прекумерното јадење, дури и на најздрава храна, мора да се избегнува. Природата не може да користи повеќе отколку што е потребно за изградба на разните телесни органи и вишокот го запушува системот. За многу ученици се претпоставува дека се исцрпени од прекумерното учење, додека вистинската причина е неумерната исхрана. Кога ќе се посвети правилно внимание на здравствените закони постои мала опасност од ментално преоптоварување, но во многу случаи на таканаречени ментални оптоварувања, пренатрупувањето на желудникот е она што го истоштува телото и го слабее умот.

**Попустливоста ги отапува благородните чувства на умот. -** Попуштањето на апетитот во прекумерното јадење претставува лакомост. Големата количина на разновидна храна која често се зема во еден оброк е доволна да направи пореметен желудник и пореметен темперамент. Затоа Бог бара од секое човечко суштество соработка со Него, да никој не излегува од своите соодветни граници преку прекомерно јадење или земање артикли што не одговараат за исхрана. Ова попуштање ги јакне животинските склоности и ги затупува благородните чувства на умот. Целото битие се деградира, и човекот станува роб на апетитот, преку галење и угодување на своите ниски телесни страсти.

**Прејадувањето произведува заборавеност и губење на меморијата (совет до еден гурман). -** Вие сте гурман кога сте покрај трпезата. Тоа е голема причина за вашата заборавеност и губење на меморијата. Зборувате за она кое знам дека веќе сте го кажале, а потоа го вртите разговорот и велите дека сте кажале нешто сосема друго. Знаев за ова, но поминав преку тоа како сигурна последица на прејадувањето. Од каква корист би било да се зборува за тоа? Тоа не би го излечило злото.

**Прејадувањето ги затапува емоциите. -** Неумереноста во јадењето, дури и на храната со добар квалитет, ќе има унижувачко влијание на организмот и ќе ги затапи изострените и светите емоции. Строгата умереност во јадењето и пиењето е многу битна за зачувување на здравјето и крепко остварување на сите телесни функции.

Строгите навики на умереност, во комбинација со вежби како на мускулите така и на умот, ќе ја сочуваат менталната и физичката свежина и ќе им дадат моќ на издржливост на оние кои работат во службата на про-

поведањето, на уредниците и на сите чии навики и работа не вклучуваат физичка активност. Како народ, со сето свое исповедање на здравствената реформа, ние јадеме премногу. Попуштањето на апетитот е најголема причина за физичката и менталната ослабеност, и се наоѓа во основата на слабоста, која е секаде очевидна.

**Ограничување на разновидноста на храната. -** Ние мора да се грижиме за органите за варење и да не ги оптоваруваме со многу разновидна храна. Оној кој алчно се прејадува внесувајќи многу видови на храна за еден оброк си прави на себе штета. Поважно е да јадеме она што ни одговара, отколку да го пробаме секое јадење што ќе се постави пред нас. На нашиот желудник нема врата низ која можеме да погледнеме внатре и да видиме што се случува таму; затоа мора да го користиме својот ум и да ги согледаме причините и последиците. Ако се чуствувате напрегнати и ви се чини дека сѐ ви оди лошо, можеби тоа е затоа што ги сносите последиците од јадењето на многу разновидна храна.

**Божјиот план за нас. -** Бог сака низ строгата умереност да го одржиме умот бистар и изострен како би биле во состојба да правиме разлика помеѓу светото и обичното. Ние треба да се трудиме да ја сфатиме таа прекрасна наука за неспоредливото Божјо сочувство и добродетелност. Тие кои прекумерно јадат и кои јадат нездрава храна, навлекуваат на себе неволји, онеспособувајќи се за служба на Бога. Опасно е да се јаде месо, бидејќи животните страдаат од многу смртоносни болести. Оние кои се истрајни во јадењето животинско месо ја жртвуваат духовноста на изопачениот апетит. Нивните тела стануваат полни со болести.

**Интелектуалната активност слабее поради исхраната со многу месо. -** Интелектуалната, моралната и физичката сила се намалува поради зачестената употреба на месо. Јадењето месо го пореметува системот, го замаглува разумот и ја затапува моралната чувствителност.

**Она што го јадеме ја слабее интелектуалната активност. -** Ние се состоиме од она што го јадеме, а јадењето многу месо ќе ја ослаби интелектуалната активност. Учениците многу повеќе би постигнале во своите студии ако никогаш не вкусиле месо. Кога животинскиот дел од човечкото суштество ќе зајакне со јадење на месо, интелектуалната моќ пропорционално слабее.

Верскиот живот може поуспешно да се стекне и одржи ако се исфрли месото, бидејќи оваа исхрана потикнува на интензивни активности, похоттни склоности и ја слабее моралната и духовната природа. „Телото... (војува) против духот, а духот против телото“ (Галатјаните 5:17).

Многу е потребно да поттикнуваме и негуваме чисти, чедни мисли и да ја јакнеме моралната, а не পониските и телесните сили. Нека Бог ни помогне да се отргнеме од своите самопопустливи желби!

**Јадењето месо и диспозицијата.** - Воглавно, Бог не го снабдувал Својот народ со месо во пустината затоа што знаел дека употребата на оваа храна ќе создаде болест и непокорност. Со цел да ја измени диспозицијата и да ги доведе до активно манифестираање возвишените сили на умот, Тој го отстранил од нив месото на мртвите животни.

**Последици од јадење свинско месо.** - Со јадењето на свинско месо не се загрозува само физичкото здравје. Употребата на оваа тешка храна влијае на умот и ги затапува фините чувства.

**Оној кој непромислено јаде се дисквалификува себеси за советник.** - Шеќерот не е добар за желудникот. Тој создава ферментација, а тоа го замаглува мозокот и произведува надразлива диспозиција. Се покажа дека два оброка се подобри за здравјето на организмот од три.

Колку жалосно што често, кога е потребно да се покаже најголемо самоодрекување, желудникот е пренатрупан со куп нездрава храна, која тука чека на разложување. Стомачните тегоби се одразуваат на мозокот. Оној кој непромислено јаде не разбира дека се онеспособува за давање мудар совет, дисквалификувајќи се така за правење планови за најдобар напредок на Божјото дело. Но тоа е така. Тој не може да го разликува духовното, и на советувањата, кога тој треба да каже да и амин, тој вели не. Тој дава предлози кои се далеку од целта. Храната што ја јадел ја затапила моќта на неговиот мозок.

Самопопустливоста го спречува човечкото орудие да сведочи за вистината. Благодарноста која му ја даваме на Бога за Неговите благослови многу зависи од храната која е сместена во желудникот. Попуштањето кон апетитот е причина за кавга, раздор, несклад и многу други зла. Се искажуваат зборови на нетрпеливост и се прават нељубезни дела; се следат нечесни навики и се покажува страст затоа што мозочните нерви станале болни од злоставувањето кое се натрупува на желудникот.

**Кафето влијае врз менталните и моралните сили.** - Кафето претставува штетно угодување. Тоа моментално го возбудува умот, ... но повратните ефекти се исцрпеност, истоштеност и парализа на менталните, моралните и физичките сили. Умот ослабува и доколку со одлучен напор таа навика не се надвладее, мозочната активност трајно ќе се намали.

**Погрешното јадење води кон погрешно мислење**. - Здравјето на телото треба да се земе за важно за растот во благодатта и за стекнување на сталожен темперамент. Ако на желудникот не му се посвети вниманието што му одговара, обликувањето на морален, правилен карактер ќе биде спречено. Мозокот и нервите сочувствуваат со желудникот. Погрешното јадење и пиење резултира со погрешно мислење и дејствување.

**Затапено високото вреднување на помирувањето**. - Кога постапуваме на начин кој ја слабее менталната и физичката виталност - во јадењето, пиењето или некоја друга наша навика - ние го обесчестуваме Бога, бидејќи му ја скратуваме службата на која Тој полага право. Кога се оддаваме на апетитот по цена на здравјето или попуштаме пред навиките кои ја слабеат нашата виталност и ментална свежина, ние не можеме високо да го цениме помирувањето и правилно да ги вреднуваме вечните работи. Кога умовите ни се замаглени или делумно парализирани со болест, ние лесно ќе бидеме надвладеани од сатанските искушенија.

**Преголемо размислување за храната**. - Не е можно тежински да се препише количината на храна која треба да се изеде. Не се препорачува да се следи овој процес, бидејќи правејќи така умот станува егоцентричен. Јадењето и пиењето, стануваат преголем голем предмет на размислување. Оние кои не прават бог од желудникот, внимателно ќе го чуваат апетитот. Тие ќе јадат едноставни, хранливи продукти... Тие ќе јадат бавно и целосно ќе ја џвакаат својата храна. По јадењето ќе се подложат себеси на соодветна физичка активност на отворено. Таквите никогаш не треба да се оптоваруваат со мерење на прецизни количини.

Постојат многу кои носат голем товар на одговорност што се однесува на квантитетот и квалитетот на храната најдобро прилагодена за одржување на организмот. Некои, посебно оние кои патат од лошо варење, се премногу загрижени во поглед на своето мени во смисла дека не внеле доволно храна за исхрана на организмот. Тие направиле голема штета на домот во кој живеат, и се плашиме, се онеспособиле за овој живот.

**Јадете според својот најдобар суд, потоа имајте мир**. - Некои постојано се грижат дека нивната храна, колку и да е едноставна и здрава, може да им нанесе зло. На таквите би им кажала: Не мислете дека храната ќе ви нанесе штета; не мислете воопшто за тоа. Јадете според својот најдобар суд; и кога сте го замолиле Господа да ја благослови храната за јакнење на вашето тело, верувајте дека Тој ја слуша вашата молитва и имајте мир.

**Неумерените луѓе не можат да бидат трпеливи**. - Постојат многу причини зошто има толку многу нервозни жени на светот, кои се жалат на лошо варење, со цела композиција на повратни зла. Причината ја прати последицата. Невозможно е за неумерените лица да бидат трпеливи. Тие мораат прво да ги реформираат лошите навики, да научат да живеат здраво, и тогаш нема да им биде тешко да бидат трпеливи.

Се чини дека многумина не го разбираат односот меѓу умот и телото. Ако организмот се наруши поради неправилна исхрана, тоа влијае на мозокот и нервите и безначајните работи почнуваат да ги вознемируваат оние кои се унесреќени на тој начин. Малите потешкотии им изгледаат неволји големи како планина. Лицата кои се вака настроени се неспособни правилно да ги воспитуваат своите деца. Нивниот живот ќе биде

обележен со крајности, понекогаш да бидат многу попустливи, во друга прилика строги, критикувајќи ситници кои не се вредни да се споменат.

**Лошото варење доведува до раздразливост**. - Желудникот со лошо варење секогаш води кон раздразливост. Киселиот желудник донесува кисел темперамент. Вие мора да го потчините своето тело, ако сакате да го направите храм за пребивање на Светиот Дух... Јадете умерено дури и од здравата храна. Вежбајте умерено, и ќе почувствувате дека вашиот живот има одредена цел.

**Нездравата храна ја затапува совеста**. - Во здравствената реформа нашиот народ назадува. Сатаната знае дека не може да има толку голема моќ над умовите кога апетитот се држи под контрола како кога му се попушта, и тој постојано работи за да ги наведе луѓето на попуштање. Под влијание на нездравата храна совеста затапува, умот замрачува, а неговата приемчивост на впечатоци се намалува...

Дали нашиот народ ќе го увиди и почувствува гревот на изопачување на апетитот? Ќе сака ли да го отфрли секое штетно попуштање и да дозволи средствата кои така би се заштедиле да се посветат за ширење на вистината?

**Дефиниција за умереност во јадењето**. - Правилата на умереноста мора да се спроведуваат понатаму од самата употреба на алкохолни пијалоци. Употребата на надразнувачка и тешко сварлива храна често е подеднакво штетна за здравјето и во многу случаи сее семиња на пијанство. Вистинската умереност нè учи потполно да се ослободиме од сè што е штетно, и совесно да го користиме она што е здраво. Малку се оние кои правилно разбираат колку нивните навики во исхраната се поврзани со нивното здравје, нивниот карактер, нивната корисност во овој свет и нивната вечна судбина. Апетотот секогаш би требало да биде потчинет на моралните и интелектуалните сили. Телото треба да му служи на умот, а не умот на телото.

**Избегнување на крајности**. - Оние кои ги разбираат законите на здравјето и кои се раководат по правилото ќе ги избегнат крајностите како кон попуштањето така и кон ограничувањето. Нивната исхрана се одбира, не само за задоволување на апетитот, туку за изградба на телото. Тие настојуваат да ја сочуват секоја моќ во најдобра состојба, за најдобра служба на Бога и човекот. Апетитот е под контрола на разумот и совеста, и тие се наградени со здраво тело и ум. Додека тие агресивно не ги наметнуваат своите погледи на другите, нивниот пример е сведоштво во корист на вистинските начела. Тие личности имаат широко влијание за добро.

# УМОТ И ЗДРАВЈЕТО

**Умот го контролира целиот човек.** - Умот го контролира целиот човек. Секоја наша постапка, била добра или лоша, има свој извор во умот. Умот е тој кој му служи на Бога и нѐ поврзува со небесните суштества... Сите физички органи се слуги на умот, а нервите се гласници кои ги пренесуваат неговите наредби до секој дел на телото, раководејќи ги движењата на живата машинерија...

Складната акција на сите делови - мозокот, коските и мускулите – е неопходна за целосен и здрав развој на целиот човечки организам.

**Електричната сила го оживува целиот систем**. - Електричната сила на мозокот која е поттикната од менталната активност, го оживува целиот систем и така е од непроценлива помош во пружање отпор кон болестите.

**Малку луѓе ја сфаќаат моќта на умот над телото**. - Но малку луѓе ја сфаќаат моќта која умот ја има над телото. Добар дел од болестите кои го напаѓаат човештвото имаат свое потекло во умот, и може да се излечат единствено со обновување на умот во здравје. Има многу повеќе луѓе отколку што ние мислиме кои се ментално болни. Жалоста на срцето многумина ги прави да боледуваат од лошо варење, бидејќи менталниот проблем има парализирачко влијание врз органите за варење.

**Жртви на болна имагинација.** - Умот треба да се контролира, бидејќи тој има најмоќно влијание врз здравјето. Имагинацијата често пати води на погрешен правец, и кога ѝ се попушта, таа донесува сериозни облици на болест врз несреќникот...

Годишното време од кое најмногу треба да се плаши оној кој оди да ги посети овие инвалиди е зимата. И навистина е зима, но не само надвор туку и внатре, за оние кои се принудени да живеат во иста куќа и да спијат во иста соба. Овие жртви на болна имагинација се затвораат внатре и ги затвораат прозорците, бидејќи воздухот влијае на нивните дробови и главата. Имагинацијата е активна; тие очекуваат да настинат, и ќе настинат. Никакви причини не можат да ги натераат да поверуваат дека не ја разбираат филозофијата на целата работа. Нели тоа самите го искусиле тоа? ќе се препираат тие.

Вистина е дека докажале една страна на ова прашање – преку истрајување во сопствениот курс - сепак тие настинуваат ако и најмалку се изложат. Нежни како бебиња, тие ништо не можат да поднесат; сепак продолжуваат да живеат по старо, и понатаму ги затвораат прозорците и вратите, се надвиснуваат над печката и уживаат во својата мизерија.

Тие сигурно докажаа дека нивното однесување не ги донесе на добро, туку им ги зголеми потешкотиите. Зошто таквите не му дозволуваат на разумот да влијае врз расудување и да ја контролира имагинацијата? Зошто сега не пробаат спротивен курс, и на разумен начин да се изложат на вежби (физичка активност) и воздух на отворен простор?

**Умот ја попречува циркулацијата (совет на една плашлива душа).** - Ако умот ви е под влијание и уверение дека капењето ќе ви наштети, таа ментална импресија се пренесува на сите нерви на телото. Нервите ја контролираат циркулацијата на крвта, поради тоа крвта, низ умствениот впечаток, се ограничува во крвните садови, и позитивниот ефект на капењето се губи. А сето ова затоа што умот и волјата пречат на редовната циркулација на крвта и спречуваат нејзиниот доток на површината да го стимулира, поттикне и подобри нејзиниот тек.

На пример, вие сте под впечаток дека ако се искапете ќе ви биде ладно. Мозокот ги праќа овие информации до нервите на телото, и крвните садови, кои се држат во покорност на вашата волја, не можат да ја извршат својата задача и да предизвикаат реакција по капењето.

**Занесувачкиот ум, плод на рамнодушноста (совет на една млада жена).** - Ти имаш болна имагинација. Си мислела за себе дека си болна, но тоа било повеќе имагинација отколку стварност. Си била неискрена кон себе... Си се покажала како личност без рбетен столб. Половично си се потпирала на други, што е погрешен став кој една дама треба да го зазема во присуство на други. Доколку само си мислела така, можеше да одиш и да седиш исправено како многу други.

Состојбата на твојот ум води кон мрзливост и ужасување од физичка активност, додека тоа ќе се покаже како едно од најдобрите средства за твоето оздравување. Никогаш нема да оздравиш доколку не се ослободиш од таа мрзлива, успиена состојба на умот, и не се поттикнеш на акција, на работа додека трае денот. Дејствувај, како што замислуваш и планираш. Отргни го својот ум од романтични проекти. Ти со својата религија мешаш романтичен, болен сентиментализам кој копнее по љубов, кој не воздигнува, туку само понижува. Не си само ти од ова зафатена; твојот пример и влијание и на другите им нанесуваат штета.

**Здравјето жртвувано на чувствата (совет на една жена со силна волја).** - Драга ________, ти имаш болна имагинација; и ти го обесчестуваш Бога дозволувајќи им на своите чувства да имаат целосна контрола над твојот разум и расудување. Ти имаш одлучна волја, која предизвикува реакција на умот над телото, што доведува до нерамномерна циркулација и произведува презаситеност со крв во некои органи; и ти го жртвуваш здравјето на своите чувства.

**Ментална болест произведена од непосветен јазик (коментар по повод смртта на жената на еден раководител).** - Сестрата ________ беше толку притисната со жалост така што го изгуби разумот. Ве прашувам, кој на судниот ден ќе биде одговорен за протерување на светлината од тој ум кој би требало денес да блеска? Кој на судниот ден ќе биде одговорен за делото кое ја предизвикало болката која ја донела оваа болест? Таа страдала со месеци, и сопругот страдал со неа. А сега таа сирота жена си замина, оставајќи две деца без мајка. И сè тоа поради делото кое го направиле непосветените јазици.

**Преоптоварениот ум му штети на здравјето.** - Браќата вложиле средства во патентни права и други потфати и навеле други да се заинтересираат, кои не можеле да ги поднесат тешкотиите и грижите на таа работа. Нивните загрижени, преоптоварени умови сериозно влијаеле на веќе заболеното тело и тие потоа подлегнале на потиштеноста, која се зголемувала до очај. Тие потполно изгубиле доверба во себе и мислеле дека Бог ги оставил, и тие не се осмелуваат да веруваат дека Тој ќе биде милостив кон нив.

**Менталната активност произведува здравје.** - Бог сака Неговите ополномоштени слуги да бидат добри проповедници, а за да го направат тоа тие мора да бидат трудољубиви ученици... Навиките на учење и цврст стисок (влијание) одозгора, ќе ги оспособи за нивната положба на проповедници на Христовото евангелие. Менталната активност ќе произведе здравје, и ова е подобро од тромав, неуреден, неувежбан ум. Многумина стануваат безвредни како проповедници во своите постари години... Да го користеле мозокот, ќе беа плодни во староста.

**Електричната сила на мозокот ја одбива болеста**. - Умовите на мислителите работат напорно. Тие честопати расипнички ги користат своите ментални сили, додека постои друга група на луѓе чија највозвишена цел во животот е физичката работа. Втората класа не го вежба умот. Нивните мускули се тренираат додека мозокот им е лишен од интелектуалната сила, токму како што умовите на мислителите работат додека телата им се лишени од сила и крепост поради запоставување на вежбите на мускулите...

Нивното влијание за добро е мало во споредба со она какво би можело да биде ако го користеа и мозокот онолку колку и мускулите. Оваа група полесно подлегнува ако е нападната од болест; организмот се витализира преку електричната сила на мозокот да ја одбие болеста.

**Незадоволното жалење донесува болест**. - Она што главно донесува болест на телото и умот се чувствата на незадоволство и јадикување. Тие го немаат Бога; тие ја немаат таа надеж која достига до зад завесата, која е како сигурно и цврсто сидро за душата. Сите кои ја имаат

оваа надеж ќе се очистат како што Тој е чист. Таквите се ослободени од немирни желби, лелекања и незадоволства; тие не бараат постојано зло и не размислуваат за замислени неволји. Но гледаме многумина на кои само неволјите им се пред очите; загриженоста е втисната на секоја црта од лицето, тие изгледаат како да не наоѓаат утеха, туку полни со страв чекаат некое ужасно зло.

**Вознемирениот став му штети на здравјето (совет до една вознемирена жена).** - Господ има љубов кон тебе и се грижи за тебе, и кога твојот сопруг не е со тебе, сепак имаш одлично друштво токму на просторот каде ви е изградена куќата. Немој да го држиш својот ум во напната состојба, бидејќи тоа му штети на здравјето. Мораш да сфатиш дека никој не може да го смири твојот ум освен ти самата.

Премногу си спремна да гледаш на обесхрабрувачката страна. Ова беше слабост во твојот карактер. Тоа го повредува твоето искуство и дава тажен тон на искуството на твојот маж.

Ти премногу се грижиш. Сето она што можеш да го правиш за да го свртиш својот ум од твоето јас, во било кој правец на запосленост, чини го. Ти мора да го цениш големиот дар на нашиот свет во Исуса Христа, и можеш да очекуваш многу мир и утеха и искажана љубов кои ќе го чуваат твојот ум во совршен мир. Секој верник треба да се облече со Христовата праведност, а таа праведност зборува подобро од Авеловата крв.

**Неспособност за рационално резонирање.** - Ученикот може да ги посвети сите свои сили во стекнување на знаење, но доколку нема знаење за Бога, ако не се покорува на законите кои управуваат со неговото битие, тој ќе се упропасти себеси. Преку лошите навики ја губи моќта за самовреднување, ја губи самоконтролата. Тој не може правилно да резонира за прашањата кои најмногу го засегаат. Тој е непромислен и нерационален во својот третман на умот и телото. Преку занемарување да ги култивира вистинските начела, тој се упропастува себеси како за овој свет, така и за оној кој доаѓа.

**Егоцентричноста, пречка во оздравувањето**. - Една од најголемите пречки за заздравување на болните е насочување на вниманието кон себе. Многу инвалиди чувствуваат дека секој треба да им укажува сочувство и помош, додека она што им е потребно е да го одвратат вниманието од себеси, да размислуваат и да се грижат за другите.

**Отргнете го умот од себе**. - Физичката активност ќе му помогне на варењето. Шетањето по оброкот, со држење на главата во исправена положба и повлечени рамења и умереното вежбање ќе биде од голема корист. Умот ќе биде отргнат од себе кон убавините на природата. Колку помалку внимание му се подарува на желудникот по јадењето, дотолку подобро. Ако сте во постојан страв дека вашата храна ќе ви нанесе зло,

тоа најверојатно и ќе се случи. Заборавете на себе и мислете на нешто весело.

**Правењето добро ослободува позитивна сила**. - Задоволството од правење добро го оживува умот и вибрира низ целото тело. Додека лицата на добротворните луѓе се озарени со бодрост и нивниот изглед изразува морална возвишеност на умот, лицата на себичните, скржави луѓе се потиштени, нерасположени и намрштени. Нивните морални недостатоци се видливи на изразот на нивните лица.

**Сигурноста го унапредува здравјето.** - Кога луѓето кои се оддавале на лоши навики и грешни обичаи ќе се покорат на силата на Божјата вистина, примањето на вистината во срцето ги обновува моралните сили кои изгледале како да се парализирани. Примателот, поседува посилно, појасно разбирање отколку што имал порано пред да ја прицврсти својата душа на Вечната Карпа. Дури и неговото физичко здравје се подобрува со спознавањето на својата сигурност во Христа. Посебниот Божји благослов кој мирува на примателот е сам по себе здравје и сила.

**Смирувачките ефекти на добрите работни услови (совет на еден раководител кој бил под преголем стрес).** - Не е мое да ти поставам одреден правец на работа. Но треба да работиш, ако е можно, на некое место каде што умот ќе ти биде сочуван во мирна рамнотежа, каде што ќе бидеш мирен и спокоен, каде што нема да бидеш советуван за многу прашања. Не е најдобро за тебе да имаш надзор над многу работи. Не треба да го преоптоваруваш умот. Тоа ќе ти биде на голема штета. Кога премногу потешкотии ќе се постават на тебе, крвта брза кон главата, ти се предаваш на интензитетот на чувствата што го доведува во опасност твоето здравје.

Постави се себеси, ако е можно, таму каде што ќе имаш малку причина да се грижиш за работата на другите... Ако ги преземеш на себе обврските во кои се вклучени големи интереси, конфузијата која ќе дојде како резултат на планирањето за раководење со многу работи нема да биде за твое добро ниту во најдобар интерес за Божјето дело.

Оние кои би те натовариле со разни должности барајќи од тебе најгрижливо раководење прават грешка. На твојот ум му е потребен спокојство. Ти треба да го работиш она што нема да причини триење во умот. Мора да ја чуваш својата совест во страв Божји, според библиското мерило и треба постојано да напредуваш, за да на некој начин не се онеспособиш за задачата која Бог ти ја дал да ја вршиш.

**Спокојниот ум е патека која води кон здравје**. - Свеста за чинењето на она што е право е најдобар лек за болните тела и умови. Посебниот Божји благослов кој почива на примателот претставува здравје и сила. Личноста чиј ум е спокоен и задоволен во Бога е на пат кон здравјето. Да се биде свесен дека окото Господово е над нас и Неговите уши се отво-

рени да ги чујат нашите молитви навистина претставува задоволство. Знаењето дека имаме пријател кој никогаш нема да нè изневери, на кој можеме да му ги довериме сите тајни на својата душа е привилегија која не може да се изрази со зборови.

**Љубовта, надежта и радоста се неопходни за здравјето**. - За да имаме совршено здравје нашите срца мора да бидат исполнети со надеж, љубов и радост.

**Христос е одговорот**. - Многумина страдаат од болести на душата многу повеќе отколку од болести на телото, и не наоѓаат олеснување сè додека не дојдат кај Христос, изворот на животот. Жалењето за истоштеноста, осаменоста и незадоволството тогаш исчезнуваат. Задоволната радост ќе даде свежина на умот, а здравје и витална енергија на телото.

# УМОТ И ДУХОВНОТО ЗДРАВЈЕ

**Плодови на духовниот живот.** - Духовниот живот на имателот му донесува она што целиот свет го бара, а што никогаш нема да го стекне без потполно потчинување кон Бога.

**Телото, умот и душата профитираат од заедницата со Бога**. - Во знаењето за Бога секое вистинско знаење и вистински развој има свој извор. Каде и да се свртиме, кон физичкото, менталното или духовното подрачје; во што и да гледаме, освен разорувањето на гревот, се открива ова знаење. Било какво истражување да преземеме, со искрена намера да дојдеме до вистината, доаѓаме во допир со таа невидлива, моќна Интелегенција која дејствува во сè и низ сè. Човековиот ум доаѓа во заедница со Божјиот ум, ограничениот со Неограничениот. Резултатот од таквата заедница на телото и умот и душата е немерлив.

**Љубовта кон Бога е важна за здравјето**. - Бог е голем чувар на човечката машинерија. Во грижа за своето тело ние мораме да соработуваме со Него. Љубовта кон Бога е суштинска за животот и здравјето.

**Здравјето на телото е важно за здравјето на душата.** - Бог треба да го признаеме како Автор на нашето битие. Со животот кој ни го дал не треба да си играме. Непромисленоста во телесните навики ја открива непромисленоста на моралниот карактер. Здравјето на телото мораме да го сметаме за важно во напредувањето на растот во благодатта и смирениот темперамент.

**Добрите дела го унапредуваат здравјето.** - Добрите дела се двоен благослов, тие се корисни и за давачот и за примателот на љубезноста. Свеста за правилното постапување е еден од најдобрите лекови за заболените тела и умови. Кога умот е слободен и среќен заради чувство на добро извршена должност и задоволство заради донесување на среќа на другите, веселото, подигнувачко влијание носи нов живот на целото битие.

**Побожноста во хармонија со законите на здравјето**. - Оние кои чекорат по патеката на мудроста и светоста откриваат дека „побожноста е корисна за сите, зашто има ветување за сегашниот живот и идниот живот“ (1. Тимотеј 4:8). Тие можат да ги уживаат вистинските животни задоволства и не се вознемируваат со празно жалење за погрешно поминати часови ниту мрачни претчувства, како што често се случува кај световните луѓе кои не се преокупирани со возбудливи забави. Побож-

носта не се судира со законите на здравјето туку е во склад со нив. Стравот Господов е темел на секој вистински просперитет.

**Постојаната борба против злите мечтаења**. - Секој кој сака да биде соучесник во божествената природа нека го цени фактот дека мора да и побегне на расипаноста која е во светот преку похотта. Мора да постои непрекината, сериозна борба против злите мечтаења на умот. Мора постојано да постои одлучно одбивање на искушенијата за грев во мислите или делата. Душата мора да се чува од секоја дамка, низ верата во Оној Кој може да ве сочува од паѓање.

Ние треба да размислуваме за Светото Писмо, трезвено и отворено да размислуваме за она што е врзано за нашето спасение. Исусовата бесконечна милост и љубов, жртвата поднесена во наша корист, повикува на најсериозно и најсвечено размислување. Ние треба да се занимаваме со карактерот на нашиот драг Откупител и Посредник. Треба да настојуваме да го сфатиме значењето на планот на спасението. Треба да размислуваме за мисијата на Оној Кој дојде да го спаси Својот народ од неговите гревови. Постојаното размислување за небесните теми ќе направи нашата вера и љубов да растат и зајакнуваат.

**Штетата причинета на здравјето ја слабее моралната сила**. - Сето она што му штети на здравјето не само што ја намалува физичката крепост туку тежнее и кон слабеење на менталната и моралната сила.

Бидејќи умот и душата доаѓаат до израз преку телото, и менталната и духовната крепост во голема мера зависат од физичката сила и активност; и сето она што го унапредува физичкото здравје го унапредува и развојот на силниот ум и добро урамнотежениот карактер.

**Телото посредник за умот и душата.** - Телото е најважен медиум преку кој се развиваат умот и душата во изградбата на карактерот. Затоа тука непријателот на душите ги насочува своите искушенија за да ја ослаби и деградира физичката сила. Неговиот успех овде често значи предавање на целото битие на злото. Склоностите на физичката природа, доколку не се под управа на возвишените сили, сигурно ќе произведат пропаст и смрт. Телото мора да се подреди под управа на возвишените сили на битието. Страстите мора да се контролираат од волјата, која самата мора да биде под Божја контрола. Царската сила на разумот, посветена преку Божјата благодат, треба да владее во животот.

Интелектуалната моќ, физичката издржливост и должината на животот, зависат од непроменливите закони. Преку послушноста на овие закони, човекот може да стане победник над себе, победник над своите склоности, победник над царството и силата, „управителите на темнината на овој свет и духовната пакост под небото“ (Ефесјаните 6:12).

**Животната енергија се пренесува на умот преку мозокот**. - Господ би сакал умовите да бидат бистри и изострени, способни да ја воочат суштината на Неговата реч и служба, вршејќи ја Неговата волја, зависејќи од Неговата благодат, внесувајќи во Неговото дело чиста совест и благодарен ум. Ваквата радост ја подобрува циркулацијата на крвта. Животната енергија се пренесува на умот преку мозокот; заради тоа мозокот никогаш не треба да затапува со употреба на наркотици или да се возбудува со користење на стимуланси. Мозокот, коските и мускулите мора да бидат доведени во хармонична активност за сите да можат да работат како добро подесена машина, каде секој дел ќе дејствува хармонично и ниеден нема да биде преоптоварен.

**Лошото варење го прави верскиот живот неизвесен**. - Начелата на здравствената реформа треба да се воведат во животот на секој христијанин. Мажите и жените кои не ги почитуваат овие правила не можат да му понудат на Бога чиста, енергична посветеност бидејќи желудникот со лошо варење или млитавиот црн дроб го прават верскиот живот неизвесен.

Јадењето месо од мртви животни има штетна последица по духовноста. Кога месото ќе стане главен продукт во исхраната, возвишените способности стануваат надвладеани од ниските страсти. Ова е соблазна за Бога и причина за опаѓање на духовниот живот.

**Правилното дејствување е најдобар лек.** - Свеста за чинењето на она што е право е најдобар лек за болните тела и умови. На примателот почива посебен Божји благослов во здравје и сила. Личноста чиј ум е спокоен и задоволен во Бога е на пат кон здравје...

Има и такви кои не чувствуваат дека верска должност им е да го дисциплинираат умот да се занимава со ведри предмети, за да можат да одразуваат светлина, а не мрак и темнина. Оваа класа на умови ќе биде вклучена во барање на сопствено задоволство, во површни разговори, смеење и шегување, и умот постојано ќе се воодушевува со круг на забави; или ќе бидат потиштени, имајќи големи неволји и ментални конфликти, за кои тие мислат дека малкумина ги имаат пробано или можат да ги разберат. Овие лица можат да исповедаат христијанство, но тие ги мамат сопствените души. Тие ја немаат вистинската компонента.

**Работете како за душата така и за телото**. - Нашите здравствени работници треба да прават сè што е во нивна моќ во лечењето на болестите на телото а исто така и болестите на умот. Тие мораат да стражарат и да се молат и работат, донесувајќи како духовни, така и физички предности на оние за кои работат. Докторот во еден од нашите санаториуми кој е вистински Божји слуга има многу интересна задача која треба да ја направи за секое човечко суштество кое страда, со кое тој доаѓа во контакт. Тој не смее да пропушти ниту една прилика на душите да им укаже

на Христа, Големиот Исцелител на телото и умот. Секој доктор треба да биде вешт работник во Христовите методи на работа. Не треба да слабее интересот за духовното, или силата со која умот го држи насочен кон Големиот Лекар ќе се одврати.

**Лекар кој се занимава со пореметени умови и срца.** - На лекарот му е потребно повеќе од човечка мудрост да знае како да им служи и како да се однесува кон бројните сложени случаи на болести на умот и срцето за кои е повикан да се занимава. Ако ја занемари силата на Божјата благодат, тој не може да им помогне на несреќните, но ќе го зголеми проблемот; но ако цврсто се потпре на Бога, ќе биде во состојба да му помогне на болниот, пореметен ум. Тој ќе биде во состојба да ги упати своите пациенти кон Христа и да ги научи сите свои грижи и потешкотии да му ги предадат на Големиот Носител на Бремето.

**Христос го просветлува умот.** - Лекарот никогаш не смее да ги наведе своите пациенти да го насочуваат своето внимание на него. Тој мора да ги научи да се фатат со трепеливата рака на верата за Спасителовата испружена рака. Тогаш умот ќе биде просветлен со светлина која зрачи од Светлината на светот.

**Вистината има смирувачка моќ.** - Смирувачката моќ на чистата вистина која се запазува, дејствува и се одржува во сите свои односи има вредност која ниеден јазик не може да ја изрази кон луѓето кои страдаат од некоја болест. Пред болниот кој пати секогаш држете го Христовото сочувство и нежност, и пробудете ја нивната совест на вера во Неговата сила да го олесни страдањето, и водете ги кон вера и доверба во Него, Големиот Исцелител, и сте ја здобиле душата, а честопати и животот.

**Вистинската вера помага во обновување на здравјето (зборови упатени на гостите во санаториумот присутни на службата во локалната црква).** - Христос е нашиот Голем Лекар. Многу мажи и жени доаѓаат во оваа здравствена установа, (санаториумот Св. Елена) со надеж дека ќе примат третман кој ќе го продолжи нивниот живот. Тие се изложуваат на големи страдања за да дојдат ваму.

Зошто секој кој дошол во санатариумот за физичка помош не дојде и кај Христа за духовна помош? Зошто не би можеле вие, браќа и сестри мои, да ја потхранувате надежта дека ако го прифатите Христос, Тој ќе ги додаде Своите благослови на орудијата кои би се активирале за обновување на вашето здравје? Зошто да немате вера дека Тој ќе соработува со вашите напори за оздравување, затоа што Тој сака да оздравите? Тој сака да имате бистар мозок за да можете да ги цените небесните стварности; Тој сака вие да имате здрави тетиви и мускули за да можете да го прославите Неговото име, користејќи ја својата сила во Неговата служба.

**Совет од една личност која била склона на меланхолични чувства.** - Твоја должност е да се бориш против тешките мисли и меланхолични чувства, исто како што ти е должност да се молиш. Должност ти е да им пружиш отпор на непријателските орудија, цврсто да го зауздаш својот јазик како и своите мисли. Од сите моменти во твојот живот кога ти е потребна мера на благодат, тоа е кога чувствителните, воспалени органи за варење се на работа, а ти си загрижен и уморен.

Може ова ќе те изненади, но да бидеш постојано раздразлив и да ги раздразнуваш другите со своето изнаоѓање на мани и жалосно размислување тоа е како еден вид на користење на лош јазик во гнев (еден вид на пцуење). Овие напади на лошо варење создаваат неволји, но цврсто држи ги уздите дека нема да користиш лош јазик во гнев кон оние кои ти се најдобри пријатели или оние кои ти се непријатели.

**Уверување во Божјото одобрување**. - Уверувањето за Божјото одобрување ќе го подобри физичкото здравје. Тоа ја утврдува душата против сомнежот, збрканоста и претераната болка која толку често ја поткопува животната сила и донесува нервни болести од најослабувачки и најпотресен карактер. Господ го дал Својот сигурен збор дека Неговото око ќе биде над праведните и Неговото уво ќе биде отворено за нивните молитви.

**Врска помеѓу гревот и болеста.** - Постои божествено одредена врска помеѓу гревот и болеста. Ниеден лекар не може да работи ниту еден месец, а да не го види ова илустирано. Тој може да го игнорира тој факт; неговиот ум може да биде толку преокупиран со други работи и да не обрне внимание на тоа; но доколку набљудува и е чесен, тој нема да може, а да не признае дека гревот и болеста меѓусебно се однесуваат како причина и последица. Лекарот ова треба веднаш да го забележи и да постапи во склад со тоа сознание.

Кога ќе ја стекне довербата на несреќните, олеснувајќи им ги страдањата и враќајќи ги од работ на смртта, може да ги поучува дека болеста е последица од гревот и да настојува дека непријателот е оној кој сака да ги намами на дела кои се погубни за здравјето и душата. Тој може да ги импресионира нивните умови со потребата за откажување од себеси и за послушност на законите на животот и здравјето. Тој особено може да вметне правилни начела во умовите на младите.

Бог ги сака Своите созданија со љубов која е и нежна и силна. Тој ги востановил природните закони, но Неговите закони не се закони на самоволно изнудување. Секое „Немој,“ било во физичкиот или моралниот закон, содржи или имплицира ветување. Ако човекот му се покорува, благослови ќе ги пратат неговите чекори; ако не, последица од тоа ќе биде опасност и несреќност. Божјите закони се осмислени за да го доведат Неговиот народ поблиску до Него. Тој ќе ги спаси од зло и ќе ги води кон добро ако сакаат да бидат водени, но никогаш нема да ги присилува. Ние

не можеме да ги сфатиме Божјите планови, но мораме да му веруваме и да ја покажуваме својата вера преку нашите дела.

**Евангелието е лек за болести чија причина е гревот**. - Кога евангелието се прима во неговата чистота и сила, тоа е лек за болеста која произлегува од гревот. Сонцето на праведноста се појавува „со исцелување во Неговите крилја“ (Малахија 4:2). Даровите на овој свет воопшто не можат да излечат едно скршено срце, или да дадат мир на умот или да ја отстранат грижата, или да ја изгонат болеста. Славата, генијалноста, талентот – сè е тоа немоќно да го зарадува тажното срце или пак да го обнови потрошениот живот. Животот од Бога во душата е единствената надеж за човекот.

**Целото небо е полно со здравје**. - Гледиштето кои многумина го застапуваат дека духовноста е штетна по здравјето претставува вешто лукавство на сатаната. Библиската религија не е штетна ниту за здравјето на телото ниту за здравјето на умот. Влијанието на Божјиот Дух воглавно е и најдобриот лек за болеста. Целото небо е полно со здравје; и колку подлабоко ќе се сфати небесното влијание, толку посигурно ќе биде оздравувањето на инвалидите кои веруваат. Вистинските христијански начела отвораат пред сите извор на непроценлива среќа. Религијата е постојан извор од кој секој христијанин може да пие до мила волја и кој никогаш нема да пресуши.

**Религијата е вистинската наука за исцелување. -** Религијата е начело на срцето, а не магичен збор или трик на умот. Гледајте само на Исуса. Тоа е твоја единствена надеж и единствена надеж за твојот сопруг за да се здобиете со вечен живот. Ова е вистинската наука за исцелување на телото и душата. Умот не смее да биде насочен кон кое и да било човечко суштество, туку само кон Бога.

**Љубовта кон Откупителот чисти од загадената атмосфера. -** Умот е замаглен од телесната маларија. Потребно е да се исчистат мислите. Што би биле мажите и жените кога би сфатиле дека третирањето на телото има многу заедничко со крепоста и чистотата на ум и срцето.

Вистинскиот христијанин стекнува искуство кое донесува светост. Тој е без никакви дамки на вина врз совеста или дамка на расипаноста врз душата. Тој ја внесува во својот живот духовноста на Божјиот закон, со неговите ограничувачки начела. Светлината на вистината го осветлува неговото разбирање. Пламенот на совршената љубов кон Откупителот ја чисти загадената атмосфера која се вметнала помеѓу неговата душа и Бога. Божјата волја станува и негова волја - чиста, воздигната, префинета и посветена. Неговиот израз на лицето ја открива небесната светлина. Неговото тело е погоден храм за Светиот Дух. Светоста го краси неговиот карактер. Бог може да општи со него, затоа што душата и телото се во хармонија со Бога.

**Христовата љубов е животворна сила. -** Љубовта која Христос ја шири низ целото битие е животворна сила. Секој витален дел - мозокот, срцето, нервите – ги допира со исцелување. Преку неа најголемата животна енергија се пробудува на активност. Таа ја ослободува душата од вина и тага, загриженост и грижа, кои ја кршат животната сила. Со неа доаѓа мирот и спокојството. Таа всадува во душата радост која ништо земно не може да ја разруши - радост во Светиот Дух - радост која дава здравје и живот.

# Отсек Десет

# *Ментално здравје*

# ЗАКОНИ КОИ УПРАВУВААТ СО УМОТ

**Човекот бил создаден со совршено урамнотежен ум. -** Господ го создал човекот праведен во почетокот. Тој бил создаден со совршено урамнотежен ум; големината и силата на сите негови органи биле совршено развиени. Адам бил совршен тип на човек. Секоја умствена особина била сразмерна, и секоја имала своја одредена служба, но сепак сите биле меѓусебно зависни за целосно и правилно искористување на секоја од нив.

**Создателот ги поставил законите на умот. -** Тој кој го создал умот и ги поставил неговите закони му обезбедил и развој во склад со нив.

**Големите Божји закони. -** Постојат големи закони кои управуваат со светот на природата, и духовните работи ги контролираат подеднакво извесни начела. Мора да се искористат средства за одредена цел за да се постигне саканиот резултат. Бог на секој човек му одредил задача според неговите способности. Преку образование и пракса луѓето се оспособуваат да ја дочекаат секоја нужда која може да се појави, и потребно е мудро планирање секој да се стави во својата одговарачка сфера како би стекнал искуство кое ќе го оспособи за носење на одговорност.

**Прекршување на природните закони е грев. -** Постојаното прекршување на природните закони е постојано прекршување на Божјиот закон. Сегашната тежина на страдања и болки кои ги забележуваме насекаде, сегашниот деформитет, истрошеност, болест и слабоумност кои го преплавуваат светот, го прават во споредба со тоа што можеше да биде и што Бог замислил да биде, куќа на заразни (ужасни) болести; денешното поколение е слабо во ментална, морална и физичка сила. Сета оваа беда се зголемува од генерација во генерација затоа што паднатиот човек го крши Божјиот закон. Гревовите од најголемо значење се извршуваат преку оддавање на изопачениот апетит.

**Престапот ја нарушува хармонијата. -** Истата сила која ја одржува природата работи исто така и во човекот. Истите големи закони кои ја водат ѕвездата и атомот го контролираат човечкиот живот. Законите кои управуваат со работата на срцето, регулирајќи го протокот на струја на животот во телото, се закони на моќната Интелегенција која има јурисдикација над душата. Од Него потекнува целиот живот и само во склад со Него може да се најде неговата вистинска сфера на дејствувањето. За сите објекти на Неговото создавање условот е ист - живот кој се одржува преку примање на Божјиот живот, живот кој се живее во склад со волјата на Со-

здателот. Да се прекрши Неговиот закон - физички, ментален или морален - значи човек да се стави надвор од хармонијата со вселената, да се воведе неред, анархија и пропаст.

**Последицата ја следи причината со извесност. -** Преку Божјите закони во природата, последицата ја следи причината со непроменлива сигурност. Жетвата сведочи за сеидбата. Тука не се толерира никаква измама. Луѓето можат да ги измамат своите ближни и да примат пофалба и награда за службата која не ја извршиле. Но во природата нема измама. На неверниот домаќин жетвата му изрекува осуда. А во највозвишена смисла ова е исто така вистина на духовен план.

Само навидум, а не и во стварноста, злото успева. Детето кое изостанува од училиште, младите кои се мрзеливи во своите студии, службеникот или помошникот кои не служат на интересите на својот работодавец, човекот кој во било која работа или професија е неверен кон своите најголеми одговорности, може да си ласка на себе дека сè додека се прикрива грешката, тој придобива предимство. Но не е така; тој се мами себеси. Животната жетва е карактерот; и тоа е она што ја одредува судбината, како за овој живот така и за оној кој доаѓа.

**Моќта на самоизмамувањето. -** Страшна е моќта на самоизмамувањето врз човечкиот ум!

**Умот има моќ да прави разлика.** - Човечкиот ум е обдарен со сила да прави разлика помеѓу правилното и погрешното. Бог замислил мажите и жените да не донесуваат одлуки импулсивно, туку од тежината на доказите, внимателно споредувајќи библиски стих со библиски стих. Да ги оставеа Евреите своите предрасуди, и да ги споредеа пишаните пророштва со доказите кои го карактеризирале Исусовиот живот, би забележале одличен склад помеѓу тие пророштва и нивното исполнување во животот и службата на понизниот Галилеец.

**Дисциплинираните умови имаат зголемена моќ на запаметување. -** Навиките на немарноста треба одлучно да се совладаат. Многумина мислат дека доволно оправдување за најголемите грешки е да се изговараат со заборавеност. Но немаат ли тие, како и останатите, интелектуални способности? Тогаш треба да ги дисциплинираат своите умови да паметат. Грев е да се заборава, грев е да се биде немарен. Ако формирате навика на немарност, вие можете да го занемарите сопственото спасение на душата и на крајот ќе откриете дека сте неподготвени за Божјото царство.

**Умот се прилагодува на димензиите на она што му е близу.** - Закон на умот е тој да се стеснува или шири според димензиите на она со што станува близок. Менталните сили сигурно ќе станат ограничени и ќе

ја изгубат способноста на разбирање на длабинското значење на Божјата Реч доколку крепко и истрајно не се насочат во задача на барање на вистината.

**Умот се прилагодува на она со што се занимава. -** Закон на умот е постепено да се прилагодува на предметите на кои е научен да се занимава. Ако е преокупиран само со вообичаени работи, тој станува закржлавен и ослабен. Ако од него никогаш не се бара да се бори со тешки проблеми, тој по извесно време скоро и ќе ја изгуби моќта на растење.

Како образовна сила, Библијата е без конкуренција. Во Божјата Реч умот наоѓа предмети за најдлабоко размислување, за највозвишено тежнеење. Библијата е најпоучна историја која луѓето ја имаат. Таа доаѓа свежа од изворот на вечната вистина, и божествената рака ја сочувала нејзината чистота низ сите векови...

Овде се откриваат големите проблеми на должноста и судбината. Завесата која го разделува видливиот од невидливиот свет се крева, и ние го гледаме судирот на спротивставените сили на доброто и злото, од првата појава на гревот до конечниот триумф на праведноста и вистината; и сето тоа е само откривање на Божјиот карактер. Во размислување со стравопочит за вистината која е изложена во Неговата Реч, умот на ученикот доаѓа во заедница со бесконечниот ум. Таквото проучување не само што ќе го прочисти и облагороди карактерот, туку сигурно ќе ги прошири и зајакне менталните сили.

**Преку набљудување ние се менуваме. -** Закон на интелектуалната како и на духовната природа е дека ние преку набљудување се менуваме. Умот постепено се прилагодува на предметите со кои му е дозволено да се занимава. Тој станува сличен со она што е научен да го сака и почитува. Човек никогаш нема да се воздигне повисоко од своите стандарди на чистота, побожност или вистина. Ако неговото „јас“ е најголем идеал, тој никогаш нема да постигне нешто возвишено. Наместо тоа постојано ќе тоне сѐ подлабоко и подлабоко. Само Божјата благодат има сила да го воздигне човекот. Ако биде оставен самиот на себеси, неговиот животен пат неизбежно ќе оди надоле.

**Цврсто одрекување на желбата. -** Голема штета се прави заради недостаток на цврстина и одлучност. Слушнав како некои родители велат: не можеш да го имаш ова или она, и тогаш попуштаат мислејќи дека можеби се престроги, и му го даваат на детето всушност она што го одбивале. Така се прави доживотна штета. Важен закон на умот е оној кој не смее да се превиди, кога саканиот објект така одлучно се одрекува како би се отстранила секоја надеж, умот наскоро ќе престане да копнее за него и ќе се окупира со други работи. Но сѐ додека има било каква надеж саканиот објект да се добие, ќе се прави напор тоа да се постигне.

**Убедувањето бара изразување. -** Божји закон е да секој кој верува во вистината каква што е во Исуса, истата и да ја објави. Замислите и убедувањата на човечкиот ум бараат изразување. Кој и да негува неверие и критицизам, кој и да се смета подготвен да го суди делото на Светиот Дух, ќе го шири истиот дух со кој е вдахнат. Природата на неверувањето, неверството и противењето на Божјата благодат, прави тие да сакаат да бидат почувствувани и слушнати. Умот поттикнат од овие принципи секогаш настојува да се избори за положба за себе и да стекне истомисленици. Сите кои одат покрај отпадникот ќе бидат исполнети со неговиот дух да ги поделат со другите своите мисли и резултатот на своите сопствени истражувања и чувства кои ја поттикнале нивната акција; бидејќи не е лесно да се угушат начелата според кои дејствуваме.

**Изразувањето ги зајакнува мислите и чувствата. -** Природен е законот според кој нашите мисли и чувства се поттикнуваат и зајакнуваат ако ги изговараме. Додека зборовите ги изразуваат мислите, исто така е вистина дека мислите ги пратат зборовите. Ако на својата вера би ѝ дале повеќе изразување, ако повеќе се радуваме на благословите кои знаеме дека ги имаме - големата милост и љубов Божја - би имале повеќе вера и поголема радост. Ниеден јазик не може да ги изрази, ниеден ограничен ум не може да ги разбере оние благослови кои произлегуваат од ценењето на Божјата добрина и љубов. Дури и на земјата ние можеме да имаме радост како извор кој никогаш не пресушува, затоа што се напојува од потоците кои течат од Божјиот престол.

**Умот има моќ на избор. -** Бог ни дал моќ на избор; наше е да ја користиме. Ние не можеме да ги промениме своите срца, ние не можеме да ги контролираме своите мисли, своите нагони, своите склоности. Ние не можеме да се очистиме себеси, да се оспособиме за Божја служба. Но можеме да одбираме да Му служиме на Бога, можеме да му ја предадеме Нему својата волја; тогаш Тој ќе делува во нас да сакаме и правиме како е што му е Нему угодно. На тој начин целата наша природа ќе биде доведена под Христова контрола.

Искушувачот не може никогаш да нѐ присили да правиме зло. Тој не може да ги контролира умовите доколку тие не се потчинат на негова контрола. Волјата мора да се согласи, верата мора да се отпушти од Христа пред сатаната да може да ја искаже својата моќ над нас. Но секоја грешна желба која ја негуваме му дава упориште. Секоја точка на која пропуштаме да го достигнеме божествениот стандард претставува отворена врата на која тој влегува да нѐ искушува и да нѐ уништи. Секоја мана и недостаток од наша страна му дава можност да му префрла на Христа.

**Човекот слободно морално суштество. -** За да предизвика побуна во паднатото човечанство, тој (сатаната) сега го претставува Бога како неправеден затоа што му дозволува на човекот да го крши Неговиот за-

кон. „Зашто,“ вели вештиот искушувач, „кога Бог знаеше каков ќе биде резултатот, Тој дозволи човекот да биде ставен на проба, да згреши и да донесе беда и смрт во светот?“ ...

Денес постојат илјадници кои го повторуваат истото побунувачко обвинување против Бога. Тие не согледуваат дека ако човекот се лиши од слободата на избор, тоа би значело да му се одземе правото на интелегентно суштество и би го претворило во автомат. Не е Божја намера да се принудува волјата. Човекот е создаден како слободно, морално битие. Како жителите на сите други светови, тој мора да подлегне на тестот на послушноста; но тој никогаш не е доведен во таква положба попуштањето на злото да биде неопходност. Не е дозволено на него да дојде ниедно искушение и проба на кои тој не може да пружи отпор. Бог обезбедил голема помош така што човекот никогаш не мора да биде поразен во судирот со сатаната.

**Сегашните тежнеења идни одлуки. -** Патот кој сега го одбирате ќе делува на добро или зло во целата ваша иднина.

**Предност на водењето кон самозависност. -** Бог никогаш не замислил еден човечки ум да биде под целосна контрола на друг... Тие кои за цел си поставуваат така да ги образуваат своите ученици, како би можеле да видат и почувствуваат дека силата лежи во нив самите за да бидат мажи и жени од цврст карактер, способни за секоја положба во животот, се најкорисни учители чиј успех ќе биде траен. Нивната работа можеби нема да се покаже како најголема предност кај невнимателните набљудувачи, нивните напори можеби нема да се вреднуваат високо како кај оние учители кои го потчинуваат умот и волјата на своите ученици преку апсолутен авторитет; но идните животи на тие ученици ќе ги покажат плодовите на подобриот план на образование.

**Неконтролираниот ум станува слаб. -** Менталните сили треба да се развиваат до крајност; треба да се зајакнат и облагородат преку занимавање со духовна вистина. Ако се дозволи умот скоро целосно да се занимава со безначајни нешта и обични работи од секојдневниот живот, тој, во склад со еден од неговите непроменливи закони, ќе стане слаб и површен и во недостаток од духовна сила.

**Предрасудите го спречуват просветлувањето. -** Оние кои дозволуваат предрасудите да го одвратат умот од примање на вистината не можат да го примат боженственото просветлување. Сепак кога се изнесуваат ставови од Светото Писмо многумина не прашуваат: Дали е тоа вистина – дали е во склад со Божјиот Збор? туку, кој ја застапува? И доколку не доаѓа преку оној канал кој им се допаѓа, тие не ја прифаќаат. Тие се целосно задоволени со сопствените идеи така што нема да ги истражуваат доказите на Светото Писмо, со желба да научат, туку одбиваат да се заинтересираат, просто заради своите предрасуди.

**Среќата зависи од совршениот склад со Божјите закони. -** Законот на љубовта е темел на Божјата управа и среќата на сите создадени суштества зависи од нивната совршена усогласеност со нејзините големи принципи на праведноста. Бог сака од сите Свои созданија служба од љубов – почитување кое потекнува од разумното вреднување на Неговиот карактер. Тој не наоѓа задоволство во изнудената верност, и на сите Тој им дава слободна волја, за да можат доброволно да му служат.

# ИНДИВИДУАЛНОСТ

**Индивидуалноста е сила.** - Секое човечко суштество, создадено според Божјиот лик е обдарено со моќ слична на таа на Создателот - индивидуалност, моќ да размислува и да дејствува. Луѓето во кои оваа моќ е развиена се луѓе кои носат одговорност, кои се водачи во потфатите и чиј карактер е влијателен.

**Секој има своја карактеристична индивидуалност.** - Евангелието се занимава со поединци. Секое човечко суштество има душа да спаси или изгуби. Секој има индивидуалност одвоена и различна од сите други. Секој мора да се увери за себе, да се преобрази за себе. Тој мора да ја прими вистината, да се покае, да поверува и да биде послушен за себеси. Тој мора да ја исполува својата волја за себе. Никој оваа работа не може да ја заврши преку заменик. Никој не може да ја потопи својата индивидуалност во индивидуалноста на некој друг. Секој мора да се предаде на Бога преку свој акт и тајната на побожноста.

**Единство во различноста.** - Господов план е да постои единство во различноста. Нема човек кој може да биде мерило за сите останати луѓе. Нашите различни доверби се сразмерни со нашите различни способности. Јасно сум упатена дека Бог ги обдарил луѓето со различен степен на способност и тогаш ги поставил таму каде што можат да ја работат работата за која се способни. Секој работник е должен да укаже на своите колеги почит која би сакал да му се укаже на него.

**Умовите на луѓето се разликуваат. -** Зошто ни се потребни Матеј, Марко, Лука, Јован, Павле и сите оние други писатели кои го изнеле своето сведоштво за животот на Спасителот во текот на Неговата служба на земјата? Зошто не можел еден од учениците да напише комплетен запис и така да ни даде поврзан извештај за Христовиот живот и работа?

Евангелијата се разликуваат, но сепак записот во нив се соединува во една хармонична целина. Еден писател го истакнува тоа што другиот не го истакнал. Ако сите овие точки се важни, зашто сите писатели не ги спомenале? Затоа што умовите на луѓето се различни и не ги сфаќаат нештата на сосема ист начин. Некои вистини многу посилно ги привлекуваат умовите на еден вид на луѓе отколку на други; некои точки изгледаат многу поважни на едни отколку на други. Истото начело важи и за говорниците. Некои говорници долго се занимаваат со точки кои други би ги поминале многу побрзо или воопшто не би ги спомenале. На тој начин вистината многу појасно ја претставуваат неколкумина отколку еден.

**Индивидуалноста не треба да се уништи. -** Господ не сака нашата индивидуалност да се уништи; не е Негова намера да кои било две личности бидат сосема исти во вкусовите и склоностите. Секој има во себе катактеристични лични црти и тие не треба да бидат уништени, туку да се воспитува, обликува и дотерува по ликот Христов. Господ ги упатува природните склоности и способности во корисни канали. Во подобрувањето на способностите кои Бог ги дал, талентот и моќта се развиваат ако човечкото оружје сака да ја признае вистината дека сите негови сили се Божји дар, кои треба да се користат не за себични цели, ... туку за Божја слава и за доброто на нашите ближни.

**Секое дете мора да има индивидуалност.** - Детето може така да се дисциплинира, како животно, да нема сопствена волја, неговата индивидуалност да се изгуби во индивидуалноста на својот учител... Колку што е можно тоа дете треба да се воспитува да се потпира на самиот себе. Преку исполување на различни способности тоа ќе научи каде е најсилно и во што има недостатоци. Мудриот воспитувач посебно внимание ќе посвети на развој на слабите особини, така што детето може да формира добро урамнотежен, складен карактер.

**Бракот не ја уништува индивидуалноста. -** Ниту мажот ниту жената не треба да се обидуваат да вршат над другиот арбитражна контрола. Не обидувајте се да го принудите другиот на покорување на вашите желби. Не можете ова да го правите и да ја зачувате взаемната љубов. Бидете љубезни, трпеливи, воздржливи, внимателни и учтиви. Преку Божјата благодат можете да успеете да се усреќите еден со друг, како што ветивте дека ќе правите во вашиот венчален завет.

**Мажот и жената треба да ја зачуваат индивидуалноста (совет на еден нововенчан пар).** - Во вашата животна заедница вашата љубов треба да придонесува за вашата меѓусебна среќа. Секој мора да служи за среќата на другиот. Ова е Божја волја за вас.

Но додека морате да се споите како едно, ниту еден од вас не треба да ја изгуби својата индивидуалност во индивидуалноста на другиот. Бог е сопственик на вашата индивидуалност. Него треба да го прашате: Што е правилно? Што е погрешно? Како најдобро можам да ја исполнам целта на моето создавање? „Или не знаете дека не сте свои? Бидејќи сте купени скапо. Прославете го затоа Бога во телата свои, и во душите свои, кои се Божји“ (1. Коринтјаните 6:19, 20).

Вашата љубов кон тоа што е човечко мора да биде подредена на вашата љубов кон Бога. Богатството на вашата љубов треба да плови кон Оној Кој го дал Својот живот за вас. Живеејќи за Бога душата му ја праќа Нему својата најголема и најдобра љубов. Дали е најголем изливот на вашата љубов кон Оној Кој умрел за вас? Ако тоа е така, вашата взаемна љубов ќе биде по небесен ред.

Ние имаме сопствена индивидуалност, и индивидуалноста на жената никогаш не смее да се стопи во индивидуалноста на нејзиниот сопруг.

**Посветеноста ја разубавува индивидуалноста. -** Животот посветен на Божјата служба ќе се развие и разубави во својата индивидуалност. Никој не може да ја стопи својата индивидуалност во индивидуалноста на друг; но ние сите како поединци треба да бидеме накалемени на едно родителско стебло, и мора да постои единство во различноста. Најголемиот Уметник не направил ни два листа на исто дрво сосема еднакви; така Неговата создавачка моќ не им дава на сите умови исти облик. Тие се создадени да живеат низ бескрајните векови и треба да постои целосно единство, ум соединет со умот, но ни два да не бидат по ист калап.

**Бог на секого дава индивидуална задача.** - Нештата во светот на природата мора да се набљудуваат и нивната поука да се примени во духовниот живот. На секој човек Бог - а не човек - му ја дал неговата работа. Ова е поединечна задача - обликување на карактерот по божествениот пример. Лилјанот не смее да настојува да биде ружа. Постојат разлики во обликот на цветот и плодовите, но сите ги црпат своите различни способности од Бога. Сè е Господово. Така Божја замисла е дури и најдобрите луѓе да не бидат со ист карактер.

**Почитувајте се едни со други. -** Секој од нас има работа што треба да ја работи. Ние можеме да бидеме од различна националност, но мораме да бидеме единствени во Христос. Ако дозволиме личните карактери и особини тука да не разделат, како можеме да се надеваме на заеднички живот на небото. Мораме да негуваме меѓусебна љубов и почит. Меѓу нас мора да постои она единство за кое се молел Христос. Откупени сме скапо и мораме да го прославиме Бога во своето тело и дух.

**Потполно е погрешно да се копираат другите. -** Човек кој се води по образец на било кој друг човечки карактер ќе доживее целосен неуспех. Секоја личност мора да гледа на Бога за себе, со совесна верност да тргува со талентите кои Бог му ги дал. „Градете го сопственото спасение со страв и трепет; бидејќи Бог е оној што работи во вас да сакате и да направите како му е угодно“ (Филипјаните 2:12, 13). Тоа е во тебе брате, во тебе; не во некој друг за тебе. Ти треба да имаш индивидуално искуство. Тогаш ќе се радуваш во себе, а не во друг.

**Секој ум има своја својствена сила. -** Ме боли кога гледам колку малку се ценат луѓето кои Бог ги употребил и кои ќе ги употреби. Бог забранува било кој човечки ум да се стопува во каналот на друг човечки ум. Некој човечки ум може, од страна на некои луѓе, да биде воздигнат како оној кој е во секој поглед супериорен, но секој ум има своја својствена слабост и своја сопствена сила. Еден човечки ум го надоместува недо-

статокот на другиот. Но ако сите работат на исто поле и ако се охрабрат да гледаат, не на луѓето за да ја знаат својата должност, туку на Бога тие ќе се развиваат под водство на Светиот дух и ќе работат во заедница со своите браќа. Еден ќе го надомести недостатокот на другиот.

**Да не се обликуваат другите умови. -** Бог му дал на секој човек индивидуална одговорност. „Градете го сопственото спасение со страв и трепет.“ Човек не може да го изгради спасението на било кој друг човек. Тој не треба да стане копија на некој друг човечки ум. Од него се бара да дејствува по својата можност според способноста која Бог му ја дал. Ниеден човек, какво и да е неговото искуство, каква и да е неговата положба, не смее да мисли дека извршува прекрасна работа кога обликува и го оформува умот на некое човечко битие по својот сопствен ум и го учи да ги искажува мислењата и чувствата кои тој самиот ги искажува. Ова секогаш се прави на штета на човечкото битие.

**Не бидете сенка на другите. -** О, колку работници имаат потреба од Исусовиот дух да ги промени и обликува како што се обликува глината во рацете на грнчарот! Кога го имаат овој дух, нема да постои дух на разединување помеѓу нив; ниеден нема да биде тесноград како да сака да направи сè на свој начин, според своите замисли; нема да постои чувство на несогласување помеѓу него и неговите браќа работници кои не го достигнуваат неговиот стандард. Господ не сака било кој од Неговите деца да биде сенка на друг; туку Тој би сакал секој да биде своето едноставно „јас,“ префинето, посветено, облагородено, имитирајќи го животот и карактерот на големиот Пример. Тесноградиот, затворен, исклучлив дух кој држи сè во распонот на своето јас е проклетство за Божјето дело и секогаш тоа ќе биде каде што ќе му се дозволи да постои.

**Никој да не го потопи својот ум. -** Бог дозволува на секое човечко суштество да ја исполува својата индивидуалност. Тој не сака никој да го потопува својот ум во умот на друго смртно суштество. Оние кои сакаат преобразба на умот и карактерот не треба да гледаат на луѓето, туку на божествениот Пример. Бог упатува повик: „Умајте го истиот ум, кој што беше во Исуса Христа.“ Со обратувањето и преобразбата луѓето го примаат Христовиот ум. Секој мора да стои пред Бога со својата индивидуална вера, индивидуално искуство, знаејќи за себе дека Христос е обликуван внатре, надежта на славата. Имитирајќи го примерот на било кој човек - дури и оној кој можеби го сметаме за скоро совршен во карактерот - за нас значи да ја ставиме својата доверба во едно дефективно човечко битие, на она кое е неспособно да даде една јота или црта на совршенство.

**Правило за силни умови. -** Добро е за Братот и Сестрата _______, и Братот и Сестрата _______, да имаат силни умови. Секој мора да ја одр-

жува својата индивидуалност. Секој мора да ја сочува индивидуалноста која нема да се стопи во индивидуалноста на некој друг. Ниедно човечко суштество не треба да биде сенка на некое друго човечко суштество. Божјите слуги мораат да работат заедно во единство кое го спојува умот со умот.

**Индивидуална мерка. -** Ниеден човек не може да созрее до целосен раст на човекот за некој друг. Секој мора да ја достигне сопствената индивидуална мера за себе. Секој треба да расне под Божји надзор.

**Ниедно друго човечко битие не го дели во целост внатрешниот живот. -** Гледано од човечка страна, животот на сите е неиспробана патека. Тоа е патека на која, во поглед на нашите длабоки искуства, секој од нас оди сам. Во нашиот внатрешен живот ниедно друго човечко суштество не може потполно да влезе. Како што едно мало дете тргнува на пат на кој порано или подоцна ќе мора да го одбере сопствениот курс, самото решавајќи ги животните прашања за вечноста, колку сериозен треба да биде напорот да се насочи неговата доверба на сигурниот Водич и Помошник!

**Карактерот е личен. -** Карактерот е личен. Секој од нас треба да изврши работа за сегашноста и за вечноста. Бог ја мрази рамнодушноста во поглед на обликувањето на карактерот.

**Признавање на човечките права. -** Едно од најголемите примени на овие начела (признавање на личната одговорност) се наоѓа во признавањето на човековите права кон самиот себе, да го контролира сопствениот ум, да управува со своите таленти, право да прима и да дава плодови од сопствената работа. Силата и моќта во нашите институции ќе постои само кога во сите свои врски со ближните тие ги признаваат овие принципи - само кога во својата работа ќе обрнат внимание на поучувањето од Божјата Реч.

**Зависност од Христос. -** Секоја душа има индивидуалност. Секоја душа мора да живее во непрекинато општење со Христа; бидејќи Тој вели: „Без мене не можете да правите ништо“ (Јован 15:5). Неговите принципи треба да бидат наши принципи, бидејќи тие принципи се вечна вистина, објавени во праведност, добрина, милост и љубов.

**Индивидуалноста во христијанското искуство треба да се запази. -** Учете ја секоја душа целосно да се потпира на раката на бесконечната сила. Постои индивидуалност во христијанското искуство која мора да се запази во секое човечко суштество, и одговорноста не може да се отстрани од било која душа. Секој мора да ги бие своите битки, да стекне сопствено христијанско искуство, независно во извесна смисла од било која друга душа; а Бог има поуки кои секој за себе треба да ги стекне и кои никој друг не може да го добие за него.

# МЕЃУЧОВЕЧКИ ОДНОСИ

**Законот взаемна зависност. -** Ние сите заедно сме вплетени во големата ткаенина (мрежа) на човештвото, и сè што можеме да направиме за воздигнување на другите ќе се одрази во благослов врз нас самите. Законот на взаемна зависност се проткајува во сите општествени класи.

**Човечките суштества создадени да бидат неопходни едни на други. -** По Господовиот план човечките суштества се создадени да бидат неопходни едни од други. Кога сите би правеле што можат да им помогнат на оние на кои им е потребна нивната помош, со својата несебична симпатија и љубов, какво благословено дело би можело да се изврши. Бог на секој му подарил таленти. Овие таленти можеме да ги искористиме да си помагаме едни на други во одот по тесната патека. Во оваа работа секој е поврзан со другите, а сите се соединети со Христос. Преку несебична служба ние треба да го унапредиме и зголемиме својот талент.

**Помагајќи на другите си помагаме на себеси. -** Многумина се во темнина. Тие го изгубиле својот правец. Тие незнаат кој правец да го следат. Нека тие што се во забуна бидат во потрага за другите кои се во забуна и им зборуваат зборови на надеж и охрабрување. Кога ќе почнат со оваа работа, небесната светлина ќе им ја открие патеката која треба да ја следат. Со утешните зборови упатени на ожалостените самите ќе се утешат. Помагајќи им на другите, тие самите ќе се извлечат од своите потешкотии. Радоста ќе го заземе местото на тагата и потиштеноста. Срцето, исполнето со Божјиот Дух, зрачи топлина кон секое човечко битие. Таквите не се повеќе во мрак; бидејќи нивната „темнина“ е „како пладне.“

**Нашето трајно влијание. -** Ние сме подложени на најсвечениот однос на едни кон други. Нашето влијание е секогаш или за или против спасението на душите. Ние или собираме за Христос или растураме. Ние треба понизно да чекориме и да одбираме сигурни патеки, за и другите не да не скршнат од вистинската патека.

Ние треба да ја зачуваме најстрогата чистота во мислите, зборовите и однесувањето. Да запомниме дека Бог ги става нашите тајни гревови во светлоста на Своето лице. Постојат мисли и чувства кои ги сугерира и буди сатаната кој ги мачи и најдобрите луѓе; но ако тие не се негуваат, ако се отфрлаат како одвратни, душата не е извалкана со вина, и никој друг не е извалкан преку нивното влијание. О, кога секој од нас би станал животен мирис за живот на оние кои се околу нас.

**Далекусежна последица на влијанието. -** Ние до судот можеби никогаш нема да дознаеме какво е влијанието на љубезниот, обѕирниот начин на дејствување на однос на недоследниот, неразумниот и безвредниот. Кога по провокација и неправда од нивна страна ги третирате како недолжни личности и дури се залагате да им покажете посебни дела на љубезност, вие тогаш го извршувате христијанскиот дел; а тие станувaат изненадени и посрамени, го согледуваат својот сопствен правец на дејствување и ништожноста појасно отколку отворено да сте ги изнеле нивните зли дела и да ги укорите истите.

**Неучтивоста и нејзиното влијание. -** Добрите особини кои многумина ги имаат се скриени, и наместо да привлечат души за Христос тие ги одбиваат. Кога тие луѓе би можеле да го согледаат влијанието на својата неучтивост и нељубезност врз неверниците, и колку навредливо е таквото однесување во Божјите очи, тие би ги промениле своите навики, бидејќи недостатокот на учтивост е еден од најголемите камења на сопнување за грешниците. Себични, незадоволни, кисели христијани го препречуваат патот, така што грешниците немаат желба да се приближат до Христос.

**Бидете привлечни. -** Нека Христос се гледа во сè што правите. Нека сите видат дека сте живи посланија на Исуса Христа... Бидете привлечни. Здобивајте ги со својот живот срцата на сите оние кои доаѓаат во контакт со вас. Денес премногу малку се работи на тоа вистината да се направи привлечна за другите.

**Секое дело е влијание. -** Секој збор што го изговарате, секое дело што го правите, има влијание на добро или зло врз оние кои се дружат со вас. О, колку е неопходно Христос преку вера да пребива во вашето срце, како вашите зборови би можеле да бидат зборови на животот, а вашите дела, да бидат дела на љубов.

**Одговорност за влијанието. -** Бог секој го смета одговорен за влијанието кое го опкружува неговата душа, на негова сметка и на сметка на другите. Тој ги повикува младите мажи и младите жени да бидат строго умерени и совесно да ги користат способностите на умот и телото. Нивните способности можат да се развиваат само преку грижливо користење и мудро усогласување на нивните сили за Божјата слава и на корист на нивните ближни.

**Опкружени со атмосфера на вера. -** Од најголема важност е за нас да ја опкружиме душата со атмосфера на вера. Ние секојдневно ја одлучуваме сопствената вечна судбина во склад со атмосферата која ја опкружува душата. Ние поединечно сме одговорни за влијанието кое го оставаме, а последиците кои не ги гледаме ќе резултираат од нашите зборови и дела.

Ако Господ сакал да го спаси Содом заради десет праведници, какво би било влијанието на добро кое би произлегло како резултат на верноста на Божјиот народ, ако секој којшто го исповеда Христовото име исто така бил облечен во Неговата праведност?

Ако Бог знаел да го каже живеалиштето и да ја каже професијата на Симон кожарот и точно да го упати центуринот како да го пронајде покрај морето, Тој нè знае и нас по име, знае со што се занимаваме, каде живееме и какви се нашите искуства. Тој знае дали го чистиме Царскиот пат од сите отпадоци и препреки, така да може да ги упати нашите души напред и горе, или ја полниме патеката со отпадоци и градиме сопствен пат и ставаме камења за препнување на патот на грешниците за да го попречиме спасението на драгоцените души за кои Христос умрел.

**Постапување со различните диспозиции. -** Господ сака да бидеме посветени. Ќе се сретнуваме со луѓе со различни диспозиции и треба да бидеме во ситуација каде што знаеме како да постапуваме со човечките умови. Ние мораме да бараме од Христос да ни даде зборови кои ќе бидат благослов. И додека така настојуваме да им помагаме на другите, ние самите ќе бидеме благословени.

**Најважна задача. -** Оваа задача (на исправување на заблудата) е најчувствителна, најсложена работа која било кога е доверена на човечките суштества. Таа бара најфин такт, најголема чувствителност, познавање на човечката природа и небесна вера и трпение, желба за работа, стражарење и чекање. Тоа е работа од која ништо не може да биде поважно.

**Работењето со умови е деликатна работа. -** Многу е деликатна работа да се работи со човечките умови. Вие можете да се понесете круто и никогаш, никогаш да не ги омекнете нивните срца; или можете да пријдете близу до онесреќената душа и со срце полно со љубов да ја одведете од најпријателското упориште, не оставајќи ја да стане играчка на сатанските искушенија.

**Секој има сопствено искушение. -** Не смееме да дозволиме на било кој начин да бидеме пречка на другите. Секој има свои сопствени искушенија и проби и ние мораме да се најдеме во позиција каде можеме да помогнеме и да ги поткрепиме оние кои се во искушение. Мораме да ги охрабриме и ако е можно да ги поткрепиме оние кои се слаби во верата. Зборувајќи за Божјите ветувања, ние понекогаш можеме да ја отстраниме потиштеноста од умовите на оние кои се во искушение и потешкотии.

**Совет на една жена во однос на личните односи. -** Упатена сум од Господа да ти кажам: „Трудете се да влезете на тесната врата, бидејќи ви велам многумина ќе бараат да влезат и нема да можат“ (Лука 13:24). Гос-

под те повикува да се држиш близу до Него. Зборувај како што Тој би зборувал и работи како што Тој работел. Не дозволувај никој да создаде предрасуди во твојот ум и да те наведе да зборуваш непромислено. Чувај ја својата душа неизвалкана и чиста и своите мисли воздигнати и посветени. Не ги фали и не ги воздигај луѓето на нивна штета, и не биди брза во осудувањето на оние за кои мислиш дека не постапуваат мудро. Нека сите видат дека го сакаш Исуса и веруваш во Него. Пружи му на својот сопруг и на своите верни и неверни пријатели доказ дека сакаш да ја увидат убавината на вистината. Но не покажувај ја таа болна, мачна загриженост која често го расипува доброто дело.

**Христијанско разбирање.** - Оние кои користат најголем број од своите привелегии и можности ќе бидат, во библиска смисла, талентирани и образовани луѓе; не просто научени, туку воспитани во умот, манирите, однесувањето. Тие ќе бидат префинети, нежни, сожаливи, приврзани. Тоа е она, Господ ми го покажа, што Тој го бара од Својот народ. Бог ни даде моќ која треба да се искористи, развие и зајакне со образование. Ние треба да расудуваме и да размислуваме, внимателно да го забележуваме односот помеѓу причината и последицата. Кога така ќе се работи, кај многумина ќе се покаже поголема промисленост и грижа во поглед на нивните зборови и дела, како би можеле во целина да одговараат на Божјата намера во нивното создавање.

**Отвореноста ја подобрува довербата (совет на еден лекар). -** Да постоеше повеќе отвореност, а помалку тајновитост, да постоеше повеќе братска доверба, да постоеше помалку свое јас, а повеќе Христов дух, да имавме жива вера во Бога, облакот со кој сега сатаната ја труе атмосферата на умот би бил растеран.

**Реформатори, а не сонувачи. -** Целта која морате да ја имате на ум е дека вие сте реформатори, а не сонувачи. Во работата со неверниците не покажувајте презир и омаловажување, бидејќи ако престанете да се договарате додека станува збор за мала сума, на крајот ќе загубите многу поголема сума. Тие ќе речат: „Овој човек е лажливец, тој би ви ги одзел вашите права само кога би можел, затоа внимавајте ако имате некоја работа со него.“

Но ако во работата нешто што е во ваша корист се стави во корист на другиот, и тој ќе работи со вас на ист великодушен начин. Ситничавоста раѓа ситничавост, скржавоста раѓа скржавост. Оние коишто го следат ваквиот курс увидуваат како тоа на другите изгледа презирно; посебно на оние коишто не се од наша вера; а скапоценото дело на вистината го носи белегот на овој недостаток.

**Бидете отворени. -** Во своите постапки, каде и да се наоѓаме, мораме да бидеме совршено отворени и чесни. Ние не можеме да си доз-

волиме да кршиме некои од Божјите заповеди заради световна добивка. Кои сме ние? Христос им рекол на Своите ученици: „Вие сте солта на земјата, и ако солта, облутави, со што ќе се осоли? Таа веќе нема да биде за ништо, освен да се исфрли надвор, и луѓето да ја изгазат.“

**Чесноста е неопходна. -** Во сите детали од животот треба да се придржуваме на најстрогите принципи на чесноста. Ова не се принципи кои управуваат во нашиот свет, бидејки сатаната – измамник, лажливец, преварант и угнетувач - е господарот, а неговите слуги го следат и ги спроведуваат неговите намери. Меѓутоа христијаните служат на поинаков Господар и нивните дела мора да бидат извршени во Бога, без обзир на сета себична добивка.

Оддалечувањето од совршената чистота во работата може да изгледе како мала работа, но нашиот Спасител на тоа не гледал така. Неговите зборови по ова прашање се јасни и експлицитни: „Оној кој е верен во малку, е верен и во многу“. Човек кој го лаже својот ближен во мала мера, ќе го излаже и во голема, ако дојде во искушение. Лажното претставување во малите работи е исто толку нечесно во Божјите очи колку и лагата во големите работи.

Во христијанскиот свет денес лагата достигнува застрашувачки размери. Народот кој ги држи Божјите заповеди треба да покаже дека е над сето ова. Нечесните навики кои го расипуваат човечкиот однос со нивните блиски никогаш не треба да се практикуваат од страна на оној кој исповеда вера во сегашната вистина. Божјиот народ прави голема штета на вистината со најмалото оддалечување од непорочноста.

Човекот може и да нема пријатна надворешност, може да е и сиромашен во многу работи, но ако има репутација на искрена чесност, ќе биде почитуван. Строгата чесност покрива многу непожелни црти на карактерот. Човекот кој цврсто се држи до вистината ќе ја здобие довербата на сите. Не само што ќе му веруваат браќата по вера, туку и неверниците ќе бидат принудени да го признаат како чесен човек.

**Нескршливата чесност е како чисто злато. -** Божјите сили се принудени на поголема или помала поврзаност со световните луѓе преку работни трансакции, но тие треба да купуваат или продаваат свесни дека Божјото око е на нив. Никакви лажни мерила не смеат да се употребуваат, бидејќи тоа е одвратност за Господа. Во секоја работна трансакција христијанинот ќе биде всушност тоа што сака да мислат неговите браќа за него. Неговиот пат на дејствување се раководи на темелни начела. Тој не прави шеми: затоа нема што да крие, ништо што треба да се прикаже во лажна светлост.

Тој може да биде критикуван, да биде оспорен, но неговата нескршлива чесност ќе сјае како чисто злато. Тој е благослов на сите коишто се поврзани со него, бидејќи неговиот збор е достоен за почит. Тој е човек кој не стекнува предност над своите блиски. Тој е пријател и добротвор

на сите, и неговите ближни имаат доверба во неговиот совет. Ако тој вработи работници за да ја соберат неговата жетва, тој тешко стекнатите пари нема да ги задржи со лага. Има ли пари за кои нема непосредна намена, тој ја олеснува потребата на својот помалку среќен брат. Тој не настојува да додаде на сопствената земја или да ги наполни џеповите користејќи ги несреќните ситуации во кои се нашол неговиот сосед. Негова цел е да помогне и да го благослови ближниот.

Вистински чесниот човек нема да ги користи слабостите или неспособностите за да ја наполни својата торба (новчаник). Тој прифаќа чесна противвредност за тоа што го продава. Ако постојат некои недостатоци на продадениот производ тој отворено го кажува на својот брат или сосед, иако правејќи така тој работи против сопствените деловни интереси.

**Разбирање на човечката природа. -** Тој што настојува да го измени човештвото мора сам да ја разбира човечката природа. Само преку сочувство, вера и љубов може да се допре до луѓето и да ги воздигне. Овде Христос стои откриен како Најголем Учител; од сите кои некогаш постоеле на земјата, единствено Тој има совршено разбирање за човековата душа.

Постои вештина во постапувањето со оние кои изгледаат посебно слаби. Ако сакаме да ги учиме другите, прво ние самите мораме да научиме од Христос. Потребни ни се широки погледи, за да можеме да вршиме вистинско здравствено-мисионерско дело и да покажеме тактичност во однесувањето со умовите.

На оние на кои им е потребна најмала помош обично примаат најмногу од нашето внимание. Но потребно е да покажеме посебна мудрост во однесувањето со оние кои изгледаат лекомислени и неразбирливи. Некои не ја разбираат светоста на Божјето дело. Оние најмалку способните, дури и немарните бараат посебно внимателен, грижлив однос во постојаната молитва. Ние мораме да покажеме тактичност со оние кои изгледаат незаинтересирано и изгубено. Со истраен напор во нивна корист мораме да им помогнеме да станат корисни во Господовото дело. Тие подготвено ќе ви одговорат со трпеливо, нежно, љубезно интересирање.

Ние мораме да соработуваме со Господ Исус во обновување на неспособните, заблудени во разумот и чистотата. Оваа задача е еднаква на делото на евангелската служба. Ние сме повикани од Бога да манифестираме неуморно, трпеливо интересирање за спасението на оние на кои им е потребно божествено очистување.

**Не разговарајте за навреди и жалби. -** „Среќни се оние коишто градат мир, бидејќи ќе се наречат деца Божји.“ Кој така ги нарекува? Сите небесни умови. Затоа не охрабрувајте ни една искушувана душа да ви кажува жалба на некој брат или пријател. Кажете им дека не сакате да ги

слушате нивните зборови на осуда или зло, затоа што вашиот Советник во Својот Збор ви рекол дека, ако престанете да ја разгорувате кавгата и станете градители на мирот ќе бидете благословени. Кажете им дека тоа е благослов за кој тежнеете.

Заради Христа не зборувајте и не мислете за злото. Нека Господ ни помогне не само да ја читаме Библијата туку да го спроведуваме на дело нејзиното учење. Човечкото оружје кое е верно во својата работа, кое ја соединува добрината со својата сила, правдата со Неговата љубов, предизвикува радост помеѓу небесните умови и го прославува Бога. Сериозно да се трудиме да бидеме добри и да правиме добро и ќе го примаме венецот на животот кој нема да свене.

**Работа со и за другите. -** Кога светлината ќе заблеска во душата, некои кои изгледале најцелосно предадени на гревот ќе станат успешни работници токму за таквите грешници какви што и самите еднаш биле. Низ верата во Христос некои ќе дојдат на високи места во службата и ќе им се доверат одговорности во работата за спасување на души. Тие согледуваат каде лежат нивните сопствени слабости, тие ја сфаќаат изопаченоста на својата природа. Тие ја познаваат силата на гревот, моќта на лошата навика. Тие ја сфаќаат својата неспособност да победат без Христова помош, и нивниот постојан воздив е: „Ја предавам на Тебе својата беспомошна душа."

**Постапувајте благо. -** Да не се обидуваме да се изградиме себе или другите, туку да бидеме зависни од Светиот Дух. Постапувајте благо со човечките суштества. Со срце полно со духовна нежност, стопете го својот пат во осведочување на срцето. Нашите зборови нека бидат натопени со небесно масло од двете маслинови гранки. Потребно ни е златно масло прелиено во подготвени садови, како би можело да се однесе на оние кои трагаат по вистината. Запаметете секогаш дека „не со сила, ни со крепост, туку со Мојот Дух, вели Господ над војските."

# МЕНТАЛНА ХИГИЕНА

**Менталните можности зависат од здравјето. -** Здравјето е благослов кој малку се цени; сепак од него многу зависи продуктивноста на нашите ментални и физички можности. Нашите нагони и страсти имаат свое седиште во телото, и тоа мора да се чува во најдобра физичка состојба и под најпосветени влијанија како нашите таленти би можеле да бидат од најголема корист. Сè што ја намалува физичката сила го слабее умот и го прави помалку способен да прави разлика помеѓу исправното и погрешното.

**Сите способности можат да се култивираат. -** Многумина не прават најголемо добро затоа што еднострано го користат својот разум, а го запоставуваат давањето на внимание на оние работи за кои мислат дека не се способни. Така на некои способности кои се слаби им се дозволува да останат заспани затоа што работата која би ги довела до нивното покажување, и сразмерно на тоа да им даде сила, не е пријатна. Сите сили на умот треба да се увежбуваат, и секоја способност да се култивира. Перцепцијата, расудувањето, меморијата и сите умствени сили треба да бидат еднакво силни за умовите да бидат добро урамнотежени.

**Слабите способности не треба да се запоставуваат. -** Пожелно е но не и најпрофитабилно, да се исполуваат оние способности кои се природно најсилни, додека ги запоставуваме оние кои се слаби, на кои е потребно да зајакнат. На најслабите способности потребно им е грижливо внимание за сите интелектуални сили да можат да бидат добро урамнотежени и секоја да го врши својот дел од работата како добро програмирана машина.

Ние сме зависни од Бога за зачувување на сите свои способности. Христијаните се обврзни кон Него така да ги обучат умовите, така што сите способности можат да зајакнат и во целост да се развијат. Ако не го правиме ова, тие никогаш нема да ја исполнат намената за која се осмислени. Ние немаме право да занемаруваме ниедна сила која Бог ни ја дал.

Гледаме мономанијаци насекаде по земјата. Тие обично здраво расудуваат за секој предмет освен за еден. Причината за тоа е што еден орган од умот се истренирал додека на останатите им се дозволувало да останат заспиени. Оној што бил во постојана употреба се потрошил и заболел, а тој човек станал рушевина. Бог не се прославил од неговото следење на таквиот пат. Да ги користел сите органи подеднакво, сите би имале здрав развој; целата работа не би паднала на еден, затоа ниеден не би бил разорен.

**Целта го стимулира умот. -** Вие исто така треба да имате цел, причина во животот. Каде што нема цел, постои желба за немарност; но каде што постои доволно важна цел на повидок, сите можности на умот спонтано ќе се активираат. Да се постигне успех во животот, мислите мора да се насочат на животната цел и да не се дозволи умот да талка и да се преокупира со неважни работи, или да се задоволува со празни фантазии кои се плод на избегнување на одговорноста. Ѕидање на кула во воздухот го изопачува умот.

**Преотоварен желудник ги слабее менталните сили. -** Децата обично се лекомислени во поглед на важноста кога, како и што треба да се јаде. Им се дозволува слободно да се оддаваат на своите вкусови, да јадат во секое време, земајќи го она што ќе му се допадне на окото, а ова, со пита, колачи, леб и путер, слатки кои речиси постојано се јадат, прави од нив гурмани и диспептичари. Органите за варење кои како воденица непрекинато работат, стануваат ослабени, животворната моќ се повикува од мозокот да му помогне на желудникот во неговата прекумерна работа и на тој начин менталните сили слабеат. Неприродната стимулација и трошењето на виталната сила ги прави нервозни, нетрпеливи кон ограничување, самоволни и раздразливи.

**Развојот е резултат на напорот. -** Децата треба да научат дека развојот на менталните и физичките способности зависат од нив самите; а тоа е резултат на напорот.

**Непроменливи закони. -** Правилните физички навики ја унапредуваат менталната супериорност. Интелектуалната сила, физичката сила, и долговечноста зависат од непроменливите закони.

**Умот јакне под правилен третман. -** Луѓе кои се на доверливи положби секојдневно донесуваат одлуки од кои зависат резултати од големи важности. Тие често мораат брзо да мислат, а тоа можат успешно да го прават само ако се држат на строга умереност. Умот јакне под исправен третман на физичките и менталните сили. Ако напорот не е премногу голем, нова сила надоаѓа со секое оптоварување.

Но често работата на оние кои мораат да разгледаат важни планови и да донесуваат одлука е проткаена со зло кое е резултат на неправилната исхрана. Несредениот желудник предивикува несредена неизвесна состојба на умот. Тоа често предизвикува, раздразливост, грубост, или неправеда. Многу планови кои требало да бидат благослов на светост се одложени, многу неправедни, тирански, дури строги мерки се спроведени, како резултат на болната состојба поради лоши навики во јадењето.

**Да се избегнува прекумерна работа. -** Слушам за работници чие здравје се крши под тешкото бреме кое го носат. Тоа не мора да биде

така. Бог сака да запомниме дека сме смртници. Не смееме да прифаќаме преголема работа. Ние не смееме да се излагаме на таков напор да ги исцрпиме нашите физички и ментални сили. Од некои работници е потребно да се намали дел од бремето кои така тешко ги притиска.

**Ставање на две години во една. -** На студентот кој сака да ја обедини двогодишната работа во една година не треба да му се дозволи да се држи на својот пат. Да се преземе двојна работа, значи за многумина, преоптоварување на умот и занемарување на физичките вежби. Не е разумно да се претпостави дека умот може да асимулира прекумерно снабдување на ментална храна, и исто така е голем грев да го преоптовариш умот како што е грев да се преоптоварат органите за варење.

**Претераното проучување ја слабее самоконтролата. -** Претераното проучување, со зголемен доток на крв во мозокот, создава морбидна возбуденост која тежнее да ја намали силата на самоконтрола и премногу често поттикнува импулсивност и каприциозност. На тој начин се отвора вратата на нечистотијата. Злоупотребата или некористењето на физичките можности се наголемо одговорни за плимата на расипаност која го заплискува светот. „Гордоста, изобилството на леб, и безгрижен мир" се смртни непријатели на човечкиот прогрес во оваа генерација исто како и тогаш кога доведоа до уништувањето на Содом.

**Различни предмети на мислење. -** Следејќи исклучиво еден тек на мисли, умот често станува неурамнотежен. Но секоја способност може со сигурност да се исполува, ако физичките и менталните сили подеднакво се оптоваруваат, а предметите на размислување се различни.

**Изучувањето на природните науки не смее да се занемари. -** Може многу повеќе да се постигне во делото на самообразување ако сме разбудени за своите можности и привилегии. Вистинското образование значи многу повеќе од тоа што колеџите можат да пружат. Додека не смее да се занемари изучувањето на науката, постои возвишена обука која се стекнува низ животворна врска со Бога. Секој ученик нека ја земе својата Библија и нека се стави во заедница со Големиот Учител. Нека умот се тренира и дисциплинира да се бори со тешките проблеми во барањето на божествената вистина.

**Нечистиот воздух влијае врз менталните сили. -** Многумина постојано се жалат и страдаат од различни слабости. Тоа е скоро секогаш така затоа што не работат мудро или не се придржуваат до законите на здравјето. Тие премногу се задржуваат во затворен простор, во топли соби исполнети со нечист воздух. Тие премногу се задлабочуваат во учење или пишување, малку вежбаат физички и малку ги менуваат вра-

ботувањето. Како последица на тоа, крвта станува побавна, а умствените сили слабеат.

**Понижувачките навики мора да се избегнуваат. -** Секоја навика која ја слабее физичката или менталната сила го онеспособува човекот за служба на својот Творец.

**Како да се сочуваат менталните сили. -** Секој оној кој сака да се држи до едноставност во сите свои навики, контролирајќи го апетитот и контролирајќи ги страстите ќе ги зачува своите ментални сили силни, активни и крепки, побрзо да согледаат сè што бара размислувањето или акцијата, остри во правењето разлики помеѓу светото и несветото, подготвени да се впуштат во секоја задача за славата на Бога и доброто на човештвото.

**Електричната енергија влијае врз виталните сили. -** Физичката неактивност ја слабее не само менталната туку и моралната сила. Нервите на мозокот кои се поврзани со целиот систем се медиум преку кои небото комуницира со човекот и дејствува на внатрешниот живот. Што и да го спречува протокот на електрична енергија во нервниот систем, слабеејќи ги така виталните сили и намалувајќи ја менталната приемчивост, го отежнува будењето на моралната природа.

**Независно мислење и морална проникливост. -** Воспитувањето кое се состои од увежбување на меморијата тежнеејќи да го обесхрабри независното мислење, има морална тежина која премалку се цени. Кога ученикот ја жртвува моќта на резонирањето и расудување за себе, тој станува неспособен да прави разлика помеѓу вистината и заблудата и е лесен плен на лагата. Тој лесно се води по традицијата и обичаите.

**Подготвени за достигнување на најголем степен на корисност.** - И физичките и менталните сили, со склоностите, мораат така да се истренираат да можат да достигнат до најголемиот степен на корисност.

**Проучувањето на природата ги зајакнува силите. -** Во овие поуки директно од природата постои едноставност и чистота која ги прави од најголеми вредности. На сите им е потребно учењето кое се црпи од овој извор. Сама по себе убавината на природата ја одведува душата од гревот и световните привлечности кон чистотата, мирот и Бога. Умот на ученикот честопати е преокупиран со човечките теории и шпекулации, лажни науки и филозофии. Ним им е потребно да дојдат до близок контакт со природата. Научете ги дека создавањето и христијанството имаат еден Бог. Нека научат да ја набљудуваат хармонијата помеѓу природното и духовното. Сè што ќе видат нивните очи или што рацете можат да допрат нека биде поука за изградување на карактерот. На тој начин мен-

талните сили ќе зајакнат, карактерот ќе се развие и целиот живот ќе се облагороди.

**Проучувањето на Библијата дава сила на умот. -** Оние кои се гладни за знаење за да можат да ги благословат своите блиски и самите ќе примат благослов од Бога. Низ проучување на Неговата Реч, нивните ментални сили ќе се разбудат за сериозна активност. Способностите ќе се прошират и развијат, а умот ќе стекне сила и ефикасност.

**Обратувањето ја растерува темнината на незнаењето од умот. -** Во Библијата се открива Божјата волја. Вистините од Божјата Реч се говор на Најголемиот. Оној кој оваа вистина ќе ја направи дел од својот живот станува во секој поглед ново суштество. Нему не му се даваат нови ментални сили, туку се растерува темнината која низ незнаењето и гревот го помрачила разбирањето. Зборовите „ќе ви дадам ново срце“ значат „ќе ви дадам нов ум.“ Промената на срцето секогаш е следена со јасно осведочување за христијанската должност, за разбирање на вистината. Оној кој на Светото писмо придава посебно внимание, низ молитва, ќе стекне јасно сфаќање и здраво расудување, како што со обраќањето кон Бога, постигнал поголемо ниво на интелегенција.

# Отсек Единаесет

# *Емоционални проблеми*

# ВИНА

**Вината ја слабее животната сила. -** Жалост, загриженост, незадоволство, вина, недоверба, сето тоа има тенденција на кршење на животната сила и предизвикува распаѓање и смрт.

**Како да се ослободи од вината. -** Ова чувство на вина мора да се положи при подножјето на голготскиот крст. Чувствата на грешност ги затрул изворите на животот и вистинската среќа. Сега Исус зборува: Положи го сето тоа на Мене. Јас ќе го преземам твојот грев, Јас ќе ти дадам мир. Не уништувај ја повеќе твојата самопочит, бидејќи, Јас те купив со Својата крв. Ти си мој; твојата слаба волја јас ќе ја зајакнам; твојата жалост поради гревот Јас ќе ја отргнам.

Затоа обрати го своето благодарно срце, кое трепери од неизвесност, и фати се за надежта која е поставена пред тебе. Бог го прифаќа твоето скршено, покајничко срце. Тој ти нуди бесплатно простување. Тој нуди да те прими во небесното семејство, да ја закрепи твојата слабост преку благодат, и драгиот Исус ќе те води чекор по чекор само ако сакаш да му подадеш рака и да дозволиш да те води.

**Исус нуди простување.** - Сатаната настојува да ги одвои умовите од моќниот Помошник, наведувајќи нè да размислуваме за изопаченоста на душата. Но иако Исус ја гледа вината од минатото, Тој нуди простување; и не смееме да го обесчестиме сомневајќи се во Неговата љубов.

**Неговата љубов ослободува од вина. -** Љубовта којашто Христос ја шири низ целото суштество е животворна сила. Секој витален дел - мозокот, срцето, нервите – ги допира со исцелување. Таа го буди суштеството на активност со најголема енергија. Таа ја ослободува душата од вина и тага, загриженост и грижа, кои ја кршат животната сила. Со неа доаѓа спокојството и мирот. Таа всадува во душата радост која ништо земно не може да ја уништи - радост во Светиот Дух - радост која донесува здравје и живот.

**На најголемиот грешник му е потребен најголемиот Спасител. -** Ако се чувствуваш како најголем грешник, Христос е токму Тој што ти е потребен, бидејќи тој е најголемиот Спасител. Подигни ја главата и погледни подалеку од себе, од својот грев, на подигнатиот Спасител; тргни го погледот од отровното смртоносно каснување од змија кон Божјото Јагне кое ги преземало гревовите на светот.

**Тој дава одмор. -** Тој ја понесол тежината на нашата вина, Тој ќе ја превземе тежината од нашите уморни рамења. Тој ќе не одмори. Тој исто така ќе го понесе бремето на грижи и жалост. Тој нè повикува да ја фрлиме својата грижа на Него, бидејќи нè носи на Своето срце.

**Сите гревови немаат иста тежина. -** Бог не ги смета сите гревови со исто значење; по Негова оцена постои степен на вина, како и кај човекот; но колку и безначајно да изгледа ова или она лошо дело во очите на луѓето, ниеден грев не е мал во Божјите очи. Човечкиот суд е пристрасен, несовршен, но Бог ги проценува сите работи такви какви што навистина се. Пијаницата се презира и се вели дека неговиот грев ќе го исклучи од небото, додека, гордоста, себичноста и зависта често минуваат без укор. Но тоа се гревови кои се посебно навредливи за Бога, бидејќи се спротивност на добрината на Неговиот карактер, со таа несебична љубов која е атмосфера на безгрешната вселена. Тој што ќе западне во некои тешки гревови ја чувствува својата срамота и беда и потреба за Христовата благодат; но гордоста не чувствува потреба, и така го затвора срцето за Христос и бесконечните благослови кои Тој дошол да ги подари.

**Вината бара позитивен пристап. -** Никој се нема никогаш опоравено од обвинување и осудување. Да се зборува на искушаната душа за вината не е начин да ја охрабриме со одлучност да стане подобра. Истакнувањето на заблудата ја одалечува душата од оној кој може во целост да ги спаси сите кои доаѓаат кај Него. Покажете му што може да стане. Кажете му дека во него нема ништо што би го препорачало на Бога, туку дека Христос умрел за тој да биде прифатен од Љубениот. Дајте му надеж, укажувајќи му дека во Христовата сила може да постапува подобро. Претставете му ги можностите кои ги има. Истакнете ги височините до кои може да достигне. Помогнете му да се потпре на Господовата милост, да верува во Неговата моќ на простување. Христос чека да го фати за рака, очекувајќи да му даде сила да живее благороден, чесен живот.

**Сатаната наметнува чувство на вина. -** Божјиот народ тука (Захарија трето поглавје) е претставен како злосторник на проба. Исус, како првосвештеник, бара благослов за Својот народ, кој е во голема неволја. Додека тој се зазема пред Бога, сатаната му стои од десната страна како соперник. Тој ги обвинува Божјите деца и настојува нивниот случај да изгледа што е можно побезнадежен. Тој ги претставува пред Господ нивните зли дела и нивните недостатоци. Тој укажува на нивните заблуди и пропусти, надевајќи се дека тие ќе се покажат во таков карактер во Христовите очи и дека Тој нема да им помогне во нивната голема потреба. Исус како претставник на Божјиот народ, се наоѓа пред осуда облечен во валкана облека. Свесен за гревот на својот народ, Тој е потиштен и обесхрабрен. Сатаната му ја притиска душата со чувство на вина кое го

остава скоро без надеж. Сепак тој овде стои како молител, со сатаната кој му се спротиставува.

**Попуштање да се повикаме на Божјите ветувања. -** Тогаш мислев дека многу пациенти од душевната болница се доведени овде заради искуства слични на моите. Нивната совест била обземена со чувство на грев, а нивната трпелива вера не се осмелувала да полага право на ветеното Божјо простување. Тие ги слушале описите на вистинскиот пекол додека тоа не им ја заледило крвта во вените и втиснало жиг на плочките на нивните мемории. Дали се движеле или спиеле, таа застрашувачка слика секогаш била пред нив, додека реалноста не се изгубила во имагинацијата, и тие ги гледале само пламените јазици од измислениот пекол и ги слушале крициите на осудените. Разумот е соборен од престолот, а мозокот станал исполнет со дива фантазија на страшниот сон. Тие кои ги поучуваат доктрините за вечниот пекол добро би направиле кога внимателно би го преиспитале својот авторитет за едно такво страшно верување.

**Кризата често укажува на извор на сила. -** Бог често ги доведува луѓето во криза за да им укаже на нивните слабости и да им го истакне изворот на силата. Ако се молат и стражарат на молитвата, храбро борејќи се, нивните слаби точки стануваат јаки. Јаковото искуство содржи многу вредни поуки за нас. Бог го научил Јаков дека во својата сопствена сила никогаш не би добил победа, дека мора да се бори со Бога за сила одозгора.

**Сетете се на Христовата благодат**. - Кога, откако погрешил измамувајки го Исав, Јаков побегнал од татковиот дом, бил притиснат од чувството на вина. Осамен и отфрлен каков што бил, одвоен од сè што животот го прави убав, единствена мисла која над сите други ја притискала неговата душа бил стравот дека гревот го одвоил од Бога, дека небото го напуштило.

Во својот јад легнал да се одмори на гола земја, околу него биле само осамени ридови, а горе, небото осветлено со ѕвезди. Додека спиел, чудна светлина го прекинала неговиот сон, и ете видел на рамнината на која лежел бескрајни чудни скали, кои се чинело дека водат високо до самите небесни врати, а по нив се спуштале и искачувале Божји ангели, додека се од славата одозгора не се слушнал божествениот глас со порака на утеха и надеж.

Тогаш Јаков го разбрал она што ја задоволила потребата и желбата на неговата душа - Спасителот. Со радост и благодарност го видел откриениот начин преку кој, грешникот, може да биде вратен во заедница со Бога. Мистериозните склаи од неговиот сон го претставуваат Исус, единственото средство за комуникација помеѓу Бог и човекот.

**Тежината на вината темел на многу болести. -** Обземениот нашол во Христос исцелување за душата и телото. Духовното исцелување било

пропратено со физичка обнова. Преку овие пораки не смее да се прејде. Денес постојат илјадници кои страдаат од физички болести, кои како одземени, страдаат за пораката „Ти се простуваат гревовите.“ Бремето на гревот со своите немирни и незадоволени желби, е темел на нивните болести. Тие не можат да најдат олеснување додека не дојдат кај Исцелителот на душата. Мирот кој единствено Тој може да го даде ќе биде свежина на умот, и здравје на телото.

**Незнаењето не ја отргнува вината. -** Да знаеле дека го мачат Оној кој дошол да го спаси овој грешен род од вечната пропаст, би биле обземени со каење и ужас. Но нивното незнаење не ја оттргнало вината, бидејќи да го препознат и прифатат Исус како Спасител била нивна предност.

**Не намалувајте ја вината оправдувајќи го гревот. -** Ние не смееме да се обидуваме да ја намалиме својата вина оправдувајќи го гревот. Мораме да ја прифатиме Божјата оцена за гревот, и Кој е навистина тежок. Единствено Голгота може да ја открие страшната големина на гревот. Кога би морале да ја носиме својата сопствена вина, тоа би нѐ скршило. Но безгрешниот го заседе нашето место, иако незаслужено. Тој го понесе нашето беззаконие. „Ако ги признаеме своите гревови,“ Бог „е верен и праведен да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1:9).

**Понизните души ја признаваат вината. -** Оние кои не ја понижиле својата душа пред Бога во признавањето на својата вина уште го немаат исполнето првиот услов на прифаќање. Ако не сме го почуствувале она покајување за кое не се кае и не сме го признале својот грев со вистинска понизност на душата и со скршен дух, гадејќи се од своето беззаконие, ние никогаш вистински не сме барале простување на гревовите; а ако никогаш не сме барале, никогаш не сме нашле мир од Бога. Единствена причина што не можеме да имаме простување за минатите гревови е тоа што не сакаме да го понижиме своето гордо срце и да се согласиме со условите на зборот на вистината.

Постојат јасни упатства дадени во врска со ова прашање. Признавањето на гревот било јавно или приватно треба да биде искрено и слободно изразено. Тоа не смее да се изнуди од грешникот. Тоа не смее да се прави на лекомислен и несоодветен начин или да се изнуди под присилба од оние кои немаат чувство на одвратниот карактер на гревот. Признавањето измешано со солзи и жалост, кое е излевање на најголемата длабочина на душата наоѓа свој пат кон Бога, Кој има бесконечно сожалување. Псалмистот вели „Господ е близу до оние кои се со скршени срца, и им помага на оние со усмерени души“.

**Неопходно е да се остави гревот. -** Тоа што се доведуваш себе си под осуда е затоа што истрајуваш во гревот. Во Христова сила престани

да грешиш. Секоја подготовка е направена за благодатта да биде со тебе, за гревот секогаш да се покаже одвратен каков што е всушност. „Ако некој човек згреши,“ тој не треба да се препушти на очајување и да зборува како човекот е изгубен за Христа.

**Бог им простува на сите кои доаѓаат. -** Бог праведно ги осудува сите оние кои не го прават Христос свој личен Спасител, но Тој ѝ простува на секоја душа која доаѓа кај Него во вера и ја оспособува да врши Божји дела, и низ вера да биде едно со Христос... Господ направил сѐ за човекот да може да има цело и бесплатно спасение и да биде исполнет во Него. Бог замислил Неговите деца да имаат сјајни зраци на Сонцето на праведноста, сите да можат да ја имаат светлината на вистината. Бог го обезбедил спасението на светот со бесконечна цена преку дарот на Својот Единороден син. Апостолот прашува: „Кој не го поштеди Својот Син туку го предаде за сите нас, како не ќе ни подари сѐ друго со Него?“ (Римјаните 8:32) Затоа ако не бидеме спасени, вината нема да биде на Божја страна, туку на наша, во тоа што сме пропуштиле да соработуваме со божествените средства. Нашата волја не дошла во хармонија со Божјата волја.

**Надеж за сите. -** Никој не треба да се препушта на обесхрабрување и очај. Сатаната може да ви дојде со сурова сугестија: „Твојот случај е безнадежен. Ти не можеш да се спасиш“. Но има надеж за вас во Христа. Бог не бара од нас да победуваме во сопствената сила. Тој нѐ повикува да дојдеме поблизу на Неговата страна. Под какви и тешкотии да работиме, кои ја потиснуваат душата и телото, Тој чека да нѐ ослободи.

# ЖАЛОСТ

**Ја крши животната сила. -** Жалост, загриженост, незадоволство, грижа на совеста, вина, недоверба, сето тоа тежнее да ја скрши животната сила и предизвикува распаѓање и смрт... Храброст, надеж, вера, сочувство, љубов, го подобруваат здравјето и го продолжуваат животот.

**Ја слабее циркулацијата. -** Жалоста ја умртвува циркулацијата во крвните садови и нервите и ја забавува работата на црниот дроб. Таа го попречува процесот на варење и исхрана и има тенденција на искушување на срцевината (внатрешната супстанција) на целиот систем.

**Не може да излечи ни најмало зло. -** Додека жалоста и загриженоста не можат да излечат ни најмало зло, тие можат да направат голема штета, но живоста и надежта додека го осветлуваат патот на другите, „се живот за оние кои ги наоѓаат и здравје за целото тело“ (Изреки 4:22).

**Подготвеност за секоја ситуација. -** Ние не треба да дозволиме иднината, со своите проблеми, незадоволителни изгледи, да ни ги ослаби срцата, да ни ги направи колената нестабилни, а рацете олабавени. „Нека се фатат за силата моја“, зборува Семоќниот, „нека направат мир со Мене“ и „ќе направат мир со Мене“. Оние кои ги потчинуваат своите животи на Неговото водство и Неговата служба никогаш нема да се најдат во позиција за која Тој не се погрижил. Каква и да е нашата ситуација, ако ја извршуваме Неговата Реч, имаме Водач кој го покажува нашиот пат; какви и да се нашите потешкотии, имаме сигурен Советник; каква и да е нашата тага, препуштеност на себе, или осаменост, имаме сочувствителен Пријател.

**Предвидувањето на проблемите ја удвојува тежината. -** Ние живееме во свет со маки. Потешкотии, искушенија и жалост нѐ очекуваат низ целиот пат до небесниот дом. Но постојат многумина кои животното бреме го прават двапати потешко предвидувајќи ги проблемите. Ако се соочат со неприликите или разочарувањето, тие мислат дека сѐ оди во пропаст, дека нивната тежина е најтешка од сите други, и дека сигурно ќе пропаднат во Бога. На тој начин тие си навлекуваат несреќа на себе и фрлаат сенка на сѐ околу нив. Самиот живот им претставува тежина. Но тоа не мора да биде така. За да се промени текот на нивните мисли потребен е одлучен напор. Но таа промена може да се направи. Нивната среќа, како за овој живот така и за оној кој доаѓа, зависи од насоченоста на нивниот ум на весели работи. Нека го отргнат погледот од тие мрачни

слики, кои се имагинарни, на богатството со кои Бог го опсипал нивниот пат и над сѐ невидливо и вечно.

**Фрлање на сенка. -** Не е мудро да се собираат сите тие незгодни спомени од минатиот живот - неговото зло и разочарување – зборувајќи за нив и плачејќи над нив додека не сме совладани од обесхрабрување. Обесхрабрената душа се исполнува со темнина, изгонувајќи ја Божјата светлина од својата душа и фрлајќи сенка врз патот на другите.

**Зборувајте за благословите, помалку за искушенијата. -** Господовата милозлива добрина кон нас е голема. Тој никогаш нема да ги остави или напушти оние кои веруваат во Него. Кога помалку би мислеле и зборувале за своите искушенија а повеќе за милоста и Божјата добрина, би откриле дека сме се издигнале од своите потешкотии и темнина. Браќа мои и сестри, вие кои чувствувате дека стапувате на мрачната страна, и како заробени во Вавилон морате да ја прикачите својата харфа на врбата, да се обидеме да запееме весела песна.

Вие можете да речете: Како можам да пеам во темнината која е пред мене, со оваа тежина од жалост и јад на мојата душа? Но земните жалости нѐ лишуваат од семоќниот пријател каков што имаме во Исус? Не треба ли чудесната Божја љубов во дарот на Неговиот драг Син да биде тема за постојана радост? Кога ги изнесуваме своите молби пред престолот на благодатта, да не заборавиме исто така да ја приложиме и химната на благодарноста. „Тој Мене ме почитува, кој принесува пофалба“ (Псалм 50:23). Сѐ додека нашиот Спасител живее имаме причина за постојана благодарност и пофалба.

**Одвратете се од неконтролираната жалост (совет на едно ожалостено семејство). -** Како Јов, сте чувствувале дека имате причина за жалост и не можевте да се утешите. Дали тоа беше разумно? Вие знаете дека смртта е сила на која никој не може да ѝ се противи, но ги направивте своите животи скоро бескорисни со напразна жалост. Чувствата ви биле малку помалку од побуната против Бога. Ве видов како се занимавате со својата жалост, и отворате пат на возбудливи чувства додека силно ве исполнува жалоста и не ги натера ангелите да ги потргнат своите лица и да се потргнат од сцената.

Додека им се препуштавте на своите чувства, дали се сетивте дека имате Татко на небото кој го даде својот Единствен Син да умре за нас така што смрта не мора да биде вечен сон? Дали се сетивте дека Господарот на животот и смртта поминал низ гробот и го осветлил со својата присутност? Саканиот ученик рекол: „Напиши: блазе си им на мртвите кои умираат со Господ отсега“. Да зборува Духот, да почиваат од делата свои; бидејќи нивните дела ги следат. Апостолот добро знаел за што зборува кога ги пишувал овие зборови; но кога вие ќе го отворите патот на

неконтролираната жалост, дали вашето однесување е во склад со утехата кои тие ја изразуваат?

**Занимавањето со себе е себичност (совет на проповедник кој бил погоден од жалост). -** Значи брате ______, тоа што го задржуваш својот ум да не се занимава со тебе е вид на себичност. Тоа воопшто не личи на апостол Павле, кој бил човек подложен на физички слабости, па сепак тој самиот бил последен предмет на своите мисли. Тој имал искушенија какви ти никогаш не си доживеал ниту пак ќе бидеш повикан да поднесеш, но сепак не обрнувал внимание на нив, тој не се занимавал со нив туку ја величел Божјата благодат.

Твојата жена беше предмет на болеста и смртта. Твојата жалост била толку силна како сите твои други неволји. Си ја прифатил жалоста на своите гради, си сакал да се занимаваш со неа и си дозволил умот и мислите да бидат себично преокупирани со жалост, а како разултат на тоа си го нарушил своето здравје. Потоа смртта на твојата ќерка беше навистина тажен удар, но други го поминале тоа исто под тешки околности. Ти дозволи оваа болка да те избезуми; се занимаваше со неа, зборуваше за тоа, ја оптоваруваше својата душа со проблемот кој не можеше да го промениш ниту да го решиш. Грев е да се оддаваш на таква жалост како што ти правеше.

Знам за што зборувам. Кога на умот му се дозволува да биде замаглен со жалост, храната не се вари и како резултат на тоа организмот неправилно се храни.

**Жалоста предизвикува крвта да се излие во мозокот (лично искуство). -** Додека така се занимавав со зборување и пишување, добивав писма со обесхрабрувачки карактер од Батл Крик. Додека ги читав чувствував неиздржлива потиштеност на духот, која се претвораше во агонија на умот, и се чинеше дека за еден краток период ќе ги парализира моите витални енергии. Три ноќи едвај спиев. Мислите ми беа вознемирени и збунети.

Ги прикривав чувствата колку што можев од сопругот и сочувствителното семејство каде што бевме. Никој не знаеше за мојата мака и тежина на умот додека наутро и навечер се соединев со тоа семејство на богослужбата и настојував да го положам своето бреме на големиот Носител на Тежината. Но моите молитви доаѓаа од срце обвиено со болка; и беа скршени и неповрзани поради неконтролираната жалост. Често ми течеше крв од носот, особено кога се трудев да пишувам. Бев принудена да го оставам пишувањето, но не можев да ја отфрлам тежината на загриженост и одговорност од себе.

**Што да се прави со жалоста. -** Дали денес сте исполнети со тага? Упатете го својот поглед на Сонцето на праведноста. Не обидувајте се да ги доведете во ред сите потешкотии, туку свртете го своето лице кон свет-

лината, кон Божјиот престол. Што ќе видите таму? Виножитото на заветот, живото Божјо ветување. Под него е престолот на милоста и кој се повикува на подготовка на благодат која е принудена и ги присвојува заслугите на Христовиот живот и смрт има и други ветувања на блажена сигурност на прифаќање кај Таткото се додека Божјиот престол постои.

Верата е тоа што ви е потребно. Не дозволувајте да се двоуми верата. Борете се, во добра борба на вера и надевајте се на вечен живот. Тоа ќе биде сурова борба, но борете се по секоја цена, бидејќи ветувањата Божји се да и амин во Исуса Христа. Ставете ја својата рака во Христовата рака. Ќе се појават потешкотии кои треба да се совладаат, но ангелите кои изобилуваат со сила ќе соработуваат со Божјиот народ. Свртете се кон Сион и тргнете во градот на свеченоста. Иако сатаната може да ја фрли својата пеколна сенка на вашиот пат и да се обидува да ги сокрие од вашиот поглед тајните скалила кои се простираат од земјата до Божјиот престол, по кои се искачуваат и слегуваат ангелите кои се службени духови за оние кои ќе наследат спасение, сепак тргнете нагоре качувајќи се скала по скала, и напредувате кон престолот на Бесконечниот.

**Симпатизерите не се секогаш пријатели. -** Ако оние околу тебе се од оној вид на луѓе кој не настојува да го сврти твојот разговор и текот на твоите мисли, ако сочувствуваат со сите твои впечатоци како да се вистинити, колку помалку се дружиш со нив толку е подобро. Тие не ти се пријатели туку најлоши непријатели. Господ би сакал да се радуваш.

Си погребала драги пријатели, и јас сум, но не се осмелувам да прашам, зошто Боже си ме фрлил во печка? Одговорот ми се враќа низ стихови: „Што јас сега правам не знаеш, но ќе дознаеш подоцна“ (Јован 13:7).

Божјите намери се често прекриени со мистерија, тие се несфатливи за ограничените умови; но Оној Кој од почеток го гледа крајот знае подобро отколку вие. Тоа што ни е потребно е да се исчистиме од световноста, да го усовршиме христијанскиот карактер, за да се облечеме во облеката на Христовата праведност.

**Работата за други ја намалува жалоста. -** Апостолот го изгубил од вид сопственото страдање во својата грижа за оние кои ги оставил да се борат со предрасудите, омразата и прогонството. Некулкуте христијани кои го следеле до местото на погубувањето, Тој настојувал да ги зајакне и охрабри со повторување на ветувањата дадени за оние кои се прогонети поради праведноста. Ги уверувал дека ништо не може да изостане од тоа што Господ го зборувал во врска за Неговите проверени и верни деца.

За кратко време тие би можеле да се најдат во потешкотии од различни искушенија; би можеле да бидат лишени од земните утехи; но тие можеле да ги охрабрат своите срца со уверување за Божјата верност, зборувајќи: „Знам на кого верував и сигурен сум дека е во состојба да го сочува тоа

што му го доверив.“ Наскоро, ноќта на искушувања и страдања ќе заврши, а потоа ќе осамне радосно утро на мир и совршен ден.

**Најдобри утешители. -** Оние коишто поднеле најголема жалост често се луѓе кои носат најголема утеха на другите, носејќи радост каде и да одат. Таквите се прочистиле и омекнале низ својата болка; тие не ја изгубиле вербата во Бога додека ги напаѓале потешкотии, туку се држеле близу до Неговата заштитничка љубов. Таквите се жив доказ на нежното Божјо страдање, кој темнината ја претвора во светлина, и нѐ очистува за наше добро. Христос е светлината на светот и во Него нема темнина. Скапоцена светлина! Да живееме во таа светлина! Да се простиме од тагата и јадикувањата. „Радувајте се секогаш во Господа, и повторно велам радувајте се“.

**Притивотров за тагата. -** Господ обезбедил лек за секоја рана. Постои мелем во Гилеад, таму има лекар. Нема ли да сакаш сега како никогаш порано да го истражуваш Светото писмо? Барај го Господ за мудрост во секоја потреба. Во секое искушение бори се (во молитва) со Исус да ти го покаже патот од потешкотиите, тогаш ќе ти се отворат очите и ќе го видиш лекот и ќе го примениш на својот случај на исцелувачки ветувања кои се запишани во Неговата Реч.

На овој начин непријателот нема да најде место да те одведе во тага и неверство; но наместо тоа ќе имаш вера и надеж и храброст во Господа. Светиот Дух ќе ти даде јасна проникливост да можеш да го забележиш и цениш секој благослов кој ќе дејствува како противотров на тагата, како исцелувачко средство за секоја голтка на горчина на твоите усни. Секоја голтка на горчина ќе биде помешана со Исусовата љубов, и наместо горчивото јадикување ќе разбереш дека Исусовата љубов и благодат се така измешани со тагата така што се преобразила во покорна, света, посветена радост.

**Одвојувањето од Бога носи болка во душата. -** Болката на одвојување од наклоноста на Својот Татко беше тоа што Христовите маки ги направи тешки. Кога се спуштала на Него агонијата на душата, „потта Негова била како капки крв кои паѓале на земјата“ (Лука 22:44). Неговата страшна болка, предизвикана од мислите дека во тој час на потреба Бог го напуштил, ја отсликува болката која грешникот ќе ја почувствува кога ќе биде премногу доцна, да сфати дека Божјиот Дух се отргнал од него.

**Ќе разбереме кога ќе отидеме во рајот. -** Земјата има историја која човекот никогаш нема да ја разбере додека не чекори со својот Откупител во Божјиот рај. „Бидејќи Јагнето, кое е на престолот, ќе ги храни, и ќе ги упати на изворите на жива вода; и Бог ќе ја избрише секоја солза од нивните очи“ (Откровение 7:17).

# НЕМИР И ЗАГРИЖЕНОСТ

**Грижата, а не работата, е таа што убива. -** Не е работата тоа што убива, туку грижата. Единствен начин да се избегне грижата е да се изнесат своите проблеми на Христа. Да не гледаме на темната страна. Да култивираме веселост на духот.

**Занимавање со тешкотиите. -** Некои постојано се плашат и ја довикуваат несреќата. Тие секојдневно се опкружени со знаците на Божјата љубов; тие секојдневно уживаат во изобилството на Неговото привидение; но тие ги превидуваат овие сегашни благослови. Нивните умови постојано се занимаваат со несаканото од што се плашат дека ќе дојде; или некоја потешкотија која можеби навистина постои и која, иако мала ги заслепува нивните очи за многу работи кои бараат благодарност. Потешкотиите кои ги среќаваат, наместо да ги водат кон Бога, единствениот извор на нивната помош, ги одвојуваат од Него, затоа што будат неспокојност и жалење.

**Грижата ја прави тешкотијата уште потешка. –** Многумина се плашат дека сме во опасност, грижејќи се, градејќи јарем околу своите вратови. Да не се грижиме, бидејќи на тој начин го правиме јаремот груб, а бремето потешко. Да сториме сѐ што можеме без загриженост, верувајќи во Христос. Да ги проучиме Неговите зборови: „Сѐ што барате во молитва, верувајќи, ќе добиете“ (Матеј 21:22). Овие зборови се гаранција дека сѐ што семоќниот Спасител може да подари ќе биде дадено на оние кои веруваат во Него. Како поверители на небесната благодат, ние треба да побараме во вера и тогаш верувајќи да чекаме на Божјето спасение. Ние не смееме да одиме пред Него, обидувајќи се со сопствената сила да го добиеме тоа што го сакаме. Ние треба да бараме во Негово име, и тогаш да работиме со вера во Неговата работливост.

**Не е Божја волја. -** Не е Божја волја Неговиот народ да биде притиснат со грижи.

**Загриженоста донесува болест. -** Кога погрешките ќе се исправат, ние можеме да ги изнесеме потребите на болниот пред Господ во тивка вера, како што упатува Неговиот Дух. Тој секој поединец го знае по име и се грижи за секој како да не постои никој друг на земјата за кој го дал Својот сакан Син. Затоа што Божјата љубов е толку голема и толку сигурна, болниот треба да се охрабри да верува во Него и да биде весел. Загриженоста за себе предизвикува слабост и болест. Ако се издигнат над депресијата и разочараноста, изгледите за оздравување ќе се подоб-

рат, бидејќи „окото Господово е над оние“ „кои се надеваат на Неговата милост“ (Псалм 33:18).

**Престани да се грижиш (совет од пријател кој се соочува со смртта). -** Твојот случај е пред мене, и тажна сум што си со немирен ум. Би сакала да те утешам ако е тоа во моја моќ. Нели Исус, драгоцениот Спасител, беше многупати твој помошник кога ти требаше. Не ожалостувај го Светиот Дух, туку престани да се грижиш. Ова е тоа што требаше многупати да им го зборуваш на другите. Нека зборовите на оние кои не се болни како тебе ти бидат утеха, и нека Господ ти помогне, тоа е мојата молитва.

**Грижата за себе е надвор од Исусовите раце. -** Кога би ги воспитале своите души да имаат повеќе вера, повеќе љубов, повеќе трпеливост, посовршена доверба во нашиот небесен Татко, би имале поголем мир и среќа додека минуваме низ судирите во овој живот. На Господ не му е мило да нѐ гледа немирни и загрижени за себе надвор од Исусовите раце. Тој е единствен извор на секоја благодат, исполнување на секое ветување, остварување на секој благослов... Нашето долго патување, навистина би било празно да не е за Исуса. „Нема да ве оставам сироти“ (Јован 14:18) ни зборува Тој. Да ги чуваме Неговите зборови, да веруваме во Неговите ветувања, да ги повторуваме дење и да размислуваме ноќе за нив и да бидеме среќни.

**Одмор во Христовата љубов. -** Да се отргнеме од правливите, сувопарни патишта на животот и да се одмориме во сенката на Христовата љубов. Тука ќе добиеме сила за борба. Тука ќе научиме како да го олесниме трудот и грижата и како да ја искажеме и пееме благодарноста на Бога. Уморните и натоварените нека ја научат од Христа, поуката на тивката доверба. Тие мораат да седнат во Неговата сенка ако сакаат да го имаат Неговиот мир и спокој.

**Божјата одговорност и мојата. -** Кога ќе ја преземеме во свои раце управата на она што мораме да го направиме и се потпреме на сопствената мудрост за успех, ние ја преземаме грижата која Бог не ни ја дал и се обидуваме да ја носиме без Негова помош. Ние преземаме на себе одговорност која му припаѓа на Бога и на тој начин всушност се поставуваме на Негово место. Ние можеме да бидеме загрижени и да ја претчуствуваме опасноста или загубата, бидејќи е сигурно дека тоа ќе ни се случи. Но кога вистински веруваме дека Бог нѐ сака и сака да ни направи добро, ќе престанеме да се грижиме за иднината. Ќе му веруваме на Бог како што детето му верува на саканиот родител. Тогаш нашите немири и маки ќе ги снема, бидејќи нашата волја се губи во Божјата волја.

**Позајмена грижа и загриженост. -** Во целосната доверба кон Бога се наоѓа сигурноста; нема да постои постојан страв од идното зло. Овој по-

зајмен немир и грижа ќе престанат. Ние имаме небесен Татко кој се грижи за Своите деца, а Неговата благодат е доволна во време на секоја наша потреба.

**Препуштање на иднината со Бога. -** Иако неговите сегашни потреби се задоволени, многумина не сакаат да веруваат во Бога за иднината, и се во постојана грижа, дека ќе им се случи сиромаштија, а нивните деца ќе бидат препуштени на мака. Некои секогаш претчуствуваат зло, или ги преовеличуваат тешкотиите кои навистина постојат, така што очите им се затворени за благословите кои бараат нивна благодарност. Тие препреки, наместо да ги наведат да бараат помош од Бога, единствениот извор на сила, ги одвојуваат од Него, затоа што тие будат неспокој и зло...

Исус е наш пријател; целото небо се грижи за нашето спасение; а нашата загриженост и страв го ожалостува Светиот Божји Дух. Ние не би требало да се одаваме на загриженост која само нѐ разјадува и уморува, но не ни помага да го поднесеме искушението. Не треба да ѝ се даде место на таа недоверба во Бога која нѐ наведува да се подготвиме за идните основни потреби, како нашата среќа да се состои од тие земни работи.

**Непримерна грижа. -** Бог не ја осудува разумноста и промисленоста во употребата на работи на овој живот; но грозничавиот немир, непримерната загриженост, во поглед на световните работи не е во склад со Неговата волја.

**Загриженоста ја слабее физичката моќ. -** Искушенијата и грижите кои Павле ги поднесувал ги слабеело неговите физички сили.

**Христијани со загрижени срца. -** Многумина кои се изјаснуваат како Христови следбеници имаат загрижено, немирно срце затоа што се плашат да му се доверат на Бога. Тие не му се предаваат во целост затоа што се набираат (престрашуваат) од последиците кои таквото потчинување ги подразбира. Доколку не го направат ова потчинување тие не можат да најдат мир.

**Минута по минута. -** Има една работа на која сакам да те предупредам. Немој да се вознемируваш или грижиш; тоа не е вредно за трудот. Немој премногу да работиш. Ако не преземеш премногу, ќе успееш да завршиш многу повеќе, отколку ако се обидеш да спроведеш многу планови. Постојано имај ги на ум Христовите зборови: „Стражарете и молете се на Бога да не паднете во искушение“ (Марко 14:38). Христос е твојот личен Спасител. Верувај дека Неговата спасоносна сила дејствува во твоја корист од минута во минута, од час во час. Тој е покрај тебе за време на секоја потреба.

**Не минувајте ги мостовите пред време. -** Значи ние сакаме да работиме како личности кои се откупени со Христовата крв; ние треба да се радуваме во Христовата крв и во простувањето на гревовите. Тоа е она што треба да го правиме, а Господ ќе ни помогне да ги отргнеме своите умови од мрачните слики и да мислиме за оние нешта што ќе ни дадат светлина. Сега сакам да го прочитам следниот текст: „За ништо не грижете се“ (Филипјаните 4:7). Што значи тоа? Значи не минувајте го мостот пред да стигнете до него. Ќе дојдете до него многу брзо, браќа. Ние мораме да мислиме за денес, а ако денешните должности ги завршиме како што треба, ќе бидеме подготвени за утрешните.

**Настојување да се достигнат световните стандарди. -** Постојат многу луѓе чии срца страдаат од тежината на грижата затоа што настојуваат да го достигнат световниот стандард. Тие ја избрале неговата служба, ги прифатиле неговите перипетии, се прилагодиле на неговите обичаи. На тој начин нивниот карактер се расипува, а животот станува заморен. За да ги задоволат амбициите и световните желби, тие ја рануваат совеста и навлекуваат на себе додатна грижа на совеста. Постојаната грижа ја слабее животната сила.

Нашиот Господ сака да го отфрли овој горчлив јарем. Тој ги повикува да го земат Неговиот јарем. Тој вели: „Мојот јарем е благ, и Моите грижи се лесни.“ Тој им советува прво да го бараат Божјото царство и Неговата праведност, и им ветува дека сè што им треба за овој живот ќе им го даде.

Грижата е слепа и не може да ја разликува иднината, но Исус го гледа крајот од почетокот. Во секоја потешкотија Тој на свој начин подготвил олеснување.

**Верата може да биде непобедлива. -** Немојте да се грижите. Гледањето на надворешноста и јадикувањето кога ќе наидат потешкотиите и притисоците, ја открива болната, ослабена вера. Со своите зборови и со свои дела покажете дека вашата вера е непобедлива. Господ е богат со ресурси. Светот е негов. Гледајте на Оној кој има светлина, и сила и делотворност. Тој ќе го благослови секој кој настојува да пренесе светлина и љубов.

**Растенијата не растат низ грижа или свесен напор. -** Наместо растечка загриженост со мислата дека не напредувате во благодатта, само извршувајте ја секоја должност која ќе се појави, носете ја грижата на душата на своето срце, и со сите расположливи средства настојувајте да го повратите изгубеното. Бидете љубезни, учтиви, жалостиви; зборувајте во понизност за благословената надеж, разговарајте за Исусовата љубов, зборувајте за Исусовата добрина, Неговата милост, и Неговата праведност; и престанете да се грижите дали напредувате или не. Растенијата не растат низ некој свесен напор... Растението не е во постојана грижа за својот раст, таа едноставно расте под Божјиот надзор.

**Лек за загриженост. -** Бог се грижи за сè и го издржува сето тоа што го создал... Ниедна солза не се проронува без Тој да не забележи. Нема насмевка која Тој не ја забележува.

Кога само во ова целосно би верувале, сите непримерни грижи би исчезнале. Нашите животи не би биле така исполнети со разочарување како сега; бидејќи сè, било големо или мало, е препуштено во Божјите раце кој не е збунет од многуте грижи или преоптоварен со нивните тешкотии. Тогаш би уживале во покојот на душата кој за многумина долго бил туѓ.

**Верата ја растерува загриженоста. -** Ние сме така загрижени, сите од нас, за среќа, но обично ретко ја наоѓаме поради погрешните методи на барање на погрешно место. Ние мораме најсериозно да се трудиме и да ги измешаме сите свои желби со верата. Тогаш среќата ќе ни се прикраде скоро незабележливо. Кога можеме, без разлика на лошите услови, да одмараме со доверба во Неговата љубов и да се затвориме со Него, мирно почивајќи во Неговата љубов, чувството на Неговата присутност ќе ни подари длабока, тивка радост. Ова искуство ни ја дава верата која нè оспособува да не се вознемируваме, да не се грижиме, туку да зависиме од силата која е бесконечна.

**Единствен принцип. -** Оние кои ќе го прифатат единствениот принцип службата и Божјата слава да им бидат приоритетни, ќе откријат дека тешкотиите исчезнале и правата патека е пред нивните нозе.

**Да се одвои еден ден во времето, е најважен принцип. -** Вистинското исполнување на денешните должности е најдобра подготовка за утрешните искушенија. Не собирајте ги сите утрешни неизвесности и грижи за да ги додате на денешните. „Доволен му се на секој ден неговото зло“ (Матеј 6:34).

Само еден ден е наш и во текот на овој ден мораме да живееме за Бога. Овој еден ден мораме да се ставиме во Христовите раце, во свечена служба, сите наши намери и планови, отфрлајќи ги сите свои грижи на Него, бидејќи Тој се грижи за нас. „Ги знам мислите кои ги имам за вас, вели Господ, мислите за мир а не за зло, да ви дадам потик каков што очекувате.“ „Ако се повратите и бидете мирни, ќе се спасите, во мир и надеж ќе биде вашата сила“ (Еремија 29:11; Исаија 30:15).

Да не ја навлекуваме бедата на себе, грижејќи се за утрешните грижи. Храбро и весело да ги носиме денешните грижи. Ние мораме денес да имаме доверба и вера. Но од нас не се бара да живееме повеќе од еден ден во времето. Оној којшто дава сила за денес, ќе даде сила за утре.

**Сила за секое искушение. -** Нашиот небесен Татко го проценува и мери секое искушение пред да дозволи да дојде врз верникот. Тој ги разгледува условите и силата на оној кој е на проба и Божји испит. Ако душата е преоптоварена, личноста надвладеана, за тоа никогаш не смее

да го обвини Бога, како да пропушта да даде сила во благодат, туку оној кој бил искушан не бил буден и на молитва и преку вера не ги примил благодатите кои што Бог богато ги подготвил за него. Христос никогаш не ги напушта верниците во мигот на борбата. Верникот мора да се повика на ова ветување и ќе го дочека непријателот во Господово име, и нема да знае за неуспех.

# СТРАВ

**Милиони збунети од стравот. -** Милиони човечки суштества се врзани од лажните религии, во окови на ропски страв, рамнодушна незаинтересираност, работејќи како товарни животни, лишени од сегашната надеж или радост, и само со неразбирлив страв од она потоа. Единствено евангелието на Божјата благодат може да им ја подигне душата.

**Неверувањето во Бога донесува илјада стравови. -** Многумина го занемаруваат собирањето на богатството за себе на небото, правејќи добра со средствата кои Бог им ги позајмил. Тие не веруваат во Бога и имаат илјада стравови во поглед на иднината. Како Израелевите деца тие имаат зло срце на неверие.

Бог го обезбедил овој народ со изобилство какво што барале нивните потреби, но тие непотребно се грижеле за иднината. Тие се жалеле и негодувале на своите патувања дека Мојсеј ги извел нив и нивните деца за да ги умре од глад. Замислената потреба ги затворила нивните очи и срца да не ја видат Божјата добрина и милост на своите патувања, и биле неблагодарни за сите Негови дарови.

Така е и со неверниот Божји народ во овој век на неверства и изопаченост. Тие се плашат да не дојде до немаштија или дека децата ќе им пропаднат во беда или внуците во сиромаштво. Тие не се осмелуваат да веруваат во Бога. Тие немаат искрена вера во Оној Кој им подарил благослови и изобилство на живот, и Кој им дал таленти за употреба на Неговата слава и за напредок на Неговото дело.

**Сатаната се обидува да владее преку стравот.** - Бог никогаш не ја присилува волјата или совеста; но сатанското постојано прибежиште, за да здобие контрола над оние кои не може на друг начин да ги заведе е суровата принуда. Низ страв или сила тој се обидува да владее над свеста и да обезбеди почит за себе. За да го постигне ова, тој работи преку верските и световните власти, поттикнувајќи ги да ги наметнат човечките закони кои се во спротивност со Божјите закони.

**Советувањето со стравовите само ги зајакнува. -** Ако се советуваме со своите сомнежи и стравови или се обидуваме да го решиме сето тоа што не може јасно да го согледаме пред да имаме вера, потешкотиите само ќе нараснат и ќе се продлабочат. Но ако дојдеме кај Бога чувствувајќи се беспомошни и зависни како што навистина сме, и во понизна, цврста вера ги објавиме своите потреби на Оној чие знаење е бесконечно, Кој ја гледа секоја работа и Кој со сите управува со Својата волја и збор, Тој може и ќе обрне внимание на нашиот крик и ќе направи светлина да заблиска во на-

шите срца. Преку искрена молитва ние доаѓаме во врска со умот на Бесконечниот. Ние можеби ќе немаме видливи докази во тој момент дека лицето на нашиот Откупител се надвиснува над нас во сочувство и љубов, но тоа не е така. Можеби нема да почувствуваме видлив допир но Неговата рака е над нас во љубов и сочувствителна нежност.

**Причини за болеста на телото и умот. -** Тоа што донесува болест на телото и умот речиси кај сите е чувството на незадоволство и јадикување. Тие го немаат Бога, ја немаат надежта зад завесата, која е како сидро на душата, сигурно и цврсто. Сите кои ја имаат оваа надеж се очистуваат како што Тој е чист. Таквите се слободни од незаситена желба, жалење, и незадоволство; тие не го бараат злото и не размислуваат за позајмена грижа. Но гледаме многу кои однапред живеат во неволји; загриженоста е втисната на секоја црта во лицето, тие изгледаат како да не наоѓаат утеха туку се во страв од постојаното очекување на некое ужасно зло.

**Стравот не носи олеснување на душата. -** Вие треба да имате јасно разбирање за евангелието. Верскиот живот не е живот на потиштеност и тага, туку мир и радост здружени со христијанското достоинство и со света свеченост. Нашиот Спасител не нè охрабрува да негуваме сомнежи и страв и зли претчувства; тоа не носи олеснување на душата и треба да се прекорува, а не да се фали. Ние можеме да имаме неискажлива радост и целосна слава.

**Верата расте во судир со сомнежот и стравот. -** Господ често нè става во тешка положба како би нè потикнал на поголема работа. Посебни неволји во Неговото провидение се јавуваат како проба на нашето трпение и вера. Бог ни дава поуки во доверба. Тој нè учи каде да бараме помош, сила за време на потребите. На тој начин стекнуваме практично познавање на Неговата божествена волја, која толку ни е потребна во нашето животно искуство. Верата јакне во сериозен судир со сомнежот и стравот.

**Стравот открива неверство. -** Како што Исус во вера се одмарал во Татковата грижа, така и ние мораме да почиваме во грижата на нашиот Спасител. Доколку учениците имале доверба во Него, би биле сочувани во мир. Нивниот страв во моментите на опасност го открил нивното неверство. Во своите настојувања да се спасат себеси, заборавиле на Исус, па дури тогаш, во очајната зависност на себе, се обратиле на Оној Кој може да им помогне.

Колку често искуството на учениците е наше! Кога ќе навалат бурите на искушенијата, ќе блеснат огнени молњи, и ќе нè прекријат бранови, ние сами се бориме со бурата, заборавајќи дека постои Оној кој може да ни помогне. Ние веруваме во сопствената сила додека надежта не згасне и ние стануваме подготвени да загинеме. Тогаш се сеќаваме на Исус и

ако се повикаме на Него да нè спаси, нема да викаме напразно. Иако Тој жалостиво го кори нашето неверство и доверба во себе, никогаш не пропушта да ни помогне во часот на потреба. Дали сме на земја или на море, ако го имаме Спасителот во своите срца нема потреба да се плашиме. Живата вера во Откупителот ќе го смири морето на животот и ќе нè ослободи од опасностите на патот за кои Тој знае дека е најдобар.

**Опасно е да се покаже страв во болничка соба. -** Оние кои служат на болните мора да ја разберат важноста на грижливото внимание кон законите на здравјето. Послушноста на овие закони никаде не е поважно отколку во болничката соба. Никаде толку многу не зависи од верноста во мали нешта од страна на оние кои им служат на болните. Во случаите на сериозна болест, мала немарност, незабележителна невнимателност, на посебните потреби или опасности на пациентот, покажување на страв, возбудување, или раздразливост, дури и недостаток на сочувство, може да ја помести скалата на вагата на животот и смртта, и да предизвика заминување во гроб на пациентот кој инаку би можел да оздравее.

**Стравот го ожалостува Светиот Дух. -** Верата го држи Бог за збор, не барајќи да го разбере значењето на потешките искуства кои доаѓаат. Но постојат многу кои имаат малку вера, оние кои секогаш се плашат и ги позајмуваат неволјите. Тие секојдневно се опкружени со знаците на Божјата љубов, секојдневно уживаат во изобилството на Неговото провидение; но тие ги превидуваат овие благослови. И тешкотиите кои ги бројат наместо да ги предадат на Бога, ги одвојуваат од Него, будејќи неспокој и јадосување... Исус е нивни Пријател. Целото небо е заинтересирано за нивната благосостојба, а нивниот страв и јадикување го жалостат Светиот Дух. Ние мораме да веруваме на Неговите ветувања не затоа што гледаме или чувствуваме дека Бог нè слуша. Кога ние доаѓаме со вера, ние мораме да веруваме дека секоја молба влегува во Христовото срце. Кога ќе побараме Негов благослов, мораме да веруваме дека го добивме и да се заблагодариме на тоа. Потоа треба да се позанимаваме со своите должности, сигурни дека благословот ќе дојде кога ќе ни е најпотребен. Кога ќе научиме да работиме вака, ќе знаеме дека нашите молби се исполнети. Бог за нас ќе направи „изобилно премногу,“ „по богатството на Својата слава“ и „според дејствувањето на Неговата моќна сила“.

**Слобода од вината донесува слобода од стравот. -** Арон како и народот се одвоил од Мојсеј, и „не смееше да пристапи кон него“. Гледајќи ја нивната збунетост и ужас, но незнаејќи ја причината, тој ги поттикнувал да се доближат. Ги уверувал во сигурноста на Божјото помирување и Неговата обновувачка наклонетост. Тие во неговиот глас не забележале ништо освен љубов и преколнување, и најпосле еден се одлучил да му се приближи. Премногу уплашен да зборува, тој молчејќи покажал на Мој-

сеевиот израз на лицето, а потоа кон небото. Големиот водач го разбрал значењето. Свесни за вината, чувствувајќи се дека се уште по божествено незадоволство, тие не можеле да ја поднесат небесната светлина која ако го послушале Бога, би ги исполнила со радост. Во вината се наоѓа стравот. Душата која е слободна од гревот нема да сака да се сокрие од небесната светлина.

**Што да правиме кога се плашиме. -** Само чувството на Божја присутност може да го оттргне стравот на плашливото дете кое животот му го направи бреме. Нека му се вреже во паметот ветувањето: „Господови ангели стојат околу оние кои се бојат од Него, и ги спасуваат“ (Псалм 34:7). Нека ја чита прекрасната приказна за Елесиј во планинското село, и помеѓу него и војската на оружени непријатели, моќен кордон на небесни ангели. Нека чита како на Петар и осудениот на смрт во затворот му се јавиле Божјите ангели, како покрај вооружените стражари, дебелите врати и големата железна порта со резе и решетки, тие ангели го изведоа Божјиот слуга на сигурно. Нека чита за таа глетка на море, кога на војниците и морнарите исцрпени од работа, бдеење и од долгиот пат, Павле затвореник на својот пат во искушение и егзекуција ги изговорил оние големи зборови на охрабрување и надеж: „И еве сега ве молам да бидете со добра волја, бидејќи ниедна душа од вас нема да пропадне... Бидејќи во оваа ноќ застана пред мене ангел Божји на кој сум јас и на кого му служам, зборувајќи не плаши се Павле; Треба да дојдеш пред Цезар и еве ти ги дарува Бог сите кои пловат со тебе.“ Верувајќи во ова ветување Павле ги убедувал своите другари. „На ниеден од вас влакно од главата нема да му отпадне.“ Така и се случило. Затоа што на тој брод бил еден човек преку кој Бог можел да дејствува, целиот екипаж неверни војници и морнари бил сочувана. „И така излегоа сите живи на земјата.“

**Бог постапува отворено. -** Но нашиот Господ нè не измамува. Тој ни вели: Не плашете се, нема опасност на вашиот пат.“ Тој знае дека постојат искушенија и опасности, и постапува со нас отворено. Тој не планира да го изведе Својот народ од светот на гревот и злото туку ги сместува во сигурно засолниште. Неговата молитва за учениците била: „Не те молам да ги земеш од светот туку да ги сочуваш од злото.“ „Во светот,“ вели Тој, „ќе имате проблеми; но не плашете се, бидејќи Јас го надвладеав светот“ (Јован 17:15; 16:33).

**Не гледајте на себе. -** Свртете го погледот од себе кон Исус. Ти можеш да признаеш дека си грешник, додека во исто време е твоја привилегија да го признаеш Христос за свој Спасител. Тој не дојде да ги повика праведните туку грешните на покајание. Сатаната ќе претставува потешкотии и сугестии во човечкиот ум, за да ја ослабне верата и да ја уништи храброста. Тој ги умножува искушенијата кои едно по друго го заплиснуваат умот, но вдлабочување во емоциите и оддавање на чувствата значи

да се прими лошиот гостин на сомнежот, правејќи така се вовлекуваш во замка на безнадежни потешкотии. Можеби ќе се запрашаш: Што да правам под овие страшни дошепнувања? Истерај ги од умот со набљудување и размислување за неспоредливите длабочини на Спасителовата љубов. Не разделувај ги своите чувства и не зборувај за нив, немој да им служиш и ако се добри, лоши, тажни или охрабрувачки.

**Да се совлада стравот со вера во Исус. -** Исус нè повикува да дојдеме кај Него и Тој ќе ја тргне тежината од нашите уморни рамења и ќе го постави на нас Својот јарем кој е благ, и Неговото бреме кое е лесно. Патот по кој Тој нè повикува да одиме, никогаш не би нè чинел грижа на совеста кога секогаш би оделе по него. Кога ќе скршнеме од патот на должноста, патот станува тежок и трновит. Жртвите кои мораме да ги поднесеме следејќи го Христа се само многу чекори за враќање на патот на светлината, мирот и среќата. Сомнежите и стравот раснат со попуштање, и колку повеќе им се попушта, потешко се совладуваат. Сигурно е да се остави секоја земна поддршка и да се прифати за рака Оној Кој го извлекол и го спасил ученикот кој тонел на вознемиреното море.

**Христос носител на бремето. -** Изнесете ги своите потреби, својата тага и своите стравови пред Бога. Не можете да го преоптоварите, не можете да го уморите... Неговото срце со љубов е допрено од нашата тага, дури и нашите изрази на жалост. Да му предадеме сè што ни го оптоварува умот. Ништо не е преголемо за Него да не може да го носи, бидејки Тој ги одржува световите, Тој владее над сите работи во вселената. Ништо што на било кој начин се однесувало на нашиот мир не е премалку за Него да забележи. Нема поглавје во нашето искуство премногу мрачно за Него да го прочита; нема потешкотии кои Тој не може да ги размрси. Никаква несреќа не може да се случи најмалку од Неговите деца, ни една грижа да ја мачи душата, ниедна радост, ниедна искрена молитва да премине преку усните, која не би ја забележал нашиот небесен Татко, или за која Тој веднаш не би се заинтересирал... Односите помеѓу Бога и секоја душа се така јасни и целосни како да не постои ниедна друга душа на земјата која би го заслужила Неговото внимание, ниедна друга душа за која го дал Својот сакан Син.

# ДЕПРЕСИЈА

**Многу болести се последица на менталната депресија. -** Задоволниот ум, веселиот дух, се здравје на телото и сила на душата. Ништо друго не е толку голема причина за болест како депресијата, потиштеноста и тагата.

Многу болести од кои луѓето страдаат се последица на менталната депресија.

**Отстранувањето на депресијата го забрзува заздравувањето. -** Затоа што Божјата љубов е толкава и така сигурна, болните треба да се охрабрат да имаат доверба во Него и да бидат весели. Загриженоста за себе тежнее да предизвика слабост и болест. Кога би се воздигнале над депресијата и потиштеноста, нивниот изглед за оздравување би бил подобар; бидејќи: „окото Господово е над оние... кои се надеваат на Неговата милост“ (Псалм 33:18).

**Депресија предизвикана од железното достоинство. -** Некои се држат со ладна резервираност и железно достоинство кое ги одбива оние кои доаѓаат во сферата на нивното влијание. Овој дух е заразен; тој создава атмосфера која ги гуши добрите побуди и добрите одлуки; тоа ја гуши природната струја на човечкото сочувство, срдечност и љубов, и под таквото влијание луѓето стануваат напрегнати, а нивниот друштвен живот и благородните атрибути се уништуваат заради недостаток на вежби.

Не само што е погодено духовното здравје туку и физичкото здравје страда од оваа неприродна депресија. Потиштеноста и ладнокрвноста на оваа недруштвена атмосфера се одразува на лицето. Лицата на оние кои се добродушни и чувствителни зрачат со сјај на вистинска добрина, додека оние кои не негуваат љубезни мисли и несебични мотиви на своето лице го покажуваат чувството кое го негуваат во срцето.

**Ментална депресија од слабо проветрени простории. -** Последиците предизвикани од живеење во затворени, лошо проветрени простории се следните: системот станува слаб и нездрав, циркулацијата се сузбива, крвта се движи бавно низ системот бидејќи не е прочистена и оживотворена со чист, освежувачки небесен воздух. Умот станува депресивен и потиштен, додека целиот систем малаксува, и станува подложен за добивање на грозница и други акутни болести.

**Депресијата и тмурноста последици на недостаток на кислород. -** На белите дробови треба да им се дозволи најголема можна слобода.

Нивниот капацитет се развива со слободно дејствување; таа се смалува ако се стегаат и притискаат. Оттука сите тие лоши последици од вообичаените активности, најмногу во седечките занимања, од подгрбавеност при работата. Во таа положба не е можно длабоко дишење. Плиткото вдишување набрзо станува навика, а белите дробови ја губат својата моќ да се шират...

На тој начин се прима недоволна количина на кислород. Крвта бавно тече. Штетните, отровни работи, кои со издишувањето би се исфрлиле од белите дробови, се задржуваат и крвта станува нечиста. Не само белите дробови, туку и желудникот, црниот дроб и мозокот се погодени. Кожата станува болежливо жолта, варењето е отежнато; срцето депресивно, мозокот замаглен, мислите збунети; тмурноста го притиска духот; целиот организам станува депресивен и неактивен, и посебно подложен на болест.

**Правилната респирација ги смирува нервите. -** За да имаме добра крв, мораме правилно да дишеме. Полни, длабоки вдишувања на чист воздух, кои ги полнат белите дробови со кислород, ја прочистуваат крвта. Тоа и дава светла боја и ја праќа, како животворна струја, во секој дел од телото. Правилното дишење ги смирува нервите, отвора апетит и го усовршува варењето; и поттикнува здрав, освежувачки сон.

**Водената болест и болеста на срцето тежнеат да ја потчинат Елена Вајт. -** Болеста тешко ме притиска. Со години бев погодена со водена болест и болест на срцето, кои тежнееја да ми го подјадат духот и да ја уништат мојата вера и храброст.

**Позајмената сила резултира во депресија. -** Низ неумереност која започнува во домот, виталните органи прво ослабнуваат и наскоро обичната храна не го задоволува апетитот. Се воспоставува нездрава состојба, и се јавува желба за стимулативна храна. Чајот и кафето предизвикуваат моментален ефект. Под влијанието на овие отрови нервниот систем се возбудува; и во некои случаи за извесно време интелектот изгледа поткрепен, а фантазијата побујна. Затоа што овие стимуланси произведуваат така пријатни последици, многумина заклучуваат дека навистина им се потребни, но секогаш постои реакција.

Нервниот систем позајмува сила за сегашната потреба од своите идни ресурси, и сета привремена свежина е следена со соодветна депресија. Ненадејното олеснување по чајот или кафето е доказ дека она што изгледа како сила само нервно возбудува, а сходно на тоа мора да биде штетно по организмот.

**Строгата ладнокрвност во бракот предизвикува депресија. -** Кога ја оженивте својата сопруга таа ве сакаше. Беше многу чувствителна, сепак низ труд од ваша страна и духовна храброст од нејзина страна, нејзиното здравје не требаше да биде овакво какво што е. Но вашата тврда

ладнокрвност ве направи како леден брег, замрзнувајќи ги каналите на љубовта и приврзаноста. Вашите укори и наоѓање на мани беа како град кој опустошува една чувствителна билка. Вашата љубов кон светот ги уништи добрите црти на вашиот карактер.

Вашата сопруга е поинаква иповеликодушна. Но кога дури и во мали работи ги искажуваше своите великодушни чувства, вие чувствувавте пречка во своите чувства и ја прекорувавте. Искажувавте строг и непријателски дух. Сте предизвикале чувства кај својата сопруга дека таа е само бреме, тежина, и дека нема право да ја покажува својата великодушност на ваша сметка. Сето ова беше со таква обесхрабрувачка природа така што таа се чувствуваше безвредно и беспомошно без сила да се носи со тоа, па се наведна по силата на притисокот. Ако нејзиниот брачен живот и бил пријатен, би имала добро здравје. Но низ целиот ваш брачен живот демонот беше гостин во вашето семејство и ликуваше над вашата беда.

**Депресијата понекогаш резултира од сексуално претерување. -** Многу семејства се во најнесреќна состојба затоа што сопругот и таткото дозволува она животинското во неговата природа да доминира над интелектуалното и моралното. Последица е често чувство на тромост и депресија, меѓутоа ретко се претпоставува дека тоа е резултат на нивниот сопствен неисправен начин на постапување. Ние сме под свечена обврска да го чуваме духот чист, а телото здраво, за да можеме да бидеме од корист на човештвото и да извршуваме совршена служба на Бога.

Апостолот ги изговара овие зборови на предупредување: „Затоа да не царува гревот во вашето смртно тело, за да ги слушате страстите негови" (Римјаните 6:12). Тој нѐ поттикнува зборувајќи ни дека „секој кој се бори од сѐ се воздржува" (1. Коринтјаните 9:25). Тој ги повикува сите кои се нарекуваат христијани да ги понудат своите тела за „жива жртва, света и прифатлива за Бога" (Римјаните 12:1). Тој вели: „Го совладувам своето тело и го донесувам во потчинетост, та јас кој им проповедав на другите, да не бидат самиот непожелен" (1. Коринтјаните 9:27).

**Привремена депресија може да го следи успехот. -** Реакција каква што често ја следи големата вера и славен успех го притискала Илија. Тој се плашел дека реформата која започнала на Кармил нема да потрае, и го обзела депресија. Тој бил воздигнат до врвот Фазге, а сега се наоѓал во долина. Додека бил под вдахновение на Семоќниот, ги поднел и најголемите искушенија на верата, но во овој момент на обесхрабрување под закана на Језавела која му одѕвонувала во ушите и сатаната кој сѐ уште навидум преовладувал низ заканата на оваа жена, тој ја изгубил поддршката од Бога. Бил воздигнат преку мерка, и реакцијата била страшна.

**Контрола на депресивен ум. -** Мајката можело и требало да направи многу во поглед на контрола на своите нерви и ум кога се депресивни; дури и кога е болна, може, само ако се научи себеси, да биде пријатна и

весела и да поднесува многу повеќе врева отколку што мислела дека е можно. Таа не треба да дозволи децата да ги почувствуваат нејзините слабости и да ги помрачи нивните млади и чувствителни умови со депресивен дух, предизвикувајќи да чувствуваат дека куќата е гробница а мајчината соба најмрачно место на овој свет. Умот и нервите стекнуваат држење и сила со практикување на волјата. Силата на волјата во многу случаи ќе се покаже како моќен смирувач на нервите.

**Две крајности во однесувањето. -** Оние кои не чувствуваат дека верска должност им е да го дисциплинираат умот да се занимава со весели теми, обично се наоѓаат во една од двете крајности; тие ќе бидат водушевени од постојаниот круг на возбудливи забави, одавајќи се на површни разговори, смеење и шегување; или ќе бидат депресивни, имајќи големи неволји и ментални судири, кои тие мислат дека малкумина ги имаат доживеано или можат да ги разберат. Овие луѓе можат да исповедаат христијанство, но ги мамат сопствените души.

**Охрабрувачка или обесхрабрувачка сила на печатените страници. -** Мојот сопруг неуморно работеше да го донесе издавачкиот интерес до неговата сегашна состојба на просперитет. Забележав дека имаше повеќе сочувство и љубов од своите браќа, отколку што мислеше дека има. Тие упорно го пребаруваа весникот со цел да пронајдат нешто напишано од него. Кога во напишаното од него постоеше тон на веселост, кога охрабрувачки зборуваше, нивните срца беа осветлени, а некои дури и плачеа со нежни чувства на радост. Но ако беа изразени потиштеност и тага, изразите на лицата на неговите браќа и сестри, додека читаа, стануваа тажни, а духот кој ги карактеризираше неговите мисли се одразуваше на нив.

**Обесхрабрениот човек е товар самиот на себе (совет до медицински студенти). -** Пред себе имав прикажан факт дека во вашиот клас во здравствено мисионерското училиште има такви на кои првата задача треба да биде да се сфатат самите себе, да ја пресметаат цената, и да знаат кога да започнат со градењето и дали се во состојба да ја завршат. Немојте да го обесчестите Бога кршејќи го човекот во процесот на образование; бидејќи скршен, обесхрабрен човек е тежина на самиот себе.

Да се мисли дека во било која работа која човекот планира да ја врши, Бог ќе му даде поддршка, додека се претрпува себеси со студии, и се подложува на впечатоци кои го доведуваат во опасност здравјето и животот кршејќи ги природните закони, спротивно е на светлината која ја дал Бог. На природата ништо не може да и се наметне. Таа не ја простува штетата која се прави на таа прекрасна, деликатна машинерија.

**Безгрижноста покриена под маската на дрската храброст. -** Детето кое често се прекорува за некоја посебна мана, почнува да ја смета таа

мана како своја особина, нешто против што е напразно да се бори. На тој начин се создава обесхрабреност и безнадежност, често прекриени под изглед на незаинтересираност или дрска храброст.

**Победата чини напори (совет на едно семејство). -** Вие можете да бидете среќно семејство ако сакате да го правите тоа што Бог ви го дал да го правите и ви го поставил како задача. Но Господ нема да го направи тоа што ви го остави вие да го направите. Братот С заслужува сожалување. Тој толку долго се чуствуваше несреќен, така што животот му станал тежина. Тоа не мора да биде така. Неговата фантазија е болна, и предолго ги задржуваше своите очи на таа мрачна слика дека ако се соочи со непогодите или разочарувањата, тој замислува дека сè ќе отиде во пропаст, дека ќе се најде во сиромаштија, дека сè е против него, дека му е најтешко од другите, и на тој начин животот му стана беден. Колку повеќе така размислува, толку повеќе својот живот и животот на оние околу себе го прави победен.

Тој нема причина да се чувствува така; сето тоа е дело на сатаната. Тој не смее да му дозволи на непријателот така да го контролира неговиот ум. Тој треба да се отргне од тие мрачни и несреќни слики кон онаа на саканиот Спасител, на небесната слава, и богатото наследство подготвено за сите кои се понизни и послушни и кои имаат благодарни срца и постојана вера во Божјите ветувања. Тое ќе го чини напори, борба; но тоа мора да се направи. Вашата сегашна среќа и вашата иднина, вечна среќа зависи од насочувањето на умот на весели работи, одвраќајќи го погледот од мрачната слика, која е замислена, кон добрата кои Бог ги посеал на вашиот пат, и над тоа, кон невидливото и вечното.

**Плодови на мрачните претчувства. -** Вашиот живот сега е беден, полн со лоши претчувства. Мрачни слики се отцртуваат пред вас; ве опкружува темнината на неверие. Зборувајќи на страна на неверието вие станувате сè помрачни и помрачни; наоѓате задоволство занимавајќи се со непријатни теми. Ако други се обидуваат да зборат надежно, вие го кршевте во нив секое чувство на надеж зборувајќи посериозно и построго. Вашите искушенија и неволји секогаш одржувале пред вашата жена болна мисла дека ја сметате како тежина заради нејзината болест. Ако го сакате мракот и очајот, зборувајте за него, занимавајте се со нив, ранувајќи ја својата душа, оживувајќи во фантазијата сè што може да ве наведе да негодувате против своето семејство и против Бога, и срцето нека ви е како поле низ кое поминал пожар, уништувајќи сè што е зелено и оставајќи го суво, поцрнето и испечено.

**Надминување на емоционалните нестабилности. -** Вие припаѓате на семејство која има недоволно урамнотежени умови, мрачни и депресивни, подложни на околината, и приемчиви за впечатоци. Доколку не негувате весела, среќна, благодарна структура на умот, сатаната на крајот

ќе ве потчини на својата волја. Вие можете да бидете помош, сила на црквата каде што живеете, ако сакате де се покорувате на Господовите упатства не работејќи по чувства, туку да сте контролирани по принципи. Никогаш не дозволувајте прекарот да ви избега од уста бидејки тоа е како опустошувачки град на оние околу вас. Весели, среќни, љубезни зборови нека паѓаат од вашите усни.

**Нема потреба за робување на депресијата. -** Запаметете дека во вашиот живот верата не треба да биде само едно влијание помеѓу останатите. Таа треба да биде влијание кое доминира над останатите. Бидете строго умерени. Одбивајте го секое искушение. Не правете отстапки на итриот непријател. Не слушајте ги сугестиите кои тој ги става во усните на мажите и жените. Морате да ја добиете победата. Морате да стекнете благороден карактер; но тоа не можете да го постигнете додека сте депресивни и обесхрабрени од неуспехот. Скршете го обрачот со кој сатаната ве заврзал. Нема потреба да му бидете роб. „Вие сте мои пријатели" рекол Христос „ ако го правите тоа што ви го заповедав" .

**Лек предложен на проведникот кој страдал од депресија. -** Вие треба внимателно да работите и да имате периоди за одмор. Правејќи така ќе ја повратите својата физичка и ментална свежина и ќе ја направите својата работа многу поефикасна. Брате Ф, вие сте нервозен човек и многу работи ги правите нагонски. Менталната депресија многу дејствува на вашата работа. Повремено чувствувате недостаток на слобода и мислете дека тоа е затоа што другите се во темнина или се во грешка, или дека работата е во нешто друго, тешко можете да кажете што, и се насочувате (вербално, нападно излевање) некаде или на некого, што е подложно да направи голема штета. Кога само би се смириле во оваа несмирена, нервозна состојба, тивко и со сигурност чекајќи на Бога и прашувајќи се дали проблемот е во вас самите, би се поштеделе од ранување на сопствената душа и ранување на драгоценото Божјо дело.

**Занимавање со непријатностите. -** Кога гледате беззаконие насекаде околу вас, тоа ве прави сѐ порадосен што Тој е ваш Спасител, а ние Негови деца. Значи сакаме ли да гледаме на беззаконието околу нас и да пребиваме на мрачната страна? Не можете тоа да го излечите; тогаш зборувајте за нешто што е повозвишено, подобро, поблагородно...

Значи можеме да слеземе во подрум, да останеме и да погледнеме во мрачните агли и тогаш да зборуваме за темнината и да речеме: „О, овде е толку мрачно" и да го продолжиме разговорот за тоа. Но дали така ќе стане посветло? О, не! Што ќе направите? Излезете од него, излезете од мракот во горната соба каде што зрачи светлост од Божјото лице.

Вие знаете дека нашите тела се направени од храна која е асимилирана. Значи, исто е и со нашите умови. Ако умот не се занимава со непријатни работи во животот, нема да имаме никаква надеж, туку треба да

се занимаваме со пријатни сцени од небото. Павле зборува: „Нашата лесна сегашна неволја ни носи вечна и од сè преголема слава“ (2. Коринтјаните 4:17).

**Христово сочувство (охрабрување на христијанка која страдала од депресија). -** Моја драга стара сестро ________, многу сум тажна што сте болни и страдате. Но држете се за Оној којшто сте го сакале и на кој со години му служевте. Тој го даде Својот живот за светот, и Тој го сака секој кој верува во Него. Тој сочувствува со оние кои страдаат притиснати со болест. Тој ја чувствува секоја болка и духовна агонија која ја чувствуваат Неговите сакани. Само одмарајте во Неговите раце и знајте дека Тој е ваш Спасител, и ваш најдобар пријател, и никогаш нема да ве остави ниту напушти. На Него сте се потпирале многу години, и вашата душа може да почива во надеж.

Вие ќе пристапите со другите верници кои верувале во Него, да го фалите со триумфален глас. Сè што се очекува да сторите е да почивате во Неговата љубов. Немојте да се грижите. Исус ве сака, и сега кога сте слаби и страдате, Тој ве држи во Своите раце, исто како што нежен татко го држи малото дете. Имајте доверба во Оној во кој верувавте. Зар не ве сакаше Тој и се грижеше за вас низ целиот ваш живот. Само одмарајте се во скапоцените ветувања кои ви се дадени.

**Не отворајте пат на депресијата. –** Ноќе разговарав со тебе. Ти велев: Многу се радувам што си на така добра локација и можеш да бидеш близу до Санаториумот. Не отворај пат на депресијата, туку дочекај го со добредојде во своето срце, со утешителен впечаток на Светиот Дух, да ти подари утеха и мир...

Сестро моја, ако сакаш да здобиеш драгоцени победи, сврти се кон светлината која зрачи од Сонцето на праведноста. Искажувај надеж и вера и благодарност на Бога. Биди весела и полна со надеж во Христа. Научи се да му заблагодаруваш. Тој е моќен лек за болестите на душата и телото.

**Атмосфера на депресија. -** Проповедниците преку кои Бог работи нека пристигнат на конференцијата со напрегнати нерви, со растечка депресија, и ви зборувам, ќе имаат атмосфера околу себе како дебела прекривка од магла која го покрива ведрото небо. Мораме да негуваме вера. Усните нека изговараат: „Душата моја го величи Господа, духот мој се радува во Бога мојот Спасител“.

Ние мораме да го откриваме чувството на присутност на Спасителот, цврста вера дека Исус е на кормилото, и дека Тој ќе го види овој благороден брод сигурен во пристаништето. Ние мораме да знаеме дека е невозможно да се спасиме ние самите или некоја душа. Ние немаме моќ да им дадеме спасение на оние што гинат. Исус, нашиот Откупител, е Спасителот. Ние сме само Негови орудија и секој момент зависиме од

Него. Ние треба да ја возвеличиме Неговата сила пред Неговиот избран народ и пред светот заради големото спасение кое низ Неговата жртва за помирување и Својата крв ја излил врз нас.

**Нема да бидам депресивна. -** Понекогаш сум многу збунета и не знам што да работам, но нема да бидам депресивна. Одлучив да внесам што е можно повеќе светлина во мојот живот.

Има многу работи кои ми го растажуваат срцето, но се обидувам да не зборувам обесхрабрено, затоа што некој кој ги слуша моите зборови можеби е тажен во срцето, и не смеам да правам ништо што би ја зголемило неговата тага.

**Со вера да се пробие низ темнината. -** Ако би ги набљудувала тие мрачни облаци, неволјите и потешкотиите на кои налетувам во својата работа, не би имала време да работам ништо друго. Но јас знам дека постои светлина и слава над облаците. Со вера се пробивам низ темнината до славата. Повремено сум повикана да поминам низ финансиски потешкотии. Но не се грижам за пари. Бог се грижи за моите работи. Правам сѐ што можам и кога Бог ќе види дека е најдобро да имам пари, Тој ми ги праќа.

**Верата е потребна. -** Додека бев во посета на санаториумот Рајска Долина пред околу три години, зборував скоро секое утро во пет часот со работниците, а подоцна и со пациентите. Меѓу пациентите имаше еден човек кој секогаш изгледаше депресивен. Дознав дека верувал во теоријата на библиските доктрини но не можел да искаже вера која му била потребна да ги присвои за себе Божјите ветувања.

Утро за утро зборував со пациентите за верата и ги поттикнував да веруваат во Божјите зборови. Сепак се чинеше дека овој кутар човек не е способен да признае дека има вера. Разговарав со него насамо. Му ја изнесував вистината на секој можен начин, а потоа го запрашав дали верува дека Исус е негов личен Спасител и дека ќе му помогне. Нашиот Спасител им рекол на сите кои се уморни и натоварени: „Земете го Мојот јарем на себе.“ Не носете бреме кое сами сте си го направиле. „Земето го Мојот јарем на себе, и научете се од Мене, бидејќи јас сум кроток и смирен во срцето, и ќе најдете одмор за душите свои“ (Матеј 11:28, 29).

Конечно, дојде времето кога морав да одам. Реков: „Значи, пријателе мој, можеш ли да ми кажеш дали научи да имаш доверба во Спасителот кој преземал толкава болка за да одговори на потребите на ситуацијата на секоја душа? Можете ли и сакате ли да имате доверба во Него? Можете ли да ми кажете, пред да си заминам, дека примивте вера да верувате во Бога?

Тој го подигна погледот и рече: „Да верувам. Јас имам вера“.

„Фала му на Господа“ му одговорив. Јас чувствував дека и покрај тоа тука беа присутни другите кои го слушаа моето излагање во гостинската соба, дека јас во овој случај бев богато наградена за сите свои напори.

**Играчка во рацете на сатаната. -** Не одете кај другите со своите неволји и искушенија; само Бог може да ви помогне. Ако ги исполнувате условите на Божјите ветувања, тие ветувања ќе се исполнат и на вас. Ако умот ви е насочен кон Бога, вие нема да одите од состојба на восхитеност во долината на потиштеноста кога неволјите и искушенијата ќе дојдат на вас. Нема да зборувате за сомнеж и потиштеност на другите. Нема да кажете: „Не знам за ова или она. Не се чувствувам среќен. Не сум сигурен дека ја имаме вистината.“ Нема ова да го правите, бидејќи ќе имате сидро на душата, сигурно и цврсто.

Кога зборуваме за обесхрабреност и потиштеност, сатаната слуша со ѓаволска радост; бидејќи му е угодно да знае дека ве врзал во своите окови. Сатаната не може да ги чисти нашите мисли, но може да ги види нашите дела, да ги слуша нашите зборови, и од своето долго познавање на човечкото семејство, може да ги обликува своите искушенија да завладее со слабите точки на нашиот карактер. И колку често го воведуваме во тајната како може да постигне победа над нас. О, кога би можеле да ги контролираме нашите зборови и дела! Колку би биле силни кога нашите зборови би биле од таков ред како не би се посрамотиле да се соочиме со извештајот за нив во денот на судот. Колку тие ќе изгледаат поинаку во денот Божји од тоа на што личеле кога сме ги изговарале.

**Исус ги разбира чувствата на очај. -** Верата и надежта треперееа во Христовите смртни душевни маки затоа што Бог ја беше отргнал сигурноста на своето одобрување и прифаќање која порано ја давал на Својот сакан Син. Откупителот на светот поради тоа се потпирал на доказите кои до тогаш го јакнеа, дека Таткото ја прифатил Неговата работа и бил задоволен со Неговото дело. Во својата смртна агонија, додека го предавал Својот скапоцен живот, Тој само со вера се надевал на Оној на кој секогаш со радост му бил послушен. Тој не бил бодрен со јасни, блескави зраци на надежта ниту од десната ниту од левата страна. Се беше обвиено со тешка потиштеност. Низ страшната темнина која ја чувствувала сочувствителната природата, Откупителот ја испи мистериозната чаша до последната капка. Без блескава надеж и доверба во триумфот кој ќе биде негов во иднина, повикал со силен глас: „Татко, во Твои раце го предавам Мојот духот“. Тој бил запознат со карактерот на Својот Татко, со Неговата голема љубов, и во потчинетост се испуштил во Неговите раце. Низ поместувањата и грчевите на природата, возбудените набљудувачи ги слушнале смртните зборови на Човекот од Голгота.

**Бог не се променил. -** Чувството на сигурност не треба да го презираме; ние треба за тоа да го фалиме Бога; но кога чувствата ви се депресивни, не мислете на тоа дека Бог се променил. Фалете го подеднакво, затоа што имате доверба во Неговиот Збор, а не во чувствата. Се заветувавте дека ќе одите со вера, а не да бидете контролирани од чувствата. Тие се менуваат според околностите.

**Без склоности да зборуваме за сомнежите. -** Низ Христовите заслуги, низ Неговата праведност, која ни се дава преку вера, ние треба да постигнеме совршен христијански карактер. Нашата секојдневна работа е објавена низ апостолските зборови: „Гледајќи на Исуса, Зачетникот и Завршителот на нашата вера“. Додека го правиме ова нашите умови ќе станат побистри и нашата вера појака, а нашата надеж се потврдува; ние сме така обземени со погледот на Неговата чистота и милност и жртвата која ја поднесе да нè помири со Бог, така што ние немаме диспозиција да зборуваме за сомнежи и обесхрабрување.

**Вистински христијани и депресија. -** Вистинскиот христијанин не дозволува никакви земни нешта да се испречат помеѓу неговата душа и Бога. Божјите заповеди поседуваат авторитетно влијание над неговата приврзаност и постапки. Кога секој кој го бара Божјето царство и Неговата праведност би бил секогаш подготвен да ги врши Христовите дела, колку би била полесна патеката кон небото. Божјите благослови би протекувале во душата, а благодарноста Господова постојано би била во нашите усни. Тогаш би служеле на Бога од принципи. Вашите чувства можеби нема секогаш да бидат радосни; понекогаш облаците ќе го замрачат хоризонтот на вашето искуство; но христијанската надеж не почива на песочни темели на чувства. Оние кои постапуваат според принципите, ќе ја гледаат Божјата слава над темнината и ќе почиваат на сигурните зборови на ветување. Тие нема да се одвратат од прославувањето на Бога, колку и патот да изгледа мрачен. Неприликите и искушенијата само ќе им пружаат можност да ја покажат искреноста на својата вера и љубов.

Кога депресијата ќе се спушти на душата, тоа не е доказ дека Бог се променил. Тој „е ист вчера, денес и засекогаш.“ Вие сте сигурни за Божјата наклонетост кога сте чувствителни за зраците на Сонцето на праведноста; но ако се надвиснат облаци над вашата душа, не смеете да се чувствувате напуштени. Вашата вера мора да ја пробие потиштеноста. Вашето око мора да биде, и целото ваше тело ќе биде полно со светлост. Благата на Христовата благодат мора да се имаат на ум. Чувајте ги како богатство поуките кои Неговата љубов ги дава. Вашата вера нека биде како Јововата, да можете да речете: „И да ме погуби пак ќе се надевам на Него.“ Потпрете се на ветувањата на својот небесен Татко, и имајте ги на ум Неговите претходни постапки со вас и со Неговите слуги; зошто „сè им оди на добро на оние кои го љубат Бога.“

# СУДИР - ПОЗИТИВНО И НЕГАТИВНО

**Заедништвото со Бога резултира во единство. -** Бог е олицетворение на добродетелност, милост и љубов. Оние кои се вистински поврзани со Него не можат меѓусебно да се несогласуваат. Неговиот Дух кој владее во срцето ќе создаде хармонија, љубов и единство. Спротивноста на ова е забележителна меѓу децата на сатаната. Негова работа е да побуди завист, раздор и љубомора. Во име на својот Господар ги прашувам оние кои се изјаснуваат како Христови следбеници: Каков род носите?

**Сеење и жнеење неслога. -** Оној кој го сее семето на неслогата и раздорот ќе ожнее во сопствената душа плодови на смртта. Самиот чин на барање на злото во другите го развива злото во оние кои го бараат.

**Сатаната ужива во препирките. -** Сатаната постојано настојува да предизвика недоверба, отуѓеност и злоба помеѓу Божјиот народ. Многупати ќе бидеме искушувани дека нашите права се нарушени кога всушност не постои вистинска причина за такви чувства... Препирките, раздорот и судењата помеѓу браќата се срамни за делото на вистината. Оние кои постапуваат така, ја изложуваат црквата на потсмев на нејзините непријатели и предизвикуваат триумф на силите на темнината. Тие наново ги прободуваат Христовите рани и го изложуваат на отворен срам.

**Судирот води во воинственост. -** Посебна, измамлива работа на сатаната е да предизвикува несогласувања, кои би довеле до бескорисни борби на зборови. Тој добро знае дека ова ќе го окупира умот и времето. Тоа предизвикува воинственост и го гаси духот на осведочување на умовите на многумина, одвлекувајќи ги во различни мисли, обвинувања и предрасуди кои ја затвораат вратата на вистината.

**Несогласувањето помеѓу браќата го одложува второто доаѓање. -** Четириесетте години на неверие, негодувања и побуни го спречиле влегувањето на древниот Израел во Хананската земја... Неверието, световноста, непосветеноста и раздорите помеѓу Господовиот народ е тоа што нѐ задржува во овој свет на грев и тага толку многу години.

**Не е време за несогласувања и препирки. -** Мажи и жени кои изјавуваат дека служат на Господа се задоволуваат да посветуваат време и внимание на прашања од мала важност. Тие се задоволни што меѓусебно се разликуваат. Кога би биле посветени на Господовото дело, не би се судрувале и карале како семејство на распуштени деца. Секоја рака би била запослена во служба. Секој би стоел на своето место на должноста,

работејќи со срце и душа како мисионер на Христовиот крст... Работниците би ги носеле со себе, во својата служба молитвите и сочувството на разбудената црква. Тие би ги примиле своите упатства од Христа и не би наоѓале време за несогласувања и препирки.

Нека не се подигнува судир заради безначајни работи. Духот на љубовта и благодатта на нашиот Господ Исус Христос ќе ги врзе срцата меѓусебно ако секој ги отвори прозорците на своето срце кон небото а ги затвори кон земјата.

**Судирот треба да се смири. -** Силата на Божјата благодат ќе направи повеќе за душата отколку судирот за цел живот. Со силата на вистината колку многу работи можат да се поправат и судирите кои траат со години можат да најдат мир со допуштањето на подобри начини. Големото возвишено начело: „Мир на земјата и меѓу луѓето добра волја", многу повеќе би се искажувало кога оние кои веруваат во Христа би работеле заедно со Бога. Тогаш сите тие работи за кои некои секогаш зборуваат, а кои не се авторитативно поставени во Божјата Реч, нема да се величат во важните прашања.

**Судирот поттикнува самодоверба. -** Во своето постапување со Тома, Исус им дал поука на Своите следбеници. Неговиот пример покажува како треба да се однесуваме кон оние чија вера е слаба и кои ги истакнуваат своите сомнежи. Исус не го засипал Тома со укор, ниту се впуштил во судир со него. Тој се открил Себеси на сомневачот. Тома бил многу неразумен диктирајќи ги условите на својата вера. Но Исус со својата великодушна љубов и обѕир, ги срушил сите препреки. Неверието ретко се победува со судир. Тогаш тоа преминува во самоодбрана и наоѓа нова поткрепа и оправдување. Но нека Исус, во Својата љубов и милост, се открие како распнат Спасител, и од многу усни што се противеле ќе се чуе признавањето на Тома: „Господ мој и Бог мој" .

**Не зборувај зборови на судир на болните. -** Крај болничкиот кревет не треба да се зборуваат ни зборови за основните доктрини на црквата ниту на судир. Упатете го страдалникот на Оној кој сака да ги спаси сите кои му доаѓаат со вера. Сериозно и нежно трудете се да и помогнете на душата која лебди помеѓу животот и смртта.

**Судирот е бескорисен. -** Ние не сме повикани да влегуваме во судир со оние кои се држат за лажни теории. Судирот е бескорисен. Христос никогаш не се впуштал во судир со нив. „Пишано е" било оружјето кое го користеше Откупителот на светот. Цврсто да се држиме до Речта. Да му дозволиме на Господ Исус и Неговите гласници да сведочат. Ние знаеме дека нивното сведоштво е вистинито.

**Судирот ретко омекнува. –** Многу аргументивни проповеди кои се проповедани ретко можат да ја омекнат и потчинат душата.

**Позитивниот пристап е помоќен. -** Немојте да негувате дух на судир. Малку добра се постигнуваат со разобличувачки говори. Најсигурен начин да се уништи лажната доктрина е да се проповеда вистината. Држете се до она што е позитивно. Драгоцената вистина на евангелието нека ја убие силата на злото. Покажете нежен, сочувствителен дух кон оние кои грешат. Приближете се со срцата.

**Судир кој ги буди умовите. -** Во сите векови Божјите избрани гласници биле омаловажувани и прогонувани, па сепак низ нивните непогоди се ширело знаењето за Бога. Секој Христов ученик мора да влезе во редовите и да извршува исто дело, знаејќи дека неговите непријатели не можат да направат ништо против вистината, туку за вистината. Бог замислил вистината да се истакне и да стане предмет на испитување и дискусија, дури и низ презирот кој ја следи. Умовите на луѓето мора да се агитираат; секој судир, секој укор, секој напор да се ограничи слободата на совеста, е Божје средство за будење на умовите кои во спротивно би останале заспани.

**Влијанието на родителските несогласувања кај децата. -** Во голема мера родителите создаваат атмосфера во кругот на семејството, и кога постои несогласување помеѓу таткото и мајката, децата учествуваат во истиот дух. Направете ја атмосферата во својот дом пријатна и со нежна промисленост. Ако сте се отуѓиле и не сте успеале да бидете библиски христијани, обратете се; бидејќи карактерот кој го носите во времето на пробата (милоста) ќе биде карактер кој ќе го имате при Христовото доаѓање.

**Кавгата донесува неволја. -** Како семејство вие можете да бидете среќни или мизерни. Тоа зависи од вас самите. Вашиот сопствен начин на постапување ќе ја одреди иднината. На двајцата ви е потребно да ги омекнете острите црти на карактерот и да зборувате такви зборови да не се засрамите од нив во денот на Божјиот суд... Вие можете да се препирате околу мали работи кои не се вредни за кавга, и последицата ќе биде неволја. Патот за праведникот е патека на мирот. Таа е така чиста што понизниот, богобојазлив човек може да оди по неа без сопнување и без правење кривини. Тоа е тесна патека, но луѓе со различни карактери можат да одат еден до друг само ако го следат Началникот на своето спасение.

**Кудењето и раздразнувањата создаваат побуни. -** Грубите, гневни зборови не се од небесно потекло. Кудењето и раздразнувањата никогаш не помагаат. Наместо тоа, тие ги разбудуваат најлошите чувства на човечките срца. Кога вашите деца погрешно постапуваат и кога се исполнети со бунтовништво, а вие сте искушувани да зборувате и да постапувате грубо, почекајте пред да ги корегирате. Дајте им прилика да размислат, и дозволете да ви се олади карактерот.

Кога со своите деца постапувате љубезно и нежно, и тие и вие ќе примите Господов благослов. И мислите ли дека во денот на Господовиот суд некој ќе се кае што бил трпелив и љубезен со своите деца?

**Близината кон Христа донесува единство. -** Причина за поделба и неслога во семејството и во црквата е одвојувањето од Христа. Доаѓајќи близу до Христа значи да се приближите меѓусебно. Тајната на вистинското заедништво во црквата и семејството не е дипломатија, не е управа, не е натчовечки напор да се победат потешкотиите - иако многу од ова мора да се направи – туку во заедница со Христа.

Нацртајте голем круг, од чии краеви многу линии водат кон центарот. Колку овие линии одат поблизу до центарот, поблиску се една до друга.

Така е и во христијанскиот живот. Колку поблиску доаѓаме до Христа, ќе бидеме поблиску едни до други. Бог се прославува кога Неговиот народ се соединува во хармонична акција.

**Неопходна хармонија помеѓу родителите. -** Треба да постои совршена доверба помеѓу мажот и жената. Тие заедно треба да ги разгледуваат своите одговорности. Заедно треба да работат за најголемото добро на своите деца. Никогаш не треба во присуство на децата да се критикуваат плановите еден на друг или да се доведе во прашање судот на другиот. Жената нека внимава да не ја отежнува работата на мажот со децата. Мажот нека ја потпира раката на својата жена, давајќи и мудар совет и љубезно охрабрување.

**Без разлики. -** Ако татковците и мајките не се согласуваат, ако едниот работи против другиот да го неутрализира неговото влијание, семејството ќе биде во деморализирачка состојба, и ниту таткото ниту мајката ќе добијат почит и доверба кои се неопходни за правилно управување со семејството... Децата брзо забележуваат сè што фрла сенка на правилата и одредбите на домаќинството, посебно на оние одредби кои го ограничуваат нивното дејствување.

**Позитивно водење на домот. -** Немате право да навлекувате мрачни облаци над среќата на вашите деца со приговори или строги укори за безначајни грешки. Реалната грешка треба да се прикаже толку грешна колку што е, и потребно е да се заземе цврст, одлучен курс за да се спречи нејзиното повторување, но сепак децата не треба да се оставаат во безнадежна состојба на умот, туку со одредена доза на охрабрување да можат да ја унапредат и здобијат вашата доверба и одобрување. Децата можеби сакаат да постапуваат правилно, можеби во своите срца имаат намера да бидат послушни; но им е потребна помош и охрабрување.

**Мир во црквата. -** Нека биде мир во домот, и ќе постои мир во црквата. Ова драгоцено искуство воведено во црквата ќе биде средство за

создавање меѓусебни љубезни наклоности. Кавгите ќе престанат. Вистинската христијанска учтивост ќе се забележи меѓу членовите на црквата. Светот ќе знае дека тие биле со Исуса и дека се поучиле од Него. Каков само впечаток би оставила црквата на светот кога нејзините членови би живееле христијански живот!

**Смртта ги брише чувствата на неусогласеност. -** Кога смрта ќе ги затвори очите, кога рацете ќе се положат на неподвижните гради, како чувствата на неусогласеност брзо се менуваат! Нема непријателства, нема горчина; омаловажувањето и грешките се простуваат, заборавaат. Колку зборови од љубов се изговараат за покојникот! Колку добри работи во неговиот живот доаѓаат на ум! Пофалбите сега слободно се искажуваат, но тие паѓаат на уши кои не слушаат, срце кое не чувствува... Колку од нив додека стојат тивко и со стравопочит кај покојникот, се отповикуваат на срамот и жалосните зборови и дела кои внеле тага во срцето кое сега почива!

Да внесеме сега сѐ што е убаво, драго, и љубезно во нашиот живот. Да бидеме промислени, благодарни, трпеливи и подносливи во своето однесување со другите. Нека мислите и чувствата кои наоѓаат израз покрај оние кои умираат и се мртви се внесат во секојдневното дружење со нашите браќа и сестри во животот.

**На небото нема раздор (неслога). -** Нека никој не чувствува, дури и ако е теоретски убеден во сегашната вистина, дека не прави грешки. Но ако грешките се направат, треба да постои подготвеност да се исправат. И да избегнуваме сѐ што личи на создавање на разидување и раздор; бидејќи пред нас е небото, и помеѓу жителите на небото нема да има раздор.

**Потребно е повеќе љубов, а помалку критикување. -** Разлики во мислењата секогаш ќе постојат, бидејќи секој ум не е создаден да се потопува во ист канал. Наследните и стекнати тенденции треба да се пазат, за да не создадат судири за мали работи. Христовите работници мора да се зближат заедно во нежно сочувство и љубов. Никој нека не мисли дека е доблест да се прикажуваат сопствените претпоставки и да се претпоставува дека е единствен на кој Бог му дал проникливост и интуиција. Христијанското милосрдие покрива многу работи кои некој би можел да ги смета за мани кај друг. Постои потреба за повеќе љубов, а помалку каприциозност. Кога Светиот Дух работи во срцата на проповедниците и на помошниците, тие ке ја откријат Христовата нежност и љубов.

**Не напаѓајте ги поединците. -** Некои од нашите браќа изговараа и напишаа многу работи кои се протолкувани како изразување на антагонизам против власта и законот. Погрешно е така да се изложуваме на погрешно разбирање. Не е мудро постојано да се наоѓаат приговори на

она што го прават луѓето од власта. Не е наша задача да ги напаѓаме поединците или институциите. Мораме да обрнеме многу внимание да не бидеме погрешно сфатени како опозиција на граѓанските власти. Вистина е дека нашата борба е агресивна но нашето оружје мора да биде тоа кое се наоѓа во јасното „Така вели Господ.“ Наша задача е да се подготви народот да опстане до големиот Божји ден. Ние не треба да се престојуваме во линиите кои ќе поттикнат судир или ќе побудат противење во оние кои не се од нашата вера.

**Дочекување на неверието и различните учења. -** Покажано ми е дека зли ангели во облик на верници ќе работат во нашите редови да внесат силен дух на неверие. Нека ова не ве обесхрабрува, туку нека го доведе искреното срце пред Господа за помош против силите на сатанските орудија. Овие сили на злото ќе се собираат на нашите состаноци, не да примат благослов, туку да го осуетат влијанието на Божјиот Дух. Не ги прифаќајте примедбите што тие можат да ги направат, туку повторувајте ги богатите Божји ветувања, кои се да и амин во Исус Христос. Ние никогаш не смееме да ги фаќаме зборовите кои човечките усни можат да ги зборуваат во потврдување на злите ангели во нивната работа, туку треба да ги повторуваме Христовите зборови.

# ПРЕКУМЕРНО ПРОУЧУВАЊЕ

**Мораме да ја сочуваме мозочната сила. -** Верувам, верувам дека Господ ги слуша моите молитви, и тогаш одам да работам да ги одговорам моите молитви, за кои сум сигурна дека се вдахновени од Господа. Ја сум храбра. Да не ја преоптоваруваме силата која Господ ни ја дава. Ние мораме да ја сочуваме својата сила на мозокот. Ако ја злоупотребиме оваа моќ, нема да имаме резерва од која ќе можеме да влечеме во време на потреба.

**Потребна мудрост во одбирањето на ментална храна. -** Собирање на премногу книги за проучување често пати поставува помеѓу Бога и човекот мноштво знаења кои го слабеат умот и го прават неспособен за асимилација на она што веќе го примил. Умот станува диспептичен. Потребна е мудрост за човек да може да избере помеѓу овие многубројни автори и зборот на животот, за да може да го јаде телото и да ја пие крвта на Божјиот Син.

**Скратување на животот. -** Би рекла на оние кои сакат да станат успешни работници во Божјото дело: Ако ставите поголема количина на работа на мозокот, мислејќи дека ќе го загубите тлото под нозете доколку сето време не проучувате, вие треба веднаш да ги промените своите погледи и својот начин на постапување. Доколку во овој поглед не се искаже поголема грижа, ќе бидат многу оние кои прерано ќе отидат во гроб.

**Претерана концетрација ги троши органите. –** Моќта на концетрацијата на умот на еден предмет исклучувајќи ги сите други е во извесна смисла добра; но постојаното исполување на овие способности ги троши оние органи кои се повикани да ја избришат оваа задача; тоа им донесува преголемо оптоварување, а последицата е пропуст да се постигне најголемо добро. Главниот напор доаѓа на еден дел на органите додека другите лежат успиени. Умот на овој начин не може здраво да работи и како резултат на тоа, животот се скратува.

**Преоптоварениот ум ја отвора вратата на искушението. -** Учениците кои се целосно посветени на умствената работа прават штета на целата животна машинерија со затворање во училниците. Мозокот се троши и сатаната внесува цела листа на искушенија, привлекувајќи ги да се впуштат во забранети угодувања, да доживеат промени, да дадат одмор на чувствата. Одавајќи се на овие искушенија, тие прават лоши работи кои штетат на нив самите и ги повредуваат другите. Ова може да се прави само во разонода. Мозокот е активен и тие сакаат да изведуваат некои

трикови. Но некој мора да се обврзе да ја надомести штетата која ја направиле под искушение.

**Претерана работа на умот предизвикува болна фантазија. -** Изложени ми беа соодветни методи. Учениците со своите ментални студии нека извршуваат физички и морални активности. Нека пропорционално ја користат животната машинерија. Неприкината работа на мозокот е грешка. Би сакала да можам со зборови да го искажам всушност она што би го објаснило ова прашање. Постојаната работа на мозокот предизвикува болна фантазија. Тоа води во расипништво. Петгодишното образование во овој еден правец нема толкава вредност како сеопфатното едногодишно образование.

**Прекумерното проучување води до изопаченост. -** Одбегнувајте го возбудувањето на мозокот. Прекумерното проучување го стимулира мозокот и го зголемува дотокот на крвта до него. Сигурна последица на ова е изопаченост. Мозокот не може претерано да се возбудува без да предизвикува нечисти мисли и дела. Целиот нервен систем е зафатен и тоа води кон нечистотија. Физичките и менталните моќи се изопачуваат и осквернат е храмот на Светиот Дух. Се пренесуваат лоши навики, и последиците не можат да се проценат. Принудена сум јасно да зборувам за овој предмет.

**Срцето и главата мораат да имаат одмор (совет на еден преоптоварен проповедник). -** Чувај го каналот слободен и непречен за прилив на Светиот Дух. Што и да се случи, задржи го својот ум на Бога, и немој да се збунуваш на било кој начин.

Додека таа ноќ разговарав со тебе, забележав дека си умствено оптоварен, и ти реков: Фрли ги своите грижи на Господа; бидејки Тој се грижи за тебе. Положи ги своите бремиња и потешкотии на Носителот на бремето. Христовиот мир во срцето ни е повреден од било што друго...

Те предупредувам да бидеш внимателен. Те повикувам да се ослободиш: да се ослободиш од многу бремиња и тешкотии кои те спречуваат да ја одмориш главата и срцето. Запомни дека постои потреба за покажување на внимание на работи од вечен интерес.

**Болеста последица на менталното оптеретување. -** Оние кои што се скршени од ментална работа треба да се одморат од заморните мисли, но не смеат да се наведат да веруваат дека воопшто е опасно да се користат менталните можности. Многумина се склони да ја сметаат својата состојба полоша од тоа што навистина е. Ваквата состојба на умот е непогодна за оздравување и не треба да се поттикнува.

Проповедници, учители, студенти и други умствени работници често страдаат од болест која е резултат на тешко ментално оптеретување, неолеснато со физички вежби. Она што им е потребно на тие лица е акти-

вен живот. Строго умерени навики комбинирани со соодветни вежби, би ја осигурале менталната и физичката свежина и би дале моќ на истрајност на сите умствени работници.

**Мора да се зачува рамнотежата помеѓу менталните и физичките можности. -** Ние губиме или стекнуваме физичка сила во склад со начинот на кој го третираме телото. Кога најголем дел од времето ќе се посвети на умствена работа, органите на фантазијата ја губат својата свежина и сила, додека физичките органи ја губат својата здрава обоеност. Мозокот патолошки се возбудува од постојана работа, додека мускулатурниот систем слабее од недостаток на вежби. Забележлива е очевидната загуба на сила и зголемување на слабостите, што во догледно време прави тој впечаток да се почувствува врз мозокот. Колку што е можно, треба да се одржува хармонија помеѓу менталните и физичките сили. Ова е неопходно за здравјето на целиот организам.

# БОЛКА

**Бог не предизвикува болка. -** Покажете дека Бог не е оној кој предизвикува болка и страдање, туку човекот низ сопственото незнаење и грев ја навлекол ваквата ситуација на себе.

**Гревот ја причинил болката. -** Постојаниот човеков престап во текот на шест илјади години има донесено болест, болка и смрт како свои плодови. И како што се ближиме кон крајот на времето, сатанското искушување за попуштање на апетитот ќе биде сè посилно и потешко за победување.

**Болките и маките протест на природата. -** Многумина живеат кршејќи ги законите на здравјето и кои се неупатени во односот на нивните навики во јадењето, пиењето и работата кон нивното здравје. Тие нема да се освестат за својата вистинска состојба додека природата не се побуни против злоупотребата која ја поднесува, преку болката и маките во организмот. Кога овие страдалници само би почнале правилно да дејствуваат, и прибегнуваат на едноставните средства кои ги занемариле - употребата на вода и правилната исхрана - природата би ја добила токму онаа помош која ја бара и која одамна мораше да ја има. Ако се следи овој курс, пациентот воглавно ќе заздравее, а да не ослабне.

**Неумереноста предизвикува страдање. -** Многумина толку се посветиле на неумерноста и не сакаат да го променат својот правец на угодување во прекумерно јадење под никави обѕири. Тие попрво би го жртвувале своето здравје и прерано би умреле отколку да го ограничат својот неуморен апетит. Постојат и многумина кои се неупатени во однос на храната и пиењето кон здравјето. Ако таквите примиле светлост, би имале морална храброст да се откажат од својот апетит и умерено да се хранат само со онаа храна која е здрава и со сопствениот начин на постапување се поштедуваат себе си од многу страдање.

**Болка предизвикана од процесот на обновување. -** Болката често се предизвикува од напорот на природата да даде живот и свежина на оние делови кои станале делумно безживотни заради неактивност.

**Страдањето преувеличено од ментално гледиште (лична порака).** - Да си се откажал од својот вкус за читање и настојувањата да си угодиш на себе, да си посветил повеќе внимание на разумното физичко вежбање, и внимателно да си јадел соодветна, здрава храна, би избегнал многу страдање. Дел од овие страдања е замислено. Да си го поттикну-

вала својот ум да ја одбива склоноста на попуштање на слабоста, не би имала нервни напади. Твојот ум треба да се одврати од своето јас кон домашните должности, одржувајќи ред, уредност и вкус во твојот дом.

**Страдалниците се склони кон нетрпеливост. –** Страдалниците... можат да го направат за себе тоа што другите не можат така добро да го направат за нив. Тие треба да почнат да ја ослободуваат природата од тежината која и ја наметнале. Треба да ја отстранат причината. Смалете ја грозничавата состојба на системот со внимателно и разумно применување на водата. Овие напори ќе и помогнат на природата во нејзината борба да го ослободи системот од нечистотијата.

Лицата кои страдаат воглавно стануваат нетрпеливи. Тие не сакаат да се самоодрекуваат и малку да страдаат од глад. Ниту имаат желба да чекаат спориот процес на природата да ја надомести преоптоварената енергија на организмот. Но одлучиле да примат моментално олеснување и земаат силни лекови.

**Страдање над кое ние немаме контрола. -** Има и такви кои се со чист ум и кои се совесни, а кои страдаат од различни причини над кои тие немаат контрола.

**Не е скриена од Исус Христос. -** Колку е убава помислата дека Исус Христос знае сѐ за болките и жалостите кои ги носиме. Во сите наши неволји, Тој е погоден. Некои луѓе помеѓу нашите пријатели не знаат ништо за човечкиот јад или физичката болка. Тие никогаш не се болни, и поради тоа не можат целосно да влезат во чувствата на оние кои се болни. Но Исус е допрен со чувствата на нашите слабости.

**Бог е живо заинтересиран за човечките маки. -** Нема да биде без вина оној кој ќе занемари да олесни страдања во саботниот ден. Божјиот свет ден за одмор е создаден за човекот и делата на милост се во совршен склад со неговата намена. Бог не сака Неговите созданија да поднесуваат маки ниту еден час, а кои може да се олеснат во сабота или во било кој ден.

**Имајте доверба кога страдате. -** Умот често може да биде помрачен заради болката. Тогаш не обидувај се да размислуваш, туку само почивај и покажи дека си се предал на Бога како на верен Создател. Твоја предност е да покажеш во својата слабост и страдање дека не се сомневаш во Божјата љубов кон тебе, дека знаеш дека е верен на Оној кој ветил, и дека си ја доверил душата и телото во Неговите раце, дека Тој ќе го сочува она што му е доверено.

Умот нека ти се занимава со Божјата добрина, со големата љубов со која Тој нѐ сакал, која се покажа во делото на откупувањето. Да не нѐ сакал и сметал вредни, тогаш не би била поднесена оваа голема жртва. Тој

е великодушен во Својата добрина и благодат. Срцето и умот нека одмараат како уморно дете во рацете на својата мајка. Неговите вечни раце се под тебе. Во секоја твоја неволја Исус е погоден...

Сокриј се во Него и злиот нема да те вознемирува или да ја збунува твојата вера. Исус ти го ветил Својот мир.

„Јака е силата која Бог ја дава/низ Својот вечен Син...

Зборот на Неговата благодат е мана на душата која верува. Скапоценото ветување на речта е животот, благост и мир.

**Страдањето не е оправдување за нехристијанското однесување. -** Минатата ноќ многу малку спиев. Се обидував да гледам на Исуса, да се ставам во рацете на Големиот Лекар. Тој рече: „Доволна ти е мојата благодат." Христовата благодат ги наведува луѓето да зборуваат вистински зборови под сите околности. Телесното страдање не е изговор за нехристијанското однесување.

**Издигнување над болката. -** Често инвалидите можат да ја одбијат болеста едноставно одбивајќи да се потчинат на болеста и со неприфаќање на состојбата на неактивност. За да се воздигнат над своите болки и страдања, треба да се вклучат во корисна работа соодветна на нивната сила. Со таквата запосленост и слободна употреба на воздухот и сончевата светлина, многу ослабени инвалиди можат да го повратат здравјето и силата.

**Употребата на лекови не значи одрекување од верата. -** Кога заземаат став дека во молитва за оздравување не смеат да користат едноставни лекови кои Бог ги обезбедил за да ја ублажи болката и да помогне на природата во нејзината работа, дека тоа би било одрекување од верата, тие не заземаат мудар став. Тоа не е одрекување од верата; тоа е во целосна согласност со Божјите планови.

Кога Езекија бил болен, Божјиот пророк му донел порака дека ќе умре. Тој повикал кон Господа и Господ го слушнал Својот слуга и направил чудо во негова корист, праќајќи му порака дека петнаесет години ќе бидат додадени на неговиот живот. Значи еден Божји збор, еден допир со божествениот прст, веднаш би го излекувал Езекија, но биле дадени посебни упатства да се земе смоква и да се стави на болната страна, и Езекија бил подигнат во живот. Потребно е во сè да се држиме на правецот на Божјото провидение.

**Склоноста да се предизвикува страдање е сатанска. -** Поради човековиот грев „сето создание заедно воздивнува и страда сè досега. Страдањето и смртта така дојдоа, не само на човечкиот род, туку и на животните. Значи, извесно е дека човекот треба да настојува да ја олесни, наместо да ја зголеми, тежината на страдањето кои ги донел неговиот пре-

стап на Божјите созданија. Оној кој ги злоупотребува животните затоа што ги има во своја власт е кукавица и тиранин.

Склоноста да се предизвика болка, било на ближните или на животинските созданија, е сатанска. Многу мислат дека нивната суровост никогаш нема да биде познаена, затоа што кутрите неми животни не можат да ја откријат. Но кога очите на овие луѓе би биле отворени како што биле Валамовите, тие би виделе Божји ангел кој стои како сведок да сведочи против нив во небесните дворови. Извештајот оди на небото, и доаѓа ден кога ќе биде изречена пресуда против оние кои ги злоставуваат Божјите созданија.

**Не предизвикувајте подлабока болка. -** О, нека не се изговори ниту еден збор кој би предизвикал подлабока болка! На уморната душа од животот во грев, која не знае каде да најде олеснување за себе, претставете му ја Спасителовата нежност. Земете ја за рака, подигнете ја, зборувајте ѝ зборови на храброст и надеж. Помогнете ѝ да се фати за Спасителовата рака.

**Христовата агонија била поголема од телесното страдање**. - Но телесното страдање бил мал дел од агонијата на Божјиот драг Син. Гревовите на светот беа на Него, како и чувството на Татковиот гнев додека ја поднесувал казната за прекршениот закон. Тоа било она што ја скршила Неговата Божествена душа. Она што му донело очај било скривањето на лицето на Неговиот Татко - чувството дека Неговиот драг Татко го напуштил.

Одвојувањето што го создава гревот помеѓу Бога и човекот целосно го сфатил и почувствувал недолжниот страдалник, Човекот од Голгота. Тој бил притиснат од силите на темнината. Тој немал ниту еден зрак на светлина да ја осветли иднината. И Тој се борел со сатанската сила, кој изјавувал дека го има Христос во своја власт, дека е надмоќен над силата од Божјиот Син, дека Бог се откажал од Својот Син, и дека Тој веќе не е под наклонетоста на Бога ништо повеќе од него самиот. Ако навистина бил сè уште под Божја заштита, зошто би морал да умре? Бог би го спасил Него од смрта.

# ГНЕВ

**Гневот го отвора срцето на сатаната. -** Оние кои во некоја претпоставена провокативна ситуација чувствуваат слобода да се препуштат на гневот или лутината, го отвораат срцето на сатаната. Горчината и омразата морат да се отргнат од душата ако сакаме да бидеме во склад со небото.

**Слуги на гревот. - „**Слуги сте му на кому му се покорувате“ (Римјаните 6:16. Ако се препуштиме на гневот, страста, алчноста, омразата, себичноста или некој друг грев, ние стануваме слуги на гревот. „Никој не може да им служи на два господара“ (Матеј 6:24). Ако служиме на гревот, не можеме да му служиме на Христа. Христијаните ќе чувствуваат поттик на грев, бидејќи телото се бори против Духот; но и Духот се бори против телото, одржувајќи постојана војна. Овде е потребна Христова помош. Човековата слабост се соединува со божествената сила и верата извикнува: „Фала му на Бога, кој ни дава победа преку нашиот Господ Исус Христос“ (1. Коринтјаните 15:57)!

**Гневот произлезен од истенчените морални начела. -** Вистина е дека постои гнев кој може да се оправда, дури и кај Христовите следбеници. Кога ќе видат дека Бог е обесчестен и Неговата служба омаловажена, кога ќе видат угнетување на недолжните, праведен гнев ја возбудува душата. Таквиот гнев, произлезен од истенчените морални начела, не е грев.

**Мојсеевиот гнев. -** Кршењето на камените плочи било само репрезентација на фактот дека Израел го прекршил заветот кој неодамна го направил со Бога. Праведната огорченост против гревот, која потекнува од ревноста за Божјата слава, а не оној гнев кој е поттикнат со самозаљубеноста или ранетата амбиција, е она на кое се однесува стихот од Светото Писмо: „Гневете се но не грешете.“ Таков бил гневот на Мојсеј.

**Христовиот свет гнев. -** Христовата огорченост била упатена на лицемерствата, тешките гревови, кои на луѓето им ги разоруваат душите, измамувајќи го народот и обесчестувајќи го Бога. Во длабокото измамно расудување на свештениците и поглаварите, Тој го препознал делувањето на сатанските орудија. Неговото осудување на гревот било остро и поттикнувало на преиспитување, но Тој не изрекол зборови на одмазда. Тој бил исполнет со свет гнев кон кнезот на темнината, но не покажал никакво раздразливо расположение. Така и христијанинот кој живее во склад со Бога и се одликува со драгоцените особини на љубовта и милоста, ќе чувствува праведен гнев кон гревот; но нема да биде поттикнат со страст

да ги навредува оние што го навредуваат него. Тој во Христа ќе го сочува мирот и власта на себе, дури и тогаш кога ќе се сретне со оние што, поттикнати од силите одоздола, ја бранат невистината.

**Некои луѓе негуваат гнев. -** Многумина гледаат кон работите на нивната мрачна страна; тие ги зголемуваат своите замислени жалости, негуваат гнев и се исполнети со чувства на одмаздољубивост и омраза, додека во реалноста немаат вистинска причина за овие чувства... Противете им се на овие погрешни чувства, и ќе доживеете голема промена во дружењето со своите ближни.

**Нетрпението предизвикува катастрофална жетва. -** Каква штета се прави во семејниот круг со изговарање на нетрпеливи зборови, бидејќи изразеното нетрпение од една страна ја наведува другата да одговори во ист дух и на ист начин. Тогаш доаѓаат зборовите на одмазда, зборовите на самооправдување, и со таквите зборови правите тежок, горчлив јарем за својот врат, бидејќи сите тие горчливи зборови ќе се вратат во катастрофална жетва за вашата душа.

Тешките зборови паѓаат преку увото на срцето, будејќи ги во животот најлошите страсти, искушувајќи ги мажите и жените да ги кршат Божјите заповеди... Зборовите се како семе кое се сее.

Меѓу членовите на многу семејства се практикува навика на искажување на немарни, безгрижни работи; и таа навика на мачење (дразнење), зборување на остри зборови, станува сѐ појака и појака како што и се попушта, и така се изговараат многу непријатни зборови кои се според сатанскиот ред, а не според Божјиот... Огнени страствени зборови никогаш не треба да се зборуваат, бидејќи во очите на Бога и светите ангели тие се како една врста на заколнување.

**Првата година на детскиот живот. -** Ако себичноста, гневот и самоволието заземаат замав во првите три години од детскиот живот, ќе биде тешко тоа да се подреди на целосна дисциплина. Неговата диспозиција станува раздразлива; тоа ужива во сопствениот пат и родителската контрола е непожелна. Овие лоши тенденции растат со неговото растење, сѐ до поголемата возраст кога надмоќната себичност и недостаток на самоконтрола не го поставаат него на милст и немилост на злите сили кои беснеат во нашата земја.

**Никогаш не дисциплинирајте во гнев. -** Бог е полн со нежни обѕири кон децата. Тој сака секојдневно да победуваат. Да се потрудиме да им помогнеме на децата да бидат победници. Не дозволувајте до нив да дојде соблазна од членовите на нивното семејство. Не дозволувајте вашите зборови и дела да бидат од таква природа што ќе предизвикаат гнев кај децата. Сепак тие мора верно да се дисциплинираат и да се поправат кога грешат, но никогаш во гнев.

Родителите се оддаваат на раздразливоста пред децата и тогаш им е чудно зошто е така тешко да ги контролираат. Но што можеле да очекуваат? Децата сакаат да имитираат, и децата ги спроведуваат во дело поуките на кои ги научиле родителите во нивните изливи на гнев...

Можеби ќе морате да го казните своето дете со стап. Тоа некогаш е неопходно. Но никогаш, никогаш не удирајте го во гнев. Да го поправите на тој начин значи да направите две грешки во обид да се исправи една. Одложете ја казната додека не позборувате со себе и со Бога. Запрашајте се: „Дали ја подредив својата волја на Божјата волја? Дали сум на местото каде Тој може да ме контролира? Побарајте од Бога прошка што на детето му пренесовте диспозиции кои тешко се контролираат. Барајте Тој да ви даде мудрост да можете со своето заталкано дете да постапувате на начин со кој ќе го привлечете поблизу до вас и до неговиот Небесен Татко.

**Неконтролираните емоции го загрозуваат животот. -** Оддавањето на неконтролирани чуства го загрозува животот. Многумина умираат под изливи на бес и страсти. Многумина се воспитуваат да имаат напади на гнев. Тие тоа можат да го спречат ако сакаат, но потребна е силна волја да се совлада погрешниот курс на дејствување. Сето тоа мора да биде дел на воспитувањето кое се прима во училиштето, бидејќи ние сме Божја сопственост. Светиот храм на телото мора да се чува чист и незагаден, за да може Божјиот Свет Дух да пребива во него.

**Резултати на секој излив на гнев. -** Една група пораснала без самоконтрола; тие го зауздувале својот темперамент и јазик, и некои од нив тврдат дека се Христови следбеници, а не се. Исус не им оставил таков пример... Тие се неразумни и не е лесно да се осведочат или убедат. Тие не се психички здрави; Сатаната повремено има целосна контрола. Секое вакво искажување на гнев го слабее нервниот систем и моралните сили и го отежнува зауздувањето на гневот на провокација на другите.

**Затруеност со гревот. -** Како само сатаната ликува кога му се овозможува да ја доведе душата до усвитен гнев! Брз поглед, гест, интонација можат да се одземат и да се искористат како сатански стрели да го ранат и отрујат срцето кое е отворено да ги прими.

Ако некој еднаш му даде место на гневниот дух, тој е исто толку затруен како човек кој става чаша алкохол на своите усни.

Христос го третира гневот како убиство... Страствените зборови се мирис на смртта за смрт. Оној којшто ги изговара не соработува со Бога за спасување на своите ближни. На небото овие зли грдења се ставаат на ист список како вообичајните клетви. Додека во душата се негува омразата во неа нема ниту една јота на Божјата љубов.

**Лесно раздразливиот човек е ретко задоволен. -** Никој друг не може да го намали нашето влијание колку што можеме ние самите низ попушт-

ање на неконтролираниот темперамент. Природно лесно раздразливиот човек не ја познава вистинската среќа и ретко е задоволен. Тој секогаш се надева дека ќе дојде во подобра положба или така да го промени своето опкружување за да има мир и умствен одмор. Неговиот живот како да е преоптоварен со тешки крстови и неволји, додека, кога би го контролирал својот темпрамент и зауздал својот јазик, многу од овие неприлики би биле избегнати. „Благиот одговор“ е она што „го одвратува гневот.“ Одмаздата никогаш не го победува непријателот. Добро прилагодениот темперамент врши позитивно влијание насекаде наоколу; но „оној кој нема власт над својот дух, е како разурнат град, без ѕидови.“

**Секогаш е полесно да се биде несопирлив пред гонење. -** Лошо, далеку полошо е да се препуштиш на чувствата во голем собир пукајќи на било кого и секого, отколку да се отидеш кај поединци кои можеби погрешно постапиле и лично да ги укориш. Нападноста на овие остри, тешки, пресилни обвинувачки говори на големите собири е од толку многу потежок карактер во Божјите очи отколку личното индивидуално укорување колку што е поголем бројот и осудата поопшта. Секогаш е полесно да се даде израз на тие чувства пред собирот, затоа што се присутни многу, отколку да се отиде кај престапникот и лице во лице со него, отворено, искрено и јасно да се констатира неговиот погрешен правец.

Но внесувањето на силни чувства во Божјиот дом против поединци и правењето и сите недолжни да страдаат како виновникот е начин на работа кој Бог не го одобрува и кој прави поголема штета отколку корист. Премногу чест беше случајот на излагање на критички и обвинувачки говори пред заедницата. Тоа не го потикнува духот на љубов кај браќата. Тие не тежнеат да ги направат духовни и да ги водат кон светост и небо, туку пробудуваат дух на огорченост во срцата. Овие многу силни проповеди кои го сосечуваат човекот на парчиња понекогаш се позитивно потребни, да подигнат, алармираат и да сведочат. Но ако не носат посебни обележја по упатите на Божјиот дух тие прават многу поголема штета отколку добрина.

**Одмаздата носи само зло. -** За нас би било многу подобро да ги поднесуваме лажните обвинувања отколку да го навлекуваме на себе бремето на одмаздољубивост кон нашите непријатели. Духот на омраза и одмазда потекнува од сатаната и може да донесе само зло на оној кој ја негува. Понизноста на срцето, онаа кроткост која е плод на пребивањето во Христа е вистинска тајна на благословот. „Тој ќе ги украси кроткитe со спасение“ (Псалм 149:4).

**Кога сте вознемирени, одбијте да зборувате. -** Оние кои лесно се раздразнуваат нека одбијат да се одмаздуваат кога им се изговараат зборови кои дразнат. Некои го бараат Господа во молитви, молејќи го да им покаже како да работат за душите кои гинат во грев. Оној кој е зафатен

со оваа работа ќе биде така целосно исполнет со Божјиот Дух, што неговите постапки, неговиот глас, неговиот цел живот ќе биде откривение на Христос. Пробајте го тоа, браќа, пробајте. Распнете се себе си, наместо да настојувате да ги распнете браќата. „Ако некој сака да оди по Мене," рекол Христос, „нека се одрекне од себе, нека го земе својот крст и нека оди по Мене" (Матеј 16:24).

**Гнев дочекан со молчење. -** Постои прекрасна моќ во молчењето. Кога ви се упатуваат зборови на нетрпеливост, не возвраќајте во иста мера. Зборовите искажани на оној кој е гневен обично делуваат како камшик, камшикувајќи го карактерот на уште поголем гнев. Но гневот дочекан со молчење набрзо изумира. Нека христијаните го зауздуваат својот јазик, цврсто решени да не изговараат, груби, нетрпеливи зборови. Со зауздан јазик можат да бидат победници во секоја проба на трпеливоста низ која се повикани да пројдат.

**Негувајте дух на помирливост. -** Што се однесува до вашите сегашни односи со црквата би ви советувала да направете сѐ што можете од своја страна да дојдете во хармонија со своите браќа. Негувајте помирлив, љубезен дух и нека чувствата на омраза не влегуваат во вашите умови и срца. Имаме само малку време на овој свет, и да работиме за сегашноста и за вечноста. Бидете внимателни уште повеќе да го зацврстите својот повик и избор. Гледајте да не правите грешка во поглед на својата сопственост на дом во Христовото царство. Ако вашето име е запишано во книгата на животот на Јагнето, тогаш со вас ќе биде сѐ во ред. Бидете подготвени и желни да ги признаете своите грешки и да ги оставите, за да можат вашите погрешки и гревови да излезат претходно на суд и да бидат избришани.

**Неконтролираниот темперамент може да се победи. -** Христовите учења спроведени во животот ќе ги воздигнат луѓето, колку и да падналe на Божјата скала на моралните вредности. Оние кои се борат да ги потчинат своите природни карактерни мани не можат да бидат крунисани доколку не се борат прописно; но тие кои се често затекнати во молитва, барајќи мудрост која доаѓа одозгора, ќе се соединат со боженственото. Грубите манири, неконтролираниот темперамент ќе ги доведат во покорност на божествениот закон.

**Да се одбијат гневните чувства. -** Постои само еден лек - позитивна самоконтрола под сите околности. Обидот да се дојде на погодно место, каде своето јас нема да биде вознемирувано, може да успее за некое време; но сатаната знае каде ќе ги најде овие јадни души и ќе ги нападне одново и одново на нивните слаби точки. Тие постојано ќе бидат во неприлики сѐ додека толку размислуваат за себе... Но постои надеж за нив. Нека овој живот толку бурен со судири и грижи, го доведат во поврзаносст

со Христос, и тогаш своето јас нема да вика за надмоќ... Тие треба да се понижат, зборувајќи искрено: „Погрешив. Ќе сакате ли да ми простите? Бидејќи Бог рекол дека несмееме да дозволиме сонцето да зајде во нашиот грев.“ Ова е единствена патека до победа. Многу... го негуваат својот гнев и се исполнети со чувства на реваншизам и омраза... Одбијте ги овие погрешни чувства и ќе почувствувате голема промена во дружењето со своите ближни.

# ОМРАЗА И ОДМАЗДА

**Мислата го прекрива делото. -** Духот на омраза и одмазда води потекло од сатаната, и го навело да го предаде на смрт Божјиот Син. Секој кој негува злоба и нељубезност го негува тој ист дух, а неговиот род ќе биде на смрт. Во одмаздољубивите мисли лежи прикриено зло дело, како билка во семето. „Секој кој го мрази братот свој е убиец; а знаете дека ниеден убиец нема вечен живот во себе“ (1. Јованово 3:15).

**Духот на омразата понижува. -** Ми беше покажано дека сатаната каков некогаш бил среќен, возвишен ангел. Потоа ми беше покажано каков е сега. Тој сè уште носи возвишен облик. Неговите црти се сè уште благородни, бидејќи тој е паднат ангел. Но изразот на неговото лице е полн со немир, загриженост, несреќа, злоба, омраза, пакост, измама и секакво зло... Видов дека многу долго се насочувал себе си кон злото така што секоја добра особина станала унижена и секоја зла особина развиена.

**Историја на светот, судир помеѓу омразата и љубовта. -** Непријателството на сатаната против Христа се манифестирало против Неговите следбеници. Истата омраза кон начелата на Божјите закони, истата политика на измама по која заблудата се прикажува како вистина, со која човечките закони се заменети за Божјиот закон и луѓето наведени да го обожаваат созданието наместо Создателот, можат да се следат низ целата мината историја. Напорите на сатаната погрешно да го претстави Божјиот карактер, да ги наведе луѓето да негуваат погрешно сфаќање за Создателот и на тој начин да гледаат на Него со страв и омраза наместо со љубов; неговиот обид да го отстрани божествениот закон, наведувајќи ги луѓето да мислат како тие се слободни од неговите барања, и негово прогонство на оние кои се осмелуваат да се противат на неговите измами, постојано се спроведувани во сите векови. Можат да се следат во историјата на патријарсите, пророците и апостолите, мачениците и реформаторите.

**Престапот го доведува човекот во хармонија со сатаната. -** Кога човекот го прекршил божествениот закон, неговата природа станала зла, и бил во хармонија, а не во несогласување со сатаната.

**Омразата ќе постои се додека постои гревот. -** Омразата кон чистите начела на вистината и прекорувањето и прогонството на нејзините застапници, ќе постои се додека постои грев и грешници. Христовите следбеници и слугите на сатаната не можат да се усогласат.

**Прекорот поттикнува омраза. -** Истиот дух кој ја поттикнал побуната на небото сѐ уште инспирира побуна на земјата... Прекорувањето на гревот сѐ уште потикнува дух на омразата и одбојност. Кога Божјите пораки на предупредување допираат до совеста, сатаната ги наведува луѓето да се оправдуваат себеси и да бараат наклонетост од други на својот пат во грев. Наместо поправка на своите заблуди, тие предизвикуваат огорченост против укорувачот, како тој да е единствената причина за тешкотиите. Од времето на праведниот Авел до денешното време, таков е духот кој се покажува кон оние кои се осмелуваат да го осудат гревот.

**Зависта предизвикува омраза. -** Иако Саул секогаш бил подготвен на можност да го уништи Давид, се плашел од него, бидејќи било очевидно дека Господ бил со него. Давидовиот неизвалкан карактер го поттикнал царевиот гнев; тој чувствувал дека и самиот живот и Давидовото присуство фрла прекор на Него, бидејќи споредбата на неговиот карактер со Давидовиот одела на негова штета. Зависта е таа која го направила Саул беден и го довела понизниот субјект на неговиот престол (царство) во опасност.

Каква неискажана штета оваа зла црта на карактерот предизвикала на нашиот свет! Исто непријателство кое постоело во Сауловото срце го распламило Каиновото срце против неговиот брат Авел, затоа што Авеловите дела биле праведни, и Бог ги ценел, а неговите дела биле зли и Господ не можел да ги благослови. Зависта е плод на гордоста, и ако се внесе во срцето, ќе доведе до омраза и на крај до одмазда и убиство. Сатаната го покажал сопствениот карактер во поттикнувањето на Сауловиот бес против оној кој никогаш не му нанел зло.

**Грешни емоции. -** Божјиот закон ги бележи љубомората, зависта, омразата, злобата, одмаздољубивоста, страста и амбицијата кои се брануваат во душата, но кои не нашле изрази во надворешна акција, заради немање можност, а не волја. Овие грешни емоции ќе се внесат во пресметката на денот кога „Бог ќе го изнесе секое дело на суд и секоја тајна, било добра или зла.

**Убиството прво постои во срцето. -** Исус поединечно ги зема заповедите и ја објаснува длабочината и ширината на нивните барања. Наместо да отфрли и една цртичка (јота) на нивната сила, тој покажува колку далекусежни се нивните начела и ја открива фаталната заблуда на Евреите во нивното надворешно покажување на послушност. Тој изјавува дека со зла мисла или со страствен поглед се крши Божјиот закон. Личноста која зема дел во најмала неправедност го крши во законот и ја деградира својата морална природа. Убиството прво постои во умот. Тој кој ѝ дава место на омразата во срцето, ги става нозете на патеката на убиец и неговите приноси не му се мили на Бога.

**Кршење на шестата заповед. -** Сите неправедни дела кои одат кон скратување на животот - духот на омраза и одмазда, или попуштање на некоја страст која наведува на неправедни дела кон другите или нѐ поттикнува да им посакаме зло (бидејќи, „кој го мрази својот брат е убиец“)... се во поголема или помала мера, кршење на шестата заповед.

**Сатаната со сопствена енергија ја вдахнува омразата. -** Кога на сатаната ќе му се дозволи да ја обликува волјата, тој ја користи за да ги исполни своите цели. Тој поттикнува теории на неверие и го распалува човечкото срце да војува против Божјата Реч. Со постојани, истрајни напори, тој настојува да ги вдахне луѓето со сопствена енергија на омраза и спротиставување на Бога и да ги стави во опозиција кон установите и барањата на небото и дејствувањето на Светиот Дух. Тој ги става под свое знаме сите оружја на злото и ги доведува на бојното поле под своја команда да се спротистави злото против доброто.

**Светот го мразел Христа затоа што беше поинаков. -** Разликата помеѓу Христовиот карактер и карактерот на другите луѓе во Неговото време била секаде очевидна и поради тие разлики светот го мразел. Го мразеле поради Неговата добрина и стриктна чесност. И Христос објавувал дека и оние кои ги покажуваат истите особини ќе бидат исто така мразени. Како што се ближиме кон крајот на времето, оваа омраза кон Христовите следбеници се повеќе ќе се покажува.

Христос ја земал човечката природа и ја поднесе омразата на светот за да им покаже на мажите и жените дека можат да живеат без грев, дека нивните зборови, нивните дела, нивниот дух можат да се посветат на Бога. Ние би можеле да бидеме совршени христијани кога би ја манифестирале оваа сила во својот живот. Кога на нас постојано ќе почива небесната светлина, ќе го претставуваме Христос. Праведноста која се открила во Неговиот живот била таа што го правела поинаков од светот и ја предизвикувала неговата омраза.

**Омразата потекнува од желбата за одмазда. -** Сатаната го оспорува секое барање кое го изнесува Божјиот Син и користејќи ги луѓето како свои орудија го исполнувал животот на Спасителот со страдање и жал. Измамливите заклучоци и лаги со кои настојувал да го попречи Исусовото дело, омразата изразена преку децата на непокорноста, неговите сурови обвинувања против Оној чиј живот бил живот на беспримерна добрина, сето тоа потекнувало од длабоко вкоренатата одмазда. Прикриениот пламен на завист и злоба, омраза и одмазда, се распалила на Голгота против Божјиот Син, додека целото небо во нема вчудоневиденост ја набљудувало оваа сцена.

**Омраза кон родителите (зборови упатени на една млада жена). -** Посебна работа која треба да ја извршиш е со понизност да го признаеш

својот курс на непочитување на твоите родители. Нема причина за неприродна манифестација кон нив. Тоа е чисто сатански дух, и ти си му попуштила затоа што твојата мајка не го одобрувала тој курс. Твоите чувства преминуваат не само во позитивно несогласување, одлучно непочитување, туку и во омраза, злоба, завист, љубомора, кои се манифестираат во твоите дела нанесувајќи им на родителите страдање и немаштија. Ти не сакаш да ги усреќиш или да направиш да се чувствуваат удобно. Твоите чуства се променливи. Понекогаш срцето ќе ти омекне, потоа цврсто се затвора кога ќе забележиш некоја грешка во нив, и ангелите не можат да втиснат ниедно чуство на љубов.

Еден лош демон те контролира, и ти си полна со омраза. Бог ги забележал твоите зборови на непочитување, твоите дела на нељубезност кон родителите, за кои Тој ти заповедал да ги почитуваш и ако пропуштиш да го согледаш овој голем грев и да се покаеш, ќе стануваш сѐ помрачна додека не бидеш препуштена на своите зли патишта.

**Сатаната ужива во контролирањето на детските умови. -** Колку е жално да се гледаат децата на богобојазливите родители распуштени и непокорни, неблагодарни, самоволни, целосно решени да го следат сопствениот пат, немарни кон неприликите или тагата која ја донесуваат на своите родители. Сатаната ужива во владеењето со срцата на децата, и ако му се дозволи ќе им всади во нивната душа омраза.

**Духот на омразата реагира. -** Никој не може да го мрази својот брат, или дури и непријателот, а да не дојде под осуда.

**Одмаздата не донесува сатисфакција. -** Запомнете дека одмаздољубивиот говор никогаш кај човекот не создава чувство дека добил победа. Христос нека зборува низ вас. Немојте да го загубите благословот кој доаѓа од неразмислување за злото.

**Таа ја замаглува моќта на забележување.** Гордоста, самобендисаноста, себичноста, омразата, зависта и љубомората ги помрачиле можностите за забележување и вистината која би ве направила мудри за спасение, ја изгубила својата моќ да го привлече и контролира умот.

**Маслото на љубовта ја отргнува горчината. -** Не дозволувајте на лутината да созрее во злоба. Не дозволувајте ѝ на таа рана да загнои и провали во отровни зборови кои ги трујат умовите на оние што слушаат. Не дозволувајте им на горчливите мисли и понатаму да го исполнуваат вашиот ум... Одете кај својот брат и во понизност и едноставност разговарајте за спорното прашање...

Целото небо се интересира за дијалогот помеѓу оној кој е повреден и оној кој е во заблуда... Маслото на љубовта ја отргнува горчината која ја

предизвикала неправдата. Божјиот Дух ги поврзува срцата и на небото постои музика заради постигнатото единство.

**Срце кое возвраќа љубов за омраза. -** Ни земната положба, ни раѓањето, ни националноста, ни верското предимство, не е тоа што докажува дека сме членови на Божјото семејство; тоа е љубовта, љубовта која го опфаќа целото човештво. Дури и грешниците чии срца не се целосно затворени, на Божјиот Дух ќе одговараат на љубезност; додека можат да возвратат омраза за омраза, тие исто така ќе дадат љубов за љубов. Но само Божјиот Дух е Тој кој дава љубов за омраза. Да се биде љубезен кон неблагодарните и злите, да се прави добро не надевајќи се на ништо за возврат, е обележје за еден човек дека е член на небесното царско семејство, сигурен знак по кои децата на Највозвишениот ја откриваат својата возвишена положба.

# ВЕРА

**Дефиниција за вера. -** Верата, спасоносната вера треба да се поучува. Дефиницијата за оваа вера во Исуса Христа може да се опише во неколку зборови: тоа е чин на душата со која целиот човек се предава под надзор и контрола на Исус Христос. Тој пребива во Христос, и Христос пребива во душата преку вера како врховен. Верникот ги предава својата душа и тело на Бога и со сигурност може да каже: Христос е во состојба да го сочува тоа што му го доверив тој ден. Сите кои сакаат да го прават ова ќе бидат спасени за вечен живот. Ќе постои сигурност дека душата е исчистена во Христовата крв и облечена во Неговата праведност и драгоцена во Христовите очи. Нашите мисли и надежи се во второто доаѓање на нашиот Господ. Тоа е ден кога Судијата на целата земја ќе ја награди довербата на Својот народ.

**Други дефиниции. -** Преку вера ние примаме Божја благодат, но верата не е наш Спасител. Таа ништо не заработува. Тоа е раката со која се потпираме на Христа и ги присвојуваме Неговите заслуги.

Верата е доверба во Бога - верување дека Тој нѐ сака и знае што е најдобро за наше добро. Така, наместо нашиот сопствен таа нѐ наведува да го одбереме Неговиот пат. Наместо нашето незнаење, таа ја прифаќа Неговата мудрост; наместо нашите слабости, Неговата сила; наместо нашата грешност, Неговата праведност. Нашите животи, ние самите, се веќе Негови; верата ја признава Неговата сопственост и го прифаќа благословот од тоа. Вистината, праведноста, чистотата се истакнати како тајни на животниот успех. Верата е таа која нѐ прави сопственици на овие принципи.

**Едноставна во дејствувањето. -** Верата е едноставна во своето дејствување и моќна по резултатите. На многумина кои исповедаат дека се христијани, кои имаат знаење од Светата Реч и веруваат во Нејзината вистина, им недостасува детска доверба која е неопходна во Исусовата религија. Тие не посегнуваат со тој својствен допир кој донесува благодет на исцелување на душата.

**Понизноста не е вера. -** Понизноста, кротоста и покорноста не се вера; но се последици или плод на верата.

**Верата дава самодоверба. -** Овиеработи (извештај за Павловата доверба во Бога) не се напишани само да ги читаме и да им се восхитуваме; туку за истата вера која работела во Божјите слуги од дамнина и која можела да дејствува и во нас. На ништо помалку впечатлив начин од оној

што дејствувал тогаш, Тој ќе работи и сега, секаде каде што постојат верни срца кои ќе бидат канали на Неговата сила.

Нека оние кои немаат доверба во себе, чиј недостаток на самодоверба ги наведува да одбегнуваат грижи и одговорности, бидат поучени да се потпираат на Бога. Така мнозина од оние кои инаку би биле само бројка во светот, можеби само беспомошно бреме, ќе бидат во состојба да кажат заедно со апостолот Павле: „Сè можам преку Христа кој ми дава сила“ (Филипјаните 4:13).

**Верата е потребна на секој чекор. -** Верата е исто толку потребна во малите како и во големите работи во животот. Во сите ваши секојдневни интереси и работи поддржувачката Божја сила станува реалност за нас низ присуство на верата.

**Поучувајте вера. -** Треба јасно да се објасни како се практикува верата. За секое Божјо ветување постојат услови. Ако сакаме да ја исполнуваме Неговата волја, сета Негова сила е наша. Кој и да е дар што Тој го ветува, се наоѓа во самото ветување. „Семето е Зборот Божји“ (Лука 8:11). Како што е сигурно дека дабот е во желадот, така е сигурно и дека Божјиот дар е во неговото ветување. Ако го примиме ветувањето, го имаме и дарот.

**Верата има драгоцени поуки за децата. -** Верата овозможува скапоцени поуки за детето кое бргу се лути на повреда. Диспозицијата да му се спротивстави на злото или да се одмазди за неправдата често е предизвикана од длабокото чувство на праведност и активен, енергичен дух. Поучете го таквото дете дека Бог е вечен чувар на правдата. Тој нежно се грижи за созданијата кои толку многу ги љубел што го дал Својот Најмил Возљубен да ги спаси. Тој ќе се пресмета со секој злосторник.

**Умот треба да се воспитува да практикува вера. -** Верата работи низ љубовта и ја чисти душата од секоја себичност. Така душата се усовршува во љубовта. И наогајќи благодат и милост преку Христовата драгоцена крв, како можеме да не сме нежни и милостиви? „Преку благодатта сте спасени низ вера“ (Ефесјаните 5:8). Умот треба да се воспита да ја практикува верата, а не да негува сомнеж и љубомора. Ние сме и премногу склони да ги гледаме препреките како неможности.

Да се има вера во Божјите ветувања, да се оди напред во вера, да се истрае без разлика на условите, е поука која тешко се учи. Сепак позитивна неопходност е секое Божјо дете да ја научи оваа поука. Божјата благодат преку Христа треба секогаш да се негува; бидејќи таа ни е дадена како единствен начин да се доближиме до Бога. Верата во Божјите зборови, кои ги изговорил Христос обвиен во столбот од облаци, би ги оспособила децата Израелови да оставаат запис со сосема поинаков карактер. Нивниот недостаток на вера во Бога им дал многу променлива историја.

**Вера и вообразеност. -** Некои исповедаа дека имаат голема вера во Бога, посебни дарови, и посебни одговори на своите молитви, иако недостасуваше доказ за тоа. Тие ја заменија вообразеноста за верата. Молитвата со вера никогаш не е напразна; но да се полага право дека одговорот секогаш ќе дојде на одреден начин и за одредената работа која ја очекуваме претставува вообразеност.

**Вообразеноста е фалсификат на сатаната. -** Верата во никоја смисла не е соединета со вообразеноста. Само оној што има вистинска вера е заштитен од вообразеноста, бидејќи таа вообразеност е сатански фалсификат за верата. Верата полага право на Божјите ветувања и донесува плод во послушноста. Вообразеноста исто така полага право на тие ветувања, но ги користи како што ги користел сатаната за да го оправда престапот.

Верата требаше да ги наведе нашите прородители да имаат доверба во Божјата љубов и да ги слушаат Неговите заповеди. Вообразеноста ги навела да го прекршат Неговиот закон, верувајќи дека Неговата голема љубов ќе ги Спаси од последиците на нивниот грев. Не е верата таа што полага право на наклонетоста на небото без усогласување со условите под кои се дава милоста. Вистинската вера има свој темел во ветувањето и во сѐ она што ни го даваат Писмата.

**Негувајте вера. -** Оние кои зборуваат за верата и истата ја негуваат ќе имаат вера; но оние кои негуваат и изразуваат сомнежи, ќе имаат сомнежи.

Не мислете дека затоа што сте направиле грешки морате секогаш да бидете под осуда бидејќи тоа не е неопходно. Не дозволувајте вистината да ја изгуби вредноста во вашиот ум затоа што тие што ја искажуваат не живеат доследен живот. Негувајте ја верата во вистината на третата ангелска вест. Ако не негувате вера, нејзината важност постепено ќе го губи своето место во вашиот ум и срце. Ќе имате искуство како она на лудите девици, кои не обезбедиле масло за своите ламби, и нивната светлина изгаснала. Верата мора да се негува. Ако стане слаба, таа е како болна билка која треба да се стави на сончева светлина, внимателно да се полева и негува.

**Верата се воздигнува над темнината. -** Кога облаците ќе дојдат помеѓу вашата душа и Бога, кога сѐ околу вас е мрачно и одбојно, кога непријателот стои подготвен да ја одвои душата од лојалноста кон Бога и вистината, и кога заблудата изгледа како прифатлива и привлечна, тогаш е време за молитва и практикување (исполување) на вера во Бога... Со негување на вера, душата се оспособува да се воздигне над самата себе и да ја пробие пеколната сенка која непријателот ја фрла по патеката на секоја душа која се бори за бесмртна круна.

**Верата почива на докази. -** Господовиот збор, кој се искажува преку Неговите слуги, многумина го примаат со прашања и страв. Многумина ја одложуваат послушноста на предупредувањата и опомените чекајќи додека секоја сенка на неизвесност не се отстрани од нивните умови. Неверието кое бара совршено знаење никогаш нема да се потчини на доказот кој на Бога му е угодно да го даде. Бог бара од Својот народ вера која почива на докази, не на совршено знаење. Оние Христови следбеници кои ја прифаќаат светлината која Бог им ја праќа, мораат да го слушаат Божјиот глас кој им зборува додека постојат многу други гласови кои викаат против тоа. Потребна е проникливост за да се разликува Божјиот глас.

Ние мораме за себе да знаеме од што се состои христијанството, што е вистина, што е верата која ја примивме, што се библиските правила – правила кои ни се дадени од најголемиот авторитет. Постојат многумина кои веруваат, без причина на која ја темелат својата вера, без доволно докази за прашањата на вистината. Кога ќе се изложи некоја идеја која е во хармонија со нивните однапред создадени мислења, тие сите подготвено ја прифаќаат. Тие не резонираат од причина до последица. Нивната вера нема вистински темел, и во време на неволја тие ќе откријат дека ѕидале врз песок.

**Верата треба да се изразува. -** Кога би дале повеќе изрази на својата вера, кога повеќе би се радувале на благословите кои знаеме дека ги имаме - големата милост, трпеливост и Божја љубов - секојдневно би стекнувале поголема сила. Зар драгоцените зборови кои ги изговорил Христос, Божјиот Кнез, немаат уверување и сила кои треба да имаат големо влијание врз нас, дека нашиот Небесен Татко има повеќе волја да го даде Светиот Дух на оние кои го бараат од Него отколку родителите да им дадат добри дарови на своите деца?

**Верата не треба да се меша со чуствата. -** Многумина имаат нејасни претстави за тоа што претставува верата, и тие живеат под своите привилегии. Тие ги мешаат чувствата и верата, и постојано се растроени и збунети во умот; бидејќи сатаната ги користи сите можни предности на нивното незнаење и неискуство...

Ние мораме да го прифатиме Христос како свој личен Спасител, или ќе пропаднеме во настојувањето да бидеме победници. Нема да ни одговара да бидеме настрана од Него, да веруваме дека нашиот пријател или сосед можат да го имаат Него за личен Спасител но дека ние не можеме да ја искусиме Неговата љубов која простува. Ние мора да веруваме дека сме избрани од Бога, да биде спасени преку исполување на вера, преку Христовата благодат и делото на Светиот Дух; и ние треба да го фалиме и прославуваме Бога за тоа чудесно манифестирање на Неговата наклонетост која не сме ја заслужиле.

Божјата љубов е таа што ја привлекува душата кон Христа, да биде милозливо примена и претставена пред Таткото. Преку делото на Духот

тој божествен однос помеѓу Бога и грешникот се обновува. Таткото вели: „Јас ќе им бидам Бог, и тие ќе бидат Мој народ. Ќе покажам кон нив љубов која простува и ќе им ја подарам Мојата радост. Тие ќе ми бидат посебно богатство, бидејќи овој народ кој го обликував за Себе ќе ја покаже Мојата пофалба.“

**Верата и чувството се разликуваат. -** Чувството и верата се разликуваат едно од друго како исток од запад. Верата не зависи од чувствата. Ние треба секојдневно да се посветуваме на Бога и да веруваме дека Христос ја разбира и ја прифаќа таа жртва, а не да се испитуваме себе да видиме го имаме ли тој степен на чувства за кои мислиме дека треба да одговараат на нашата вера. Зар немаме сигурност дека нашиот Небесен Татко е повеќе волен да го даде Светиот Дух но оние кои бараат од Него во вера отколку родителите добри дарови на своите деца? Ние треба да одиме напред како на секоја молитва која ја праќаме кон Божјиот престол да сме слушнале одговор од Оној чии ветувања никогаш не изостануваат. Дури и да сме притиснати со тага, наша предност е да пееме на Бога во своето срце. Кога ова го правиме, маглата и облаците ќе се разотидат, и ние ќе прејдеме од сенката и мракот во јасната сончева светлина на Неговата присутност.

**Не е работа на нагонот. -** Многумина минуваат долги години низ мрак и сомнеж затоа што не се чувствуваат како што сакаат. Но чувството нема ништо со верата. Онаа вера која работи преку љубовта и ја чисти душата не е работа на нагонот. Таа се потпира на Божјите ветувања, цврсто верувајќи дека она што Тој го рекол, Тој е исто така во состојба да го изврши. Нашите души можат да се обучуваат да веруваат, да бидат поучени да се потпираат на Божјата Реч. Таа Реч објавува дека „праведникот ќе живее преку вера“ (Римјаните 1:17), не преку чувства.

**Не се потпирајте на чувствата. -** Да го отргнеме сето она што личи на недоверба или недостаток на вера во Исус. Да отпочнеме едноставен живот на детска доверба, не потпирајќи се на чувствата туку на верата. Не го обесчестувајте Исуса сомневајќи се во Неговите драгоцени ветувања. Тој сака да веруваме во Него со непоколеблива вера.

**Дејствувајте одлучно во верата. -** Гледајте на Исуса, упатувајќи тивки молитви во вера, потпирајќи се на Неговата сила, без разлика дали се манифестираат чувства или не. Одете право напред како да секоја молитва е дојдена до Божјиот престол и одговорена од Оној чии ветувања никогаш не изостануваат. Одете напред, пеејќи му на Бога во своите срца, дури и кога сте притиснати со чуство на тежина и тага. Ви кажувам како некој што знае, светлината ќе дојде, радоста ќе биде наша, а маглата и облаците ќе се разотидат. И ние ќе прејдеме од потиснувачката сила на сенката и темнината во јасната сончева светлина на Неговата присутност.

**Верата е доказ на христијанството. -** Кога ќе примиш помош и утеха, пеј песна на благодарност на Бога. Разговарај со Бога. Така ќе станеш Божји пријател. Ќе се потпираш на Него. Ќе стекнеш вера која ќе верува без разлика дали така се чувствуваш или не. Запомни дека чувството не е доказ дека си христијанин. Имплицинтната вера во Бога покажува дека си Негово дете. Имај доверба во Бога. Тој никогаш нема да те разочара. Тој вели: „Нема да ве оставам без утеха; ќе дојдам кај вас. Уште малку и светот веќе нема да Ме гледа, вие ќе Ме видите; бидејќи Јас живеам, и вие ќе живеете“ (Јован 14:18, 19). Ние не го гледаме Христос лично. Го гледаме со вера. Нека верата се фати за Неговите ветувања. Така Енох одел со Бога.

**Верата е реалност. -** Мојсеј не само што размислувал за Бога, тој го видел. Бог бил постојана визија пред него. Тој никогаш не го губел од поглед Неговото лице.

За Мојсеј верата не била нагодување; таа била реалност. Тој верувал дека Бог лично го води неговиот живот; и во сите детали Го признавал. За сила да ги поднесе сите искушенија, тој се надевал во Него.

**Вера во Христос, а не во облеката. -** Додека Тој поминувал, таа (немоќната жена) посегнала и одвај успеала да го допре работ на Неговата облека. Тој момент таа знаела дека е исцелена. Нејзината вера била насочена, не на облеката, туку на Оној што ја носел. Во тој еден допир била сконцентрирана верата на нејзиниот живот, и нејзината болка и немоќ за момент исчезнале. Веднаш почувствувала треперење како од електрична енергија која минува низ секое влакно од нејзиното тело. Тогаш ја преплавило чувство на совршено здравје. „Веднаш... почувствувала во своето тело дека оздравела од болеста“ (Марко 5:29).

**Верата не се врзува за предмети. -** Во облеката немало никаква исцелителска сила. Верата во Личноста која ја носела таа облека било тоа што ѝ го повратило здравјето.

**Верата прави разлика. -** Верата е медиум преку кој вистината или заблудата наоѓаат живеалиште во умот. Со истиот чин умот ја прифаќа вистината или заблудата, но прави одлучувачка разлика дали веруваме во Божјата Реч или кажувањето на луѓето. Кога Христос се открил на Павле и тој сфатил дека го прогонувал Исус во личностите на Неговите светии, ја прифатил вистината каква што е во Исуса. Преобразувачката сила се манифестирала на умот и карактерот, и тој станал нов човек во Христа Исуса. Тој така ја примал вистината толку целосно, така што ниту земјата, ниту пеколот не можеле да ја разнишаат неговата вера.

**Верата моќен исцелител. -** Верата е посилен освојувач од смртта. Ако болниот може да се наведе да го насочи својот поглед кон Моќниот

Исцелувач, ќе видиме прекрасни резултати. Тоа ќе донесе живот на телото и душата.

**Секојдневно практикување на верата. -** Наоѓам дека морам да се борам во добра борба на вера секој ден. Морам да ја практикувам сета своја вера и да не се потпирам на чувства; морам да дејствувам како да знам дека Господ ме слушнал, и ќе ми одговари и ќе ме благослови. Верата не е среќен налет на чувства; таа едноставно го држи Бога за Неговиот збор верувајќи дека Тој ќе ги исполни Своите ветувања затоа што рекол дека ќе ги исполни.

**Верата работи. -** Кога гледате кон Голгота, тоа не значи да ја смирите својата душа во неизвршувањето на должностите, ниту да се успиете, туку да создадете вера во Исус Христа, вера која ќе работи, чистејќи ја душата од нечистотијата на себичноста. Кога со вера ќе се потпреме на Христос, нашата работа само што е започната.

Секој човек има расипани и грешни навики кои мора да ги надвладее со одлучна борба. Од секоја душа се бара да води војна на верата. Ако некој е Христов следбеник, тој не може остро да постапува, тој не може да биде со тврдо срце, лишен од сочувство. Тој не може да биде груб во зборувањето. Тој не може да биде арогантен, ниту да употребува груби зборови, да критикува, и да осудува.

**Го обликува животот. -** Животот е обликуван од верата. Ако светлината и вистината се во нашиот домен, а ние занемаруваме да ја подобриме привилегијата на слушање и гледање на вистината, ние всушност ги отфрламе; ја одбираме темнината наместо светлината.

**Верата ветува успех. -** Ќе имаме успех ако одиме напред со вера, одлучни разумно да го извршиме Божјото дело. Не смееме да дозволиме да нè попречуваат луѓе кои сакаат да стојат на негативната страна, покажувајќи сосема малку вера. Божјото мисионерско дело треба да го извршуваат луѓе со голема вера, и треба цврсто да расне во сила и напредување.

**Верата ја чисти душата. -** Ние мора да имаме вера, чиста вера, која работи преку љубовта и ја чисти душата. Мораме да се учиме да му предаваме сè на Господа со едноставност и сериозна вера. Најголемата тежина која мораме да ја носиме во овој живот е своето јас. Доколку не научиме во Христовото училиште да бидеме кротки и понизни, ние ќе испуштиме драгоцени прилики и привилегии да се запознаеме со Исус. Своето јас е најтешката работа со која мораме да управуваме. Во одложувањето на бремињата, да не заборавиме да го положиме своето јас крај Исусовите стапала.

Ставете се себеси во Исусовите раце, Тој да ве обликува и дотерува, како би можеле да бидете направени во садови за чест. Вашите искуше-

нија, вашите идеи, вашите чувства, сето тоа мора да биде положено во подножјето на крстот. Тогаш душата е подготвена да ги слуша зборовите на божествените упатства. Исус ќе ви даде да пиете вода која тече од Божјата река. Под омекнувачкото и потчинувачко влијание на Светиот Дух вашето студенило и рамнодушност ќе ги снема. Христос во вас ќе биде извор на вода која тече во вечен живот.

**Таа ги отвора тајните на животниот успех. -** Вистинската вера, и вистинската молитва, колку се тие јаки! Тие се како две раце преку кои човечкиот молител се зафаќа за силата на Бесконечната љубов. Верата е доверба во Бога - верување дека Тој нè сака и знае што е за наше најголемо добро. Така, таа нè наведува наместо нашиот да го одбереме Неговиот пат. Наместо нашето незнаење, таа ја прифаќа Неговата мудрост; наместо нашите слабости Неговата сила, наместо нашата грешност, Неговата праведност. Нашите животи, ние самите, веќе сме Негови; верата ја признава Неговата сопственост, и го прифаќа благословот од тоа. Вистината, праведноста, чистотата, се истакнуваат како тајни на животниот успех. Со верата стануваме сопственици на тие атрибути. Секој добар поттик или тежнеење е дар од Бога; верата прима живот од Бога кој единствено може да произведе вистински раст и ефикасност.

# Отсек Дванаесет

# *Проблеми во прилагодувањето*

# ФОРМИРАЊЕ НА КАРАКТЕРОТ

**Секој чин делува на карактерот. -** Секој акт во животот, колку и да е неважен, има свое влијание во формирањето на карактерот. Добриот карактер е повреден од световните имоти и задачата за неговото обликување е најблагородна работа во која луѓето можат да се вклучат.

**Умот е градина, карактерот е плодот. -** Секоја способност во човекот е работник кој гради за сегашноста и вечноста. Ден за ден зданието напредува иако сопственикот не е свесен за тоа. Тоа е здание која мора да стои или како светилник на предупредување заради својот деформитет или како структура на која Бог и ангелите и се восхитуваат заради нејзината хармонија со Божествениот Модел.

Менталните и моралните сили кои ни ги дал Бог не го прават карактерот. Тоа се таленти кои треба да ги унапредиме и кои, ако правилно се унапредат, ќе оформат вистински карактер. Човекот може да има драгоцено семе во своите раце, но тоа семе не е овоштарник. Семето мора да се засади пред да стане дрво. Умот е градина, а карактерот е плодот. Бог ни ги дал нашите способности да ги негуваме и развиваме. Нашиот сопствен пат го одредува карактерот. Во увежбување на овие можности така да хармонизираат и формираат вреден карактер, ние имаме задача која никој друг освен ние самите не може да ја изврши.

**Благороден карактер се формира низ сурови борби со своето јас. -** Христос не ни даде уверување дека постигнувањето на совршен карактер е лесна работа. Благороден, сеопфатен карактер не се наследува. Тој не ни доаѓа случајно. Благородниот карактер се добива со индивидуални напори низ заслугите и благодатта Христова. Бог дава таленти, умствени сили, а ние го формираме карактерот. Тој се формира со тешка, сурова борба со своето јас. Мора да се води борба по борба против наследените склоности. Ние мораме сами себе строго да се испитуваме и да не дозволиме ниту една неповолна карактерна особина да остане непоправена.

**Размислувањето и дејствувањето се многу важни. -** Апстрактното размислување не е доволно; вредното работење не е доволно - двете се неопходни во формирањето на христијанскиот карактер.

**Развивање добри ментални навики**. - Ако сакаме да развиеме карактер кој Бог може да го прифати, мораме да формираме правилни навики во својот верски живот. Секојдневната молитва е неопходна за раст во благодатта, како и за самиот духовен живот, како што е земната храна

за физичка благосостојба. Ние треба да се навикнеме често да ги упатуваме своите мисли кон Бога во молитва. Ако умот талка, мораме да го вратиме назад; со истраен напор таа навика конечно ќе биде лесна. Ние не можеме ни за момент да се одвоиме од Христос со сигурност. Ние можеме да ја имаме Неговата присутност која ќе нè следи на секој чекор, но само ако се придружуваме на условите кои Тој самиот ги поставил.

**Сериозна цел и доследната чесност се многу важни. -** Целосноста е неопходна за успех во делото на изградување на карактерот. Мора да постои сериозна намера да се спроведе планот на Големиот Градител. Материјалот мора да биде цврст. Немарна и несериозна работа не може да се прифати, бидејќи тоа би го упропаситило зданието. Силите на целото битие мора да се стават во работа. Ова бара силна сила и енергија; не постојат резерви кои би се трошеле напразно на небитни работи... Мора да постои сериозен, внимателен, истраен напор за раскинување со обичаите, принципите и друштвата на овој свет. Неопходни се длабоко размислување, сериозна цел, доследна чесност.

**Да се насочи кон целта. -** Петар рекол: „Додајте кон својата вера добродетел, а кон добродетелта знаење, кон знаењето воздржување, кон воздржувањето трпение, кон трпението побожност, кон побожноста братољубивост, кон братољубивоста љубов“ (2. Петрово 1:5-7)...

Сите овие постепени чекори не треба да се имаат на ум и да се сметаат додека почнувате; туку гледајќи на Исуса, со очите фокусирани на Божјата слава, вие ќе постигнете напредок. Вие не можете да ја достигнете целосната мерка на висината на Христовиот раст за еден ден, и ќе паднете во очај, кога би можеле да ги видите сите тешкотии кои мора да се дочекаат и совладаат. Морате да се борите со сатаната, а тој ќе настојува со сите можни средства да го одвлече вашиот ум од Христа.

**Верност во мали работи (совет на едно момче). -** Твојот случај е донекаде сличен со Немановиот. Ти не мислиш дека за да усовршиш христијански карактер мораш да бидеш верен во мали работи. Иако работите кои си повикан да ги вршиш можат да бидат од мало значење во твоите очи, сепак тоа се должности кои мораш да ги извршуваш сè додека живееш. Занемарувањето на овие работи би направило голем пропуст во твојот карактер. Ти, драго мое дете, треба да се воспиташ себеси за верност во мали работи. Не можеш да му угодиш на Бога доколку не го правиш ова. Ти не можеш да се здобиеш со љубов и симпатија доколку не правиш така како што ќе ти се каже со желба и задоволство. Ако сакаш да те сакаат оние со кои живееш, мораш да покажеш љубов и почит кон нив.

**Карактерот мора да се проба. -** Сета разлика ја прави материјалот кој се користи во изградувањето на карактерот. Долго исчекуваниот Божји

ден наскоро ќе го проба секое човечко дело. „Оган ќе го испита делото на секој човек за да се покаже какво е тоа“ (1. Коринтјаните 3:13). Како што оганот ја открива разликата помеѓу златото, среброто и драгоцените камења, и дрвата, сеното и сламата, така судниот ден ќе ги испита карактерите, покажувајќи разлика помеѓу карактерите формирани според Христовиот лик и карактерите формирани по лик на себичното срце. Секоја себичност, секоја лажна вера тогаш ќе се покаже каква што е. Безвредниот материјал ќе го проголта оган; но златото на вистинската, едноставна, понизна вера никогаш нема да ја изгуби својата вредност. Тоа никогаш нема да изгори, бидејќи е непропадливо. Еден час на престап ќе се покаже како голема загуба, додека стравот Господов ќе се покаже како почеток на мудроста. Задоволството на самоугодување, попустливост кон себе ќе изгори како слама, додека златото на постојаниот принцип, сочуван по секоја цена, ќе трае засекогаш.

**Недисциплинираните карактери се неусогласени. -** Карактерите кои ги формираат околностите се променливи и неусогласени – маса на спротивности. Нивните сопственици немаат возвишена цел или намера во животот. Тие не вршат облагородувачко влијание врз карактерите на другите. Тие се бесцелни и бессилни.

**Никој не може да го расипе карактерот толку многу како ние самите. -** Можеме да очекуваме околу нас да кружат лажни извештаи; но ако го следиме вистинскиот курс, ако останеме рамнодушни на тие работи, другите исто така ќе бидат рамнодушни. Да ја препуштиме на Бога грижата околу нашата репутација... Клеветата може да се покаже дека е неточна преку нашиот начин на живеење; таа не се покажува дека е неточна преку зборови на гнев. Нека наша најголема грижа биде да постапуваме во Божји страв и да покажеме со своето однесување дека тие извештаи се лажни.

Никој не може да го расипе нашиот карактер колку ние самите. Слабите дрва и нестабилните куќи треба постојано да се потпираат. Кога ќе се покажеме загрижени да го заштитиме својот углед од надворешни напади, ние оставаме впечаток дека тој не е беспрекорен пред Бога, и дека треба постојано да го поткрепуваме (потпираме).

**Под контрола на волјата. -** Вие не можете да ги контролирате своите нагони, своите емоции како што можеби сакате, но можете да ја контролирате волјата и можете да направите целосна промена во својот живот. Предавајќи ја својата волја на Христа, вашиот живот ќе биде сокриен со Христа и Бога и во сојуз со силата која е над сите поглаварства и власти. Ќе имате сила од Бога која цврсто ќе ве држи во Неговата сила; и нова светлина, светлина на жива вера, ќе ви биде можна... Во вас ќе има сила, сериозност и едноставност која ќе ве направи исполирано орудие во Божјите раце.

**Дефектите можат да се надвладеат. -** Никој нека не зборува: Не можам да ги излечам своите карактерни дефекти. Ако дојдете до оваа одлука, сигурно нема да успеете да здобиете вечен живот. Неможноста лежи во вашата волја. Доколку не сакате, тогаш не можете да победите. Вистинската потешкотија потекнува од расипаноста на непосветеното срце и неволноста да се потчини на Божјата контрола.

За срцето кое е потчинето сѐ е променето. Преобразбата на карактерот е сведоштво на светот за Христовото пребивање во човекот. Божјиот Дух продуцира нов живот во душата, донесувајќи ги мислите и желбите во послушност на Христовата волја; и внатрешниот човек се обновува по Божјиот лик. Слабите и грешни мажи и жени му покажуваат на светот дека откупителната сила на благодатта може да причини карактерот со мани да се развие во симетричен и плодоносен.

**Нестабилниот карактер понекогаш е наследен.** – Меѓу децата и младината мора да се работи со сите видови карактери и нивните умови се спремни да прифатат. Многу деца кои ги посетуваат нашите школи немаат соодветно домашно воспитување. Некои биле препуштени да работат што им се допаѓа; на други им се наоѓале мани и биле обесхрабрувани. Покажано им е сосема малку љубезност и ведрина; упатувани им се малку зборови на одобрување. Тие ги наследиле дефективните карактери на нивните родители и домашната дисциплина не им била од помош во формирањето на правилен карактер.

**Дефектите се зајакнуваат со годините.** - Децата учат поуки кои не е лесно да се одучат. Секогаш кога ќе се подредат на невообичаени ограничувања или од нив се бара да се занимаваат со напорно проучување, тие се обраќаат на своите неразумни родители за сочувство и угодување. На тој начин се поттикнува духот на немир и незадоволство, училиштето како целина трпи од деморализирачкото влијание и бремето на учителот станува поголемо. Но најголема загуба трпат жртвите од погрешната управа од страна на родителите. Карактерните недостатоци кои со правилна обука би можеле да се исправат се оставаат да зајакнуваат низ годините да го расипат или можеби да ја уништат корисноста на нивните сопственици.

**Попустливоста го ремети карактерот. -** Во некои семејства желбите на децата се закон. Сѐ што ќе посака, му се дава. Сѐ што не му се допаѓа, се охрабрува да не му се допаѓа. Овие угодувања се прават под претпоставка дека детето ќе се усреќи, но всушност тоа го прави неспокојно, незадоволно и ништо не може да го направи среќно. Попустливоста го расипала неговиот апетит за едноставна и здрава храна, едноставно здраво поминување на времето; задоволувањето ја завршило задачата на пореметувањето на карактерот за сегашноста и за вечноста.

**Умот и срцето да се дисциплинираат. -** Децата на кои им се дозволува да одат по сопствениот пат не се среќни. Непотчинетото срце нема во себе елементи на спокој и задоволство. Умот и срцето мора да се дисциплинираат и да се подредат на соодветни ограничувања за да може карактерот да се усогласи со мудрите закони кои управуваат со нашето битие. Неспокојството и незадоволството се плодови на угодувањето и себичноста. Почвата на срцето, како онаа во градината, ќе произведе превел и растенија со боцки доколку на него не се посее семе на драгоцено цвеќе, кое ќе прими грижа и нега. Како што е во видливата природа, така е и со човечката душа.

**Оформените навики во младоста го одбележуваат животниот правец. -** Мислите и чувствата кои се негуваат во раните години на секоја млада личност ја одредуваат историјата на сопствениот живот. Исправните, доблесни, мажествени навики формирани во младоста ќе станат дел од карактерот и по правило ќе го одбележат животниот правец на индивидуалецот низ целиот негов живот. Младите можат да станат зли или доблесни, како што тие ќе одберат. Тие може да се одликуваат како со вистински и благородни дела така и со големо зло и расипаност.

**Секојдневно искуство. -** Разумот непрекинато го прима својот облик од приликите и привилегиите, напредувајќи во зло или добро. Ден за ден ние обликуваме карактери кои ќе ги стават учениците како добро дисциплинирани војници под знамето на Кнез Емануел, или бунтовниците под знамето на темнината. Чии ќе бидат?

**Како се обликува карактерот. -** Многу деликатна е задачата да се занимава со човечки умови. Дисциплината која за еден е неопходна за друг би била убиствена, затоа родителите нека ги проучуваат карактерите на своите деца. Никогаш немојте да бидете брзи и да дејствувате импулсивно.

Видов една мајка која му отргна од рацете на своето дете нешто што му претставуваше задоволство, а тоа не сфати зошто е тоа одземање. Малиот се расплака, бидејќи се чуствуваше повредено и оштетено. Тогаш родителот, за да го сопре плачењето, остро го казни, и што се однесува до надворешноста, битката беше завршена. Но тоа остави впечаток на нежниот детски ум кој не може лесно да се избрише. И реков на таа жена: „Длабоко го повредивте своето дете. Ја ранивте неговата душа и ја изгубивте неговата доверба во вас. Незнам како ова ќе се надомести.“

Оваа мајка беше многу немудра, ги следеше своите чувства и не постапи внимателно, резонирајќи од причина кон последица. Нејзиното грубо, неправедно управување ги распали најлошите стасти во детското срце. Импулсивните постапки во управувањето со семејството е најлоша политика. Кога родителите се натпреваруваат со своите деца на таков начин, тоа е најнерамноправната борба која постои. Колку е неправдно да се

спротиставуваат годините и полната сила со беспомошното, неуко мало дете! Секое покажување на гнев од страна на родителите ќе ја зацврсти побуната во детското срце.

Низ едно дело карактерот не се формира, но преку повторување на постапки се воспоставуваат навики и карактерот се потврдува. За да имате христолик карактер, неопходно е да се постапува на христолик начин. Христијаните ќе покажуваат свет темперамент и со нивните дела и импулси ќе бидат покренати од Светиот Дух.

**Важност на истрајноста. -** Во усовршувањето на христијанскиот карактер важно е да се истрае во чинењето на она што е право. Би сакала на нашите млади да им ја воочам важноста на истрајноста и енергијата на задачата на изградување на карактерот. Од најрани години, неопходно е да се вткае во карактерот принцип на доследна чесност, за да можат многу млади да достигнат до најголемиот стандард на машкост или женственост. Тие секогаш треба да ги имаат пред очи фактите дека се скапо купени и дека треба да го слават Бога во своите тела и дух, кои се Негови.

**Корисноста зависи од личната одлука. -** Додека родителите се одговорни за белегот на карактерот, како и за воспитувањето и обликот на своите синови и ќерки, останува вистината дека статусот и користа во светот во голема мера зависат од нашиот сопствен правец на дејствување. Даниел и неговите другари уживале во благодетите на правилното обучување и воспитување во раните години, но оваа приемчивост сама по себе не би ги направило тоа што биле. Дошло време кога морале да дејствуваат за себе, кога иднината зависела од нивниот сопствен правец. Тогаш одлучиле да бидат верни на поуките кои им биле дадени во детството. Божјиот страв, кој е почеток на мудроста, бил темел на нивната големина. Неговиот дух ја засилил секоја правилна намера, секоја благородна одлука.

**Како да бидеме победници. -** Ние мораме да се соочиме со сите препреки кои ни стојат на патот и една по една да ги пребродиме. Ако ја надвладееме првата потешкотија, ќе бидеме посилни да ја дочекаме следната, во секој напор ќе стануваме поспособни за постигнување напредок. Гледајќи на Исус, ние можеме да бидеме победници. Задржувајки го погледот на тешкотиите и бегајќи од одлучните борби за правда, ние стануваме слаби и маловерни.

**Секојдневно да даваме сè од себе. -** Одејќи чекор по чекор, најголемата нагорнина може да се совлада и на крајот да се достигне самиот врв. Не дозволувајте да бидете совладани од многуте работи кои во животот морате да ги направите, бидејќи од вас не се бара да го постигнете сето тоа одеднаш. Нека сета сила на вашето битие се вклучи во работата за тој ден, искористете ја секоја драгоцена можност, ценејќи ја помошта

која ви ја дава Бог, и напредувајќи на скалата на прогресот чекор по чекор. Запомнете дека живеете само еден ден едновремено, дека Бог ви дал еден ден, а небесните записи ќе покажат како ги вреднувавте привилегиите и можностите на тој ден. Вие можете така да го искористите секој ден кој Бог ви го дал за на крајот да ги слушнете Господовите зборови: „Добро направено, добар и верен слуго“ (Матеј 25:21).

# СПРОТИСТАВУВАЊЕ И ПОИСТОВЕТУВАЊЕ

**Правилно дочекан судир развива постојаност. -** Преку судирот духовниот живот јакне. Добро поднесени неволји (проби) ќе развијат постојаност на карактерот и драгоцени духовни благодети. Совршениот плод на вера, кротост и љубов често најдобро созреваат низ олујни облаци и темнина.

**Водење војна. -** Битките во кои сме вклучени не се замислени. Ние водиме војна од која зависи вечниот резултат. Ние треба да се соочиме со невидливи непријатели. Лошите ангели се борат за доминација над секое човечко суштество.

**Христос не создава судири. -** Ние живееме во едно свечено време. Мора да се изврши едно важно дело за нашите души и за душите на другите, или ке се соочиме со бесконечна загуба. Ние мора да се преобразиме преку Божјата благодат, или ќе го испуштиме небото и преку нашето влијание и други со нас.

Дозволете да ве уверам дека борбата и конфликтите кои мораат да се издржат во извршувањето на должноста, самоодрекувањето и жртвите кои мораат да се поднесат ако сме верни на Христос, не ги создава Тој. Тие не се наметнати со арбитража или непотребна заповед: не потекнуваат од строгоста на животот кој Тој бара да го водиме во Негова служба. Неволјите би биле во поголема сила и број ако би ја одбиле послушноста на Христос и би станале слуги на Сатаната и робови на гревот.

**Животот е судир. -** Овој живот е судир и ние имаме непријател кој никогаш не спие, кој постојано настојува да ги уништи нашите умови и да нè одвлече од драгиот Спасител Кој го дал Својот живот за нас.

**Ја подготвува душата за мир. -** Господ дозволува судири за да ја подготви душата за мир.

**Религиозното искуство се стекнува само преку судир. -** Со енергија и верност нашите млади треба да ги дочекаат барањата кои им се поставуваат и тоа ке биде гаранција на успехот. Младите луѓе кои никогаш не постигнале успех во земните должности ќе бидат подеднакво неподготвени да се вклучат во возвишени должности. Верското искуство се стекнува само преку судир, разочарување, строга дисциплина на своето јас, преку сериозна молитва. Чекорите кон небото мора да се преземат едновремено, и секој нареден чекор дава сила за следниот.

**Бидете среќни сега. -** Не чекам на крајот за сета среќа; јас ја добивам додека се пробивам напред. Без разлика на неволјите и неприликите, јас секогаш гледам на Христос. Во тесните и тешки места Тој е веднаш до нас, и ние можеме да општиме со Него, да ги положиме своите бремиња на Носителот на Бремето и да кажеме: „Еве, Господе, не можам повеќе да ги носам овие бремиња.“ Тогаш, Тој ќе ни каже: „Мојот јарем е благ, и Моето бреме е лесно“ (Матеј 11:30). Верувате ли во тоа? Јас пробав. Јас го љубам Него, јас го љубам Него. Јас гледам во Него неспоредливи привлечности. И сакам да го фалам Него во Божјото царство.

**Два спротивставени принципа. -** Божјото царство не доаѓа со надворешен сјај. Евангелието на Божјата благодат со својот дух на самоодрекување никогаш не може да биде во хармонија со духот на овој свет. Овие два принципа се спротивставени. „Земниот човек не го прима она што доаѓа од Божјиот Дух; зашто тоа за него е лудост, и не може да сознае, зошто тоа треба да се расудува на духовен начин“ (1. Коринтјаните 2:14).

**Не поистоветувајте се со принципите и обичаите. -** Слично на Израел, христијаните премногу често попуштаат пред влијанието на светот и се прилагодуваат на неговите принципи и обичаи за да стекнат пријателство со неверниците, но на крај ќе се покаже дека тие привидни пријатели се најопасни непријатели.

Библијата јасно учи дека не може да има хармонија помеѓу Божјиот народ и световниот. „Не чудете се, браќа мои, ако светот ве мрази вас“ (1. Јованово 3:13). Нашиот Спасител кажува: „Ако светот ве мрази, знајте дека Мене светот уште пред вас ме замрази“ (Јован 15:18). Сатаната дејствува преку безбожниците под прекривка на лажно пријателство да го намами Божјиот народ во грев за тој да се одвои од Него; и кога нивната заштита ќе се отстрани, тој ги наведува своите орудија да се свртат против нив и да настојуваат да го довршат нивното уништување.

**Обичен и свет оган. -** Божјата вистина не се возвеличила во Неговиот народ кој верува затоа што тој не ја внел во своето лично искуство. Тие се усогласуваат со светот и на тоа го засноваат своето влијание. Тие дозволуваат светот да ги обратува и да внесат обичен оган наместо свет за да ги задоволат светските стандарди во своето поле на работа.

Овие обиди да се имитираат световните обичаи не смеат да се прават. Тоа е обичен, а не свет оган. На живиот леб не треба само да му се восхитува, туку и да се јаде. Тој леб кој слегува од небото ќе даде живот на душата. Тоа е квасец кој ги апсорбира сите елементи од карактерот во единство со Христовиот карактер и ги обликува несаканите, наследените и стекнатите тендеции според божествен пример.

**Христос и поистоветување. -** Колку е прекрасно делото на благодатта врз човечкото срце! Тоа дава ментална сила, мудрост за користење

на талентите во средства, не во самоугодување туку преку самоодрекување, да се извршува мисионерската работа. Христос, Божјиот Син, бил мисионер на нашиот свет. Тој вели: „Кој сака да ме следи, нека остави сè.“ Не можете да го љубите Него додека ги копирате световните стилови или уживате во световно друштво.

**Поистоветувањето ги намалува стандардите. -** Поистоветувањето со световните обичаи ја обратува црквата кон светот; тоа никогаш не го обратува светот кон Христа. Блискоста со гревот неминовно ќе го направи да изгледа помалку одбивен. Оној кој одбира да се дружи со слугите на сатаната наскоро ќе престане да се плаши од нивниот господар. Кога на патот на должноста ќе бидеме доведени на проба, како што бил Даниел на царскиот двор, можеме да бидеме сигурни дека Бог ќе нè заштити; но ако се ставиме под искушение, ќе паднеме порано или подоцна.

**Поистоветувањето постепено ги изопачува правилните принципи. -** Поистоветувањето со светот е тоа што предизвикува нашиот народ да го губи својот правец. Изопачувањето на правилните принципи не се случува изненадно. Господовиот ангел ми го изложи ова прашање во вид на симболи. Тоа изгледаше како крадец кој лесно се прикрадува сè поблиску и поблиску и постепено, но сигурно го поткрадува идентитетот на Божјото дело наведувајќи ги нашите браќа да се поистоветуваат со световната политика.

Човечкиот ум зазема место кое по право му припаѓа на Бога. Каква и функција да зазема човекот, колку и тој да е возвишен, треба да постапува како што би постапил Христос да е на негово место. Во секое работно дејствие кое го врши, во секој свој збор и во карактерот, тој треба да биде налик на Христа.

**Единство, но не по цена на поистоветувањето. -** Некои луѓе кои се изјаснуваат како лојални на Божјиот закон отстапиле од верата и го понизиле Неговиот народ во прашина, претставувајќи го како едно со световните луѓе. Бог ова го видел и забележал. Дошло време кога, по секоја цена, мораме да заземеме позиција која Бог ни ја наменил.

Адвентистите на седмиот ден сега треба да стојат одвоени и својствени, народ именуван од Бога како Негов. Доколку ова не го направат, Тој не може да се прослави во нив. Вистината и заблудата не можат да стојат како партнери. Да се ставиме сега таму каде што Бог вели дека треба да стоиме... Ние треба да тежнееме кон единство, но не на ниско ниво на поистоветување со световната политика и заедништвото со популарните цркви.

**Демаркациона линија. -** Длабоко и целосно дело на реформа е потребно во црквата на Адвентистите на седмиот ден. Не треба да дозволите светот да ги расипе принципите на народот кој ги држи Божјите за-

поведи. Верниците треба да шират влијание кое носи сведоштво за небесните принципи. Оние кои се соединиле со црквата мораат да дадат доказ за промена на принципите. Доколку ова не се направи, доколку не се зачува демаркационата линија помеѓу црквата и светот, последица ќе биде прилагодување на светот.

Нашата порака до црквата и нашите институции е: „Покајте се; бидејќи се приближи царството небесно“ (Матеј 3:2). Мора да се негуваат особините на Христовиот карактер и тие треба да станат сила во животот на Божјиот народ.

**Обичаите се во војна со природата. -** Нашата вештачка цивилизација поттикнува зла кои се деструктивни за здравите принципи. Обичаите и модата се во војна со природата. Навиките на кои се приклучуваат и угодувањата кои ги негуваат постојано ја слабеат физичката и менталната сила и наметнуваат неподносливо бреме врз човечкиот род. Неумереноста и злото, болеста и бедноста, се секаде.

**Кога не се крши принцип, следете го обичајот.** - Кога човечките навики не доаѓаат во судир со Божјиот закон, можете да се усогласите со нив. Ако работниците пропуштат да го сторат ова, тиа не само што ќе ја попречат сопствената работа, туку ќе поставаат камења на сопнување на оние за кои треба да работат и ќе ги попречат да ја прифатат вистината.

Го молам нашиот народ да оди грижливо и внимателно пред Бога. Следете ги обичаите во облекувањето онолку колку што тие се усогласуваат со здравствените принципи. Нашите сестри нека се облекуваат недекоративно, како што многумина прават, во облека од добар, траен материјал, соодветно за ова време, и прашањето за облекувањето нека не го исполнува умот. Нашите сестри треба да се облекуваат со едноставност. Тие треба да се облекуваат во скромна облека, со срамежливост и трезвеност. Дајте му на светот жива илустрација за внатрешниот украс на Божјата благодат.

**Одвојување од световните обичаи.** - Како што Бог ја објави Својата волја на еврејските заробеници, до оние кои биле најмногу одвоени од обичаите и навиките на светот кој почива во зло, така Господ ќе пренесува светлина од небото на сите кои го ценат она: „Вака вели Господ.“ На нив Тој ќе го изрази Својот ум. На оние кои се најмалку врзани со световните замисли, кои се најмногу одвоени од покажувањето, суетноста, гордоста и љубовта кон промовирањето, кои стојат напред како Негов својствен народ, ревни за добри дела - на нив Тој ќе им го открие значењето на Својата Реч.

**Причина за непоистоветување (порака до верниците). -** Зошто, како христијани, така се помешавме со светот додека не ја изгубиме од

вид вечноста, додека не го изгубиме од вид Исус Христос, и додека не го изгубиме од вид Таткото? Зошто, ве прашувам, постојат толку семејства кои се лишени од Божјиот Дух? Зошто има толку семејства кои имаат толку малку од животот, љубовта и сличноста со Исуса Христа? Затоа што не го признаваат Бога. Кога би го знаеле Бога и кога би набљудувале Него преку вера во Исуса Христа, Кој дошол на нашиот свет да умре за човекот, тие би виделе такви неспоредливи привлечности во Синот, така што преку набљудување би се промениле во тој ист облик. Сега ја гледаме грешката во поистоветувањето со светот.

**Вистинските принципи циркулираат низ целиот систем. -** Поистоветувањето со светот може да се спречи со вистината, хранењето од Божјата Реч, преку неговите принципи кои циркулираат низ целата животна струја и ја пренесуваат таа реч во карактерот. Христос нè поттикнува преку апостол Јован да „не го сакаме светот, ниту нештата кои се во светот. Ако некој го сака светот, љубовта на Таткото не е во него“ (1. Јованово). Ова е јасен јазик, но е Божја мерка за секој човечки карактер.

# ВИТАЛНА ФУНКЦИЈА НА БОЖЈИТЕ ЗАКОНИ

## ДЕКАЛОГ

**Спознавање на вината. -** Знаењето кое Бог не сакал да го имаат нашите прародители било знаењето за вината. И кога ги прифатиле тврдењата на сатаната, кои биле лажни, непослушноста и престапот биле воведени во нашиот свет. Оваа непослушност на Божјата изразита заповед, ова верување во лагата на сатаната, ја отворило вратата на браната за бедата во светот.

**Ослабена природа. -** Прекршувањето на Божјиот закон донесе со себе несреќа и смрт. Преку непослушноста човечките сили се изопачиле, а себичноста го зазела местото на љубовта. Неговата природа станала така слаба, така што му било невозможно да се спротивстави на силата на злото, и искушувачот видел дека се исполнува неговата намера во расипувањето на божествениот план на создавање на човекот и исполнување на земјата со беда и пустош. Луѓето избрале владател кој ги заврзал за својот караван како робови.

**Божјиот закон е лесно да се разбере.** - Нема никаква мистерија во Божјиот закон. Најслабиот разум може да ги сфати овие правила кои го регулираат животот и го обликуваат карактерот по Божјиот модел. Кога синовите човечки би сакале, според своите најдобри способности да се покоруваат на овој закон, би стекнале силен разум и проникливост уште повеќе да ги разберат Божјите цели и планови. А овој напредок би продолжил не само во текот на сегашниот живот, туку би се протегнал низ вековите на вечноста.

**Прекрасен во едноставноста.** - Колку е прекрасен во својата едноставност, во својата разбирливост и совршенство законот на Јехова! Во Божјите намери и постапки има мистерија која ограничениот ум не е во состојба да ја разбере. И затоа што не можеме да ги откриеме тајните на бесконечната мудрост и сила, ние се исполнуваме со почитувањето кон Највозвишениот.

**Совршен склад помеѓу законот и евангелието. -** Постои совршен склад помеѓу Божјиот закон и евангелието на Исус Христос. „Јас и Таткото сме едно,“ вели Големиот Учител. Христовото евангелие е Добрата Вест на благодатта, или благонаклоноста преку која човекот може да се ослободи од осудувањето на гревот и да се оспособи за покажување послушност на Божјиот закон. Тој закон, низ своите барања за непоколеб-

лива послушност, непрекинато му укажува на грешникот на евангелието за простување и мир.

Големиот апостол рекол: „Го укинуваме ли законот преку верата? Да не даде Господ! Туку уште го утврдуваме“ (Римјаните 7:12). И пак тој објавува дека „законот е свет, и заповедта света и праведна и добра“ (Римјаните 7:12). Тој ни вели да имаме најголема љубов кон Бога, и еднаква љубов кон нашите ближни, кои се подеднакво неопходни за Божјата слава и човековата среќа.

**Целосно правило на животот**. - Бог му дал на човекот целосно правило за животот во Својот закон. Ако го послуша, ќе живее преку него, низ Христовите заслуги. Ако го прекрши, тој има сила да осуди. Законот ги испраќа луѓето кај Христос, а Христос ги упатува назад кон законот.

**Широк во своите барања. -** Божјиот закон, како што е прикажан во Светото Писмо, е широко во своите барања. Секое правило е свето, праведно и добро. Законот ги поставува луѓето под обврска кон Бога; тој се протега на мислите и чувствата; тој ќе произведе осведочување за гревот во секој кој чувствува дека ги прекршил неговите барања. Ако законот би се дал само на надворешното однесување, луѓето не би биле виновни за своите погрешни мисли, желби и намери. Но законот бара душата да биде чиста а умот свет, за мислите и чувствата да можат да бидат во склад со стандардот за љубовта и праведноста.

**Само човекот е непослушен.** - Само човекот е непослушен на Јеховиот закон. Кога Господ ѝ заповеда на природата да носи сведоштво за нештата што Тој ги создал, тие веднаш сведочат на Божја слава.

**Усогласување со Божјите закони се бара од секој.** - Христос дојде да даде пример на совршена согласност со законот кое Бог го бара од сите, од Адам, првиот човек, па се до последниот кој ќе живее на земјата. Тој објавил дека Неговата мисија не е да го укине законот туку да го исполни во совршена и целосна послушност. На овој начин Тој го возвеличи законот и го направи славен. Во Својот живот Тој ја открил неговата духовна природа. Во очите на небесните битија, на непаднати светови, и на непослушниот, неблагодарниот, несвет свет, Тој ги исполнил далекусежните начела на законот.

Тој дошол да го демонстрира фактот дека човештвото, поврзано преку жива вера со божеството, може да ги држи сите Божјите заповеди. Тој дошол да го објасни непроменливиот карактер на законот, да објави дека непослушноста и престапот никогаш не можат да се наградат со вечен живот. Тој дошол како човек во човечка природа, за да го допре човечкото со човечко, додека божественото беше оставено крај Божјиот престол.

Но Тој во никој случај не дошол да ја намали човечката обврска за совршена послушност. Тој не ја уништил валидноста на старозаветните

списи. Тој го исполнил тоа што било проречено од страна на самиот Бог. Тој дошол, не да ги ослободи луѓето од тој закон, туку да отвори пат со кој тие можат да бида послушни на законот и да ги учат другите да го прават истото.

**Бог не го поништува Својот закон.** - Господ не ги спасува грешниците не укинувајќи го Својот закон, темелот на Своето владеење на небото и земјата. Бог е судија, чувар на правдата. Кршењето на Неговиот закон во еден случај, во најмала поединост, е грев. Бог не може да се ослободи (да биде без) Својот закон. Бог не може да укине и најмала ставка од него, за да го прости гревот. Правдата, моралната извонредност на законот може да се одржи и одбрани пред небесната вселена. А тој свет закон не можел да се одржи по помала цена од смртта на Божјиот Син.

**Бог не ги поништува Своите закони. -** Бог не ги поништува Своите закони. Тој не работи наспроти нив. Тој не го отстранил делото на гревот. Но Тој преобразува. Преку Неговата благодат проклетството се претвора во благослов.

## A. БОЖЈИОТ ЗАКОН ВО ФИЗИЧКИОТ СВЕТ

**Закони кои потекуваат од љубов. -** Божјите закони имаат свој темел во најпостојаната праведност и така се вообличени што ја промовираат среќата на оние кои ги држат.

Законите кои секое човечко битие мора да ги слуша потекуваат од срцето на Бесконечната љубов.

**Закон на службата. -** Христовите следбеници се откупени за служба. Нашиот Господ учи дека вистинска цел на животот е службата. Самиот Христос бил работник, и на сите свои следбеници Тој им го дава законот на служба – служба на Бога и своите ближни. Овде Христос ја изложил на светот возвишената концентрација на животот која никогаш ја знаеле. Живеејќи да им служи на другите, човекот се доведува во врска со Христос. Законот на служба станува сврзувачка нишка која нѐ поврзува со Бога и со своите ближни.

**Закон дека никој не живее за себе.** Под Бога, Адам требаше да стои како глава на земното семејство, да ги одржува начелата на небесното семејство. Ова би довело до мир и среќа. Но сатаната решил да се спротистави на законот дека „никој не живее за себе си“. Тој сакал да живее за себе. Настојувал да се направи себе центар на влијание. Тоа било она што предизвикало побуна на небото, и човековото прифаќање на ова начело било она што донело грев на земјата. Кога Адам згрешил, човекот се отцепил од центарот кој го определил Небото. Еден демон станал централна сила во светот. Таму каде што требало да биде Божјиот престол,

сатаната го поставил својот. Светот го положил своето почитување, како волна жртва, крај нозете на непријателот.

**Да се учат децата да се покоруваат на законите на природата и отровението.** - Вие кои доброто на вашите деца ви лежи на срце, кои би сакале да ги видите како растат со нерасипан вкус и апетит, морате истрајно да го ургирате својот пат наспроти популарните мислења и практики. Ако сакате да ги подготвите да бидат корисни на земјата и да здобијат вечна награда во царството на славата, морате да ги учите да се покоруваат на Божјите закони, како во природата така и во откровението, наместо следење на световните обичаи.

**Лек за младешката деликвенција. -** Доколку татковците и мајките ги следеле Христовите упатства, ние сега не би читале и слушале за греовите и злосторствата кои ги прават не само возрасните туку дури и младите и децата. Лошата состојба во општеството постои затоа што родителите не ги почитувале овие упатства и занемариле да ги обучуваат и воспитуваат своите деца да ги респектираат и почитуваат светите Божји заповеди.

Дури и верските учители пропуштиле да ги изложат светите стандарди со кои се мери карактерот, затоа што престанале да ги почитуваат сите прописи кои Бог ги дал, кои се свети, праведни и добри. Луѓето на себе зеле одговорност на подигнување на стандард во склад на своите сопствени замисли, додека Јеховиот закон е обесчестен. Тоа е причината за така големото и распространето безаконие. Затоа и нашето време е како во деновите на Ное и Лот.

**Врска помеѓу Божјиот закон и законите во физичкиот свет. -** Постои блиска врска помеѓу моралниот закон и законите кои Бог ги воспоставил во физичкиот свет. Кога луѓето би биле послушни на Божјиот закон, спроведувајќи ги во своите животи начелата на десетте одредби, начелата на праведност со кои тој учи, би биле заштитени против лошите навики. Но низ угодувањето на изопачените барања тие отстапиле од доблеста, така што станале слаби преку своите неморални навики и кршење на физичките закони.

Страдањето и болката кои насекаде се забележуваат, изобличеноста, истрошеноста, болеста и малоумноста кои сега го преплавуваат светот, го прават куќа на заразни, одвратни болести во споредба со она што може да биде дури и сега, доколку Божјиот морален закон и законот кој Тој го всадил во нашето битие бил почитуван. Со своето упорно кршење на овие закони, човекот многу ги влошил злата кои се последица на престапот во Еденската градина.

**Закон на божествено управување. -** Христијанинот треба да биде на корист за другите. На тој начин тој си користи сам себеси. „Кој напојува

други, и самиот ќе биде напоен“ (Изреки 11:25). Тоа е закон на божественото управување, закон со кој Бог одредил реките на добротворност, како водите од големиот океан, постојано да кружат, враќајќи се постојано кон својот извор. Во исполнување на тој закон лежи силата на христијанските мисии.

**Закони кои управуваат со физичките битија. -** Во Божјото провидение, законите кои управуваат со нашите физички битија, со казните за нивното кршење, така се објаснети што интелегентните суштества можат да ги разберат, и сите се под свечена обврска да го проучуваат овој предмет и да живеат во хармонија со природните закони. Здравствените начела мора да се пропагираат и јавното мислење да се поттикне на длабоко истражување.

Правилните физички навики ја поттикнуваат менталната супериорност. Интелектуалната сила, физичката издржливост, и должината на животот зависат од непроменливите закони. Богот на природата нема да се меша да ги сочува луѓето од последиците на кршењето на нејзините барања. Оној кој тежнее кон надмоќ мора да биде умерен во сѐ. Даниеловата чистота на умот и цврстина на намерата, неговата сила во стекнувањето на знаење и во противењето на искушението биле во голема мера врзани за едноставноста на неговата исхрана во поврзаност со неговиот молитвен живот.

**Сеење и жнеење. -** Во Божјите закони во природата последицата ја следи причината со непогрешлива извесност. Жетвата сведочи за тоа каква била сеидбата. Нетрудољубивиот работник го осудува неговото дело. Жетвата носи сведоштво против него. Така е и во духовните работи: верноста на секој работник се мери со резултатите на Неговата работа. Карактерот на неговата работа, дали трудољубиво или немарно, се открива преку жетвата. Така се одлучува и неговата судбина за вечноста.

**Некои веруваат само во она што го разбираат. -** Има луѓе кои гордо се фалат дека веруваат само во тоа што можат да го разберат. Но лудоста на нивната фалбаџиска мудрост е очигледна на секој мисловен ум. Постојат мистерии во човечкиот живот и во манифестациите на Божјата сила во делата на природата - мистерии кои ниту најдлабоката филозофија, ниту најопсежното истражување, не се моќни да ги објаснат.

## В. ДРУГИ ЗАКОНИ

**Закон на послушна акција. -** Акцијата дава сила. Севкупна хармонија преовладува во Божјата вселена. Сите небесни битија се во постојана активност и Господ Исус во Своето животно дело оставил пример за секого. Тој чекорел „правејќи добро.“ Бог го воспоставил законот на пос-

лушна акција. Тивко но непрестано, објектите на Неговото создавање ја извршуваат својата задача. Океанот е во постојано движење. Тревата која никнува, која денес е, а утре се фрла во печка, го извршува својот налог, покривајќи ги полињата со убавина. Листовите се движат, а сепак не се гледа раката која ги допира. Сонцето, месечината и ѕвездите се корисни и славни во исполнувањето на својата мисија.

**Универзално владеење на законот. -** Оној кој се учи така да го разбира неговото учење, целата природа станува просветлена; светот е учебник, а животот училиште. Единството на човекот со природата и со Бога, универзалното владеење на законот, последиците од престапот, неизоставно го импресионираат умот и го обликуваат карактерот.

**Престапот на природните закони е престап на Божјиот закон. -** Постојаното претстапување на природните закони е постојано претстапување на Божјиот закон. Доколку луѓето секогаш биле послушни на законот на Десетте Божји Заповеди, спроведувајќи ги во своите животи начелата на овие десет одредби, проклетството на болеста која сега го преплавува светот не би постоело.

**Престапот донесува ментално и физичко страдање. -** Против секој престап на законите на животот природата го искажува својот протест. Таа поднесува злоупотреба додека може; но конечно доаѓа одмазда и страдаат како менталните така и физичките сили. Казната паѓа не само на престапникот, туку ефектите на неговото угодување се забележуваат на неговото потомство, и така злото се пренесува од генерација на генерација.

Многумина се жалат на провидението кога нивните пријатели страдаат или ги зема смртта; но не е по Божји ред мажите и жените да водат маченички живот и прерано да умрат, оставајќи го своето дело недовршено. Бог би сакал да проживееме целосна мерка на своите денови, со секој орган здрав, вршејќи ја својата одредена работа. Неправедно е да се обвинува Бог за последиците кои во најголем број на случаи произлегуваат од прекршувањето на природните закони на таа личност.

**Одговор на деизмот. -** Многумина учат дека материјата поседува витална моќ - дека извесни особини ѝ се дадени на материјата, и дека таа потоа е препуштена да дејствува низ својата наследена енергија; и дека случувањата во природата се одвиваат во склад со фиксни закони, во кои ни самиот Бог не може да се замеша. Тоа е лажна наука која Божјата Реч не ја поддржува. Природата е слугинка на својот Создател. Бог не ги поништува Своите закони и не работи наспроти нив, но Тој ги користи непрекинато како Свои инструменти. Природата сведочи за една интелегенција, присуство, активна енергија, која работи во и низ нејзините закони. Во природата постои постојана работа на Таткото и Синот. Христос вели: „Таткото мој досега работи, и Јас работам“ (Јован 5:17).

**Послушноста донесува среќа. -** Додека тие (студентите) учат така да ги проучуваат пораките во сè што е создадено и во сите животни искуства, кажете им дека истите закони кои управуваат со работите во природата и случувањата во животот треба да не контролираат и нас, дека се дадени за наше добро, и дека само со послушност кон нив можеме да ја најдеме вистинската среќа и успех.

**Далекусежни начела на законот. -** Во Своите учења, Христос покажал колку се далекусежни начелата на законот изговорени на Синајската планина. Тој живо го претставил тој закон чии принципи остануваат засекогаш најголем стандард на праведноста - стандард по кој ќе се суди во оној голем ден кога судот ќе седне и книгите ќе се отворат. Тој дошол да ја исполни сета праведност и како глава на човештвото, да му покаже на човекот дека и Тој може да го прави истото, угодувајќи на секоја одредба на Божјите барања. По мерка на Неговата благодат со која го снабдил човечкиот посредник, никој не мора да го изгуби Небото. Совршенството на карактерот е достижно на секој кој се бори за него. Ова ја прави самата основа на новозаветното евангелие. Јеховиот закон е дрво, евангелието се мирисни цветови и плодови кои тоа ги носи.

**Најголемо чувство на слобода. -** Во делото на откупување нема принуда. Никаква надворешна сила не се применува. Под влијание на Божјиот Дух, на човекот се остава слобода на избор на кого ќе му служи. Во промената која се случува кога душата се предава на Христа, постои најголемо чувство на слобода. Истерувањето на гревот е чин на самата душа. Вистина, ние немаме сила да се ослободиме себеси од сатанската контрола; но кога копнееме да бидеме слободни од гревот, и во својата голема потреба повикаме за сила која е надвор и над нас самите, силите на душата се напојуваат со божествената енергија на Светиот Дух, и тие го слушаат налогот на волјата во исполнувањето на Божјата волја.

# КОМУНИКАЦИЈА

**Далекусежен впечаток на зборовите. -** Гласот и јазикот се дарови од Бога, и ако правилно се употребат тие се сила за Бога. Зборовите значат многу. Тие можат да изразуваат љубов, посветување, благодарност, мелодија за Бога, но и омраза и одмазда. Зборовите ги откриваат чувствата на срцата. Тие можат да бидат животен мирис за живот или смртен за смртта. Јазикот е свет на благослов или свет на беззаконие.

**Опустошувачки град или семе на љубовта? -** Се забележуваат некои луѓе како излегуваат од својата секојдневна заедница со Бога облечени со Христовата кроткост. Нивните зборови не се како опустошувачки град, кои кршат се пред себе; тие благо слегуваат од нивните усни. Тие сеат семе на љубов и љубезност низ целиот свој пат, за што се потполно несвесни, затоа што Христос живее во нивните срца. Нивното влијание повеќе се чувствува отколку што се гледа.

**Зборови кои радуваат. -** Криковите на тагата на светот се слушаат насекаде околу нас. Гревот ја притиска својата сенка врз нас, и нашите умови мораат да бидат подготвени за секој добар збор или дело. Ние знаеме дека ја имаме Исусовата присутност. Благото влијание на Неговиот Свет Дух ги учи и води нашите мисли, наведувајќи нè да зборуваме зборови кои ќе ја развеселат и осветлат патеката на другите.

**Зборови на расположение. -** Ако гледаме на работите од светла гледна точка, ќе најдеме доволно за да се направиме себе си среќни и задоволни. Ако делиме насмевки, тие ќе ни се вратат и на нас; ако зборуваме угодни, весели зборови, тие ќе ни бидат и нам за возврат изговорени.

**Христоцентрични зборови. - З**боровите на луѓето ги изразуваат нивните сопствени човечки мисли, но Христовите се дух и живот.

Ангелите слушаат да чујат каков извештај носите на светот за својот небесен господар. Нека вашиот разговор биде за Оној кој живее за да ве застапува пред Таткото. Кога се ракувате со пријателот, од вашите усни и од вашето срце нека се слушне фалење на Бога. Тоа ќе ги привлече неговите мисли кон Исус.

**Христос директно преминувал на работата. -** Во Христовото учење немало долго, нелогично, комплицирано резонирање. Тој директно преминувал на работата. Во Својата служба Тој го читал секое срце како отворена книга и од неисцрпните залихи од Својата ризница го извлекувал

и новото и старото за да го илустрира и засили Своето учење. Тој ги допирал срцата и предизвикувал сочувство.

**Лесен за разбирање. -** Христовиот начин на учење бил прекрасен и привлечен, и секогаш се одликувал со едноставност. Тој ги откривал мистериите на небесното царство преку употреба на фигури и симболи со кои Неговите слушатели биле блиски; и обичните луѓе со задоволство го слушале, бидејќи можеле да ги разберат Неговите зборови. Тој не користел звучни зборови, за кои би било потребно да се употреби речник за да се разберат.

**Тој користел јасен јазик. -** Аргументот е добар на своето место, но многу повеќе може да се постигне со едноставни објаснувања на Божјата Реч. Христовите поуки биле така јасно илустрирани што и најнеучените лесно можеле да ги разберат. Исус не користел долги и тешки зборови во Своите говори; Тој користел јасен јазик, приспособен за умовите на обичниот народ. Тој не одел подалеку во предметот кој го изложувал од она колку можеле Неговите слушатели да го следат.

**Сериозни предмети наспроти сениментални глупости.** - Што е повредно да го преокупира умот од планот на спасението? Тоа е предмет кој е неисцрпен. Исусовата љубов, спасението кое е понудено на паднатиот човек преку Неговата бесконечна љубов, светоста на срцето, драгоцената, спасоносна вистина за овие последни денови, Христовата благодат - тоа се предмети кои можат да ја оживеат душата и да предизвикуваат чистите по срце да ја почувствуваат таа радост која учениците ја чувствувале кога Христос дошол и одел со нив додека биле на пат кон Емаус.

Оној којшто ќе ја насочи својата приврзаност кон Христа ќе го сака овој вид на посветено дружење и со таквото општење ќе собира божествена сила; но оној кој не ужива во овој вид на разговор и кој е најзадоволен кога се разговара за сентиментални глупости, талка далеку од Бога и станува мртов за светите и благородни тежнееења. Сетилното и земното, од таквите се интерпретира како небесно.

**Посегање за човечко сочувство. -** Кога разговорот е од површен карактер и има вкус на незадоволно посегање за човечко сочувство и ценење, тоа потекнува од болен сентиментализам, а ни младите ниту тие со бела коса не се сигурни. Кога Божјата вистина е начело кое пребива во срцето, таа ќе биде како жив извор. Може да се прават обиди таа да се сузбие но таа ќе протече на друго место; таа е тука и не може да се сузбие. Вистината во срцето е извор на живот. Таа го освежува уморниот и ги скротува злите мисли и раговори.

**Не изговарај зборови на сомнеж. -** Сите имаат неволји - жалости тешки за носење, искушенија тешки за спротивставување. Не зборувајте

за проблемите на своите браќа смртници туку изнесете сè пред Бога во молитва. Направете правило да не изговарате ниеден збор на сомнеж или обесхрабрување. Можете да сторите многу да го осветлите животот на другите и да ги засилите нивните напори, со зборови на надеж и свето расположение.

**Нашите зборови влијаат врз нас. -** Зборовите се повеќе од показател на карактерот; тие имаат сила да влијаат врз карактерот. Луѓето се под влијание на сопствените зборови. Често под моментален нагон, поттикнати од сатаната, тие искажуваат љубомора или зло нагаѓање, изразувајќи го тоа во што навистина не веруваат; но изразот реагира врз мислите. Тие биваат измамени од своите зборови и почнуваат да веруваат дека е вистина тоа што е искажано од сатанското поттикнување. Еднаш искажаното одредено мислење или одлука, тие се често премногу горди да го отповикаат, и се обидуваат да докажат дека се во право, додека не поверуваат дека навистина се.

Опасно е да се изговараат зборови на сомнеж, опасно е да се доведува во прашање и критикува божествената светлина. Навиката на безгрижниот и нестравопочитувачки критицизам реагира на карактерот во поттикнување на непочитување и неверство. Мнозина, попуштајќи ѝ на оваа навика, оделе сè понатаму, несвесни за опасноста додека не станале готови да го критикуваат и да го отфрлат делото на Светиот Дух.

**Зборовите на прекор предизвикуваат реакција на самиот прекорувач. -** Зборовите на прекор предизвикуваат реакција на душата на самиот прекорувач. Воспитувањето на јазикот треба да започне со нас лично. Да не зборуваме лошо за ниеден човек.

**Да зборуваме зборови кои даваат храброст и надеж. -** Многу храбри души кои се болно притиснати од искушение, се речиси подготвени да потклекнат во спорот со своето јас и со силите на злото. Не обесхрабрувајте ги таквите во нивната тешка борба. Орасположете ги со зборови на храброст и надеж кои ќе ги поткрепат на нивниот пат. На тој начин Христовата светлина може да сјае од вас. „Никој не живее за себеси“ (Римјаните 14:7). Преку своето несвесно влијание другите можат да бидат охрабрени и засилени, или тие можат да бидат обесхрабрено и одбиени од Христа и вистината.

**Мали изрази на учтивост и нежни зборови. -** Мало внимание, бројни непланирани случки и едноставни учтивости во животот, го прават збирот на животната среќа; додека занемарувањето на љубезни, охрабрувачки, зборови на љубов и мали изрази на учтивост во животот придонесува на составувањето на збирот на животната несреќа. На крајот ќе се открие дека одрекувањето од себе за доброто и среќата на оние околу нас прави голем дел на животниот запис на небото. Но исто така ќе се

открие и фактот дека грижата за себе, без обѕир кон доброто и среќата на другите, не избегнува од вниманието на нашиот небесен Татко.

**Заштита против презирот, рамнодушноста или потсмевањето. -** Сите мораат да собираат скапоцено богатство на љубов, не просто за оние кои ни се драги, туку за секоја душа која е предадена на делото на службата; зошто сите кои ја извршуваат оваа работа се Господови. Тој работи преку нив. Учете се на поуките на љубов од Исусовиот живот.

Нека луѓето внимаваат како зборуваат кон своите ближни. Не смее да има егоизам ниту господарење над Божјото наследство. Горчливо исмејување не смее да се појави во било кој ум или срце. Ниедна нијанса на презир не треба да се слушне во гласот. Зборувајте збор од себе; заземете рамнодушен став; покажете сомнеж, предрасуда или љубомора; и преку погрешно однесување твојата работа за таа душа ќе биде завршена.

**Приговарањето и укорувањето поттикнува измама. -** Брате мој, твоите премногу силни зборови ги повредуваат твоите деца. Како минуваат годините, нивната наклонетост кон критикувањето ќе расте. Приговарањето (наоѓањето на мани) го расипува твојот живот и се протегнува на твојата жена и деца. Твоите деца не се поттикнати да ти ја доверат својата доверба или да ги признаат своите грешки, затоа што знаат дека сигурно следува твојот строг укор. Твоите зборови се често како опустошувачки град кој ги крши нежните растенија. Неможно е да се процени штетата која се прави на тој начин. Твоите деца ја користат измамата за да ги одбегнат тешките зборови кои ти ги зборуваш. Тие ја одбегнуваат вистината за да го избегнат укорот и казната. Грубата, студена заповед нема да ми направи добро.

**Да се исчисти троскотот од секој невнимателен збор. -** Запомнете дека со своите зборови ќе се оправдате и со своите зборови ќе се осудите. Јазикот треба да се заузда. Зборовите кои ги изговарате се семе кое се сее, кое ке произведе род на добро или лошо. Сега е вашето време на сеидба.

Добриот човек изнесува добро од добрата ризница на своето срце. Зошто? Бидејќи Христос е присуство кое пребива во душата. Посветувачката вистина е ризница на мудроста на сите кои ја практикуваат вистината. Како жив извор таа тече во вечен живот. Оној во чие срце не пребива Христос ќе си угодува во евтин разговор, во зголемени заклучоци кои прават штета. Јазикот кој искажува изопачени работи, обични нешта, нелитерарни изрази (сленг), тој јазик треба да се третира со вжарен јаглен од смрека.

**Негодувањето го спречува растот. -** Има луѓе кои поседуваат одлични способности, но кои застанале. Тие не одат напред во победа. И

способноста со која Бог ги обдарил е безвредна за Неговото дело затоа што е неискористена. Многу од овие луѓе се наоѓаат меѓу негодувачите. Тие негодуваат затоа што, како што велат, не се ценети. Но тие не се ценат себе си доволно за да соработуваат со Најголемиот Учител кој светот некогаш го знаел.

**Без критики, остри или груби зборови (совет од еден проповедник и автор).** - Господ ќе му помогне на секој од нас каде што помошта ни е најпотребна во големото дело на совладување и победување на своето јас. Законот на љубезноста нека биде на твоите усни, и маслото на благодатта во твоето срце. Ова ќе произведе прекрасни резултати. Ќе бидеш нежен, сочувствителен, учтив. Потребни ти се овие благодети. Светиот Дух мора да се прими и внесе во твојот карактер; тогаш тоа ќе биде свет оган, давајќи темјан кој ќе се воздигне до Бога, не со усни кои осудуваат, туку како исцелител на човечките души. Твоето лице ќе изразува божествен лик.

Не треба да се изговараат остри, критички, или груби зборови. Тоа е обичен оган и треба да се отстрани од сите наши совети и општења со браќата. Бог бара од секоја душа во Неговата служба да го потпалува своето кандило од јагленот на светиот оган.

Простите, груби, тешки зборови кои така подготвено слегуваат од твоите усни мораат да се отстранат и Божјиот Дух ќе прозбори преку посредникот. Набљудувајќи го Христовиот карактер ќе се промениш во тој ист облик. Единствено Христовата благодат може да го промени твоето срце, и тогаш ќе го одразуваш ликот на Господ Исус. Бог нè повикува да бидеме на слични на Него - чисти, свети и неизвалкани. Ние треба да го носиме божествениот облик.

**Зборови кои го уништуваат животот. -** Тешки проби ќе дојдат на тебе. Стави ја својата доверба во Господ Исус Христос. Запамети дека со жестина ќе се раниш самиот себе. Ако под сите услови седиш на небесните места со Христос, твоите зборови нема да бидат наполнети со куршуми кои ги рануваат срцата и кои можат да го уништат животот.

**Изразувањето на сомнеж го зголемува сомнежот. -** Ние не треба да зборуваме за своите сомнежи и искушенија, бидејќи тие стануваат поголеми секогаш кога зборуваме за нив. Секогаш кога зборуваме за нив, сатаната добива победа; но кога велиме „Својата душа ќе му ја доверувам на чување на Оној, како на верен сведок,“ тогаш сведочиме дека се предадовме себе си на Исус Христос без никакви задршки, и тогаш Бог ни дава светлина и ние се радуваме во Него. Ние треба да се поставиме под сјајните зраци на Сонцето на праведноста, и тогаш ќе бидеме светлина во светот. „Оној кого го љубите иако не сте го виделе; во Кого верувате сега, иако не го гледате; и се радувате со неизкажана и прославена радост“ (1. Петрово 1:8).

**Искажувањето на вера ја зголемува верата. -** Колку повеќе зборувате за верата, ќе имате вера. Колку повеќе се занимавате со обесхрабреноста, зборувајќи им на другите за своите неволји, опширно изнесувајќи ги како би здобиле сочувство за кое имате потреба, ќе имате повеќе обесхрабрувања и неволји. Зошто да се јадосувате за она што не може да се избегне? Бог нè повикува да ги затвориме прозорите на душата кон земјата и да ги отвориме кон небото за Тој да може да ги натопи нашите срца со слава која блеска преку небесниот праг.

**Прекорот понекогаш е потребен. -** Додека нашите зборови мораат секогаш да бидат љубезни и нежни, не треба да се изговори ниеден збор кој оние кои чинат погрешно би ги навеле да мислат дека Бог нема замерки на нивните патишта. Овој вид на сочувство е земно и измамливо. На оние кои чинат погрешно им е потребен совет и укор, а понекогаш е потребно остро да се прекорат.

**Што откриваат зборовите. -** Не можеш да бидеш премногу внимателен што зборуваш, бидејќи зборовите што ги изговараш покажуваат која сила ги контролира умот и срцето. Ако Христос владее во твоето срце, твоите зборови ќе ја откриваат чистотата, убавината и милиот мирис на карактер обликуван и дотеран по Неговата волја. Но од своето паѓање, сатаната бил обвинител на браќата, и мораш да внимаваш за да не го откриеш истиот дух.

**Неопходно повторување. -** Не мислете дека кога еднаш ќе поминете преку еден предмет, вашите слушатели ќе задржат во своите умови сè што сте изложиле. Постои опасност од брзо преминување од точка на точка. Давајте кратки поуки, со јасен, едноставен јазик, и нека тие често се повторуваат. Кратките проповеди многу подобро ќе се запаметат од долгите. Нашите говорници треба да имаат на ум дека некои предмети кои ги изложуваат можат да бидат нови на некои од нивните слушатели; според тоа главните точки треба одново и одново да се повторуваат.

**Нервозните, забрзани манири ја расипуваат комуникацијата. -** Проповедниците и учителите особено внимание треба да посветат на култивацијата на гласот. Тие треба да се научат да зборуваат, но не на нервозен, забрзан начин, туку треба да се изразуваат полека, јасно и одредено, чувајќи ја музиката на гласот.

Спасителовиот глас бил како музика за ушите на оние кои биле навикнати на монотоните, сувопарни проповеди на книжевниците и фарисеите. Тој зборувал полека и импресивно, нагласувајќи ги оние зборови на кои сакал Неговите слушатели да обрнат посебно внимание. Стари и млади, неуки и учени, можеле да го разберат целосното значење на Неговите зборови. Тоа би било неможно ако зборувал на брз начин и нафрлувајќи реченица по реченица без запирање. Луѓето биле многу внима-

телни кон Неговите зборови, и за Него е речено дека не зборувал како книжевниците и фарисеите; бидејќи Неговиот Збор бил како на Оној кој имал власт.

**Јасен израз и правилно нагласување. -** Со сериозна молитва и вредни напори ние треба да стекнеме способност за зборување. Оваа способност подразбира јасно изговарање на секој слог, ставајќи ја силата на нагласокот каде што припаѓа. Зборувајте полека. Многу зборуваат брзо, нафрлувајќи збор по збор толку брзо што се губи ефектот на тоа што го зборуваат. Во она што го зборувате внесете го Христовиот дух и живот.

**Зборувајте со мелодија реченица по реченица**. - Во своите рани денови обично зборував многу гласно. Господ ми покажа дека не сум можела да направам соодветен впечаток на луѓето со натприродно подигање на гласот. Потоа Христос беше претставен пред мене, и Неговиот начин на зборување; и во Неговиот глас имаше слатка мелодија. Неговиот глас на спор, смирен начин, допира до сите кои го слушаат; Неговите зборови ги допирале нивните срца, и биле во состојба да сфатат сѐ што рекол пред да ја изговори следната реченица. Некои мислат дека треба да брзаат цело време или во спротивно ќе ја изгубат инспирацијата и тие и луѓето кои ги следат. Ако е тоа инспирација, нека ја изгубат, што порано тоа подобро.

**Силата на зборувањето под контрола на разумот. -** Вашето влијание мора да биде далекусежно, и вашите сили на говор треба да бидат под контрола на разумот. Кога ги напрегнувате говорните органи, модулацијата на гласот се губи. Склоноста кон брзо зборување треба одлучно да се надвладее. Бог бара од човечкото орудие сета служба која човек може да ја даде. Сите таленти кои се доверени на човечкиот претставник треба да се негуваат, ценат и користат како скапоцен дар од небото. Работниците на полето за жетва се Божји одредени агенти, канали низ кој Тој може да ја пренесува светлината од небото.

**Науката на читање од најголема вредност. -** Науката на правилното читање со правилен нагласок е од најголема вредност. Без разлика колку знаење можеби сте стекнале во други области, ако сте го занемариле култивирањето на својот глас и начинот на зборување, така што не знаете да зборувате или читате јасно и интелегентно, сета ваша наука ќе биде од мала корист; бидејќи без култура на гласот не можете лесно и јасно да го пренесете тоа што сте го научиле.

**Реални и имагинарни работи. -** Во една прилика кога Батертон, прославен актер, ручал со Др. Шелдон, (тогаш) архибишопот од Кантербури. А архибишопот му рекол нему: „Ве молам, Г-дине Батертон, кажете ми

како вие актерите така моќно делувате на својата публика зборувајќи им за имагинарни работи.“

„Господаре мој,“ одговорил Батертон, „со должна покорност на Вашата благодат, дозволете ми да кажам дека причината е едноставна: сето тоа почива во силата на ентузијазмот. Ние на сцената зборуваме за имагинарни работи како да се реални; а вие зад проповедалната зборувате за работи кои се реални како да се имагинарни.“

**Да се научи елоквенцијата на молчење. -** Кога човекот еднаш ќе му направи место на гневниот дух, тој е толку затруен исто како оној кој принел чаша со алкохол до своите усни. Научете ја елоквенција на молчење и знајте дека Бог ги почитува откупените со Христовата крв. Воспитувајте се себеси; ние мораме секојдневно да учиме. Ние мораме сè повеќе да се издигнуваме и приближуваме кон Бога. Исчистете го ѓубрето од Царскиот друм. Направете пат да може Царот да оди со нас. Исфрлете ги срамните зборови од своите усни (види Колосјаните 3:8).

**Света воздржаност. -** Без вера не е можно да му се угоди на Бога. Ние можеме да имаме спасение од Бога во своите семејства, но мораме да веруваме во Него, да живееме за Него, и да имаме постојана, трајна вера и доверба во Бога. Ние мораме да го потчиниме избувливиот темперамент и да ги контролираме своите зборови, и во ова ќе добиеме голема победа.

Доколку не ги контролираме своите зборови и темперамент, ние сме слуги на сатаната. Ние сме подредени на него. Тој не води како заробеници. Сите гласни, непријатни, нетрпеливи и раздразливи зборови се дар кој се принесува на неговото сатанско величество. И тоа е скап придонес, поскап од секоја жртва која можеме да ја пренесеме на Бога, бидејќи го разорува мирот и среќата на цели семејства, го уништува здравјето, и на крај предизвикува губење на вечниот живот во среќа.

Воздржувањето кое ни го наметнува Божјата Реч е за наш сопствен интерес. Тоа ја зголемува среќата на нашите семејства и на сите околу нас. Тоа го подобрува нашиот вкус, го посветува нашето расудување, и донесува умствен мир, и на крај вечен живот. Под ова свето воздржување ќе напредуваме во благодатта и понизноста и ќе ни биде лесно да зборуваме правилно. Природниот, страствен темперамент ќе се држи во покорност. Спасителот кој пребива во нас ќе нè јакне секој час. Ангелите служители ќе се задржуваат во нашите живеалишта и со радост ќе носат вести кон небото, вести за нашиот напредок во божествениот живот, а ангелите записничари ќе прават весел, среќен извештај.

# Отсек Тринаесет

## *Личност*

# ИМАГИНАЦИЈА

**Христос ја користел имагинацијата. -** Преку имагинацијата Тој (Христос) допирал до срцата. Неговите илустрации биле земани од нештата на секојдневниот живот, и иако биле многу едноставни, во себе имале чудесна длабочина на значењето. Небесните птици, криновите во полето, семето, пастирот и овците - со овие поими Христос ги прикажувал бесмртните вистини; и секогаш потоа кога Неговите слушатели биле во можност тие нешта да ги видат во природата, си спомнувале за Неговите поуки. На тој начин Христовите поуки непрекинато се повторувале преку едноставните примери.

Христос никогаш не им ласкал на луѓето. Тој никогаш не им говорел за она што би поттикнало кај луѓето склоности кон илузии и вообразба, ниту ги фалел нивните остроумни пронајдоци; но длабоките мислители без предрасуди ги примале Неговите учења и откривале дека тоа ја испробувало нивната мудрост. Тие се чуделе на духовните вистини изразени со наједноставен јазик.

**Должност е да се контролира имагинацијата. -** Малку луѓе се свесни дека им е должност да вршат контола врз мислите и имагинацијата. Тешко е да се задржи недисциплинираниот ум сконцентриран на профитабилни предмети. Но ако мислите не се ангажираат како што треба, тогаш религијата не може да напредува во душата. Умот мора да биде презафатен со свети и вечни работи, или ќе одгледува ништожни и површни мисли. И интелектуалната и моралната моќ мора да се дисциплинира, и тие ќе се зајакнат и унапредат преку користење.

**Болеста понекогаш произведена од имагинација. -** Болеста понекогаш се произведува и многу се влошува по пат на имагинацијата. Могумина доживотни инвалиди би можеле да бидат добри само тогаш кога би мислеле така. Мнозина си замислуваат дека секое незначително изложување ќе предизвика болест, и лошите ефекти произлегуваат само затоа што се очекуваат. Мнозина умираат од болест чија причина е целосно во имагинацијата.

**Изопачена имагинација. -** Од тоа што ми покажа Господ, жени од овој вид (оние со преголем концепт за својот квалитет) ја изопачиле својата имагинација од читање на романи, од мечтаење, и градење кули во воздух - живеејќи во еден имагинарен свет. Тие не ги симнале сопствените идеи до обичните, корисни животни должности. Тие не го преземале животното бреме кое лежело на нивната патека и не настојувале да го направат домот среќен и радосен за своите сопрузи. Тие им го препуштале

сиот нивен товар, не носејќи го сопственото бреме. Тие очекуваат другите да ги согледаат нивните потреби и да работат за нив, додека самите се слободни да приговараат и сомничат како сакаат. Овие жени имаат болен сентиментализам, постојано мислејќи дека не се ценети, дека нивните сопрузи не им го подаруваат сето внимание кое го заслужуваат. Тие самите се замислуваат себеси како маченички.

**Совет на еден човек со болна имагинација. -** Видов дека Бог ти дал светлина и искуство да ја согледаш грешноста на избувливиот дух и да ги контролираш своите страсти. Доколку занемариш да правиш така, извесно е дека ќе го пропуштиш вечниот живот. Мораш да ја надвладееш оваа болест на имагинацијата.

Ти си крајно чувствителен и ако се каже нешто спротивно на курсот кој го следиш, ти се навредуваш. Чувствуваш дека си бламиран и дека мора да се браниш, да го спасиш својот живот; и во своите срдечни напори да го сочуваш животот, ти го губиш. Ти мора да ја извршиш задачата на умирање за себеси и да негуваш дух на долготрпеливост и трпеливост. Престани да мислиш дека ти се прави зло и неправда, дека некој се обидува да те потисне или повреди. Ти гледаш со лажливи очи. Сатаната те наведува на овие изопачени погледи на нештата.

**Разумот под контрола на имагинацијата. -** Ти си во состојба да ја контролираш својата имагинација и да ги надвладееш овие нервни напади. Имаш моќ на волјата и треба да ја повикаш на помош. Ова не си го направил, туку си допуштил на својата многу активна фантазија да го контролира разумот. Во ова си го ожалостил Божјиот Дух. Да немаше сила над овие чувства, тоа не би било грев; но не е одговор на тој начин да му се предадеш на непријателот. Твојата волја мора да се посвети и потчини наместо да се постројува во опозиција на она што е од Бога.

**Исхраната влијае врз мислите. -** Неумереноста започнува на нашите трпези со употреба на нездрава исхрана. По одредено време, низ постојано попуштање, органите за варење стануваат се послаби и земената храна не го задоволува апетитот. Се воспоставува нездрава состојба и се појавува желба за стимулативна храна. Чајот, кафето и месните производи произведуваат моментален ефект. Под влијание на овие отрови нервниот систем се возбудува и во некои случаи, за одредено време, се мисли дека разумот е поткрепен а имагинацијата побујна.

**Влијанието на чајот, кафето и на останатите популарни пијалоци. -** Чајот делува како стимуланс и во одредена количина, предизвикува труење. Дејството на кафето и на многу останати популарни пијалоци е слично. Првиот ефект е расположеност. Нервите на желудникот се возбудени; и тие ја пренесуваат дразбата кон мозокот, а овој за возврат предизвикува забрзана работа на срцето и краткорочна енергија на целиот

систем. Се заборава на заморот, а силата изгледа како зголемена. Разумот се буди и имагинацијата станува побујна.

**Популарните оживувања и имагинацијата. -** Популарните оживувања премногу често се спроведуваат со повикување на имагинацијата, со возбудување на емоциите, со задоволување на љубовта кон она што е ново и сензационално. Обратениците придобиени на тој начин имаат малку желба да ја слушаат библиската вистина, мал интерес за сведоштвото на пророците и апостолите. Доколку верската служба нема нешто од сензацонален карактер, таа за нив нема привлечност. Пораката која се апелира на нестраствениот разум не буди на одговор. Јасните предупредувања на Божјата Реч, кои директно се однесуваат на нивните вечни интереси, не се слушаат.

**Театрите ја изопачуваат имагинацијата. -** Помеѓу многуте опасни прибежишта за задоволства е и театарот. Наместо да биде училиште на моралот и благородноста, како што честопати се тврди, тоа е легло на неморалот. Порочните навики и грешната наклоност зајакнуваат и се потврдуваат со овие забави. Ниските песни, непристојните гестови, изрази и ставови ја расипуваат имагинацијата и го унижуваат моралот. Секоја млада личност која по навика ги посетува овие претстави ќе биде расипана во начелата.

Нема во нашата земја помоќно влијание за да ја затруе имагинацијата, да ги разори религиозните впечатоци, да ја затапи љубовта кон мирните задоволства и трезвената реалност на животот од театарското забавување. Љубовта кон овие сцени се зголемува со секое попуштање, исто како што желбата за отровни пијалоци јакнее со употреба. Единствен и сигурен курс е да се тргнете од театарот, циркусите и секое друго сомнително место за забава.

**Фикцијата создава имагинарен свет. -** Си се предавала на читање романи и раскази сѐ додека не си почнала да живееш во еден имагинарен свет. Влијанието на таквото читање е погубно како за умот така и за телото; тоа го слабее разумот и носи страшно оптоварување на физичката сила. Од време на време твојот ум едвај бил нормален затоа што твојата имагинација била превозбудена и болна со читање на измислени приказни. Умот треба така да се дисциплинира што сите негови моќи складно ќе се развиваат...

Доколку имагинацијата непрекинато се храни и стимулира со фиктивна литература, таа наскоро ќе стане тиранин кој ќе ги контролира сите останати способности на умот и ќе предизвика вкусот да стане непостојан а склоностите изопачени.

**Читањето влијае на мозокот. -** Лично сум се запознала со некои кои ја изгубиле здравата живост на умот преку погрешни навики на читање.

Тие одат низ животот со болна имагинација, зголемувајќи ја секоја мала жалост. Работите кои здравиот, способен ум не би ги ни забележал за нив стануваат неподносливи искушенија и непремостливи препреки. Животот за нив е постојано во сенка.

**Гледањето ја расипува имагинацијата. -** Ова е време кога расипаноста секаде прелива. Желбата на очите и расипаните страсти се побудуваат со гледање и читање. Срцето се расипува преку мислите. Умот ужива во набљудување на сцени кои ги будат ниските страсти. Овие зли слики, кои се гледаат преку расипаната имагинација, го расипуваат моралот и ги подготвуваат заблудените, залудени суштества да ги разуздаат блудните страсти. А потоа следат гревови и злодела кои ги влечат луѓето кои се создадени по Божјето обличје до ниво на животните, одвлекувајќи ги на крајот во пропаст.

Избегнувајте читање и гледање на тоа што сугерира на нечисти мисли. Култивирајте ги моралните и интелектуалните способности. Не допуштајте овие моќи да ослабнат и да се изопачат со непримерно читање дури и на приказни. Познавам некои силни умови кои станале неурамнотежени и делумно отапени, или парализирани, со неумереност во читањето.

**Мастурбација и имагинацијата. -** Кога луѓето се предаваат на навиката на мастурбација, невозможно е да се разбудат нивните морални чувства за да ги ценат вечните работи или да уживаат во духовни активности. Нечистите мисли ја обземаат и контролираат имагинацијата и го фасцинираат умот, а потоа следи скоро неконтролирана желба за вршење на нечисти дела. Доколку умот би се воспитал да размислува на возвишени предмети, а имагинацијата тренирала да набљудува чисти и свети работи, би била утврдена против овие грозни, понижувачки по душата и телото погубни попуштања. Таа, низ обука, би се навикнала да се задржува на она што е возвишено, небесно, чисто и свето, и не би била привлечена на овие ниски, расипани и подмолни попуштања.

**Умственото мечтаење води кон самовозвишување. -** Доколку мислите, мечтаењето на умот, се од големите намери во кое фигурира своето јас, во зборовите и постапките ќе се открие самофалење и воздигнување на себеси. Овие мисли не се такви кои ќе водат кон блиска заедница со Бога. Оние кои делуваат без промислено размислување, не постапуваат мудро. Тие прават повремени напори, се управуваат тука и таму, се фаќаат за ова или она, но тоа не води никаде. Тие личат на лоза; нејзините ластари неизвежбани препуштени да лутаат по сите правци ќе се фатат за секое ѓубре кое им е на дофат; но пред лозата да може да биде од било каква корист, овие врзувалки мораат да се отргнат од работите за кои се зафатиле и да се истренираат да се обвиваат околу она што ќе ги направи милни и добро обликувани.

**Контролирање на имагинацијата.** - Кога би го обучувала својот ум да се занимава со возвишени предмети, размислувајќи за небесните теми, би можела да направиш многу добро. Би можела да имаш влијание врз умовите на останатите да ги пренасочат своите себични мисли и светољубивите склоности во каналот на духовноста. Доколку твоите склоности и мисли бидат доведени во покорност на Христа, би била способна да правиш добро. Имагинацијата ти е унижена затоа што си ѝ дозволила да тече по забранетиот канал, да стане занесена. Мечтаењето и романтичното градење кули во воздух те онеспособиле да бидеш корисна. Ти живееш во светот на имагинацијата; си станала замислена маченичка и замислен христијанин.

**Држете се понастрана од сатанското маѓепсано тло (совет до едно егоцентрично семејство).** - Треба да се држите понастрана од сатанското маѓепсано тло и да не им допуштате на своите умови да бидат поколебани од својата преданост на Бога. Низ Христа можете и треба да бидете среќни и треба да стекнете навики на самоконтрола. Дури и вашите мисли мораат да се доведат во подреденост на Божјата волја и вашите чувства под контрола на разумот и религијата. Имагинацијата не ви е дадена да ѝ се попушта да биде разуздана и има своја сопствена патека без никакви напори на зауздување или дисциплина. Ако мислите се погрешни тогаш и чувствата ќе бидат грешни; а комбинацијата на мисли и чувства го сочинуваат моралниот карактер. Кога ќе одлучите дека од вас како христијани не се бара да ги зауздувате вашите мисли и чувства, тогаш доаѓате под влијанието на лошите ангели и го повикувате нивното присуство и нивната контрола. Ако им се предадете на своите впечатоци и им дозволите на своите мисли да запловат во каналот на сомнежот, недоумицата и незадоволство, ќе бидете помеѓу најнесреќните смртници и вашиот живот ќе се покаже како промашен.

**Да се гледа животот онаков каков што е. -** Доколку не го гледаш животот онаков каков што е, не ги отфрлаш тие блескави слики од имагинацијата и се спуштиш до трезвените поуки на искуството, ќе се разбудиш кога ќе биде премногу доцна. Тогаш ќе ја разбереш страшната грешка која си ја направила.

**Лакомоста создава замисмислени потреби.** - Случајот на братот И е страшен. Овој свет е негов бог; тој ги обожува парите... Нему не му е потребен укор од никого туку сожалување од сите. Неговиот живот бил страшна грешка. Тој пател од замислена потреба за пари а бил опколен со изобилство. Сатаната го присвоил неговиот ум и возбудувајќи го органот на лакомоста, го залудил по овој предмет. Повозвишените, поблагородните сили на неговото битие доведени се во многу голема подреденост на оваа скржава и себична особина.

Негова единствена надеж е да се скршат овие сатански окови и да се надвладее ова зло во неговиот карактер. Тој тоа се обидел да го направи работејќи нешто по сопствена совест, но тоа не било доволно. Ова просто вложување на голем напор и разделување од својот мамон, цело време имајќи чувство дека се разделува од сопствената душа, не е плод на вистинската религија.

Тој мора да го увежбува својот ум за добри дела. Тој мора да се утврди против својата склоност за стекнување. Тој мора да ги вткае добрите дела во целиот свој живот. Тој мора да негува љубов за правење на добри дела и да се воздигне над ситничавиот и скржав дух кој го негувал.

**Суеверието потекнува од имагинацијата. -** Твоето искуство ми беше покажано како недоверливо затоа што се коси со природните закони. Ова е во судир со непроменливите начела на природата. Суеверието, моја драга сестро, кое потекнува од болната имагинација, те поставува наспроти науката и начелата. На што да се покориш? Твоите предрасуди и сите идеи во поглед на она кој курс е најдобар за следење поврзано со тебе само долго време те задржувало од доброто. Со години сум го разбирала твојот случај но сум се чувствувала некомпетентна да ти ја образложам работата на така јасен начин што би можела да ја увидиш и разбереш и практично да ја примениш светлината која ти е дадена.

**Мајките и имагинацијата. -** Покажани ми беа мајки кои ги води болна имагинација, влијание кое се чувствува на мажот и децата. Прозорите мораат да се чуваат затворени само затоа што мајката го чувствува воздухот. Ако и е ладно и уште дојде до промена во нејзиното облекување, таа мисли дека и децата мора да бидат третирани на ист начин, и така целото семејство се лишува од физичка отпорност. Сите се под влијание на еден ум, физички и ментално повредени од болниот ум на една жена, која себеси се смета за критериум за целото семејство...

Луѓето на себе навлекуваат болест со своите погрешни навики; сепак наспроти светлината и знаењето, тие остануваат верни на сопствениот курс. Тие вака резонираат: „Зар не сме ја испитале оваа работа? И зар не сме ја разбрале врз основа на искуството? Но искуството на личности чија имагинација е погрешна и не треба да има голема тежина за било кого.

**Запрегање на умот.** - Сите се слободни морални посредници, и како такви тие мораат своите мисли да ги воведат во правилен канал. Ова е широко поле по кое умот може безбедно да шета. Ако сатаната настојува умот да го одврати кон ниските и сензуални работи, вратете го повторно назад и насочете го кон вечните работи; и кога Господ ќе види дека се прават одлучни напори да се задржат само чистите мисли, Тој како магнет ќе го привлече умот, чистејќи ги мислите и оспособувајќи ги да се очистат од секој таен грев. „Да ја отфрлиме секоја имагинација и секое

превознесување, што се крева против познавањето на Бога, и да ја донесеме секоја мисла во покорност на Христа“ (2. Коринтјаните 10:5).

Прва задача на оние кои би сакале да се реформираат е да ја очистат имагинацијата. Ако умот отиде во порочен правец, тој мора да се ограничи да се занимава само со чисти и возвишени предмети. Кога сте искушувани да се одадете на расипаната имагинација, тогаш прибегнете кон престолот на благодатта и молете се за сила од небото. Со Божја сила, имагинацијата може да се дисциплинира да се занимава со она што е чисто и небесно.

# НАВИКИ

**Библијата дава начела.** - Божјара Реч изобилува со општи начела за формирање на правилни навики за живеење, а сведоштвата, општи и лични, пресметани се да насочат... на посебно внимание на овие начела.

**Како челична мрежа.** - Еднаш оформена, навиката е како челична мрежа. Може очајнички да се бориш против неа, но нема да попушти. Твојот единствен сигурен курс е да градиш за сегашноста и за вечноста.

**Правила во навиката.** - Должноста на сите е да се придржуваат до строги правила во своите животни навики. Ова е за ваше сопствено добро, драга младино, како физички така и морално. Кога наутро ќе станете, земете ја во предвид, колку е тоа можно, работата која мора да ја завршите во текот на денот. Ако е неопходно, земете мал нотес во кој ќе забележите што мора да направите, и одредете си самите време кога тоа ќе го направите.

**Редовните навики го унапредуваат здравјето.** - Нашиот Бог е Бог на редот, и Тој сака Неговите деца да имаат волја себеси да се доведат во ред и под Негова дисциплина. Според тоа, нели би било подобро да се престане со навиката ноќта да се претвора во ден, а раните утрински часови во ноќ? Доколку младите би оформиле навики на редовност и ред, тие би напредувале во здравјето, во духот, во помнењето и во диспозицијата.

**Отстранувајте ги причините за болест.** - Исправните и коректни навики, интелигентно и истрајно практикувани, ќе ја отстранат причината за болест, и нема да има потреба од примена на силни лекарства. Мнозина чекор по чекор продолжуваат со своите неприродни попуштања, што доведува до најголема возможна неприродна состојба на работите.

**Исправните навики го потпомагаат здравјето.** - Здравјето може да се придобие со исправни навики и може да се примора да послужи на интересот и да се прилагоди кон него. Но овој капитал, подрагоцен од секој залог во банка, може да се жртвува на неумереноста во јадењето и пиењето или препуштањето на органите да зар’ѓаат од неактивноста. Омилените попуштања мораат да се напуштат; мрзливоста мора да се надвладее.

**Навики кои ги деградираат возвишените способности.** - Секоја навика која не ја унапредува здравата акција во човечкиот систем ги деградира повозвишените и поблагородните способности. Лошите навики во јадење и пиење доведуваат до заблуди во мислите и постапките.

**Надвладување на претходно утврдени навики.** - Претходно утврдените навики и замисли во многу случаи мораат да се надвладеат пред можноста за напредување во религиозниот живот.

**Лошите навики е тешко да се одучат (совет до еден раководител).** - Сега ќе ти биде тешко да извршиш промена во својот карактер кој Господ бара да ги направиш, зошто во младоста ти било тешко да бидеш прецизен и да се придвижиш на акција. Кога карактерот ќе се оформи, навиката ќе зацврсне, а менталните и моралните способности ќе станат посилни, најтешко е да се одучиш од лошите навики, и да се биде брз на акција.

Треба да ја разбереш вредноста на времето. Немаш оправдување за изоставување на најважната, иако неугодна работа, надевајќи дека по секоја цена ќе се ослободиш или мислејќи дека така ќе станеш помалку неугодна, додека времето го поминуваш на угодни работи кои всушност не оптеретуваат. Најпрвин мора да ја завршиш работата која мора да се заврши и која вклучува витални интереси на делото и тогаш кога ќе се заврши тоа што е важно треба да се нафатиш и за помалку важните работи.

Прецизноста и одлучноста во Божјото дело се многу битни. Одложувањето е во суштина пораз. Минутите се златни и треба да се искористат на најдобар начин. Земните односи и личните интереси треба секогаш да бидат од второстепено значење. Никогаш не треба да се допушти Божјото дело да трпи и во најмала поединост поради нашите пријатели или најмилите роднини.

**Наследените и стекнатите особини стануваат навики.** - Големата наследена и стекната наклонетост кон злото кај Јуда била лакомоста. Со користење таа станала навика која тој ја внесувал во сите свои работи. Христовите начела на исправност и правда немале место за продавањето и купувањето. Неговите навики за економичност се развиле во цицијашки дух и станале фатална стапица. Добивката за него била мерило за исправно религиозно искуство, и секоја вистинска праведност станувала подредена на тоа. Додека и понатака бил ученик по надворешна форма, додека бил во самата Христова присутност, ги присвојувал за себеси средствата кои припаѓале на Господовата ризница.

**Навиките ја одлучуват иднината.** - Мора да се има на ум дека младите формираат навики кои, во девет од десет случаи, ќе ја одлучат нивната иднина. Влијанието на друштвото со кои се дружат, врските кои ги склопуваат и начелата кои ги прифаќаат ќе ги носат со себе низ животот.

**Лошите навики полесно се формираат отколку добрите.** - Децата се исклучителни приемливи за впечатоци; и поуките кои ги примаат во раните години ќе ги носат со себе низ животот. Сето образование кое ќе го стекнат нема никогаш да го поништи злото кое резултира од слабата дисциплина во детството. Еден пропуст, честопати повторуван, формира навика. Еден погрешен чин подготвува пат за следен. Тој чин повторен, формира навика.

Лошите навики полесно се формираат од добрите, но и потешко се напуштаат. Далеку помалку време е потребно да се расипе диспозицијата на детето отколку да се втиснат начела и навики на праведност на плочките на душата. Само со постојан надзор и противење кон злото можеме да се надеваме на исправна диспозиција.

Господ ќе биде со вас, мајки, додека се обидувате да обликувате исправни навики кај своите деца. Но мора рано да го започнете процесот на обука или вашата идна работа ќе биде значително потешка. Учете ги стих по стих, правило по правило, овде малку и онде малку. Имајте на ум дека вашите деца му припаѓаат на Господа и дека се Негови синови и ќерки. Тој има намера семејствата на земјата да бидат примери на семејства на небото.

**Навиките ретко се менуваат.** - Повторените дела во даден курс стануваат навики. Тие можат да се модифицираат со строга обука, во подоцнежниот живот, но многу ретко се менуваат. Еднаш формираните навики се повеќе и повеќе се втиснуваат во карактерот.

**Напаѓањето на погрешните навики носи малку добро.** - Од мала корист е да се обидуваме да ги реформираме останатите со напаѓање на она што го мислиме за погрешни навики. Таквиот напор честопати резултира со поголема штета отколку корист.

Во Својот разговор со жената Самарјанка, наместо со потценување на Јакововиот бунар, Христос претставил нешто подобро. „Кога би го знаела дарот Божји“ рекол Тој „и Кој е Оној што ти вели; Дај Ми да пијам ти самата би побарала од Него и Тој би ти дал вода жива.“ (Јован 4:10). Тој го свртел разговорот на богатството кое имал да го подари, нудејќи и на жената нешто подобро од тоа што го имала, жива вода, радост и надеж во евангелието.

**Напорите за реформирање произлегуваат од желбата да се прави добро.** - Вистина е дека некогаш луѓето се срамат од своите погрешни патишта и напуштаат некои од своити навики пред да бидат свесни за Христовото привлекување. Но кога и да вложат напор да се реформираат, со искрена желба да постапуваат исправно, Христовата сила е тоа што ги привлекува. Влијанието за кое не се свесни работи на душата, свеста оживува а надворешниот живот се поправа. И како што Христос ги привлекува да гледаат на Неговиот крст, да гледаат кон Оној којшто го

пробиле нивните гревови, заповедта се враќа дома во совеста. Им се открива злото на нивниот живот, длабоко овековечените гревови на душата. Тие почнуваат да разбираат нешто од Христовата праведност и извикуваат: „Што е грев, што се барала таква жртва за искупување на неговите робови? Дали се барала сета оваа љубов, сета оваа мака, сето ова понижување, за да не загинеме, туку да имаме вечен живот?“

**Лошите навики треба да се победат.** - Со гледање како низ стакло на Господовата слава, ние всушност се менуваме во тоа обличје, од слава во слава како од Господовиот дух. Ние премалку очекуваме и добиваме според својата вера. Не смееме да се држиме за своите сопствени патишта, сопствените планови, сопствените идеи; мораме да се преобразиме преку обновување на своите умови за да можеме да искушаме „која е добрата, прифатлива, и совршена Божја волја.“ Востановените гревови мора да се победат и лошите навики да се надвладеат. Лошите особини и чувства мора да се искоренат, а светата природа и емоции да се зачнат во нас преку Божјиот Дух.

Лошите навики, кога им се спротивставуваме, ќе пружат уште пожесток отпор; но ако војувањето продолжи енергично и истрајно, тие може да се победат.

**Христовата благодат ги крши оковите на лошите навики.** - Луѓето мораат да научат дека благословите на послушноста, во сета полнина, можат да бидат нивни само кога ќе ја примат Христовата благодат. Неговата благодат е таа која на човекот му дава сила да се покорува на Божјиот закон. Таа го оспособува да ги скрши оковите на лошите навики. Тоа е единствена сила која може да го направи и одржи постојано на правиот пат.

Низ Христовата сила мажите и жените ги кинат ланците на грешните навики. Тие се одрекуваат од себичноста. Оној кој е порочен станува праведен, пијаница трезен, расипникот морално чист. Душите кои го носеле обличјето на сатаната стануваат преобразени во Божјо обличје.

**Исправните мисли и постапки може да станат вообичаени.** - Единствена сигурност за секоја душа е во исправното мислење. „Зошто какви му се мислите во душата негова таков е и тој“ (Изреки 23:7). Моќта на самоограничување јакнее преку користењето. Тоа што од почетокот изгледа тешко, со постојано повторување станува лесно, а исправните мисли и постапки стануваат вообичаени.

# МРЗЛИВОСТ

**Обврска за развој на интелектот до неговиот максимум.** - Бог бара обука на менталните способности. Тој има намера Неговите слуги да поседуваат повеќе интелегенција и појасно запазување од световните луѓе, а Тој е незадоволен со оние кои се премногу безгрижни или индолентни да бидат корисни, добро информирани работници. Господ ни заповедува да го љубиме со сето свое срце, со својата душа, со сета сила и со сиот ум. Ова не обрзува на развој на интелектот до неговиот полн капацитет, како би можеле со сиот свој ум да го сакаме и познаваме нашиот Создател.

**Човекот наоѓа среќа во работата.** - Адам имал теми за размислување во Божјите дела во Еденската градина, која претставувала небо во минијатура. Бог не го создал човекот само за да размислува за Неговите славни дела; поради тоа, му дал раце да работи како и ум и срце за да размислува. Доколку човековата среќа се состоела во неработење, Создателот не би му дал одредена задача на Адам. Човекот требало да најде среќа во работењето како и во размислувањето.

**Мрзливоста е најголемо проклетство. -** Библијата не ја одобрува мрзливоста. Тоа е најголемо проклетство кое донесува несреќа во нашиот свет.

**Верно извршени секојдневни задачи.** - Некои мислат дека богатството и неработењето се вистински благослови; меѓутоа оние кои се секогаш зафатени и кои бодро ги извршуваат своите секојдневни задачи се најсреќни и уживаат најдобро здравје. Здравиот замор кој произлегува од умерената работа им осигурува благодети на освежувачкиот сон. Пресудата дека човекот мора да работи за својот секојдневен леб и ветувањето за идната среќа и слава - двете доаѓаат од истиот престол и двете се благослов.

**Среќа во исполнување на одредените должности.** - Вистинската среќа се наоѓа само во доброто и правењето на добро. Најчиста и најголема радост доаѓа на оние кои верно ги исполнуваат своите одредени должности.

**Незафатеноста може да одведе до потиштеност.** - Чувството на потиштеност честопати е последица на претераната незафатеност. Мрзливоста дава време за размислување на замислена жалост. Мнозина кои немаат вистински искушенија или потешкотии во сегашноста ги позајму-

ваат од иднината. Кога овие личности би се обиделе да го олеснат бремето на другите, би заборавиле на сопствените. Енергичната работа која би ги повикала во акција менталната и физичката моќ би се покажала како непроценлив благослов за умот и телото.

**Развој на карактерот.** - Запаметете на каква и положба да служите вие откривате побуди, развивате карактер. Било што да правите, правете го тоа прецизно и вредно; надвладејте ја особината за барање на полесна задача.

**Умот мора да се воспита да не гледа на себе.** - Умот мора да се воспита да не гледа на себе, туку да се занимава со теми кои возвишуваат и облагородуваат. Нека драгоцените часови од животот не се трошат во мечтеење за некое големо дело кое ќе се изврши во иднина, додека малите сегашни должности се занемаруваат.

**Неактивноста е штетна по здравјето.** - Инвалидите не смеат да си допуштат себе си да потонат во состојба на неактивност која е многу штетна по здравјето. Моќта на волјата мора да се потврди; аверзијата кон активните вежби и стравот од целокупната одговорности мора да се победат. Тие никогаш нама да го повратат здравјето доколку не се ослободат од оваа апатично, заспана состојба на умот и се придвижат на акција.

**Премногу мрзливост за користење на способностите.** - Оние кои се премногу мрзливи за да ја разберат својата одговорност и да ги користат своите способности ќе пропуштат да ги примат Божјите благослови, а талентите кои им се дадени ќе бидат одземени од нив и предадени на активните, ревни работници кои ќе ги умножат преку постојана употреба.

**Осмислената работа е битна за успех.** - Некои млади луѓе мислат дека кога би можеле да го поминат животот неправејќи ништо корисно би биле неизмерно среќни. Тие негуваат омраза кон корисната работа. Тие им завидуваат на синовите на задоволствата кои своите животи ги посветуваат на забава и разонода... Несреќа и тага е резултат од таквото размислување и однесување. Неработењето многу млади луѓе ги турнало во пропаст.

Осмислената работа е битен услов за успех на секоја млада личност. Бог не би можел да фрли поголемо проклетство на мажите и жените од осудата на неактивност. Мрзливоста ја уништува душата и телото. Срцето, моралниот карактер и физичката енергија слабеат. Разумот страда, а срцето е отворено за искушенијата како широк булевар за да пропадне во секој порок. Мрзливиот човек го искушува ѓаволот за да го искушува него.

**Пустош на индолентните навики (совет на родителите).** - Вие сте биле слепи во однос на силата која непријателот ја имал над вашите деца. Работата во домот, дури до замор, не би им наштетила ниту еден петнаесетти дел од тоа колку што направиле индолентните навики. Тие би одбегнале многу опасности кога во поранипт период би биле насочени да го поминат своето време во корисна работа. Не би стекнале така неспокојна диспозиција, таква желба за промена и да одат во општеството. Би одбегнале толку многубројни искушенија на суетност и на учество во бескорисни забави, површно читање, празни раговори и бесмислици. Времето би им поминувало повеќе на нивно задоволство и без толку многу големо искушение да бараат друштво од спротивниот пол и да се оправдуваат себеси на злиот пат. Суетноста и болната љубов, бескорисноста и извесниот грев, биле последица на оваа индолентност.

**Да се напрегне секој мускул.** - На човекот му е доделена улога во оваа голема борба за вечен живот; тој мора да одговори на работата на Светиот Дух. Пробивот низ силата на темнината бара борба, а Духот работи во него на извршување на оваа задача. Но човекот не е пасивно суштество, да се спаси во неактивност од својата страна. Тој се повикува да го напрегне секој мускул и да користи секоја способност во борбата за бесмртност; но сепак Бог е тој кој обезбедува делотворност.

Ниту едно човечко суштество не може да е во неактивност од своја страна. Господ ни заповедал: „Влезете низ тесната врата, оти широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, и мнозина минуваат низ нив; а тесни се вратите и тесен е патот што води кон живот, и малцина го наоѓаат“ (Матеј 7:13, 14).

# ЕМОЦИОНАЛНИ ПОТРЕБИ

**Причини за постоење.** - Божјиот закон е закон на љубовта. Тој ве опкружил со убавина за да научите дека не сте на земјата поставени едноставно да работите за себе, да копате и градите, да се мачите и работите, туку да го осветлите животот и да го направите радосен и убав со Христовата љубов - како цвеќињата, да ги израдувате другите животи низ службата на љубовта.

**Љубовта ја задоволува внатрешната потреба.** - Љубовта мора да биде начело на акција. Љубовта е основно начело на Божјото владеење на небото и на земјата, и таа мора да биде темел на карактерот на христијанинот. Единствено само тоа може да го направи и одржи постојан. Единствено само тоа може да го оспособи да ги поднесе пробите и искушенијата.

**Негувајте ја љубовта.** - Љубовта кон Бога и меѓусебната љубов мора да се негува, зошто е драгоцена како златото. Потребно е сега на најдобар начин да го претставиме карактерот на чистата и неизвалкана религија, која е, и по својата природа и по своите барања, спротивна на себичноста. Љубовта како онаа која Христос ја претставил е неспоредлива; таа по вредноста е над златото и среброто или драгоцените камења. Мораме да се молиме и да ја бараме љубовта која Христос ја поседувал. Христијанинот кој ја поседува носи карактер кој е над сите човечки слабости.

**Љубовта на сите им е потребна.** - Причината зошто постојат толку закоравени мажи и жени на овој наш свет е тоа што вистинската приврзаност се смета за слабост, па се обесхрабрува и потиснува. Подобриот дел од природата на личноста од оваа група се изопачил и закржлавил во детството, и доколку зраците на Божествената светлост не ги стопат нивното студенило и закоравена себичност, нивната среќа засекогаш ќе биде закопана. За да имаме нежни срца, како што имал Исус додека бил на земјата, и посветена сочувствителност, каква што ангелите имаат кон грешните смртници, ние мора да ги негуваме симпатиите од детството, кои сами по себе се едноставни.

**Срцето – изворот на животот.** - Ниту братот ниту сестрата К немаат искуство во жртвување за вистината, во богатење со добри дела, собирање на своето богатство на небото. Нивното сочувство, грижа и трпеливост не дошле до израз кон зависните, мили деца. Тие воделе сметка само за својата себична удобност. Нивните срца не биле извор од кој те-

челе живи потоци на нежност и приврзаност. Во благословувањето на другите со љубезни зборови и дела на милост и добрина тие самите би придобиле благослов. Тие биле премногу ограничени во својата сфера на корисност.

**Љубовта кон себе го разорува мирот.** - Љубовта кон своето јас е тоа што го разорува нашиот мир. Се додека е живо нашето јас, секогаш сме спремни да го браниме од понижување и навреди; но кога сме мртви и нашиот живот е сокриен со Христа во Бога, занемарувањето и омаловажувањето нема да го примаме до срце. Ќе бидеме глуви за прекорот и слепи за потсмев и навреда. „Љубовта е долготрпелива, полна со добрина, љубовта не завидува, љубовта не се превознесува, не се гордее, не прави што е непристојно, не бара свое, не се срди, не мисли зло, на неправда не се радува, а на вистина се радува, се извинува, во сѐ верува, на сѐ се надева, се претрпува. Љубовта никогаш не престанува, а друго, ако се пророштва ќе престанат, ако се јазици ќе замолкнат, ако се знаења ќе исчезнат.“ (1. Коринтјаните 13:4-8).

**Сигурноста се наоѓа во правилното мислење.** - Потребно ни е постојано чувство на облагородувачката сила на чистите мисли. Единствена сигурност за секоја душа се наоѓа во исправното размислување. Какви што му се на човекот „мислите во душата негова, таков е и тој“ (Изреки 23:7). Моќта на самоограничувањето јакнее преку употребување. Тоа што од почетокот изгледа тешко, со постојани повторувања станува лесно, сѐ додека исправните мисли и постапки не станат вообичаени. Ако сакаме можеме од сѐ што е лошо и евтино да се издигнеме на еден повисок стандард; можеме да бидеме почитувани од луѓето и сакани од Бога.

**Недостатокот на приврзаност расипува.** - Господ ги изложил пред Израилот последиците од одржувањето на заедница со лошите духови во гадостите на Хананејците: тие биле без природна приврзаност, идолопоклоници, прељубодејци, убијци и одвратни заради расипаните мисли и гадни навики.

**Плодот на злобата е смрт.** - Духот на омраза и одмазда потекнува од сатаната, и го навел да го предаде на смрт Божјиот Син. Оној кој негува зло или нељубезност го негува истиот дух, и неговиот плод ќе биде на смрт. Во одмаздољубивите мисли прикриено лежи зло дело, како растение во семе. „Секој, што го мрази братот свој, е човекоубиец; и познато ви е дека ниеден човекоубиец нема живот вечен, што ќе пребива во него“ (1. Јованово 3:15).

**Потреба за друштво.** - Многумина можеле да се запазат од грешните влијанија доколку биле опкружени со добро друштво и слушале како им се зборуваат зборови на љубезност и љубов.

**Природно е да се бара друштво.** - Природно е да се бара друштво. Секој ќе најде другари или ќе ги создаде. И толку во сразмер со силата на пријателството ќе биде количината на влијанието кои пријателите ќе го вршат еден на друг на добро или зло. Сите ќе имаат друштво на кое ќе влијаат или ќе бидат под нивно влијание.

Мистериозна е врската која ги спојува човечките срца така што чувствата, вкусот и начелата на двете личности тесно се соединуваат. Едниот го прифаќа духот и го копира патот и постапките на другиот. И како што восокот го задржува обликот на печатот, така умот ги задржува впечатоците произведени преку општење и дружење. Тоа влијание може да биде несвесно, но сепак не помалку моќно.

**Човекот создаден за друштво.** - Господ го направил човекот за друштво, и Тој има намера да се исполниме со љубезната Христова природа и низ дружење да се поврземе во тесен однос како Божји деца, работејќи за сегашноста и за вечноста.

**Гордоста го разорува пријателството.** - Тие (Христовите непријатели) увиделе дека величеството, чистотата и убавината на вистината, со своето длабоко и благо влијание, постојано освојува многу умови... Тој го срушил ѕидот на раздвојувањето кој толку им ласкал на нивната гордост и ексклузивност; и тие се плашеле дека, доколку му се допушти, Тој можел сосема да го одвлече народот од нив. Поради тоа го следеле Него со одлучно непријателство, надевајќи се дека ќе изнајдат некоја прилика да Го доведат во немилост кај мноштвото и на тој начин да овозможат кај Синедрионот Негова осуда и смрт.

**Друштвото и карактерот.** - Исправно е речено: „Покажи ми го своето друштво и јас ќе ти го покажам твојот карактер". Младите не се свесни какво чуствително влијание вршат на карактерот и угледот со својот избор на друштво. Човекот го бара друштвото на оние чиј вкус, навики и обичаи се сродни со неговите.

Оној кој повеќе го сака друштвото на неуките и порочните личности отколку на мудрите и добрите покажува дека неговиот карактер е таков. Неговите вкусови и навики од почеток може да бидат потполно различни од навиките на оние чие друштво го бара, но како што се меша со овој тип на луѓе неговите мисли и чувства се менуваат; тој ги жртвува правите начела и незабележително, но сепак неизбежно, се спушта до нивото на своите другари. Како што реката поприма од својствата на почвата низ која тече, така начелата и навиките на младите незабележително стануваат обоени со карактерот на друштвото со кое се мешаат.

**Однос кој секој е обврзан да го негува.** - Бог заедно нè поврзува како членови на едно семејство, и секој е обврзан да го негува овој однос. Постојат служби кои на другите им ги должиме и кои не може да се

игнорираат, а сепак да се држат Божјите заповеди. Да се живее, мисли и делува само за себе значи да се стане бескорисен како Божји слуга. Звучните титули и големите таленти не се неопходни за да биде добар граѓанин или примерен христијанин.

**Врска на единство.** - Најнежна земна врска е онаа која постои помеѓу мајката и детето. Детето повеќе ги прима впечатоците од животот и примерот на мајката отколку од тој на таткото; зашто ги поврзува посилна и понежна заедница. Мајките имаат голема одговорност. Доколку би можела да им ја предочам задачата која тие можат да ја вршат во обликување на умовите на своите деца, би била среќна.

**Христос - најголемиот пријател.** - Голема важност се предава на нашите друштва. Ние можеме да формираме многу друштва кои ќе бидат благоугодни и од корист, но никое не е подрагоцено од тоа како она кога ограничениот човек е доведен во врска со бесконечниот Бог. Кога така ќе се соединат, Христовите зборови пребиваат во нас... Резултатот ќе биде очистено срце, претпазлив живот и беспрекорен карактер. Но само преку запознавање и дружење со Христа ние можеме да станеме налик на Него, Беспрекорниот Пример.

**Утеха за умот и мирот за душата.** - Лекарот кој ќе се покаже вреден да се постави за водечки лекар во санаториумот ќе изврши големо дело. Но неговата работа на религиозно подрачје треба секогаш да биде од таква природа што Божествениот противотров за излекување на од грев оптоварените души да се претстави пред пациентите. Сите лекари треба да разберат дека една таква работа мора да се работи со нежност и мудрост. Во нашите установи каде менталните пациенти се доведуваат за третман, утешните зборови на вистина кои се говорат на унесреќените честопати ќе бидат средство за смирување на умот и враќање на мир во душата.

**Дар од Бога.** - Секој добар поттик или стремеж е Божји дар; верата прима од Бога живот, Кој единствено може да предизвика раст и делотворност.

**Внатрешно задоволство за исправноста.** - Несебичноста, начелото на Божјото царство, е принцип кој сатаната го мрази; тој го одрекува и самото неговото постоење. Од почетокот на големата борба тој се трудел да докаже дека Божјите начела на акција се себични, и тој постапува на ист начин со сите кои му служат на Бога. Меѓутоа, Христово дело, и на сите оние кои што го носат Неговото име е да ги побијат тврдењата на сатаната.

Исус дошол во човечки облик за преку Својот живот да даде пример на несебичност. И сите кои го прифаќаат ова начело мора да бидат Негови потпомагачи демонстрирајќи го во практичниот живот. Да се избере правото затоа што е право; да се стои за вистината по цена на страдање

и жртва – „тоа е наследство на слугите Господови, и нивната праведност е од Мене, вели Господ“ (Исаија 54:17).

**За довербата и соработката, светот му должи на Божјиот закон.** - За сето она што довербата и соработката ја прави да биде можна, светот му должи на Божјиот закон, како што е даден во Неговата Реч, и чии трагови сè уште се запишани во редови скоро нејасни и речиси избришани, во срцата на луѓето.

**Живиот успех наспроти парите.** - Кога ќе се доведеме себеси во исправен однос со Бога, ќе имаме успех каде и да одиме; успехот е тоа што ни е потребно, не парите туку живиот успех, а Господ ќе ни го даде тоа затоа што знае сè за нашето самоодрекување. Тој знае за секоја жртва што ја правиме. Можеби мислиш дека твоето самоодрекување не прави никаква разлика, дека треба да имаш повеќе обѕири итн. Но кај Господа тоа прави да има голема разлика.

Повеќе пати ми е покажано дека кај поединци кои почнуваат да тежнеат за сè поголема и поголема плата, нешто доаѓа во нивното искуство што ги поставува таму каде што нема да стојат на погодно тло. Но кога земаат плата која во себе го носи фактот дека се самопожртвувани, Господ го гледа нивното одрекување и им дава успех и победа. Ова секогаш одново ми е покажувано. Господ Кој гледа тајно ќе им плати јавно за секоја жртва за која се покажало дека Неговите слуги биле волни да ја поднесат.

**Сигурноста не е во богатството.** - Мнозина мислат да пронајдат сигурност во земните богатства. Но Христос настојува да ја отстрани прашината од нивните очи која го замрачува видикот и така ги оспособи да гледаат на далеку поважна и вечна слава. Тие се заблудени фантоми за реалноста и ја изгубиле од вид славата на вечниот свет. Христос ги повикува да го прошират својот поглед над сегашноста и да додадат вечност во својата визија.

**Во потпирањето на Бога е вистинската сигурност.** - Сатаната е многу свесен дека и најслабата душа која пребива во Христа е повеќе отколку рамна со војската на темнината, и дека кога, отворено би се открил, би бил дочекан и одбиен. Поради тоа настојува да ги извлече војниците на крстот од нивното силно утврдување, додека тој е во заседа со своите сили, подготвен да ги уништи сите кои ќе се осмелат да стапнат на неговиот терен. Само во понизно потпирање на Бога и послушност на сите Негови заповеди, можеме да бидеме сигурни.

**Бог нуди сигурност.** - Бог сака да го одбереме небесното наместо земното. Тој отвора пред нас можност за небесно вложување. Тој би сакал да ги охрабри нашите највозвишени цели, да му даде сигурност на нашето најодбрано богатство. Тој објавува: „Ќе направам луѓето да бидат

поскапи од чисто злато, поскапи од Офирското злато“ (Исаија 13:12). Кога богатството кое молецот го прождерува и р’ѓата расипува ќе се однесе, Христовите следбеници можат да се радуваат во своето небесно богатство, богатство кое е непропадливо.

**Посветувачкото влијание на вистината.** - Единствена сигурност за секоја душа е во исправното мислење. Ние мораме да го искористиме секое средство кое ни го дал Бог на располагање за управување и култивирање на своите мисли. Ние мораме да ги доведеме своите умови во склад со Неговиот ум. Неговата вистина ќе нè посвети, телото душата и духот, и ќе бидеме оспособени да се издигнеме над искушенијата. Зборовите кои ги зборуваме ќе бидат мудри зборови.

**Применетата вистина го унапредува здравјето.** - Кога луѓето кои се оддавале на лоши навики и погрешни постапки се предадат на силата на божествената вистина, примената на таа вистина во срцето ја оживува моралната моќ, која изгледала парализирана. Примателот поседува посилно, појасно разбирање од она кое го имал пред припојувањето на својата душа со Вечната Карпа. Дури и неговото физичко здравје се унапредува со разбирање на својата сигурност во Христа. Посебен Божји благослов почива на примателот во здравје и сила.

**Олеснување од вината.** - Одземениот во Христа нашол исцелување и за душата и за телото. Му било потребно најпрвин здравје за душата за да може да го цени здравјето на телото. Најпрво пред да ја излекува физичката болест, Христос морал да донесе олеснување на умот и да ја очисти душата од гревот. Оваа поука не смее да се изгуби од вид. Денеска има илјадници кои патат од физичка болест, кои, како одземениот, копнеат за пораката: „Ти се опростуваат твоите гревови“. Бремето на гревот, со своите неспокојни и незадоволени желби, е темел на нивната болест. Тие не можат да најдат олеснување се додека не дојдат кај Исцелителот на душите. Мирот кој само Тој може да го даде би ја обновил свежината на умот и телесното здравје.

**Сила за еден ден.** - Ангелите, кои ќе направат за вас тоа што вие не можете да го направите сами, чекаат на ваша соработка. Тие очекуваат да одговорите на Христовите привлекувања. Приближете се кон Бога и едни кон други. Со желба, тивка молитва, отпор кон сатанските орудија, ставете ја својата волја на страна на Божјата волја. Додека имате желба да се спротивставите на ѓаволот, и искрено се молите: „Избави не од искушенија“, ќе имате сила за својот ден.

Задачата на небесните ангели е да им пријдат блиску на оние кои се во искушение и на оние кои страдаат. Тие долго и неуморно работат на спасување на душите за кои Христос умрел.

# ДИСПОЗИЦИЈА

**Различни диспозиции.** - Во своето меѓусебно дружење мораме да запомниме дека сите немаат исти таленти и исти диспозиции. Работниците се разликуваат во своите планови и замисли. Различните дарови, здружени, неопходни се за успех на делото. Да запомниме дека некои можат да потполнат одредени положби поуспешно од другите. Работникот кому му е дадена тактичност и способност која го оспособува за извршување на некои посебни гранки на делото не треба да ги укорува другите што не се во состојба да го извршат она што тој би можел лесно да го направи. Зарем нема работи кои неговите колеги не можат да ги извршат поуспешно отколку тој?

**Различна диспозиција, различно гледиште.** - Секое здружение во животот повикува на исполување на самоконтрола, трпеливост и сочувство. Ние толку многу се разликуваме во диспозицијата, во навиките, образованието што нашиот начин на набљудување на работите е сосема различен. Ние различно судиме. Нашето разбирање на вистината, нашите идеи врзани за однесувањето во животот, не се исти во секој поглед. Не постојат две личности чие искуство е исто во секоја поединост. Искушенијата на едната не се исти и на другата личност. Должностите кои на едната ѝ се лесни, на другата ѝ се тешки и замрсени.

**Разновидност на диспозиција во семејството.** - Честопати постои впечатлива различност на диспозицијата и карактерот во исто семејство, зошто Божја замисла е личности со различни темпераменти да се дружат. Кога е ова случај, секој член на семејството треба да има свет обѕир кон чувствата и треба да ги почитува правата на другите. На овој пат ќе се култивираат взаемниот обзир и сносливост, предрасудите ќе омекнат и грубите црти на карактерот ќе се измазнат. Хармонијата може да се осигура, а мешањето на различните темпераменти може да биде од корист за секого.

**Родителите ја пренесуваат диспозицијата.** - И татковците исто како и мајките се вклучени во оваа одговорност. Двајцата родители ги пренесуваат своите сопствените карактеристики, ментални и физички, својата диспозиција и желби, на своите деца.

**Наследена диспозиција**. - Бог сака меѓусебно да си помагаме со покажување на сочувство и несебична љубов. Постојат оние кои имаат наследени специфични темпераменти и диспозиции. Може да биде тешко да се дружите со нив, но дали ние сме беспрекорни? Тие не смеат да се обесхрабрат. Нивните заблуди не смеат да се направат општа сопстве-

ност. Христос ги сожалува и им помага на оние кои грешат во расудувањето. Тој ја поднел смртта за секој човек и поради тоа Тој има нежен и длабок интерес за секој човек.

**Промена кон пријатна диспозиција.** - „Стражарете и молете се“ е налог кој честопати се повторува во Светото Писмо. Во животите на оние кои се покоруваат на овој налог ќе постои една прикриена струја на среќа која ќе ги благослови сите со кои ќе дојдат во контакт. Оние кои се со смислена и зла диспозиција ќе станат пријатни и благи; оние кои се горди, кротки и понизни.

**Редовноста и редот ја унапредуваат диспозицијата.** - Кога младите би формирале навики на редовност и ред, би напредувале во здравјето, во духот, во помнењето и во диспозоцијата.

**Диспозицијата може да се преобликува.** - Господ во Својата милост на луѓето им ги открива нивните скриени мани. Тој би сакал критички да ги преиспитаат комплицираните емоции и побуди на своето срце и да го откријат тоа што не чини, да ја преобликуваат својата диспозиција и да ги префинат манирите. Бог би сакал Неговите слуги да се запознаат со своите срца. За да може да ги доведе до вистинско спознавање на својата состојба, Тој допушта да ги зафати огнот на неволјите како би се исчистиле.

**Мрзливата диспозиција ја расипува делотворноста на учителот.** - Над сѐ останато, оној кој обучува млади треба да биде свесен за одавањето кон мрзоволната или потиштената диспозиција; зошто ова ќе го лиши од симпатиите на учениците, но без симпатиите не може да се надева да им биде од корист. Ние не смееме да ја затемнуваме сопствената патека или патеката на другите со сенката на своите искушенија. Имаме Спасител на кој треба да му пријдеме, во чие сожаливо уво можеме да ја излиеме секоја жалба. Нему можеме да му ги оставиме сите свои грижи и бремиња и тогаш нашата работа нема да изгледа тешка или нашите искушенија сериозни.

**Обединување на ведрината и непорочноста.** - Исусовата религија омекнува било што да е тешко или грубо во карактерот и израмнува сѐ што е нерамно или остро во манирите. Таа зборовите ги прави благи а владеењето освојувачко. Да научиме од Христа како да го обединиме високото чувство на чистота и непорочност со ведрата диспозиција. Љубезниот, учтив христијанин е најмоќен аргумент кој може да се произведе во полза на христијанството.

**Несоодветната исхрана ја расипува диспозицијата.** - Мнозина ја расипуваат својата диспозиција со несоодветна исхрана. Ние би требало да внимаваме да ги научиме поуките за здравствената реформа онака

како што совршено ги подготвуваме своите студии, зошто навиките кои ги усвојуваме во овој правец ни помагаат во формирање на карактерот за идниот живот. Можно е да го расипеме своето духовно искуство преку злоупотреба на желудникот.

**Месото произведува раздразлива диспозиција.** - Бог не го отстранил месото од Евреите во пустината за едноставно да го покаже Својот авторитет, туку за нивно добро, за да ја сочуваат физичката и моралната сила. Тој знаел дека со употреба на месото јакнат животинските страсти и слабее разумот. Тој знаел дека удоволувањето на желбата на Евреите за месо би ја ослабнало нивната морална моќ и би произвело таков надразлив карактер што таа огромна армија би станала непокорна, би го изгубила високото чувство на морална обврска и би одбиле да се управуваат според мудрите Јеховини закони.

**Шеќерот и диспозицијата.** – Шеќерот не е добар за желудникот. Тој предизвикува ферментација, а тоа го помрачува мозокот и внесува раздразливост во диспозицијата.

**Омекнување на изопачената диспозиција.** - Напредувањето во христијанското искуство се одликува со пораст на понизноста, како последица на зголемено знаење. Секој кој се соединува со Христа ќе отстапи од секое беззаконие.

Ви велам, во Божјиот страв, покажано ми е дека мнозина помеѓу вас ќе го пропуштат вечниот живот затоа што својата надеж во небото ја градите на лажна основа. Бог ве препушта самите на себе, „да се понижите и испитате, да спознаете што... имате во срцето.“ Вие сте го запоставиле Светото Писмо. Ги презирате и отфрлате сведоштвата затоа што ги укоруваат вашите омилени гревови и го пореметуваат вашето самозадоволство.

Кога Христос се негува во срцата, Неговото обличје ќе се открие во животот. Понизноста ќе владее таму каде што гордоста била доминантна. Покорноста, кротоста, трпливоста, ќе ги омекнат грубите црти на природно изопачената, жестока диспозиција. Љубовта кон Исуса ќе се покаже со љубов кон Неговиот народ. Таа не е непостојана и плашлива, туку мирна, длабока и силна.

Животот на христијанинот ќе биде лишен од секое преправање, слободен од секаква извештаченост, лукавство и лага. Тој е сериозен, вистинит, величенствен. Христос зборува во секој збор. Тој се запазува во секое дело. Животот зрачи со светлоста на Спасителовото присуство. Во разговорот со Бога и радосно набљудување на небесните работи душата се подготвува за небото и работи во собирање на другите души во Христовото стадо. Нашиот Спасител може и е волен да направи за нас повеќе отколку што бараме или дури мислиме.

**Бог може да ја обликува диспозицијата.** - Било каква да е вашата положба, Бог е во состојба така да ја обликува диспозицијата што таа може да биде пријатна и христолика. Со жива вера можеме да се одвоиме од сè што не е во склад со Божјиот ум, и на тој начин да го донесеме небото во својот живот овде доле. Ќе сакате ли ова да го направите? Ако сакате, ќе имате ведрина во секој чекор.

**Благослов за болните.** - Пријатната диспозиција, прекрасниот карактер, Господ ќе ги употреби за да донесе благослов на болните. Вистините на Божјата Реч поседуваат посветувачка, преобразувачка сила. Ако се примат во срцето и применат во животот, тие ќе се покажат како животен мирис за живот. Нека оние кои се вработени во нашите установи нека бидат такви што светлината на вистината ќе светли во нивните секојдневни зборови и постапки. Христос единствено такви ќе ги прифати како Свои соработници.

**Хармонија од различни диспозиции.** - Хармонијата и единството кое постои меѓу луѓето со различни диспозиции е најсилно сведоштво кое може да се покаже дека Бог го испратил Својот Син во светот за да ги спаси грешниците. Наша привилегија е да го носиме ова сведоштво. Но за тоа да го направиме, мораме да се ставиме под Христова команда. Нашиот карактер мора да се обликува во склад со Неговиот карактер, нашата волја мора да биде предадена на Неговата волја. Тогаш ќе работиме заедно без било какви мисли на неслога.

**Диспозиција исполнета со благодарност и мир.** - Од сè што се бара, одгледува и култивира, нема ништо така вредно во Божјите очи како чисто срце, диспозиција исполнета со благодарност и мир.

**Диспозицијата не се менува со воскресението.** - Ако сакате да бидете свети на небото најпрвин мора да бидете свети на земјата. Цртите на карактерот кои ги одгледувате во животот нема да се променат со смртта или воскресението. Од гробот ќе станете со иста диспозиција која сте ја покажале во својот дом и во општеството.

# ОПШТЕСТВЕНИ ОДНОСИ

**Не смее да се запостави ниту една гранка од образованието.** - Вкупно земено, Божјиот народ премногу малку ја негува христијанската друштвеност. Оваа гранка на образованието не смее да се занемари или да се изгуби од предвид во нашите училишта.

**Друштвените предимства се таленти.** - Оние кои поседуваат голема приврзаност се под обврска пред Бога да ја подаруваат, не само на своите пријатели туку и на сите на кои им е потребна нивната помош. Друштвените предимства се таленти кои мораат да се употребат за добробит на сите кои се во домен на нашето влијание.

**Не се независни атоми.** - Студентите треба да се учат дека не се независни атоми туку дека секој од нив е нишка која мора да се соедини со останатите нишки во составувањето на ткаенината. Ова упатство не може поуспешно да се даде во ниту една област освен во домашното училиште. Овде учениците секојдневно се опкружени со можности, кои, ако се искористат, многу ќе помогнат во развивање на друштевните црти на нивниот карактер. Во нивна сопствена сила е на тој начин да го искористат своето време и приликите за да развијат карактер што ќе ги направи среќни и корисни.

Оние кои се затвораат во себе, кои не се волни да дадат нешто од себеси за да бидат на благословот на другите преку пријателското дружење, губат многу благослови; затоа што со взаемниот контакт, умот прима полирање и префинетост; со друштвено општење, се започнуваат познанства и се склопуваат пријателства кои резултираат во единство на срцата и атмосфера на љубов која е пријатна во очите на небото.

**Важноста од друштвените односи.** - Низ друштвените односи христијанството доаѓа до контакт со светот. Од секој маж и жена кои ја имаат пробано Христовата љубов и ја примиле во срцето божествената просветленост, Бог бара да ја растураат таа светлина на темната патека на оние кои не се запознати со подобриот пат... Друштвената моќ, посветена од Христовиот Дух, мора да се искористи за придобивање на души за Спасителот.

**Друштвените елементи мораат да се култивираат.** - Ние многу губиме кога ја занемаруваме привилегијата на заемно дружење во цел на јакнење и меѓусебно храбрење во Божјата служба. Вистината на Неговата Реч ја губи својата живост и важност во нашите умови. Нашите срца престануваат да бидат осветлени и разбудени со нивното посветувачко

влијание, и ние опаѓаме во духовноста. Во своето христијанско дружење ние многу губиме со својот недостаток на меѓусебно сочувство. Оној кој се затвора во себе не ја пополнува положбата која Бог му ја наменил. Соодветната култивација на друштвените елементи во нашата природа нам ни донесува сочувство кон другите и е средство за развој и сила за нас во Божјата служба.

**Исус бил многу друштвен.** - Целиот живот на Спасителот се одликувал со несебична добронамерност и убавина на светлоста. Тој е наш пример на добрина. Од почеток на Неговата служба, луѓето почнале појасно да го разбираат Божјиот карактер. Тој ги спроведувал Своите учења во сопствениот живот. Покажувал доследност бес своеглавост, добронамерност без слабост, нежност и сочувство без сентименталност. Тој бил многу друштвен, па сепак поседувал резервираност која ја обесхрабрувала секоја фамилијарност. Неговата умереност никогаш не доведувала до фанатизам или аскетизам. Тој не се поистоветувал со светот, но сепак бил внимателен кон потребите на најмалиот меѓу луѓето.

**Друштвената љубезност и човечкото достоинство.** - На трпезата на цариниците Тој седел како почесен гостин, покажувајќи преку Своето сочувство и друштвена љубезност дека го признава човечкото достоинство; и луѓето копнееле да се покажат вредни за Неговата доверба. На нивните жедни срца Неговите зборови паѓале со блажена, животодавна сила. Биле побудувани нови подстреци, и на овие отфрлени од општеството им се отворила можност за нов живот.

**Учениците биле подучувани на правите друштвени должности.** - Христос ги учел Своите ученици како да се однесуваат во друштво на другите. Тој ги упатувал во поглед на должноста и уредбите за правилен друштвен живот, кои се исти како законите на Божјото царство. Тој ги учел учениците, преку пример, дека кога присуствуваат на некој јавен собир, тие не треба да бидат во недостаток за нешто да кажат. Неговиот разговор при празниците впечатливо се разликувал од она што во такви прилики се слушало во минатото. Секој збор кој бил изговорен бил мирис животен за живот. Тој зборувал со јасност и едноставност. Неговите зборови биле како златни јаболка во сребрени садови.

**Да не се одрекуваме од друштвената заедница.** - Христовиот пример на поврзување на Себеси со интересите на човештвото треба да го следат сите кои ја проповедаат Неговата Реч и сите кои го примиле евангелието на Неговата благодат. Не смееме да се одрекуваме од друштвената заедница. Не треба да се одвојуваме од другите. За да допреме до сите општествени класи мораме да ги сретнеме таму каде што тие се. Тие ретко доброволно ќе нè побараат. Срцата не се допираат со божествената вистина исклучително од проповедалната. Постојат други полиња

за работа, можеби скромни, но и тоа како ветуваат. Тие се наоѓаат во домот на малите но и во дворците на големците; во гостољубивиот пансион и на собирите за невино друштвено уживање.

**Потреба за дружење.** - Губитокот кој се чувствува кога луѓето изостануваат од собирите на Божјиот народ не е мал. Како Божји деца мораме да се најдеме на секој Божји собир, каде што Неговиот народ е обврзан да присуствува, и да ја пружи речта на животот. На сите им е потребна светлост и сета помош која може да се добие како кога ќе ја чујат и примат драгоцената поука од небото, преку Божјиот наименуван посредник, би можеле да бидат спремни да ја разделат на другите дадената светлост.

**Воспитувањето го обликува друштвеното ткиво.** - Воспитувањето кое се пружа на младите го обликува целото друштвено ткиво. По целиот свет, друштвото е во неред, и потребно е целосно преобразување. Мнозина претпоставуваат дека подобрите зданија за користење при воспитувањето, поголема вештина, и современите методи би ги поставиле работите на свое место. Тие исповедуваат дека веруваат и примаат живи Божји зборови, но сепак на Речта Божја и даваат споредна положба во големата структура на образование. Тоа што би требало да биде на прво место се подредува на човечките измислици.

**Друштвеното влијание во домот.** - Мисијата на домот се протега над неговите сопствени членови. Христијанскиот дом треба да биде очевидна поука, илустрирајќи ја извонредноста на исправните животни начела. Таквата илустрација ќе биде сила за добро во светот. Далеку помоќна од секаква проповед која може да се изнесе е влијанието на правиот дом врз човечките срца и животи. Кога младите излегуваат од таквиот дом, поуките кои ги научиле се пренесуваат. Благородните начела се претставуваат на други семејства и едно возвишено влијание делува во заедницата.

**Друштвеноста е моќен фактор.** - Христијанската љубезност и друштвеност се моќни фактори во придобивање на наклонетоста на младите.

**Костурот на општествениот живот се ниша.** - Доктрината дека луѓето да се ослободуваат од послушноста на Божјите барања веќе толку ја ослабнало силата на моралните обврски и ја отворило браната на беззаконието во светот. Незаузданост, раскалашеност и расипаност нè заплискуваат нас како плима која надоаѓа. Во семејството, сатаната е на дело. Неговото знаме се виори, дури и во домовите кои исповедаат христијанство. Постои завист, зли нагаѓања, лицемерност, отуѓеност, надмудрување, раздор, предавство на светата доверба, одавање на блуд. Цел систем на религиозни начела и доктрини, кој треба да биде темел и основа на друшт-

вениот живот, прилега на маса која се тетерави, спремна да се распадне во рушевини.

**Божјите одредби ја спречуваат општествена неправда.** - Господ би сакал да ја сопре прекумерната љубов кон поседувањето и моќта. Големи зла ќе резултираат од постојаното трупање на огромно богатство на една класа, и сиромаштвото и деградацијата на другата. Без одредено ограничување, моќта на богатите би станала монопол, а сиромашните, иако во секој поглед подеднакво вредни во Божјите очи, би се сметале и третирале како инфериорни во однос на нивните попросперитетни браќа.

Чувството на ова угнетување би ги разбудило страстите на сиромашната класа. Би постоело чувство на очај и безнадежност кое би имало тенденција на деморализација на општеството и би ја отворило вратата на злосторствата од секаков вид. Прописите кои Бог ги востановил биле наменети да промовираат еднаквост во општеството. Одредбите за саботната и опросната година, во голема мера, ја исправиле неправедноста до која доаѓало во текот на еден одреден период во општествената и политичката економија на нацијата.

**Општествените рангови го потврдуваат и развиваат карактерот.** - Не била Божја намера сиромаштвото било кога да го напушти светот. Општествените слоеви никогаш не требало да се изедначат, зошто разновидноста на состојба со која се одликува нашиот род е едно од средствата кои Бог ги замислил за испробување и развивање на карактерот.

Мнозина нагласуваат со голем ентузијазам дека сите луѓе треба да имаат еднаков дел во земните благослови од Бога, но ова не е намера на Создателот. Христос рекол дека секогаш ќе имаме сиромаси со себе. Сиромашните, како и богатите, се куповина со Неговата крв; и помеѓу Неговите следбеници по име, во најголем број на случаи, првите Му служат со едноставноста на намерата, додека последните непрестано ја врзуваат својата приврзаност за своите земни ризници, а Христос се заборава. Грижата на овој живот и лакомството за богатење ја замрачуваат славата на вечниот свет. Кога земните имоти подеднакво би се распоределе, тоа би била најголема несреќа која било кога паднала на човештвото.

**Бог ги исклучува општествените сталежи.** - Христовата религија го издигнува примателот на поголемо ниво на мисли и акција, додека таа во исто време го претставува целиот човечки род како еднакви објекти на Божјата љубов, откупени со жртвата на Неговиот Син. Покрај Исусовите нозе се среќаваат богатите и сиромашните, учените и неуките, без ниту една мисла за сталежот или световната надмоќност. Сите земни разлики се забораваат додека го набљудуваме Оној Кој го прободеле нашите гревови.

Самоодрекувањето, снижувањето, бесконечното сожалување на Оној Кој бил високо издигнат на небото ја понижува човечката гордост, сомов-

реднувањето и општествените сталежи. Чистата, неизвалкана религија ги манифестира своите небесни начела со влегување во единство на сите кои се посветени преку вистината. Сите се среќаваат како души купени со крвта, подеднакво зависни од Оној Кој ги откупил за Бога.

**Лек за општественото зло.** - На оваа мудра припрема за духовните потреби на своите поданици (поставување на свештеници учители), Јосафат многу му должел на својот напредок како владетел. Во послушноста кон Божјиот закон се крие голема добивка. Во усогласувањето со божествените барања постои преобразувачка сила која носи мир и добра волја меѓу луѓето. Доколку учењето на Божјата Реч би се направила владеачко влијание во животот на секој маж и жена, ако умот и срцето се доведени под нејзината ограничувачка сила, злото кое сега постои во националниот и друштвениот живот не би можело да најде место. Од секој дом би се ширело влијание кое мажите и жените би ги направило силни во духовното разбирање и во моралната сила, и така нациите и поединците би се ставиле на погодно тло.

**Правилната култивација на општествените односи донесува мир.** - Оние кои живееле далеку од шаторот, повеќе од еден месец секоја година морале да одвојуваат за присуствување на годишните празници. Овој пример на посветување кон Бога треба да ја нагласи важноста на верската служба и нужноста за подредување на нашите себични, световни интереси на она што е духовно и вечно.

Ние трпиме загуби кога ја занемаруваме привилегијата на заедничко дружење во цел на меѓусебно јакнење и храбрење во Божјата служба. Вистината на Неговата Реч ја губи својата живост и важност во нашите умови. Нашите срца престануваат да бидат расветлени и потхрабрени со тоа посветувачко влијание, и ние паѓаме во духовност. Во своето христијанско општење ние многу губиме поради недостатокот на меѓусебно сочувство. Оној кој се затвора во самиот себе не ја пополнува положбата која Бог му ја одредил. Ние сите сме деца на еден Татко, меѓусебно зависни за среќа. Божјите барања и потребите на човештвото се врз нас. Правилната култивација на друштвените елементи на нашата природа е она што нè донесува во сочувство со нашите браќа и ни дава среќа во напорите да ги благословиме другите.

**Не треба да се раководиме по стандардите на луѓето.** - Постојано ја претставувам потребата дека секој човек треба да дава сè од себе како христијанин, да се обучува за да го оствари растот, ширењето на умот, благородноста на карактерот, кој е можно секој да го има. Во сè што правиме ние мораме да го одржуваме христијанскиот однос на еден со друг. Мораме да ја искористиме секоја духовна сила за спроведување на мудрите планови во сериозна акција. Божјите дарови мораат да се употребат за спасување на души. Нашите меѓусебни односи не смеат да се ра-

ководат според човечките стандарди туку според божествената љубов, љубов изразена во Божјиот дар за нашиот свет.

**Да се развива друштвената моќ за задобивање на души.** - Посебно оние кои ја имаат вкусено Христовата љубов треба да ја развиваат својата друштвена моќ, зошто на тој начин тие можат да придобијат души за Спасителот. Христос не смее да се прикрие во нивните срца, да се затвори како посакувано богатство, свето и слатко, да се ужива само за себе; ниту Христовата љубов не треба да се покажува исклучително кон оние кои го задоволуваат нивниот вкус.

Студентите мораат да се учат на христолично покажување на љубезна заинтересираност, на друштвена наклонетост кон оние кои имаат најголема потреба, па дури иако тие не се нивното одбрано друштво. Во секое време и на секое место Исус покажувал љубезно интересирање за човечкото семејство и расипувал околу себе светлина на весела побожност. Студентите треба да се учат да ги следат Неговите стапки. Тие треба да се учат да покажуваат христијанска заинтересираност, сочувство и љубов кон своите помлади другари и да настојуваат да ги доведат кон Исуса; Христос треба да биде во нивните срца како вода која тече во вечен живот, освежувајќи ги сите оние кои доаѓаат во контакт со неа.

Сите треба да станеме сведоци за Исуса. Друштвената моќ, посветена од Христовата благодат, мора да се усоврши во задобивање на души за Спасителот. Нека светот види дека не сме себично преокупирани со сопствените интереси туку дека сакаме и другите да ги делат нашите благослови и привилегии. Нека видат дека нашата религија не нè прави нечуствителни или строги. Нека сите кои исповедаат дека го нашле Христа служат како и Тој што правел за доброто на луѓето.

# ОТФРЛАЊЕ

**Зголемување на привидните потешкотии.** - Мнозина ги зголемуваат привидните потешкотии и тогаш почнуваат да се сожалуваат самите себеси и да се оддаваат на потиштеност. Таквите мораат да направат целокупна промена во себе си. Тие треба да се дисциплинираат да вложат труд и да ги надвладеат детинските чувства. Тие треба да научат да не го поминуваат животот занимавајќи се со ситници... Секој треба да има некој стремеж, цел во животот. Бедрата на умот треба да се запрегнат а мислите треба да се обучат да држат до одредена точка, како компас кон полот. Умот треба да се насочи во исправен канал, според добро осмислени планови. Тогаш секој чекор ќе биде чекор кон напредок... Успехот или неуспехот во животот во голема мерка зависи на кој начин се дисциплинираат мислите.

**Нема причини за очајување.** - Никој не треба да се препушти на обесхрабрувањето или очајот. Сатаната може да ви дојде со сурова сугестија: „Твојот случај е безнадежен. Ти си неоткуплив.“ Но постои надеж за вас во Христа. Бог нам не ни заповедал да победиме со сопствена сила. Тој нè моли да пријдеме поблиску до Неговата страна. Било какви да се потешкотиите под кои работиме, кои ја притискаат душата и телото, Тој чека да нè ослободи.

**Чувајте се од самосожалувањето.** - Мораме да се чуваме од самосожалувањето. Никогаш не се препуштајте на чувството дека не сте ценети како што би требало, дека вашите напори не се ценат, дека работата ви е претешка. Нека сеќавањето за она што Христос го поднел за нас ја замолчи секоја таква мисла. Ние сме третирани подобро отколку што беше нашиот Господ.

Самосожалувањето е погубно по карактерот за оние кои го одгледуваат и тоа прави влијание кое ја расипува среќата на другите.

**Способност да се поднесе запоставувањето.** - Душата која го љуби Бога се издига над маглата на сомнежот; таа стекнува блескаво, широко, длабоко, живо искуство и станува кротка и христолика. Таа се предава на Бога, се сокрива со Христа во Бога. Таа ќе биде во состојба да ја поднесе пробата на запоставување, на укор и презир, затоа што сето тоа го претрпел нејзиниот Спасител. Таа нема да стане надразлива или обесхрабрена кога ќе ја притиснат потешкотии, зошто Исус не се предал или бил обесхрабрен. Секој прав христијанин ќе биде јак, не во силата и заслугите на своите добри дела, туку во Христовата праведност, која му се препишува преку вера. Многу голема работа е да се биде кроток и пони-

зен во срцето, да се биде чист и неизвалкан, како што бил Принцот на небото кога чекорел помеѓу луѓето.

**Да не се земе запоставувањето на срце.** - Љубовта кон себе си е тоа што го уништува нашиот мир. Се додека нашето јас е живо, ние стоиме спремни да го одбраниме од понижување и навреди; но кога сме мртви и кога нашиот живот е сокриен со Христа во Бога, нема да го примаме запоставувањето или омаловажувањето на срце. Ќе бидеме глуви за укорите и слепи на исмејувањето и навредите.

**Потиштеноста е плод на претерано денгубење.** - Чувството на потиштеност честопати е плод на претерано денгубење. Рацете и умот треба да се преокупираат со корисна работа, олеснувајќи го бремето на другите; и оние кои на тој начин се запослуваат и самите ќе имаат од тоа корист. Денгубењето дава време за размислување на замислени жалости, а честопати оние кои немаат вистински потешкотии и искушенија ќе ги позајмат од иднината.

**Утеха за едно отфрлено сираче.** - О, ова е студен и себичен свет! Твоите роднини, кои требало да те сакаат и издржуваат поради твоите родители ако не поради тебе, се затвориле во својата себичност и немаат посебен интерес за тебе. Но Бог ќе ти биде поблизок и помил од сите земни роднини. Тој ќе ти биде твој пријател и никогаш нема да те напушти. Тој е татко на оние кои се без татко. Неговото пријателство ќе се покаже како сладок мир и ќе ти помогне храбро да ја поднесеш својата голема загуба.

Настојувај Бога да го направиш свој пријател, и никогаш нема да ти недостига пријател. Ќе бидеш изложен на искушенија; но сепак биди постојан и труди се да го разубавиш твоето занимање. Ќе ти биде потребна благодат за да опстанеш, но Божјото сожаливо око е врз тебе. Моли се многу и сериозно, верувајќи дека Господ ќе ти помогне. Чувај се од раздразливоста и чувствителноста и од духот на маченииштво. Трпеливоста е особина која треба да ја поттикнуваш. Тежнеј кон побожноста на срцето. Биди доследен христијанин. Поседувај љубов кон чистотата и понизната едноставност, и нека тие се вткаат во твојот живот.

**Никогаш немој да се чувствуваш осамено.** - Никогаш не мораш да бидеш осамен, чувствувајќи дека си сам, доколку го земеш Исуса за свој Другар и свој вечен Пријател.

**Занемарувањето ја уништува душата.** - Душата не се уништува само со противење туку и со занемарување.

**Меѓусебна трпеливост.** - Ние мораме меѓусебно да се поднесуваме, имајќи ги на ум своите пропусти. Бидете сожаливи кон некои, правејќи

разлика; другите спасувајте ги со страв, извлекувајќи ги од оган. Сите не можат да поднесат иста строга дисциплина. Сите не можат да научат да ги следат замислите на другите за должностите. Мораат да се земат во предвид различните темпераменти и различните умови. Бог знае како да постапи со нас. Но срцето многу ме болеше кога гледав како брат постапува со брат и склоноста да го фати во зборовите и да го направи престапник за еден збор...

Време е сите да се фатат за работа, не да застанат и го одмеруваат уделот на неправедност кој му припаѓа на други, туку секој да го истражува свето срце, признавајќи ги сопствените грешки, и препуштајќи ги своите браќа на Господа. Секој поединец ќе мора да одговара за сопствените грешки; и сѐ додека така тесноградо гледа да го откорне троскотот од бавчата кај своите браќа, отровното растение станува сѐ појако и побујно во неговата. Секој нека работи да ја сочува сопствената душа и да поседува среќен, весел, трпелив дух во домот и сѐ ќе биде добро.

**Не размислуваат сите подеднакво.** - Во работата со умовите потребна е служба од срце. Да го запомнеме ова. Честопати сме искушувани да критикуваме некој човек кој зазема висока и одговорна положба затоа што не работи онака како што ние мислиме дека би требало. Но на оној кој носи толкава одговорност не му е потребна критика од своите соработници; нему му е потребно нивното охрабрување, нивната трпеливост, нивната снонсливост и нивните молитви. Нему му е потребна Христовата присутност; зошто нема секогаш мудри луѓе, без предрасуди, со кои би се посоветувал.

Во збрката на бројните грижи и бројните повици за помош, тој може да направи грешки. Покрај купот од апели кои пристигнуваат за помош, твојот случај може да изгледа занемарен. Во тој случај сети се на тешките бремиња кои се положени на оној за кого мислиш дека пропуштил да ја изврши својата должност. Сети се дека можеби е невозможно за него да му угоди на твоето барање. Можеби би било голема грешка да го одобри.

**Господ стои покрај Своите гласници.** - Господ би сакал секој човечки разум во Неговата служба да ги поднесе сите груби обвинувања и препреки. Упатени сме мудро да се однесуваме со оние кои се однадвор. Препуштете го делото на Бога за осудување и судење. Христос нѐ повикува: „Дојдете при мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам; земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши“ (Матеј 11:28, 29).

Секој кој го слуша овој повик ќе се вјареми со Христа. Во секој момент и на секое место ние мораме да ја покажуваме кротоста и понизноста Христова. Тогаш Господ ќе стои покрај Своите гласници и ќе ги направи Свои говорници, а оној кој е говорник за Бога никогаш нема да ги стави

на усните зборовите кои Величеството на небото никогаш не ги изговорило кога се препирал со ѓаволот.

**Не размислувај за чувствата на неволја (совет на еден раководител). -** Не размислувај за своите чувства на неволја. Отфрли ги овие чувства. Кога ќе стапнеш на патеката на критицизмот и грубиот говор, стануваш сè повеќе и повеќе груб и наклонет кон критикување. Запри пред да почнеш. Не му давај на непријателот ниту една педа место.

# КРИТИКА

**Последици на критиката.** - Нашите тела се изградуваат од она што го јадеме и пиеме, а карактерот на нашето духовно искуство зависи од тоа со што нашите умови се хранат и што примаат. Со постојано занимавање со грешките и маните на другите, мнозина стануваат религиозни диспептичари.

Господ ни наредува: „На она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е достојно за слава, на она што е добродетел, што е за пофалба, само на тоа мислете" (Филипјаните 4:8). Но оние кои се толку зафатени со анализирање на зборовите и постапките на другите како би го откриле сето она на што може да се приговори, пропуштаат да го увидат она што е добро и пожелно. Тие не јадат соодветна храна за да ја унапредат духовната виткост и здравиот раст.

**Почитувајте се и сакајте се меѓусебно.** - Ако најважен предмет во нашите умови се нељубезните и неправедни дела на другите, ќе откриеме дека е невозможно да ги сакаме како што нè сакал Христос нас; но ако нашите умови се занимаваат со чудесната љубов и Христовото сожалување кон нас, истиот дух ќе тече и кон другите. Ние треба меѓусебно да се сакаме и почитуваме, без оглед на маните и несовршеноста кои не можеме, а да не ги видиме. Треба да се одгледува понизност и недоверба во себе, и трпелива нежност кон маните на другите. Ова ќе ја замре секоја скочанета себичност и ќе нè направи широкогради и големодушни.

**Создавање на нереален свет.** - Ти можеш да создадеш еден нереален свет во својот ум и слика на совршена црква каде што сатанските искушенија нема повеќе да поттикнуваат кон зло, но совршенството постои само во твојата фантазија. Овој свет е паднат свет, а црквата е место претставено како поле на коешто расте кукол и пченица. Тие растат заедно до жетвата. Не е на нас оставено да го корнеме каколот, според човечката мудрост, за да не се случи под наговорувањето на сатаната пченицата да биде искорната под претпоставка дека е какол. Мудроста која е одозгора ќе му дојде на оној кој е кроток и понизен по срце и таа мудрост ќе го наведе да не го уништува туку да го унапредува Божјиот народ.

**Да се обнови и излечи.** - Ние мора да гледаме на пропустите на другите, не да ги осудиме, туку да обновиме и исцелиме. Стражарете и молете се, одете напред и нагоре, фаќајќи се повеќе и повеќе од Исусовиот дух и сеејќи го истото тоа покрај секоја вода.

**Сатаната ја поттикнува критиката. -** Сопственото јас секогаш ќе негува високо ценење за себеси. Кога луѓето ја губат својата права љубов, тие не ги држат Божјите заповеди, и потоа почнуваат да се критикуваат еден со друг. Овој дух постојано ќе тежнее да господари до крајот на времето. Сатаната настојува да го поттикнува, на тој начин што браќата во своето незнаење би се обиделе да се изедат еден со друг. Бог не се прославува туку многу се обесчестува; Божјиот Дух се ожалостува.

Сатаната ликува затоа што знае дека ако успее да го наведе братот да го набљудува братот во црквата и во службата, некои ќе станат толку малодушни и обесхрабрени што ќе ја напуштат својата должност. Ова не е дело на Светиот Дух; силата одоздола работи на коморите на умот и во храмот на душата да ги смести своите особини таму каде што треба да бидат Христовите атрибути.

**Растурање од Христа. -** Мнозина кои исповедаат дека собираат со Христа, растураат од Него. Поради тоа црквата е толку слаба. Мнозина многу лесно се впуштаат во критика и обвинување. Давајќи му израз на сомнежот, љубомората и незадоволството, тие стануваат орудија на сатаната... Површноста, себичното попуштање и безгрижната рамнодушност од страна на христијаните по име одвратува многу души од патеката на животот.

**Потпирање на телесното рамо. -** Господ знае дека ако гледаме на човекот, и имаме доверба во него, ние се потпираме на телесно рамо. Тој нас нѐ повикува на доверба. Нема граница на Неговата моќ. Мислете на Господа Исуса, Неговите заслуги и Неговата љубов, но не настојувајте да ги откриете маните и да се занимавате со грешките кои ги направиле другите. Размислувајте за она што е вредно за вашето признавање и вашата благодарност; и ако сте брзи да ги воочите заблудите на другите, бидете уште побрзи да го препознаете доброто и го пофалувате доброто. Можете, ако се критикувате себеси, да откриете работи кои всушност се толку непожелни колку и тие што ги гледате во другите. Заради тоа, мораме да работиме на меѓусебното јакнење во најсветата вера.

**Обид за прикривање себеси со напад. -** Никој нека не се обидува да ги прикрие сопствените гревови со откривање на грешките на некој друг. Бог не ни ја доделил оваа задача. Ние мораме да им допуштиме на другите самите да ги понижат своите срца, за да можат да дојдат до светлината на Божјото спознавање.

**Трошење на нерви за надворешноста. -** Оние кои меѓусебно се критикуваат и осудуваат ги кршат заповедите и се соблазна за Бога. Тие не го љубат ниту Бога ниту своите ближни. Браќа и сестри, да го исчистиме ѓубрето на критиката и сомничењето и жалбите, и не трошете ги своите нерви на надворешноста. Некои се толку многу чувствителни што не може да се резонира со нив. Бидете многу чувствителни во поглед на она што

значи да се држи Божјиот закон и во поглед на тоа дали го држите или кршите законот. Ова е тоа на коешто Бог сака да бидеме чувствителни.

**Совет на една личност која ја поистоветила гордоста со чувствителност.** - Вие сте подготвени да се оправдате себеси под изговор дека сте толку чувствителен, дека чувствувате толку длабоко, дека страдате толку многу. Видов дека сето тоа не може да ве оправда во Божјите очи. Вие ја заменувате гордоста за чувствителноста. Истакнато е своето јас. Кога своето јас е распнато, тогаш оваа чувствителност, или гордост, ќе умре; сè до тогаш вие не сте христијанин.

Да се биде христијанин значи да се биде сличен на Христа, да се поседува понизност и кротост и смирен дух кој ќе поднесе контрадикција без да се разбесни или да полуди. Кога лажниот покрив кој е околу тебе би можел да се раздвои така што ќе се видите себеси како што ве гледа Бог, повеќе не би настојувале да се оправдате себеси туку би падннале и потполно би се разбиле во Христа, Единствениот кој може да ги отстрани маните во вашиот карактер, а потоа да ве преврзе.

**Чесно самоиспитување.** - Кога сите што исповедаат христијанство би ја искористиле својата истражувачка моќ за да го увидат злото кое треба да се исправи во нив, наместо да зборуваат за грешките на другите, денес би имале поздрава состојба во црквата.

Некои би биле чесни ако тоа ништо не ги чини; но кога ќе се појави исплатлива политика, чесноста се заборава. Чесноста и политиката нема заедно да работат во еден ист ум. Со време, или политиката ќе се истера, а вистината и чесноста надмоќно ќе владеат, или ако се одгледува политиката, чесноста ќе се заборави. Ова никогаш не се сложува; тие немаат ништо заедничко. Едниот е Ваалов пророк, а другиот вистински Божји пророк.

Кога Господ ќе ги пореди своите скапоцености, верните, чесните, искрените, ќе бидат гледани со задоволство. Ангелите се запослени со правење на круни за таквите, и на круните украсени со ѕвезди ќе одблеснува, со раскош, светлината која зрачи од Божјиот престол.

**Коренот на огорченоста.** - Додека толку многу лесно говорите зло еден за друг, додека допуштате да изникне и да се одгледува коренот на огорченоста, вашето влијание растура од Христа и го стврднува срцето во отпорот кон слаткиот дух на единство и мир. Отфрлете го сето тоа без ниту еден момент на колебање. Христос вели: „Ова е Моја заповед: да се љубите еден со друг, како што ве возљубив Јас“ (Јован 15:12).

**Верата го држи Бога за збор.** - Запаметете дека верата го држи Бога за збор. Божјиот Син приготвува место за тебе во горните станови. Нека се изрази благодарност за ова. Не мисли затоа што не се чувствуваш секогаш возвишено дека не си Негово дете. Понизно и ревно фати се за за-

дачата кој Бог ја бара од тебе. Цени ја секоја пригода за извршување на работа која ќе те направи благослов за оние околу тебе. Нека твојата одлука биде да го направиш својот дел во правец на правењето местото на кое се наоѓаш, место кое Бог може да го одобри и благослови.

**Сигурноста на грешникот во прифаќањето.** - Преку добрината и благодатта Христова грешникот треба да ја поврати божествената наклонетост. Бог во Христа секојдневно ги замолува луѓето да се помират со Бога. Со испружени раце Тој е спремен да го прими и да му посака добредојде не само на грешникот туку и на расипникот. Неговата смртна љубов, која се покажала на Голгота, е сигурност на грешникот за неговото прифаќање, мир и љубов. Учете ги за ова на наједноставен облик, како душата затемнета со грев би можела да ја види светлината која зрачи од голготскиот крст.

**Јас ќе ви дадам одмор.** - Господ ми дал порака за тебе, и не само за тебе, туку исто така и за други верни души оптоварени со сомнеж и страв во поглед на својата прифатеност од страна на Господа Исуса Христа. Неговата реч за тебе е: „Не плаши се, зошто Јас те откупив, те нареков според името твое, ти си Мој“ (Исаија 43:1). Ти сакаш да му угодиш на Бога и можеш тоа да го направиш верувајќи во Неговите ветувања. Тој сака да те поведе во пристаништето на пријатните искуства и ти наредува: „Дојдете при Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам“ (Матеј 11:28). Христовата радост во душата е повредна од сѐ. „Тогаш ќе се зарадуваат“ зошто се привилегирани да почиваат во рацете на вечната љубов.

# СРЕЌА

**Хармонична работа на сите сили.** - Хармоничната и здравата работа на сите сили на телото и умот ќе резултира во среќа; колку се повозвишени и попрефинети тие сили, толку среќата ќе биде почиста и непоматена.

**Односот помеѓу среќата и здравјето.** - Здравјето и среќата се толку тесно поврзани што не можеме да ја имаме едната без другата. Практичното познавање на науката за човечкиот живот е неопходна за да го прославиме Бога во своите тела. Поради тоа од најголема важност е помеѓу студиите кои се одбираат за децата, физиологијата да зазема прво место. Колку малку луѓе знаат по нешто од структурата и функцијата на сопствените тела и природните закони! Мнозина талкаат без познавање, како брод на море без компас и сидро; и уште повеќе, тие не се заинтересирани да научат како да ги сочуваат своите тела во здрава состојба и да ја спречат болеста.

**Законот на акција и реакција.** - Нашата среќа ќе биде сразмерна со нашите несебични дела, поттикнати од божествената љубов, зашто во планот на спасување Бог го воспоставил законот на акција и реакција.

**Правењето на добро ги стимулира нервите.** - Секој зрак на светлина кој се расфрла на другите ќе се одрази на нашите сопствени срца. Секој љубезен и сочувствителен збор упатен на ожалостените, секој чин на олеснување на угнетените, и секој дар со цел на задоволување на потребите на нашите ближни, а со тоа да се има на ум Божјата слава, ќе резултираат во благослови на дарителот. Оние коишто прават така го почитуваат законот на небото и ќе го примат Божјото одобрување. Задоволството на правење на добро на другите ќе им даде елан на чувствата кои пламтат низ нервите, ќе ја забрза циркулацијата на крвта и ќе го подобри менталното и физичкото здравје.

**Секоја личност е извор на сопствената среќа.** - Животот во Христа е живот на спокој. Немирот, незадоволството и неспокојството го откриваат отсуството на Спасителот. Ако Исус се внесе во животот, тој живот ќе биде исполнет со добри и благородни дела за Учителот. Ќе ја заборавите службата за себеси и ќе живеете сè поблиску и поблиску до драгиот Спасител; вашиот карактер ќе стане христолик, и сите останати ќе познаат дека сте биле со Исуса и дека сте учеле од Него.

Секој во себе поседува извор на сопствена среќа или несреќа. Ако сака, тој може да се издигне над ниските, сентиментални чувства кои го

сочинуваат искуството на мнозина; но сѐ додека е исполнет со себеси, Господ не може да направи ништо за него. Сатаната ќе му претстави амбициозни проекти за да ги збуни чувствата, но ние секогаш пред себе мораме да го имаме „белегот на горното призвание од Бога во Исуса Христа." Натрупајте ги сите добри дела кои што можете во овој живот. „И разумните ќе сјаат како светила на небото, и оние што мнозина вратиле кон правда - како ѕвездите, во век и засекогаш" (Даниел 12:3).

**Најсилен човечки импулс.** - Библијата ни изложува во нашиот поглед непронајдени богатства и непроценливи ризници на небото. Човечкиот најјак импулс го поттикнува да ја бара сопствената среќа, и Библијата го признава ова и ни покажува дека целото небо ќе се соедини со човекот во неговите напори да стекне вистинска среќа. Таа го открива условот по кој пат се дава Христовиот мир на луѓето. Таа го опишува домот на вечната среќа и ведрина каде што никогаш нема да знаете за солзи и сиромаштво.

**Христијанинот ужива во вистинска среќа.** - Ако постои некој кој навистина би требало постојано да биде благодарен, тогаш тоа треба да е Христовиот следбеник. Ако има некој кој ужива во вистинска среќа, дури и во овој живот, тогаш тоа е верниот христијанин.

Ние би требало да бидеме најсреќните луѓе на лицето на земјата, и да не се извинуваме на светот што сме христијани.

**Пријател кој нема никогаш да изневери.** - Ова е Исус, животот на секоја благодет, животот на секое ветување, животот на секој благослов. Исус е суштината, славата и милиот мирис, самиот живот. „Јас сум Светлина на светот; кој врви по Мене, нема да оди по темнина, а ќе има светлина во животот." (Јован 8:12) Тогаш царската патека подготвена за откупениците да одат по неа нема да биде обесхрабрувачка темнина. Нашето патување низ овој свет навистина би било осамено и болно да не е Исус. Исус вели: „Нема да ве оставам неутешени". (Јован 14:18). Тогаш, да го собереме, секое забележено ветување. Да ги повторуваме преку ден и да размислуваме за нив ноќе и да бидеме среќни.

**Среќата не е самоволна.** - Исус сака да бидеш среќен, но тоа не може да биде кога имаш свој сопствен пат и ги следиш импулсите на сопственото срце... Нашите гледишта, нашите особини, се потполно човечки и не смееме да им се подвладееме или им попуштаме. Своето јас мора да се распне, не тука и таму туку секојдневно, а физички, духовно и ментално мора да се потчинуваме на Божјата волја. Божјата слава, совршенството на христијанскиот карактер, мора да биде нашата мета, целта на нашиот живот. Христовите следбеници мораат да го пресликуваат Христа во карактерот... Слични на Христа е лозинка, не налик на својата

мајка или татко, туку на Исуса Христа - скриени во Христа, облечени со Христовата праведност, исполнети со Христовиот Дух.

**Себичната среќа е нерамнотежна.** - Среќата која произлегува од себични побуди, надвор од патеката на должностите, е нерамномерна и поминлива; неа ја снемува, а душата се исполнува со осаменост и тага; но во Божјата служба постои радост и задоволство. Христијанинот не е препуштен да оди по патеката на неизвесноста; тој не е препуштен на непотребни грижи и разочарувања. Ако ги немаме задоволствата на овој живот, ние и понатака можеме да се радуваме гледајќи на животот кој е одозгора.

**Срцето во мир со Бога.** - На темелите на рушевините на многу домови лежи страста за докажување. Мажите и жените смислуваат и планираат да дојдат до средствата за да се покажат побогати од своите соседи. Но дури и ако успеат во оваа очајничка борба, тие не се вистински среќни. Вистинската среќа произлегува од срцето кое е во мир со Бога.

**Љубовта носи среќа.** - Од световна точка на гледање, парите се моќ; но од христијанското гледиште, љубовта е моќ. Интелектуалната и духовната сила се вклучени во ова начело. Чистата љубов посебно работи на правење добри дела и не може да работи ништо освен добро. Таа го спречува нередот и бедата, а донесува вистинска среќа. Богатството честопати е влијание кое расипува и уништува; силата е моќна да повреди; но вистината и добрината се својство на чистата љубов.

**Златното правило гради среќа.** - „Сѐ она што сакате да ви го прават луѓето, правете им го и вие“ (Матеј 7:12). Спасителот ги учел на ова начело за да го направи човештвото среќно; зашто среќата не може да дојде на ниту еден друг начин. Бог сака мажите и жените да живеат еден возвишен живот. Тој им го дава благодетот на животот, не да ги оспособи едноставно да стекнат богатства, туку да ја унапредат својата возвишена моќ со извршување на задачи кои Бог ги доверил на човештвото - задачи на наоѓање и ублажување на потребите на своите ближни. Човекот треба да работи не за своите сопствени себични интереси туку за интересите на секој околу него, благословувајќи ги другите со своето влијание и љубезни дела. Оваа Божја намера е нагласена во примерот на Христовиот живот.

**Среќа во работа.** - Без оглед на тоа каква е нашата положба или колку се ограничени нашите можности, ние имаме задача која мораме да ја извршиме за Господа. Нашите способности се развиваат и созреваат преку користење. Со Божјата вистина која гори во душата, не можеме да безделничиме. Среќата која ќе ја искусиме низ работата ќе го надомести секој напор дури и во овој живот. Оние кои ја искусиле среќата како резултат на напор за самоодрекување во Христовата служба можат со разби-

рање да говорат за ова прашање. Таа радост е навистина толку чиста, толку длабока, што јазикот не може да ја опише.

**Нашата среќа е среќа и на другите.** - Христос ја прави Својата црква прекрасен храм за Бога. Тој објавува: „Каде се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас посреде нив“ (Матеј 18:20). Неговата црква е пребивалиште на светиот живот, исполнета со различни дарови, и обдарена со Светиот Дух. Небото им наменува должности на секој член од црквата на земјата, сите треба да ја најдат својата среќа во среќата на оние на кои им помагаат и ги благословуваат.

**Испомош за целиот систем.** - Ако умот е слободен и среќен, од свеста за исправно постапување и чувството на задоволство во причинувањето среќа за другите, тоа создава ведрина која реагира на целиот систем, предизвикувајќи слободна циркулација на крвта и подигање на целото тело. Божјиот благослов е исцелителна сила и оние кои изобилно им помагаат на другите ќе го разберат тој чудесен благослов во срцето и во животот.

Оние кои ја следат патеката на мудроста и светоста нема да се вознемируваат од залудното жалење над погрешно потрошените часови, ниту ќе се вознемируваат од затеченоста или ужасот на умот, како некои, доколку не учествуваат во празните и површни забави.

**Среќата во досегот на нашиот дофат.** - Светот е полн со незадоволни духови кои ја превидуваат среќата и благословите кои им се на дофат и непрестано тежнеат за среќа и задоволство кои не ги разбираат. Тие напорно чекаат за некоја очекувана, далеку подобра поголема среќа од таа што ја имаат и секогаш се во состојба на разочарување. Тие негуваат неверство и неблагодарност во тоа што превидуваат благослови кои се наоѓаат токму на нивната патека. Обичните, секојдневни благослови на животот не се добродојдени, како што била маната на децата Израелеви.

**Забавите возбудуваат, но се одразуваат во депресија.** - Забавата го возбудува умот, но она што сигурно следи е депресијата. Корисната работа и физичката вежба ќе има поздраво влијание на умот и ќе ги зајакне мускулите, ќе ја подобри циркулацијата, и ќе се покаже како моќно средство во обновата на здравјето.

**Барање на среќата на погрешен пат (совет на еден млад човек).** - Пред една година ние работевме во твој интерес. Ми беа покажани твоите опасности, и ние посакувавме да те спасиме; но видовме дека немаш сили да ги спроведеш одлуките кои тогаш ги донесе. Вознемирена сум околу ова прашање... Додека бев во Батл Крик во јуни повторно ми беше покажано дека не си постигнал никаков напредок и дека причина е тоа што не си оставил чиста трага позади тебе. Ти не уживаш во религијата.

Си отстапил од Бога и од праведноста. Си барал среќа на погрешен пат, во забранетите задоволства; дали би имал морална храброст да ги признаеш и да ги напуштиш своите гревови за да најдеш милост.

**Чистата совест и Божјото одобрување наспроти природните страсти и сетилното срце.** - Од какво добро Тој би нè лишил? Тој би не лишил од привилегијата на оддавањето на телесните страсти на сетилното срце. Ние не можеме да се разгневиме тогаш кога сакаме и да одржуваме чиста совест и Божјо одобрување. Но ќе бидеме ли волни ова да го напуштиме? Дали попуштањето на расипаните страсти ќе не направи посреќни? Затоа што нема, нам ни се поставени овие ограничувања во тој поглед.

Нашето уживање нема да се зголеми со гневење и негување на изопачен карактер. Не е за наша среќа да го следиме стремежот на телесносто срце. И ќе станеме ли подобри ако им попуштиме? Не; тие ќе фрлат сенка на нашите домови и мртовечки покрив преку нашата среќа. Оддавањето на природните желби само ќе ја уништи конституцијата и ќе го искине системот на парчиња. Поради тоа Бог сака да го зауздаме апетитот, да ги контролираме страстите, и да го држиме во потчинетост целото битие. А Тој ни ветил дека ќе ни даде сила ако се зафатиме за оваа задача.

**Го подобрува здравјето и долгиот живот.** - Храброста, надежта, верата, сочуството, љубовта, го подобруваат здравјето и го продолжуваат животот. Задоволниот ум, веселиот дух, е здравје за телото и сила за душата. „Веселото срце е како благотворен лек“ (Изреки 17:22).

Личноста чиј ум е мирен и задоволен во Бога е на пат кон здравјето.

**Резултат на послушност кон физичките закони.** - Здравјето, животот, и среќата се резултат на послушност на природните закони кои управуваат со нашите тела. Ако нашата волја и пат се во склад со Божјата волја и патишта; ако му угодуваме на својот Создтел, Тој ќе го сочува човечкиот организам во добра состојба и ќе ја обнови моралната, менталната и физичката моќ како би можел да работи низ нас за Себеси на слава. Неговата обновувачка сила постојано се манифестира во нашите тела. Ако соработуваме со Него на ова дело, здравјето и среќата, мирот и корисноста, се сигурни резултати.

**Исцелување за инвалидите.** - Нека инвалидите работат нешто наместо да ги преокупираат своите умови со едноставна забава, која ги обезвреднува во сопствените очи и ги наведува да мислат дека нивните животи се бескорисни. Одржувајте ја будна моќта на волјата, зашто разбудената и правилно насочената волја е моќен смирувач за нервите. Инвалидите се далеку посреќни кога се запослени, а нивното оправување полесно се постига.

**Животот во природа и среќата (совет до една мајка).** - Вистина, нема да бидеш сосема слободна од неприлики и замрсени потешкотии во природата; но таму би одбегнала многу зло и би ја затворила вратата на поплавите од искушенија кои се заканувaат да ги надвладеат умовите на твоите деца. Ним им е потребно запослување и промена. Еднобличноста на нивниот дом ги прави неспокојни и немирни, и тие паѓаат во навиката на мешање со порочните момчиња во градот, стекнувајќи на тој начин улично воспитување...

Живеењето во природа многу ќе им користи; активниот живот на отворено би го унапредило здравјето на умот и телото. Тие би требало да имаат бавча која ќе ја култувираат, каде што би нашле занимација и корисно запослување. Одгледувањето на билки и цвеќиња тежнее кон подобрување на вкусот и судот, додека запознавањето со Божјите корисни и убави креации има префинето и облагородувачко влијание врз умот упатувајќи ги на Творецот и Господарот на сите нешта.

**Барање на „нашите права“.** - Оние кои ги сакаме може да постапуваат или говорат невнимателно, што може длабоко да нè рани. Не била нивна намера тоа да го направат; сатаната ги зголемува нивните зборови и постапки пред умот, и така упатува една од своите стрели за да нè прободи. Ние се прибираме за да го одбиеме оној кој мислиме дека нè повредил, и правејќи така ние ги поттикнуваме сатанските искушенија.

Наместо да се молиме на Бога за сила за да го одбиеме сатаната, ние допуштаме среќата да ни се расипе обидувајќи се да го бранеме она што го викаме ‚наши права‘. На тој начин му дозволуваме на сатаната двојна предност. Ние ги покажуваме своите повредени чувства, а сатаната нè користи како тајни агенти да ги рани и да им нанесе болка на оние кои немале намера да не повредат.

Барањата на мажот може понекогаш да изгледаат неразумни за жената, додека кога мирно, и отворено би ја преиспитала работата, во што е можно поповолна светлост за него, би увидела дека напуштањето на сопствениот пат и покорувањето на неговиот суд, би ги спасило двајцата од несреќа и би им дала голема победа над сатанските искушенија.

**Бог ја отстранува препреката кон среќата.** - Бог тежнее за нашата вистинска среќа. Ако нешто лежи на овој пат, Тој гледа најпрвин тоа да го отстрани. Тој ќе ги спречи нашите намери и ќе ги разочара нашите очекувања и ќе нè донесе низ разочарување и искушение до познавање на себеси на она што навистина сме... Гревот е причина за сите наши јадови. За да имаме вистински мир и среќа на умот, гревот мора да се отстрани.

**Некои не би биле среќни на небото.** - Кога оние коишто своите животи ги поминале во бунт против Бога одненадеж бидат пренесени на небото и ја видат возвишената, светата состојба на совршенство кое таму

постои - секоја душа исполнета со љубов, отсјајот на радост од секое лице, восхитувачката музика со мелодичните тонови кои се подигаат во чест на Бога и Јагнето, и непрекинатиот блесок на светлина која тече на откупените од лицето на Оној кој седи на престолот; дали оние чии срца биле исполнети со омраза кон Бога, вистината и светоста, можат да се измешаат со небесното мноштво и да се соединат со песните на благодарност? Дали би можеле да ја поднесат славата на Бога и Јагнето? Не, не; години на проба им биле дадени за да можат да ги обликуваат карактерите за небото, но тие никогаш не ги обучувале своите умови да ја сакаат чистотата; тие никогаш не го научиле јазикот на небото, а сега е предоцна.

Животот на бунт против Бога ги онеспособило за небото. Неговата чистота, светоста и мирот за нив би претставувало мачење; Божјата слава би им била оган кој проголтува. Тие би копнееле да побегнат од тоа свето место. Уништувањето би им било добродојдено за да се сокријат од лицето на Оној Кој умрел за да ги откупи. Судбината на неправедните е запечатена со нивниот сопствен избор. Нивното исклучување од небото е доброволно од нивна страна, а праведно и милостиво од Божја страна.

**Радосниот живот може да биде и твој.** - Сите треба да имаме доверба во Бога. Пробијте го својот пат низ сенката која сатаната ја фрла на вашата патека и прифатете ја раката на Исус, Моќниот. Твојот случај нека почива во Неговите раце. Нека вашата молитва биде: „Господе, Ти ја изнесувам својата молитва. Ти се доверувам Тебе, и барам благослов за кој Ти мислиш дека ќе биде за моја сегашна и идна корист и за мое вечно добро." Кога ќе станете од своите колена, верувајте! Кога непријателот доаѓа со својата темнина, пејте за верата и зборувајте за верата, и ќе откриете дека сте пееле и говореле себеси во светлината.

„Радувајте се секогаш во Господа, и пак ќе речам радувајте се" (Филипјаните 4:4). Оние кои ова го прават имаат радосен живот. Никаква нелагодност не доаѓа од нивните усни или атмосферата која ја опкружува душата, зошто тие не чувствуваат дека се подобри од другите. Сокријте се во Исуса Христа; тогаш Божјата вистина сето време ќе те подготви за идниот, бесмртен живот. Кога имаш доверба во Семожниот, твоето искуство не е позајмено; тоа е твое сопствено.

**Зголемување на среќата низ вечноста.** – Кога преку Исуса влегуваме во спокојот, небото почнува овде. Ние одговараме на Неговиот повик: ‚Дојдете и научете се од Мене' и така доаѓајќи ние го започнуваме вечниот живот. Небото е постојано приближување кон Бога преку Христа. Што повеќе сме во небесното блаженство, сѐ повеќе и повеќе ќе ни се отвора Божјата слава; и што повеќе осознаваме за Бога, поинтензивна ќе биде нашата среќа. Додека одиме со Исуса во овој живот, ние можеме да бидеме исполнети со Неговата љубов, задоволни со Неговата присутност.

Се што човечката природа може да носи, можеме да го примиме овде. Но што е тоа во споредба со она отпосле? Тие „се пред престолот на Бога, Кому Му служат во Неговиот храм и дење и ноќе; и Оној кој седи на престолот, ќе се всели во нив; и нема веќе да огладнат,ниту, пак, да ожеднат; нив нема да ги пече сонцето, и никаква горештина; бидејќи Агнецот, Кој е среде престолот, ќе ги пасе и води на живи извори водни, и Бог ќе им ја избрише секоја солза од очите нивни“ (Откровение 7:15, 16-17).

## **Отсек Четиринаесет**

# *Мислите и нивното влијание*

Глава 72

# НАВИКИ НА РАЗМИСЛУВАЊЕ

**Мислите го обликуваат карактерот.** - Како што човекот „мисли во душата негова, таков е и тој“ (Изреки 23:7). Многу мисли прават непишана историја на еден ден и овие мисли се многу поврзани за обликувањето на карактерот. Нашите мисли мораат многу строго да се чуваат, зошто една нечиста мисла прави длабок впечаток врз душата. Лошата мисла остава лош впечаток на умот. Доколку мислите се чисти и свети, тоа е подобро за човекот што ги негува. Тие го забрзуваат духовниот пулс и ја зголемуваат моќта за правење на добро. И како што едната капка дожд го приготвува патот за другата во натопување на земјата, исто така едната добра мисла го припрема патот за друга.

**Моќ на одбирање на предмети за размислување.** - Во моќта на секого лежи да се одберат предмети кои ќе ги преокупираат мислите и ќе го обликуваат карактерот.

**Потребен е личен напор.** - Никој освен вас не може да ги контролира вашите мисли. Во борбата за достигнувањето на најголемиот стандард, успехот или неуспехот во голема мерка ќе зависи за карактерот и начинот на кој мислите се дисциплинираат. Ако мислите добро се запрегнат, како што Бог ќе ги упатува да бидат секој ден, тие ќе бидат на оние предмети кои ќе ни помогнат во поголемо посветување. Ако мислите се исправни, тогаш како резултат и зборовите ќе бидат исправни; постапките ќе бидат од тој карактер што ќе донесат радост, утеха и спокој на душата.

**Мислите мораат да се увежбуваат.** - Мислите мора да се увежбуваат. Запрегнете ги бедрата на својот ум за да работи во права насока и според редот на добро осмислени планови; тогаш секој чекор ќе биде пат кон напредок, и нема да се губи време или напор во следењето на неодредените и случајните (непромислените) планови. Ние мораме да ја разгледаме целта на животот, и секогаш да ги имаме во предвид вредните намери. Мислите мораат секојдневно да се вежбаат и држат во одредена насока како компас кон полот. Секоја личност треба да има своја цел и намера, а потоа да се направи секоја мисла и постапка од таков карактер да го постигне тоа што го намислила. Мислите мораат да се контролираат. Мора да постојат цврсти намери како би го спровеле тоа што сте го презеле.

**Увежбување на мислите.** - Вистинската дисциплина на животот се состои од мали работи. Увежбувањето на мислите е важна.

Увежбувањето на срцето, контролата на мислите, во соработка со Светиот Дух, ќе даде контрола на зборовите. Ова е вистинска мудрост, и ќе обезбеди мирност на умот, задоволство и мир. Размислувањето на богатството на Божјата благодат ќе причинува радост.

**Исправните мисли не доаѓаат природно.** - Пред секој еден од нас се наоѓа сериозна задача. Исправните мисли, чистите и свети намери, не ни доаѓаат природно. Мораме да се бориме за нив.

**Заробување на мислите.** - Ако животот се предаде на нејзината контрола, силата на вистината е неограничена. Мислите се доведуваат во покорност на Исуса Христа. Од ризницата се изнесуваат пристојни и прикладни зборови. Посебно треба да се стражари на нашите зборови. Пишувајќи му на Тимотеј Павле вели: „Имај ги, како образец, здравите зборови што си ги чул од мене, со вера и љубов во Исуса Христа. Запази го добриот залог преку Светиот Дух, Кој пребива во нас“ (2. Тимотеј 1:13, 14).

**Умот мора силно да се контролира.** - Младите треба рано да започнат да ги култивираат исправните навики во мислењето. Ние треба да го дисциплинираме умот да размислува во исправен канал и да не дозволува да се занимава со она што е лошо. Псалмистот извикува: „Зборовите на устата моја и помислите на срцето мое нека бидат благоугодни пред Тебе, Господи, помошнику мој и избаветелу мој“ (Псалм 18:14).

Додека Бог работи на срцето со својот Свети Дух, човекот мора да соработува со Него. Мислите мораат да се ограничат, зауздат, затегнат од ширење и разгледување на работи кои само ќе ја ослабнат и осквернат душата. Мислите мораат да бидат чисти, помислите на срцето исправни, за да може зборовите на устата да бидат прифатливи за небото и од помош за нашето друштво.

Христос им рекол на фарисеите: „Породи змиини! Како можете да говорите добро, кога сте лоши? Зошто од преполнетото срце прикажува устата. Добриот човек од доброто сокровиште изнесува добро, а лошиот човек од лошото сокровиште лошо“ (Матеј 12:34, 35).

**Јавните гревови ги откриваат притаените мисли.** - Времето на искушение, под кој можеби некој паѓа во жалосен грев, не создава зло кое можеби се рефлектира туку само се развива или донесува сведоштво на оној кој му било скриено или притаено во срцето. Како што човекот „мисли во срцето негово, таков е и тој; зошто од него се изворите на животот“ (Изреки 23:7; 4:23).

**Обврска за контролирање на мислите.** - На проповедта на Горага Христос ги изложил пред Своите ученици далекусежните начела на Божјиот закон. Тој ги учел Своите слушатели дека законот се престапува

со мислите пред некоја злонамерна желба да се спроведе во вистински чин. Ние сме обврзани да ги контролираме своите мисли и да ги доведеме во покорност на Божјиот закон. Благородните сили на умот ни се дадени од Бога за да ги запослиме во размислување на небесните работи. Бог има направено изобилна подготовка за душата да може да прави постојан напредок во божествениот живот. Тој насекаде има поставено средства за да го потпомогне нашиот развој во знаењето и способностите.

**Природно неувежбаниот ум делува без возвишени побуди.** - Природниот, себичен ум, ако се препушти на сопствените злонамерни желби, ќе делува без возвишени побуди, при тоа не полагајќи внимание на Божјата слава или за добронамерноста на човештвото. Мислите ќе бидат злонамерни, и секогаш злонамерни... Божјиот Дух произведува нов живот во душата, доведувајќи ги мислите и желбите во покорност на Христовата волја.

**Непријателот не може да ги чита мислите.** - На непријателот на душите не му е допуштено да ги чита мислите на луѓето; но тој е внимателен набљудувач, и ги забележува зборовите; тој ги зема во предвид и постапките, и вешто ги прилагодува своите искушенија кон случаите на оние кои се ставени под негова сила. Кога би се труделе да ги сузбиеме грешните мисли и чувства, на давајќи им место во говорот и постапките, сатаната би бил поразен; зашто во тој случај не би можел да ги подготвува своите посебни искушенија. Но колку често оние кои тврдат дека се христијани, поради недостаток на самоконтрола, му ја отвораат вратата на непријателот на душите.

**Мнозина мачени од лошите мисли.** - Постојат мнозина кои навистина се вознемирени поради ниските, понижувачки мисли кои доаѓаат во умот и не е лесно да се спречат. Сатаната има зли ангели околу нас и иако не можат да ги читаат мислите на луѓето, тие внимателно пазат на нивните зборови и постапки. Сатаната ја искористува предноста на слабоста и карактерните мани кои така се откриваат и притиска со своите искушенија каде што постои најмала моќ на отпор.Тој создава зли сугестии и надахнува световни мисли, знаејќи дека на тој начин ќе ја доведе душата под осуда и ќе ја зароби. На оние кои се себични, световни, стиснати, горди, озборувачи, или одадени кон клеветење на сите кои одгледуваат заблуди или карактерни мани, сатаната претставува попуштање на своето јас и ја наведува душата на колосек кој Библијата го осудува, но кој тој настојува да го направи привлечен.

За секој вид на искушение постои лек. Ние не сме препуштени самите на себе да водиме војна против себе и својата грешна природа во нашата ограничена сила. Исус е моќен помошник, поддршка која никогаш не изостанува... Умот мора да се зауздува, и не смее да му се дозволи да талка.

Тој треба да се обучува да се занимава со Светото Писмо и со благородните, возвишени теми. Делови на Светото Писмо, дури и цели поглавја, можат да се научат напамет, за да се повторат кога сатаната ќе влезе со своите искушенија... Кога сатаната ќе го наведе умот да се занимава со земни и сетилни работи, тој најуспешно се одбива со зборовите од Светото Писмо: „Пишано е“.

**Единствена сигурност е во исправното мислење.** - Потребно ни е постојано чувство на облагородувачка сила на чистите мисли и штетното влијание на лошите мисли. Да ги насочиме своите мисли на она што е свето. Нека тие бидат чисти и исправни, зошто единствена сигурност за секоја душа е во исправното мислење. Ние мораме да го употребиме секое средство кое Бог го ставил во нашиот домен за управување и култивирање на нашите мисли. Ние мораме да ги доведеме своите умови во склад со Неговиот ум. Неговата вистина ќе нѐ посвети, телото, душата и духот.

**Занимавање со површни работи.** - Ние треба да настојуваме да ги сочуваме своите умови во таква состојба за да можеме да ги примиме впечатоците од Светиот Дух. Но оние кои дозволуваат нивните мисли постојано да се занимаваат со површни работи не можат да примат поголема светлина. Умот треба да се снабди со небесно благо, храна која ќе нѐ подготви за духовен раст, и на тој начин ќе не подготви за светото небо.

**Подготовка за возвишени мисли.** - Бог ја направил секоја подготовка по кој пат нашите мисли треба да се прочистат, издигнат, префинат и облагородат. Тој не само што ветил дека ќе нѐ очисти од секоја неправда, туку направил вистинска подготовка за снабдување со благодат која ќе ги издигне нашите мисли кон Него и ќе нѐ оспособи да ја цениме Неговата светост. Ние можеме да разбереме дека сме Христова сопственост и дека мораме да го покажеме Неговиот карактер на светот. Подготвени со небесната благодат, ние стануваме облечени со Христовата праведност, во свадбената облека, и подесени да седнеме на свадбената вечера. Ние стануваме едно со Христа, соучесници во божествената природа, очистени, префинети, подигнати и признати како Божји деца, Божји наследници и сонаследници со Исуса Христа.

**Совет на една млада жена поврзан со опасноста за ѕидање кули во воздух.** - Треба да ги контролирате своите мисли. Ова нема да биде лесна задача, и ти не можеш да ја оствариш без темелен и дури жесток напор. Сепак Бог го бара тоа од тебе; тоа е должност која лежи на секое разумно суштество. Ти си одговорна пред Бога за своите мисли. Ако се оддадеш на празното фантазирање, дозволувајќи му на својот ум да се занимава со нечисти предмети, ти си, во одредена мерка, виновна пред

Бога како мислите да се спроведени на дело. Она што го спречува делото е недостаток на прилика.

Фантазирањето дење и ноќе и градењето кули во воздух се лоши и крајно опасни навики. Кога еднаш ќе се зацврстат, скоро е невозможно да се раскине со тие навики и да се насочат мислите на чисти, свети и возвишени теми. Мора да станеш верен чувар над своите очи, уши, и над сите свои сетила за да го контролираш својот ум и да ги спречиш празните и расипани мисли што ја валкаат твојата душа. Единствено силата на благодатта може да ја изврши оваа сакана задача. Ти си слаба во тој правец.

**Да се потисне злото со добро.** - Родителите можат да одберат, ако сакаат, дали или не умовите на нивните деца ќе бидат исполнети со чисти и свети мисли и чувства, но нивниот вкус мора да се дисциплинира и воспитува со најголемо внимание. Тие мора рано да почнат да го отвораат Светото Писмо пред детските умови кои се развиваат за да се формираат исправни навики и вкусови...

Елементите на злото не можат поинаку да се искоренат освен со внесување на храна за чисти, хомогени мисли.

**Да се одбегнува негативното размислување.** - Бидејќи не сме свои, бидејќи сме откупени скапо, должност на сите кои исповедаат христијанство е да ги држат своите мисли под контрола на разумот и да се обврзат дека ќе бидат ведри и среќни. Било колку да е горчлива нивната причина за жалост, тој треба да култивира дух на мир и сигурност во Бога. Мирот кој е во Исуса Христа, мирот Христов, колку драгоцено, колку исцелувачко е неговото влијание, колку ја смирува обременетата душа! Колку и да се темни неговите изгледи, нека негува дух на надеж за добро. Додека со потиштеност ништо не се добива, многу се губи. Додека ведрината и тивката смиреност и мирот ќе ги направи другите среќни и здрави, тоа ќе биде значително од најголема корист за него самиот. Тагата и говорењето за непријатните работи ги охрабрува непосакуваните глетки, предизвикувајќи непосакувани ефекти. Бог сака сето ова да го заборавиме - да не гледаме доле, туку горе и горе!

**Опасност од занимавање со земни работи.** - Ако вашите мисли, вашите планови, вашите намери се насочени кон трупање на земни работи, вашата грижа, вашето проучување, вашиот интерес, ќе бидат сосема сосредоточени со светот. Небесните привлечности ќе ја изгубат својата убавина... Вашето срце ќе биде со вашето богатство... Нема да имате време да се посветите на проучување на Светото Писмо и на сериозната молитва за да ги одбегнете стапиците на сатаната.

**Менување на образецот на размислување.** - Кога на умот ќе му се допушти долго да се занимава со земните работи, многу е тешко да се про-

менат навиките на размислување. Она што очите го гледаат и ушите го слушаат премногу често го привлекува вниманието и го преокупира интересот. Но ако сакаме да влеземе во Божјиот град и да го видиме Исуса и Неговата слава, мораме да се навикнеме да Го набљудуваме со окото на верата уште овде. Зборовите и карактерот Христов треба да бидат често предмет на нашето размислување и разговори, и секој ден посебно да се посвети одредено време за молитвено размислување на светите теми.

**Повозвишен степен на размислување.** - Човекот се побунил против Бога и од тогаш секогаш тежнеел за правење на сопствени шеми правејќи што му се допаѓа во насока на достигнување на успех и осигурување среќа. Но кога и да настојувал својот ум да го исполни со некои други објекти спротивни од Бога, секогаш бил разочарен. Севкупно земено, мора да постои еден поголем степен на размислување, било каква студија, поголеми цели кои треба да се постигнат од оние коишто сте ги имале во минатото. Нередот и несовршенството на човечките зборови и човечкиот карактер единствено може да го обнови Господ Исус Христос. Тогаш, Тој треба да биде предмет на вашето размислување, тема на вашите разговори. Вие севкупно мора да имате повозвишено покажување на мислите и акцијата за да го разберете големиот план на откупување.

**Законот на мислите и чувствата.** - Закон на природата е нашите мисли и чувства да се поттикнуваат и јакнеат ако им дадеме израз. Додека зборовите изразуваат мисли, исто така е вистина дека мислите ги следат зборовите.

**Кон комплетноста на карактерот.** - Животот на христијанинот ќе се открие со христијански мисли, христијански зборови и христијанско однесување. Во Христа се наоѓа божествената комплетност на карактерот.

**Нов прилив на сила.** - Оние кои ја посветуваат душата, телото и духот на Бога, чистејќи ги своите мисли преку послушност на Божјиот закон, постојано ќе добиваат нов дар на физичка и ментална сила. Во срцето ќе постои копнеж за Бога и сериозна молитва за јасна проникливост да се воочи службата и делото на Светиот Дух. Не е наше да го користиме Него, туку Светиот Дух да нè употреби нас, да ја обликува и дотера секоја сила.

# ПРАВИЛНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

**Силата на размислување е дар од Бога.** - Умот е доверба од Бога. Умствените способности треба да се култивираат. Тие мора толку мудро да се користат за да пораснат во сила. Секој мора да ги користи доверените таленти на начин кој ќе направи најголемо добро. Умот мора толку добро да се воспита за да се покаже најдобрата енергија на душата и секоја способност да се развие. Не смееме да се задоволиме со низок стандард. Мораме да се движиме напред од една напредна линија на делот кон друга.

**Умот мора да се вежба.** - Умот е најдобрата сопственост која ја имаме; но тоја мора да се вежба со проучување, размислување, и учење во Христовата школа, најдобар и најправилен воспитувач кој светот некогаш го знаел. Христијанскиот работник мора да расне. Тој мора да изгради карактер за корисност; тој мора да се воспитува да ги поднесе тешкотиите и да стекне мудрост за планирање и извршување на Божјото дело. Тој мора да биде човек со чист ум и говор кој ќе се воздржи од секоја појава на зло и кој нема да даде прилика за укор низ своите несмасни патишта. Тој мора да биде праведен во своето срце; во неговите усни не смее да има лукавство.

Тој (Христос) умрел за мене за да можам да бидам благословена и Неговата радост да може да остане во мене. Поради тоа, јас го држам својот ум во тој канал; го воспитувам, го вежбам својот јазик; вежбам сè што е до мене како би се врзала за Исуса Христа.

Секоја способност на умот... покажува дека Бог замислил овие способности да се користат, а не да останат неактивни.

**Правилното размислување е единствена сигурност.** - Единствена сигурност за секоја душа е во правилното размислување. „Зошто какви му се мислите во душата негова, таков е и тој во срцето“ (Изреки 23:7). Моќта на самоконтрола јакнее со користење. Она што од почеток изгледа тешко, со постојано повторување станува лесно, додека исправните мисли и постапки не станат вообичаени. Ако сакаме, можеме да се тргнеме од сè што е евтино и споредно и да се издигнеме на повисок стандард; можеме да бидеме почитувани од луѓето и сакани од Бога.

**Христоцентрично размислување.** - Вашата последна мисла во ноќта, вашата прва мисла наутро, треба да биде за Оној на кого почива вашата надеж на вечен живот.

**Мора да се развива оптимизмот.** - Оптимизмот и енергијата, хомогеноста и силата на карактерот манифестирана во Христа мора да се развива во нас низ истата дисциплина која ја поднел Тој. И благодатта која ја примил Тој е за нас.

**Напорот сразмерен на целта кон која тежнееме.** - Мислите мора да се подредат на Бога. Ние мораме да вложиме сериозни напори за да ги надвладееме лошите особини на природното срце. Нашите напори, нашето самоодрекување и истрајноста, мора да бидат еднакви со бесконечната вредност на целта кон која тежнееме. Само со победа како што Христос победил, ќе ја добиеме круната на животот.

**Размислување за себе.** - Ако дозволите другите да размислуваат наместо вас, ќе ја осакатите енергијата и ќе ја намалите способноста. Постојат мнозина чиј разум е закржлавен затоа што се ограничиле со занимавање на банални предмети. Треба да се фатите во костец со мисловните проблеми кои бараат изразување на најдобрата сила на вашиот ум.

**Убавината на срцето се учи во Христовата школа.** - Вистинската префинетост на мислите и особините подобро се учат во школото на Божествениот Учител отколку преку било какво придржување на некои правила. Неговата љубов која го исполнува срцето на карактерот му го дава оној префинет допир кој го дотерува кон Неговото сопствено обличје. Ова воспитување дава небесно достоинство и чувство на припадност. Тоа дава пријатна диспозиција и благост на манирите кои никогаш не можат да се изедначат со површната полираност на помодарското општество.

**Потребна е ментална дисциплина.** - Способноста да ги фокусираме мислите на работата која ја работиме е голем благослов. Богобојазната младина треба да тежнее кон исполнување на своите должности со промислени постапки, држејќи ги своите мисли во исправен канал и давајќи сѐ од себе. Тие треба да ги препознаат сегашните должности и да ги исполнат, при тоа не дозволувајќи му на умот да талка. Овој вид на ментална дисциплина ќе биде од помош и корист низ животот. Оние кои учат да размислуваат за тоа што работат, било колку таа задача да изгледа мала, ќе бидат од корист на светот.

**Меѓусебен однос на идеи.** - Некои умови се слични на антикварница отколку на било што друго. Бројни парчиња и краеви на вистина се собрани и тука складирани; но тие не знаат како да ги претстават на јасен, и поврзан начин. Меѓусебниот однос кои овие идеи го имаат е тоа што им дава вредност. Секоја идеја и констатација треба тесно да се соедини како алките во ланецот. Кога проповедникот исфрла куп на работи пред луѓето да ги соберат и средат, неговиот труд се губи, зошто малкумина се тие што тоа ќе го направат.

**Зошто умот зазема ниско ниво.** - Ако човечкиот ум зазема ниско ниво, тоа е воглавно затоа што се препушта да се занимава со банални факти и не се повикува и вежба да ги дофати благородните, возвишени вистини, кои се трајни како вечноста. Тие литературни друштва и книжеви центри скоро сеопшто вршат влијание потполно спротивно на она за кое тврдат и се штетни за младината. Ова не мора да биде случај, но затоа што предничат непосветени елементи, затоа што световните луѓе прават тоа што им е мило, нивните срца не им се во склад со Исуса Христа. Тие се на страната на Господовите непријатели и не се задоволни со оној вид на занимање кое би ги зајакнало и утврдило членовите на општеството во духовноста. Се внесуваат ниски, евтини работи кои не воздигнуваат и упатуваат само на забавување.

**Бавење со неважни работи.** - Со текот на часовите поминати во будна состојба умот ќе биде постојано запослен. Ако се бави со неважни работи, разумот ќе закржлави и ослабне. Можеби ќе бидат некои нередовни одблесоци на мислите; но умот не е дисциплиниран на постојаност, и трезвено размислување. Има теми кои бараат сериозни разгледување... Бавењето со овие теми е од вечен интерес, умот јакнее и карактерот се развива.

**Мислите оставаат неизбришлива трага на душата.** - Воздржувајте се од секое зло. Баналните гревови, било колку да се сметаат за безначајни, ќе го расипат вашето морално чувство и ќе го угаснат внатрешниот впечаток на Божјиот Дух. Карактерот на мислите остава свој печат на душата, и секој низок разговор го расипува умот. И секое лошо дело го упропастува оној кој го прави. Бог може и сака да му прости на грешникот кој се кае, но иако му е опростено, душата се расипува; моќта на возвишено мислење, која е можност на неоштетениот ум, се уништува. Душата сето време ги носи белезите. Поради тоа да тежнееме кон онаа вера која работи преку љубовта и ја прочистува душата за да можеме да го претставиме Христовиот карактер пред светот.

**Опкружување на душата со чиста атмосфера.** - Никој не треба да биде директен или наметлив, туку мораме тивко да ја живееме својата религија, гледајќи со очите кон Божјата слава... Тогаш ќе светиме како видело на светот, без бучност или несогласување. Нема потреба за нечиј неуспех, зошто со нас е Оној Кој е мудар во советувањето, вреден во работата и моќен да ги исполни своите намери. Тој работи преку Своите орудија, видливи и невидливи, човечки и божествени. Ова дело е големо дело и ќе се спроведе на Божја слава, ако сите кои се поврзани со него ги направат своите дела во склад со верата која ја исповедаат. Чистотата на мислите мора да се одгледува како нужност за делото за влијание на другите. Душата мора да се опкружи со чиста, света атмосфера, атмос-

фера која ќе има тенденција на убрзување на духовниот живот на сите кои ја вдишуваат.

**Секоја енергија мора да се искористува (совет на една млада жена).** - Животот на душата не може да се одржи доколку не се доведе во подреденост со Божјата волја. Секоја енергија мора да се користи во творење на божествената волја. Нашите мисли, ако се задржуваат на Бога, ќе бидат водени од божествената љубов и сила. Тогаш, мило мое дете, живеј на зборовите кои доаѓаат од Христовите усни. Господ нека те поткрепи, благослови и води. Притисни нанапред и верувај дека ако бараш, ќе добиеш.

**Христос ги менува мислите.** - Христос дошол да го измени текот на неговите (човечките) мисли и склоности.

**Како што цветот се врти кон сонцето.** - Душата нека се извие и исправи за да може Бог да ни дарува небесна атмосфера. Ние можеме да се држиме толку блиску до Бога што секоја неочекувана проба ќе ги сврти нашите мисли кон Него како што цвеќето се врти кон сонцето.

**Преобразувањето почнува со мислите.** - Зборовите: „Ќе ви дадам ново срце“ (Езекиел 36:26) значат, „Ќе ви дадам нов ум.“ Оваа промена на срцето секогаш е пратена со јасен концепт на христијанска должност, разбирање на вистината. Бистрината на нашиот поглед на вистината ќе биде сразмерен со нашето разбирање на Божјата Реч.

Потребна ни е преобразувачка моќ на Божјата благодат за правилно да нè насочи кон нашата мисловна моќ. Ние можеме да мислиме зло, ние можеме да продолжиме да ги држиме своите умови на неисправни работи, но што тоа ни донесува? Тоа се спротивставува со целото наше искуство кон она во што гледаме. Но со набљудување на Исуса ние се менуваме во тоа исто обличје. Слугата на живиот Бог внимава на одредената цел. Очите и ушите се посветени и оние кои ги затвораат своите очи и уши на злото ќе бидат променети.

# СОМНЕЖИ

**Мистерии кои не можеме да ги досегнеме.** - Божјата Реч, како карактерот на својот Божествен Автор, изложува мистерии кои ограничените суштества никогаш потполно не можат да ги разберат. Влегувањето на гревот во светот, Христовото отелотворување, регенерацијата, воскреснувањето и многу други предмети изложени во Библијата се мистерии премногу длабоки за човечкиот ум да ги објасни или дури потполно да ги сфати. Но ние немаме причини да се сомневаме во Божјата Реч затоа што не можеме да ги разбереме мистериите на Неговото провидение. Во светот на природата ние сме постојано опкружени со мистерии кои не можеме да ги досегнеме. Наједноставните облици на живот претставуваат проблем кој и најмудрите филозофи се немоќни да ги објаснат. Насекаде има чуда кои се надвор од нашето разбирање. Треба ли тогаш да сме изненадени со откритието дека во духовниот свет исто така постојат мистерии кои не можат да се досегнат? Потешкотијата единствено лежи во слабоста и ограниченоста на човечкиот ум. Бог ни дал во Библијата доволно докази на нејзиниот божествен карактер, и ние не смееме да се сомневаме во Неговата Реч затоа што не можеме да ги разбереме мистериите на Неговото провидение.

**Можноста за сомневање не е отстранета.** - Додека Бог дава изобилство на докази за верата, Тој никогаш нема да ги отстрани сите изговори за неверството. Сите кои бараат куки за да ги закачат своите сомнежи, ќе ги најдат. И оние кои одбиваат да ја прифатат и послушаат Божјата реч додека секоја примедба не се отстрани, и не постои повеќе пригода за сомневање, никогаш нема да дојдат до светлинатата.

Неверувањето во Бога е природна појава во необновеното срце, кое е во непријателство со Него. Но верата е вдахновена од Светиот Дух, и таа ќе цвета само ако се негува. Ниту еден човек не може да стане јак во верата без одлучни напори. Неверството јакнее кога се охрабрува; и ако луѓето, наместо да се занимаваат со доказите кои Бог ги дал за да ја поткрепат својата вера, си допуштаат себеси да се сомневаат и ситничат, тие ќе откријат дека нивните сомнежи сѐ повеќе се потврдуваат.

**Ефектот на тежината на доказот.** - Оние кои сакаат да се сомневаат ќе имаат изобилство на прилики. Бог нема намера да ја отстрани секоја прилика за неверството.Тој дава докази, кои мораат внимателно да се испитуваат со понизен ум и со поучлив дух, и сите треба да одлучат од тежината на доказите. Бог дава доволно докази за отворениот ум да верува; но оној кој се одвратува од тежината на доказите затоа што има некои работи кои не може да ги разјасни со своето ограничено разбирање

ќе биде препуштен на ладната, невкусна атмосфера на неверство, сомнежи и ќе направи бродолом од верата.

**Не им верувајте на чувствата (совет на еден сомничав човек).** - Големиот план на милоста од почетокот е да се придобие секоја ожалостена душа за верата во Неговата љубов. Твојата сигурност во сегашно време кога умот ти се измачува со сомнежот е да не се верува во чувствата туку во живиот Бог. Сѐ што Тој бара од тебе е да му подариш доверба, признавајќи Го како свој верен Спасител, Кој те сака и Кој ти ги има простено сите грешки и заблуди.

**Ниту една мисла на сомнеж да не ја види светлината на денот.** - Стражарете верно како што Аврам правел да не случајно гавраните или некоја друга птица грабливка слета на вашата жртва и приносот на Бога. Секоја мисла на сомнеж треба така да се чува за да не го види светлото на денот преку изразување. Светлината секогаш бега од зборовите кои ги величаат силите на темнината. Животот на нашиот воскреснат Господ треба секојдневно да се манифестира во нас.

**Хронично сомнежливиот е насочен кон себе.** - Голема несреќа е да се биде хронично сомнежлив, задржувајќи ги очите и мислите на себе. Додека се набљудувате себеси, додека тоа е тема на мислење и разговори, не можете да очекувате да се усогласите со Христовото обличје. Своето јас не е вашиот спасител. Вие немате откупителска особина во себе. „Јас“ е многу трошен брод на кој можете да ја качите својата вера. Исто колку што е сигурно да му се доверите, исто така и ќе потоне.

Чамец за спасување, во чамецот за спасување! Ова е ваша единствена сигурност. Исаус е капетан на тој чамец, и Тој никогаш нема изгубено ниту еден патник.

Обесхрабрени сомничари, како можете да очекувате срцето да ви зрачи со Христовата љубов? Како можете да очекувате Неговата радост да остане во вас и вашата радост да биде исполнета додека размислувате и се потхранувате со својот сопствен несовршен карактер?

**Верата спроти неверството.** - Ние не разбираме колку губиме со неверството. Без верата ќе се впуштиме во изгубена битка. Ние имаме Спасител кој ја разбира секоја фаза на нашиот живот. Тој ги знае нашите обесхрабрувања, и Тој знае каква помош всушност ни е потребна. Потребна ни е вера во Него, вера која работи низ љубовта и ја очистува душата.

Верата расте низ судири со сомнежот; способноста собира сила преку отпорот на искушенијата.

**Негувајте ја верата.** - Нема охрабрување дадено за неверството. Господ одново и одново ја покажува Својата благодат и Својата моќ, и ова треба да нѐ научи дека секогаш е корисно под сите околности да се не-

гува верата, да се говори за верата, да се постапува според верата. Ние не смееме да дозволиме срцето и рацете да ни ослабнат со допуштање на сомничавите умови да посадат семе на сомнеж и недоверба во нашите срца.

**Сомнежот предизвикува нервно заболување.** - Сигурноста на Божјото одобрување ќе го унапреди физичкото здравје. Тоа ја утврдува душата против сомнежот, потешкотиите и претераната жалост која толку често ги поткопува виталните сили и предизвикува нерво заболивање од најлош и најмачен карактер. Господ ја заложил Својата непропадлива реч дека Неговото око секогаш ќе биде над праведните и Неговото уво секогаш отворено за нивните молитви, додека Тој е против сите оние кои прават зло. Ние извршуваме многу тешка задача на овој свет за себеси кога заземаме таков курс дека Господ е против нас.

**Никаков сомнеж да не го обзема умот.** - Никаков сомнеж или недоверба не смее да го обзема умот. Никакво разбирање за Божјата големина не треба да ја збуни нашата вера. Бог нека ни помоге да се понижиме во кротост и смиреност. Христос ја положил Својата царска облека и круна за да може да се поврзе со човештвото и да покаже дека човечките суштества можат да бидат совршени. Облечен во облеката на милоста, Тој живеел во нашиот свет совршен живот за да ни даде доказ за Својата љубов. Тој го направил она што неверувањето во Него го прави невозможно. Од Својата висока заповедничка положба во небесните двори Тој се симнал да земе човечка природа на себе. Неговиот живот е пример какви можат да бидат нашите животи. За никакво разбирање на Божјата големина да не влезе и да ја избрише нашата вера во Божјата љубов, Христос станал човек на болката и се запознал со жалоста. Човечкото срце, предадено Нему, ќе стане света харфа, која испраќа света музика.

**Нема оправдување за изразување на сомнежи.** - „Таткото ... нѐ избави од власта на темнината“ (Колосјаните 1:13). Ако ова е вистина, каков изговор имаме за покажување на обесхрабрување, неверство и сомнеж - за навлекување на темнината околу нас како појас? Да ја свиткаме сенката на сомнежот, одлагајќи ја за да ја носи сатаната, зачетникот на секој сомнеж и обесхрабрување. Тој настојува да ја фрли својата пеколна сенка преку нашата патека. Нашата вера мора да ги пробие темните облаци на сомнеж и неверство, фаќајќи се горе за Христовата рака.

**Како Елена Вајт ја победила семката на сомнежот.** - Кога сатаната ја фрла својата пеколна сенка на сомнеж преку мојата патека, јас не гледам или говорам за неа и го прославувам ѓаволот говорејќи за него или неговата сила или колку тешки моменти имам. Не, јас поминувам право низ сенката и со вера се фаќам за Исуса Христа. Со гледање ние се ме-

нуваме во тоа исто обличје од слава во слава. Говорете за верата. Секој сомнеж кој го изразувате е посеано семе, и тоа семе ќе фати корен во некое срце. Нема потреба да изговориме ниту една реченица на сомнеж и на тој начин да го фалиме ѓаволот за неговата чудесна моќ за да ве држи во потчинетост. Не, Христос ме купил и ме откупил. Сатаната нема сила над мене.

**Лажни замисли за Бога.** - Сатаната е радосен кога може да ги наведе Божјите деца на неверство и малодушност. Тој ужива да ја види нашата недоверба во Бога и сомнеж во Неговата волја и силата да нѐ спаси. Тој сака да чувствуваме дека Господ ќе ни наштети со своето провидение.

Дело на сатаната е да го претстави Господа како оној на кого му недостасува сочувство и сожалување. Тој погрешно ја наведува вистината за Него. Тој ја исполнува имагинацијата со лажна замисла за Бога; и наместо да се занимаваме со вистината за нашиот небесен Татко, ние премногу често ги фокусираме своите умови на сатанските погрешни претстави и го обесчестуваме Бога со недоверба и мрморење против Него.

Сатаната секогаш настојува религиозниот живот да го направи површен. Тој сака да изгледа мачен и тежок, и кога христијанинот во својот живот го претставува овој поглед на религијата, тој низ своето неверство ги поддржува сатанските лаги.

**Затворете ја вратата на своето срцето за сомнежите.** - Кога ѓаволот доаѓа со своите сомнежи и неверства, затворете ја вратата на своето срце. Затворете ги своите очи така што нема да се занимавате со неговата пеколна сенка. Подигнете ги нагоре да можат да го гледаат тоа што е вечно, и ќе имате сила секој час. Испробувањето на вашата вера е подрагоцено од златото... Тоа ве прави храбри во биењето на Господовите битки, „оти нашата борба не е против крвта и плотта, туку против началствата, против властите, против светските управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“ (Ефесјаните 6:12).

Сатаната полага право на овој свет. Тој полага право на нас како на свои. Па, ќе му го дадеме ли тоа што тој го бара? Не. Јас сум сопственост на некој друг. Купена сум скапо и моја работа е да го прославам Бога во телото и духот. Немам време да зборувам неверство. Верата е таа за која морам да зборувам. Морам да ја јакнеам својата вера преку користење. И тогаш мојата вера расте додека се потпираме на Божјите ветувања и можам да примам се повеќе и повеќе.

Благословен, благословен Исус. Го сакам затоа што Тој ми е утеха и надеж и прилика и ресурс; лично за мене и лично за вас. Би сакала и вие да се сметате за Негова сопственост. Свртете ги своите лица како кремен кон Горатa Сион. Бидете одлучни дека таму постои богатство кое можете да го добиете.

**Една реченица на сомнеж прави место за друга.** - Една реченица на сомнеж, еден збор на лошо мислење или лош говор, прави место за други од истиот вид. Тоа е сеење на семе кое ќе подготви жетва која малкумина ќе сакаат да ја соберат.

**Семето на сомнеж лежи закопано.** - Оние кои ги мачи сомнежот и кои имаат потешкотии кои не можат да ги решат не треба да фрлаат други слаби умови во иста неприлика. Некои алудирале или говореле за своето неверство и поминале преку тоа не сонувајќи каков ефект направило тоа. Во некои случаи семето на неверство донело моментален ефект, додека во друг случај лежело закопано долго време, додека тој поединец на зазел погрешен курс и му дал место на непријателот, а Божјата светлина се повлекла од него и тој паднал под моќните сатански искушенија. Тогаш изникнува семето на неверство кое било толку одамна посеано. Сатаната го храни, и тоа донесува род.

Сè што доаѓа од проповедниците кои треба да стојат во светлината има моќно влијание. И кога не стоеле во јасната Божја светлина, сатаната ги користел како агенти и преку нив ги пренесувал своите огнени стрели во умовите на неподготвените да го одбијат она што доаѓа од нивните проповедници.

**Наша должност е да веруваме.** - Верувајте, дека Божјата реч нема да изостане, туку е верен Оној кој ветил. Всушност колку ви е должноста да ги признаете своите гревови толку ви е должност да верувате дека Бог ќе ја исполни Својата реч и ќе ви ги прости гревовите. Вашата вера мора да се покаже во Бога како оној кој ќе направи токму онака како што ветил - дека ќе ви ги опрости сите ваши престапи.

Како можеме да знаеме дека Господ навистина е наш Спасител кој ги простува нашите гревови, и да ја потврдиме (преку лично искуство) длабоката благословеност во Него, големата благодат и љубов за која не уверува дека ја има за смирените во срцето, доколку безусловно не веруваме во Неговата реч? О, колкумина се оплакуваат, грешејќи и каејќи се, но секогаш под облакот на осудата. Тие не веруваат во Господовата реч. Тие не веруваат дека Тој ќе направи токму онака како што рекол дека ќе стори.

**Причината за сомнеж - љубовта кон гревот.** - Маскирајќи го како што можат, вистинската причина на сомнежот и скептицизмот во наголем број на случаи е љубовта кон гревот. Учењата и ограничувањата на Божјата реч не се добредојдени на гордото срце кои го сака гревот, и оние кои не се волни да ги послушаат нејзините барања подготвени се да се сомневаат во нејзиниот авторитет. За да дојдеме до вистината мораме да имаме искрена желба да ја сознаеме вистината и волјата на срцето да ја послушаме. И сите кои со овој дух приоѓаат во проучувањето на Библијата ќе најдат изобилство на докази дека таа е Божја реч, и тие може да стекнат разбирање на нејзините вистини кое ќе ги умудри за спасение.

**Невнимателните луѓе негуваат сомнеж.** - Сомнежот и неверството го негуваат оние кои не живеат внимателно. Тие се болно свесни дека нивниот живот нема да ги задоволи тестот на Божјиот Дух, било да зборува преку Неговата реч или преку сведоштвата на Неговиот Дух што би ги довело до Неговата Реч. Наместо да отпочнат со своите сопствени срца и дојдат во хармонија со чистите начела на евангелието, тие изнаоѓаат грешки и ги осудуваат оние средства кои Бог ги одобрил да ги подготви луѓето да опстанат во денот Господен.

**Примените сомнежи се сметаат за готови факти.** - Општиот метод на образование на младите не ги задоволува стандардите на вистинското образование. Неверните чувства се вплеткуваат во она што се наоѓа во учебниците, а Божјите зборови се ставаат во незавидна и дури во сомнителна светлина. На тој начин умовите се зближуваат со сатанските сугестии и сомнежите кои еднаш ќе се примат стануваат за оние кои ги усвоиле сигурни факти, и научното истражување ги наведува на погрешно мислење поради начинот на кој се толкуваат и изопачуваат неговите откритија.

**Што да се прави со сомнежот.** - Вие го повредувате Христовото срце сомневајќи се, додека Тој ни пружил такви докази на Својата љубов во давањето на сопствениот живот да нè спаси да нè загинеме, туку да имаме вечен живот. Тој ни кажал всушност што да работиме. „Дојдете при Мене сите изморени и обременети, и Јас ќе ве успокојам“ (Матеј 11:28).

**Сомнежите ги снемува во настојувањето да ги благословиме другите.** - Постојат мнозина кои се жалат на своите сомнежи, кои се јадосуваат дека немаат сигурност на својата врска со Бога. Ова честопати може да се препише на фактите дека тие ништо не прават во Божјото дело. Тие срдечно нека настојуваат да им помогнат и да ги благословат другите и нивните сомнежи и малодушности ќе ги снема.

Оние кои постојано изразуваат сомнеж и бараат дополнителни докази да го истераат својот облак на неверство не ѕидаат на Речта. Нивната вера почива на околностите; таа се темели на чувствата. Но чувствата, дури и кога секогаш би биле угодни, не се вера. Божјата реч е темел на кој мора да се ѕида нашата надеж во небото.

**Што почесто зборувате за сомнежот, тој станува потемен (совет на еден сомнежлив проповедник).** - Ги видов Божјите ангели како жално гледаат кон тебе. Тие ја напуштиле твојата страна и тажно се свртеле, додека сатаната и неговате ангели победоносно се исмевале над тебе. Да се бореше со своите сомнежи и да не го охрабрувашe ѓаволот да те искушува и да го изразуваш своето неверство, сакајќи да се занимаваш со него, не би ги привлекол паднатите ангели околу себе во толкав голем број. Но ти одбираш да говориш за својата темнина; ти одбираш да се

занимаваш со неа; и што повеќе зборуваш и се занимаваш со неа, стануваш сè потемен и потемен.

Ти го попречуваш секој сјај на небесната светлина и се поставува една голема бездна помеѓу тебе и единствениот кој може да ти помогне. Ако продолжиш по патот кој си го започнал, бедата и несреќата се пред тебе. Божјата рака ќе те сопре на начин кој нема да ти одговара. Неговиот гнев нема да дреме. Но сега Тој те повикува. Сега, всушност сега, Тој те повикува да му се вратиш без двоумење, и Тој милостиво ќе ти прости и ќе ги излечи сите твои отпаѓања. Бог води еден посебен народ. Тој ќе ги исчисти, прочисти и подеси за преобразување. Сè она што е сетилно ќе се одвои од Божјото посебно богатство додека не бидат како златото претопени седум пати.

**Нека зраците на светлината ја отргнат сенката на сомнежот.** - Потребно е да се исполниме со сета Божја полнина, и тогаш ќе имаме живот, сила, благодат и спасение.

Како ќе ги стекнеме овие големи благослови? Христос умрел за да ги примиме со вера во Неговото име. Тој бесплатно ни ја понудил светлината и животот. Зошто тогаш да бидеме истрајни во забивањето на клиновите на кои ќе ги прикачиме своите сомнежи? Зошто да ја исполнуваме галеријата на умот со мачни глетки на сомнеж? Зошто да не дозволме на светлите зраци на Сонцето на праведноста да пробијат во коморите на срцето и умот и да ја разбијат сенката на неверството? Да се свртиме кон светлината, кон Исуса драгоцениот Спасител.

Наместо набљудувањето на грешките и маните на некои човечки суштества, да се свртиме во разгледување на карактерот на Оној во кој нема несовршенство. Исус е „првиот помеѓу десетте илјади,“ оној Кој „е целиот мил.“ Ниту еден човек не смее да ни биде пример. Бог ни дал совршен модел во Својот Еднороден Син, и набљудувајќи го Него ќе се промениме во тој ист облик. Гледајте на Христос, чиј престол е висок и воздигнат, и композицијата на Неговата слава ќе го исполни храмот.

# ИМАГИНАЦИЈАТА И БОЛЕСТА

**Имагинацијата доведува до тешки облици на заболување.** - Умот мора да се контролира, затоа што тој има најмоќно влијание врз здравјето. Имагинацијата честопати залажува и кога ќе ѝ се попушти, донесува тешки облици на болест на унесреќениот. Мнозина умираат од заболување кое воглавно е имагинарно. Запознаена сум со некои кои на себе невлекле вистинско заболување од влијанието на имагинацијата.

**Умираат луѓе кои навистина можеле да заздрават.** - Илјадници се болни и умираат околу нас кои инаку можеле да бидат добри и да живеат, но ги држи нивната имагинација. Тие стравуваат дека ќе им биде полошо ако работат или вежбаат, додека всушност таа промена им е потребна за да оздрават. Без ова никогаш нема да напредуваат. Тие треба да ја практикуваат моќта на волјата, издигајќи се над своите болки и слабости, да се вклучат во корисно запослување, и да заборааат дека ги боли грбот, слабините, градите и главата. Запоставувањето на вежбите на целото тело или делови на телото, ќе донесе морбидна состојба. Неактивноста на било кој телесен орган ќе биде пратена со намалување на големината и силата на мускулите и ќе предизвика забавување на протокот на крв низ крвните садови.

**Имагинацијата може да управува со делови на телото.** - Недостатокот од соодветна акција во човечкиот организам е тоа што донесува болест. Мислите може да контролираат други делови на телото на нивна штета. Сите органи на системот мораат хармонично да работат.

**Умирање од заболена имагинација.** - Еднаш бев повикана да се видам со една млада жена со која добро се познавав. Беше болна и брзо венееше. Нејзината мајка сакаше да се молам за неа. Мајката стоеше тука плачејќи и говорејќи: „Сирото дете; таа не може да живее дого." Го почувствував нејзиниот пулс. Се молев со неа и потоа и се обратив: „Сестро моја, кога би станала, би ја соблекла својата облека и би тргнала на својата вообичаена работа, би се изгубила сета оваа инвалидност.

„Мислиш ли дека ќе се изгуби?" праша таа.

„Секако," јас одговорив. „Речиси си ги задушила животните сили преку инвалидност."

И се обратив на незината мајка и ѝ реков дека нејзината ќерка би умрела од заболената имагинација ако тие не се осведочиле за нивните заблуди. Таа се воспитувала себеси на инвалидност. Но тоа е многу лошо школо. Но јас ѝ реков: „Промени го овој поредок; стани и облечи се." Беше послушна и денеска е жива.

**Влијанието на болеста врз имагинацијата.** - Ти си премногу сензибилна и длабоко чувствителна. Строго си совесна и твоето расудување мора да се осведочи пред да се сложиш со мислењето на другите. Ако твоето физичко здравје беше неоштетено, би станала над сè корисна жена. Долго беше болна, и тоа влијаело на твоите мисли така што мислите ти биле сконцетрирани на себе, а мислите се одразиле на телото.

**Надвладувањето на болната имагинација.** - Дадена ми е светлина дека ако сестрата која ја спомнуваш се зацврсти и го негува својот вкус кон здравата исхрана, сите тие изливи на малодушност ќе ги снема. Таа ја негувала својата имагинација; непријателот ја искористил нејзината телесна слабост, и нејзиниот ум не е подготвен да се носи со тешкотиите на секојдневниот живот. Добра, посветена терапија на умот е тоа што ѝ е потребно, зголемување на верата, активна служба за Христа. Таа исто така треба да ги вежба своите мускули во надворешната практична работа. Физичката вежба ќе ѝ биде еден од најголемите благослови во животот. Нема потреба да биде инвалид, туку здрава жена со здрав ум, подготвена добро и благородно да ја одигра својата улога.

Сиот третман кој ќе ѝ се пружи на оваа сестра ќе биде од мала корист доколку не го изврши таа својот дел. Таа мора да ги зајакне мускулите и нервите преку физичка работа. Нема потреба да биде инвалид туку, може да изврши добра и сериозна работа. Како мнозина други, таа има заболена имагинација. Но може да надвладее и да биде здрава жена. Оваа порака сум ја упатувала на мнозина, и со најдобри резултати.

**Да се повикува на помош волјата.** - Мрзливоста е големо зло. Мажите, жените и младите, бавејќи се со себе, мислат дека се во потешка состојба отколку што навистина се. Тие ја потхрануваат својата слабост, мислат за неа, и говорат за неа, додека нивната корисност изгледа како да е при крај. Мнозина отишле во гроб додека можело и требало да живеат. Нивната имагинација била заболена. Доколку се противеа на диспозицијата да се предадат на слабостите и тие да ги совладаат, да ја повикале во помош моќта на волјата, можеле да живеат на благослов на светот со своето влијание.

**Ослободување од гревот и исцелувањето на болеста поврзано.** - Во службата на исцелување, лекарот мора да биде соработник со Христа. Спасителот служел и на душата и на телото. Евангелието кое го учел било порака за духовниот живот и физичката обнова. Ослободувањето од гревот и исцелувањето од болестите биле заедно поврзани. Истата служба му е доверена на лекарот христијанин. Тој мора да се соедини со Христа во олеснувањето на физичките и духовните потреби на своите ближни. Тој за болниот треба да биде гласник на благодатта на милоста, донесувајќи му лек за болното тело и од грев ранетата душа.

# ОДЛУЧНОСТА И ВОЛЈАТА

**Владеечка сила во природата на човекот.** - Волјата е вледеечка сила во природата на човекот, доведувајќи ги сите останати способности под свое влијание. Волјата не е вкус или склоност, туку е моќ на одлучување која работи во синовите човечки на послушност или непослушност кон Бога.

**Сè зависи од нејзината правилна акција.** - Личноста која е во искушение мора да ја разбере вистинската сила на волјата. Тоа е владеечка сила во човековата природа - сила на одлучност и избор. Сè зависи од правилната акција на волјата. Желбата за добрина и чистота е правилна, колку до неа стои; но ако сопреме тука, таа нема да служи за ништо. Мнозина ќе отидат во пропаст додека се надеваат и сакаат да ги надвладеат своите лоши особини. Тие не ја предаваат својата волја на Бога. Тие не одбираат да му служат.

**Извор на сите акции.** - Вашата волја е извор на сите ваши акции. Оваа волја, која обликува толку важен фактор во карактерот на човекот, при падот во гревот е предадена во контрола на сатаната; и тој отсекогаш работел во човекот да сака и прави тоа што му се допаѓа, но на конечна пропаст и беда на самиот човек.

Но бесконечната Божја жртва во давањето на Исуса, Неговиот возљубен Син, да стане жртва за гревот, му овозможува да рече, без кршење на ниту едно начело на Своето владарство: „Предајте се себеси на Мене; предадете Ми ја својата волја; земете ја од контролата на сатаната, и Јас ќе ја присвојам; тогаш ќе можам да работам во вас да сакате и правите како што Мене ми е угодно.“ Кога тој ви дава Христов ум, вашата волја станува како Неговата волја, и вашиот карактер се преобразува да биде налик на Христовиот карактер.

**Човечката волја е агресивна.** - Човечката волја е агресивна и постојано настојува сè да подреди на своите намери. Ако се стави на страна на Бога и правдата, плодови на Духот ќе се појават во животот; а Бог наменил слава, чест и мир на секој човек кој прави добро.

**Неможноста лежи во сопствената волја.** - Целиот наш живот е Божји и мора да се искористи на Негова слава. Неговата благодат ќе ја посвети и унапреди секоја способност. Никој нека не рече: Не можам да ги излечам своите карактерни мани; зошто ако дојдете до оваа одлука, видливо е дека ќе пропуштите да го добиете вечниот живот. Неможноста лежи во вашата сопствена волја. Ако не сакате, тогаш не можете да победите.

Вистинската потешкотија произлегува од расипаноста на непосветеното срце, и неволноста за потчинување на Божјата контрола.

**Голем смирувач за нервите.** - Умот и нервите стекнуваат своја обоеност и сила преку користењето на волјата. Моќта на волјата во многу случаи ќе се покаже како силен смирувач за нервите.

**Сатаната ја користи волјата.** - Кога на сатаната ќе му се допушти да ја обликува волјата, тој ја користи за остварување на своите цели... Тој ги побудува лошите особини, будејќи несвети страсти и амбиции. Тој вели: „Сета оваа моќ, овие почести и богатство и грешни задоволства, ќе ти ги дадам на тебе"; но неговите услови се да се предаде честитоста, и отапи совеста. На тој начин тој ги деградира човечките способности и ги воведува во ропство на гревот.

**Искушенијата ја оптоваруваат моќта на волјата до крајност.** - Како Божји деца имаме привилегија цврсто да се држиме за повикот на својата вера без колебање. Понекогаш господарската сила на искушенијата изгледа како до крајност да ја оптоварува нашата моќ на волјата, и практикувањето на верата изгледа спротивно на сите докази на чувства или емоции, но нашата волја мора да се држи на Божја страна. Ние мораме да веруваме дека Исус Христос е вечна сила и ефикасност... Час по час мораме победоносно да ја чуваме својата положба во Бога, и да бидеме силни во Неговата сила.

**Воспитувањето на децата не е како на немите животни.** - Воспитувањето на децата во домот или во школото на треба да биде како обука на немите животни, зошто децата имаат интелегентна волја која треба да се насочува да ги контролира сите нивни способности. На немите животни потребна им е обука зошто тие немаат разум и интелект. Но човечкиот ум мора да се учи на самоконтрола. Тој мора да се воспитува да управува со човечкото битие, додека животните ги контролира господарот и научени се нему да му се покоруваат. Господарот е ум, суд и волја за своето животно.

**Волјата треба да се насочува не да се крши.** - Детето може да се воспитува, како животните така што ќе нема сопствена волја. Дури и неговата индивидуалност може да се потопи во индивидуалноста на оној кој ја надгледува неговата обука; неговата волја, во сите навики и цели, се подредува на волјата на учителот. Децата кои така се воспитани ќе бидат лишени од моралната енергија и индивидуалната одговорност. Тие не се учени да делуваат разумно и по начела, нивната волја ја контролирал некој друг, и умот не бил поттикнат да се шири и јакнее. Тие не се насочени и дисциплинирани земајќи ја во предвид нивната посебна конструкција и способноста на умот да ја покаже својата најсилна моќ кога е потребно.

Учителите не треба овде да застанат туку посебно внимание треба да подарат на негување на послабите способности за да може секоја моќ да се стави во употреба и пренесе од еден степен на сила на друг, за да може умот да достигне соодветна големина.

**Да се сочува сета сила на волјата.** - Постапката на „кршење на волјата“, е спротивна на Христовите начела. Детската волја мора да се насочува и води. Сочувајте ја сета сила на волјата, зошто му е потребна на човечкото битие; но насочувајте ја како што треба. Постапувајте мудро и нежно со неа, како со посветено богатство. Не кршете ја волјата на делови туку со помош на правила и вистински пример обликувајте ја и моделирајте додека детето не влезе во годините на одговорност.

**Учителот не смее да биде диктатор.** - Оние кои се себични, зловолни, со диктаторски дух, прости и груби, кои не се однесуваат внимателно кон чувствата на другите, никогаш не смеат да се вработат како учители. Тие би имале погубно влијание над своите ученици, обликувајќи ги по својот карактер и на тој начин овековувајќи го злото. Личностите со ваков карактер ќе вложат напори да ја скршат детската волја, ако е непослушна; но Христос не одобрил таков начин на постапување со оние кои грешат. Преку небесната мудрост, низ скромноста и благоста на срцето, учителите можат да ја насочуваат волјата и водат на патот на послушноста; но никој нека не се залажува дека љубовта на учениците може да ја стекне со закани. Ние мораме да работиме како што Христос работел.

**Поделената волја е стапица.** - Секоја млада личност треба да негува одлучност. Поделената состојба на волјата е стапица, и ќе предизвика пропаст на многу млади. Бидете цврсти, или куќата, односно карактерот, ќе биде препуштен на изградба на песоклив темел. Постојат некои кои ја имаат таа несреќа секогаш да бидат на погрешна страна, додека Господ сака да се верни луѓе кои можат да го разликуваат доброто од злото.

**Два елементи на карактер.** - Силата на карактерот се состои од две работи - моќта на волјата и моќта на самоконтрола. Мнозина млади ја заменуваат силната, неконтролирана страст за силен карактер, но вистина е дека оној кој се раководи со страстите е слаб човек. Вистинската големина и благородноста на човекот се мери по моќта на чувствата кои тој може да ги потчини, а не по моќта на чувствата кои него го потчинуваат. Најсилен човек е оној кој, додека е чувствителен на злоставување, сепак ќе ги заузда страстите и ќе им прости на своите непријатели. Таквите луѓе се вистински херои.

**Волјата соединета со божествената сила.** - Вие можете да станете одговорни и влијателни луѓе ако силата на волјата, ја соедините со бо-

жествената моќ и срдечно се зафатите со работа. Вежбајте ја менталната моќ и во никој случај не ја занемарувајте физичката. Не дозволувајте вашата интелектуална мрзливост да го затвори вашиот пат кон поголемо спознавање. Научете да размислувате додека проучувате за да можат вашите умови да се шират, јакнеат и развиваат. Никогаш не размислувајте дека доволно сте научиле и дека сега можете да ги олабавите своите напори. Култивираниот ум е мерило за човекот. Вашето образование треба да продолжи во текот на животот; секој ден треба да учите, и стекнатото знаење практично да го применувате.

**Правилното увежбување на волјата пружа отпор на болеста.** - Покажано ми е дека оние кои очевидно се слаби и кои секогаш се жалат не се толку лоши како што си замислуваат за себеси. Некои од нив имаат силна волја, која, ако се користи во правилна насока, ќе биде моќно средство за контролирање на мислите пружајќи на тој начин отпор на болеста. Но најчест случај е волјата да се вежба во погрешна насока и тврдоглаво да се одбива да се потчини на разумот. Таа волја ја прифаќа инвалидноста како готова работа и не се освртува на судот на другите.

**Еден фактор во односите со болеста.** - Моќта на волјата не се вреднува како што би требало. Дупуштете и на волјата да се разбуди и правилно да се насочи, и таа ќе даде енергија на целото битие и ќе биде чудесна помош во одржување на здравјето. Таа исто така е сила во постапувањето со болестите...

Со употребата на волјата ставајќи се во правилен однос кон животот, пациентите можат многу да придонесат во своето закрепнување соработувајќи на тој начин со напорите на лекарот. Постојат илјадници кои можат да го повратат здравјето ако сакаат. Господ не сака да бидат болни. Тој сака да им биде добро и да се среќни, и тие треба да ги средат своите умови како што треба.

Честопати инвалидите може да ја одбегнат болеста ако не се предадат на слабостите и не ја прифатат состојбата на неактивност. Издигајќи се над своите болки и маки, нека се вклучат во корисна работа пригодна на нивната сила. Со таква запосленост и слободна употреба на воздух и сончева светлина, исцрпените инвалиди можат да ја повратат силата и здравјето.

**Ветено подобрување на здравјето.** - Лошите навики и обичаи на луѓето им донесуваат болести од секој вид. Разумот нека се осведочи со воспитување во грешноста, злоупотребата и во понижување на моќта која Бог ја дал. Умот нека се опамети и волјата стави на Господовата страна, и ќе се случи чудесно напредување во физичкото здравје.

Но ова никогаш не може да се постигне само со човечка сила. Со енергични напори преку Христовата благодат да се оставаат лошите навики и друштво и да се држи умереноста во сите нешта, мора да се придодаде

постојаното осведочување дека покајанието и простувањето мораат да се бараат од Бога преку Христовата помирителна жртва. Ова мора да се внесе во секојдневното искуство; мора да постои строго внимание на неуморно молење за Христос да ја доведе секоја мисла во покорност; Неговата обновувачка сила мора да ѝ се даде на душата, за како одговорни суштества да можеме да ги понудиме своите тела на Бога во жива жртва, на светот и Нему прифатлива, која е наша разумна служба.

**Наркотиците и волјата.** - Постојат некои кои користат наркотици, и така поттикнуваат лоши навики кои задобиваат надмоќност над волјата, мислите и целиот човек.

**Поучување на моќта на волјата.** - Моќта на волјата и важноста на самоконтролата, како за зачувување така и за обновување на здравјето, штетните, па дури и разорните последици на гневот, незадоволството, себичноста и порочноста и од друга страна, чудесната животодавна моќ која се наоѓа во доброто расположение, несебичноста, благодарноста, треба исто така да се покажат.

**Светиот Дух не го зазема местото на волјата.** - Божјиот Дух нема намера да го извршува нашиот дел, во сакање или делување. Ова е задача на човечките орудија во соработка со божествените средства. Штом почнеме со копнежот својата волја да ја прилагодиме со Божјата волја, Христовата благодат е тука да соработува со човечките орудија; но таа нема да биде заменик за извршување на задачи независно од нашата одлучност да делуваме. Поради тоа обилноста на светлина и купишта на докази не е тоа што ја обратува душата; тоа е само човечкото орудие кое ја прифаќа светлината, ги буди потенцијалите на волјата, разбирајќи и признавајќи го тоа за кое знае дека е праведност и вистина, соработувајќи на тој начин со небесните пратеници наименувани од Бога во спасување на душите.

**Сигурна само кога е соединета со Божјата волја.** - Човечката волја е сигурна само кога е соединета со Божјата волја.

**Човечката волја мора да се измеша со божествената волја.** - Во овој судир на праведноста против неправедноста можеме да бидеме успешни само со помош на Бога. Нашата ограничена волја мора да се потчини на волјата на Бесконечниот; човечкото мора да се соедини со божественото. Ова ќе ни го доведе Светиот Дух на помош, а секоја победа ќе биде поттик на обновувањето на Божјата купена сопственост, на обнова на Неговиот лик во душата.

**Обратувањето не создава нови способности.** - Божјиот Дух не создава нови способности во обратениот човек туку работи на одлучна промена во примена на овие способности. Кога умот, срцето и душата се ме-

нуваат, на човекот не му се дава нова совест, туку неговата волја се подредува на обновената совест, совест чии заспани чувства се будат со работа на Светиот Дух.

**Сатаната владее со волјата која не е под Божја контрола.** - Христос објавил: „Оти слегов од небото не да ја извршувам Мојата волја, туку волјата на Отецот, Кој Ме прати“ (Јован 6:38). Неговата волја активно се покажувала во спасување на човечките души. Неговите слуги добро би направиле кога би се запрашале: „Каква волја јас култивирам? Ги задоволувам ли сопствените желби, се зацврстувам ли во себичноста и своеглавоста?“ Ако ова го правиме, во голема опасност сме, зошто сатаната секогаш ќе владее со волјата која не е под контрола на Божјиот Дух. Кога ќе ја ставиме својата волја во заедница со Божјата волја, светата послушност која се покажала во Христовиот живот ќе се види и во нашите животи.

**Волјата мора да се насочи од чистата светост.** - Внатрешниот мир и совеста која е ослободена од непријателство кон Бога ќе оживее и ќе го освежи разумот како роса на нежен цвет. Тогаш волјата правилно се насочува и контролира и таа е поодлучна, а сепак ослободена од расипаноста.

**Волјата го одредува животот или смртта.** - Единствено вечноста може да ја открие славната судбина која човекот, обновен по Божјото обличје, може да ја постигне. За да го стигнеме овој голем идеал, тоа што предизвикува сопнување на душата мора да се жртвува. Преку волјата гревот ја задржува власта над нас. Покорувањето на волјата е претставено како вадење на око или сечење на рака. Честопати ни изгледа дека покорувањето на Божјата волја значи постојано одење низ животот како осакатен или лепрозен...

Бог е избор на животот, а ние можеме да имаме живот само кога сме во заедница со Него... Ако се држите на своето јас, одбивајќи да ја предадете својата волја на Бога, вие ја одбирате смртта...

Потребна е жртва да се предадете на Бога; но тоа е жртвување на пониското за повозвишеното, земното за духовното, пропадливото за вечното. Бог не замислил нашата волја да се уништи, зошто само низ неа можеме да постигнеме она што Тој сака. Нашата волја мора да му се предаде Нему за да можеме повторно да ја примиме, очистена и префинета, и така поврзана во сочувство со Божеството за Тој да може да ја излее низ нас плимата на Својата љубов и сила.

**Да се разбере вистинската сила на волјата (совет на еден нестабилен младич).** - Ќе бидеш во постојана опасност сè додека не ја разбереш вистинската сила на волјата. Ти можеш да веруваш и да ветуваш сè, но твоите ветувања и твојата вера немаат вредност доколку не ја ставиш

својата волја на страна на верата и акцијата. Ако ја водиш битката на верата со сета сила на волјата, ќе бидеш победник. Не смееш да им веруваш на своите чувства, емоции и впечатоци зошто тие не се несигурни.

**Вие можете да ја контролирате својата волја.** - Но не треба да очајувате... Ваше е да ја предадете својата волја на волјата на Исуса Христа и додека тоа го правите Бог ќе делува во вас да сакате и правите како што Нему му е угодно. Тогаш целата ваша природа ќе дојде под контрола на Христовиот Дух, а ќе му бидат потчинети дури и вашите мисли.

Вие не можете да ги контролирате вашите побуди, своите емоции, како што можеби сакате; но можете да ја контролирате вашата волја, и да извршите темелна промена во вашиот живот. Со предавањето на својата волја на Христа, вашиот живот ќе биде сокриен со Христа во Бога и поврзан со сила која е над сите царства и власти. Ќе имате сила од Бога која постојано ќе ве држи во Неговата сила; и нова светлина, светлината на живата вера, ќе ви биде можна. Но вашата волја мора да соработува со Божјата волја.

**Врска која спојува со божествената енергија.** - Ние сме помошници на Бога. Тоа самиот Господ го уредил. Таа соработка на човечката волја и напори со божествената енергија е врска која ги спојува луѓето меѓусебно и со Бога. Апостолот вели: „Ние сме Му соработници на Бога, а вие сте Божја нива, Божја зграда“ (1. Коринтјаните 3:9). Човекот треба да работи со способностите кои Бог му ги дал. „Со страв и трепет градете го вашето спасение, оти Бог е Оној Кој во вас прави да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја“ (Филипјаните 2:12, 13).

Кога волјата е ставена на Господовата страна, Светиот Дух ја превзема и ја соединува со божествената волја.

## Отсек Петнаесет

# *Лажен систем на терапија*

# ЛАЖНА НАУКА

**Божјото дело и науката.** - Човечкото познавање на материјалното и духовното е делумно и несовршено; поради тоа мнозина се неспособни да ги прилагодат своите научни погледи со тврдењето на Светото Писмо. Мнозина ги прифаќаат поуките на теоријата и шпекулациите како научни факти или докази, и мислат дека Божјата Реч треба да се тестира со учења на „лажна наречената наука“ (1. Тимотеј 6:20). Создателот и Неговите дела се над нивната моќ на разбирање; и затоа што не можат да ги објаснат со природните закони, библиската историја се смета за неприфатлива. Оние кои се сомневаат на веродостојноста на извештаите на Стариот и Новиот Завет најчесто одат чекор понатаму и го доведуваат прашањето за постоење на Бога припишувајќи ѝ бесконечна моќ на природата. Отфрлајќи го своето сидро, тие се препуштаат на разбивање на карпата на неверството.

**Потребно е повеќе од световна наука.** - Да ѝ дозволиме на Божјата Реч да нѐ води. Да го бараме она „така вели Господ“. Имавме доволно човечки методи. Умот обучен само со световни работи нема да успее да ги разбере Божјите работи; но тој ист ум, обратен и посветен, ќе ја увиди божествената моќ на Неговата Реч. Само умот и срцето кои се очистени и посветени со Духот може да ги распознаваат небесните работи.

**Сатаната ја користи науката за умот.** - Покажано ми е дека треба да внимаваме на сите страни и истрајно да ги одбиваме сатанските инсинуации и лаги. Тој се преобразува како ангел на светлоста и илјадници ги лаже и ги води во ропство. Огромна е предноста која ја постигнува благодарејќи на науката за човечкиот ум. Овде тој, како змијата, незабележливо се вовлекува да го расипе Божјото дело. Христовите чуда и дела тој ги прикажува како резултат на човечката способност и моќ.

Кога тој отворено и дрско би го нападнал христијанството, христијанинот во јад и агонија би го довело покрај нозете на Откупителот, и неговиот силен и моќен Ослободител би го натерал дрскиот непријател во бегство. Тој поради тоа се преправа во ангел на светлината и делува на умот да го прелаже од единсвената сигурност и правиот пат. Науката за френологијата, психологијата и месмеризмот се канали низ кои директно приоѓа на ова поколение и делува со онаа сила со која се карактеризираат неговите напори при крајот на времето на пробата (милоста).

**Сатаната добро ги познава својствата на умот.** - Илјадници години сатаната експериментирал со особините на човечкиот ум, и научил добро да ги познава. Со суптилна работа во овие последни денови, тој го пов-

рзува човечкиот ум со својот исполнувајќи го со свои мисли; и тој тоа го прави на толку подмолен начин што оние кои го прифаќаат неговото водство не знаат дека тој ги води по своја волја. Големиот лажго се надева дека на тој начин ќе ги збуни умовите на мажите и жените да не слушаат ништо освен неговиот глас.

**Изложување на нови теории.** - Светлината на вистината која Бог имал намера да дојде на луѓето на светов во ова време не е онаа која световните луѓе од науката настојуваат да ја внесат, зошто тие луѓе во истражувањето честопати доаѓаат до погрешни заклучоци и во своето проучување на многу автори стануваат воодушевени со теориите кои се од сатанско потекло. Сатаната, облечен во руво на ангел на светлината, изнесува за проучување на човечкиот ум предмети кои изгледаат многу интересни и кои се полни со научни мистерии. Во истражувањето на овие предмети, луѓето се наведуваат да прифатат погрешни заклучоци и да се соединат со заводливите духови во делото на изнаоѓање на нови теории кои ги одведуваат од вистината.

**Она што ѝ противречи на Божјата Реч е претпоставувањето.** - Оној кој го познава Бога и Неговата Реч има вера заснована на божественото потекло на Светото Писмо. Тој не ја тестира Библијата со човечки научни идеи. Тој ги става овие идеи на тест на непогрешливиот стандард. Тој знае дека Божјата Реч е вистина, и вистината никогаш не може да си противречи на себе; било што во учењето на таканаречените науки е контрадикторно со вистината на Божјите откровенија е голо човечко претпоставување.

**Фалсификат на вистината.** - Постојат само две страни. Сатаната делува на својата прикриена, прелажувачка сила, и преку силните заблуди ги фаќа сите кои не стојат во вистината, кои ги одвратиле своите уши од вистината, и се свртеле кон бајки. Самиот сатана не стои во вистината; тој е тајна на беззаконието. Низ својата заводлива лажна префинетост тој со своите по душа погубни заблуди дава изглед на вистина. Овде лежи неговата моќ на заведување.

Затоа што се фалсификати на вистината, спиритизмот, теозофијата и слични лаги придобиваат таква моќ над умовите на луѓето. Тука сатаната мајсторски делува и претендира да биде човеков спасител, добротвор на човештвото, и на тој начин полесно ги прелажува своите жртви во пропаст.

**Сатанската маѓепсничка сила.** - Гатачите од незнабожечките времиња имаат свои наследници во денешниве времиња преку спиритизмот и неговите медиуми, видовитите луѓе, и оние што ја предвидуваат иднината. Мистичните гласови кои говореле во Ендора и Ефес сѐ уште со своите лаги ги заведуваат човечките синови. Кога би можел да се подигне

превезот пред нашите очи, би ги виделе лошите ангели како се служат со сета своја вештина да прелажат и упропастат. Било каде да се појави некоја сила која луѓето ги наведува да заборават на Бога, тогаш сатаната ја покажува својата маѓепсничка моќ. Кога луѓето ќе подлегнат на неговото влијание, умот им се помрачува, а душата извалкува пред и тие да станат свесни за тоа. Советот кој апостол Павле го упатил на црквата во Ефес, Божјиот народ и денес треба да го слуша: „Не учествувајте на бесплодни дела на темнината, туку изобличувајте ги“ (Ефесјаните 5:11).

**Стапнување на сатанската почва.** - Мораме цврсто да се држиме за Божјата Реч. Потребни ни се нејзините предупредувања и охрабрувања, нејзините закани и ветувања. Неопходен ни е совршен пример кој е даден само во животот и карактерот на нашиот Спасител. Божјите ангели ќе го чуваат Неговиот народ додека чекори по патот на должноста, но не постои гаранција на таква заштита за оние кои свесно стапнуваат на сатанската почва.

Агентот на големиот лажго ќе рече или направи било што само да ја постигне својата цел. Не е битно дали тој ќе се вика спиритист, „енергетичар,“ или „магнетички исцелител.“ Со вешти преправања тој придобива доверба на невнимателните. Тој тврди дека ја чита историјата на животот и ги разбира сите потешкотии и неволји на оние кои му се обраќаат.

Претставувајќи се во ангел на светлината, додека во срцето му е гробна темница, покажува голем интерес за жените кои од него бараат совет. Им говори дека сите нивни проблеми се произлезени од нивниот несреќен брак. Ова честопати може да биде вистина, но таквиот совет не ја поправа нивната состојба. Тој им говори како им е потребна љубов и сочувство. Покажувајќи големо интересирање за нивната благосостојба, тој фрла маѓии на своите наивни жртви, замајувајќи ги како змијата беспомошната птица. Наскоро се сосема во негова власт, и гревот, немилоста и пропаста се трагичен епилог.

**„Скриена сила“ на умот.** - Апостоли скоро од секој облик на спиритизмот тврдат дека имаат исцелителна моќ. Тие ја препишуваат оваа моќ на електрицитетот, магнетизмот, на таканареченото сочувствително лечење, или скриени сили во човечкиот ум. И не се малкумина оние кои, дури и во ова христијанско време, одат кај овие исцелители наместо да имаат доверба во живиот Бог и на вештината на добро оспособените доктори.

Мајката, бдеејќи покрај постелата на своето болно дете извикува: „Не можам повеќе ништо да сторам. Зар нема лекар да ми го излечи детето? И се зборува за чудесни излекувања кои ги правеле некои видовити луѓе или магнетни исцелители (биоенергетичари), и таа им го доверува своето дете, предавајќи го во рацете на сатаната исто како да е покрај неа. Во многу случаи идниот живот на тоа дете е под контрола на сатанската моќ која навидум е невозможно да се скрши.

**Сатанските електрични струи.** - Сатанските агенти тврдат дека лечат болести. Тие ја препишуваат својата моќ на електрицитетот, магнетизмот, или на така нареченото сочувствително лечење, додека всушност тие се канали на сатанската електрична струја. Со овие средства тој ги фрла своите маѓии на телата и душите на луѓето.

**Следење на Божјата волја наспроти добивката и самиот живот.** - Оние кои се предаваат на маѓепсништвото на сатаната може да се фалат со голема корист што така ја примаат, но докажува ли ова дека нивниот курс е сигурен и мудар? Што ако животот се продолжи? Што ако се добие земна добивка? Дали на крајот ќе се исплати непочитувањето на Божјата волја? Секоја таква добивка на крајот ќе се покаже како непоправлива загуба. Ние не можеме неказнето да ја кршиме ниту најмалата препрека која Бог ја поставил да го запази Својот народ од сатанската моќ.

**Љубопитноста примамува.** - Паралелно со проповедањето на евангелието, на дело се орудија кои се само медиуми на лажните духови. Мнозина општат со нив од чиста љубопитност, но гледајќи го делувањето на силата поголема од човечката, тие одат сè подалеку додека не дојдат под контрола на волјата која е појака од нивната. Тие не можат да побегнат од нејзината таинствена моќ.

Одбраната на душата се руши. Нема повеќе ограда против гревот. Кога еднаш ќе се отфрлат ограничувањата на Божјата Реч и предупредувањата на Неговиот Дух, ниту еден човек незнае до колкави длабочини на понижување може да потоне.

**Науката и откровението.** - За мнозина научните истражувања станале проклетство. Бог дозволил плима на светлина да се излее на светот во откритијата во науката и уметноста, но дури и најголемите умови, ако не ги води Божјата Реч во нивното истражување, остануваат збунети во своите напори да ги истражуваат односите помеѓу науката и откровението.

**Христос можел да ја отвори вратата на науката.** - Еднаш еден проповедник има кажано дека можел да замисли дека Христос морал да знаел нешто за науката. На што мислел овој проповедник? Наука! Христос можел да отвори за науката врата по врата. Тој можел на луѓето да им го открие богатството на наука кое до ден денес би го уживале. Но знаејќи дека ова знаење може да се искористи во несвети цели, Тој не ја отворил таа врата.

**Темни часови на проба мораат да му дојдат на секого како дел на неговото воспитување.** - Таа ноќ бродот на учениците им било школо каде требало да стекнат воспитување за големата задача која подоцна

морале да ја извршат. Темните часови на проба мораат да дојдат на секого како дел на неговото образование за возвишени задачи, за попосветен напор. Бурата не е испратена на учениците да доживеат бродолом, туку поединечно да ги тестира и испроба...

Времето на нашето воспитување наскоро ќе се заврши. Немаме време за губење во одење низ облаци на сомнеж и неизвесност... Мораме да се доближиме до Исуса. Никој нека ... не одбегнува ниту една тешка поука или губи благослов на една цврста дисциплина.

# КОНТРОЛА НА УМОТ НАД УМОТ

**Фактори кои можат да го заробат умот.** - Ќе дојде до расипаност од секој вид слични на оние кои постоеле помеѓу луѓето од претпотопниот свет, кој ќе ги заробува умовите. Воздигнувањето на природата како Бог, неограничената слобода на човечката волја, безбожните собири, сето тоа сатаната го користи како средства за да постигне одредени цели. Тој ќе ја користи моќта на умот врз ум за да ги спроведе своите замисли. Најжалосно е што под неговото лажливо влијание луѓето ќе имаат обличје на побожност при тоа немајќи вистинска врска со Бога. Исто како Адам и Ева кои јадеа од плодот на дрвото за познавање на доброто и злото, мнозина и сега се хранат со лажни парчиња на заблуди.

**Опасна наука.** - Јасно имам говорено за таа опасна наука која вели дека една личност треба да го препушти својот ум на контрола на друга. Оваа наука е од ѓаволот.

**Ментално влијание во третирање на болните.** - Во третманот на болните ефектот на менталното влијание не треба да се превиди. Кога правилно се користи, ова влијание станува едно од најделотворните средства во спречување на болеста.

Меѓутоа, постои еден облик на лечење на умот кој е едно од најефикасните средства за злото. Преку оваа така наречена наука, еден ум се доведува под контрола на друг на тој начин што индивидуалноста на послабата личност се претопува во индивидуалноста на посилниот ум. Една личност ја спроведува волјата на друга. Се тврди дека на тој начин текот на мислите се менува, дека може да се пренесат животодавни импулси и пациентите да се оспособат да ја одбијат и совладаат болеста.

Оваа метода на лечење ја користеле личности кои не биле упатени во нејзината вистинска природа и тенденција и кои верувале дека тоа ќе биде од корист на болните. Но оваа таканаречена наука се заснова на лажни начела. Таа е туѓа на природата и на Христовиот Дух. Таа нè доведува кон Оној Кој е живот и спасение. Оној кој ги привлекува умовите кон себе ги наведува да се одвојат од Вистинскиот Извор на нивната сила.

Не е Божја намера било кое човечко суштество да ја предаде својата волја и ум под контрола на друг, станувајќи пасивно орудие во неговите раце. Никој не смее да ја преточува својата индивидуалност во индивидуалноста на другиот. Не смее да се гледа на некое човечко суштество како извор на исцелување. Зависноста мора да биде од Бога. Во своето достоинство на од Бога дадената мажевност, човекот треба да биде под контрола на самиот Бог, а не на човечкиот разум.

Бог сака да ги доведе луѓето во директен однос со себе. Во сите свои постапки со човечките суштества Тој го признава начелото на сопствена одговорност. Тој настојува да го охрабри чувството на сопствена зависност и да ја втисне потребата за сопствено водство. Тој сака луѓето да ги доведе во заедница со божественоста за тие да можат да се преобразат во божественото обличје. Сатаната настојува да ја расипе ова намера. Тој настојува да ја охрабри зависност врз човек. Кога умовите ќе се одвратат од Бога, искушителот може да ги потчини под себе. Тој може да го контролира човештвото.

**Привремено олеснување, но трајно оштетување на умот.** - Ниту еден поединец не смее да дозволи да го контролира ум на друга личност, мислејќи дека така ќе му причини голема корист. Лечењето со умот е една од најопасните измами која може да се врши на друга личност. Може да се почувствува привремено олеснување, но умот на оној кој е така контролиран никогаш нема одново да биде толку јак и самоуверен. Ние можеме да бидеме слаби како жената која се допрела до работ од Христовата облека, но ако ја користиме од Бога дадената прилика да Му дојдеме во вера, тој брзо ќе одговори како што направил со допирот на верата.

Не е Божја замисла за било кое човечко суштество да го предаде својот ум на друго човечко суштество. Воскреснатиот Христос, кој сега седи од десната страна на престолот на Таткото, е Моќен Исцелител. Барајте од Него исцелителска сила. Само преку Него грешниците може да дојдат кон Бога онакви какви што се. Никогаш тоа не може да го направат преку некој човечки ум. Човечкиот посредник никогаш не смее да се вмеша помеѓу небесните орудија и оние кои страдаат.

**Поглед од човечкото кон божественото.** - Има нешто подобро за нас во што треба да се ангажираме отколку во контролата на човекот од човек. Лекарот треба да ги воспитува луѓето да гледаат од човечкото кон божественото. Наместо да го учи болните да зависат од човечките суштества за излекување на душата и телото, тој треба да ги упатува на Оној Кој може потполно да ги спаси оние кои доаѓаат кај Него. Оној кој го направил човечкиот ум знае што му е потребно. Бог е единствениот Кој може да исцели. Оние чии умови и тела се болни мораат обновителот да го гледаат во Христа. „Затоа што јас живеам,“ вели Тој, „и вие ќе живеете.“

Ова е животот кој мораме да го предочиме на болните, говорејќи им дека ако имаат вера во Христа како обновител, ако соработуваат со Него, придржувајќи се на законите на здравјето, и тежнеат на совршена светост во Неговиот страв, Тој ќе им го даде ним Својот живот. Кога им го претставуваме Христа на овој начин ние даваме моќ, сила, која е вредна, зошто доаѓа одозгора. Ова е вистинската наука за исцелување на душата и телото.

**Силата и постојаноста спроти доминацијата над умот.** - Дисциплинирањето на човечките суштества кои влегле во разумни години треба да се разликуваат од обучувањето на немите животни. Животните се учат единствено на покорност кон господарот. За животните, господарот е умот, судот и волја. Оваа метода која понекогаш се применува во воспитување на децата, ги прави нешто подобри од автоматите. Умот, волјата и совеста се под контрола на некој друг.

Не е Божја намера на тој начин да се владее со било кој ум. Оние кои ја слабеат или ја уништуваат идивидуалноста, преземаат одговорност која може да има само лоши последици. Додека се под власта, децата може да изгледаат како добро обучени војници; но кога ќе ја снема контролата, ќе се открие дека на карактерот му недостасува сила и цврстина. Бидејќи никогаш не научиле да управуваат со себе, младите не познаваат никакви ограничувања освен барањата на родителите и учителите. Кога нив ќе ги снема, тие не знаат како да се служат со својата слобода и честопати се предаваат на попустливоста која се покажува како пропаст.

**Совеста и индивидуалноста не смеат да се гушат.** - Во прашање на совеста душата не смее да се попречува (ограничува). Никој не смее да го контролира умот на некој друг, да расудува за друг, или да ја пропише неговата должност. Бог на секоја душа и дава слобода да мисли и да ги следи сопствените убедувања. ‚И така секој од нас ќе одговара пред Бога за себе“ (Римјаните 14:12). Никој нема право да ја претопи својата индивидуалност во индивидуалноста на другиот. Во сите прашања е вклучено начелото „секој нека остане уверен во својата мисла“ (Римјаните 14:5). Во Христовото царство нема угнетување, ниту присилно однесување. Небесните ангели не доаѓаат на земјата да владеат и бараат почитување, туку како гласници на милоста, да соработуваат со луѓето во издигање на човештвото.

Човечките умови не смеат да се попречуваат, подјаремат и водат со човечка рака.

**Индивидуалноста треба да се покаже.** - Бог ѝ дозволува на секоја душа да ја покаже својата индивидуалност. Ниту еден човечки ум не треба да се претопува во друг човечки ум... Ако го имитираме примерот на било кој човек па дури и на личноста која според нашето човечко расудување ја сметаме речиси за совршена во карактерот, тоа би значело дека ја подаруваме нашата доверба на несовршен, небеспрекорно човечко суштество кое не може да му даде ниту една јота или црта на совршенството на некое друго човечко суштество.

**Единство без преточен идентитет.** - Ние сега треба да се соединиме... Но да запомниме дека христијанското единство не значи идентитетот на едната личност да се претопи во идентитетот на другата, ниту

тоа значи умот дека едниот треба да го води и контролира умот на другиот човек. Бог не му дал моќ на ниту еден човек на која некои, со збор и дело, полагаат право. Бог бара од секој човек да остане слободен и да ги следи упатствата на Речта.

**Предаденоста кон Бога наспроти предаденоста кон луѓето.** - Вие му припаѓате на Бога, со душа, тело и дух. Вашиот ум му припаѓа на Бога, и исто така му припаѓаат вашите таленти. Никој нема право да го контролира умот на другиот, да расудува за другиот, да му припишува што му е должност. Постојат одредени права што му припаѓаат на секој поединец во извршување на Божјата служба. Ниту еден човек нема ништо поголема слобода да ги присвои тие права од нас отколку да го земе самиот живот. Бог ни дал слобода да мислиме, и наша предност е да ги следиме нашите чувства и должности. Ние сме само човечки суштества и ниедно човечко суштество нема надлежност над совеста на друго човечко суштество... Секој од нас има своја индивидуалност и идентитет кој не може да се подреди на некое друго човечко суштество. Ние поединечно сме Божјо мајсторство.

**Проповедниците мораат да го упатуваат стадото кон Бога.** - Единствено Бог треба да биде водач на човечката совест. Вистината треба да се проповеда секаде каде ќе се најде простор за тоа. Божјата Реч мора да им се објасни на оние кои не ја познаваат вистината. Ова е задачата на Божјите проповедници. Тие не треба да ги учат луѓето да гледаат на нив, или да тежнеат да ја контролираат совеста на другите. „Ако некому од вас му недостига мудрост, нека ја моли од Бога, Кој на сите им дава изобилно и без укор и ќе му се даде. Но да моли со вера и никако да не се сомнева; оти оној, кој се сомнева, прилега на морски бран, кој ветрот го издига и растура; таков човек нека не моли дека ќе добие нешто од Господа. Човек што се двоуми во сите свои патишта е непостојан" (Јаков 1 : 5, 6, 7, 8 ).

**Потпирање на човек за сила.** - Ние сме навикнати од своите ближни да очекуваме сочувство и поддршка наместо да гледаме на Исуса. Во својата милост и верност Бог честопати допушта на оние во кои полагаме доверба да не изневерат за да се научиме на беззумноста во довербата на човекот и сметањето на телото за своја мишка. Да веруваме потполно, понизно и несебично во Бога.

**Сатаната го контролира умот кој врши контрола над умовите на другите.** - Да се застапува науката за лечење со ум значи да се отвори вратата низ кој ќе влезе сатаната да го потчини умот и срцето. Сатаната го контролира умот кој се предал во контрола на другиот и умот кој го контролира. Бог нека ни помогне вистински да ја разбереме науката на надоградување во Христа, на нашиот Спасител и Откупител.

**Сатаната не може да го допре умот кој не му е потчинет.** - За вас е од посебно животно значење да се чувате. Никој не може да ве оштети без ваша согласност. Сите сатански лаги не може да ве повредат доколку не ја отворите својата душа на лукавствата и стрелите на сатаната. Никогаш нема да ви се случи пропаст доколку доброволно не се согласите. Доколку нема осквернувања на умот во вас самите, сета таа нечистотија која ве опкружува не може да ве расипе ниту оскверни.

Сатаната не може да го допре умот или интелектот доколку не му го предадеме.

**Не е верата Исусова.** - Прифаќањето на вистините од небесно потекло го доведуваат умот во покорност на Христа. Тогаш здравјето на душата кое произлегува од примањето и следењето на чистите начела се открива во зборовите и делата на праведноста. Верата која го води кон ова не е вера која верува во контрола на умот додека едната личност не ја покаже волјата на другата. Членовите на црквата кои веруваат во оваа наука може да се викаат здрави во верата, но тоа не е верата на Исуса Христа. Нивната вера е во делото кое сатаната го извршува. Тој презентира огромни заблуди и чуда кои ги прави за да прелаже мнозина. Тој ова се повеќе ќе го прави. Здравата црква се состои од здрави членови, од мажи и жени кои имаат лично искуство во вистинската побожност.

# ХИПНОТИЗМОТ И НЕГОВИТЕ ОПАСНОСТИ

**Бидете внимателни.** - Во овие денови кога скептицизмот и неверството толку често се појавуваат под плаштот на науката, мораме да внимаваме на сите страни. Преку овие средства нашиот голем непријател прелажува илјадници и ги заробува и ги води по своја волја. Предноста која ја постигнува од овие науки, науката која се однесува на човечкиот ум, е огромна. Тој овде како змијата незабележително се вовлекува да го расипе Божјото дело.

Ова влегување на сатаната преку тие науки е добро осмислено. Низ каналот на френологијата, психологијата и месмеризмот, тој отворено му пристапува на ова поколение и делува со онаа сила која ги карактеризира неговите напори блиску до свршетокот на пробата. Илјадници умови на тој начин се затворени и одведени во неверство.

Додека се верува дека еден човечки толку чудесно треба да влијае на друг, сатаната, кој е спремен да ја искористи секоја предност, се вовлекува и делува на сите страни. И додека оние кои се посветени на оваа наука се фалат до небесата поради големите и добри дела за кои тие тврдат дека се извршени преку нив, тие малку знаат каква сила на зло негуваат, но тоа е сила која ќе работи со сите знаци и лажни чуда – со сета измамливост на неправедноста. Воочи го влијанието на овие науки, драг читателе, зошто борбата помеѓу Христа и сатаната сè уште не е завршена...

Занемарувањето на молитвата ги наведува луѓето да се потпираат на сопствена сила и да ја отворат вратата на искушенијата. Во многу случаи имагинацијата е заробена од научни истражувања, и на луѓето им се ласка на свеста за сопствената моќ. Науката која се занимава со човечките умови многу се издига. Тие се добри во своето место, но сатаната ги искористува како моќни средства да прелаже и уништи души. Неговите лукавства се прифаќаат како да се од небото, и тој на тој начин го прима обожавањето кое многу му се допаѓа. Советот, кој смета дека френологијата и животинскиот магнетизам ќе му бидат од голема корист, никогаш не бил толку расипан како до сега. Преку овие науки се уништува способноста и се поставуваат темелите на спиритизмот.

**Контролата на умот потекнува од сатаната.** - Теоријата на контрола на умот потекнува од сатаната кој се претставува како водач и ја става човечката филозофија онаму каде што треба да биде божествената. Од сите заблуди кои се прифаќаат помеѓу народот кој исповеда христијанство, ниту една не е поопасна измама, никоја посигурно нема да нè одвои од Бога, отколку таа. Колку и да изгледа безопасна, ако се применува над пациентите, таа тежнее на нивно уништување,

а не на обнова. Таа ја отвора вратата низ која сатаната ќе поминува да го заземе умот кој се предал на контрола на друг и умот кој го контролира.

**Сатаната ги хипнотизирал Адама и Ева.** - Сатаната го искушувал првиот Адам во Еден, и Адам резонирал со непријателот, давајќи му на тој начин предност. Сатаната ја покажал својата моќ на хипнотизам над Адам и Ева, и се обидел оваа моќ да ја употреби против Христа. Но откако биле цитирани зборови од Светото Писмо, сатаната знаел дека нема шанси да победи.

**Немојте да си играте со хипнозата.** - Мажите и жените не смеат да ја проучуваат науката за тоа како да ги заробат умовите на оние со кои се дружат. Ова е наука која ја учи сатаната. Ние мораме да го одбиеме секое такво учење. Не смееме да се спогодуваме со месмеризмот и хипнотизмот - науката на оној кој го изгубил своето прво место и бил исфрлен од небесните дворови.

**Предупредување на еден лекар кој го поддржувал хипнотизмот.** - Така сум оптоварена со вашиот случај што морам да продолжам да ви пишувам, за случајно во вашето слепило да не пропуштите да увидите каде ви е потребна реформа. Упатена сум дека потхранувате идеи кои Бог ви ги забранува. Би ги нарекла еден вид на лечење со умот. Вие мислите дека можете да го користите лечењето со умот во својата професионална работа како лекар. Во тоа сериозно предупредување изговорени се овие зборови: Пазете, пазете каде стоите и што ви прифаќа умот. Бог не ви ја одредил оваа задача. Теоријата за контрола на умот над умот потекнува од сатаната кој се претставува како водач, поставувајќи ја човечката филозофија онаму каде што треба да биде божествената.

Ниту еден маж или жена не треба да ја покажуваат својата волја контролирајќи ги своите чувства или разум на другиот, така што умот на другата личност да стане пасивен субјект во однос на волјата на оној кој врши контрола. Оваа наука може да изгледа како нешто убаво, но тоа е наука која во ниту еден случај не смеете да ја применувате... Постои нешто поубаво со кое вие ќе се занимавате од контролата на човечката природа над човечката природа.

Давам сигнал на опасност. Единственото сигурно и вистинско лечење на умот покрива многу од тоа. Лекарот мора да ги воспитува луѓето да гледаат од човечкото кон божественото. Оној Кој го направил човечкиот ум точно знае што му е потребно.

**Навидум вредна и чудесна наука.** - Отпочнувајќи со науката која ја застапувате, сте пренесувале образование кое не е сигурно за вас, или за оние кои ги учите. Опасно е да ги исполнувате умовите со наука за лечење со умот.

Оваа наука може да ви изгледа како многу корисна, но таа за вас и за другите е заблуда која ја приготвил сатаната. Шармот на змијата е тоа што донесува духовна смрт. Таа наука содржи многу од тоа што изгледа чудесно, но таа е туѓа за Христовата природа и дух. Таа нè доведува кон Оној Кој е живот и спасение.

На почетокот од својата работа морав да се борам со науката за лечењето со умот. Праќана бев од место на место да ја објавам невистинитоста на оваа наука, во која мнозина влегуваа. Лечењето со умот се нудело премногу наивно да ја олесни напнатоста на нервно болните. Но, оф, колку жални беа резултатите! Бог ме праќаше од место на место да ја укорувам оваа наука и сè што беше поврзано со неа.

**Доведува кон пропаст, а не кон обнова.** - Сакам отворено да ви говорам. Сте влегле во работа која нема место во работата на еден христијански лекар и која не смее да се најде во нашите здравствени институции. Иако навидум невино, лечењето на умот, ако се извршува на пациентите, понатака ќе се развие на нивна пропаст, а не на обнова. Второто послание до Тимотеј, третото поглавје, ги опишува лицата кои ја прифатиле заблудата дека еден ум треба да врши потполна контрола на друг ум. Бог забранува такви работи. Лечењето со умот е една од сатанските големи науки, и важно за нашите доктори е да ја увидат вистинската природа на овие науки, зошто преку неа ќе им дојдат големи искушенија. На оваа наука не смее да ѝ се дозволи ниту еден дел на простор во нашите санаториуми.

Бог не дал ниту еден зрак на светлина или охрабрување за нашите лекари да имаат удел во работата на потполна контрола на еден ум над друг така што еден ја извршува волјата на другиот. Да се учиме на патиштата и намерите на Бога. Не му дозволувајте на непријателот ниту најмала предност над вас. Не дозволувајте му да ве наведе да се осмелите да се обидете да го контролирате другиот ум додека тој не стане машина во вашите раце. Оваа наука е сатанско делување.

**Престанете со хипнотизмот (втора порака на предупредување на лекар кој користел хипнотички методи).** - Брате и сестро Н, во името на Господа ве молам да запомните дека доколку не се промени вашето мислење во однос на науката во лечењето со умот, дотолку двајцата не разбирате дека повеќе од било кога ви е потребно обратување и преобразување на умот, ќе бидете камен на сопнување - бедна слика на ангелите и луѓето.

Вистината имала само незначително влијание на вас. Опасно е за секој, без разлика колку добар човек да е, да се обидува да влијае на другиот човечки ум за да го доведе под контрола на својот ум. Дозволете ни ние да ви кажеме дека лечењето со умот е сатанска работа. Веќе сте отишле доволно далеку во тоа што сериозно го доведувате во опасност

своето идно искуство. Од своето прво влегување во вашиот ум до сега, тоа бил најштетен раст.

Доколку не увидите дека сатаната е тој генијалец кој ја осмислил оваа наука, нема да ви биде лесно да се одвоите од неа како што претпоставувате, зошто се вкоренила и раширила. Целата оваа филозофија е ремек дело на сатанската измама. Поради својата душа, прекинете со сѐ од овој ред. Секој пат кога во вашите мисли внесувате друга личност и идеи поврзани за оваа наука за да ја придобиете контролата на неговиот ум, вие сте на сатанска почва, отворено соработувајќи со него. Поради својата душа, ослободете се од оваа стапица на непријателот.

**Бог забранува подучување или учење за хипнотизмот.** - Ниту еден од вас не треба да ја проучува науката за која сте биле заинтересирани. Изучувањето на оваа наука значи берење плодови од дрвото на познавање на доброто и злото. Бог ви забранува вам или на било кој смртник да подучува или учи таква наука. Фактот дека сте се впуштиле во оваа наука требало да биде доволен да ви ја покаже, брате Н, неусогласеноста со тоа да бидете водач и лекар во санаториумот...

Занимавајќи се со науката за лечење на умот вие сте јаделе од дрвото на познавање на доброто и злото, кое Бог ви забранил да го допирате. Сега е крајно време да отпочнете да гледате на Исуса, и со набљудување на Неговиот карактер да се промените во божественото обличје.

Одвојте се од сѐ што мириса на хипнотизмот, наука преку која делуваат сатанските орудија.

**Сатаната има голема моќ (дополнителен совет на овој лекар и неговата жена).** - Запомнете дека сатаната слегол со голема сила да ги заседне умовите, да ги задржи и зароби под своја власт. Ниту еден од вас не може да му угоди на Бога доколку не го следите Спасителот, кој вели: „Ако некој сака од вас да врви по Мене, нека се одрече од себе, да го земе својот крст и да врви по Мене“ (Матеј 16:24). Христос е наш пример во сѐ.

**Наука исполнета со опасности.** - Ние не бараме да се ставите под контрола на било кој човечки ум. Лечењето со умот е најстрашна наука која било кога е застапувана. Секое зло суштество може да ја користи во спроведување на своите сопствени зли намери. Ние немаме ништо со таквата наука. Од неа не треба да се плашиме. Не треба никогаш да се внесе ниту едно нејзино начело во било која институција.

**Искористување на слабоста.** - Страшна е моќта која на тој начин им се дава на злонамерни мажи и жени. Каква можност им дава на оние кои живеат користејќи ги слабостите или глупоста на другите! Колкумина, низ контрола на умовите на слабите и болните, ќе најдат начин за задоволување на ниските страсти или желби за добивка!

**Совет поврзан со објавувањето на книги кои се занимаваат со хипноза.** - Ќе сакаат ли неговите (на Издавачката куќа Преглед и Гласник) управители да дозволат да бидат орудија на сатаната печатејќи книги кои се занимаваат со хипноза? Ќе се вовлече ли оваа лепра во бирото? ...

Сатаната и неговите орудија трпеливо работеле и работат. Ќе сака ли Бог да го даде својот благослов на издавачките куќи кога тие ги прифаќаат измамите на непријателот? Ќе сакаат ли институциите кои се држеле пред народот како свети на Господа да станат училиште во кое работниците ќе го јадат плодот од забранетото дрво на знаењето? Ќе сакаме ли да го охрабриме сатаната во неговото притаено влегување во тврдината на вистината за таму да ја положи својата огнена наука, како што направил во Еден?

Зар луѓето во срцето на делата се луѓе кои не може да прават разлика помеѓу вистината и заблудата? Зар тие се луѓе кои не може да ги увидат страшните последици на дозволување на влијанието на заблудите? Кога и би стекнале милиони долари работејќи на овој начин, од каква корист е кога ќе се спореди добивката со страшните загуби кои се поднесуваат со давање на публицитет на сатанските лаги?

**Смртоносна заблуда.** - Сатанските орудија ги облекуваат лажните теории во привлечна облека, како што сатаната во Еденската градина го прикрил својот идентитет од нашите прародители говорејќи преку змијата. Овие орудија во човечките мисли влеваат она што всушност претставува смртоносна заблуда. Хипнотичното влијание на сатаната ќе почива на оние кои од јасната Божја Реч се вртат кон пригодните бајки.

**Опасност во истражувањето.** - Стигнавме до опасностите на последните денови, кога некои, да, многумина, „ќе отстапат од верата, обратувајќи им се на заводливите духови и ѓаволски науки.“ Внимавајте што читате и како слушате. Не земајте никаков удел во спиритистичките теории. Сатаната чека да го вовлече во смрт секој кој си дозволува да биде прелажен со неговата хипноза. Тој почнува да ја покажува својата моќ над нив веднаш штом ќе започнат со истражување на неговите теории.

**Не ги разгласувајте сатанските теории.** - Покажано ми е дека не смееме да влегуваме во конфронтација со овие спиритистички теории, затоа што само таа конфронтација ќе ги збуни умовите. Ова не смее да се внесува на нашите собири. Ние не треба да работиме да ги разобличиме. Ако нашите проповедници и учители се оддадат на проучување на овие погрешни теории, некои ќе отстапат од верата, подарувајќи внимание на заводливите духови и на ѓаволските науки. Не е задача на проповедникот на евангелието да ги разгласува сатанските теории. Одете право напред, градејќи ги старите рушевини и обновувајќи ги темелите на многу поколенија. Презентирајте ја вистината, света, посветувачка вистина, и оставете ги заводливите теории на непријателот. Не давајте му место на кое би насадил семе од овие теории. Предупредена сум да не влегуваме

во костец по овие прашања. Проповедниците, учителите или учениците нека не ги повторуваат лагите на непријателот.

**Проповедниците и лекарите вовлечени во стапица.** - Постојат доктори и проповедници кои се под контрола на хипнозата која ја извршува таткото на лагата. Не осврнувајќи се на дадените предупредувања сатанските криви дрини се прифаќаат сега исто така како што биле прифатени во небесните дворови. Науката со која се прелажани нашите прародители и денеска ги лаже луѓето. Проповедниците и докторите стануваат вовлечени во стапицата. Минато во нови облици. Искуството од минатото се повторува. Во иднина, сатанските празноверства ќе заземат нови облици. Заблудите ќе се изложуваат на угоден и лукав начин. Лажните теории, преоблечни со плаштот на светлоста, ќе се презентира на Божјиот народ. Така сатаната ќе се обиде да ги прелаже, ако биде можно и одбраните. Ќе се извршува најзаводливо влијание; и умовите ќе бидат хипнотизирани.

**Искуство на авторот со хипнозата.** - Секаде е разгласувано дека во 1845 визиите биле како резултат на месмеризмот, и мнозина адвентисти и остатоци на адвентизмот не го прифатиле седмиот ден (саботата) зошто биле подготвени да веруваат и шират таков извештај. Еден лекар кој бил прославен месмерист ми рече дека, моите визии биле месмеризам, дека сум била многу лесен субјект, и дека можел да ме хипнотизира и да ми даде визии.

Му кажав дека Господ ми покажа во визија дека месмеризмот е од ѓаволот, од бездната на јамата, и дека наскоро ќе отиде таму, со оние кои продолжуваат да го користат.

Потоа му дозволив да ме хипнотизира ако може. Се обидуваше повеќе од половина час, прибегнувајќи на различни опции, и тогаш се откажа. Со вера во Бога можев да го одбијам неговото влијание, така што тоа ниту најмалку не влијаеше врз мене.

**Духовен магнетизам.** - Во Њу Хемшир (во 1848 година) моравме да се бориме со еден вид на духовен магнетизам, кој е сличен по карактерот со месмеризмот. Тоа беше наше прво искуство од тој вид.

**Никој не смее да биде пасивно орудие.** - Не е Божја намера било кое човечко суштество да го предаде својот ум и волја на друг, станувајќи пасивно орудие во неговите раце.

**Мораме да бидеме слободни од човечкото маѓепсништво.** - Лечењето на умот мора да биде ослободено од сите човечки маѓепсништва. Не смее да се вложува на човечкото туку да се издигнува кон духовното, држејќи се за вечноста.

# САТАНСКАТА НАУКА НА САМОИЗДИГНУВАЊЕ

**Опасноста на теоријата за човечката наследна моќ.** - Кога сатаната би можел така да го замагли и прелаже човечкиот ум и да ги наведе смртниците да мислат дека постои наследна моќ во нив самите да прават големи и добри дела, би престанале да се потпираме на Бога да го направи она што мислат дека имаат моќ да го прават самите. Тие не ја признаваат надмоќната сила. Тие не му ја даваат на Бога славата која му припаѓа и која му ја должат на Неговото големо и славно Величие. На тој начин се исполнува сатанската цел и тој се радува што паднатите луѓе се издигаат себеси.

**Човекот е сопствен стандард на карактер.** - Сатаната и сега ги лаже луѓето како што ја прелажал и Ева во Еден со ласкање, со распламтување на желбите за стекнување на забранетото знаење и поттикнување на желбите за самоиздигање. Со попуштање на овие лоши желби е предизвикан неговиот пад и сега преку нив тој има намера да предизвика пропаст на луѓето. Тој објавува: „Ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло" (Битие 3:5). Спиритизмот учи „дека човекот е напредно создание; дека негова судбина од неговото раѓање е да напредува, дури до вечноста, кон Божеството." И повторно: „Секој ум ќе си суди себеси, а не друг." „Судот ќе биде праведен, зашто тоа е судење на самиот себеси... Престолот е во вас." Еден спиритистички учител, во кого се разбудила оваа „спиритистичката свест" рекол: „Мои ближни, ние сите сме непаднати полубогови." Друг изјавува: „Секое праведно и совршено суштество е Христос."

Така, наместо праведноста и совршенството на бесконечниот Бог, вистинскиот објект на обожавање; наместо совршенството во Неговите праведни закони, вистинскиот стандард на човечкото достигнување, сатаната ја поставил грешната и погрешлива природа на самиот човек како единствен објект на обожавање, единствено мерило на судот и стандардот на карактерот. Ова е прогрес, но не нагоре туку надоле.

**Не се наоѓа во Христовото учење.** - Упатена сум на овој текст: „Пазете се некој да не ве заведе со филозофија и со празна измама според човечкото предание, според стихиите на светот, а не по Христа" (Колосјаните 2:8).

„Празна измама" ги исполнува умовите на бедните смртници. Тие во себе мислат дека имаат таква моќ за постигнување на големи дела што не ја сфаќаат потребата од поголема сила. Нивните начела и вера се „според човечкото предание, според стихиите на светот, а не по Христа."

Исус не ги научил на оваа филозофија. Ништо такво не може да се најде во Неговото учење. Тој не ги упатувал умовите на бедните смрт-

ници на нив самите, на силата која ја поседуваат. Тој секогаш ги упатувал нивните мисли на Бога, Создателот на вселената, како извор на нивната сила и мудрост. Посебно предупредување е дадено во осумнаесетиот стих: ‚Никој да не ве лишува од наградата, сакајќи да го постигне тоа со понизност и служење на ангелите, впуштајќи се во она, што не го видел, гордеејќи се напразно со својот телесен ум.“

**Теорија на одговорноста единствено на себеси.** - Тој (сатаната) уништил и уништува илјадници со попуштање на страстите, така брутализирајќи ја целата човечка природа. И да го доврши своето дело, тој објавува преку духовите дека „вистинското знаење го поставува човекот над сите тие закони“; дека „сè што постои, е исправно“; дека „Бог не осудува“, и дека „сите гревови кои се прават се невино нештетни.“

Кога луѓето на тој начин се наведуваат да веруваат дека желбата е највисок закон, дека слободата е дозволена и дека човекот е одговорен единствено на себеси, тогаш треба ли да се чудиме што расипаноста и изопаченоста демнеат на сите страни? Мноштвото ревносно ги прифаќа учењата кои им дозволуваат слобода во покорувањето на желбите на своето телесно срце. Уздите на самоконтролата се закачуваат на вратот на страстите, моќта на умот и душата се подредени на животинските особини и сатаната ликувајќи во својата мрежа ги фаќа илјадници на оние кои се изјаснуваат како Христови следбеници.

**Луцифер ја сакал Божјата моќ, не и карактерот.** - Луцифер ја сакал Божјата моќ, но не и Неговиот карактер. Тој барал најголемо место за себе и секое суштество кое е пронижено со тој дух ќе го прави истото. Така отуѓеноста, нескладноста и расколот се неизбежни. Доминацијата станува привилегија на најсилниот. Сатанското царство е царство на сила; секој поединец го гледа другиот како препрека на патот на сопствениот напредок, или скала од кој само може да се качи на повисоко место.

**Тврдоглавоста ја одбива божествената помош.** - Кога Бог го испратил Мојсеј кај фараонот, тој имал светлина, но фараонот се противел, и секое наредно противење придонесувало за поголема тврдокорност. Дали Бог му вметнал сила да не може да се сврти кон светлината? Не, тоа била рамнодушноста кон доказот. Поради тврдокорноста, фараонот не ја примил светлината која светела.

**Тврдоглавоста и совеста (размислување за еден самоволен, самозаблуден човек).** - Додека го читавте писмото кое ви го испратив во Оукленд, сте имале некоја претстава за тврдоглавоста на човекот и неговата решеност да прави онака како што му е угодно и да има сопствен пат. Тој не внимавал на Господовите совети туку сметал дека е сигурно да оди во сопствената светлина. Тој би направил сè за да биде слуга на делото, но не сака да го направи всушност она што Господ го обележал

дека е правилно да се направи. Ако стане предавник како _______, тој без сомнение би го направил тоа под голем притисок на совеста.

Оваа претензија на совесноста потполно се искушала и покажала. Ви говорам разбирливо кога ви велам дека имам многу малку доверба во неговата совесност. Постои добра совест и лоша совест, а тој човек најпотполно е измамен во себеси. Така прелажан ќе стори многу работи во сопствениот дух кои не се во согласност со Божјиот Дух. Уште повеќе ќе биде неподвижен како карпа за совет или по некој пат освен својот сопствениот.

**Страшната сила на самозаблуда.** - Да се биде без благодетите на Божјиот Дух е навистина жално; но уште пострашна состојба е да се биде така оделен од духовноста и Христа, а сепак да се обидуваме да се правдаме говорејќи им на оние кои се загрижени за нас дека нам не ни треба нивното стравување и сожалување. Страшна е силата на самозаблуда во човечкиот ум! Какво слепило - да се постави светлината за темнина а темнината за светлина! Верниот сведок не советува да купиме од Него злато испробано во оган, бели облеки и маст за очите. Златото кое се препорачува како испробано во оган е верата и љубовта. Тоа го збогатува срцето, зошто го прочистува додека да стане чисто, и што повеќе се испробува, неговиот сјај станува поголем.

**Сатанската моќ над самоизвишената личност.** - Колку е беспомошна човечката помош кога се покажува сатанската моќ над човечкото битие кое станало самоизвишено и не знае дека соучествува во сатанската наука. Со вера во себе тој оди право во стапицата на непријателот и станува уловен. Тој не се осврнувал на дадените предупредувања и фатен е како жртва на сатаната. Да одел понизно со Бога, би дошол до зборното место кое Бог го обезбедил за него. На тој начин во времето на опасноста би бил сигурен зошто Бог за него би подигнал знаме наспроти непријателот.

**Наведување на самоубиство.** - Светот, кој се однесува како да не постои Бог, преокупиран со себични занимања, наскоро ќе доживее ненадејно уништување, и нема да го одбегне. Мнозина продолжуваат со безгрижното самозадоволување додека животот толку не им се згади за да се убијат.

Со игранки и коцкање, пијанство и пушење, оддавање на своите животински страсти, тие одат како вол на колење. Сатаната се користи со сите свои лукавства и маѓепсаност да ги натера луѓето и понатаму слепо да маршираат напред, додека Господ не стане од Своето место да ги казни жителите на земјата за нивните беззаконија, кога земјата ќе ја открие пролиената крв и повеќе нема да ги покрива своите мртви. Се чини дека целиот свет маршира во смртта.

**Егото оживува на секој допир.** - Каква победа ќе добиете ако научите да ги следите отворените Божји провиденија со благодарно срце и

одлучноста да живеете гледајќи на Неговата слава, во болест или здравје, во изобилство или немаштија. Егото оживува или трепери на секој допир. Своето јас мора да се распне пред да можете да победите во Исусово име и примите плата за верноста.

**Неизлечлив грев.** - Бог не може да се поврзе со оние кои живеат за да си угодат себеси, кои се прават први. Оние кои прават така, на крајот ќе бидат последни од сите. Гревот кој е речиси безнадежен и неизлечлив е гордост на мислењето, вообразеност. Тој стои на патот на секој напредок. Кога човекот има карактерни мани, а сепак пропушта да го разбере тоа; кога е така исполнет со самодоволноста да не може да ја увиди својата заблуда, како може да се очисти? „Здравите немаат нужда од лекар, туку болните“ (Матеј 9:12). Како некој може да напредува кога мисли дека неговите патишта се совршени?

**Понижување на самоважноста.** - Оние кои мислат дека може да примат Божји благослов на овој собир (советување во Мичиген) без понижување на своето јас ќе си отидат онакви какви што дошле. Ќе ги имаат истите потешкотии кои ги имале и порано. Но, браќа и сестри, да не си го дозволуваме тоа на себе. Да ги понижиме своите срца пред Бога. Да му дозволиме на Христа да ни ги премачка очите со небесна маст да можеме да гледаме. Ние не сакаме да бидеме слепи, ние сакаме јасно да гледаме. Ние не сакаме еден ден да патуваме кон Ханан, а следниот назад во Египет, и така во недоглед. Ден за ден мораме да маршираме цврсто напред. Срцето ме боли и исполнета сум со силна болка додека размислувам за драгоцените благослови кои ги губиме затоа што сме толку зад светлината.

**Разбирањето на себе води во понизност.** - Познавањето на себе е големо знаење. Вистинското познавање на себе доведува до понизност која ќе го отвори патот за Господа да го развие умот, го обликува и дисциплинира карактерот.

**Најодалечени од гордоста или самоизвишувањето.** - „Кој вели дека пребива во Него, должен е да чекори како што чекорел Тој“ (1. Јованово 2:6). „Ако, пак, некој нема Христов Дух, тој не е Негов“ (Римјаните 8:9). Ова поистоветување со Христа нема да остане незабележано во светот. Тоа е предмет на запазување и коментирање. Христијанинот можеби нема да биде свесен за таа голема промена, зошто што повеќе личи на Христа во карактерот, дотолку поскромно ќе мисли за себе; но тоа сите околу него ќе го видат и почувствуваат. Оние кои имале најдлабоко искуство во Божјите работи најодалечени се од гордоста и самоизвишувањето. Тие најскромно мислат за себе и имаат највозвишени замисли за Христовата слава и сјај. Тие чувствуваат дека најниското место во Неговата служба е премногу голема чест за нив.

**Сигурност преку свесност за својата слабост.** - Луѓето се испитуваат и покажуваат не само пред човечките умови туку и пред небесната вселена. Доколку не се плашат и треперат за себе, и доколку не ја разберат сопствената слабост и не ги помнат поранешните грешки, борејќи се да не ги повторуваат, тие ќе ги направат истите грешки, кои се пратени со последици кои нема да може да ги поправат следниот пат.

**Победувањето на себе е животно дело.** - Грешките не може да се поправат ниту да се направи реформа во однесувањето со неколку слаби, привремени напори. Изградбата на карактерот не е задача за еден ден, ниту за година туку за цел живот. Борбата за победа над своето јас, за светоста и небото, е доживотна борба. Без постојани напори и непрекината активност, не може да има напредок во божествениот живот, ниту во задобивањето на победничката круна.

**Божествениот печат.** - Не дозволувајте му на своето јас да заземе големи размери да не се извалка целиот човек. Една дупка го потопува бродот, една алка го кине ланецот; па на тој начин може да постои некоја наследена или стекната црта на карактерот која ќе делува во срцето и ќе се развива во зборови кои ќе создадат лош впечаток кој никогаш нема да се избрише. Ние градиме за вечноста. Карактерот нека добие божествен печат во чистота, благородни изрази, во праведни дела. Тогаш целата небесна вселена ќе гледа и ќе рече: Добро направено, добар и верен слуго.

# Отсек Шеснаесет

## *Начелата и нивната примена*

# БЕЗБЕДНА ТЕРАПИЈА НА УМОТ

**Правила на употреба на менталното влијание.** - Во третманот на болниот, менталните влијанија не треба да се превидат. Кога правилно се користи, ова влијание е еден од најдобрите фактори за борба против болеста.

**Совет до еден лекар.** - На тие бедни, ожалостени души со кои сте доаѓале во контакт им било потребно поголемо внимание отколку што го примале. Во ваша моќ е да ги охрабрите да гледаат на Исуса и со гледање да се променат во Негово обличје.

**Сигурност во постојана борба против лошите замисли.** - Секој кој сака да биде соучесник во божествената природа нека го цени фактот дека мора да ја одбегне расипаноста која е на светот низ страстите. Мора да постои непрестана, сериозна борба на душата против лошите замисли на умот. Мора да постои цврстина во одбивањето на искушението за грев во мислите или делата. Душата мора да се чува од секоја нечистотија, преку вера во Оној Кој може да ве сочува од пад.

Ние треба да размислуваме за Светите Списи, трезвено и отворено да размислуваме за работи кои се однесуваат на нашето вечно спасение. Бесконечната милост и љубовта Исусова, жртвата поднесена во наша корист, повикуваат на најсериозни и најсвечени мисли. Ние треба да се занимаваме со карактерот на нашиот мил Откупител и Посредник. Ние треба да настојуваме да го разбереме значењето на планот на спасение. Треба да размислуваме за мисијата на Оној кој дошол да го избави Својот народ од неговите гревови.

Со непрестано размислување на небесните теми, нашата вера и љубов јакнеат. Нашите молитви ќе бидат сè поприфатливи за Бога затоа што сè повеќе и повеќе ќе се мешаат со вера и љубов. Тие ќе бидат сè поразумни и поогнени. Ќе постои постојана доверба во Исуса, и вие ќе имате секојдневно, живо искуство во волјата и моќта Христова во целост да ги спаси сите кои преку Него доаѓаат кон Бога.

**Душите освежени од контактот со Бесконечниот.** - Ние треба да го набљудуваме Бога во природата - да го проучуваме Неговиот карактер во делата на Неговите раце. Умот јакнее со запознавањето со Бога, Неговите особини во работите кои ги создал. Додека ја набљудуваме убавината и големината во делата на природата, нашата приврзаност тежнее кон Бога; и иако душите ни се исполнети со стравопочитување а духот потчинет, нашата душа е освежена со доаѓањето во контакт со божественоста преку Неговите чудесни дела. Заедницата со Бога преку понизна

молитва ги развива и јакнее менталните и моралните способности, а духовната моќ расте со задржување на мислите на духовните работи.

**Да се чуваат пристапите кон душата.** - Апостолот настојувал да ги поучи верниците колку е важно да се чува умот од талкање во забранетите теми или трошењето на неговата енергија на ништожни предмети. Оние кои не сакаат да паднат како жртви на сатанските заблуди мораат добро да ги чуваат пристапите кон душата; мораат да одбегнуваат читање, гледање и слично на тоа што ќе сугерира нечисти мисли. На умот не треба да му се дозволи несомнено занимавање со секакви предмети кои непријателот на душата може да ги предложи.

Срцето мора верно да се чува, или надворешните зла ќе ги разбудат внатрешните, и душата ќе талка во темнина.

**Ефект на лична атмосфера.** - Влијанието на мислите и делата го опкружуваат секој човек исто како невидливата атмосфера, која несвесно ја вдишуваат сите кои доаѓаат во контакт со неа. Оваа атмосфера честопати е презаситена со отровно влијание, и кога се вдишува, моралната изопаченост е сигурна последица.

**Опкружени со атмосфера на светлина и мир.** - Христос направил сè за Неговата црква да биде преобразено тело, осветлена со Светлината на светот, поседувајќи ја славата на Емануел. Негова намера е секој христијанин да биде опкружен со духовна атмосфера на светлина и мир. Тој сака да ја откриеме Неговата радост во своите животи.

Пребивањето на Духот ќе се покаже со излевање на небесната љубов. Божествената полнина ќе протечува низ посветените човечки орудија, за да се пренесе на другите.

**Постојана зависност од Бога.** - Мнозина се неспособни да направат одредени планови за иднината. Нивниот живот е непостојан. Тие не можат да го согледаат исходот на работите, и тоа честопати ги исполнува со загриженост и немир. Да запомниме дека животот на Божјите деца на овој свет е живот на патник . Ние немаме мудрост да ги планираме своите животи. Не е наше да ја обликуваме иднината. „Со вера Аврам, кога бил повикан да излезе во место кое подоцна ќе го прими за наследство, послуша; и излезе, не знаејќи каде оди“ (Евреите 11:8)

Христос во Својот живот на земјата не правел планови за Себе. Тој ги прифатил Божјите планови за Себе, и ден по ден Таткото ги откривал Своите планови. Така и ние треба да зависиме од Бога за нашиот живот да може да биде едноставен израз на Неговата волја. Кога ќе му ги предадеме своите патишта, Тој ќе ги насочува нашите чекори.

**Вредноста на стручната терапија.** - Покажано ми е дека би се покажало како корисно за најголем број на пациенти вклучувањето во полесна

работа, и дури поттикнувањето на тоа, отколку да ги охрабруваме на неактивност и бесполезност. Ако моќта на волјата се одржи активна да ги разбуди заспаните способности, тоа ќе биде од најголема помош во обновувањето на здравјето. Отстранете ја сета онаа работа со која биле оптоварени целиот свој живот, и од девет од десет случаи таа промена ќе биде штетна.

Ова се покажало како точно во случајот на мојот сопруг. Покажано ми е дека физичката активност на отворено е многу покорисна од активноста во затворен простор; но ова ако не може да се оствари, лесното запослување во домот би го преокупирал и одвратил умот и спречил да се занимава со симптомите и малите неугодности, и исто така би го превентирал копнежот за дома (носталгијата).

**Добро осмислена физичка вежба.** - Кога инвалидите немаат ништо што би им го преокупирало времето и вниманието, мислите се насочуваат на нив самите, и тие стануваат морбидни и надразливи. Многу пати се занимаваат со своите лоши чувства додека не почнат да мислат многу полошо за себе отколку што навистина се и стануваат потполно неспособни да направат било што.

Во сите овие случаи добро осмислената физичка вежба би се покажала како делотворно средство за лечење. Во некои случаи таа е неопходна за обновувањето на здравјето. Волјата ја следи работата на рацете; и она што на овие инвалиди им е потребно е пробудување на волјата. Кога волјата е заспана, имагинацијата станува ненормална, и болеста е невозможно да се спречи.

**Тешењето на другите му донесува утеха на утешителот.** - Честопати се сигерира посредничка молитва за неволниот, за ожалостениот, за обесправениот; и тоа е исправно. Ние треба да се молиме Бог да внесе светлина во затемнетиот ум и да го утеши ожалостеното срце. Но Бог одговара на молитвите на оние кои се ставаат во каналот на Неговите благослови. Додека принесуваме молитва за ожалостените, треба да ги охрабруваме да се обидат да им помогнат на оние кои се во поголема неволја од нив самите. Темнината ќе ја снема од нивните сопствени срца додека се обидуваат да помогнат на другите. Додека настојуваме да ги утешиме другите со утеха со која самите сме утешени, благословот се враќа на нас.

**Одмор и обнова (совет на авторот до нејзиниот син).** - Имам збор за тебе. Зар нема да се обврзаш дека нема повеќе да слабееш и да го нарушуваш Господовиот храм работејќи кога ти е потребен одмор? За да имаш исправни мисли и за да говориш исправни зборови мораш да го одмориш мозокот. Не се одмараш доволно. Уморниот мозок и нерви би се освежиле кога би направил промена во тој поглед...

Мораме да учиме внимателно да се дисциплинираме себеси, одбивајќи да го направиме она што би ја ослабнало физичката, менталната и моралната сила. Потребен ти е јасен, и трпелив ум, кој ќе поднесе сè што ќе излезе. Практикувај ја верата, а последиците препушти му ги на Бога. Кога ќе дадеш сè од себе, биди храбар. Верувај, верувај, и цврсто држи се. Непријателот ќе се обиде да те наведе да направиш некое движење кое значи пораз, но немој тоа себеси да си го дозволиш. Не можеш да си дозволиш правење на неодредени движења. Потребно ти е влијание кое ќе го стекнеш со откривање на мудроста и дискрецијата.

**Релаксацијата и одморот се неопходни.** - Ми беше покажано дека празнувачите на саботата како народ работат премногу без да си дозволат себеси промена или период за одмор. Рекреацијата им е потребна на оние кои се вклучени во физичка работа, а уште побитна на оние чија цела работа воглавно е ментална. Не е неопходно за нашето спасение или за Божјата слава умот непрекинато и претерано да работи, дури и на верските теми.

Постојат разоноди како играњето, играње карти, шах, табла итн кои ние не можеме да ги одобриме затоа што Небото ги осудува. Овие забави отвораат врата за големо зло. Тие не слижат на корист, туку имаат возбудувачко влијание, продуцирајќи во некои умови страсти за оние игри кои водат кон коцкање и расипништво. Христијаните треба да ги осудат сите такви игри и треба да ги заменат со нешто совршено безопасно.

**Неопходни се индивидуални напори.** - Кај жртвите на лошите навики мора да се разбуди свеста од неопходност да вложат напори за самите себе. Други можат да вложуваат најсериозни напори да ги подигнат, Божјата благодат може да им биде богато понудена, Христос може да се моли и да се залага кај Таткото за нив, Неговите ангели можат да ја вршат својата служба штитејќи ги, но сето тоа ќе биде напразно доколку самите не се разбудат и не поведат борба за себеси...

Чувствувајќи ја ужасната сила на искушението, привлечноста на желбата која бара да биде задоволена, многу луѓе извикуват во очај: „Јас не можам да се спротиставам на злото.“ Кажете му дека може и мора да му се спротистави. Може да се случи да биде повторно и повторно совладан, но не мора секогаш да биде така. Неговата морална сила е слаба, контролирана од навиките на животот во грев. Неговите ветувања и одлуки се како јаже од песок. Свеста за неисполнетите ветувања и прекршените завети ја ослабнува неговата доверба во својата сопствена искреност и заради тоа чувствува дека Бог не може да го прифати ниту да ги потпомогне неговите напори. Но не треба да очајува.

**Целта е неопходна.** - Успех во било кој правец бара одредена цел. Оној кој сака да постигне вистински успех во животот мора постојано да

ја има во вид целта која е вредна за неговиот труд. Таква цел е поставена пред денешната младина.

**Најголема култура на умот.** – Знаењето за Бога се стекнува од Неговата Реч. Есперименталното знаење за вистинската побожност во секојдневната посветеност и служба на Бога, осигурува најголема култура на умот, душата и телото; а оваа посветеност на сите наши сили на Бога го спречува самовоздигнувањето. Таа додела на божествената сила го наградува нашето искрено тежнеење за мудрост за свесно користење на нашите најголеми способности да го прославиме Бога и да ги благословиме своите ближни. Кога овие способности се црпат од Бога, и не се создаваат сами, треба да ги цениме како таленти од Бога за употреба во Неговата служба.

**Позитивните доблести го унапредуваат здравјето. -** Храброста, надежта, верата, сочувството и љубовта го унапредуваат здравјето и го продолжуваат животот. Задоволниот ум и бодриот дух се здравје за телото и сила за душата. „Веселото срце дејствува како лек“ (Изреки 17:22).

# ЗАНИМАВАЊЕ СО НАУКА

**Познавање, сила, добрина и карактер.** - Вистинското образование не ја потценува вредноста на научните и литературните достигања; но повеќе од познавањето на фактите, тоа ја вреднува силата; повеќе од силата, добрината; повеќе од интелектуалното достигање, карактерот. На светот не му се толку потребни луѓе со блескав ум колку луѓе со благороден карактер. Нему му се потребни луѓе со чиј карактер владеат цврсти принципи.

**Бог е автор на науката. -** Бог е авторот на науката. Научното истражување пред умот отвора широки полиња за размислување и информирање, оспособувајќи нѐ да го видиме Бога во Неговите создадени дела.

Незнаењето се обидува да го поткрепи скептицизмот повикувајќи се на науката; но наместо воздигнување на скептицизмот, вистинската наука донесува свежи докази за Божјата мудрост и сила. Правилно сфатени, науката и пишаниот збор се сложуваат, и едната фрла светлина на другата. Заедно тие нѐ водат кон Бога учејќи нѐ на некои од мудрите и корисни закони преку кои Тој делува.

**Религијата и науката. -** Вистинското знаење е божественото. Сатаната во умовите на нашите прародители внел желба за шпекулативно знаење, со коешто, како што изјавил, многу ќе си ја подобрат состојбата; но за да го стекнат таквото знаење мораат да заземат правец спротивен на Божјата света волја, затоа што наводно Бог не би ги водел до најголемите височини. Не било Божја волја за нив да стекнат знаење што за своја основа ја има непослушноста. Широко е полето во кое што сатаната настојувал да ги одведе Адам и Ева, и тоа е она истото поле кое и денес го отвора пред светот преку искушенијата...

Најголемата причина што има толку малку големи луѓе во светот и такви кои имаат стекнато високо образование да ги почитуваат Божјите заповеди е затоа што го одвоиле образованието од религијата, мислејќи дека секое од нив треба да заземе свое сопствено место. Бог претставил доволно широко поле за усовршување на знаење за сите оние кои ќе стапат во него. Ова знаење се стекнува под божествен надзор; тоа е омеѓено со непроменливиот закон на Јехова, а за последица има совршена благословеност.

**Науката е моќ.** - Познавањето на вистинската наука претставува моќ; и Божја намера е ова знаење да се изучува во нашите училишта како подготовка за задачата која и претходи на завршните настани на историјата на земјата.

**Склад помеѓу науката и религијата. -** Колеџот во Батл Крик бил основан заради изучување на науки, а во исто време да може ученикот да се доведе крај Спасителот, од кого што потекнува целокупното вистинско знаење. Образованието стекнато без библиска религија е лишено од вистинскиот сјај и слава.

Настојував на студентите да им го втиснам фактот дека нашето училиште зазема повисока положба во образовна смисла од некои други научни установи, со тоа што отвора поблагородни погледи и цели во животот на младите и ги образува да стекнат исправно знаење за должноста на човекот во вечните интереси. Најголемата цел во основањето на нашиот колеџ беше да се пренесат исправни погледи, покажувајќи го складот помеѓу науката и библиската религија.

**Потребно е научно знаење. -** Младите кои сакаат да стапат во делото како проповедници, колпортери или мисионери требаат најнапред да примат пригоден степен на ментална обука како посебна подготовка за својот позив. Оние кои се необразовани, необучени и непрефинети, не се подготвени да влезат во полето во коешто моќните влијанија на талентот и образованието се судруваат со вистините од Божјата реч. Тие не можат успешно да се соочат и со чудните форми на заблуди, верски и филозофски комбинирани, што бара како научно така и знаење на библиските вистини.

**Најважна наука. -** Додека знаењето на науката е моќ, знаењето коешто Исус лично дошол да ни го подари е уште поголема моќ. Науката за спасението е најважната наука којашто може да се научи во подготвителното училиште на земјата. Соломоновата мудрост е пожелна, но Исусовата мудрост е далеку попожелна и поважна. Ние не можеме да го достигнеме Христа преку обична интелектуална обука, туку преку Него ние можеме да достигнеме највисоко скалило на скалилата на интелектуалната големина. Додека копнежот за знаење во уметноста, литературата, трговијата не треба да се обесхрабрува, ученикот најнапред треба да си осигура искуствено познавање за Бога и за Неговата волја.

**Христос ја користел науката на секоја вистинска наука. -** Не користејќи никаква принуда ниту некаква сила, Тој (Христос) ја соединувал волјата на човековиот субјект со Божјата волја. Ова е наука на секоја вистинска наука, зошто со неа се врши силна промена во умот и карактерот - промена која мора да се изврши во животот на сите оние кои ќе поминат низ портите на Божјиот град.

**Истражувањето не противречи на откровението. -** Бог е темел на сè. Секоја вистинска наука е во склад со Неговите дела; секое вистинско образование води во послушност на Неговото владеење. Науката отвора нови чуда за нашиот видик; таа оди во височините и истражува нови дла-

бочини, но од своите истражувања не донесува ништо што му противречи на божественото откровение.

**Науката не може да ги истражи божествените тајни. -** „Она што е тајно му припаѓа на нашиот Господ Бог, а она што е откриено ни припаѓа нам и на нашите синови довека“ (Второзаконие 29:29). Бог никогаш не им открил на луѓето токму како го создавал светот; човечката наука никогаш нема да проникне во тајната на Севишниот. Неговата творечка моќ е недофатна исто како и Неговото постоење.

**Библијата наш водич во науката. -** Ние сме зависни од Библијата за знаењето за раната историја на нашиот свет, за создавањето на човекот и за неговиот пад во грев. Кога би ја тргнале настрана Божјата реч, не би можеле да очекуваме ништо друго освен препуштање на бајки и на едно такво слабеење на разумот чија сигурна последица би било внесувањето на заблуди.

Потребна ни е автентична историја за постанокот на земјата, падот на Луцифер и појавата на гревот во светот. Без Библијата би биле збунети со лажни теории. Умот би бил подложен на тиранијата на празноверијата и лагите. Но кога ја имаме автентичната историја за почетокот на светот, не треба да се оптоваруваме со човечки претпоставки и несигурни теории.

Каде и да се, христијаните можат да одржуваат заедница со Бога. Тие можат да уживаат во знаењето на посветената наука. Нивните умови можат да зајакнат, како што тоа било случај со Даниел. Бог му дал „знаење и разбирање на сите книги и мудрости“. Меѓу сите тие момчиња што ги испитувал Навохудоносор, „не се најде ниеден како Даниел, Ананиј, Мисаил и Азариј. И така тие останаа пред царот. И во сè мудро и умно за што ги испитуваше царот, се најде дека се десетпати повешти од сите волшебници и гатачи што ги имаше во сето негово царство“ (Даниел 1:19, 20).

**Секоја вистина си е доследна на самата себе. -** Таквите (кои не веруваат во извештајот за создавањето) ја губат едноставната вера. Верата во божествениот авторитет на светата Божја Реч треба да биде непоколеблива. Библијата не смее да се испитува со човечките научни поими. Човечкото знаење е несигурен водач. Оние што се сомневаат во сè, кои Библијата ја читаат само затоа за да ситничарат и да критикуваат, со своето половично сфаќање и на Библијата и на науката, можат да тврдат дека во нив нашле противречности. Меѓутоа, кога правилно ќе се сфатат, Библијата и науката се во совршена хармонија. Мојсеј пишувал под водство на Светиот Дух и ако теоријата на геологијата правилно се примени, никогаш нема да дојде до такви откритија што не би можеле да се сложат со неговите наоди. Сета вистина, дали во природата или во откровението, е доследна на себеси во секое свое покажување.

**Некои точки треба да се бранат. -** Потребно е постојано да се пазиме од софистиката во геологијата и во другите гранки на лажно наречената наука, кои немаат никакви сличности со вистината. Таквите теории на големите луѓе треба внимателно да се преиспитаат и од најмалата трага на неверничка сугестија. Едно малечко семе кое ќе го посејат учителите во нашите училишта, доколку биде примено од страна на учениците, ќе порасне во жетва на неверие. Господ ја дал сета брилијантност на интелектот што човекот ја поседува, и таа треба Нему да му се посвети во служба.

**Божјиот Дух ја оживува почитта кон науката. -** Знаењето е моќ, но тоа е сила за добро само кога ќе се соедини со вистинската побожност. Тоа мора да се оживее од Божјиот Дух за да може да послужи за најблагородни цели. Колку што нашата врска со Бога е поблиска, толку попотполно можеме да ја сфатиме вредноста на вистинската наука; затоа што Божјите атрибути, кои можат да се забележат во Неговите создадени дела, најмногу може да ги цени оној што има знаење за нивниот Создател, Авторот на секоја вистина. Таквиот човек може најдобро да го употреби своето знаење, зошто кога ќе дојде под полна контрола на Божјиот Дух, неговите таленти се искористуваат во најголем степен

**Помошничка на религијата. -** Мора да постојат училишта кои се засновани на начела и се контролирани со прописите на Божјата Реч. Во нашите училишта мора да владее поинаков дух кој ќе ја оживи и посвети секоја гранка на образованието. Божјата соработка мора ревносно да се бара. И тоа нема да биде напразно.

Ветувањата на Божјата Реч се наши. Ние можеме да го очекуваме присуството на небесниот Учител. Можеме да го видиме Господовиот Дух раширен како и во пророчките школи и секој човек да партиципира во божественото посветување. Науката тогаш ќе биде, како што му била и на Даниел, помошничка на религијата; и секој напор, од првиот до последниот ќе биде насочен кон спасение на човекот - душата, телото и духот – и на Божја слава преку Христа.

# ГЕРИЈАТРИЈА

**Благотворното влијание нема да изостане. -** Корисното влијание на семејството им е потребно и на оние кои староста ги изнемоштила. Во домот на браќата и сестрите во Христа тие можат да најдат најдобар надомест за загубата на своите сопствени домови. Доколку ги охрабриме да земат учество во домашните работи ќе им помогнеме да не мислат дека нивната сила и полезност се при крај. Настојувајте тие да почувствуваат дека нивната помош се вреднува; дека во нив сѐ уште постои нешто со што можат да им послужат на другите; тоа ќе им го развесели срцето и ќе ги заинтересира за животот.

**Пожелно е семејно опкружување. -** Колку што стои во ваша моќ помогнете им на оние со побелени коси и слаби чекори кои покажуваат дека се на работ на гробот да останат меѓу своите пријатели и во друштво на оние на кои се навикнале. Оставете ги да му служат на Бога со оние кои веќе ги запознале и кои им се драги. Нека ги негуваат нежните раце на оние кои им се мили и драги.

**Старечките домови не се решение.** - Прашањето на грижа за нашите стари браќа и сестри кои немаат домови постојано се наметнува. Што може да се направи за нив? Светлината која Господ ми ја даде се повторува: Не е најдобро да се основаат установи за згрижување на стари лица, за да може заедно да се дружат, ниту треба да се испратат од својот дом за да добијат внимание. Членовите на своето семејство нека им служат на своите роднини. Кога ова не е можно, таа задача ѝ припаѓа на црквата, и треба да се прифати како должност и привилегија. Сите кои го имаат Христовиот Дух, ќе се однесуваат кон послабите и остарените со посебно внимание и нежност.

**Направете го животот поубав и попријатен. -** Присуството на изнемоштените души во нашите домови за нас претставува скапоцена можност да соработуваме со Христа во Неговата мисија на милост и да развиваме карактерни особини слични на Неговите. Веќе самиот контакт меѓу старите и младите донесува благослов и за едните и за другите. Младите можат да ја внесат топлината на светлина и живот во срцата на старите. На оние чии животни сили се ослабени им е потребен благословот на контакт со младите кои се полни со надеж, виталност и полет; а на младите можат добро да им дојдат животната мудрост и искуството на старите. Но пред сѐ друго, тие треба да ги научат лекциите за несебична служба. Самото присуство на една душа која има потреба од сочувство, трпение и самопожртвувана љубов би претставувало непроцен-

лив благослов за семејствата на мнозина. Тоа би го засладило и облагородило домашниот живот, будејќи ги во срцата на младите и старите оние христијански доблести кои украсуваат со божествена убавина и збогатуваат со непоминливо небесно богатство.

**Младите и старите ги соединуваат силите**. - Колку е впечатливо кога младите и старите се потпираат едни на други: младите очекуваат совет и мудрост од старите, а старите помош и сочуство. Така треба и да биде. Бог би сакал младите да имаат таква особина на карактерот за да може да се поврзат во ланецот на љубовта кон оние кои се приближуваат кон работ на гробот.

**Грижа за остарените родители. -** Родителите имаат право на љубов и почит повеќе од кој и да е друг. Сам Бог, кој ги задолжил за душите доверени на нивна грижа, определил родителите во првите години на детскиот живот пред децата да бидат Негови претставници. Затоа, секој што го отфрла законитиот авторитет на родителите, го отфрла Божјиот авторитет. Петтата заповед бара од децата не само на родителите да им укажуваат љубов и нежност, туку и да им ги олеснат секојдневните грижи, да го пазат нивниот углед и во староста да им пружат потпора и утеха. Таа заповед бара да се почитуваат и проповедниците и органите на власта и сите оние на кои Бог им дал авторитет.

**Виталноста опаѓа со одминувањето на годините. -** Оние кои се грижат за постарите лица треба особено да внимаваат тие да имаат добро затоплени, удобни соби. Виталноста опаѓа со одминувањето на годините, а со тоа се намалува и способноста за борба со нездравите влијанија; затоа старите имаат поголема потреба од сонце и свеж, чист воздух.

**Прилагодување на опаѓањето на менталната сила**. - Честопати се случува постарите личности да не можат да разберат и признаат дека нивната ментална сила попушта. Тие си ги скратуваат деновите преземајќи ги грижите кои им припаѓаат на нивните деца. Сатаната честопати си поигрува со нивната мечта и ги наведува да чувствуваат постојана загриженост во поглед на парите. Тоа е нивниот идол, и тие со скржавост го чуваат. Тие понекогаш ќе се одречат од многу угодности на животот и ќе работат дури и преку своите сили, пред да ги искористат средствата кои ги имаат. На овој начин тие постојано се ставаат во немаштија, стравувајќи од немаштија во иднина.

Сите тие стравови потекнуваат од сатаната. Тој ги возбудува органите кои иницираат ропски стравови и предострожност кои ја расипуваат благородноста на душата и ги разоруваат возвишените мисли и чувства. Таквите личности се умоболни по прашањето на парите.

Кога би зазеле став каков што Бог сака, нивните последни денови би можеле да им бидат најубави и најсреќни. Оние кои имаат деца во чија

искреност и доследна управа може да веруваат, треба да им дозволат да ги усреќат. Доколку ова не го направат, сатаната ќе ги искористи нивните ментални сили и ќе управува наместо нив. Тие треба да ги отфрлат грижите и бремињата, и колку што е можно среќно да го поминуваат времето, созревајќи за на небо.

**Доскорешните сеќавања брзо поминуваат**. - Оној кој остарел во службата за Бога може да открие дека умот му е празен во однос на работите кои се случуваат околу него, и скорешните работи може брзо да се изгубат од помнењето; но неговиот ум е сосема свесен за призорите и настаните од детството. О, кога младите би можеле да разберат колку е важно да го чуваат својот ум чист од расипани мисли и да ја сочуваат својата душа од сите понижувачки навики, зошто чистотата или нечистотата во младоста се одразува и во староста.

**Карактерните црти јакнат во староста**. - Ми беше покажан Давид кој го моли Господа да не го напушта во староста, а што е тоа што ја предизвикало неговата сериозна молитва. Тој увидел дека најголемиот број на стари лица околу него се несреќни и дека несреќните црти во карактерот посебно јакнат во зрелото доба. Ако луѓето по природа биле тесногради и алчни, тоа уште повеќе доаѓало до израз во подоцнежните години. Ако биле љубоморни, раздразливи и нетрпеливи, тоа посебно се покажувало во староста.

**Незапирлива љубомора и погрешно расудување**. - Давид бил ожалостен кога запазил дека царевите и црковните луѓе за кои изгледало дека имаат Божји страв всушност во својата мажевност стануваат љубоморни на своите најдобри пријатели и роднини кога ќе остарат. Тие биле во постојан страв дека себичните мотиви ги навеле нивните пријатели постојано да покажуваат интересирање за нив. Тие би ги слушале илузиите и лажните совети на странците поврзани со оние во кои би требало да веруваат. Нивната нескротлива љубомора понекогаш би се распламтила затоа што сите не се согласувале со нивниот погрешен суд. Нивната алчност била страшна. Честопати помислувале дека нивните сопствени деца им посакуваат смрт за да го заземат нивното место и да го присвојат нивното богатство и да го добијат почитувањето кое им е ним укажувано. Некои биле така контролирани со својата љубомора, со алчните чувства што биле спремни да си ги уништат и сопствените деца.

**Давидовата молитва за својата старост**. - Давид воочил дека животите на некои кои во силата на својата мажевност биле праведни, кога староста дошла на нив, изгледало дека ја губат самоконтролата. Сатаната влегол и ги водел нивните умови, правејќи ги неспокојни и незадоволни. Тој видел дека многу стари луѓе изгледаат напуштени од Бога и изложени на потсмев и презир од своите непријатели.

Давид бил длабоко поттикнат; бил ожалостен додека гледал на времето кога и самиот ќе остари. Се плашел дека Бог би можел да го остави и дека би можел да биде несреќен како и другите старци чиешто проклетство го забележувал, и дека ќе биде препуштен на прекорите на Господовите непријатели. Со овој товар врз себе тој сериозно се молел: „Не отфрлај ме на старост, кога ќе почне силата моја да исчезнува, не напуштај ме; Боже, Ти ме поучуваше од младоста моја, а јас сè до сега ги објавував чудесата Твои; И во староста, па и кога ќе преостареам, Боже, не напуштај ме, за да ја објавувам мишката Твоја, силата Твоја и правдата Твоја на сегашниов род и на идниот“ (Псалм 71:9, 17, 18). Давид чувствувал потреба за заштита против злата кои надоаѓаат во староста.

**Подготовка за користење на доверените средства**. - Братот Л. е Божји повереник. Нему му се доверени средства и треба да биде свесен за својата должност да му го даде на Бога она што е Божјо. Тој треба да ги разбере барањата кои Бог му ги поставува. Додека живее и има моќ на резонирање, тој треба да ја користи моќта на распоредување на сопственоста која Бог му ја доверил, наместо да ја остава на другите на користење и употреба по завршетокот на својот живот.

**Да не се испуштаат конците од раце**. - Братот Л. треба верно да ја извршува својата работа и да не ги испушта конците од раце. Негова привилегија е да биде богат во добри дела и да создаде добра основа за себе за времињата кои доаѓаат за да може да положи рака на вечниот живот. За него не е сигурно да го следи својот погрешлив суд. Тој треба да се советува со своите искусни браќа и сестри, и да бара мудрост од Бога за добро да ја изврши својата работа. Тој сега треба да биде сериозен, обезбедувајќи си себеси ‚‘богатство кое нема да пропадне, непропадлива ризница на небото.“

**Постарите работници не треба да се остават настрана**. - Треба да се има најнежно интересирање за оние чии животни интереси се поврзани со Божјото дело. Без оглед на нивните бројни слабости, овие работници поседуваат таленти кои сè уште ги оспособуваат да стојат на своето место. Бог сака да заземат раководни места во Неговото дело. Тие верно стоеле во средиштето на бурата и искушенијата и се вбројуваат помеѓу нашите највредни советници. Колку треба да бидеме благодарни што сè уште може да послужат со своите дарови во Господовата служба!

Да не се изгуби од вид фактот дека овие борци во минатото жртвувале сè за унапредување на делото. Фактот дека остареле во Божјата служба не е причина да престанат да вршат влијание поголемо од влијанието на луѓето кои имаат многу помалку знаење за делото и далеку помало искуство во Божјите работи.

Иако уморни и неспособни да носат потешки бремиња кои младите луѓе можат и треба да ги носат, нивната вредност како советници е од најголем ред. Тие правеле грешки, но се научиле на мудроста од своите пропусти; се научиле да ги избегнуваат заблудите и опасностите, и нели се токму заради тоа компетентни да даваат мудар совет? Тие претрпеле проби и неволји, и иако имаат изгубено нешто од својата свежина, не смеат да бидат турнати на страна од помалку искусните работници кои многу малку знаат за делото и самопожртвуваноста на овие пионери. Господ на тој начин не ги отстранува. Тој им дава посебна благодат и знаење.

**Треба да бидат ценети и почитувани**. - Тие стари знаменосци кои сè уште се живи не треба да ги поставувате во тешка положба. Оние кои му служеле на својот Господ и тогаш кога делото тешко одело, кои поднесувале сиромаштво и кои останале верни на вистината додека на број сме биле малку, треба секогаш да бидат ценети и почитувани. Упатена сум да ви кажам: Секој верник нека ги почитува верните кои претрпеле неволји и потешкотии и многу скудности. Тие се Божји работници и одиграле истакната улога во изградбата на Неговото дело.

**Да се третираат како татковци и мајки**. - Додека старите знаменосци се во полето, оние кои извлекле некоја корист од нивната работа нека се грижат за нив и нека ги почитуваат. Не ги оптоварувајте со бремиња. Ценете го нивното мислење, нивните зборови и совети. Третирајте ги како татковци и мајки кои го понеле товарот на делото. Работниците кои во минатото ги предвиделе потребите на делото прават благородно дело кога, наместо самите да ги носат сите бремиња, ги полагаат на рамењата на помладите мажи и жени и ги подучуваат онака како што Илија го подучувал Елисеј.

**Совет до старите и испробани работници на евангелието**. - Нека Господ ги благослови и поткрепи нашите стари и испробани работници. Нека им помогне да бидат мудри во чувањето на физичките, менталните и духовните способности. Упатена сум од Господа да им кажам на оние кои го носеле своето сведоштво во раните денови на пораката: „Бог ве надарил со сила на разумот, и Тој сака да го разберете и да се придржувате на законот кој се однесува на здравјето на вашето битие. Немојте да сте непромислени. Немојте да работите прекумерно. Одмарајте се. Бог сака да стоите на свое место, работејќи го својот дел во спасувањето на луѓето од моќниот растеж на злото. Тој сака да го чувате својот оклоп додека не ви заповеда да го симнете. Кратко после тоа ќе ја примите својата плата.

**Најголема опасност**. - Заповедано ми е да им кажам на постарите браќа: Одете понизно со Бога. Не бидете обвинители на своите браќа.

Морате да ја вршите својата одредена задача под управата на Богот Израилев. Склоноста кон критика за мнозина е најголема опасност. Браќата кои се во искушение да ги критикувате се повикани да носат одговорности кои вие не можете да ги носите, но можете да им бидете помошници. Вие можете да вршите голема служба во делото, ако сакате, презентирајќи го своето искуство од минатото што се однесува до работата на другите. Господ на ниту еден од вас не му дал задача да ги исправа и укорува браќата.

## Отсек Седумнаесет

# *Практична психоло̄гија*

# ЗАНИМАВАЊЕ СО ЕМОЦИИ

**Ние не можеме да ги читаме побудите. -** Запомнете дека не можат да се читаат срцата. Вие не ги знаете мотивите кои ги поттикнале акциите кои вам ви изгледаат погрешни. Постојат многу кои не примиле исправно воспитување, нивните карактери се изопачени, тие се непријатни и несмасни и изгледаат круто во секој поглед. Но Христовата благодат може да ги преобрази. Никогаш не ги отфрлајте, не ги обесхрабрувајте или во очај да зборувате: „Ме разочаравте и нема да се обидам да ви помогнам." Неколку непромислено изговорени зборови под провокација на вистина – токму она што мислиме дека заслужуваат - може да го прекине влијанието кое треба да ги поврзе нивните срца со нашите.

Доследен живот, трпеливост, дух кој не се лути на провокација, секогаш е најубедлив аргумент и најсвечен позив. Ако имате прилики и можности кои не паѓаат под делот на другите, разгледајте го ова и секогаш бидете мудар, внимателен и љубезен учител.

За печатот да остави силен и јасен впечаток, вие не притискате силно, набрзина, на присилен начин; вие внимателно го поставувате на печатен восок и мирно, постојано го притискате додека не се оформи и зацврсти. На овој начин работете со човечките души. Континуитетот на христијанското влијание е тајна на неговата моќ, а ова зависи од постојаноста на вашето прикажување на Христовиот карактер. Помагајте им на оние кои грешат, зборувајќи им за своите искуства. Покажете им како – кога сте направиле смртна грешка - трпението, љубезноста, и помошта од страна на вашите пријатели ви донеле храброст и надеж.

**Натпревар со сила која го заробува телото, душата и умот. -** Напнатост каква никогаш не можела да се види го зафаќа светот. Во забавите, стекнувањето пари, борбата за власт, самата борба за опстанок, постои голема сила која го притиска телото, душата и умот. Во оваа луда збрка, Бог зборува. Тој нè повикува да се повлечеме и да општиме со него. „Бидете тивки и познајте дека јас сум Бог" (Псалм 46:10).

**Исцелување на духовни проблеми. -** Овој свет е пространета болница за ужасни болести, меѓутоа Христос дошол да ги излечи болните, да објави ослободување на сатанските робови. Во Него имало здравје и сила. Тој им го давал Својот живот на болните, на оние во неволја. на оние кои биле опседнати со демони. Не вратил ни еден кој дошол да ја прими Неговата исцелителна сила. Тој знаел дека оние кои го молеле за помош сами на себе си предизвикале болест, но сепак не одбил да ги исцели. А кога чудотворната моќ влегла во тие сироти души тие биле осве-

дочени за гревот, и многумина биле излекувани од своите духовни како и од телесните болести. Евангелието сè уште ја поседува истата сила, и зошто денес не сме сведоци на исти резултати?

**Луѓето, ангелски раце. -** Човечките орудија претставуваат раце на небесните орудија, бидејќи небесните ангели се служат со човечките раце во своето дело на помош. Како помошна рака, човечките орудија треба да ги остварат во пракса знаењето и ресурсите на небесните суштества. Соединувајќи се со силите кои се семоќни, ние го користиме нивното високо образование и искуство. Така како што стануваме соучесници во божествената природа и ја одвојуваме себичноста од својот живот, ќе ни се подарат посебни способности да си помагаме еден на друг. Така небото ја спроведува спасоносната сила.

**Човечкиот и Божјиот дел во времето на судирот. -** Господ секогаш му дава задача на човечкиот посредник. Тука е човечката и божествената соработка. Постои човечка работа во послушност на дадената Божја светлина. Ако Савлеречеше: Господе воопшто не сум склон да ги следам твоите посебни упатства и да работам на моето спасение, тогаш Господ и да дозволи светлината десет пати појако да засвети над него, сето тоа би било бескорисно.

Човечка задача е да соработува со Божјото. Најтешкиот, најсуровиот судир доаѓа со намерата и часот на големата одлука на човечкото да ја наклони својата волја и пат на Божјата волја и Божјиот пат, потпирајќи се на благодетните влијанија кои го пратиле низ неговиот живот. Човекот мора да изврши дело на наклонување - „Затоа што Бог е оној кој во вас (нас) прави да сакаме и да вршиме“ (Филипјаните 2:13). Карактерот ја одредува природата на одлука и акција. Таа работа не е во склад со чувствата или наклонетоста туку со познавање на волјата на нашиот Татко кој е на небото. Следете и покорувајте се на водството на Светиот Дух.

**Зборувајте за Божјата моќ. -** Кога некој ве прашува како се чувствувате, не обидувајте се да мислите за нешто тажно да кажете за да здобиете сожалување. Не зборувајте за својот недостаток на вера, за својата жалост и страдање. Искушувачот ужива да слуша такви зборови. Кога зборувате за мрачни предмети, вие го прославувате него. Ние не смееме да пребиваме на големата моќ на сатаната да нè совлада. Често му се предаваме во негови раце, зборувајќи за неговата моќ.

Наместо тоа,да зборуваме за големата Божја моќ да ги поврзе сите наши интереси со Неговите. Зборувајте за неспоредливата сила на Исус и за Неговата слава. Целото небо е заинтересирано за нашето спасение. Илјада илјади, и десет илјади пати десет илјади Божји ангели имаат полномошно да им служат на оние кои ќе го наследат спасението. Тие нè чуваат од злото и ги потиснуваат силите на темнината кои настојуваат да нè уништат. Зар немаме причина да бидеме благодарни секој

момент, благодарни дури и кога постојат очевидни потешкотии на нашата патека?

**Не зборувајте за негативни чувства. -** Ако не чувствувате леснина и радост во срцето, не зборувајте за своите чувства. Не фрлајте сенка на животот на другите луѓе. Ладна, заоблачена религија никогаш не ги привлекува душите кон Христа. Таа ги одвлекува од Него во мрежата која сатаната ја раширил за чекорите на заталканите. Наместо да размислувате за своето обесхрабрување, мислете на моќта која можете да положите право во Христово име. Дозволете ѝ на фантазијата да го улови невидливото. Нека вашите мисли бидат насочени кон доказите за големата Христова љубов кон вас. Верата може да поднесе неволја, да одбие искушение, да се издигне над разочарувањето. Исус живее како наш Застапник. Сè е наше што осигурува Неговото посредништво.

**Весели и ведри зборови. -** Ако работите ги посматраме од светла точка, ќе најдеме доволно што би нè направило прави бодри и среќни. Ако делиме насмевки тие ќе ни бидат вратени; ако зборуваме пријатни и бодри зборови, таквите зборови и на нас самите ќе ни бидат возвратени.

Кога христијаните изгледаат потиштени и депресивни како да мислат дека се осамени, тие даваат погрешен впечаток за религијата. Во некои случаи внесена е замислата дека радоста е недоследна со достоинството на христијанскиот карактер; но сето тоа е заблуда. Целото небо е радосно.

**Радоста ја осветлува патеката. -** Должност на сите е негување на радоста наместо размислување за тага и неволји. Многумина не само што самите себе се прават мизерни на овој начин, туку и го жртвуваат здравјето и среќата на морбидната фантазија. Постојат работи во нивната средина кои се непожелни, и нивните лица постојано носат тмурен поглед кој појасно од зборовите го изразува незадоволството.

Овие депресивни емоции причинуваат голема штета за нивното здравје, затоа што попречувајќи го процесот на варење, тие се мешаат со исхраната. Додека тагата и загриженоста не можат да излечат ни најмало зло, можат да нанесат голема штета; меѓутоа радоста и надежта, додека го осветлуваат патот на другите „се живот за оние кои ќе ги најдат, и здравје за целото нивно тело.

**Времето за јадење и емоциите. -** Научете што треба да јадете, кој вид на храна најдобро го храни вашето тело, и тогаш следете го налогот на разумот и совеста. За време на јадењето отфрлете ја грижата и тешките мисли. Не брзајте, јадете полека и со радост, со срце исполнето со благодарност кон Бога за сите Негови благослови. И не вклучувајте се во мозочна работа веднаш по јадење. Вежбајте умерено и дајте му на желудникот малку време да отпочне со својата работа.

**Негувањето на заблуда ја спречува менталната експанзија. -** Умот кој еднаш ќе биде обземен со заблуда никогаш не може слободно да се шири спрема вистината, дури ни по истражувањето. Старата теорија полага право на признавање. Разбирање на работите кои се вистинити, издигнати и посветувачки, ќе биде конфузно. Празноверните идеи ќе влегуваат во умот да се мешаат со вистината, а тие идеи секогаш ќе бидат понижувачки по своето влијание.

Христијанското знаење носи свој сопствен печат на неспоредлива супериорност во сѐ што се однесува до подготовката за идниот, бесмртен живот. Тоа ги издвојува читателите на Библијата и верниците, кои ги примиле драгоцените блага на вистината, од скептиците и верниците во паганската филозофија.

Држете се за геслото: „Пишано е." Исфрлете ги од умот опасните, наметливи теории кои ако се прифатат, го држат умот во ропство како човекот не би можел да стане ново создание во Христа. Умот треба постојано да се ограничува и да се чува. Треба да му се дава за храна само она што ќе го поткрепи верското искуство.

**Божјата сила е единствена надеж за реформа. -** Независно од Божјата сила, не може да се постигне никаква вистинска реформа. Човечките бариери против природните и стекнатите околности се само како насип од песок против порој. Се додека Христовиот живот нѐ стане оживувачка сила во нашите животи не можеме да го одбиеме искушението кое нас нѐ опколува и од внатре и од надвор.

Моќта на небесните посредници мора да се комбинира со човечката моќ. Ова е единствениот начин за нас да бидеме успешни.

**Не се занимавајте со сопствените емоции. -** Не е мудро да гледаме на себе и да ги проучуваме своите емоции. Ако правиме вака, непријателот ќе презентира потешкотии и искушенија кои ќе ја ослабат верата и ќе ја уништат храброста. Грижливо да се проучат нашите емоции и да им дадеме место на нашите чувства, значи да негуваме сомнеж и да се заплеткаме во потешкотии. Ние треба да го одвратиме погледот од себе кон Исус.

**Негативната емоција променета од Божјиот Дух. -** Кога Божјиот дух ќе го запоседне срцето, Тој го преобразува животот. Грешните мисли се ставаат настрана, лошите дела се отфрлаат; љубовта, понизноста и мирот заземаат место на гневот, зависта и раздвојувањето. Радоста зазема место на тагата, а лицето ја одблеснува небесната радост. Никој не ја гледа раката која го подига бремето или светлината која се спушта од небесните дворови. Благословот доаѓа кога преку вера душата се потчинува на Бога. Тогаш таа сила која ниедно човечко око не може да ја види, создава ново битие според Божјиот облик.

**Потребна е голема мудрост. -** Потребна е голема мудрост во постапувањето со болеста која е причинета преку умот. Жалосното, болно срце, обесхрабрениот ум, бараат благ третман... На овој вид на инвалидност може да се помогне преку нежно сочувство. Лекарот прво треба да ја стекне нивната доверба и тогаш да ги упати кај Големиот Исцелител. Ако нивната вера може да се насочи кон Вистинскиот Лекар и тие стекнат доверба дека Тој го презел нивниот случај, тоа ќе донесе олеснување на умот и често ќе му даде здравје на телото.

**Христовата нежност во постапување со умовите. -** Христос го изедначува Својот интерес со интересите на човештвото. Делото кое носи Божјо полномошно е она кое го манифестира Исусовиот дух, кој ја открива Неговата љубов, Неговата грижа, Неговата нежност во постапувањето со човечките умови. Какво откривение би дошло за човекот кога завесата би се поместила и вие би можеле да ги видите резултатите на својата работа во постапувањето со заблудените на кои им е потребен најпромислен третман за да не скршнат од патот. „Затоа исправете ги премалените раце и ослабените колена, и израмнете ги патеките со своите нозе, за да не се исколчи хромото, туку да се исцели“ (Евреите 12:12, 13)

**Струја на животодавна енергија. -** Силата на љубовта била во секое Христово исцелување, и само преку учество во таа љубов, низ вера, ние можеме да бидеме орудие во Неговото дело. Ако занемариме да се поврземе во божествена врска со Христа, таа струја на животодавната енергија не може да притекува во обилни порои од нас кон другите луѓе.

**Единствен извор на траен мир. -** Траен мир, вистински спокој на духот, има само еден извор. За тоа Христос зборувал кога рекол: „Дојдете кај Мене сите кои сте уморни и натоварени, и јас ќе ви дадам спокој“ (Матеј 11:28) „Мир ви оставам, Својот мир ви го давам; не како што светот дава“ (Јован 14:27). Овој мир не е нешто што Тој го дава независно од Себе. Тој е во Христа, и можеме да го примиме, само кога ќе го примаме Него.

**Неговото искуство може да биде наше. -** Во Христос повикот на човештвото достигнало до Татковото бесконечно сожалување. Како човек Тој упатувал молитви до Божјиот престол, сè додека Неговата човечка природа не се исполнила со небесна струја која треба да го спои човечкото со божественото. Низ постојана заедница Тој примал живот од Бога за да може да пружи живот на светот. Неговото искуство треба да биде наше.

# СОВЕТУВАЊЕ

**Потреба за советници. -** О, колкава е потребата за генерали, мудри и обsирно, урамнотежени луѓе, кои ќе бидат сигурни советници, кои имаат увид во човечката природа, кои знаат како да упатуваат и советуваат во Божји страв.

**Уво кое може да слуша со сочувство. -** Постои потреба за пастири кои под раководство на Главниот Пастир, ќе трагаат по изгубените и заблудените. Тоа подразбира поднесување на физички неугодности и жртвување на удобноста. Тоа значи нежна грижа за заблудените, божествено сожалување и трпеливост. Тоа значи да се има уво кое може со сочувство да слуша трогателни описи на грешки, деградација, очај и беда.

**Важност на работата на пасторот - советник. -** Како што лекарот постапува со физичката болест, така и пастирот ѝ служи на душата болна од грев. Неговата работа е многу поважна од задачата на лекарот колку што вечниот живот е поважен од моменталната егзистенција. Пасторот се сретнува со бесконечно различни темпераменти и негова должност е да се запознае со членовите на семејствата кои го слушаат неговото учење за да се одреди кои средства најдобро ќе влијаат на нив во вистинска насока.

**Прифатете ги луѓето таму каде што се. -** Да се прифатат луѓето таму каде што се, каква и да е нивната положба, каква и да е нивната состојба, да им се помогне на секој можен начин - тоа е евангелската служба. Можеби е неопходно проповедниците да ги посетуваат домовите на болните и да речат: „Подготвен сум да ти помогнам и ќе направам сѐ што можам. Не сум лекар, но јас сум проповедник и сакам да им служам на болните и оние кои се во неволја.“ Оние кои се телесно болни речиси секогаш боледуваат во душата, а кога ќе се разболи душата се разболува и телото.

**Предвидување на жалости. -** На Господовите работници им е потребна благотворната Исусова љубов во нивните срца. Секој проповедник нека живее како човек помеѓу луѓето. Со добро осмислени методи нека оди од куќа до куќа, носејќи го секогаш со себе кандилото на небесната мирисна атмосфера на љубов. Предвидете ги жалостите, тешкотиите, проблемите на другите. Учествувајте во радоста и грижата на големите и малите, богатите и сиромашните.

**Потреба за совет. -** Неискусните мораат да се раководат според мудрите совети кога се во неволја или нападнати од искушение; мораат да научат дека достигнувањата во духовните работи ќе ги чинат постојан, добро насочен напор. Ние мораме често да им повторуваме на новојдените во верата: „Ако на некој од вас му недостасува мудрост, нека побара од Бога, Кој дава секому великодушно и без прекорување, и ќе му се даде" (Јаков 1:5). Овие зборови мораат да се презентираат во духот на Учителот кој ги има дадено, затоа што се подрагоцени од злато, сребро и од скапоцени камења.

Учете ги младите ученици да ги ставаат своите раце во Христовите, зборувајќи: „Води ме, управувај со мене." Каква утеха, надеж и благослов ќе примат збунетите души кои се во потреба ако понизно го бараат Бога. Услов е да дојдат со вера, во ништо да не се сомневаат и да бараат водство во денот на неволјите. Ова ветување му се дава на секој искрен барател: „Ќе добиеш милостиви одговори." „Ќе примиш."

Често мора да се даде упатство дека она што Бог го кажал никогаш нема да изостане. Подобро е да се верува во Господ отколку да се потпираме на кнезовите. Ние мораме да ја учиме секоја душа во молитва да ги искаже своите потреби на престолот на милоста. Сила и благодат сигурно ќе дојдат до оној кој работи така, затоа што Господ ветил. Сепак, многумина се слаби затоа што не веруваат дека Бог ќе направи токму онака како што рекол.

**Бог ги одредил правилата. -** Таткото е глава на семејството; и како Аврам, тој треба Божјиот закон да го направи правило во својот дом. Бог за Аврам рекол: „Знам дека ќе им заповеда на синовите свои и на домот свој" (Битие 18:19). Тогаш нема да дојде до грешно занемарување да се контролира злото, нема да има слабо, неразумно, попустливо привилегирање, како и предавање на осведочувањето за должностите на барањата на погрешна приврзаност. Аврам не само што дал правилни упатства, туку и го одржувал авторитетот на праведните закони.

Бог ги дал правилата за да се придржуваме кон нив. Децата не треба да ги пуштиме да заталкаат од сигурната патека обележана во Божјата Реч на патиштата кои водат во опасност, кои се отворени на сите страни. Љубезно но одлучно, низ постојан напор со молитва, нивните погрешни желби треба да се сузбијат, нивните склоности да се ограничат.

**Слушајте совети од оние кои имаат искуство (зборови до еден неразумен сопруг и татко). -** Си талкал низ светот, но вечната вистина ќе се покаже како твое сидро. Треба да внимаваш на својата вера. Не се поттикнувај од своите нагони и не негувај нејасни теории. Искуствената вера во Христа и покорноста кон Божјиот закон се од најголемо значење за тебе. Биди подготвен да примиш совет од оние кои имаат искуство. Не се колебај во делото за победување. Биди искрен кон себе, кон своите деца и кон Бога. На твојот несреќен (кој е во болка) син му е потребна

нежна грижа. Како татко треба да запомниш дека нервите кои можат да се возбудат од задоволство, исто така можат да бидат возбудени и од длабоко страдање. Господ го изедначува Својот интерес со интересот на човештвото кое страда.

**Кога советот можел да ја спаси независната младина од неуспешен брак. -** Кога ќе биде предоцна, тие откриваат дека направиле грешка и ја довеле во опасност својата среќа во овој живот и спасението на своите души. Тие не признаваат дека некој знаел нешто за тоа прашање повеќе од нив, додека ако примиле совет, би можеле да си поштедат себеси години на грижи и тага. Совет одбиваат само оние кои се одлучни да одат по сопствениот пат. Таквите личности носат страст преку секоја бариера која можат да ја постават разумот и судот.

**Некои квалификацикии за советник. -** Од голема важност е оној кој се бира да се грижи за духовните интереси на пациентите и помошниците да биде човек со здраво расудување и непоколебливо начело, човек кој ќе има морално влијание, кој знае како да постапува со човечкиот ум. Тоа треба да биде личност со мудрост и култура, приврзаност како и интелигенција. Тој можеби од почеток нема да биде успешен во секој поглед; но со сериозно размислување и вежбање на своите способности, треба да се квалификува за оваа важна работа. Потребна е најголема мудрост и благост за да се служи на оваа положба прифатливо но сепак со непоколеблива чесност; затоа што мора да се дочекаат предрасуди, фанатизам и заблуда од секаков вид.

**Приватното советување може да биде стапица (совет до еден проповедник). -** Мината ноќ ми беше свртено вниманието на твојот случај, и разговарав со тебе како што мајка зборува со својот син. Реков: „Брате_______, не мисли дека ти е должност да разговараш со млади дами за извесни предмети, дури и ако е присутна твојата жена. Ти им поттикнуваш идеја дека е исправно да им се соопштуваат на проповедниците семејните тајни и тешкотиите кои треба да бидат изнесени пред Бога, Кој го разбира срцето, Кој никогаш не греши и Кој праведно суди. Одби да слушаш било какво пренесување на приватни работи, кои се однесуваат на семејствата и на поединците. Ако луѓето се охрабрат да доаѓат само кај еден човек за своите проблеми, ќе мислат дека е во ред да ја одржуваат оваа пракса и тоа ќе стане стапица, не само за душата која пренесува информации, туку и за оној на кој се доверуваат работите.“

**Ограничување на проповедничкиот совет за жените. -** Си привлекувал жени, и тие биле подготвени да ги искажат сите свои приватни проблеми и семејни разочарувања. Не треба да ги слушаш, само кажи им дека и ти самиот си грешен смртник, дека Бог им е помошник. Исус ги познава тајните на секое срце и само Тој може да ги благослови и утеши.

Кажи им дека можеш да донесеш погрешен суд и да бидеш наведен кон охрабрување на злото наместо да го укориш. Упати ги кон Божјото јагне „Кое ги зема гревовите на светот.“ Ако навлечеш оклоп, кој може да биде тежок, и внесеш лична работа таму каде што е најпотребно за оние кои ја затвораат вратата на небесната светлина поради својата себичност и алчност, можеби нема да создадеш толку многу пријатели, но ќе спасуваш души.

**Повторени предупредувања. –** Нека жените не бидат привлечени кон тебе. Застани во правичноста на својата душа и кажи им дека не си нивен исповедник. Исус е единствениот кој смее да ги дознае тајните на срцата. Ти си само човечко суштество, и судејќи само од човечка гледна точка, можеш да донесеш погрешни заклучоци, да дадеш погрешен совет.

Не можам да видам никаква светлина, брате мој, во твоето одржување на состаноци само за млади дами. Искусни жени нека ги воспитуваат и учат младите жени на пристојно однесување и влијание. Не дозволувај им да ја искажуваат својата приватна историја на било кој жив човек. Тоа не е Божја намера и не охрабрувај било што од тој вид.

**Фактори за успешно советување. -** Кога ќе наиде криза во животот на некоја душа, и вие ќе се обидете да дадете совет или примедба, вашите зборови ќе ја имаат тежината на влијанието на добро кое за вас го стекнале вашиот сопствен пример и дух. Вие морате да бидете добри пред да бидете во состојба да правите добро. Вие не можете да вршите влијание кое ќе ги промени другите доколку вашите сопствени срца не се понижени, префинети и разнежнети преку Христовата благодат. Кога оваа промена ќе се оствари во вас, ќе ви биде природно да живеете на благослов на другите исто како што ружата дава мирисни цветови или пак како лозата што е полна со пурпурни гроздови.

**Обука и искуство кои го подготвиле Мојсеј како разумен советник. -** Човекот со задоволство би се ослободил од тој долг период на макотрпна работа и неизвесност, сметајќи го за губење на време. Но Бесконечната Мудрост го повикала оној кој требало да стане водач на својот народ, поминувајќи четериесет години во скромна пастирска работа. Така се развиле навиките за грижа, несебичност и нежна грижа за стадото кои го подготвиле да стане нежен Израелски пастир кој долго трпи. Никаква предност која може да ја даде човечката обука или култура не можела да го замени ова искуство.

**Некои луѓе не се соодветни да се занимаваат со умовите (совет до еден проповедник). -** Ти имаш некои карактерни црти кои те прават несоодветен за мудра работа со човечките умови. Ти не работиш на начин кој ќе даде најдобри резултати.

Работата со умот е најчувствителна работа во која луѓето некогаш биле вклучени. Не е секој соодветен за поправање на заблудените. Немаат сите мудрост да постапуваат праведно, љубејќи ја во исто време милоста. Тие не се склони да ја увидат неопходноста од мешањето на љубовта и нежното сочувство со верен укор. Некои се секогаш непотребно строги и не чувствуваат потреба за апостоловиот налог: „И така разликувајќи едни милувајте. А други со страв избавувајте ги и од оган вадете ги“ (Јуда 22, 23).

**Човечкиот разум не е семоќен. -** Јасното сфаќање за она што е Бог и што Тој бара од нас, ќе ни даде скромен поглед за себе. Оној кој правилно ја проучува Светата Реч ќе научи дека човечкиот интелект не е семоќен, дека без помош која никој освен Бог не може да ја пружи, човечката сила и мудрост се само слабост и незнаење.

**Манифестирање на Христовата благодат**. - Бог би сакал секој поединец помалку да гледа на ограниченото, помалку да зависи од луѓето. Ние имаме советници кои докажуваат дека не поседуваат знаење за Христовата благодат и дека не ја разбираат вистината каква што е во Христа.

Оние кои соработуваат со Бога имаат скромно мислење за себе. Тие не се фалбаџии, самозадоволни и самовозвишени. Тие долго трпат, љубезни се, полни со милост и добри родови. Човечката амбиција се потиснува во втор план. Христовата праведност оди пред нив, а Господовата слава е нивна заштита одзади.

**Прашања за советниците. -** Кога се обидовме да ја изложиме здравствената реформа на нашите браќа и сестри и им зборувавме за важноста на консумирање храна и пијалоци и општо за сè што се прави на Божја слава, многумина кажаа за своите постапки: „Никого не треба да го засега дали јадам ова или она. За сè што правиме сами ќе си ги сносиме последиците.“

Драги пријатели, во голема заблуда сте. Нема само вие да страдате заради погрешен правец. Во голема мера, општеството во кое живеете ги сноси последиците на вашите грешки, како и вие самите. Ако вие патите поради својата неумереност во јадењето или пиењето, ние кои сме околу вас или се дружиме со вас ќе трпиме од вашите слабости. Ние треба да страдаме заради вашиот погрешен правец.

Ако тоа влијае на намалување на вашите умни или телесни способности, ние тоа го чуствуваме додека сме со вас во друштво и тоа нè ослабнува. Ако сте намуртени наместо да сте со ведар дух, вие фрлате сенка на сите околу вас. Ако сме тажни, потиштени или сме во неволја, вие можете, кога би биле со добро здравје, да имате бистар мозок да ни покажете излез зборувајќи зборови на утеха. Но, ако вашиот мозок е замрачен поради вашиот погрешен правец на живеење, па не можете да

ни дадете прав совет, нели се соочуваме и ние со загуба? Не зафаќа ли и нас вашето влијание?

Ние можеме да имаме значаен степен на доверба во своето расудување, па сепак ни се потребни советници; затоа „сигурноста е во многуте советници.“ Ние сакаме нашиот правец да изгледа доследен за оние кои ги сакаме, и сакаме да бараме нивен совет и да се способни да ни го дадат со бистар ум. Каква е корисата од вашето расудување ако вашата интелектуална сила до крајност е исцрпена, ако мозокот ја изгубил својата виталност затоа што желудникот примал храна која не му одговара, или пак поголема количина на здрава храна? Зар нам ќе ни биде грижа за судот на таквите личности? Тие гледаат преку голема количина на несварена храна. Затоа вашиот правец на живеење влијае на нас. Невозможно е да следите некој погрешен правец не предизвикувајќи страдање на другите.

**Внимателен пристап. -** Оние кои... се невнимателни и брзи во пристапувањето кон луѓето би покажале исти недостатоци во однесувањето, ист недостаток на такт и умешност во работата со умовите, и не треба да стапуваат во служба.

**Како да се кажат „јасни“ работи. -** Оспособена сум да кажам некои многу јасни работи на оние кои се збунети. Не се осмелував да правам поинаку, отколку да им ја кажам вистината, затоа што ми беше дадена порака за нив.

**Учете се од Христовиот начин на постапување со умовите. -** Учете да постапувате со умот исто како што правел Христос. Понекогаш мораат да се кажат остри работи, но Светиот Божји Дух нека престојува во вашето срце пред да кажете многу јасна вистина; потоа вистината нека сече. Вие не смеете да сечете.

**Болните имаат емоционални потреби. -** Често сочувството и тактичноста ќе се покажат од поголема корист за болните, отколку најумесниот третман пружен на студен, незинтересиран начин. Кога лекарот ѝ приоѓа на болничката постела на рамнодушен начин, гледајќи го болниот со омаловажување, со зборови и дела оставајќи впечаток дека тој случај не бара големо внимание, и тогаш го остава пациентот на неговото размислување, тој многу му наштетил. Сомнежот и обесхрабрувањето предизвикани од неговата рамнодушност често ќе го неутрализираат позитивното дејство на лековите кои ги препишал.

**Не прекор, туку љубезна рака. -** Ако забележите некого чии зборови или ставови покажуваат дека се одвоил од Бога, не осудувајте го. Не е ваша работа да му судите, туку да му пријдете и да му помогнете. Параболата за изгубената овца треба да послужи како мото во секоја постапка.

Божествениот Пастир остава деведесет и девет и оди во пустината во потрага по онаа која се изгубила.

Помеѓу карпите постојат опасни вдлабнатини и гребени и Пастирот знае дека ако овцата се наоѓа во едно од тие места тогаш пријателската рака мора да ја извлече. Кога ќе ја пронајде изгубената, Тој не ја опсипува со прекори. Тој е радосен што ја нашол жива. Кога го слуша нејзиното далечно блеење, тој ја дочекува секоја потешкотија за да ја спаси својата овца која се изгубила. Со цврста, но од друга страна нежна рака тој ја вади од местото на кое се наоѓа, нежно ја подига на рамо и ја носи назад во трлото. Чистиот, безгрешен Откупител го носи грешиот, нечист човек.

**Мудро советување. -** Сочувството е добро кога мудро се покажува, но тоа мора разумно да се дели, со сознание дека одредената личност заслужува сочувство. Што да се каже за примањето на совети? Мудри изреки 25:9-12: „Суди се со противникот, но туѓи тајни не откривај, за да не те прекори оној што ќе го чуе тоа... Љубезните зборови се како златни јаболки во сребрени садови. Златото е нараквица и накит од најдобро злато, мудар советник на оној кој слуша.“

Кога се сретнуваме за да си помогнеме едни на други на патот кон небото, кога се разговара за божественото и небесното, тогаш вреди да се зборува; но кога разговорот е насочен на себе и на земни и неважни работи, молчењето е злато. Послушното уво ќе прими укор со понизност, трпение и поучност. Единствено тогаш нашите разговори со другите се на благослов и ја исполнуваат улогата која Бог им ја наменил. Кога двете страни на божествениот налог ќе се исполнат, мудриот советодавец ја исполнува својата должност, а послушното уво слуша и добива благослов.

**Бидете мирни и љубезни, без разлика што се случува. -** Секогаш ќе има работи кои вознемируваат, збунуваат и го искушуваат трпението... Тие мораат да се подготват за ова, да не се возбудуваат и да не ја губат присебноста. Мораат да бидат мирни и љубезни што и да се случува... Секогаш треба да имаат во предвид дека се работи со мажи и жени со болни умови, кои често ги согледуваат работите во изопачена светлина, а сепак се уверени дека совршено ги разбираат работите.

**Не очекувајте премногу. -** Проповедниците мораат да бидат внимателни не очекувајќи премногу од личностите кои сè уште го опипуваат својот пат во темнината на заблудата... Тие треба да бидат трпеливи и мудри во работата со умовите, имајки ги во предвид разновидните околности кои развиле такви карактерни црти кај луѓето.

**Атомосфера на мирот. -** Прва задача била, браќа мои, да го осигурате Божјиот благослов во сопствените срца. Потоа внесете го овој благослов во своите домови, отстранете го својот критицизам, победете го

своето претерано барање и дозволете да преовладува духот на радост и љубезност. Атмосферата во домот ќе се пренесе од вас на работното место и небесниот мир ќе ги опкружува вашите души. Секаде каде што владее Исусовата љубов, тука има сочувствителна нежност и грижа за другите. Најдрагоцената работа која моите браќа можат да ја преземат е негување на христолик карактер.

**Водење на изворот на жива вода. -** Оној кој бара да ја задоволи својата жед на изворите на овој свет ќе пие, но повторно ќе ожедни. Луѓето се секаде незадоволни. Тие копнеат по нешто што би ја задоволило потребата на душата. Само Еден може да ја задоволи оваа потреба. Потреба на светот, „Копнежот на сите народи" е Христос. Божјата благодат кој единствено Тој може да ја даде е како жива вода која прочистува, освежува и ја окрепува душата**.**

**Разбирање на световната точка на гледање. -** Просветленото разбирање нè принидува да признаеме дека небесното е посупериорно од земното, па сепак изопаченото срце го наведува да дава предност на световните работи. Размислувањето на големите луѓе, теориите на лажни науки се мешаат со вистината на Светите Списи.

**Најголем советник. -** Меѓу вас стои Најмоќниот Советник на сите векови, повикувајќи ве да му ја подарите својата доверба. Ќе се свртиме ли од Него кон неизвесните човечки суштества, кои во потполност зависат од Бога како и ние самите? Дали паднавме далеку под своите предности? Нема ли да бидеме виновни поради толку мали очекувања така што не го бараме од Бога она што Тој копнее да ни го даде?

# ДЕЛЕЊЕ НА ДОВЕРБАТА

**Вредноста на довербата донесува спокој на умот. -** Христос го прашува секој кој го исповеда Неговото име: „Ме љубиш ли?“ Ако го љубите Исуса, ќе ги љубите душите за кои Тој умрел. Човекот може да нема најпријатна надворешност, може да биде несовршен во многу работи; но ако има репутација на искрена чесност, ќе ја стекне довербата на другите. Љубовта кон вистината, зависноста и довербата кои луѓето можат да му ги укажат, ќе ги отстранат или победат неубавите црти во неговиот карактер. Вредноста на довербата во вашето место и занимање, подготвеноста да се откажете од себе во корист на другите, донесува спокој на умот и Божја наклонетост.

**Реакција на изневерената доверба. -** До судниот ден вие никогаш нема да го знаете влијанието на љубезниот, влијателниот курс кон недоследните, неразумните и недостојни луѓе. Кога ќе се соочиме со неблагодарност и предавство на светата доверба, поттикнати сме да искажеме презир и огорченост. Виновникот тоа и го очекува: тој е подготвен на тоа. Но љубезната подносливост го изненадува и често буди подобар поттик и стремеж за поблагороден живот.

**Наш доверител е Исус. -** Малку се оние кои правилно ја ценат или ја користат драгоцената предност на молитвата. Ние треба да појдеме кај Исус и да му ги кажеме сите свои потреби. Можеме да ги кажеме своите мали грижи и тешкотии, како и своите поголеми проблеми. Сѐ што ќе се појави, што ни нанесува болка или нѐ вознемирува, да му го изнесеме тоа на Господа во молитва. Кога ќе почувствуваме дека ни е потребно Христовото присуство на секој чекор, сатаната ќе има мала можност да ги наметне своите искушенија. Тој смислено настојува да нѐ одалечи од нашиот најдобар и најчувствителен пријател. Ние не правиме никој друг свој доверител освен Исус. Со сигурност можеме да комуницираме со Него за сѐ што ни лежи на срцето.

**Предупредување врзано за исповедта. -** Никогаш не охрабрувајте ги луѓето кон вас да гледаат за мудрост. Кога луѓето ви доаѓаат за совет, упатете ги кон Оној Кој ги чита побудите на секое срце. Во нашата проповедничка служба мора да се внесе поинаков дух. Никој не смее да работи како исповедник, ниту еден човек не смее да се воздигнува како најголем. Наша задача е да се понижиме себе си и да го воздигнеме Христа пред луѓето. По Своето воскресение, Спасителот ветил дека Неговата сила ќе биде со сите кои веруваат во Неговото име. Нека оваа моќ и ова име се

возвишат. Треба секогаш да ја имаме на ум Христовата молитва кога се молел своето „јас“ да се посвети преку вистината и праведноста.

**Не исповедајте ги тајните гревови на луѓето ако не ве води Светиот Дух. -** Изнесете ги овие мисли на луѓето кои доаѓаат да се молите за нив: ние сме човечки суштества, ние не можеме да ги читаме срцата или да ги познаваме тајните на вашиот живот. Тие се познати на вас самите и на Бога.

Ако сега се каете за гревовите, ако некој од вас увиди дека во нешто оди наспроти светлината која ви е дадена од Бога и занемарува да даде чест на телото, Божјиот храм, туку со лоши навики го уништува телото кое е сопственост на Бога, признајте му го тоа на Бога. Доколку не сте поттикнати од Светиот Дух на посебен начин да ги исповедате своите гревови од приватна природа на човекот, не искажувајте ги на ниту една душа.

**Направете го Бога свој исповедник**. - На сите им е потребно практичното искуство во манифестирање на доверба кон Бога за Себе. Ниту еден човек нека не биде ваш исповедник; отворете го срцето на Бога; кажете му ја тајната на својата душа. Кажете му ги своите маки, големи и мали и Тој ќе ви го покаже излезот од секоја од нив. Единствено Тој може да знае како да ви ја даде потребната помош.

**Му се исповедав на Бога; Тој го прости мојот грев**. – Не е достојно за пофалба да се зборува за нашите слабости и обесхрабрувања. Секој нека каже: „Жал ми е што попуштам во искушението, што моите молитви и мојата вера се толку слаби. Нема оправдување што закржлавев во својот верски живот. Но настојувам да стекнам полнина на карактерот во Христа. Грешев, но сепак го љубам Исуса. Паѓав многу пати, а Тој сепак ми подаде рака за да ме спаси. Му кажав сè за моите грешки. Признав срамежливо и со тага дека го обесчестив. Гледав на крстот и реков: Сето ова Тој го поднесе за мене. Светиот Дух ми ја покажа мојата неблагодарност, мојот грев во изложувањето на Христа на отворен срам. Оној Кој не знае за грев го прости мојот грев. Тој ме повикува на повозвишен, поблагороден живот и заборавам што било порано.“

**Нема никакви посебни вредности во исповедувањето на човек. -** Се надевам дека никој нема да добие идеја да ја заработи Божјата наклонетост со исповедување на гревот, или дека има некои посебни вредности во исповедувањето на човечките суштества. Верата која работи преку љубов и ја прочистува душата мора да стане искуство. Христовата љубов ќе ги потчине сетилните склоности. Вистината не само што во себе носи доказ за небесното потекло туку покажува дека со благодат на Божјиот Дух е делотворна во очистување на душата. Господ би сакал секојдневно да Му доаѓаме со сите свои проблеми и признавање на гревовите, за да може да ни даде спокој носејќи го Неговиот јарем и Неговото

бреме. Неговиот Свети Дух, со Своето благотворно влијание, ќе ја исполни душата и секоја мисла ќе дојде во покорност на Христа.

**Човек не смее да се исповеда на паднат човек. -** Не е понижувачки за човекот да се поклони пред својот Творец, да ги исповеда гревовите и да се моли за простување преку заслугата на распнатиот и воскреснат Спасител. Благородно е да се признаат грешките пред Оној Кој сте го раниле со престап и бунт. Тоа ве воздигнува пред луѓето и ангелите, бидејќи „оној кој ќе се понизи ќе биде воздигнат.“

Но оној кој клечи пред паднат човек и во исповедта ги отвора тајните мисли и фантазирањата на своето срце, се обесчестува себе си со понижување на својата мажевност и секој благороден инстинкт на својата душа... Ова понижувачко исповедање на човекот пред паднатиот човек најмногу е одговорно за порастот на злото кое го валка светот и го подготвува за конечно уништување.

**Отвореното исповедање на тајните гревови го сее семето на злото. -** Покажано ми е дека многу, многу исповеди никогаш не требало да се изговорат пред смртници; бидејќи последиците се такви што ограниченото расудување на човечките суштества не може да ги предвиди. Семето на злото се расејува во срцата и мислите на оние кои слушаат, и кога се во искушение, ова семе расте и донесува плод, па се повторува истото тажно искуство. Оној кој е во искушение мисли дека тие гревови не можат да бидат толку страшни; зар оние што се исповедаа, постојаните христијани, не ги чинат тие работи? На тој начин отвореното исповедање на овие тајни гревови во црквата попрво ќе се покажат како мирис на смрт отколку на живот.

**Откривањето на тајните ја одвојува душата од Бога. -** Видов дека кога се состануваа сестри кои се склони на разговори, сатаната е обично присутен, бидејќи наоѓа работа. Тој чека да го возбуди умот и ја користи големата предност што ја стекнал. Тој знае дека сето ова зборување, сплеткарање, откривање на тајни и анализирање на карактери ја одвојува душата од Бога. Ова е смрт на духовноста и мирното верско влијание.

Сестрата ________ многу греши со својот јазик. Таа треба со своите зборови да влијае на добро, но нејзиниот разговор често е бесмислен. Понекогаш нејзините зборови имаат поинаква конструкција за некои работи од онаа што ја носат. Понекогаш има претерување. Потоа има погрешни констатации. Не постои намера за погрешно тврдење, но навиката за премногу зборување и разговорот за работи кои се бескорисни толку долго е негувана, така што станала безгрижна и непромислена на зборови и често не знае ниту самата што кажала. Тоа го разорува влијанието кое би можела да го има. Време е за целосна реформа во овој поглед. Нејзиното друштво повеќе би се ценело како што се цени ако не се впуштала во овие грешни разговори.

**Излевање на проблемите во човечките уши. -** Ние понекогаш ги излеваме своите проблеми во човечките уши, зборувајќи за своите проблеми на оние кои не можат да ни помогнат, занемарувајќи да Му се довериме на Исуса, Кој е во состојба да ги промени патиштата на тагата во патеки на радоста и мирот.

**Чувајте се од луѓето кои не веруваат во Бога. -** Продолжувајќи да ги упатува Своите ученици, Исус рекол: „Чувајте се од луѓето." Не смееле да ја подарат својата потполна доверба на оние кои не го познаваат Бога и да ги искажат пред нив своите мислења, затоа што тоа би им дало предност на сатанските претставници. Човечките намери често делуваат спротивно на Божјите планови. Оние кои го ѕидаат Божјиот храм треба да ѕидаат според примерот покажан на горага - божествената сличност. Бог се обесчествува и евангелието се издава кога Неговите слуги зависат од советите на луѓето кои не ги води Светиот Дух. Световната мудрост е лудост пред Бога. Тие кои се потпираат на неа, сигурно ќе погрешат.

**Не издавајте ја довербата или светата одговорност. -** Ќе дојде криза на секоја наша институција. Разни влијанија ќе делуваат против нив и од верници и од неверници. Не смее да се издава довербата или светата обврска поради лична корист или воздигнување. Потребно е постојано ревно да внимаваме на својот живот за да не оставиме погрешен впечаток на светот. Зборувајте и дејствувајте вака: „Јас сум христијанин. Не можам да постапувам според светските начела. Морам над сè да го сакам Бог и својот ближен како себе си. Не можам да учествувам или да одобрувам некоја работа која на најмал начин може да влијае на мојата корисност, да го слабее моето влијание или да уништува било чија доверба во Божјите орудија."

# ПСИХОЛОГИЈА И ТЕОЛОГИЈА

**Се наоѓа во Светото Писмо. -** Вистинските начела на психологијата се наоѓаат во Светото Писмо. Човекот не ја знае сопствената вредност. Тој дејствува според својата необратена природа на карактерот, затоа што не гледа на Исуса, Авторот и Свршителот на својата вера. Оној кој доаѓа кај Исуса, кој верува во Него и го има за свој пример, го разбира значењето на зборовите: „На нив им даде моќ да станат синови Божји" (Јован 1:12).

Но кога зазема место крај Исусовите нозе, тој може да види како во огледало во својот зол, грешен живот, во страшната длабочина на изопаченоста до која необратеното човечко срце може да потоне. Тој го фаќа одблесокот на чистиот карактер на Безгрешниот, блесокот на совршенство кој се дава на покајаниот, обратен грешник. Облечен во блескава облека на Откупителовиот карактер, тој седи заедно со Христа на небесните места.

**Бог точно ја разбира работата на човечкиот ум. -** Господ Бог е точен и непогрешив во Своето сфаќање. Тој ја разбира работата на човечкиот ум, активните начела на човечките суштества кои ги обликувал, како всушност ќе реагираат на објектите пред себе и на кој начин ќе делуваат под секое искушение кое може да наиде и во секоја околност во која ќе се најдат.

„Затоа што пред очите на Господ се човечките патишта и Тој ги мери сите негови патеки" (Изреки 5:21). „Господодвите очи се насекаде" (Изреки 15:3). „Зашто гледа до земните краеви и гледа сè што е под небото" (Јов 28:24). „Господ го чита секое срце и секоја мисла ја знае" (Летописи 28:9). Тој знае сè што ни доаѓа на ум и секоја помисла. „Нема непознати работи пред Него, туку сè е голо и откриено пред очите на Оној на кого треба да му дадеме сметка" (Евреите 4:13).

**Бог ги знае сите тајни на човечкото срце. -** Ќе сакаат ли мажите и жените да размислуваат онака како што Бог ги смета созданијата што ги создал? Тој го обликувал човечкиот ум. Ние немаме ниту една благородна мисла која не доаѓа од Него. Тој ги знае сите таинствени работи на човечкиот ум, зашто нели Тој го создаде? Бог гледа дека гревот го понижил и деградирал човекот, но го набљудува со сожалување, бидејќи знае дека сатаната го има во своја власт.

**Религијата донесува мир и среќа. -** Се остава впечаток на умот дека религијата му штети на здравјето. Ова е измама и не треба да се прима.

Чистата религија донесува мир, среќа и задоволство. Побожноста е корисна во овој живот и во животот кој доаѓа.

**Седење покрај Исусовите нозе наспроти потпирањето на човечкото рабирање. -** Христос мора да се вмеша во сите наши мисли, чувства и склоности. Тој мора да се истакне во најситните детали на секојдневната служба во задачата која ни ја дал да ја работиме. Кога, наместо потпирање на човечките сфаќања или поистоветувања со световните девизи, седиме покрај Исусовите нозе, жедно поејќи се со Неговите зборови, учејќи од Него и говорејќи: „Господе, што сакаш да направам?“ нашата природна независност, нашата доверба во себе, силна волја, ќе бидат заменети со детски, покорен, поучлив дух. Кога сме во вистински однос со Бога, ќе го признаеме Христовиот авторитет кој треба да нè насочува и Неговото право на беспрекорна послушност.

**Мешање на науката за вистинска побожност со науката за филозофијата на умот. -** Тој не дал никаква дополнителна светлина да го заземе местото на Неговата Реч. Оваа светлина треба да ги доведе збунетите умови до Неговата Реч, која, ако се изеде и свари, е како извор на сила и живот на душата. Тогаш добрите дела ќе се видат како светлина која свети во темнината.

Ако додека ја проучувавте науката за филозофијата на умот, внимателно ја изучувавте науката за вистинска побожност, вашето христијанско искуство многу би се разликувало од постоечкото. Зошто сте се завртеле од чистите ливански потоци за да пиете од заматените води во долината - измамата на човечките измислици? На срцето му е потребна сила која се наоѓа само во Божјата Реч. Оваа сила е леб на животот, и ако човекот јаде од него, ќе живее засекогаш. Тој не треба само привремено да го вкусува лебот кој доаѓа од небото. Тој мора да живее од зборовите кои се дух и живот на оној кој ги прима. Сериозното прифаќање на вистината, личното вреднување на Христовите зборови, извршува преобразување на карактерот.

**Светиот Дух го исполнува очистениот ум. -** Потребно е постојано да го полниме умот со Христа и да го празниме од себичност и грев... Како што е сигурно дека го празните својот ум од суета и површност, вакумот ќе се исполни со она што Бог чека да ви го даде - Неговиот Свет Дух. Тогаш од добрата ризница на срцето ќе излегуваат само добри работи, богати и драгоцени мисли и други ќе ги прифатат тие зборови... Вашите мисли и наклоности ќе се занимаваат со Христа и на другите ќе ја одразувате онаа светлина што паднала на вас од Сонцето на праведноста.

**Применливи начела во сите околности. -** Господ зборувал со Својот глас во Неговата Света Реч. Овие благословени страници се полни со поучни размислувања за животот, усклadени со вистината. Тие се совр-

шено правило на однесување. Дадени се упатства, изложени се начела, кои се применливи во сите околности во животот, дури и ако некој посебен случај не е назначен. Ништо што е важно не останало неоткриено за потполн систем на верата и правилната линија на однесување. Објаснета е секоја должност која Бог бара да ја извршиме; и ако некој го пропушти вечниот живот, тоа ќе биде затоа што си бил доволен на себеси, уверен во себе, полн со празна суета и не си се потпрел исклучиво на заслугите на Христовата крв за спасение. Никој нема да залута од правата патека ако кротко и понизно ја зема Библијата за свој водич, правејќи од неа свој советник.

**Вистината е активно начело. -** Вистината е активно, делотворно начело, кое го обликува срцето и животот така што постои постојан напредок нагоре... При секој чекор и искачување волјата стекнува нов извор на акција. Моралната обоеност станува сè повеќе како Христовиот ум и карактер. Напредниот христијанин има благодат и љубов која го надминува знаењето, бидејќи божествениот увид во Христовиот карактер длабоко се потпира на неговата приврзаност. Божјата слава која е откриена на врвот на скалите може да ја цени само оној кој напредува, кого секогаш го привлекуваат поголеми, поблагородни цели кои Христос ги открива. Мораат да се вклучат сите способности на умот и телото.

**Позитивен пристап. -** Небото обрнува внимание на оној кој носи околу себе атмосфера на мир и љубов. Таквиот ќе ја добие својата плата. Тој ќе стои во големиот Господов ден.

**Советот и обуката не смеат да бидат пред индивидуалниот однос со Бога. -** Додека воспитувањето, обуката и советот од искусните луѓе се важни, работниците треба да се учат во потполност да не се потпираат на судот на некој човек. Како слободни Божји агенти, сите треба да побараат мудрост од Него. Кога ученикот потполно зависи од туѓите мисли и не оди подалеку од прифаќањето на неговите планови, тој гледа само низ очите на тој човек, и дотогаш е само ехо на другиот. Бог постапува со луѓето како со одговорни суштества. Тој делува со Својот Дух преку умот кој го поставил во човекот, ако човекот му даде прилика да работи и да го препознае Неговото делување. Тој замислил секој да го користи својот ум и совест за себе. Тој нема намера еден човек да стане сенка на другиот, изразувајќи само туѓи мисли.

**Бог ја одобрува најголемата култура на умот. -** Најголемата култура на умот, ако се посвети преку љубов и Божји страв, го прима Неговото целосно одобрување. Скромните луѓе кои Христос ги одбрал биле со Него три години, подредени на благородното влијание на Височеството на небото. Христос бил најголемиот едукатор за кој светот некогаш знаел.

**Умот - извор на сите акции, добри или лоши. -** Тој го подготвил ова живо престојувалиште за умот; тоа е „чудесно создаден“ храм кој Господ го подготвил за престојување на Својот Свет Дух. Умот го контролира целиот човек. Сите наши акции, добри или лоши, имаат свој избор во умот. Умот е тој што го обожава Бога и нè поврзува нас со небесните суштества. Сепак, многумина го поминуваат целиот свој живот не опаметувајќи се во поглед на... (приказна за бисерот) содржината на ова богатство.

**Небесниот разум - насочен или изопачен. -** Облагороден и прочистен, небесно насочениот разум е универзална сила за изградба на Божјето царство. Изопачениот разум има спротивно влијание; тое е расипување на човечката моќ доверена за зголемување на сериозната работа за добро. Тој мами и уништува.

Бог дал доволно дарови за да ги оспособи и умудри луѓето да ги изнесат, и силно и милосрдно да ги претстават Господовите чудесни дела на сите кои го љубат и ги прифаќаат Неговите заповеди. Тој би сакал човекот да ги слуша Неговите заповеди затоа што тоа е за здравје и живот на сите човечки суштества.

Доверените таленти се света одговорност. Ниту еден човек не треба да копнее за таленти доколку преку сериозна молитва за мудрост која е одозгора - која ќе осигура правилно користење на сите од Бога дадени способности - не одлучи да го прослави Бога со талентите што му се даваат. Да се прими и да ѝ се верува на светата светлина која Бог ја дал, и да им се додели на оние кои се во темнината на заблудата, тоа е чудесна работа; бидејќи ако несебично и совесно се дава на помош, благослов и спасение на душите кои гинат, таа му донесува на верниот работник небесно богатство кое го прави повеќе од милионер на небото. Тој е Божји наследник, сонаследник со Исуса Христа, во од сè попретежна и вечна слава.

**Човекот е создаден за благородни цели. -** Вистинската возвишеност на умот, несклоноста кон надмоќ е тоа што го прави човекот. Соодветна култивација на менталните моќи го прават човекот она што е. Овие облагородувачки способности се даваат за да помогнат во обликувањето на карактерот за идниот бесмртен живот. Човекот е создаден за повозвишена, посвета состојба на задоволство отколку што овој свет може да пружи. Тој е создаден според Божје обличје за поголеми и поблагородни работи, кои го привлекуваат вниманието на ангелите.

**Текот на мислите мора да се промени. -** Умовите на многумина заземаат толку ниско ниво, така што Бог не може да работи за нив или со нив. Текот на мислите мора да се промени, моралните сетила мораат да се пробудат за да ги почувствуваат Божјите барања. Збирот и суштината на вистинската религија мора да го потврдуваат и постојано да го признаваат - со зборови, облекување, однесување - нашиот однос со

Бога. Понизноста треба да го заземе местото на гордоста; трезвеноста на лесноумноста; и посветеноста на нерелигиозната и безгрижна рамнодушност.

**Умот ја мотивира службата. -** Видов дека во текот на минатото лето преовладуваше духот на присвојување од овој свет колку што тоа беше можно. Не се држеа Божјите заповеди. Ние со умот Му служиме на Божјиот закон, ама умовите на многумина му служеа на светот. И додека умовите беа сосем окупирани со земните работи и служење на себеси, не можеле да Му служат на Божјиот закон.

**Служба која Бог ја прифаќа. -** Многумина чувствуваат дека нивните карактерни мани им онемозможуваат да ги задоволат стандардите кои Христос ги истакнал, но сè што треба да направат е да се понизат на секој чекор под моќната Божја рака. Христос не го цени човекот според количината на работата што ја извршува туку по духот во кој се извршува задачата.

Кога Тој ќе види луѓе да подигаат бремиња, обидувајќи се да ги носат во понизност на умот, со недоверба во себе и потпирајќи се на Него, Тој го внесува во нивната работа Своето совршенство и доследност, и Таткото тоа го прифаќа. Ние сме прифатени во Љубениот. Недостатоците на грешникот се покриваат со совршенството и полнината на Господа - нашата Праведност. Оние кои со искрено барање, покајничко срце, вложуваат скромни напори да живеат според Божјите барања, Таткото ги набљудува со сожалива нежна љубов. Тој ги смета за послушни деца и им се доделува Христова праведност.

**Знаењето за Христа донесува свежина на умот. -** Христос е извор на животот. Она што на многумина им е потребно е појасно знаење за Него; потребно е трпеливо и љубезно, но сепак сериозно, да се подучат дека целото битие може да се отвори на исцелителното влијание на небото. Кога светлината на Божјата љубов ќе ги осветли темните одаи на душата, неспокојот и незадоволството престануваат, а радоста дава свежина на умот и здравје и енергија на телото.

**Со Христа не постои неуспех. -** Семожната сила на Светиот Дух претставува одбрана за секоја понизна душа. Ниеден што ќе побара со покајание и со вера Негова заштита, Христос нема да дозволи да падне под влијание на силата на непријателот. Спасителот е крај оние што се во искушение и во тешкотии. Со Него не постои неуспех, загуба, неможност или пораз; ние можеме сè со Него кој ни дава сила.

# НЕГАТИВНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ УМОТ

**Отстранете ги сите приговори. -** Ние треба да ги отстраниме од своите мисли сите обвинувања и приговори. Да не се задржуваме да ја гледаме секоја мана која може да се види... За правилно да се потпреме на Бога, мораме да гледаме на големите драгоцености - на чистотата, славата, силата, љубезноста, приврзаноста, љубовта, кои Бог ни ги дарува. На тој начин нашите умови се фиксираат на овие работи од вечен интерес, така што немаме желба да наоѓаме недостатоци кај другите.

**Ние сме склони да го паметиме само негативното. -** Мораме да се научиме да создаваме најдобро можни поставки за сомнителното однесување на другите... Ако секогаш се сомневаме во злото, ние сме во опасност за создавање на она во што си дозволуваме себеси да се сомневаме... Ние не можеме да поминеме, а понекогаш да не ни бидат повредени чувствата и да ни се искуша природата, но како христијани мораме да бидеме толку трпеливи, понизни и скромни колку што сакаме да бидат другите.

О, колку илјади добри и љубезни дела кои ги примаме... исчезнуваат од умот како роса пред сонце, додека замислената или вистинска неправда остава впечаток кој подоцна не е возможно да се избрише! Најдобар пример кој може да се даде на другите е самите да бидеме исправни и тогаш да се препуштиме себеси и својата репутација на Бога, не покажувајќи преголема грижа да го исправиме секој погрешен впечаток и да го претставиме својот случај во поволна светлина.

**Обличјето што го проучуваме ги менува нашите животи. -** Сè што предизвикува да ја видиме слабоста на човештвото е во Господовата намера да ни помогне да гледаме на Него и во никој случај да немаме доверба во човек или да ја ставаме својата поддршка на тело... Ние се менуваме во обличје на она со што се занимаваме. Затоа многу е важно да се отворат срцата за работи кои се вистински, љубезни и добри!

**Имајте ја на ум човечката слабост. -** Во однесувањето со своите ближни мораме да земеме во обѕир дека имаат страсти слични на нашите, дека чувствуваат исти слабости и поднесуваат исти искушенија. Тие, како и ние, имаат борба со животот ако сакаат да ја сочуваат својата чесност... Вистинската христијанска учтивост ја соединува и усовршува правдата и учтивоста, а милоста и љубовта ја пополнуваат празнината, давајќи најфини примеси и најблагодатен шарм на карактерот.

**Не подигајте бариери. -** Господ сака Неговиот народ да следи поинакви методи од осудување на грешното, дури и ако таа пресуда е пра-

ведна. Тој сака да правиме нешто повеќе од упатување обвинувања на нашите непријатели кои само ќе ги одделат од вистината. Делото кое Христос дошол да го изврши на овој свет не е подигање на бариери и постојано наметнување на факти на луѓето дека грешат. Оној кој очекува да ги просветли измамените луѓе мора да им пријде поблиску и да работи за нив со љубов. Тој мора да стане центар на свето влијание.

**Да се надмине чувствителноста. -** Многумина имаат жива, непосветена чувствителност која постојано ги држи на внимателност за некој збор, поглед или постапка кои можат да ги протолкуваат како недостаток на почит и ценење. Сето ова мора да се победи. Секој треба да истапува во Божји страв, давајќи сѐ од себе и не вознемирувајќи се со пофалби или навредувајќи се на укор, ревно служејќи Му на Бога и учејќи се најповолно да се протолкува она што кај другите му изгледа непримерно.

**Не ловете повреди. -** Да им се суди на своите браќа, да се дозволи да се негуваат чувства против нив, иако мислиме дека не постапиле како што треба кон нас, нема да донесе благослов на нашите срца и воопшто нема да го реши случајот. Не се осудувам да им дозволам на чувствата да пловат по каналот за ловење на сите мои повреди, изнесувајќи ги постојано, и да престојуваат во атмосфера на недоверба, непријателство и раздор.

**Посебно дело на сатаната во предизвикување на раздор. -** Занемарувањето на негување на нежниот обѕир и меѓусебната трпеливост предизвикало раздор, недоверба, приговарање и општо одвојување. Бог... нѐ повикува да го отстраниме овој голем грев и да настојуваме да ја исполниме Христовата молитва Неговите ученици да бидат едно, како што Тој е едно со Таткото... Посебно дело на сатаната е да предизвика раздор... за да го лиши светот од најмоќното сведоштво кое христијаните можат да го дадат - дека Бог го испратил Својот Син да ги доведе во хармонија незауздаsuccessните, горделивите, завидливите, љубоморните и фанатични умови.

**Негативните емоционални сили го пореметуваат целото битие. -** Зависта и љубомората се болести кои ги пореметуваат сите човечки способности. Тие потекнуваат од сатаната во рајот... Оние кои го слушаат неговиот глас (на сатаната) ги навредуваат другите, погрешно ги претставуваат и ги искривуваат фактите за се истакнат себеси. Но ништо нечисто нема да отиде на небото, и доколку оние кои го негуваат тој дух не се променат, никогаш нема да стигнат таму, затоа што би ги критикувале и ангелите. Би ја посакувале круната на другите. Тие не би знаеле за што да зборуваат ако не би ги изнесувале недостатоците и грешките на другите.

**Несветата природа ги доведува во опасност умот и животот на евангелистот. -** Твоето манифестирање на несветата природа, дури и на

собирите на Божјиот народ, ги доведува во опасност твојот ум и живот. Запрашајте се: Ми се исплаќа ли да продолжам да одам по овој пат, во раздор и кавги?

**Кога ќе се изгуби Божјата сила. -** Мажите и жените се откупени многу скапо, и тоа по каква цена! Дури по цена на животот на Божјиот син. Колку е страшно за нив кога се ставаат во положба каде што нивните физички, ментални и морални вредности се расипуваат, каде што ја губат својата сила и чистота. Таквите мажи и жени не можат да Му понудат на Бога прифатлива жртва.

Преку изопачен апетит и страсти човекот ја изгубил Божјата сила и станал оружје на неправедноста. Целото битие боледува - телото, душата и духот. Но, обезбеден е лек за посветување на човештвото. Несветиот ум и тело можат да се очистат. Остварена е чудесна подготовка да примиме простување и спасение.

Оној кој се држи до едноставност во сите свои навики, ограничувајќи го апетитот и контролирајќи ги страстите, може да ги сочува своите ментални моќи силни, активни и крепки, брзи да воочат сѐ што бара размислување или акција, остри да направат разлика помеѓу светото и несветото и подготвени да се вклучат во секој потфат на Божја слава и за добро на човештвото.

**На оние кои паѓаат им недостига здрав ментален став -** Оние кои паѓаат во сатанските стапици, сѐ уште не дошле до здрав ментален став. Тие се измамени, самоуверени, самозадоволни. О, со колкава жалост Господ ги гледа и ги слуша нивните зборови полни со горделивост и суета. Тие се надуени од гордост. Непријателот гледа со изненадување колку лесно упаднале во стапица.

**Претераната доверба - стапица за непријателот. -** Колку е залудна човечката помош кога сатанската сила се манифестира над човечкото суштество кое станало премногу самовозвишено и кое не знае дека соучествува во сатанската наука. Во својата самодоверба тој оди право во непријателската стапица и бива фатен. Тој не ги слушал дадените предупредувања и е фатен како плен на сатаната. Ако одел понизно со Бога, тој би дошол до местото кое Бог го обезбедил за него. Така, во времето на опасност тој би бил безбеден, затоа што Бог за него би подигнал знаме наспроти непријателот.

**Срцето е природно изопачено. -** Ние мора да запомниме дека нашите срца се природно изопачени, и дека сами по себе не можеме да следиме исправен правец. Само со Божјата благодат, здружена со најсериозен напор од наша страна, можеме да извојуваме победа.

**Лошите навики го спречуваат развојот. -** Секоја навика или пракса која ја слабее нервната и мозочната моќ или физичката сила онемозможува манифестирање на следната благодат која доаѓа по умереноста - трпеливоста.

**Мрзливи, недисциплинирани умови. -** Бог не сака да бидеме задоволни со мрзливи, недисциплинирани умови, глупави мисли и губење на помнење.

**Проаѓање низ животот спротивно од светот. -** Повеќето од овие недисциплинирани одат низ животот спротивно од светот, правејќи пропуст онаму каде што би требало да успеат. Тие негуваат мислење дека светот е непријателски расположен кон нив затоа што не им ласка и не го одобрува умот, и тие се одмаздуваат заземајќи непријателски став кон светот и омаловажувајќи го. Понекогаш околностите ги обврзуваат да покажуваат понизност која не ја чувствуваат; но тоа не прилагодува на природната благодет, и нивниот вистински карактер сигурно ќе се покаже порано или подоцна.

**Преиспитајте ја секоја навика и обичај.** - Мажите и жените треба да се учат внимателно да ја преиспитат секоја навика и обичај и еднаш да го отфрлат сето она што создава нездрава состојба на телото и така фрла мрачна сенка на умот.

**Што да се прави со сомнежот.** - Дури и христијаните со големо искуство често пати биле напаѓани со најстрашни сомнежи и колебања... Вие не смеете да мислите дека поради овие искушенија вашиот случај е безнадежен... Надевајте се во Бога, верувајте во Него и почивајте во Неговите ветувања.

Кога сатаната доаѓа со своите сомнежи и неверија, затворете ја вратата на своето срце. Затворете ги очите да не се занимавате со неговата пеколна сенка. Подигнете ги таму каде што можете да го гледате она што е вечно и ќе имате сила во секој момент. Искушувањето на вашата вера е подрагоцено и од злато... Тоа ве прави витез кој треба да ја води Господовата битка...

Не дозволувајте никаков сомнеж да влезе во вашиот ум. Не угодувајте му на ѓаволот зборувајќи за страшните бремиња што ги носите. Секој пат кога го правите тоа, сатаната се смее што неговата душа може да ве контролира и што сте го изгубиле од вид Исуса Христа - Својот Откупител.

**Повторувањето ја слабее моќта на отпорот -** Ниту еден човек не може дури ниту еднаш да ги посвети своите од Бога дадени моќи за службата на световноста или горделивоста, а да не се најде на непријателско тло... Секое повторување на гревот ја слабее неговота моќ на отпор, ги заслепува неговите очи, и го задушува осведочувањето.

**Охрабрување на потиштените. -** Во работата за жртвите на лоши навики, наместо да им укажуваме на очајот и пропаста кои надоаѓаат, да им го свртиме погледот кон Исуса. Да ги насочиме кон небесната слава. Тоа ќе направи повеќе за спасение на телото и душата од сите ужаси на гробот кои се предочуваат на беспомошните и безнадежни луѓе.

**Безвредни работи кои го трошат времето. -** Ние мораме да се одделиме од илјада предмети кои предизвикуваат внимание. Постојат работи кои одземаат време и побудуваат љубопитност, но не донесуваат ништо. Често се придава најголем интерес и се подарува сесрдно внимание и енергија сразмерно на безначајните работи.

Прифаќањето на нови теории не донесува во себе нов живот на душата. Дури и запознавањето со фактите и теориите кои се сами по себе важни е од мала вредност доколку практично не се спроведат. Ние треба да чувствуваме одговорност да ѝ го даваме на својата душа она што ќе го храни и стимулира духовниот живот.

**Живот со намера. -** Ние треба да живееме за идниот свет. Колку е бедно да се живее случаен, бесцелен живот. Потребна ни е цел во животот - да имаме за што да живееме. Бог нека ни помогне на сите да бидеме самопожртвувани, со помалку грижи за себе, да заборавиме на себе и на своите себични интереси и да правиме само добро, не за слава која очекуваме дека овде ќе ја примиме затоа што тоа е цел на нашиот живот кој одговара на целта на нашето постоење. Нека нашите секојдневни молитви се издигнуваат кон Бога за да нè ослободат од себичноста.

# ПОЗИТИВНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ УМОТ

**Благодарноста го унапредува здравјето. -** Ништо нема поголема тенденција за унапредување на здравјето на телото и душата како духот на благодарност и пофалба. Позитивна должност е да се одбие меланхолијата, незадоволните мисли и чувства - како што е должност да се молиме.

**Сопственици на менталните и физичките способности. -** Колку е природно да се сметаме како целосни сопственици на себеси! Но Вдахновената Реч објавува: „Вие не сте свои... откупени сте многу скапо“ (1. Коринтјаните 6:19, 20). Во својот однос со нашите ближни ние сме сопственици на доверените ментални и физички способности. Во својот однос со Бога ние сме позајмувачи, поверители на Неговата благодат.

**Целта е достигнување на состојба на единство. -** Божја волја е да постои единство и братска љубов помеѓу Неговите деца. Христовата молитва непосредно пред Неговото распнување била учениците да бидат едно како што Тој е едно со Таткото, за да може светот да поверува дека Бог го испратил. Оваа најтрогателна и прекрасна молитва се протега низ вековите, сè до денес, затоа што Неговите зборови биле: „Не се молам само за нив, туку и за оние кои ќе поверуваат во Мене заради нивните зборови“ (Јован 17:20).

Додека не смееме да жртвуваме ниту едно начело на вистината, наша постојана цел треба да биде достигнување на оваа состојба на единство. Тоа е доказ дека сме Христови ученици. Исус рекол: „По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13:35). Апостол Петар ја повикува црквата: „Бидете сите со еден ум, меѓусебно да се сожалувате и да покажете братска љубов“ (1. Петрово 3:8).

**Црпете го позитивното од опружувањето. -** Сите вие сте виделе прекрасен бел лилјан во бистрите води на некое езеро. Колку сме се грижеле, колку сме сакале и настојувале да дојдеме до тој цвет. Без разлика колку има ѓубре, отпадоци и нечистотија околу него, сепак тоа не ја уништило вашата желба за лилјанот. Се чудиме како може лилјанот да биде толку убав и бел таму каде што има многу кал.

Значи, постои стебло кое се спушта ниско до златниот песок и ги собира само најчистите материи кои го хранат додека не се развие во чист и беспрекорен цвет каков што го гледате. Треба ли ова да ни биде поука за нешто? Секако да. Тоа покажува дека иако беззаконието е насекаде околу нас, не треба да му се приближуваме. Не зборувајте за беззаконието и злото кои се во светот туку воздигнете ги умовите и разговарајте за

својот Спасител. Кога гледате беззаконие насекаде околу вас, тоа ве прави посреќен што Тој е ваш Спасител, а ние Негови деца.

Значи ќе гледаме ли на беззаконието кое е околу нас и ќе се занимаваме ли со мрачната страна? Вие тоа не можете да го излекувате; затоа зборувајте за нешто што е повозвишено, подобро и поблагородно. Зборувајте за она што ќе остави добар впечаток врз умот, и тоа ќе ја издигне секоја душа од ова беззаконие кон светлината.

**Броење благослови. -** Кога сета погрешно насочена енергија би била посветена на една голема цел - на обилното снабдување на Божјата благодат во овој живот - какви сведоштва би можеле да закачиме во ходниците на меморијата, пребројувајќи ја милоста и Божјата благонаклонетост! ... Тогаш навиката на натрупување на духовно богатство, сериозно и истрајно како што световните луѓе копнеат кон земното и минливото, би станало трајно начело.

Вие можете да бидете незадоволни од сегашните залихи, кога Господ има цело небо блаженства и ризница на добри и милни нешта за задоволување на потребите на душата. Денес ни е потребно повеќе благодат, потребно ни е обновување на Божјата љубов и знаците на Неговата добрина, а Тој нема да ги скрати овие добра и небесното богатство од искрениот трагач.

**Враќање соодветно на даровите. -** На секој слуга му е доверено нешто за што е одговорен, а различните доверби се соодветни на нашите различни способности. Во распределбата на Своите дарови, Бог не постапувал пристрасно. Тој ги разделил талентите според познатите способности на Своите слуги и очекува соодветни плодови за возврат.

**Да се разбере правилната употреба на менталните и физичките способности. -** Времето треба да се користи разумно, сериозно и под посветување на Светиот Дух. Ние мораме да разбереме што е правилно, а што погрешно при постапката со имотот и со менталните и физички способности. Бог е вистинскиот сопственик на секоја моќ која му ја доверил на човечкиот посредник. Со сопствената мудрост Тој одредува услови според кои човекот може да го користи секој Божји дар. Тој ќе го благослови правилното користење на секоја моќ која ќе се употреби на слава на Неговото име.

Талентите на говорот, помнењето, имотот - сè треба да се собира за Божја слава, за унапредување на Неговото царство. Бог ни ја препуштил управата над Неговите добра во Свое отсуство. Секој повереник има своја посебна задача во унапредувањето на Божјето царство. Никој не е исклучок.

**Бог ни дава таленти, човекот го култивира умот. -** Ние мораме да ги култивираме талентите кои ни ги дал Бог. Тие се Негови дарови и мо-

раат да се користат во правилен меѓусебен однос правејќи една совршена целина. Бог дава таленти, умствени способности; човекот го изградува карактерот. Умот е Господова градина и човекот мора внимателно да го одгледува за да обликува карактер според божествениот пример.

**Неспособност произведена од неактивност. -** Многумина кои се иземаат од христијанските напори го оправдуваат тоа со својата неспособност за работа. Но дали Господ ги направил толку неспособни? Не, никогаш. Оваа неспособност е произлезена од нивната сопствена неактивност и овековечена со намерен избор. Во сопствениот карактер тие веќе ја исполнуваат пресудата: „Земете го талентот од него."

Постојаната злоупотреба на талентите ќе го одбие Светиот Дух од нив, кој е единствената светлина. Реченицата: „Фрлете го лошиот слуга во најкрајна темнина" (Матеј 25:30) го става небесниот печат врз изборот кој сами го направиле за вечноста.

**Соединување на различни елементи. -** Единството во разновидноста е Божји план. Меѓу Христовите следбеници мора да постои соединување на различни елементи, меѓусебно прилагодување, при што секој извршува своја посебна задача за Бога. Секој поединец има свое место во исполнување на големиот план кој носи печат на Христовото обличје... Еден е способен да изврши одредена работа, друг има различна задача за која е прилагоден, други пак имаат уште поразлична гранка; но секој мора да биде дополнување на другите... Божјиот Дух, ќе работи во и низ различни елементи, ќе произведе складна акција... Треба да постои само еден дух кој ќе владее - Духот на Оној Кој е неограничен во мудроста, и во кој сите тие различни елементи се соединуваат во прекрасна, неспоредлива заедница.

**Срцето се открива во карактерот. -** Она што имаме во нашите срца се открива низ карактерот и влијае на оние со кои се дружиме. Нашите зборови, нашите дела, се животен мирис на животот или смртен на смрт. На судот ќе бидеме доведени лице во лице со оние на кои сме можеле да им помогнеме упатувајќи ги на прави, сигурни патеки со одбрани зборови и совети, ако сме имале секојдневна врска со Бога и живо, непрекинато интересирање за спасение на нивните души.

**Електрична моќ на другите умови (совет на еден летаргичен човек). -** Треба да ја негуваш енергијата на карактерот, затоа што примерот на енергичниот човек е далекусежен и изнудува имитирање. Изгледа како да има електрична моќ врз другите умови. Малку има сериозни луѓе на светот. Пречки и расправии ќе го дочекаат секој Божји работник. Но тоа е она што ќе ги поттикне луѓето на одлучност. Енергичниот, сериозен работник нема да дозволи да му се прегради патот. Тој ќе ги сруши сите бариери.

Потребна ти е постојана, изедначена, истрајна енергија. Мораш да се дисциплинираш самиот себеси. Направи целосна промена. Вложи напор и победи ги сите детски чувства. Ти премногу се имаш сожалувано себеси. Треба да имаш одлучност дека животот нема да ти помине работејќи тривијални работи. Одлучи нешто да постигнеш и направи го тоа. Ти имаш добри намери. Секогаш одиш да работиш нешто, но не започнуваш и не работиш. Многу повеќе се занимаваш со разговор отколку со конкретна акција. Би имал многу подобро здравје кога би имал повеќе енергија и би постигнал нешто и покрај препреките.

**Божјата љубов не може да се дефинира. -** Христовата љубов е златен синџир кој ги поврзува ограничените човечки суштества кои веруваат во Исуса Христа со бесконечниот Бог. Љубовта која Господ ја има за Своите деца го надминува знаењето. Никаква наука не може да ја дефинира или објасни. Никаква човечка мудрост не може да ја разбере. Колку повеќе го чувствуваме влијанието на оваа љубов, толку ќе бидеме поскромни и попонизни.

**Религијата го обликува целото битие. -** Вистинската религија има свое седиште во срцето; и бидејќи таа тука е трајно начело, таа делува нанадвор, обликувајќи го надворешното однесување, додека целото битие не се поистовети со Христовото обличје; дури и мислите се подредуваат на Христовиот ум. Ако ова трајно начело не е во срцата, умот ќе се обликува по измамничкиот образец на сатанскиот ум, чинејќи ја неговата волја кон пропаст на душата. Атмосферата која ги опкружува таквите души е штетна за сите околу нив, било да се тоа верници или неверници.

**Запознавањето со природата донесува здравје на телото, умот и душата. -** Работите во природата се Божји благослов, подготвени да даваат здравје на телото, умот и душата. Тие се дадени на здравите за да останат здрави, а на болните за да оздрават. Поврзани со водениот третман, тие се поделотворни во обновување од сите лекови на светот.

**Послушноста донесува спокој. -** Постои мир, траен мир, кој доаѓа во душата, затоа што почивката се наоѓа во совршената покорност на Исуса Христа. Послушноста кон Божјата волја донесува спокој. Ученикот кој ги следи кротките и понизни стапки на Откупителот наоѓа одмор кој светот не може да го даде или одземе. „Кој се држи до Тебе, ти ќе го чуваш во совршен мир, зашто во Тебе се надева“ (Исаија 26:3).

**Кротоста тежнее кон мир. -** Понизноста и кротоста на умот, која секогаш го карактеризирала животот на Божјиот Син и која ја имаат Неговите искрени следбеници, донесува задоволство, мир и среќа кои ги издигнуваат над робувањето на извештачениот живот.

**Простувањето значи спокој за душата. -** Каков е тој ветен „спокој“? Тоа е свест дека Бог е верен дека Тој никогаш нема да го разочара оној кој му приоѓа. Неговото простување е потполно и бесплатно и Неговото прифаќање значи одмор за душата, спокој во Неговата љубов.

**Спокојот е резултат на самопредавањето. -** Спокојот се наоѓа кога ќе се отфрли секое самооправдување, секое расудување од себична гледна точка. Целосното самопредавање, прифаќањето на Неговите патишта е тајна за совршен спокој во Неговата љубов... Правете го токму она што Тој рекол да го правите и бидете уверени дека Бог ќе направи сè што рекол дека ќе направи... Дали сте Му пристапиле, одрекувајќи се од сите свои идоли, од своето неверие и од секоја самоправедност? Дојдете такви какви што сте, слаби, беспомошни, и подготвени да умрете.

**Витални интереси во чување на себеси. -** Запомнете дека искушението не е грев. Запомнете дека колку и да се тешки околностите во кои човекот може да се најде, ништо навистина не може да ја ослаби неговата душа сè додека не попушти на искушението туку ја чува својата чесност. За вас од особено животно значење е да се чувате. Никој не може да ве повреди без ваша согласност. Сите сатански легии не можат да ви наштетат доколку не ја отворите душата на лукавствата и на стрелите на сатаната. Никогаш нема да ви се случи пропаст доколку самите не дозволите. Ако нема расипаност во вас самите, целата таа нечистотија која ве опкружува не може да ве исфлека или извалка.

**Контролирајте ги чувствата. -** Ние се радуваме во надежта, не во чувствата. Во надежта за Божјата слава ние знаеме дека неволјата гради трпение, а искуството надеж. Што значи тоа? Ако не се чувствуваме онака како што сакаме, ќе подлегнеме ли на нетрпението, зборувајќи зборови кои покажуваат дека имаме сатански атрибути? Ние не можеме да си дозволиме изговарање на груби и нељубезни зборови, затоа што се наоѓаме изложени на погледот на небесните умови и водиме битка која ја набљудува целата небесна вселена; колку го жалостиме Божјето срце кога се одрекуваме од Него на било кој начин! Знаците на распнувањето на Христовите раце ни покажуваат дека нè врежал на сопствените дланки.

**Охрабрувањето го обновува телото и душата.** - Зборувајте им на оние кои страдаат за чувствителниот Спасител... Тој гледа со сожалување над оние кои своите случаи ги сметаат за безнадежни. Додека душата е исполнета со страв и ужас, умот не може да ја види нежната Христова чувствителност. Нашите санаториуми треба да бидат средство за донесување на мир и спокој на вознемирените умови.

Ако потиштените ги вдахнеме со спасоносна вера, полна со надеж, задоволството и радоста ќе го заземат место на обесхрабреноста и неспокојот. Тогаш може да се оствари чудесна промена во нивната физичка

состојба. Христос ќе го обнови телото и душата, а свеста за Неговото сочувство и љубов, ќе донесе одмор во Него. Тој е сјајната ѕвезда Деница, која блеска среде моралната темнина на овој грешен, расипан свет. Тој е светлината на светот, и сите кои ќе Му ги предадат срцата ќе најдат мир, спокој и радост.

**Христијанинот не е пасивен туку активен. -** Здравиот христијанин кој расте нема да биде пасивен примач меѓу своите ближни. Тој мора да дава како и да прима. Нашите благодати се зголемуваат со употреба. Христијанското општество ќе нè снабдува со чист воздух за дишење, и тука мораме да бидеме активни аспиратори. Христијанската работа содржи взаемно разбирање, храбрење, упатства кои им се даваат од нас на оние на кои им се потребни, ограничување на себеси, љубов, трпение и подносливост, и кога на тој начин се работи во делото на христијанството, во нас се создава вера, послушност, надеж и љубов кон Бога...

За духовна цврстина неопходно е да вежба душата. Делото мора да се изврши со манифестирање на духовна активност во користење на прилики за правење на добри дела... Колку човекот е поверен во исполнувањето на христијанските должности, толку повеќе се развива поголемо здравје.

**Општествената сила мора да се унапредува. -** Низ општествените односи христијанството доаѓа во контакт со светот. Секој маж или жена кои го примиле божественото просветлување треба да ја растураат светлината на темната патека на оние кои не се запознати со подобриот пат. Општествената сила, посветена со Христовиот Дух, мора да се користи во доведување на души кај Спасителот. Христос не смее да се сокрие во срцето како богатство по кое се копнее, посветено и скапоцено, оставено на уживање единствено на сопственикот. Ние мора да го имаме Христа во себе како извор на вода која тече во вечен живот, освежувајќи ги сите кои со нас доаѓаат во допир.

**Потенцијалот на христијанството. -** Во обичниот живот има многу луѓе кои трпеливо ги извршуваат секојдневните работи, несвесни дека поседуваат способности кои, кога би се активирале, би се издигнале до ниво на најпочитуваните луѓе на светот. Допирот на една вешта рака е неопходен да ги пробуди овие заспани способности. Такви луѓе Исус повикал да бидат Негови соработници и им дал предност да се дружат со Него. Светските великани никогаш немале таков учител. Кога учениците ја поминале Спасителовата обука, повеќе не биле неупатени и непросветени. Тие станале слични на Него во умот и карактерот и луѓето знаеле дека биле со Исуса.

**Потреба за цел. -** Додека живеете, имајте цел во животот. Собирајте ја сончевата светлина околу себе наместо облаци. Настојувајте да би-

дете свеж, прекрасен цвет во Божјата градина, мирисајќи на сите околу вас. Правете го ова и нема ниту момент порано да умрете; но сигурно ќе ги скратите своите денови со несреќни жалби и поплаки, правејќи ги своите страдања и неудобности тема за разговор.

**Живот со цел донесува вистинска среќа. -** Оние кои имаат животна цел, кои настојуваат да бидат на корист и благослов на своите ближни и да го прославаат својот Откупител, се единствени вистински среќници на Земјата, додека човекот кој е неспокоен, незадоволен, и барајќи го ова и пробувајќи го она со надеж дека ќе ја пронајде среќата, секогаш разочарано жали. Нека правењето на добри дела биде ваша цел, за верно да ја одиграте својата улога во животот.

**Да се напрегне секој нерв. -** Ние мораме да го напрегнеме секој духовен нерв и мускул... Бог... не сака да останете почетници. Тој сака да се искачите на највисоката скала на скалилото и потоа од неа да зачекорите во царството на нашиот Господ и Спасител Исус Христос.

## Содржина


**Отсек Еден**

**ПРОУЧУВАЊЕ НА УМОТ** . . . . . . . . 5
1. Важноста на проучувањето на умот . . . . . . . . 6
2. Христијанинот и психологијата . . . . . . . . 11
3. Опасности во психологијата . . . . . . . . 16
4. Духовните влијанија и умот . . . . . . . . 22
5. Фанатичен ум . . . . . . . . 29
6. Здрава нормалност . . . . . . . . 36

**Отсек Два**

**ОСНОВНИ ОДНОСИ** . . . . . . . . 43
7. Болести што започнуваат во умот. . . . . . . . 44
8. Религијата и умот . . . . . . . . 48
9. Умот како тврдина . . . . . . . . 52
10. Разбирање . . . . . . . . 56

**Отсек Три**

**РАЗВОЈ НА УМОТ** . . . . . . . . 63
11. Проучувањето на Библијата и умот. . . . . . . . 64
12. Трудољубивост . . . . . . . . 71
13. Храна за умот . . . . . . . . 76
14. Физичка активност . . . . . . . . 81
15. Емоционални фактори . . . . . . . . 86

**Отсек Четири**

**РАЗВОЈ НА ЛИЧНОСТА** . . . . . . . . 91
16. Пренатално влијание . . . . . . . . 92
17. Наследство и опкружување . . . . . . . . 99
18. Сигурност во домот . . . . . . . . 106
19. Родителски влијанија . . . . . . . . 113
20. Атмосфера во домот . . . . . . . . 120
21. Христос се бави со умовите . . . . . . . . 125
22. Училиштето и учителот . . . . . . . . 129

**Отсек Пет**

**ЖИВОТНАТА ПРИДВИЖУВАЧКА СИЛА** . . . . . . . . 139

23. Љубовта, божествен, вечен принцип . . . . . . . . 140
24. Љубов во домот . . . . . . . . 144

25. Љубов и сексуалност во човечкото искуство . . . . . . . . . . . . . . 149
26. Братска љубов . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 163
27. Божја љубов . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 168

**Отсек Шест**

**СЕБИЧНОСТ И САМОПОЧИТУВАЊЕ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 173
28. Самопочитување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 174
29. Зависност и независност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 178
30. Себичност и егоцентричност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 178

**Отсек Седум**

**АДОЛЕСЦЕНЦИЈАТА И МЛАДИТЕ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 191
31. Проблемите на младите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 192
32. Опседнатост и слепа љубов . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 201
33. Опасности со кои се соочуваат младите . . . . . . . . . . . . . . . . 210
34. Совеста . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 217

**Отсек Осум**

**ВОДЕЧКИ НАЧЕЛА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО** . . . . . . . . . . . . . . . . 225
35. Влијанието на запазувањето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 226
36. Принципи на мотивацијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 233
37. Принципи на проучување и образование . . . . . . . . . . . . . . . . 239
38. Рамнотежа во образованието . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 245

**Отсек Девет**

**МЕЃУСЕБЕН ОДНОС НА ТЕЛОТО И УМОТ** . . . . . . . . . . . . . . . . . 253
39. Неопходност од усогласено дејствување на целата личност . 254
40. Влијание на телото врз умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 259
41. Исхраната и умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 262
42. Умот и здравјето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 269
43. Умот и духовното здравје. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 275

**Отсек Десет**

**МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 283
44. Закони кои управуваат со умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 284
45. Индивидуалност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 292
46. Меѓучовечки односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 295
47. Ментална хигиена . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 302

**Отсек Единаесет**

**ЕМОЦИОНАЛНИ ПРОБЛЕМИ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 307
48. Вина. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 308
49. Жалост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 313
50. Немир и загриженост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 318
51. Страв. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 324
52. Депресија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 329
53. Судир – позитивно и негативно. . . . . . . . . . . . . . . . . . 339
54. Прекумерно проучување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 345
55. Болка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 350
56. Гнев . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 352
57. Омраза и одмазда . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 358
58. Вера. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 363

**Отсек Дванаесет**

**ПРОБЛЕМИ ВО ПРИЛАГОДУВАЊЕТО** . . . . . . . . . . . . . . . . . . 371
59. Формирање на карактерот. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 372
60. Спротиставување и поистоветување . . . . . . . . . . . . . . 379
61. Витална функција на Божјите закони . . . . . . . . . . . . . 384
62. Комуникација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 391

**Отсек Тринаесет**

**ЛИЧНОСТ** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 399
63. Имагинација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 400
64. Навики. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 407
65. Мрзливост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 411
66. Емоционални потреби . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 414
67. Диспозиција . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 420
68. Општествени односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 424
69. Отфрлање. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 430

70. Критика . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 434
71. Среќа. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 438

**Отсек Четиринаесет**

**МИСЛИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ** . . . . . . . . . . . . . . . . . 447
72. Навики на размислување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 448
73. Правилно размислување. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 454
74. Сомнежи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 458
75. Имагинацијата и болеста. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 465
76. Одлучноста и волјата. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 467

**Отсек Петнаесет**

**ЛАЖЕН СИСТЕМ НА ТЕРАПИЈА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 475
77. Лажна наука . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 476
78. Контрола на умот над умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 481
79. Хипнотизмот и неговите опасности. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 486
80. Сатанската наука на самоиздигнување . . . . . . . . . . . . . . . . . 492

**Отсек Шеснаесет**

**НАЧЕЛАТА И НИВНАТА ПРИМЕНА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 497
81. Безбедна терапија на умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 498
82. Занимавање со наука . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 503
83. Геријатрија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 507

**Отсек Седумнаесет**

**ПРАКТИЧНА ПСИХОЛОГИЈА**. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 513
84. Занимавање со емоции . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 514
85. Советување. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 519
86. Делење на довербата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 527
87. Психологијата и теологијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 531
88. Негативни влијанија врз умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 536
89. Позитивни влијанија врз умот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 541